ЛУАН СТАРОВА

БАЛКАНСКА САГА

ФРАНЦУСКА РЕЦЕПЦИЈА

ACADEMIE MACEDONIENNE DES SCIENCES
ET DES ARTS
FONDATION TRIFUN KOSTOVSKI

LUAN STAROVA

SAGA BALKANIQUE
RECEPTION EN FRANCE

SKOPJE 2013

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ
И УМЕТНОСТИТЕ
ФОНДАЦИЈА ТРИФУН КОСТОВСКИ

ЛУАН СТАРОВА

БАЛКАНСКА САГА
ФРАНЦУСКА РЕЦЕПЦИЈА

СКОПЈЕ 2013

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
ФОНДАЦИЈА *ТРИФУН КОСТОВСКИ*

ЛУАН СТАРОВА

БАЛКАНСКА САГА
ФРАНЦУСКА РЕЦЕПЦИЈА

Главен уредник: Томе Серафимовски

Јазична редакција: Ружа Димишковска
Ликовно обликување: Кочо Фидановски
Коректура: Виолета Јовановска, Драгица Топузоска
Компјутерска обработка: Драгица Топузоска
Печати: „Винсент Графика“, Скопје
Тираж: 500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-31
821.163.3.31 Старова, Л.
821.18(497.7)-31.09 Старова, Л.
821.18(497.7)-31

СТАРОВА, Луан
Балканска сага - француска рецепција / Луан Старова. - Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, Фондација Трифун Костовски = Académie macédonienne des sciences et des arts, Fondation Trifun Kostovski, 2013. - 786 стр. ; 24 см

На наспор. насл. стр.: Saga balkanique - réception en France / Luan Starova

ISBN 978-608-203-093-7
I. Starova, Luan види Старова, Луан
а) Старова, Луан (1941-) - Роман - Критики и толкувања
COBISS.MK-ID 93562634

НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

Секоја книга има посебна судбина. Можеби за авторот оваа посебно. Таа се создаде од самата себе, од непознатите читатели, критичарите. Како што се истакнува на повеќе места во оваа книга, таа се создаваше како резултат на следењето на итинерерот на Таткото, главниот лик на балканската сага, од дамките пепел на неговите дамнешни читања, кога внесен во своите книги заборавал да ја истресе цигарата во пепелникот крај себе. Од пепелта на читањата, ќе се извиши птицата на возобновата на балканскиот егзил која ќе продолжи да застанува од книга во книга, оформувајќи ја балканската сага. Меѓутоа, круцијален момент да настане оваа книга за француската рецепција на балканската сага, не беше само нејзиното прифаќање во досега пет објавени тома во Франција, нејзиното вредување од француската критика во редот на големите европски романи, туку и необичниот феномен на читателскиот прифат кој кулминираше во повеќегодишната преписка на авторот со читателката Елен Лејбовиц, што ќе заврши во своевиден епистоларен роман, *Потрага по Елен Лејбовиц* (овенчана со Рациновото признание). Авторот својата сага започнува да ја пишува по својата 50-та година на животот и

во текот на дваесетина книга се објавени 11 томови и други се во тек на обработка. Сагата е пишувана кога е означен распадот на Југославија, и во почетокот на независноста на Македонија. Стремежот на авторот да сведочи во своето повеќекнижје за балканскиот трагизам на крајот на минатиот век и почетокот на сегашниот, се декодира на еден мошне проникнат, повеќезначен и незаминлив читателски пристап од непознатата француска читателка Елен Лејбовиц. Затоа во романот, Елен Лејбовиц ќе заземе средишно место со писмата на читателката (и оние на француски јазик), како уникатно рецепциско сведоштво на балканските литератури.

*
* *

Оваа книга колку и да е посредна творба на авторот, таа во својата поширока структура ги вградува дел од француските одгласи, односно елементите на една многуслојна рецепција на познати автори, на кои авторот им ја искажува својата благодарност. Исто така авторот им искажува благодарност на проф. д-р. Елисавета Петковска за нејзината успешна соработка, потоа на Ружа Димишковска, за нејзиниот прочит на ракописот и пренесувањето на француските оригинали на писмата, како и на Фондацијата „Трифун Костовски“ и на Отсекот за издавачка дејност на МАНУ.

I

МОЈАТА БАЛКАНСКА САГА

Кога се ближи залезот на животот, човекот на овие балкански предели, на еден мал крстопат меѓу Запад и Исток, каков што е градот Скопје, тој крстопат на минливоста помеѓу картезијанството и мистичната фаталност, се напрегнува со сите интелектуални сили да дојде до некаква можна синтетична сознајба за времињата што минале и за трагата која настојувал да ја остави со своето литерарно творештво.

Немајќи достоен потпир во силните институции на сеќавањето како западниот човек, без моќ природно да се наложи постојаното во непостојаното, континуитетот во дисконтинуитетот, трајното во ефемерното, на писателот како можна компензација му остануваат отворените линии на непрекинатиот континуитет на човековата раскажувачка судбина, како антисудбина, како алтернатива за пропуштените компоненти на идентитетот, имајќи ја притоа како најсилно оружје имагинацијата, повикувајќи на отворен бој со донкихотовското копје во одбрана од пресилните налети на историјата.

Уште од мугрите на своето постоење, човекот не престанува да раскажува, со семожната и слободна употреба на имагинацијата да ги предизвикува научните сознајби, да ги совладува внатрешните граници во исчекорот кон другиот, да трага по можните утехи соочен со неодгатливото во неговата судбина...

И така авторот без поголема верба во кревките институции во просторот и времето во кое живее, во државата, сè уште под превезот на идеологиите и религиите, во фаталистичкото однесување кон власта, во немоќта да ги припитоми пребрзите и пресилни налети на историјата, небаре е дадена од бога и за секогаш, тој како ненапуштена тврдина, како траен архетип на својата истрајба го задржува семејството. Но овој однос кон балканското семејство, свои корени влече уште од епопеите на Гилгамеш до Библијата, Коранот и Талмудот, од античките митологии до африканските космогонии. И во сите други цивилизации и долж сета човекова историја се бележи во семожни стебла на животот улогата на семејството и неговата слика.

Уште од времето на прастарата генеалогија се следи раѓањето и животот на цивилизациите при што се кристализира поимот на семејството, постојано спротивставено на државата. Историјата на семејствата, генеологијата, ќе се појави и како една од битните компоненти во создавањето на религиите, потпирајќи се врз идејата за поврзаноста помеѓу луѓето и боговите.

И не случајно, во еден митски контекст се има речено дека претците продолжуваат да живеат во соништата на живите. На Балканот, доцна исчезнува кланскиот менталитет, задржан во традицијата на патријархалното семејство наспроти семоќта и сеприсутноста на државата. Кралот некогаш се здобивал со легитимитет, зашто пред него бил некој крал. Тој ќе мора да си обезбеди сукцесија на самиот себе, повторно базирајќи се врз семејството.

И ние на Балканот, мелени од разликите кои ни ги донесуваа непредвидливите наноси на историјата низ упадите на завојувачките хорди и долговечните империи, низ религиозните конверзии и идеологиите, што и да се случило, што и да се случи, што и да донесат модерните времиња, остануваме според некаква непредвидлива сила на една ментална инерција, кој повеќе кој помалку, чиниш инстинктивно приврзани, вкоренети во семејство. Останувaме трајно означени од неговите кодови, а неможејќи да проникнеме најчесто повеќе од еден век во континуитетот на едно семејство, токму поради отсутните институции, ние најчесто се препуштаме да трагаме по митските илузии, трагајќи по изгубеното...

Живеев, создавав, верував, истрајувам помеѓу два различни идиоми, помеѓу две култури, често пати спротивставувани една на друга. Извлеков пресудна лекција од мојот живот за себе и за моите потомци дека пресилното потврдување себеси, води кон негирање на *другиот*. Релативно рано во животот разбрав дека потрагата по идентитетот е првото и никогаш завршено патување во егзистенцијата. Достојниот на оваа потрага треба да се губи во бескрајот за вистински да се себеоткрива, да слезе во дното но да го допре пеколот, за да се извиши кон светлината.

Оваа потрага не се изведува групно, туку е докрај индивидуална мисија. Мудриот Андре Мороа запишал дека во варијациите на идентитетот можеби се крие тајната на сите уметности. Само зборовите кои не убиваат ги прифатив како моја татковина. И одлучив својата книжевна вистина да ја запишам

релативно доцна, во втората половина од векот на моето живеење.

Раководен од богатата книжевна култура што ја пластев триесетина години, се определив, да го опфатам дваесеттиот балкански век на едно албанско емигрантско семејство низ не толку типичниот книжевен род за нас – сагата, која на скандинавските јазици означува едноставно „прикаска во проза“ и главно се однесувала на скандинавските и исландските легенди уште од времето на Викинзите.

Каква е врската на скандинавскиот дух со духот на Балканскиот Полуостров низ сагата, прикаската? Тие донесуваат драгоцени сведоштва за истрајбата на колективниот идентитет низ семејната судбина. Утеха во верувањето во мојата „балканска сага“ најдов во една од интерпретациите на енциклопедијата „Ларус“: „*Сагата е семејна епопеја, блиска до легендата и опфаќа повеќе генерации на едно семејство во историјата.*“

Верував како народниот рапсод на речиси сите балкански литератури дека човекот својот излез од „лавиринтот на историјата“ ќе го открие, ќе го оживее изгубеното, само со непредвидливата моќ на уметноста на раскажувањето. Ние го носиме во нас самите сето минато, а ќе успееме да го контролираме, покрај посредството на документите и со моќта на уметноста.

Писателот ја создава уметноста на раскажувањето со своето најмоќно оружје – имагинацијата, која мора да се засновува врз строгите факти, врз неумоливата реалност. Секоја метафора на уметничкото кажување мора да мине низ проверката на животот. Метафората е мостот помеѓу природните

закони и историјата на човекот, но и премин од животот во вечноста. Во својот книжевен опит, во напорот да се премости столетната историја на балканската историја на едно семејство се определив за условната синтагма на „глобалната метафора“. Извесна утеха во таквата потрага ми беше верувањето на Борхес дека „историјата на човештвото“, можеби се крие во две-три метафори, до кои никогаш не се стигнува со преусилената историја. Такви се непознатите законитости на уметноста, никогаш предвидливи.

Потрагата по „глобалните метафори“ во мојата балканска сага ја замислив и проектирав во романот, во тој книжевен ред, без огради и закони. Романот се смета и за ментален простор на бескрајот со сите варијанти на можното, но и на случајното. Ми преостанаа и други дилеми, во создавањето на балканската сага. Во европската романескна традиција со великанот Марсел Пруст започнува времето на автобиографски роман, со сите варијанти, кои ги наложува автофикцијата. Нараторот, ослободен од традиционалните жанровски стеги, се препушта на семожните противречности на животот и имагинацијата. Произлегува, не толку утешната парадигма за авторот: сѐ е кажано, сите наративни модели се употребени!

Но пред творечкиот хоризонт на авторот останува неговото најмоќно оружје за да ја комплетира својата „глобална метафора“: иронијата, хуморот, гротеската! Во раскажувањето би можело да се дозволи, дури и навраќање на класичната романескна интрига во конструкцијата на делото, но под услов да се воспостави според Умберто Еко, *иронӣчна дис̄танца.*

Романот постои повеќе векови во европската цивилизација, како негова најмоќна парафраза. Му го претскажуваа неговиот крај, а еден од заговорниците на неговиот конечен залез, теоретичарот на Новиот роман Ален-Роб Грије, неодамна беше устоличен во Француската академија. Модерниот раскажувач, романсиерот, ја има шансата со својата непредвидлива дарба успешно да „проигра со минатото“, да го оживее во можни фрагменти пред читателот.

Историјата добива моќ да воскрсне низ магијата на творечката имагинација, на литературата. Така се случи и мојата „балканска сага“, неочекувано, непредвидливо...

*

* *

Припаѓам на старо албанско семејство од западниот брег на Охридското Езеро, со мешани балкански корени, уште на времето распнато помеѓу Отоманска Турција и онаа на Ататурк помеѓу Албанија и предизвиците на балканскиот егзил, кои конечно и ќе превладеат во почетокот на 40-тите години, кога преселувајќи се од едниот на другиот брег на езерото, на еден микро простор од триста километри станавме засекогаш емигранти.

Семејството остана засекогаш обележано од силните налети на историјата и егзилот, комплексната и непредвидлива судбина. Татковиот вујко Фетхи Бej Окијар, познат како Македонецот, родум од Прилеп, еден од главните соработници на Ќемал Ататурк (негов прв премиер), ќе изврши силно вли-

јание врз татковиот живот (помеѓу 1919 и 1924 г.). Во овој период мојот татко ќе се сретне на островот Бујук Ада, близу Истанбул, со Ататурк. И покрај привлечните понуди да остане во Цариград и влезе во високата судска хиерархија на нова Турција, како дипломец по право и исламска филозофија, тој се враќа на Балканот, во езерската земја.

Татко ми никогаш не ќе го доживее среќното враќање во својата земја, во прегратката на своето семејство, заплиснато од новите непредвидливи бранови на историјата. Поширокото и потесно семејство ќе му биде препуштено на брановите на егзилот. Едни ќе го минат езерото, други мориња и океани, распрснувајќи се низ Балканот, Америка, Австралија.

Татковото семејство, минувајќи ја границата која го делеше Охридското Езеро, остана во „кралевството на балканскиот егзил“, со надеж дека своите еден ден или ќе се вратат или ќе одат по трагите на другите преку морињата и океаните. Единственото богатство што се пренесе преку езерото беа татковите книги. Во нив беше кристализирано неговото минато време, претпоставките на идното време. Во својот живот сакаше да ја напише Историјата на Балканот низ падовите на империите: Отоманската Империја, империјата на фашизмот и империјата на сталинскиот комунизам. Неговата подвижна библиотека на егзилот за нас прераснуваше во далечен, неспознатлив мит.

Со текот на времето, ми стануваше сè појасна татковата стратегија со спасените книги, да го *открие излезот од балканскиот лавиринт на историјата*, кој зависеше од распоредот во неговата биб-

лиотека, која ги криеше митовите и симболите на една татковина – единствената таткова спасена татковина. Но татковата метафора-библиотека блесна сосем неочекувано. Оживеа татковата метафора во времето, ја повлече потем сета оваа балканска сага, која и натаму продолжува трагајќи по нови излези од непредвидливиот балкански лавиринт во лавиринтот на историјата...

Неколку години по татковата смрт, во есента на 1992 год., носејќи ги татковите книги во Струга, во оној негов траен распоред во неговата библиотека, загледан кон другиот брег на Охридското Езеро, преку невидливата граница, по којзнае кој пат, ги прелистував неговите книги и записи со латинско, арапско и кирилско писмо. Прелистувајќи ги така книгите, на места забележував разлеани дамки пепел, знаци на неговото присуство. Во еден миг ми се откри тајната. Пепелта паднала врз страниците за време на неговите задлабочени читања кога заборавал да ја истресе пепелта врз пепелникот. Од таа пепел повторно се раѓаше, како Феникс, татковото присуство.

Пред моите очи, пред мојата творечка свест, оживуваше цел еден балкански универзум, балканската варијанта на Прустовата потрага по изгубеното време. Така започна да се составува мојата балканска сага, „вистинска тврдина, која не престанува да се извишува со нови кули, со нови книги.“ (Ерик Ноло).

И така во книгите на некогашните таткови читања, таа силна куќа во нашиот егзил, беше назначен итинерерот на мојата балканска сага. Ноќта на животот, ја носи со себе и својата ламба. И таа

беше тука, жолтата таткова ламба осветлувајќи го патот на потрагата во мојата балканска сага. Зрачеше низ прелистуваните страници вечната добрина на неговите сини очи. Можеби бев стигнал до татковата „лична еурека“, до која тој не стигна не дочитувајќи ги сите свои книги според замисленият распоред, верувајќи до крајот на животот дека на крајот ќе ја открие „алхемиската формула“ на разликите и ќе го открие заедничкиот код на сите учени и недоучени јазици, во потрагата по својот среќен трансцендентен излез, умирајќи со речник во рацете, умирајќи непреведен.

И така јас од дефинитивниот губитник на земји, татковини, на дом со поглед кон езерото и со градина, ги наследив неговите книги, записникот на семејната сиромаштија во егзил. Го имав чувството дека се здобивав со богатството на духот во страдањето како среќна компензација за повторното оживување на татковите книги. Само катарзата во читањето на татковите книги низ неговиот прв распоред можеше да води до вистинското спасение, до излезот од балканскиот лавиринт. Бев обземен од метафизиката на татковата библиотека, заснована врз митот на распоредот на книгите, како дел од неговата замислена визија на балканскиот расплет во откривањето на доминантните европски идеи.

Во неговата библиотека се наоѓаа книги за доминантните митови на човештвото кои имаа балканска генеза, како, на пример, митовите за Прометеј, за Хераклe, митот за кралот Едип, митот на пророчиштето во храмот Делфи, трагајќи по аргументи за улогата на балканските митологии во создавањето

на европската митолошка свест. Татко беше восхитен од митот на Одисеј и неговото среќно враќање во Итака. Им се восхитуваше и на другите славни Балканци кои засекогаш го задолжија човештвото: на Аристотел, на Сократ и на неговиот ученик Платон, па на Есхил и на Софокле. Во татковата библиотека можеа да се најдат докази низ разни книги и списи во кои можеше да се прочита дека на Балканот се наоѓаа темелите на современата цивилизација. Во татковата библиотека се криеја бројни европски и балкански тајни, до кои сакаше да продре татковиот дух.

Во еден период се понесе со идејата да состави историја на главните балкански идеи од античките до денешните времиња, подоцна ја напушти оваа замисла и да се определи да работи врз составување на *Историја на Балканот низ радовиште на империите*. Тој го доживеа времето на падот на Отоманската Империја, мина низ балканските војни, не го одминаа ниту настаните од Првата светска војна, во кои беше и активно вовлечен, спасувајќи се од фашизмот, преживеа со своето семејство во Титовиот комунизам во Македонија и Југославија.

*
* *

Ја наследив татковата „жива библиотека“. Наследив еден силен процес на читање, силно татково присуство, еден вид продолжување на неговиот живот. Силно чувствував, дека преку катарзата на чи-

тањето се стигнува до излезот од балканскиот лавиринт на историјата.

И така во татковата библиотека се криеја бројни балкански европски тајни. Во неговата библиотека во која почиваа блокови време, не престануваше и наложената битка на идеите во неговите книги, замислени во различни распореди. Тука беа битките на светите книги, со постојан распоред со книгите за идеологиите со променливо место.

И така читањето на татковите книги, според постојаниот и замисленият поредок, ќе го продолжи во еден вид книжевна мисија, ќе го продолжи *синот-наратор*, небаре и обајцата, таткото и синот се потписници на „имагинарниот договор“ во времето: да ја остварат потрагата по балканската историја на семејството, секој со своите педесет години на дваесетиот век. Синот-наратор го води и го продолжува книжевниот дијалог со педесетте години од татковиот живот, оставен во неговата библиотека.

Таткото во текот на сите педесет години ја доградуваше својата библиотека постојано менувајќи го распоредот на книгите, понекогаш групирајќи ги според темите на својот постојан и конјуктурен интерес (имаше групирано книги за козите, за јагулите, за миграциите на птиците, за потеклото на јазиците, за јаничарите, за Балканските војни, за Првата светска војна итн.). Во распоредот на книгите можеше да се видат групираните книги кои се однесуваа за големите верски и идеолошки пукнатини, линиите на делбите, книги и записи за границите, посебно за балканските. Тој беше еден вид господар во својот балкански лавиринт-библиотека,

не престанувајќи со некаков алхемичарски занес да трага по универзалната законитост, која требаше да му помогне да ги растолкува битните појави и феномени на планетата, посебно во нејзиниот балкански дел.

Беше повеќе од сигурно дека Татко не стаса, беше невозможно да стаса до дефинитивниот распоред на неговите книги, низ кои ќе се откриеше разрешницата на многу балкански проблеми. Јас го наследив овој „невозможен распоред“ на татковите книги, со имагинарниот аманет во нив, да се трага по нивната смисла во времето во кое ќе го немаше нивниот библиотекар. За среќа татковата библиотека беше еден вид храм од кој се *„излегува во животот“*, налик на Дон Кихотовото верување, дека светот беше неговата библиотека, наспроти Борхесовото верување, од библиотеката*, нема излез*.

*

* *

И така од утврдениот поредок на книгите во татковата библиотека започна да се раѓа мојата балканска сага, како нејзино реално и митско продолжување. Татко, останувајќи до крајот на својот живот, небаре вистински алхемичар во потрага по идеи кои произлегуваа од помирувањето на бројните разлики во животот на Балканците, како во еден вид тестамент и аманет ми ја остави потрагата по хармонијата на книгите, чие оживеано значење би требало да продолжи во книгите на мојата балканска сага, и да биде во функција на откривањето на излезот од *балканското варварство.*

Среќен сум што јунаците на мојата балканска книжевна сага денес ја добиваат неподелената поддршка од бројни француски, европски и балкански книжевни критичари и посебно читатели, продолжувајќи ја нејзината смисла во облик на солидарност и храбрење на авторот да истрае во својата книжевна мисија. Охрабрен сум што со нивното многузначно читање и сведоштва за сагата ќе бидат и Едгар Морен, Морис Друон, Антоан Жерал, Ален Боске, Робер Мале, Леон Сомвил, Жан Русло, Ив Бонфуа, Робер Бадентер, Адонис, Патрик Крисман, Франсис Вибранс, Лоран Ковач, Мари-Франсоаз Ален, Ерик Фај, Жан-Арно Деренс, Пјер-Робер Леклерк, Алексис Лорка, Роже-Луј Жино, Кристоф Жикле, Кристин Жордис, Филип Делаво, Жак Гошрон, Нуло Миниси, Марија-Тереза Џавери, Ерик Ноло, Недим Гурсл, Василис Василикос, Василие Андру, Предраг Матвејевиќ, Исмаил Кадаре, Али Алиу, Никола Ковач, Ерик Фај, Гане Тодоровски, Георги Старделов, Матеја Матевски и други, се шири значењето на балканската сага и во европските простори, со допишување на нови страници, можеби уште позначајни од авторовите.

I. ТАТКОВИТЕ КНИГИ (1992), LES LIVRES DE MON PERE, FAYARD, (1998)

Првата книга на балканската сага, *Татковите книги*, објавена е во 1992 г. на македонски и на албански јазик во 1996 г. Таа претставува „матрица“ на проектот, стратегија на самата сага. Десетината минијатурни раскази ја откриваат генезата на при-

суството на секоја книга во книгите од татковата библиотека, тематски собирани, во многузначенски променлив распоред. Оваа прва книга од балканската сага ќе означи и јасно заземена свест за една симболична фигура (односно „глобална метафора“) – самата библиотека, со книги за козите, за јагулите, за јаничарите, за одредени историски периоди на Балканот итн.

„Ова се мачни митови, ќе забележи, Ив Бонфуа*, но митови богати со надеж за овој Балкан што го сакаме, а авторот прави да го сакаме уште повеќе пред хоризонтот на историските искушенија, успевајќи упорно и доследно да создаде монументално дело во овие тешки години кои можеби ќе бидат решавачки за Балканот“.*

II. ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ (1993)
LE TEMPS DES CHEVRES, FAYARD, (1998)

Романот *Времето на козите* (1993), требаше да ја означи втората книга од замисленият проект во матрицата на балканската сага *Татковините книги.* Овој роман, како првопласиран на конкурсот на книгоиздателството од Скопје „Мисла“, беше уште во ракопис забележан и одбележан од македонскиот книжевен критичар, академикот Георги Старделов, кој, меѓу другото ќе запише:

„Бев обземен уште од првиот прочит во ракопис и тоа не само од оригиналноста на својата тема, не само од длабоките мисловни и етички пластови, туку и од своето уметничко писмо, во кое се проникнуваат реалното и ireал-

ното, историјата и поезијата, трагедијата и травестијата, стварноста и фикцијата, епското и лирското, онаа андриќевска меланхолија и онаа позната чинговска пригушена ирониј сето тоа амалгирано во една комплексна, уметничка и естетска целина.“

Романот *Времето на козите* во Франција ќе достигне извесна „конгеграција“ со неговото претставување во Сенатот на Франција на 2 октомври 1997 г. под претседателство на Сенаторот и поранешниот министер за правда на Франција Робер Бадентер. На промоцијата ќе биде забележано и присуството на Морис Друон, постојан секретар на Француската академија, Адонис и др. Во своето претставување на авторот и книгата, Едгар Морен меѓу другото ќе посочи:

„Би се задржал на неколку доминантни идеи во ова дело. Во книгата е присутна идејата за власта од периодот на комунизмот, но и пред него. Феноменот на власта е изразен во чувството, присутно уште од отоманскиот период, дека источните народи ја чувствуваат власта како фаталност, што иде од многу далеку, од многу високо, дури и од самиот Бог, која мора да се поднесува и пред која се останува секогаш немоќен. Но има нешто посилно од тоа, од арбитрарните декрети на власта, а тоа е сказната што ни се нуди во романот Времето на козите.

И еве, Луан Старова, Албанец од Македонија е вистинскиот претставник на балканскиот соживо и на балканската отвореност, човекот кој во текот на целиот свој живот го отелотворува балканското братство без каква и да е етничка

затвореност, спротивувајќи се на сите идеолошки аберации, подеднакво спротивставен на изнасиленото етничко и религиозно однесување...“

Сенаторот Робер Бадентер на овој собир во Сенатот на Франција меѓу другото ќе го изрече следното:

„Се знае дека книжевниот талент не е неспоив со највисоките дипломатски функции. Во францускатa книжевност има повеќе такви примери за да се потврди оваа констатација. Луан Старова амбасадорот на Република Македонија во Франција, автор на едно магистрално дело што ние ја имавме привилегијата да биде прекрасно преведено од едно друго дипломатско перо е друг доказ за ова тврдење и кое овозможува вистински да ја разбереме сегашноста“.

Романот *Времето на козите* во *1999 г.*, со предговор на Василис Василикос, ќе биде објавен на грчки од „Патакис“ и ќе има големи одгласи во грчкиот печат. Во предговорот кон грчкото издание грчкиот писател Василис Василикос, познат и како сценарист на славниот филм на Костас Гаврас „З“, меѓу другото ќе забележи:

„Го прочитав со големо задоволство романот Времето на козите. Особено ме фрапираа симболиката и нежноста на романот. Тоа е прва книга што сум ја прочитал од Луан Старова. Тој има квалитети на роден писател. Среќен сум што прочитав една убава книга за нашиот мил Балкан“.

Романот *Времето на козите* наиде на убав прием и во Хрватска, објавен во угледната колекција на хит-романи на издавачот „Знање“, а во превод на

познатиот хрватски преведувач на Рабле и Шекспир, Мате Марас. Овој роман, по многу години од распадот на поранешна Југославија, беше еден од ретките романи што ќе се објави во Хрватска и на еден посебен начин ќе го предизвика вниманието на книжевната критика. Потоа романот од писателката и преведувачката Ана Андрееску ќе биде објавен и во Букурешт а и претставен на промоција во Сојузот на романските писатели од страна на писателот Василе Андру. Во 2000 г. романот *Времето на козите* заедно со *Татковите книги* ќе биде објавен на турски јазик во Истанбул од страна на познатиот турски издавач „Јапи креди“, а промовиран во Истанбул од страна на Недим Гурсел, во присуство на романсиерот Орхан Памук. Бугарскиот издавач од Софија „Библиотека 48“ овој роман ќе го објави во 2002 г. и на бугарски јазик. Старова албанската верзија на романот *Времето на козите*, на својот мајчин јазик ќе ја напише и објави во 2004 г. Таа ќе доживее промоција во Академијата на науките на Албанија во Тирана. Во издание на „Пиронти“, а со предговор на Едгар Морен романот ќе биде објавен и во Италија, каде што доживува две изданија.[*] Во заклучок на ова поглавје за странските изданија на *Времето на козите* ќе го наведеме фрагментот за оваа книга од студијата на академикот Нуло Миниси, како и за балканската сага:

[*] Романите *Татковите книги* и *Времето на козите* се објавени во 2012 година и во САД во превод на акад. Кристина Крамер.

„Уште еднаш на примерот на оваа сага се покажува дека уметноста подобро од историографијата ни ја осветлува епохата која ни е толку блиска, но едновремено и далечна.“

III. БАЛКАНСКИ КЛУЧ (1995)
ПРЕСАДЕНА ЗЕМЈА (1998)
LE RIVAGE DE L’EXIL (2003)

Книгите *Балкански клуч* и *Пресадена земја* претставуваат збирки раскази и новели, како еден вид наративен меѓупростор помеѓу големите романескни делови на балканската сага: првиот дел со романите *Татковините книги (1992) и Времето на козите (1993)* и вториот дел со романите *Атеистички музеј (1999), Патот на јагулите (1999), Тврдина од пепел (2002)* и *Ервехе (2005)*. Францускиот издавач L’Aube книгите *Балкански клуч* и *Пресадена земја* ги објави во една книга под назнака роман со наслов *Le Rivage de l’exil (Брегот на егзилот)* со предговор на Едгар Морен. Оваа книга, како и другите објавени книги од балканската сага беше „откриена“ не во земјата на објавувањето, туку во земјата на преведувањето. Гане Тодоровски, кој ревносно, ја следи оваа сага, кон поговорот на *Балкански клуч* ќе забележи:

„*Нашиот автор одбрал движба по магистралните патишта на литературната традиција на Балканот: зачекорува по врвиците на тематскиот предизвик што ги обзема големите творци на Балканскиот Полуостров: Мирослав Крлежа, Иво Андриќ, Панајот Истрати, Никос*

Казанзакис, Јордан Јовков, Димитар Талев, Меша Селимовиќ, Исмаил Кадаре и други...

Трага Луан Старова и во оваа книга од својата балканска сага, како образован литерат, марселпрустовски и борхесовски, низ подзатемнетите коридори на детството и младината, по релевантните факти што треба да дојдат на неговата житејска исповед, тежина на интелектуална позиција и цврстина на литературен резултат...

Посветувајќи му го на овој прозен комплекс своето читателско внимание, ние му одаваме признание на храбриов автор за ризикот да се носи со една одвеќе актуелна тема, во која се вградил себеси со литературна претензија и богат автобиографски учинок од автобиографска животна материја на која сегашниот миг нему може нешто да одземе, нему пак да и додаде, зашто на Балканот трагиките и траумите ќе се должат и растегаат во недоглед во времето и проблемот на преселбите, границите, меѓусебната изолација и мешањето на поимите татковина, роднокрајна средина, лојалност и припадност ќе си останат постојано присутни, трајни недоболувани.

Во таа смисла оваа книга е благовремено потсетување дека потребата на литературната уметност да и се втисне белег на историски документ е прека и неодложна обврска. Луан Старова на свој начин тоа и го докажува“.

За Едгар Морен книгата *„Брегот на егзилот е најубавата, најраскошната и највозбудливата книга од балканската сага на Луан Старова“ и*

„оваа книга на нежност во исто време во својата интимна текстура ја содржи трагедијата на Балканот“, „низ оваа книга западниот читател ќе дознае дека Балканот не е само земја на верски и етнички конфликти, туку земја на култури напојувани од Истокот и Западот, Северот и Југот; каде што низ страшните подмолни и неизвесни удари на историјата, семејството, татковото, мајката, браќата и сестрите, верните пријатели овозможуваат да се живее благородно и праведно. Ти благодарам за ова сведоштво мој мил балкански брате“.

IV. АТЕИСТИЧКИ МУЗЕЈ (1996)
LE MUSEE DE L'ATHEISME (1999)

Во 1999 г. во издание на престижниот париски издавач Фајар се појави третиот роман *Атеистички музеј* и на тој начин се оформи трилогијата како прв триптихон од повеќетомната балканска сага. Заслужува да се одбележи дека и оваа книга беше високо вреднувана и беше толкувана од еминентни француски писатели и книжевни критичари и беа посебно толкувани нејзините внатрешни слоеви во еден поширок балкански и европски контекст.

Заслужуваат посебно внимание задлабочените осврти врз оваа книга на француските академици Морис Друон (тогаш постојан секретар на Француската академија) и на академикот Антуан Жералд, ректор на парискатa „Сорбона“ на презентацијата на првиот дел од балканската сага одржана во Париз

во февруари 1999 г. Во палатата на парискиот шеснаесетти арондисман академикот Морис Друон, истакнувајќи го токму значењето на овој роман, како и сагата во целост во еден поширок европски контекст, посебно во периодот на „падот на идеологиите“, ќе нагласи:

„Се работи за трагичен запис ***од враќањето*** *во родната земја Албанија (во 1979 г.) која сè уште била под јаремот на сталинистичката ортодоксија... Книгата е напишана на извонреден начин, при што авторот се обидува со своите собеседници да им даде на знаење дека ги замениле трите религии, својствени за албанскиот народ, кои во еден период биле добро поставени и толерантни една кон друга, со наложениот сталинизам, кој ќе завладее како еден вид нова религија која сакала да ги избрише другите“.*

Во продолжение академикот Друон, поттикнат од читањето на романот, се прашува *„зошто во еден долг период марксизмот завладува и се распространува со толку голема моќ и зошто успеал да им се наложи во светот на толку многу народи“?* Барајќи го одговорот токму во романот *Атеистички музеј,* тој ќе истакне: *„Тоа се случува пред сè затоа што Русија во оваа филозофија, внела мистична содржина. И така врз мистицизмот ќе се накалеми теоријата која се повикуваше на материјализмот, произлезена од позитивизмот... Еве зошто интересот за оваа книга е од посебно значење. Старова на литературата и дава несомнен придонес во тој правец, посебно на својата земја, но и пошироко на европските литератури“.*

V. ПАТОТ НА ЈАГУЛИТЕ (1999)
LE CHEMIN DES ANGUILLES

Во еден есеј за балканската сага академикот Георги Старделов, во воведот на романот *Патот на јагулите,* забележува дека *„книгите во таткованата библиотека на Луан Старова имаат некоја митска и мистична, би се рекло библиска сила. Секое читање на една од книгите од таа балканска библиотека како да ја одгатнува секоја нова историска ситуација во која се наоѓаат земјите и народите на Балканот... Во романот Патот на јагулите местото на козите го заземаат јагулите, тие кралици на подземјето на езерските води чие таинствено патување по водениот дел на нашата планета има суштинска смисла во откривањето на хармонијата помеѓу човекот и природата, т.е. дека патот што го изминуваат јагулите треба да биде парадигма за патот што човекот треба да го изврви на нашава планета, пат без граници и бариери, слободниот пат на неговата слободна пловидба на овој свет... Авторот на овој роман ни открива дека патот на јагулите е постар од човекот, дека тој постоел пред да настане човекот и затоа секој отклон од него ќе е трагичен за него. Тие на тој пат до светот со милениуми на ист начин поаѓаат од Езерото, преку реката стигнуваат до морето, од него се префрлаат на Атланскиот Океан, стигнуваат близу бреговите на Америка, па потем преку нивните потомци повторно се враќаат по истиот пат назад во Езерото. Тоа трае од терција-*

рот до денешните времиња. Тогаш зошто човек не им се придружи на тој пат на тоа патување со враќање? Не треба да се заборави дека природниот и човечкиот Универзум е еден и ист, и тоа што се случува во природата може да се спореди со човечкиот дух. Така за него природните феномени се случуваат на ист начин како и феномените на човечкиот дух. Татковото на патот на јагулите гледа од митско, односно метафизичко гледиште барајќи утописки излез, т.е. барајќи го местото што го нема (топос). Тој во тој пат гледа цела една возвишена епопеја... За татковото „патот на јагулите е жива и органска инкарнација на големиот пат меѓу смртта и животот“.

И овој роман, преведен на француски јазик од Клеман д'Исартеги ќе го предизвика вниманието на познатите читатели и критичари на балканската сага на Луан Старова. Така спомнатиот гонкуровец Морис Друон за француската верзија на *Патот на јагулите* ќе запише:

„Патот на јагулите успешно се надоврзува на балканската сага на Старова и успешно ја надополнува. Тоа е алегориски роман, мошне репрезентативен за балканските литератури. Тој ни изнесува една вековно трагична историја: сведочи за народи со растргнувани судбини, ги симболизира откорнатичките семејства со постојано спротивставувани надежи. Тој поставува едновремено егзистенцијални и метафизички прашања што секако не е мала заслуга“.

Едгар Морен во романот *Патот на јагулите* не гледа само едно прекрасно книжевно дело, туку

и творба со историска, поетска и митска димензија. Предраг Матвејевиќ, автор на поговорот овој роман го смета за најзначајно сведоштво за границите во Европа. Француската книжевна критика по овој петти роман на балканската сага оценува дека авторот со овој роман ја потврдува балканската сага како еден од големите европски романи.

VI. ТВРДИНА ОД ПЕПЕЛ (2002)
(FORTERESSE DE CENDRE)

Кога Таткото со семејството во „балканската егзилска одисеја“, не успева да го следи митскиот пат на јагулите поради нивниот насилно прекинат пат, имајќи го предвид нивното враќање во Езерото по вечниот пат како јасна парадигма за враќањето на „збогатените потомци“ од Америка, поради паралелно и истовремено затворање на херметичките граници во тогашните сталинистички режими (меѓу Албанија и Македонија, односно Југославија), Таткото се препушта на задоцнатата можна „отоманска врска“, откривајќи ги сиџилите, кадиските записи од битолскиот кадилак за период од три века, во кои се криеле кодовите на многу балкански семејства. Така *во Тврдина од пепел* во последната етапа од семејниот егзил Таткото збогувајќи се со парадигмата на враќањето на јагулите, како можна утеха и спас, во куќата крај реката ќе се најде пред вистинската тврдина, Калето од отоманското време, кое било симбол и на другите империи на Балканот, спротивставувајќи го својот **живот – тврдина,** за

на крајот тој самиот да заврши како **тврдина од пепел.** И така играта на пепелта врз страниците на некогашните таткови читања, при расеаното читање е она движење низ редовите во кои нараторот го чувствува присуството на дамна исчезнатиот татко. Таа потрага во сагата прераснува во систем.

Романот *Тврдина од пепел* е седма книга од балканската сага. Објавен кон крајот на 2002 г. како најобемно дело и кој, според критиката *„тоа во балканскиот опус на Луан Старова стои највисоко и најстамено“* (Ристо Лазаров „Дневник“ *од 2. XII 2002 „со целосното претставување не само на најкомплексниот лик на сагата – Таткото туку и со новата – глобална метафора на отоманските сицили битолските кадиски записи од XVI–XIX век, неговото големо откритие што му го обележува животот и ја осмислува животната потрага на синот-нарратор, направен е можеби досега најзначаен пробив не само во доменот на македонската и албанската литература, туку и во другите баканси литератури, во кои, значајни автори како Иво Андриќ, Никос Казанзакис, Меша Селимовиќ, Антон Дончев, Исмаил Кадаре и други, настојуваат низ книжевни архетипски обнови, да реституираат значајни блокови и токови од „изгубеното отоманско време“ на Балканците...*

Луан Старова и со овој роман и понатаму си е свој на своето, среде татковите книги, каде што со ретка упорност ја дообликува својата балканска сага, нурнувајќи се овојпат во битолските кадиски сицили, исцедувајќи ја од нив есенцијата на цела една епоха, на една жива и неза-

вршена историја... Така секој сицил крие во себе една цела живејачка, цела една судбина, што најсетне нужно произлегува дека сицилите всушност се, сите Балканци фатени во „заедничко оро“ во балканското време“.

Метафората на илуминираните букви на различни ракописи од пепелта на некогашните заносни читања, при што заборавал на пепелта, ќе го следи авторот во сиот тек на балканската сага, но добивајќи најсилен израз во романот *Тврдина од пепел:*

„Татковата цариградска диплома, за светото право, во текот на речиси половина век ја проверува својата валидност низ различните балкански режими, во еден цел круг на неговиот живот“.

Романот *Тврдина од пепел* ќе го добие признанието „Македонски духовни конаци“ за *„неговата висока естетска вредност, односно за книга со конзистентен систем естетички и онтолошки идеи“.* Академикот Матеја Матевски во својата реч при доделувањето на признанието меѓу другото ќе рече:

„Мене ми е многу драго и почестен сум што можам денес по овој повод да му ја упатам мојата почит и препорака на белетристичкиот опус на Луан Старова. Драго ми е зашто го следам како современик и пријател тоа дело од почетоците на неговото творечко откривање и зреење до неговото искревање на небото на нашата литература. Тоа што оние трогливи, замислени и длабоки, инспирирани богати Таткови книги ја отвориј широката порта за влез во драматичниот, сложен и богат балкански свет на Луан Старова само го потврдуваше плодниот пат на неговата упорна, стрплива и мудра повеќегоди-

шна подготовка за да се искажат завидните креативни заложби на автор што сега не возбудува со широчината на еден опус што ги мина и минува границите на нашиот јазичен, литературен и културен простор.

Луан Старова во нашата и во современата литература продолжува една традиција на возбудливо следење на балканскиот простор со сета негова долговековна судбина: Андриќ, Крлежа, Селимовиќ, Киш, Казанзакис, Кадаре, Јаневски, Петре М. Андреевски, Ташко Георгиевски, да ги споменам во мигов само нив. Неговата семејна сага преку комплекснатa и драматична семејна и лична драма ни го открива сложениот мозаик на просторот на бреговите на ова наше езеро и хоризонтите што се шират кон отоманското време, кон современите балкански и европски бурни промени, толку силни во столетието што измина.

Драмата на таткото учесник, сведок и жртва на тоа столетие, таа станува сеопфатна драма на неговиот човек по своите историски и универзални пораки што тој, во потрага по сопствениот идентитет и идентитетот на времето закопано во сиџилите, во боледувањето на откорнатик и во горкиот напор на вкоренување во сложениот кошмар на војните и страдањата, религиите, идеологиите, политичките системи, го бара, го осветлува и потврдува своето право на постоење и надеж. Оваа балканска сага на Луан Старова на која му припаѓа и романот Тврдина од пепел е големо сведоштво за сите нас тука, вчера, денес и утре...“

VII. ЕРВЕХЕ (КНИГА ЗА ЕДНА МАЈКА) 2005
ERVENE (LIVRE D 'UNE MERE)

Романот *Ервехе* (2005) е назначен како *Книга за една Мајка.* Вистина, Мајката е присутна во сите досегашни романи, но севезден некако на „втор план“, во татковата сенка, небаре со мајчинското трпение да се појави на „главната сцена“ на животот и да застане на местото коешто ѝ припаѓа. Во првиот запис што се појави по објавата на оваа книга Ристо Лазаров, проследувач на балканската сага ќе забележи:

„Во романот Ервехе грижливо се стокмени приказните од сите досегашни романи на Старова за во новиот контекст, свртени кон животот од Мајкината страна, да се доживуваат не само како впечатлив роман за Мајката ами и како ***роман-мајка****, стамено издигнат над минливоста... За Ервехе важи укажувањето на Џојс дека клучно прашање за едно уметничко дело е колку е длабок животот од којшто тоа извира. А длабок е, предлабок и нема дно изворот од којшто потекува книгата за Мајката. Тој тек е тивок и питом. Ги содржи во себе длабочините на внатрешното време отсликано во Мајкиното сребрено огледало, ги носи во себе искушенијата на отсонуваната иднина и на неуморната потрага по големата утока. Спокоен и тивок е и текот на раскажувањето на Луан Старова. Ист како и во неговите досегашни романи само малку потопол и позрел, отромавен од мудрост, а не од замор. Романот Ервехе е роман за една потисната лична трагедија, за едно постојано жртвување во вителите на семејниот т.е.*

балканскиот егзил. Мајката-добрина, Мајката-храброст, е знаме на семејната т.е. балканската судбина. Судбина која стоички се прифаќа, кога веќе не може да се одбегне...

Толку многу љубов и топлина (како во сликите на Шагал) одамна немало во една наша книга. Романот Ервехе на Луан Старова не е создаден за ситничаво структуралистичко пребројување на самогласките и согласките, ами за читателите со душа".

VIII. ПОТРАГА ПО ЕЛЕН ЛЕЈБОВИЦ (2008) (LA RECHERCHE D'HELENE LEJBOVICZ)

Балканската сага е замислена како „отворен проект", чии можни хоризонти се назначени во матричната книга *Татковите книги.* Потпирајќи се врз своите архивски потраги, врз читањето на одделни документи и книги, со иницијални импулси од книгата на татковата „митска библиотека", посебно со можноста што му се даде на авторот да трага и со децении недостапните сведоштва од Албанија, поради затворената граница и архиви, авторот не се држи по усталениот редослед на објавата на своите книги, небаре останувајќи доследен на „метафизичкиот распоред" на книгите во татковата библиотека. Меѓутоа засега останува верен на три романескни зафати на сагата, врз кои работи и се документира во текот на повеќе години. Тоа се романите *Љубовта на генералот, Балканвавилон* и *Времето на јаничарите* кои веројатно ќе бидат пишувани и

објавувани по овој редослед, за последниот том да биде посветен на сведоштвата за балканската сага.

Еден од големите поттици, да ја продолжам мојата балканска сага беше и исчезнувањето на моето семејство во егзил. Мислев дека, пишувајќи, нив ги задржувам живи во спомените. Голем поттик да истраам во пишувањето на сагата беа моите читатели, особено од француските, од земјата, која не престанува да катарзира и низ литературата. Моите француски читатели го заслужуваат најголемиот омаж што може да им го даде еден среќен писател, имајќи реванш во постојното жртвување низ пишувањето. Најсилен, незаборавен впечаток на тој пат ми остави една непозната читателка од Франција по име Елен Лејбовиц (Hélène Lejbovicz). Не знам дали во светот постои друг читател од ковот на оваа жена која читајќи ги моите објавени книги на француски јазик се обидуваше да проникне во нивните тајни, да ги разгатне балканските митови, да продре во комплексноста на менталитетите на Полуостровот. Не престана многу често да ми пишува од октомври 1999 до 24 декември 2002 г. Неколку стотини страници ја збогатуваа балканската сага на чудесен начин, напишани блескаво, неповторливо, некои како нејзино надополнување што авторот е немоќен да го открие. Но Елена, како што се појави неочекувано, така и исчезна од сагата, меѓутоа за мене таа остана вистина енигма но нејзините писма се стотини допишани страници на балканската сага. Таа на чудесен начин, читајќи ги книгите, во секој случај не како обичен читател, настојуваше да проникне во нивните тајни, во причините на нивното создавање.

Нејзиното читање на мојата балканска сага го сметам за еден од најзначајните настани вграден во „татковите книги“. Така, имено, и беше напишан романот *Потрага по Елен Лејбовиц* (со поговор-писмо од Јелена Лужина), наградена со Рациновото признание како најдобра прозна книга на годината. Во своето последно писмо, кое е воедно и крајот на книгата Елен Лејбовиц на 24 декември 2002 година ми го напиша следното за последен пат:

„Од ова место каде што се наоѓам и во кое никогаш не ќе можете да ми се придружите, јас посакувам светлоста на оваа ноќ на Божик да Ви донесе спокој и радост. Не луѓе се за мојот молк и не барајте кои се причините за него. Јас самата не Ви пишувам, ова писмо го диктирам, свесна дека нешто чудно ме обврзува посебно да мислам на Вас. Ми се чини дека гледам еден ангел, кој откако си ги собра големите крилја, пријателски се наведна над вашето рамо за да ви ја осветлува страницата на која вие продолжувате да ја пишувате вашата балканска сага“.

IX. ЉУБОВТА НА ГЕНЕРАЛОТ (2008)
(L'AMOUR DU GENERAL)

Останувајќи верен на иницијалната замисла, во една семејна хроника да претстави сто години од балканската историја (XX век), авторот овој пат своите ликови, посебно централниот на сагата, Татково, го води во времето на Првата светска војна (посебно во 1917 г.) во пределите околу Охридското и Преспанското Езеро, на тромеѓето помеѓу Грција,

Албанија и Македонија, посебно во времето на француската окупација (1916–1920).

По неколкумесечни истражувања (посебно во Музејот на Источната армија во Париз), ми појде од рака да ги консултирам релевантните архиви на француската армија на Балканот, посебно на оние од „Корчанската Република“ и од „Битката за Поградец во септември 1917 г.“, да откријам низа непознати документи за „вмешаноста“ на главниот лик од мојата балканска сага со француската администрација во Поградец и Корча во овој период. Со оглед на речиси полувековната изолација на Албанија и недостапноста на архивите, авторот успева по падот на сталинизмот во оваа земја, особено во пределите каде што живеело неговото семејство, да дојде до автентични документи и да ги вгради во балканска сага. Во средиштето на романот, покрај ликови од балканската сага, се појавува воениот заповедник на Поградец, командантот на баталјонот, подоцна генералот Едуард Огист Иполит Мортје.

Како што е познато од историјата, француските окупациски војски на Источниот фронт, главно стационирани во Солун на чело со генералот Морис Сарај, немале свои директни стратегиски интереси на Балканот, како, на пример, Италија, Грција, Србија, Бугарија и други земји, кои покрај „главната“ светската борба, воделе и свои „локални битки“, помалку познати во историјата. Овие генерали, Морис Сарај и посебно Едуард Мортје, посебно, ќе бидат и еден вид „победници“ во малите битки, често пати во расчекор со стратегиските планови на Quai d’Orsay.

Во овој роман од балканската сага настојував да ги фиксирам историските координати од периодот на Првата светска војна, а потоа во средиштето на романескната фикција ќе го постави Генералот Мортје на „Земјата на Езерата“, односно тромеѓето, неговото пријателство со Таткото од сагата (во годините на младоста, пред неговото заминување во Цариград, третирано во романот *Тврдина од пепел*, како и љубовта на генералот со младата Атина, Албанка, рисјанка, со која останува во брак до крајот на животот, водејќи ја подоцна и по другите француски колонии во Европа и по Блискиот Исток.

Во романот, паралелно со следењето на животот на главниот протагонист на сагата и неговото семејство, се настојува да се назначи во преден план ликот на генералот Мортје, како војник и човек, дојден на Балканот да војува, при што да настојува да проникне во менталитетот на месното население, да го разбере неговото големо страдање во векот, дури и да се солидаризира со него. Генералот станува еден вид цивилизатор на месното население, дури и спасител во една од пресудните битки. Во романот настојував да ја „употребам историјата“, како автентичен и, реалистички супстрат, дистанцирајќи се од вообичаените митски парафрази, во еден фикциски ткаеж во духот на другите романи од балканската сага.

Гане Тодоровски на крајот од обемниот поговор на романот Љубовта на генералот, ќе истакне:

„Има во овој роман извонредна духовна отворе-ност, има крлежовска интелектуална храброст, има дури и допадлива европоцентричност, но има и морална позиција, која импресионира. Најодзади,

го има она обележје, коешто го препозна францускиот филозоф и писател Едгар Морен, токму во делата на Луан Старова, а имено сознајбата дека, Балканот не е само земја со верски и етнички конфликти, туку земја на култури, напојувани од Истокот и Западот, од Северот и Југот, што и покрај подмолни удари на историјата, – семејството, татковото, мајката, браќата и сестрите, верните пријатели – овозможуваат да се живее благородно и праведно“.

„Романот Љубовата на генералот е илустрација токму на вакватa сознајба за Балканот“.

X. АМБАСАДИ (2009)
(AMBASSADES)

Критичарот и издавачот на романот *Амбасади* (Макавеј, 2010), Бранко Цветкоски, на промоцијата на книгата ќе истакне дека *„во книжевниот опус на Луан Старова, покрај импозантниот и вреднуван чин, можеше да се очекува покрај книжевното актуализирање на судбината на неговиот семеен род, романизирање на еден важен дел од неговите дипломатски години во тек на една деценија во неколку медитерански земји (Тунис, Палестина, Франција, Шпанија, Португалија...)“.*

Георги Старделов, проследувач на балканската сага во романот *Амбасади* открива *„едно сложено и комплексно книжевно дело со длабоки филозофски сонди, со редок поетски поттекст и со длабоки метафизички пластови“.* Во прилог на тезата дека авторот сфаќајќи ја уметноста на рома-

нот, односно романот како уметност на истражување, филозофот Старделов ќе истакне:

„Луан Старова ни открива еден темен историски предел на тиранофилија што на прв поглед се чини невидлив. Романот Амбасади, како и другите романи од неговата балканска сага, пробива во срцето на една митска медитеранска тврдина што ја именуваме Балкан. А таа тврдина е изградена токму од тиранофилија; созидана е од камења и од крв; од крикови и од тишина, од онаа тишина што се распространила низ татковиот ракопис на последната книга во неговата библиотека, уште недопишана и незавршена, која сега синот ја допишува, но во веќе даден и зацртан книжевен и филозофски систем. Таа таткова книга има наслов Историја на Балканот низ падовите на империите. Во неа, лежи сета тајна како може да се разбере Балканот. Давајќи им неимоверна митска сила на оваа и на другите книги во татковата библиотека, Старова ги согледува и открива во нив сите скриени кодови на овој проколнат Полуостров. Всушност, авторот на татковите книги гледа како на живи суштества кои ни ги шепотат големите тајни на владеењето на владетелите во балканската историја со луѓето (...)

Ете тоа е наследството што Старова го добил од татковата последна и недовршена книга од Балканската историја низ падот на империите со која стариот мудрец не можел да излезе на крај и му ја оставил нему да ја допишува. Старова имено: „Како да сум го зел врз себе татковиот аманет да ја продолжам потрагата, да ја

довршам неговата невозможна историја...“, свесен, притоа, дека уништувањето и исчезнувањето на татковата библиотека можеби во крајна линија ќе значеше вистинско замолчување на една од можните варијанти на историјата, бидејќи, како што вели неговиот Емил Сјоран, да се потчиниш на историјата значи да го поддржиш ѓаволот“.

XI. НОВИ АМБАСАДИ (2011)
NOUVELLES AMBASSADES

И во романот *Нови амбасади*, низ периодот на новите дипломатски години минати во Франција, како прв амбасадор на Република Македонија, потоа посредно во Шпанија и Португалија, се настојува од перспектива да се следи загатката и драмата на владеењето во критичните периоди на овие земји. И овде, како и во претходно објавената книга, се актуализира глобалната „метафора низ кривата на владеењето“, (својствена на диктаторите) односно залетот, највисоката точка и неизбежниот пад (како при испукан куршум во висина).

Трагиката на владетелите, подгризени од тиранскиот синдром, настапува кога најдени во највисоката точка посакуваат да го „одложат“ падот! Овојпат беше насочена кон други, пософистицирани облици на владеење во европските земји со богата демократска традиција. Ми беше дадена ретката моќност, одблиску да ги следам последните години на владеењето на францускиот претседател на Републиката Франсоа Митеран, сведочејќи и за една автентична средба со него. Потоа следи соочувањето со

владеењето на другиот претседател, Жак Ширак. Интересно е да се следи во оваа книга и погледот кон овие претседатели на Франција од првиот претседател на Република Македонија Киро Глигоров.

Владетелите и нивниот однос кон власта во времето на моите мисии настојував да ги видам низ оптиката на својата романескна уметност, како ликови во поворките на вечната историја. Посебната вредност на овој роман, можеби е и во паралелна потрага по поткрепа на хипотезите и согледбите за феноменот на владеењето кај видни француски личности со кои ме поврзува повеќедеценискo пријателство.

Во романот доминира дијалогот со филозофот и големиот мислител на нашето време, Едгар Морен, што претставува своевидна „книга во книга“. Веќе со децении со Едгар Морен (со сефардски македонски и балкански корени), негуваме верно вистинско – европско пријателство, низ разни заеднички собири во Франција и со богата преписка. Во книгата се настојува да се извлече најсилното и трајното во ова интелектуално пријателство што може да се смета и за посебна вредност на книгата.

Според проследувачот на балканската сага Георги Старделов и ова дело претставува, *своевиден роман изнурнат од една богата ерудиција и култура која во себе вградува, како органски дел на своето романескно писмо, бројни личности и дела на познати европски интелектуалци (гонкуровецот Морис Друон, лингвистот и академикот Антоан Жералд, писателот Робер Мале, ректор на Сорбона, поставен од претседателот Шарл Де Гол по студентските настани во Париз во 1968 г.*

„поетот и лингвистот Анри Мешоник, поетите Ежен Гилвик, Андре Френо, Жан Фолен, Ален Боске и многу други)“.

Овие познати француски интелектуалци и писатели, не се присутни во романот *Нови амбасади* во вид на некој интертекстуален цитат туку, или како придодадени, но, сепак, ликови во романот, или како дополнителни медитации вградени во авторовата генерална медитација. Тоа значи, според, Георги Старделов, дека *„тие во романот не се присутни како некое страно романескно, туку како негово органско и страснато во него тело, т.е. отелотворено во романескната клавијатура на книжевното писмо на Луан Старова“.*

*

* *

Покрај погоре претставените објавени книги, следат книги од балканската сага кои се во тек на подготвување, документирање и објавување, а произлегуваат од матричната прва книга Татковите книги. Книгите од балканската сага се прелеваат една во друга, макар што можат да се читаат и одделно. Почнувајќи од 1992, откако беше објавена *Татковите книги* и замислена балканската сага, како романескен циклус за едно семејство во балкански егзил во текот на дваесеттиот век, објавени се единасет книги со што не е завршен замисленият циклус, постојано трагав и трагам, се документирам по нови теми за идните романи кои произлегуваат од книгата-матрица Татковите книги. Во овој воведен приказ на мојата балканска сага земам за сло-

бода да сведочам и за необјавените книги од сагата. Тој зема слобода и храброст да ги најави и двете необјавени книги во овој преглед *Балканвавилон* и *Времето на јаничарите*, кои верува дека ќе бидат објавени во догледна иднина.

XII. БАЛКАНВАВИЛОН (BALKANBABEL)

Десеттата книга под наслов *Балканвавилон*, во тек на документирање и истражување ќе појде од главната метафора на „чистите јазици“ на Балканот, имајќи го повторно исходиштето во *Татковите книги.* Таткото, централниот лик на сагата, ќе биде во текот на целиот живот обземен од мистеријата на јазиците: од нивното реално и мистично потекло, од усилбите да се создаваат универзални и вештачки јазици, од нивното кодифицирање, од соочувањата со билингвалноста и мултилингвалноста, со која и практично, тој и неговото семејство ќе се соочуваат во балканскиот егзил.

Во овој есеизиран роман, но и со хуморно-гротескна структура, главни ликови се Таткото и неговиот пријател Климент Камилски, познат од *Татковите книги* како К.К. кои се во потрага по некаков „прочистен балкански идиом од отоманизмите“. Според одделни претставници тогашните режими, но и идеолози, интелектуалци, со националистички визии, во нивните јазици, на нивните штотуку испилени држави-јазици, се наложувала неразбирлива потреба на „чистење“ од опасните отоманизми за иднината на ослободените народи, какви што можат

да бидат, на пример, зборовите „башибозук“, „шашма“, „далавера“ „рушвет“ и многу други од овој вид. Тие се нагрбуваат со мисијата да ги „исчистат“ нивните респективни мајчини јазици, албанскиот, односно македонскиот јазик. Нивната мисија, наличува на онаа на јунаците на Флобер Бувар и Пекуше (според истоимениот роман *Бувар и Пекуше*), кои настајуваат да ја состават листата на стереотипите, во нивната потрага по „недостатоците“ на науките, со нивната утописка, автодидактска мисија.

И така јунаците на Балканвавилон „се препуштаат на донкихотовскиот наум, во составувањето на листата на „погубните зборови“ во нивните јазици. Во текот на издвојувањето на отоманизмите тие од збор до збор разбираат дека од нивниот наум, нема „фајде“, зашто ако така продолжат, ќе си ја загубат и главнината на своите мајчини јазици, толку тешко спасени и одржани во историјата!“

Авторот во овој роман низ глобалната метафора на т.н. „чисти јазици“, има за цел да дедраматизира и релативизира една мошне значајна јазична материја со која се соочуваат балканските идентитети на државите-нации, почнувајќи од периодот на нивните преродби. Тие настојуваат „интегрално“ да се ослободат од своето минато, создавајќи неприфатливи стереотипи во третирањето на минатото, на политичкото влијание на освојувачките империи, како интегрално туѓо, неподобно за иднината на новиот „прочистен јазик“ на нацијата итн.

Поттикот да се справам со оваа метафора на „чистите јазици“, ми се наложи за време на братоубиствените војни на Балканот, во делови на некогашната југословенска федерација, кога под мотото

на чисти етнички држави, се дојде до делење и чистење на јазиците од зборови кои биле со векови присутни во овие јазици.

XIII. ВРЕМЕ НА ЈАНИЧАРИТЕ (LE TEMPS DES JANISSAIRES)

Темата на јаничарството, односно „глобалната метафора“ на овој феномен, на јаничаризмот и на неговите бројни деривации, особено интелектуалното јаничарство, идеолошкото неојаничарство, драмите на кревките балкански идентитети, јаничарството со посложена и покомплексна генеза, не само во отоманскиот круг, но и пред него и по него, е присутна во речиси сите романи на мојата балканска сага. Пасажите за јаничарството речиси во сите книги од сагата се коментирани од бројни критичари и проследувачи на сагата како Едгар Морен, Георги Старделов, Петер Рау и други.

Меѓутоа, оваа атрактивна и актуелна тема не само за балканските народи, туку и воопшто за човештвото во романот *Време на јаничарите,* ќе добие целосен израз. И во овој роман, засега во почетен ракопис, низ глобалната метафора на јаничарството, ќе се трага по неговата историска и онтолошка димензија, за да се проникне што подлабоко во него надоврзувајќи се на оваа тема по напишаните романи на големите балкански автори како Никос Казанзакис, Иво Андриќ, Меша Селимовиќ, Исмаил Кадаре, Антон Дончев, Реа Геланаки, и други, кои јаничарството го третираат од различни

ракурски, но најчесто низ „проклетството на конверзиите“ и нивната неизбежна конфликтност. Со романот *Време на јаничари*, фундиран врз еден драматуршки епистоларен ’рбет (со размената на писма за јаничарството, од источна провиниенција Татко со неговиот пријател Климент Камилски, за јаничарството од западна провиниенција), со поголеми есеистички слоеви и записи кои ја предочуваат синтезата на комплексната проблематика на јаничарството во светот во сите времиња, веројатно се заокружува балканската сага низ животот на едно семејство во текот на еден век на постојан внатрешен и надворешен егзил.

Мојатата балканска сага се создаваше во текот на последната деценија на XX век, и таа и натаму е во процес на создавање – во приодот кога дојде и до еден вид историско ослободување на народите и нивните нови, независни балкански држави, низ невидени братоубиствени војни, етнички чистења, депортации, уривање на стари граници и воспоставување на нови. Оваа балканска сага низ еден модерен пристап во преточувањето на слоевитата и комплексна историска граѓа, почивајќи врз јасна, едноставна и прегледна наративна структура, означува, според книжевната критика, заокружена *книжевноенциклопедиска целост*. Оваа сага, е можеби, еден од првите обиди во литературите на Балканот во неа да бидат проникнати колективните судбини на толку различни народи, менталитети и судбини, со крајна цел да се открие нивното заедничко и непобедливо во времето...

II

ПОТРАГА ПО ЕЛЕН ЛЕЈБОВИЦ

епистоларен роман

Најтешко е како да го започнете пишувањето на една книга. Како да го најдете најлесниот пат до читателот за тој да влезе и да остане докрај во неа?! Но, многупати, настаните кои ви ги раскажува самиот живот, се случуваат без ваша волја, најчесто определувани од богот на случајноста.

Така би и со оваа книга, произлезена од едно писмо испратено до авторот од за него непозната читателка, Елен Лејбовиц, на 15 октомври 1999 година, кое потоа продолжи во бујна преписка сè до 24 декември 2002 година. Како што неочекувано Елен Лејбовиц ја започна преписката така и неочекувано ја прекина, оставајќи му ја на авторот потрагата по нејзиното речиси мистериозно постоење...

I

Се враќав на Балканот по долгогодишна дипломатска мисија во Париз во октомври 1999 година. Јас, син на некогашен албански емигрант, пребегнат од Поградец (Албанија) во Струга (Македонија), во далечната 1943 година, бегајќи со семејството од фашизмот во Албанија, преживувајќи во социјализмот во Југославија, станав прв амбасадор на новата Република Македонија во Франција. Животот на семејствата во егзил е обележан од неочекуваната

игра на парадоксите. Така би и со нашето семејство, со сите негови разграноци во времето. И јас ја наследив можеби на поизразит начин судбината на парадоксите...

Есента 1989 година, се враќав преку Париз на Балканот како амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Тунис, акредитиран и во Арапската лига, како и во државата Палестина на чело со Јасер Арафат, призната само од државата што ја претставував. Бев еден од последните амбасадори на земјата што повеќе нема да постои, за по десет години да се вратам од мисијата во Франција, претставувајќи ја Република Македонија, десеттиот дел од земјата која некогаш постоеше. Некој ќе рече дека бев типичен амбасадор на „балканизацијата“. Но за мене беше сигурно дека продолжуваше животот под знакот на невозможните парадокси, како на вечно искушение помеѓу фаталноста и немирењето со неа.

Југославија, која беше создадена и со силно влијание на францускиот претседател на Републиката, Жорж Клемансо, до последните моменти на своето постоење беше бранета од јакобинистичка Франција. Многумина и не се помируваа со распадот верувајќи дека Југославија повторно ќе воскресне, а малата Република Македонија ја сметаа како рецидив на титоизмот, како геополитички инцидент во регионот.

Првите денови од мојата мисија во Франција, во Quai d’Orsay, во таа тврдина на милениумската француска дипломатија, како да се најдов во потрага по излез од лавиринт, метафора толку честа во

мојата семејна судбина, наследена од татковиот живот. Навикнат, речиси предодреден во моето албанско емигрантско семејство на постојано докажување, привикнување, приспособување на судбината, со сизифовски ритам како да се обидував да го искачам каменот Македонија на врвот на вистината, како некаква компензација за мојата изгубена татковина во емигрантската судбина.

Се враќав на Балканот посиромашен за неколку најубави години од животот, далеку од семејството во егзил, кое ми беше мала, незаменлива татковина, но побогат со ново искуство во животот, со нови пријатели.

Меѓу нив посебно место зазеде пријателството со никогаш невидената Елен Лејбовиц преку речиси тригодишната преписка со неа. Која беше таа мистериозна читателка која толку длабоко навлезе во моето балканско емигрантско семејство, во мојот балкански свет, во суштината на мојата книжевна потрага?

Која беше Елен Лејбовиц?

Каде е таа денес?

Дали е жива?

Таа живее во мене со времето што ми го посвети, а јас доцна, по пет години, откако таа стави неочекувано крај на нашата преписка, дури во оваа книга, започнав вистински да го разбирам нејзиното некогашно толку силно присуство. Да откривам едно изгубено време во времето што ми претстои.

Која беше Елен Лејбовиц?

Морав да ја напишам оваа книга за да ја откријам, за да се доразберам во едно време во кое

ме немаше целосно во односот кон неа. Но сега мојот однос е променет, ја барам, упорно ја барам, но неа ја нема, ја нема засекогаш!

Како што беше можеби нужно некогаш моето внимание за да ја разберам докрај нејзината мисија – да ми пишува, така и мене ми е нужно овојпат, почитуван читателе твоето внимание – во потрагата по Елен Лејбовиц!

II

Првото писмо од Елен Лејбовиц го добив на 15 октомври 1999 година во Париз, испратено од Безансон. Таа ми пишуваше:

Господине,

Штотуку ги прочитав вашите две книги објавени на француски јазик ***Le temps des chèvres (Времето на козите) и Les livres de mon père (Татковите книги).*** *Останав восхитена. Но како да ви зборувам за тоа?! Секогаш кога се обидував да споделам збор два со моите најблиски за книгите, ме обземаше немоќ: како да ме разберат зборувајќи им за кози и за книги, а да се избегне чувството на простото и бизарното?*

Всушност, отаде материјалната, социјалната или политичката реалност изнесена во книгите, плени начинот на кој вие го оживувате овој свет на кози и книги. Оваа состојба тешко би можела да се дефинира доколку нема свои корени во длабините на душата.

Во францускоτо издание на ***Времеτо на козиτе*** *(на сτраница 97) Таτкоτо му раскажува на козароτ Чанѓа како успеала козаτа да се προвре низ Римскаτа, Византискаτа и Οτоманскаτа Империја. Τоѓаш во рацеτе ми се најде книѓаτа* ***Живоτниτе имааτ исτорија (Les animaux ont une histoire)*** *од Робер Дело. За жал, во книѓаτа не најдов ниτу ред за козиτе. Дозволеτе ми сеπак да ви ја πодарам оваа книга, зашτо προсτо речено, ова дело на ѓолем ерудиτ би можело да заземе чесно месτо во библиоτекаτа на вашиоτ таτко.*

А сеѓа вашиτе две книги ќе ги дадам на мојаτа сесτра Ањес Лејбовиц. Таа ја објави својаτа докτорска дисерτација за филозофијаτа на меѓународноτο право. Ја уверував дека таа би можела во вашиτе книги да најде маτеријал досτоен за филозофски προмислувања, особено во епизодаτа во која се раскажува за вашаτа мајка која ја минува ѓраницаτа за да си ѓо види своеτο семејсτво πо долѓоѓодишниоτ еѓзил.

Не би можела да ѓо завршам ова πисмо без да ви πосакам убав πресτој во Франција. Ако нависτина во вашиτе книги ги раскажуваτе вашиоτ живоτ на деτсτвоτο и младосτа, бездруѓо τоа τреба да πреτсτавува и ѓолема среќа шτо сеѓа ја πреτсτавуваτе вашаτа земја. Но, о колку е τоа мачна среќа!

Искажувајќи ви ја во исτовреме мојаτа длабока симπаτија, би сакала да ви ја искажам сеτа πочиτ и восхиτ шτо ми ѓо вдахновија вашиоτ таτко и вашаτа мајка...

Елен Лејбовиц

A Monsieur Luan STAROVA

Monsieur,

C'est avec émerveillement que je viens de lire ***Le temps des chèvres*** *et* ***Les livres de mon père****. Mais comment vous en parler? Chaque fois que j'ai essayé d'en dire quelques mots à des personnes de mon entourage, j'en été prise de court: comment expliquer qu'il s'agit de chèvres et de livres sans se sentir ridiculement simpliste?*

En effet, au-delà de la réalité matérielle, sociale ou politique que vous décrivez à travers eux, il y a dans la manière dont vous évoquez ce monde de chèvres et de livres quelque chose d'indéfinissable qui a des prolongements jusque dans les profondeurs de l'âme.

Dans ***Le Temps des chèvres*** *(page 97), votre père raconte á Tchanga comment la chèvre était parvenue à traverser les empires romain, byzantin, ottoman. Là, j'ai posé le livre pour aller consulter celui que j'ai reçu en cadeau il y a quelque temps:* ***Les animaux ont une Histoire*** *de Robert Delort. Hélas, je n'y ai quasiment rien trouvé sur la chèvre. Mais permettez-moi tout de même de vous offrir ce livre simplement parce qu'étant l'œuvre d'un grande érudit, il me semble qu'il aurait pu prendre honorablement sa place dans la bibliothèque de votre père.*

Maintenant, je vais donner à lire ces deux livre à ma sœur Agnès Lejbowicz. Elle vient de publier une thèse de doctorat sur la philosophie du droit international ; à ce titre elle a dû s'intéresser à la question des

frontières et je l'ai assurée qu'elle trouverait dans vos récits (particulièrement celui de votre mère retournant voir sa famille) matière à réflexion.

Je ne pourrais terminer ces quelques lignes sans vous souhaiter un bon séjour en France. Si c'est vraiment votre vie d'enfant et d'adolescent que vous décrivez dans vos livres, se doit être un grand bonheur pour vous de pouvoir maintenant représenter votre pays, mais un bonheur oh! Combien difficile!

En même temps que ma profonde sympathie, je voudrais aussi vous dire le respect et l'admiration que m'ont inspirés votre père et votre mère.

H. Lejbovicz

Мојата читателка Елен Лејбовиц, радоста на моето пишување, во потрага по среќата во меандрите на егзилот, не можеше да знае дека мојата мисија како амбасадор во Париз завршуваше токму на денот кога го добив ова прво писмо. Читајќи ги нејзините редови, како знаци во кои беше присутен повикот на судбината, јас, всушност, се враќав во Македонија, во земјата што ја претставував, во земјата на моите кози и книги, во делот на семејството, во среќен егзил што требаше да го продолжам во мојот балкански дел на судбината.

За величината на ова писмо, за магичната и мистериозна порака на една голема личност како да станував свесен многу подоцна, кога ѝ одговорив на првото писмо на мојата читателка Елен Лејбовиц!

III

Пишувањето ми донесе повеќе живот отколку да останев без него. Во мојот свет, ограден со букви, се чувствував како можен победник над изгубеното време на моето семејство. Во напишаниот свет ме обземаше чувството дека повторно ги враќам во живот починатите блиски на семејството. Во текот на годините на потрагата по семејниот лавиринт откривав блиски, приврзаници, нови жители во координатите на моето ракописно братство. Се обединуваше во ракописот едно мало семејство-човештво што ми ја откриваше смислата на преостанатиот дел од животот.

Пишувањето ми стануваше долга литанија на упорно трпение и чекање со надеж дека времето ќе ги отвори портите на враќањето на починатиот дел од семејството, на новите придружници на патот на егзилот. Тој пат ми го осветли, како божја сенка мојата Елен Лејбовиц, која ме следеше во мојата семејна потрага во текот на три лета. Блесна врз моето писмо и потоа исчезна засекогаш, оставајќи силна трага во мојот живот.

Уште од првите зборови кои ми ги упатуваше зрачеше силна охрабрувачка доверба од непозната читателка која толку неочекувано, силно и искрено ја прифати судбината на моето семејство како своја. Кои беа тие непознати атоми живот кои нè обединуваа наспроти сите граници, разлики, далечини?

Ја пишувам оваа книга за да го вратам времето кога Елен Лејбовиц живееше интензивно со мојата сага и да ги разберам причините за тоа присуство.

Зар не е пишувањето потрага по изгубеното време кое постојано мислиме дека ни недостига, за да ја остваримe нашата невозможна полнота?

Отсекогаш верував дека литературата е уметност, односно умеење да се раскаже нашата историја како историја на другите. Раскажувајќи го страдањето на моето семејство во балканската историја во XX век, обликував дел од нашиот семеен идентитет во кој се препознаваше Елен Лејбовиц. Можеби така успеав да го предизвикам вниманието на Елен Лејбовиц? Со големо задоцнување, од неколку месеци, што никогаш не можев да си го простам, одговорив на првото писмо на Елен Лејбовиц...

Во долгогодишното живеење во Франција, речиси цел живот посветен на француската книжевност, најтешко ми беше да привикнам на епистоларната дисциплина. Ние на Балканот речиси и немаме култура на епистоларна традиција. Се пишувало најчесто во одредени клучни моменти во животот: при селидби, суши, глад, при стигнување во туѓина, при свадби, раѓања, умирачки.

Балканецот тешко може да се здобие со свеста дека писмото понекогаш е и супститут на личноста. Недостигот на културата на индивидуалноста, патријархалниот монопол врз *зборовиште на племето*, создаваа притеснетост да се пишува само за да се пренесуваат „некакви чувства“.

Кога ја напуштав Франција верував дека конечно сум се здобил со нужната епистоларна култура и дисциплина. Најчесто виновникот за прекинувањето на некоја од кратковремените или долгогодишните преписки со моите француски пријатели

бев јас и никој друг. Последното добиено писмо како по правило секогаш остануваше од моја страна без одговор.

Имаше периоди кога одговарав на писмата веднаш штом ќе ги примев, а имаше периоди кога, по моја вина, го губев ритамот на пишувањето. Често се правдав со семожни изговори: со балканската инерција и мрзливоста на духот, се обидував вешто, но доста провидно да барам конструкции за да постигнам некакво задоволувачко расположение за да го продолжам пишувањето, да бидам достоен на сопишувачот.

Од моето претходно епистоларно искуство со француските пријатели, кои ме обележаа во животот со нивната интелигентна добрина и храброст, можам да го издвојам долгогодишното допишување со францускиот поет Андре Френо, потоа со Робер Мале и со филозофот Едгар Морен.

Поетот Френо писмата ги пишуваше како еден вид продолжение на неговите песни, доживеано, импресивно. Во неговиот ситен, хармоничен ракопис, беше кристализирано времето на неговиот живот, во кој пријателствата имаа посебно место. Во писмата е секогаш присутен, жив Андре Френо, зрачи неговата интелигентна добрина, а него го нема. При моите париски престојувања настојуваше да ги посетам пријателите од неговата поетска генерација – Жан Тардје, Жан Фолен, Ремон Кено. Ми остана во трајно сеќавање средбата со Ремон Кено во собичето кај Галимар. Писмата во кои авторот ја внел силно својата личност како да содржат примеси на трансцендентна мистерија.

Писмата кои во еден долг период ги добивав и сè уште ги добивам од филозофот Едгар Морен, се лапидарни, екстракти на вистината. Пленува неговата епистоларна дисциплина. Едгар одговара макар со збор-два, на стотици писма, само да не биде тој последниот кој не пишува. Вистинско аскетство во епистоларната мисија!

Првото писмо што го добив од непознатата читателка Елен Лејбовиц означуваше пресврт во мојата епистоларна култура и искуство.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Вашето писмо од 15 октомври 1999 г. со книгата на Робер Делор, ***Животните имаат историја****, кое претставуваше чудесен дар, го примив на денот на моето заминување од Париз по долгогодишната дипломатска мисија. Вие без да знаете дека јас се враќав на Балканот, ми посакавте успех во мојата мисија во Франција.*

Ви се восхитувам на интуитивната моќ по читањето на романите ***Татковите книги*** *и* ***Времето на козите*** *како успеавте да проникнете во нивните суштински пораки и да ги поврзете со времето на мојата мисија во Франција. Јас никогаш не сум помислувал на нивната поврзаност. Но таа постои. Вие во тоа цврсто ме уверувате.*

Прикаската можеби е проста, како и самата коза достојна да се најде во париските книжевни салони, да стаса на дебата во Сенатот на Франција, во политичките дебати за Балканот, во времето на југословенската катаклизма. Тешко ви било како да им го објасните восхитот од чи-

тањето на книга за козите на своите блиски пријатели, а без притоа да се чувствувате – смешно проста (ridiculment simplicite).

Синот-наратор, во замислена балканска сага раскажува за своето емигрантско албанско семејство во текот на еден од најтрагичните векови во европската историја каков што беше балканскиот XX век, врз основа на наследените книги од подвижната егилска библиотека на својот Татко. Оваа библиотека со книги за козите, за јагулите, за јаничарите прераснуваше во мит, во библиотека на митови, во која се криеше балканската историја.

Започнав да пишувам затоа што верував во бесмртноста на татковата библиотека, во неговата пресметка со силните налети на балканската историја. Проста е историјата за козите во повоено Скопје, кога новиот комунистички режим од поканетите козари во градот сакаше набрзина да создаде силна работничка класа која требеше да го стаса капитализмот, кој според пресметките на Сталин му бегаше на комунистичкиот социјализам за седумдесет години.

На илјадниците козари кои дојдоа со козите во главниот град за да станат работничка класа и да стапат во социјализмот најдоцна до утредента во 12 часот, им беше наредено да се ослободат од козите. Водачот на козарите, Чанга, се противставили велејќи дека тие успешно со козите го преживеале фашизмот, па зошто сега комунистичкиот режим да се плаши од козите.

Режимот виде не виде, на крајот изврши масакр на козите. Едгар Морен, претставувајќи

ги Козите во Сенатот на Франција рече дека беше извршен козоцид (алудирајќи на геноцид). Мари-Франсоаз Ален во „Монд дипломатик“ запиша дека масакрот на козите од книгата ***Времето на козите*** *ги најавуваше масакрите во Хрватска, во Босна, во Косово за време на братоубиствените војни при распадот на Југославија. Многумина во париските медиуми, како и загрижени читатели прашуваа: што стана со козите?*

Спасените кози со врховниот козар Чанга завршија во скривалиштата во Скопје од Втората светска војна во утробата на блискиот рид крај реката Вардар, над која се извишуваше големата тврдина Кале. За некои, козите одлетале кон небото како во слики на Марк Шагал.

Писателот Ален Боске пишувајќи за книгата толкуваше дека козите со козарот Чанга завршиле како жртви во утробата на ридот под тврдината, а авторот се надоврзал на познатата балканска традиција на жртвување на мајка со рожба со изговор за истрајување на големите градби како храмови, мостови, тврдини.

Маргерит Јурсенар, како вистински картезијанец, оваа традиција на жртвување, за спасување на градбите од урнување од митски сили, ја толкува како резултат на слабиот материјал на големите градби!

Можеби одговорот ќе биде во новата книга. Каков удар за метафизичките балкански илузии.

Се враќав на Балканот во времето кога вистината за моите балкански кози од романот ***Времето на козите****, макар објавена првпат уште во*

далечната 1992 година, пет години подоцна во својата француска верзија, доживуваше за мене, ново, неочекувано толкување, за да добие во вашето писмо и еден сублимен израз.

Во право сте кога велите дека во прикажаниот свет на моите кози „постои нешто што не може да се дефинира (quelque chose d'indefinissable) што има свои продолжетоци до длабините на душата".

Размислував, по враќањето, поттикнат од вашето писмо, да одговорам со нова книга или со продолжение на ***Времето на козите****: што се случи со моите кози? Малата јужна Република Македонија, која некогаш ригорозно го спроведе Законот за ликвидација на козите во времето на југословенскиот самоуправен социјализам, како нова независна земја се најде пред предизвиците на транзицијата во нова економска и политичка реалност. Некогашниот закон за забрана на козите беше укинат, но го немаше времето на козите. Но тоа е долга историја, ќе ви напишам другпат.*

Вие ме поттикнувате, и самиот не знам тоа да си го објаснам, зошто и како да ви се исповедам за моето пишување, за моите јунаци. Ви благодарам за длабоката симпатија, почитта и восхитот што ги искажувате кон Татко и Мајката.

Ве чувствувам за многу блиска, како да Ве познавам од многу одамна, како да сме биле на истиот пат на егзилот. Вие силно ме охрабрувате да ја продолжам оваа балканска сага, ве чувствувам блиска, од ист идентитет на страдање.

Ваш Луан Старова
Скопје 1 мај 2000 г.

IV

Пишувањето за мене отсекогаш беше антиегзилски рефлекс. Да не бевме семејство во егзил, во потрага по патот на враќањето во родната земја, јас можеби и никогаш не ќе пишував. По многу години, сите во семејството бевме уверени дека нема *враќање* од егзил.

Татко кој често и неочекувано се препушташе на фугите на егзилот, верувајќи дека во постојаниот бег се крие спасот на семејството, неретко одеше на железничката станица во Скопје да го проучува возниот ред на возовите кои го напуштаа Балканот, знаејќи дека нема никогаш да отпатува со ниту еден од нив. Но така само ги хранеше своите илузии на вечното заминување без кои се чинеше дека не можеше да живее.

И мајка ми, која ја носеше врската клучеви на нашите напуштени куќи, од брегот на Јонското Море, по брегот на Охридското Езеро и на крајот крај брегот на реката Вардар, на свој начин ги споделуваше татковите илузии. Потајум веруваше дека е можно враќањето од егзил.

Јас како да бев задолжен да ги опишувам илузиите на *враќањето* до можноста на неговото реализирање. Пишувањето требаше да ми биде потрага по мостот на враќањето, во потрага по *другиот*. Бев уверен, пишувајќи, дека книгата има секогаш двајца автори: тој што ја пишува и тој што ја чита. Отсекогаш верував дека читањето е апотеоза на пишувањето. Верував во изреката на Марсел Пруст дека читањето е пријателство! Читањето значи и да се мисли со друг. Имав чувство дека

мојата судбина се збогатуваше со вистинскиот читател, поради кој вредеше да се продолжи да се пишува.

Набргу стигна и одговорот на Елен Лејбовиц...

Фрежис, 10 мај 2000 г.

Господине,

Старите судии на Скопје не можеле да ви бидат туѓи кога сте пристигнале дома. Со цел да најдам роденденски подарок на една од моите внуки, студенти, штотуку бев решила да ѝ ја подарам книгата ***Времето на козите****, а јас веќе бев нурната во читањето на вашиот роман* ***Атеистички музеј****. А сега го започнав читањето на вашата книга, студијата* ***Фаик Коница и Гијом Аполинер, Едно европско пријателство. (Faik Konitza et Guillaume Apollinaire, Une amitié européenne, L' Esprit des péninsules, Paris, 1998.)***

Уште кога ми пристигна вашата разгледница таа не го промени местото на аголот од масичката, кај што ја ставив откако ја прочитав. Ја гледам секој ден, а тоа постојано ме потсетува дека треба да ви одговорам. Навистина, постојано ме потсетува, морам да ви одговорам. Но како да ви го објаснам тоа?

По читањето на некои книги, понекогаш ме обземаше мислата да му пишувам на некој од авторите чии книги ми направиле особен впечаток, но овој план ми остана неостварен: се задоволував секогаш во мојата глава да составам и да ги напуштам незавршените пораки при моите прошетки сама, на патеките во полето или гората.

Вие сте значи првиот писател кому се охрабрив да му упатам неколку реда, и тоа по повеќе месеци двоумење. Сигурно ќе ви биде забавно ако ви ги раскажам вистинските причини за моето пишување. Всушност, не сум можела поради пристојност да ви испратам книга, а да не напишам неколку придружни зборови како објаснување. И потоа се вратив на мојот тивок дијалог со вашето дело – не би се осмелила да речам зошто почнувам со вас? Ми се чини дека генерално читателите често си дозволуваат, без да имаат право за тоа, да навлегуваат во интимниот простор на еден автор што може да се смета и за еден вид профанација.

Ми пишувате дека моето писмо ве храбри да продолжите да ја пишувате вашата балканска сага. Но мене ми се чини дека објавувањето на вашите дела во Франција би требало да има далеку посупериорно охрабрување од моето! Си дозволив да ја интерпретирам последната фраза „нестрплив сум одново да ве читам“ како израз на куртоазијата што е едно од главните обележја на дипломатското изразување. И така, целосно си се оправдав да не се противставам на одбивноста што ја чувствувам за да ви ги изразам во неколку крајно редуктивни реченици сите мисли и впечатоци, инспирирана од вашите книги.

Меѓутоа, сега, откако успеав да ја совладам, но не без мака оваа одбивност, јас би сакала да ви кажам дека секогаш евоцирањето на вашите родители ме исполнува со чудесност и восхит. Вашиот татко бил во секоја ситуација исклучи-

телно суштество. Се подразбира само по себе дека тој ќе има сопруга според своја мера, макар што во овој домен изненадувањата не се исклучени, но сепак тоа нему не му се случи.

И ќе се случи овој исклучителен човек и оваа исклучителна жена да имаат син меѓу нивните деца, кој ќе може да го почувствува и да го пренесе со толку голема суптилност и длабочина овој речиси сакрален простор што тие успеале да го создадат среде силните немири на животот. Мене ми се чини сево ова просто чудесно.

Во романот ***Атеистички музеј*** *вие пишувате за тишината на вашите родители „која ги одржуваше обединети во текот на многу години.“ Тоа одненадеж ме потсети на еден текст што многу ме изненади кога го открив. Имав дваесетина години (што значи дека тоа било многу одамна), кога, еден ден, во универзитетската библиотека прочитав статија од едно списание во која беа цитирани неколку реда од Макс Пикар, филозоф, германски Евреин. Не беше означено дека текстот беше извадок од книга. Ги препишав цитираните редови и ги читав постојано како драгоцено четиво...*

Ми се чинеше дека цитираните зборови изразуваа толку идеална хармонија што не можело да одговара на никакво доживеано искуство. Значи, јас го најдов повторно овој текст во една книга пред две години во Швајцарија: книгата припаѓаше на библиотеката на една штотуку почината пријателка.

Ви ја испраќам фотокопираната страница со неколкуте редови на кои веднаш помислив откако

прочитав за тоа како тишината ги обединувала вашите родители:

„Еден маж и една жена во поодминати години седат еден крај друг во тишина, квечерум пред нивната куќа: и кај едниот и кај другиот, секој збор кој излегува од нив, секој чин што го создава нивниот збор е покриен со тишина; тие, обајцата самите станале фрагменти на тишината. Тие повеќе и не слушаа што им вели тишината. Тие беа станале самите фрагмент тишина. Како што ги водеа кравите до поилото полно со вода, тие ја водеа и ноќта во поилото на тишината и чекаа кравите да се напијат. Потоа бавно стануваа и ја водеа напиената ноќ во куќата, во светлината и топлината“.

Макс Пикар
во ***Светот на тишината***
Елен Лејбовиц

Fréjus, le 10 mai 2000

Monsieur,

Les vieilles murailles de Skopje n'ont pas dû se sentir trop dépaysées en arrivant chez moi. Devant trouver un cadeau d' anniversaire pour une de mes nièces, étudiante, je venais de décider de lui offrir "Le temps des chèvres" et j'étais plongée dans "Le musée de l' athéisme". Maintenant, je suis en train de lire "Faik Konitza et Guillaume Apollinaire, une amitié européenne".

Depuis son arrivée votre carte n'a pas quitté le coin de table où je l'ai posée après l'avoir lue. Je la

vois donc tous les jours, ce qui devrait me rappeler que je dois vous répondre. Et cela me le rappelle, en effet. Mais comment vous expliquer? Après la lecture de certains livres, il m'est parfois venu la pensée d'écrire à leur auteur, mais jamais je n'avais mis ce projet à exécution: je m'étais toujours contentée de faire et de défaire dans ma tête d'interminables missives tout en me promenant, seule, sur quelques chemins de campagne ou dans la forêt.

Vous êtes donc le premier écrivain à qui je me suis aventurée d'adresser quelques lignes, et cela après plusieurs mois d'hésitations qui vous amuseraient beaucoup si je vous les racontais. Au fond, si je vous ai écrit, c'est seulement parce que je ne pouvais décemment pas vous envoyer un livre sans l'accompagner de quelques mots d'explication. Et puis je suis retournée à mon dialogue silencieux avec votre œuvre – je n'oserais dire avec vous, car il me semble que de façon générale les lecteurs n'ont que trop tendance à s'introduire indûment dans l'espace intime d'un auteur, ce qui est une sorte de profanation.

Certes, vous m'écrivez que ma lettre vous encourage à continuer la rédaction de votre saga balkanique. Mais il me semble que la publication de vos ouvrages en France doit représenter un encouragement bien supérieur! et je suis poussée à interpréter votre dernière phrase "Impatient de vous relire" comme la manifestation de cette courtoisie qui est une des vertus majeures des diplomates. Ainsi, je me sens tout à fait justifiée de ne pas réagir contre cette répugnance que j'éprouve à enfermer en quelques phrases, ô combien réductrices! la somme des pensées et des impressions que m'inspirent vos livres.

Mais puisque j'ai maintenant réussi à vaincre, non sans mal, cette répugnance je voudrais au moins vous dire que c'est toujours l'évocation que vous faites de vos parents qui me laisse émerveillée. Votre père était de toute évidence un être d'exception. Il n'allait certainement pas de soi qu'il rencontrerait une épouse à sa mesure (ce domaine réserve tant de surprises!) mais c'est pourtant ce qui est arrivé. Et que cet homme et cette femme d'exception aient eu, parmi leurs enfants, un fils qui soit capable de ressentir et de traduire avec tant de subtilité et de profondeur cet espace quasiment sacré qu'ils savaient créer au milieu d'une telle tourmente me paraît tout simplement miraculeux.

Dans "Le musée de l'athéisme" vous parlez d'un silence "qui les avait maintenus unis pendant de si longues années". Cela m'a soudain rappelé un texte qui m'avait beaucoup frappé quand je l'avais découvert. J'avais une vingtaine d'années (ce qui fait bien longtemps!) et un jour dans une bibliothèque universitaire j'avais lu un article de revue où étaient citées quelques lignes de Max Picard, philosophe juif allemand, comme son nom ne le suggère absolument pas. Rien ne disait de quel livre ce texte était extrait. Je l'avais recopié et gardé précieusement, le lisant et le relisant… Il me semblait exprimer une harmonie tellement idéale qu'elle ne pouvait correspondre à aucune expérience vécue. Or, j'ai retrouvé ce texte dans un livre qui m'est tombé entre les mains il y a deux ans en Suisse: il faisait partie de la bibliothèque d'une amie qui venait de mourir. Alors, voici la photocopie des quelques lignes auxquelles m'a fait immédiatement penser ce que vous dites du silence qui unissait vos parents. Certes,*

conduire ensemble des vaches à l'abreuvoir (ou même des chèvres, pour retourner vers Skopje!), ne faisait aucunement parti de leurs activités. Mais il y a dans cette image une beauté qui, transcendant toute réalité concrète, la rend véritablement emblématique.

Je m'efforce donc de rétablir mentalement la chronologie de vos livres et de placer en premier "Les livres de mon père" bien qu'il soit sorti en France après "Le temps des chèvres". Et je vous remercie de me prévenir déjà qu'un autre livre de vous sortira à l'automne.

En terminant, je ne peux pas ne pas penser que Skopje est si près du Kosovo. D'ici, il est très difficile de se rendre compte de la situation réelle et je voudrais penser que saint Clément d'Ohrid, dont votre rue porte le nom, vous protègera ainsi que toute votre famille. Encore qu'à la vérité – me pardonne saint Clément! – je croirais tout autant à la protection de votre père sur la tombe duquel vous êtes allé vous recueillir au retour d'une équipée en Albanie que je ne me permettrais pas de qualifier d'insensée, mais qui l'était certainement étant donnés surtout les propos que vous aviez eu l'audace de tenir. J'avais eu quelque idée de ce qu'a été le régime d'Enver Hodja par le récit autobiographique "Mémoires effacées" du traducteur d'Ismail Kadare, Jusuf Vrioni. Mais la perversité du piège qui vous était tendu au retour, lors du passage de la frontière, a quelque chose de terrifiant. Il est vrai que l'ingéniosité humaine dans l'exercice du mal tient parfois du prodige.

Alors, que saint Clément d'Ohrid et votre père vous protègent!

Hélène Lejbowicz

**Un homme et une famé âgés sont assis côte à côte en silence, le soir, devant leur maison: l'un et l'autre, chaque parole qui sort d'eux, chaque acte que produit leur parole sont enveloppés de silence. Ils ne prêtent même plus l'oreille à ce que dit le silence; ils sont devenus eux-mêmes un fragment du silence. Comme ils conduisaient les vaches à l'abreuvoir plein d'eau, ils conduisent maintenant le soir l' abreuvoir du silence et ils attendent qu'il ait assez bu. Puis ils se lèvent lentement et ramènent le soir désaltéré à la maison, à la lumière et à sa chaleur.*

Max Picard
La mond du silence
Presses universitairès de France

Значи, водењето на кравите заедно на поење (или на козите, за да биделе во Скопје), не беше воопшто дел од нивните активности. Но има во оваа слика чудесна убавина која, трансцендентирајќи секаква конкретна реалност, ја чини вистински амблемска.

Се обидувам ментално да ја одредам хронологијата на вашите книги и на прво место да ја поставам ***Татковите книги****, макар што таа е објавена во Франција по* ***Времето на козите.*** *Би ве молела да ме држите во тек со излегувањето на вашите други книги во Франција.*

Завршувајќи го ова писмо, не можам а да не помислам дека Скопје е близу до Косово. Одовде е тешко да се разбере вистинската состојба, но би сакала да помислам, дека свети Климент Охридски, чие име го носи вашата улица, ќе ве штити вас и

целото семејство. Уште, навистина да ми прости свети Климент, јас би поверувала исто така и на заштитата од вашиот татко на чиј гроб ќе одите да побарате душевен спокој по враќањето од Албанија што не би се осмелила да ја оценам како бесмислена, но која сепак таква и била со оглед на мислите што се осмеливте таму да ги изречете.

Имав претстава што можел да биде режимот на Енвер Хоџа по читањето на автобиографската повест ***Избришани светови (Mondes éffacés)*** *од преведувачот на Исмаил Кадаре, Јусуф Врионi. Но перверзноста на статицата која ви беше организирана на враќањето, кога ја минувавте границата, има нешто застрашувачко. Вистина е дека генијалноста на човекот во смислувањето на злото е понекогаш незамислива.*

Тогаш, свети Климент Охридски и вашиот татко нека ве заштитат.

Елен Лејбовиц

V

Започна да се ткае суптилно, тивко пријателство на Елен Лејбовиц со ликовите од моите книги, објавени на француски јазик. Со чудесна леснина таа владееше со мојот свет на кажаното, претпоставеното, пониираше во семејната судбина со извонредна моќ и интуиција. Верував дека книгите ќе го откријат времето на моето семејство кое не сум го живеел, ќе ме доближат до непознати луѓе со душа како мајкината, татковата.

Во *Татковӣте кнӣги* ја раскажував одисејата на едно балканско семејство со посредство на книгите. Стигнат од Истанбул со својот куфер книги, татко ми ќе се војва по балканскиот лавиринт создаден од густи граници, во потрага по излез кон Запад или кон Исток.

Книгите останува̄а најсилната врска помеѓу духот и материјата. Елен Лејбовиц брзо навлезе во духот на загатнатите таткови дилеми. Нејзиното писмо беше преполно со живот, надеж да се дооткрие вистината на другиот како сопствена судбина и утеха.

Знаев дека трите објавени романи од сагата на француски јазик *(Татковӣте кнӣги, Време̄то на косӣте* и *Ате̄истӣчки музеј)* беа суштинската материја по која успешно трагаше Елен Лејбовиц. Често имав чувство дека таа е во самиот текст, понекогаш пред него, проширувајќи ја неговата смисла. Се обидував да ѝ одговорам на писмото, на загатнатите дилеми, да отворам пространства пред нејзиното љубопитство кои ги немаше во нејзиното писмо. По неколку дена размислување, најпосле ѝ одговорив:

Скопје, 20 мај 2000 г.

Почӣтувана го̄спого̄о Лејбовиц,

Во кнӣга̄та што ми ја испра̄тӣвте за ***Исто̄рӣја̄та на живо̄тнӣте*** *се цӣтӣра една пе̄рсиска по̄го̄ворка спо̄ред која доволни се два дена за да се дознае сѐ за еден човек, но по̄тре̄бни се мно̄гу по̄ве̄ќе да се дознае за едно живо̄тно!*

Ние во барабанските повоени времиња на сталинизмот, најмногу верувавме во тишината на нашите Кози. Всушност книгата ***Времето на козите,*** *добро сте согледале, во Франција е објавена пред првата книга на сагата* ***Татковите книги,*** *претставуваат еден вид мемоари на тишината на едно сиромашно, но среќно семејство.*

Премолчаните зборови во тие времиња беа вистинските цветови на тишината. Мајка ми беше еден вид градинар на тишината во старата куќа крај бујната река која ги предизвикуваше татковите илузии за ново заминување. Кога врвата на животот ќе се помешаше со тишината која ја негуваше мајка ми, таа ни велеше нам, на своите чеда, дека судбината најчесто вели молчи, навикни се на тишината.

И кога од преку границата со Албанија ќе стасаше абер за смртта на некој близок, брат, братучед... чувствуваше длабоко во себе дека има солзи само за среќни настани, но нема за големите несреќи. И тогаш повторно нејзин сојузник стануваше тишината, со сите нијанси, кои ѝ беа само нејзе познати. И за неа, како и за сите во семејството во егзил, важеше неумолливата вистина дека човек умира толку пати колку што губи еден од своите.

И така, за нив, за моите родители, добрината беше бескраен предел кај што царува тишината. Тишината беше за нив и највиш облик на мудрост, лек за многу болки, тишината никогаш не ги изневеруваше. Тие најчесто зборуваа на јазикот на тишината, кој требаше да се учи со поголем напор отколку друг јазик.

Мајка ми тишината ја сметаше за облик на светост. Ние наследивме фрагменти од нивната среќна тишина, што се обидуваме да ја проширime, култивираме во животот, да ја запишеме. На овие мисли ме поттикна цитатот на Макс Пикар...

Вие се задржувате во вашето писмо на моето заминување и враќање од Албанија во пролетта на 1979 г., во времето на сталинистичкиот пекол во оваа земја. Во нашите животи научивме дека нема враќање од егзил. За мене враќањето можеби постоеше само во литературата. Така настана ***Атеистичкиот музеј****, реалното слегување во пеколот на земјата. Но за тоа – другпат.*

Моето искуство од патувањето во Албанија беше епизодно, но доволно за да биде фатално! Ми пишувате дека димензиите на албанската диктатура на Енвер Хоџа, најдобро сте ги согледале читајќи ја книгата ***Избришани светови*** *на Јусуф Вриони, познатиот преведувач на француски јазик на делата на Исмаил Кадаре. Со ова кажување како да ме повлековте за јазик.*

Јусуф Вриони ни беше подалечен роднина по мајкина линија. Семејството Вриони, од Берат, беше едно од најпознатите и најголеми семејства во Албанија. Видни личности од ова семејство имаа високи позиции уште во времето на Отоманската Империја. Според кажувањето на Јусуф Вриони, Пуквил, кој беше генерален француски конзул кај Али-паша Јанински, во книгата ***Патување во Грција****, го спомнува предокот на Јусуф, Омер Вриони, кој беше потомок од оваа династија. Јусуфовиот дедо по таткова линија, Мехмет Али-*

паша, со Абдил Фрашри, ја водеше албанската делегација на Берлинскиот конгрес во 1878 г. по Руско-турската војна. Сите тие бараа висок степен на автономија во рамките на Империјата.

Дедото на Јусуф во еден период поради своите ревандикации ќе биде интерниран во Мала Азија. Јусуфовиот дедо по мајкина линија беше Хусеин Дино-паша, кој заедно со својот брат, султанов министер за надворешни работи, ќе работат за автономија на Албанија, поради што вториов ќе биде интерниран до крајот на својот живот во Анадолија. Но во оваа историја, посебно место зазема мајката на Јусуф Вриони. Таа имаше само шеснаесет години кога дозна во еден манастир, Нотр-Дам де Сион, близу до Истанбул, каде што учи француски, музика, виолина и пијано дека нејзиното семејство ја свршило за еден млад човек од албанската аристократија кој тукушто ги беше завршил студиите по политички науки во Истанбул.

Родена во Преваза, во Чамерија (денес грчки Епир), Јусуфоватa идна мајка зборуваше грчки, турски, англиски и француски. Таа брзо се потчини на волјата на своите родители, како што налагаа обичаите на времето. Ја напушти отоманската престолнина во својот сјај за да се најде во дотогаш за неа непознатите албански предели.

Патуваше по море од Истанбул до Влора. Ја носеше врската на клучевите на стамболските куќи, нешто од своите предмети од кои никогаш не се разделуваше, особено своето пијано. Нејзината балканска одисеја заедно со нејзиното пијано ќе заврши во Берат, чиј градоначалник тогаш беше нејзиниот маж, Илјаз Вриони.

Набргу ќе заврши la belle époque на космополитскиот Крф, па семејството со брод преку Влора во 1919 година ќе се врати во Берат. Семејството Вриони ќе одигра историска улога во создавањето на албанската држава. Јусуфовиот татко Илјаз Вриони во 1921 г. ќе биде претседател на втората албанска влада и ќе остане една година на оваа функција. За време на кризата во 1924 г., Илјаз Вриони повторно за еден кус временски период ќе биде на чело на владата. Неговата влада ќе биде соборена од „демократската револуција“ на Фан Ноли.

За семејството Вриони ќе започне нов егзил во Крф, до преземањето на власта од кралот Зогу, кој по падот на Фан Ноли во 1925 г. ќе му предложи на Илјаз Вриони де биде ополономоштен министер на Албанија во Париз.

Во истиот период амбасадор на Република Турција беше Фетхи Бej Окијар, татковиот вујко, поранешен премиер на Мустафа Ататурк. Каква игра на случајот, блиските Врионовци, по мајкина линија и блиските Окијаревци, по таткова линија ги зближуваше пријателство, за кое дознав многу, многу години подоцна, за што ќе ви пишувам во друга приказна. Темата за Јусуф Вриони премногу ме оддалечи.

Вие впрочем ја читавте книгата исповед на Јусуф Вриони пред мојот пријател Ерик Фај. Тука можеби и нема што да се додаде. Мене ме импресионираше величината на неговите родители. Откривав нешто заедничко со моите родители. Но секој со својата судбина. Бев особено фасциниран од неговата храбра мајка. Распната меѓу

Истанбул, Албанија, Франција и повторно Енверова Албанија, ќе согори во довардување на својот Јусуф. Ќе го следи, од затвор во затвор, за најпосле, на 3 декември 1959 г. да го дочека неговото конечно ослободување.

Храбрата мајка ќе почине во осумдесет и шестата година од животот крај својот син, додека тој на својата легендарна машина за пишување ја продолжувал својата преведувачка аскеза. Преведувањето ќе му го спаси преостанатиот дел од животот, ќе му го осмисли крајот...

Со Јусуф Вриони се запознав во Париз кон крајот на деведесеттите години. Тој откако преживеа уште еден пекол во Албанија во 1997 година емигрира со помош на тогашниот амбасадор на Франција, мојот пријател Патрик Крисман. Јас со него се запознав во Париз кога тој по падот на комунизмот беше именуван како амбасадор на Албанија при УНЕСКО. Беше станал симбол на ослободената земја од јаремот на диктатурата, еден вид албански Мандела. Имав прекрасни спомени од него во Париз од крајот на деведесеттите години. Нема книга која подобро ја доловува Енверовата диктатура, од оваа книга исповед, запишана од познатиот француски писател, мојот пријател Ерик Фај.

Првин со Јусуф си ги откривме „семејните врски“, макар далечни, па станавме многу блиски пријатели. Јусуф беше човек со извонредно искуство, монументална култура, голем ум, но крајно природен, искрен, со постојани изливи на доверба. Долгогодишниот затвор, менталната тортура, постојаното соочување со закани за смрт, го имаа смекнато овој човек до неговите длабини.

Ретко можеше да се сретне човек со иста судбина, но и со таква тивка величина и моќ. Брзу се здобив со неговата доверба. Неговото сведочење, особено низ книгата ***Избришани светови****, пишувана со Ерик Фај, ми откриваше зони на молчење и преживување како кај моите родители, кои минуваа низ слични премрежија во истите времиња. Кога му беше предложено на Јусуф да биде именуван за амбасадор на Албанија во УНЕСКО, тој мене сакаше меѓу првите да ми ја соопшти оваа за него крајно неочекувана вест, како дотогашен амбасадор во УНЕСКО.*

Бев дваесет и пет години помлад од Јусуф, па пред него се чувствував како ученик. Јусуф инсистираше во својата 84 година да биде ревносен дипломат. Но, неговата величина беше во друг контекст. Тој самиот беше симбол на универзалноста на идеите на УНЕСКО. Кога ја дочитав неговата исповед ***Избришани светови****, што ми ја подари Ерик Фај со посвета, јас веднаш му телефонирав на Јусуф. Со возбуда му реков:*

„Јусуфе, брате, прости ми те молам, што не можев да разберам кој си и колку се големи твоите вредности, пред да ја прочитам книгата!“

Не беше тоа никаква куртоазија, туку силно внатрешно чувство на достигната полнота при едно читање, кое ти го надополнува дотогашниот живот со нешто возвишено кое дотогаш не си го очекувал.

Со Јусуф Вриони, за последен пат се видов на 25 мај 1999 г. во местото Визби, на островот Готланд во Шведска. Во организација на УНЕСКО од 23 до 25 мај 1999 г. во Визби се одржуваше собир

на истакнати балкански писатели за изучување на заедничките основи на историјата во училиштата на југоисточна Европа.

Во малата „писателска експедиција“ која патуваше од Париз за Визби беа и познатите балкански писатели Исмаил Кадаре, Василис Василикос, Антон Дончев и други. Со нас патуваше и Јусуф Вриони. Го носеше своето мало машинче, кое беше замена за некогашната италијанска машина „Триумф“ со која преведе илјадници страници од албански на француски јазик. Го завршуваше својот превод на Исмаил Кадаре. Беше негов алтер его. Постигна генијалност во преведувањето.

Се сеќавам на бескрајните разговори со Јусуф Вриони во живописното шведско градче. Го чувствував како свој постар брат во животот, како собрат во неизвесната творечка одисеја. Кон преведувањето одгледуваше култ. Преведувањето сигурно му го спаси животот. Но самиот остана непреведен! Ми кажуваше дека пред да го преведува историскиот роман на Исмаил Кадаре ***Тврдина****, го читал* ***Саламбо*** *за да постигне ригорозна дисциплина и да се соочи со комплексноста на мисијата на историскиот роман на Гистав Флобер!*

И во тие три-четири дена, доцна во ноќта во далечниот остров Готланд, ја „исполнуваше нормата“ преведувајќи го длабоко во ноќта последното дело на Кадаре. Според „норма“, надминувајќи ја неколку пати, некогаш ги преведуваше делата на диктаторот Енвер Хоџа, спасувајќи си го голиот живот, а сега како да сакаше да го надополни изгубеното, со преведување на вистинска, уметничка литература.

По Визби, повеќе не го видов Јусуф Вриони, но нешто големо и значајно од него остана, се влеа во мојот живот. И затоа, почитувана Лејбовиц, кога во вашето прекрасно писмо спомнавте дека сте го читале делото на Јусуф Вриони ***Избришани светови****, вие ги поттикнавте во мене спомените за него, кои сигурно не завршуваат само во ова писмо!*

Кои беа ***Избришаните светови*** *во животот на Јусуф Вриони? Тоа беа сигурно фрагментите на величествената тишина во неговиот живот, тоа беа преведените простори од неговиот живот.*

Албанскиот полиграф Фаик Коница, големиот пријател на Гијом Аполинер, во еден брилијантен есеј, за ***Природните и вештачките јазици,*** *пишуван под псевдоним, (книгата која ја пишував за нив на француски јазик ја спомнувате во писмото), поттикнат од Маларме, ќе рече дека во секој јазик постојат темни, непреводливи зони и токму во нив се крие идентитетот на еден народ. Јусуф Вриони веруваше дека ги превел од албански на француски јазик и овие зони. Или само така веруваше...*

Ви пишував, уште во првото писмо, дека вашите пораки ме поттикнуваат, ме храбрат во потрагата по тајните на моето албанско и балканско семејство во универзалната историја на човекот. Ви останувам бескрајно благодарен.

Ваш Луан Старова

VI

Фрежис, 29 мај 2000 г.

Господине,

„Арл, 1993 – Париз, 1997“. Ова прецизирање на крајот од вашата книга ***Атеистички музеј*** *има сигурно некое посебно значење. Беа минати точно четиринаесет години кога вие решивте еден ден да пишувате за вашето опасно и очајничко патување во Албанија. И вие ова ќе го сторите во една среќна пригода ослободени од голема отуѓеност за време на еден престој во Франција, поточно во Прованса.*

Овие два облика на дистанца, темпорална и просторна, нема сомнение, за вас биле неопходни и особено провансалскиот шарм и атмосфера каде што ќе присоберете сили и храброст за да сведочите за вашата неколкудневна аскеза, која продолжи во вас отаде збиднувањето. Се разбира, околината на Арл е дел од земјата на Козата на господиноt Сеген и тагата што се доживува во детството од читањето на овој расказ никогаш целосно не се брише во вас. Но добро, сепак работите треба да си останат во кругот на нивното релативно значење.

Можам да си го замислам пределот каде што вие започнавте да ја пишувате вашата книга, сигурно тој го поттикнал вашето сеќавање. Но еве, се случува јас да живеам, повеќе месеци во годината, во околината на Фрежис, на село, значи недалеку од Арл. А за мене претставува вистинско задоволство

*да ви испратам одовде некои мирзби и вкусови кои, се надевам, ќе оживеат во вас убави спомени.**

Ваша особено срдечно
Елен Лејбовиц

*Прилог: картичка со слика на поле лаванди на која пишува:

СЛИКИ&СВЕТЛИНИ

Прованса. Сите патишта водат кон Прованса.

Но во овој период на годината лавандата не е целосно расцутена.

Да се надеваме дека сè ќе си најде добар пристан.

Е.Л.

Fréjus, le 29 mai 2000

Monsieur,

"Arles, 1993 – Paris, 1997". Cette précision à la fin de votre livre "Le musée de l'athéisme" a certainement une signification bien précise. Quatorze ans s'étaient donc écoulés avant que vous puissiez entreprendre le récit de votre périlleux et désespérant voyage en Albanie. Et vous l'avez fait à la faveur de se qui devait représenter pour vous un grand dépaysement: un séjour en France, et plus particulièrement en Provence.

Ces deux formes de distance, temporelle et spatiale, étaient sans doute nécessaires, et particulièrement les charmes de l'atmosphère provençale afin de trouver

le courage d'évoquer un supplice de quelques jours qui s'est prolongé en vous bien au-delà. Evidemment, les environs d'Arles sont aussi le pays de la chèvre de M. Seguin, et le chagrin que l'on a éprouvé, étant enfant, à la lecture de ce récit ne s'efface jamais tout à fait. Mais bon, il faut tout de même garder aux choses leur importance relative.

*J'imagine que cette région, où vous avez pu entreprendre la rédaction de votre livre, doit vous rappeler de bons souvenirs. Or, il se trouve que j'habite, plusieurs mois par an, dans les environs de Fréjus, à la campagne, et donc pas très loin d'Arles. Et c'est un réel plaisir pour moi de vous envoyer, d'ici, certaines odeurs et saveurs caractéristiques qui, je l'espère, ranimeront pour vous ces bons souvenirs.**

Bien cordialement à vous.
Hélène Lejbowicz

*IMAGES LUMIERES
Provence. Tous les chemins mènent en Provence.

Mais en cette période de l'année la lavande n'est pas tout à fait fleurie.

En espérant que tout arrivera à bon port!!!

H.L.

VII

Има книги кои никогаш не завршуваат само во вас. Вие сте напишале можеби само дел од замисленото, но вие сте сепак целосно проектиран, сте го

наложиле кодот на вашето писмо. Читањето на чудесен и неповторлив начин ги поврзува авторот и читателот. Пишувањето е постојана молитва чии верници се откриваат во големата, непозната читателска процесија, во постојаното верување...

Елен Лејбовиц брзо навлезе во сржта на мојата балканска сага, започна да сочувствува со страдањето во нашиот егзил. Тоа посебно се почувствува по читањето на третиот роман од балканската сага, објавен во Франција, ***Атеистички музеј*** *(Фајар, 1999 г.)*. Оваа книга, како дел од есенцијата на мојата балканска егзилска сага, беше еден вид преуранета проверка на синот на емигрантот, нараторот, дали беше дојдено времето за враќање од егзилот во родната Албанија, беше тоа едно ѕиркање во пеколот кое можеше да заврши кобно...

Беше очигледно дека Елен Лејбовиц беше изненадена од морничавата содржина од овој роман. Се соживеа со судбината на нејзиниот главен протагонист. Своето сочувство го искажуваше на необичен начин. Ги поврзуваше работите: зошто токму во провансалскиот Арл, недалеку од нејзиниот Фрежис, четиринаесет години по патувањето во Албанија, го напишав овој роман. Пред да ѝ го напишам мојот одговор и ѝ испратив неколку осврти од париската критика, со потцртани пасажи, според мене најзначајни, со неколку мои коментари.

Овој роман, кој ја опишува петдневната рашомонијада на авторот во родната земја во пролетта на 1979 (кога овде се слави стогодишнината од раѓањето на Сталин), доживеа во Франција значајно толкување на своите внатрешни слоеви и поширок значења од бележити француски писатели и кни-

жевни критичари. Академикот и гонкуровец Морис Друон, истакнувајќи го значењето на овој роман, како и сагата во целост, како посебен придонес во европските литератури, особено во периодот на „падот на идеологиите“ ќе запише:

„Се работи за еден трагичен запис од враќањето во роднатa земја Албанија (во 1979 г.), која сè уште била под јаремот на сталинистичкатa ортодоксија... Книгата е напишана на извонреден начин, во која авторот се обидува на своите собеседници да им даде на знаење дека ги заменile трите религии, својствени на албанскиот народ (исламот, православието и католицизмот), кои биле добро поставени и толерантни една кон друга, со комунистичкиот сталинизам, кој ќе завладее како еден вид нова религија која сакала да го заземе местото на другите“.

Потоа академикот Друон, поттикнат од читањето на романот, го поставува прашањето:

„Зошто во еден долг период марксизмот завладува и се распространува во светот со толку силна моќ? Во романот ***Атеистички музеј*** *се сугерира можниот одговор. Тоа се случува пред сè затоа што Русија во филозофијата на марксизмот внела мистична содржина. И така врз мистицизмот ќе се накалеми теоријата која се повикуваше на материјализмот, произлезена од позитивизмот...*

Еве зошто интересот за оваа книга е од посебно значење. Старова ѝ дава несомнен придонес на литературата во тој правец, не само во својата земја туку и во европските литератури.“

А академикот Антоан Жералд, познат лингвист и книжевен критичар, за романот **Атеистички музеј,** меѓу другото, ќе забележи:

„Авторот нè води во разни предели на Албанија, запира во своето родно место, кое го напуштил пред 36 години, останато под сталинизмот. Но, од етапа до етапа, патувањето станува кошмар, а сведочењето за него – дијаболично евоцирање. Преовладува сликата на ѕидницата во облик на безизлезен лавиринт, во кој наратторот постепено се губи придружувајќи се на црната судбина на Чанга од романот ***Времето на козите****. За разлика од него овој пат херојот се спасува од пеколот: 'излезниот билет' од пеколот е токму оваа книга“.*

Книжевниот критичар Леон Сомвил во *„музејот ќе види епицентар на еден немир за да се избрише секаков белег на цивилизацијата, а во библиотеката центар кој ги содржи неодминливите законитости на универзалната уметност,* додека *во книгата* ***Атеистички музеј*** *се зборува и за една победа на силите на животот над инстинктот на смртта.“* За еден анонимен француски книжевен критичар Атеистичкиот музеј *„може да се чита и како источен палимпсест чии седименти не престануваат да се пластат во трпеливата потрага по идентитетот на еден народ на кого му е избришано небото пред неговите очи, додека метафората на* ***Атеистичкиот музеј****, останува стравичен симбол на искоренувањето на религиите во сите облици“.*

Потем следуваше моето писмо:

Скопје, 30 мај 2000 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Мајка ми, водена од инстинктот да се жртвува за својата рожба, раководена од стратешката визија на мојот татко во потрага по дефинитивна татковина, губејќи ја роднатa земја засекогаш, велеше дека Севишниот ѝ го дарил животот за да ги спасува своите чеда.

Вие успевате да откриете од макабричната повест во ***Атеистичкиот музеј*** *дека татко ми запрен во Скопје, во својот неизвесен балкански егзил, всушност на свој начин, предупредуваше дека нема* ***враќање*** *од егзил во роднатa земја, за да ја признаам својата грешка пред неговиот гроб. Кога беше жив, тој беше дури против секаква помисла за враќање. Постојано ѝ велеше на мајка ми дека уште е рано за враќање. Тоа го повторуваше до крајот на животот.*

Јас демнев од секоја позиција на враќањето во роднатa земја. Го немаше татко ми, со големо искуство во нереализираните илузии во животот, за да ги запре моите. Наивно поверував во еден период кон крајот на 70-тите години од минатиот век, дека се подобруваат албанско-југословенските односи и дека во иднина нема да биде како порано. За жал, стануваше уште полошо од порано!

Имав повеќе можности да заминам со некоја универзитетска или културна делегација која отвори патишта за соработка помеѓу двете земји, која никогаш вистински не заживуваше. Се

најдов во една делегација на Албанската драма при Театарот на националностите во Скопје која требаше да избере неколку театарски претстави за да бидат претставени во главниот град на Македонија. Никој не беше се сетил дека поканата за патување во Албанија ни беше испратена да ја реализираме во пролетта на 1979 г., кога во оваа земја на големи тапани се славеше стогодишнината од раѓањето на Сталин.

Се чекаше најмал повод на синот на довчерашниот емигрант, на големиот класен непријател на својот народ, да плати за сите „гревови". На мојата забелешка на панегиричниот говор на еден од домаќините за Сталин, дека со него како и насекаде во светот е завршено засекогаш, се најдов во монструозна статица на режимот, чии димензии ми стануваа јасни дури во ***Атеистичкиот музеј*** *во Скадар, во кој се најдов како во десеттиот круг на Дантеовиот пекол, овојпат поместен на земјата.*

Се чувствував во целата земја како во статица, во земјата во која беа закопани сите татковци соништа за враќање. Се чувствував принесен во семејниот апокалиптичен круг на жртвувањето. Кога пропадна и последниот обид да бидам конечна жртва на враќањето, во одиозната и незамислива игра на линијата на границата беа вклучени и припадници од семејството, Бог знае под каква цена, превладеаја силите, инстинктот на животот над силите на смртта.

Се вратив со последните сили од трагичното ***враќање*** *во роднатa земја. Јас конечно се*

почувствував без своја земја, како конечен откорнатик, еден вид задоцнет космополит. Ослободен од секакви илузии, ми преостануваше верувањето во татковината на животот...

Мина време додека „заздравев“ од враќањето, останаа само неколку лузни во душата. Трагичната, фантазмагорична сказна од моето враќање во Албанија со години ја потиснував во себе, сметајќи ја повторно со некаков наивен круг на илузии дека ценатa на мојата жртва е премала пред „непогрешливоста на татковината!“

Сепак, тие што ќе ги „оцрнам“ се дел од мојот народ, а јас сум нивен дел. Зар успеале да ми втиснат со сите методи на доктринерската тортура некаков сталинистички ген, па јас дури денес ги сожалувам! Се фаќав во секакви позиции! На Балканот, лесно ги препознавав националистичките екстремизми, зајакнати од догматскиот радикализам како симптоми на колективна и на индивидуална болест која опфаќаше многу луѓе, делови од народ.

Живеејќи во Југославија во еден долг период, можев да ги почувствувам националистичките еуфории кај повеќе генерации писатели, кои ја загрозуваа иднината на земјата, во бесполезно, надредување како доминантен народ, небески, митски, избран народ. Верував дека писателот има мисија да го соочи својот народ со допирањето на дното во показот на опасноста од националистичкото зло. Верував дека и во мојата родна Албанија имаше едно дно кое требаше да се допре за да се извиши човекот во апотеозата на страдањето кон воздухот на слободата...

И така ја потиснував долго, долго време во себе трагичната и макабрична аскеза од Атеистичкиот музеј во Скадар, без надеж дека еден ден ќе се ослободи од мене, ќе катарзира во книга. Имаше времиња кога изнесената сторија можеше да биде привлечна за хроничното антиалбанство, за некаков реваншизам со паднатиот сталинистички енверизам, и што уште не, но прикаската беше лична, длабока рана, болка која лесно не исцелуваше и којзнае дали некогаш ќе исцелеше. Но барем ако не како некоја дефинитивна цел, тогаш како утеха во мачнината на бескрајот во кој е фрлен човекот, постои мистеријата на литературата.

Во 90-тите години од минатиот век, кога се распадна Југославија, земјата на пристаност во нашиот егзил, и го продолживме како државјани на Република Македонија, животот ми го огреа братското пријателство со големиот француски филозоф Едгар Морен, со потекло македонски сефард од Солун, за кого ќе ви пишувам повторно.

И тој како вас, ја прифати и ја засака мојата балканска сага, ја чувствуваше како блиска, од моите кажувања и помали записи на француски јазик, сè уште необјавена низ главните книги. Едгар Морен инсистираше да продолжам да ја пишувам балканската сага, велеше дека таква литература му е потребна на Балканот, повеќе од кога и да било, во времето кога требаше да излезе од варварството.

И тогаш Едгар Морен напиша неколку значајни книги, осудувајќи го тотал-национализмот на Балканот како причина за братоубиствените

трагедии. Му пишуваше на тогашниот министер за култура на Франција, Жак Ланг, да ми биде овозможен двомесечен престој во познатиот француски преведувачки колеџ во Арл, сместен во еден средновековен замок кој некогаш служел како болница, дисперзиран дел од културниот простор Ван Гог.

Условот за „живеење“ во овој замок беше преведувањето на еден автор од француски јазик на својот мајчин или друг јазик. Се пријавив со превод на Гијом Аполинер! Работев врз неговата збирка ***Алкохоли****, но и на француските текстови кои му ги испраќаше на својот албански пријател полиграфот Фаик Коница...*

Пролетта на 1993 г. во Арл има посебно значење во мојот живот. Конечно, во овој цвет на француска Прованса, во делот на рајот на Медитераното, избиј од мене долго потиснуваната повест за Атеистичкиот музеј.

Не знам, почитувана госпоѓо Лејбовиц, кои беа причините за ова задоцнето катарзирање: дали беше чудесната Прованса, со своите опојни миризби, особено на лавандата, на чудесните бои, или на етеричните масла, со кои вие ме дарувавте во вашиот волшебен пакет, кој ми пристигна како фрагмент или беше гласот на мојата осамена мајка, која ја слушав ушите тогаш во Арл по телефон. Во нејзиниот глас се губеше интензитетот на живеењето по кој ја препознававме. Откако мајка ми ги загуби и двајцата постари браќа, животот кој ѝ преостануваше беше жртву-

ван на нашата иднина. Нешто ме тераше што побрзо да се вратам, а беа поминати само петнаесетина дена, преостануваа уште четириесет и пет. Веќе се бев откажал од второиот месец. Повикот на мојата мајка макар тивок, кажуваше јасно дека во неа постепено завршуваше животот.

Мојата тивка тага ја открија преведувачите со кои најмногу се зближив, преведувачката од јапонски на француски јазик Доминик Палме и преведувачот од англиски на холандски јазик Пол Ле Брин. Вистинските преведувачи се посебен сој луѓе, во тоа бев најмногу уверен од искуството на мојот татко кој цел живот ги преведуваше битолските кадиски записи, познатите сицили (од XVII до XIX век), потоа на Јусуф Врионi. Овие преведувачи имаат силна личност која ја затскриваат зад преведените дела на авторите, во кои неретко се надаминуваат себе, но во себе ја задржуваат гордоста на своите подвизи, ретко допуштајќи изливи на жалење, што не се во заслужените први редови на преведените книги.

На Пол и Доминик, кои останаа мои пријатели, им се доверував за моите книжевни планови, за мојата балканска сага. Со нив, во Арл, ја споделивме во кафеаната Ван Гог, во која бил редовен гостин славниот сликар, мојата радост за првите објавени страници од Татковите книги, десетина стории, преведени од швајцарскиот романсиер Луј Жино во списанието Ecriture, *кое се објавува во Лозана. Ова всушност како да беше големо охрабрување*

за продолжување на мојата балканска сага. Останавме до доцна во мајската ноќ. Испивме не малку.

Кога се разделивме, појдов кон телефонската говорница. Првин разговарав со децата, па со сопругата Гзиме. Утрото таа со децата ја посетиле мајка ми. Се распрашувала за мене. Гзиме ме посоветува да се вратам побрзо. Кога ѝ реков дека престојот ќе го скратам за еден месец, таа ми го искажа прикриеното задоволство. Мислеше на мајка ми. Потоа разговарав и со неа. Во гласот открив поголема живост од минатиот пат, но тоа не беше доволна утеха дека таа беше како пред моето заминување. Ѝ реков дека го скратувам престојот. Ми одговори да направам како е за мене најдобро!

Утредента, со веќе донесена одлука за предвремено заминување, на појадокот малку опуштено го прелистував дневникот Ле Монд со датум од 26 април 1993 година. Читам на третата страница и не верувам:

„Папата Јован Павле II во прва посета на Албанија“.

За миг ми запира здивот продолжувајќи да читам:

„Папата во Скадар ја освети повторно изградената катедрала Свети Никола, разурната во 1967 г., на местото на некогашниот Атеистички музеј“.

Ме обзеде силна возбуда, нешто длабоко, длабоко во мене се вознемири. Каков силен сигнал е упатен во мојата потсвест. Дојдено е времето да катарзира мојата вистина за Атеистичкиот

музеј. Тие што сакаа некогаш да им го заробат небото на луѓето, конечно се поразени. Ги стигна најпосле божјата казна!

Се упатив кон моето работно место во салата, каде што веќе Доминик, Пол и другите беа на своите работни места пред отворените компјутери. Ги поздравив без, како по обичај, да размениме неколку куртоазни зборови. Тие беа сконцентрирани на нивниот превод, на нивната непишана норма во остварувањето на осум страници дневно како конечен превод за објавување.

Мене како да ме обзеде пишувачка треска. Не го отворив компјутерот. Зедов топ бела хартија и наострив неколку моливи. Започнав вистински бој со белата хартија. Започнав да го пишувам својот ***Атеистички музеј****. Го изневерив преведувачкиот еснаф. Но не целосно, јас преведував темни фрагменти од мојата душа положувајќи ги врз светлата бела хартија. Графитот од моливот брзо се трошеше. Го бележев штинерерот на некогашниот престој во пеколот на враќањето, со надеж дека уметноста ќе прости! Како да го изгубив реалното чувство за просторот и времето, штитен од провансалскиот миризлив и светол простор, на којшто среќно ме посетувате.*

Се прашуваа моите пријатели преведувачи што се случува со мене останувајќи дење и ноќе врз белата хартија. Се обидував отсутно да ги следам на ручеците и вечерите со надеж што побрзо да се вратам во библиотеката во бојот врз белата хартија со преостанатите фантоми

од Атеистичкиот музеј во Скадар. Требаше еднаш засекогаш да се заврши таа битка!

Во почетокот на мај по петнаесет деноноќија пишување беше завршена првата верзија од мојот ракопис ***Атеистички музеј.*** *Речиси ситe петстотини страници од топот хартија, со педесетина графитни моливи, беа испишани со големи букви, какви што ги фиксирав при брзото пишување. Да беше ракописот смирен, прецизен, јасен и да беше пишуван во подолг временски период, сигурно ќе беше многу пократок. Беше тоа пишување на вистинско враќање од аскеза.*

Кога ја испишав и последната страница, сведочејќи за крајот на книгата, по враќањето од Албанија (...Првин појдов кон татковиот гроб... Се вратив на местото каде што бев за последен пат пред да заминам во родната Албанија... Ја препознав старата тишина... Татковиот гроб сега ми се виде голема, ширум отворена книга што ја прелистуваа прстите на времето... Арл, 1993 – Париз, 1997 г.), имав чувство дека сум слободен, ослободен од една голема тежина во себе, можеби тешка колку и големите бетонски статуи на Сталин и Енвер Хоџа кои се тркалаа во Тирана по падот на диктатурата. Чувствував, во тој миг, дека ќе имам шанса за ново, среќно ***враќање*** *во родната земја...*

Ви пишував, ви ја допишував, почитувана моја Елен Лејбовиц, книгата ***Атеистички музеј****, зашто во вас открив не само голем и незаменлив читател, туку и нешто многу блиско во вашата голема моќ да ме разберете, да ми се придружите*

во меандрите на страдањето во едно минато што оставило траги во душата.

Вашата провансалска лаванда можеби ја имаше моќта на Прустовиот меден колач мадлен, кој за мене имаше горчлив вкус, но кој сепак ми го поврати вкусот на едно време, без кој можеби не е можна полнотата на животот, по која трагаме можеби и кон отаде.

О, колку бевте во право со вашето тврдење дека темпоралниот и просторниот облик на дистанца, каква што можеше да се има во чудесната Прованса, беше толку драгоцена за да се допре дното на својата изгубена земја. Нестрпливо го очекувам вашето идно писмо...

Ваш Луан Старова

VIII

Читателката Елен Лејбовиц, времето тоа неумолливо го покажуваше, имаше силно влијание врз моето пишување. Со блиски од семејството, освен со мојот татко, кого одамна го немаше, немав постигнато толку голем степен на доверлива блискост, дури и еден вид интимност, во врска со плановите на моето пишување и балканската сага. Го почитував неумолливиот договор: да пишувам и да се исповедам до дното на срцето и душата, а да не знам ништо за Елен Лејбовиц. Која беше таа? Како изгледаше?

Пишувањето на Елен Лејбовиц стануваше еден вид огледало на судбината во која таа започнуваше да зазема значајно место. Беше крај мене

кога пишував, но одеднаш умееше да се оддалечи, да укаже на својата дистанца, едноставно да ја нема или целосно да ја смени големата тема од сржта на мојата сага, да се сврти на помалку значајни теми, на прв поглед банални, дури и да ме предупреди дека и не морам да одговарам на нејзините писма. Но тоа јас не можев да си го замислам. Упорно ѝ пишував. Нејзините повици на индиферентност во преписката, уште посилно ме поттикнуваа да ѝ пишувам. Трагајќи по неа, јас како да се дооткривав низ неа, низ нејзините писма. Но таа и покрај предупредувањата дека нема да ми пишува, не престануваше да ми одговара. И така од тоа не можеше да се извлекуваат конечни заклучоци за нејзината заинтересираност да ја следи мојата семејна сага. Таа постојано изненадуваше со нова централна тема, која имаше силна моќ да извлекува од балканската сага дури и теми каде што моите мисли се наоѓаа на распаќе на дилемите. Очекував, по моето долго писмо, да ме прашува за моето предвремено враќање од Арл, за судбината на мајка ми, за нејзините последни денови од животот.

Очекував да ме прашува и за судбината на мојот ракопис, фантомски започнат во Арл, потоа во 1997 година довршен во Париз, објавен во Македонија истата година, а во 1999 година да биде објавен на француски јазик од парискиот издавач Фајар, како и на турски јазик, заедно со *Татковите книги* и *Времето на козите*. Романот се очекуваше да биде објавен на албански јазик, но тоа не се случуваше. Имаше извесна здржаност кај авторот во одреден период сакајќи да го избегне евентуалниот шок кај албанските читатели од материјата што дотогаш никој

не се беше обидел да ја третира во албанската литература. Но не беше мал бројот на албанските читатели кои го читаа на француски превод овој роман.

Големо беше моето изненадување кога еден млад албански новинар, Алтин Рацими, неколку години по падот на диктатурата во Албанија, ги беше прочитал моите објавени романи на француски јазик, но своето внимание, на мое големо изненадување, посебно го беше запрел на *Атеистичкиот музеј,* посебно на сцената од атеистичкиот музеј во Скадар, односно на експонатот за душата, кога водачот Х.Х., тврди дека од човечкиот организам по смртта остануваат толку килограми и грамови нитросодиум, стронциум, калциумов карбонат, калциумов фосфат, колагени влакна, вкупно 43,750 килограми, а дека душа нема ниту милиграм!

Новинарот кој во рамките на емисијата што ја уредуваше на познатата албанска приватна телевизија Топ Ченел во Тирана, ме покани да учествувам во една голема емисија со припадници на семејството во Албанија и Македонија, на една „отворена сцена“ на балканската сага.

Предлогот го поткрепи со своето искажување:

„Јас лично, господине Старова, повеќепати сум патувал низ Балканот како новинар. Во балканските литератури од 90-тите години на минатиот век, јас сум наидувал на метафори од книги, без да ги изделам и европските литератури кои се пишуваат и на Исток и на Запад, во кои доминира раскажувањето на насилството. Инвентар на несреќите, на трагедиите!

Описот што го правите на мојата земја во вашиот роман ***Атеистички музеј*** *е најуспешното и најдоброто претставување на Алабнија од 70-тите години, време што и самиот сум го доживеал. Вашиот приказ е подобар и од оној на Питер Устинов и на други странски автори... Ве очекуваме во Тирана...“*

Не покажав голем интерес да учествувам во телевизиската емисија на Алтин Рацими, макар што бев пријатно изненаден и охрабрен од неговото мислење за книгата *Атеистички музеј,* како припадник на младата генерација, кому како да му тежеше на ист начин блиското минато, кое не можеше да се ослободи само со соборувањето на големите, мамутски статуи на Сталин и Енвер Хоџа во Тирана. Подоцна се обидував при моите патувања во Албанија да се сретнам со овој читател, но тој беше заминал во странство...

Се подготвував за сево ова, но и за други работи да ѝ напишам на Елен Лејбовиц, во зависност од нејзиниот интерес, но таа во следното писмо пишуваше за нешто сосема друго...

Првпат се случи во преписката со Елен Лејбовиц да не одговорам на нејзиното писмо, а таа да ме изненади со ново писмо. Таа всушност не ги нарушуваше наложените правила во нашата преписка: да ми пишува кога самата ќе посака, а да не се почитува редовноста во задолжителниот одговор на секое писмо. Но јас често во едно писмо пишував повеќе писма знаејќи секогаш дека тие ќе најдат место во големата душа на мојата голема читателка

и ќе ми се вратат во нов, облагороден облик. Така би и во наредните писма...

Hélène Lejbowicz
6 Rue du Lt Duchaillut
F- 25 000 Besançon
Les Monts-de-Corsier
(Vaud, 17.07. 2000)

Господине,

Најпосле го добив вашето долго писмо кое ми го испративте на мојата адреса во Фрежис, а можело да се случи никогаш да не го добијам.

Не сакајќи да го преполнам вашиот нотес со адреси (јас имам четири во текот на годината), јас не ви ја наведов мојата адреса од Фрежис. А тоа што сте можеле да го дешифрирате на пакетот што ви го испратив е всушност Z.I. Capitou (Z.I. е кратенка за Индустриска зона). Значи, во оваа индустриска зона која се протега на неколку хектари се сместени магацини, фабрики, гаражи и претпријатија од секаков вид, како и една печатница каде што работи една моја пријателка во службата за експедиција и која е експерт во правење пакети. Ѝ реков:

„Те молам спакувај ми ги овие работи да стигнат неоштетени, и покрај незгодите што би можело да ги има на граница (од овде се мисли дека сè е можно.)“

И покрај тоа што таа секој ден не е во допир со ароматичните состави кои ги става во картонски пакет, подготвувањето на овој пакет

посебно ја забавуваше. Но јас не погледнав која адреса на експедиторот ќе ја запише на пакетот, помислувајќи ако вие повторно ми пишувате ќе ми се обратите на безансонската адреса.

Јас не сум којзнае колку позната во Франсис, но се восхитувам на снаодливоста на поштарот кој успеа да ја најде мојата адреса, дотолку повеќе што јас почнувајќи од месец јуни престојувам во Швајцарија.

Но перипетиите на вашето писмо не запираат тука. Пред моето заминување во Франсис замолив мој близок да ми ја проследува поштата. Еден пријател од Израел го зел вашето писмо од моето поштенско сандаче, знаејќи дека јас сум во Швајцарија. Тој му го доверил писмото на еден швајцарски пријател кој претпоставувал дека ќе ме сретне, но на крајот му го доверил писмото на еден друг швајцарски пријател... И така најпосле вашето писмо стигна до моите раце, сигурно преживувајќи неизвесна и опасна авантура!

Во иднина, за да се поедностават работите, подобро и посигурно би било да ја задржите безансонската адреса. Оваа препорака ми се чини дотолку поумесна што вие во вашето писмо ми најавувате патување во Швајцарија (претпоставувам германска Швајцарија) во врска со претставувањето на германското издание на вашата книга ***Времето на козите,*** *наведувајќи дека веќе сте ме известиле за тоа. Но јас никогаш немам добиено таква информација. Веројатно пишувајќи многу писма, вие сте ме замениле со друго лице. А сега ми најавувате дека ќе ми го испратите предговорот на Едгар Морен за цебното издание на*

вашата книга. Се прашувам каде ли сега ќе „ате-рира“ тој предговор! Еве многу компликации за една проста историја околу адресите, но морав да ви го објаснам сево ова. Простете.

Брзам да ви го експедирам ова писмо за да не испратите друго во Фрежис. Ќе ви пишам штом ќе го „сварам“ (не го сакам овој поим со физиолошка конотација, но не можам да најдам друг) количината емоции и страдања кои ги изразувате во вашето писмо, но кои можат да се насетат во вашите книги. Тоа што ми го пишувате за смртта на вашите браќа ме прави да сум загрижена за вашето здравје. Но јас се надевам дека целта што сте си ја поставиле, да ја овековечите семејната меморија, ќе ви помогне да живеете што подолго.

Елен Лејбовиц

Hélène Lejbovicz
6 Rue du Lt Duchaillut
F-25 000 Besançon
Les Monts-de-Corsier
(Vaud), le 17 juillet 2000

Monsieur,

Je viens à peine de recevoir la longue lettre que vous m'avez adressée à Fréjus et qui aurait bien pu ne jamais arriver. Il est vrai que c'est ma faute.

Ne voulant pas encombrer votre carnet d'adresses (j'en ai 4 tout au long de l'année), je ne vous avais pas précisé mon domicile à Fréjus. Ce que vous avez dû déchiffrer sur le colis est en réalité Z.I. du Capitou (Z.I.

étant le sigle pour Zone Industrielle!). Or, dans cette zone industrielle qui s'étend sur plusieurs hectares, voisinent entrepôt, usines, garages et entreprises de toutes sortes, dont une imprimerie où j'ai une amie qui travaille au service de l'expédition et qui est donc experte en confection de paquets. Je lui avais dit: "Je vous en supplie, emballez-moi tout ça de telle sorte que même s'il y avait des incidents aux frontières (d'ici on imagine que tout est possible!), les bocaux arrivent intacts jusqu'à Skopje". Et outre que ce n'est pas tous les jours qu'elle travaille au milieu d'effluves aromatiques sortant d'un carton, la préparation de ce colis l'avait bien amusée. Mais je ne m'étais pas inquiétée de ce qu'elle allait inscrire comme adresse de l'expéditeur, pensant que si vous souhaitiez à nouveau m'écrire, vous le feriez encore à Besançon.

Je ne suis vraiment pas une célébrité à Fréjus et j'admire l'ingéniosité du facteur qui a réussi à trouver mon domicile, d'autant plus que depuis le début du mois de juin je suis en Suisse. Aussi les péripéties ne se sont-elles pas arrêtées là. Alors qu'à Fréjus j'avais chargé quelqu'un de me faire suivre mon courrier, c'est un ami israélien qui a pris votre lettre dans la boîte et, sachant que j'étais en Suisse, il l'a confiée à un ami suisse qui rentrait chez lui en voiture; lequel ami suisse pensant qu'il ne me rencontrerait peut-être pas tout de suite l'a lui-même confiée à un autre ami suisse… Et c'est ainsi qu'elle m'est parvenue, rescapée d'une périlleuse aventure.

A l'avenir, pour simplifier les choses, il est donc préférable que vous ne conserviez que l'adresse de Besançon. Cette recommandation me paraît d'autant plus utile que dans votre lettre vous mentionnez un

voyage en Suisse (Suisse alémanique j'imagine), que vous auriez fait pour présenter la traduction allemande de votre livre ***Le temps des chèvres****, en précisant que vous m'en aviez informée. Or je n'ai jamais reçu une telle nouvelle. Il est vrai qu'ayant sans doute beaucoup de courrier à faire vous pourriez avoir confondu avec une autre personne à qui vous l'auriez écrit. Et vous m'annoncez maintenant l'envoi de la préface d'Edgard Morin pour la réédition de ce livre en collection de poche, et je me demande où cette préface va cette fois-ci atterrir !... Voilà beaucoup de complications pour une simple histoire d'adresse, mais il fallait que je vous explique tout ça. Vraiment, excusez-moi.*

Je me hâte d'expédier cette missive pour que vous n'envoyiez rien d'autre à Fréjus. Je vous écrirai dès que j'aurai "digéré" (je n'aime pas ce terme à connotation physiologique, mais je n'en trouve pas d'autre) la somme d'émotions et de souffrances que vous exprimez dans votre lettre et aussi celles que vous n'exprimez pas et qui sont tout de même perceptibles. Ce que vous m'écrivez da la mort de vos trois frères me fait évidemment me poser des questions sur votre santé. J'espère seulement que la tâche que vous vous êtes donnée, de perpétuer la mémoire familiale, vous aidera à vivre le plus longtemps possible.

Hélène Lejbowicz

IX

Пишувајќи ѝ на Елен Лејбовиц, од писмо во писмо, јас не престанував да трагам по нејзиниот

идентитет, по нејзината професија и, конечно, по мотивите заради кои ми пишуваше. Таа успеваше, како ниту еден книжевен критичар, особено кога беа во прашање *Времето на козите* да проникне во нивната суштина. Напати таа во *Времето на козите* гледаше филозофска сказна, инспирирана од Балканот, но со универзални вредности. Во Франција козјата симболика беше присутна во сите времиња. Французите се меѓу ретките луѓе во светот кои имаат култ кон сè. Бев изненаден до кој степен вистината за моите балкански кози најде свои верни читатели во Франција. Нивната вистина се прошируваше, оживуваше во Франција. Книгата ***Времето на козите*** на некој начин се дополнуваше, допишуваше...

Ле-Мон-де-Крозје, 14 август 2000 г.

Господине,

Постојат ликови во книги како пријатели од детството чија трага сме ја загубиле. Најелементарниот бон сенс би требало да ни сугерира дека тие се изменале или повеќе ги нема на овој свет, но на нив никогаш не помислуваме.

Читајќи го вашето последно писмо однеадеж открив дека меѓу вашите тројца починати браќа, бил и неустрашливиот млад човек кој еден ден ќе ѝ го открие името на козата Сталинка. Никогаш не би помислила дека тој еден ден остарел. Вашите три книги преведени на француски јазик, објавени кај издавачот Фајар ја носат озна-

ката „роман“. Дали, како неупатен, читателот на вашата историја би можел на самиот почеток да согледа кој е делот на реалноста, а кој е уделот на фикцијата?

Се разбира јас најпрво ја прочитав книгата ***Времето на козите****, бидејќи таа беше прва објавена и ве уверувам дека тогаш веднаш помислив дека се работи за филозофска сказна. Но само откако ја прочитав книгата јас ја погледнав последната страница од корицата во која се прецизираше дека оваа извонредна авантура се случувала во Скопје. Меѓутоа, ниту ова прецизирање, ниту разгледницата што вие потоа ми ја испративте локализирајќи различни предели на градот каде што се случувал настаноt, не можеа да ми го избришат првичниот впечаток дека сум прочитала филозофска сказна. Се разбира, сказната била инспирирана од извесна реалност, но сепак си останува сказна.*

Зошто е тоа така? Најпрвин, земено генерално, вие во книгата не ги именувате ниту местата, ниту ликовите. Станува збор за градот, за реката, за тврдината, за езерото, за границата, за роднатa земја, проследено со постојаниот неодредувачки карактер, својствен на сказните со нивниот универзален карактер. Потоа, главните ликови, вашиот татко, вашата мајка и Чанга се претставени како различни фигури на мудроста: вашиот татко ја претставува мудроста на интелектуалецот, Чанга ја изразува мудроста на човекот на природата, а вашата мајка е симбол на мудроста на спасителка на животот. Нај-

После тука се и децата: едно од нив, во еден момент ѝ дава име на еднаша од козите, но неговото име нема да ѝ го дознаеме, ниту имињата на другите деца. Тие формираат некаков си колективен ентитет кој дејствува и реагира заеднички, се радува на животот но и посебно страда и стравува заедно. На моменти, јас помислив на Малиот Палчо и на неговите браќа од прикаскаша на Перо, но и на други, подраматични, наликувајќи ми како на внесување на хорот од античкаша трагедија во детскиот универзум.

А сега за овој вид пеколна машина која се ставa во погон за да се истребаш козите... По второто читање на вашаша книга, си реков дека вие не сте можеле да ја измислите оваа историја, но сепак тешко можев да си замислам дека таа е вистинита. Таа е толку смешна, толку гротескна историја и потребен е навистина сериозен напор и идеолошки занес за да им се замераш толку луѓето на козите.

Епизодата на пописот на козите е навистина антологиски извадок, а во исто време, постајкаша да се измами едно население е толку монструозна, во името на наводниот прогрес, лишувајќи ги овие животни од живот. И асоцијацијата на гротескното и монструозното придонесоа да ја замислам оваа книга како филозофска сказна.

Кога Рабле и Волтер сакале да ѝ се потсмеаш на војнаша, тие ги измислиле, првиот историјаша на пикрошолскаша војна, а вториот војнаша на Кандид, но ниту во едниот ниту во другиот случај, не можаш да се земаш за толку

сериозни сценитe на масакритe. Навистина, јас си помислив, дека на ист начин можела да се исмее сталинистичката идеологија како што вие сте ги замислиле нивнитe егзекутори кои со толку голема ступидност се нафрлаат на козјиот свет. Во центарот на оваа грозоморна акција, е поместено читањето и коментаритe на расказот „Козата на г. Сеген“ од Алфонс Доде. И потоа она мистериозно исчезнување на Чанга во тврдината со своето стадо кози, зар тоа не личи на крајот од една сказна?

Но, од друга страна, јас сум во вистинско искушение да ве запрашам дали случката е вистината? Но, си велам оти подобро би било да останам во доменот на неизвесноста.

Вие ми пишувате дека некои читатели повеќе ја сакаат книгата ***Времето на козите,*** *а други* ***Татковите книги.*** *Лично мислам дека издавачот бил во право кога решил првин на француските читатели да им ја претстави книгата* ***Времето на козите****, но сепак тешко ми е да се определам која книга ми се допаѓа повеќе. Истото го мислам и за книгата* ***Атеистички музеј.***

Од книга во книга, вие на еден мошне посебен начин ги претставувате настаните и навраќањата кон нив што придонесува трите книги меѓусебно да се дополнуваат и дообјаснуваат, а верувам дека истото ќе важи и за следните книги. И така, да претпочитам една пред друга книга, за мене тоа нема никакво значење.

Стигната до овде, забележувам дека моето пишување зело друга насока од претходно замисле-

нашта. Но не беше тоа што сакав на почетокот да ви го кажам. Ама сепак тоа нема посебно значење, и го оставам за другпат. Меѓутоа, пред да го завршам писмово, би сакала нешто да биде јасно меѓу нас. Најпрвин, јас не очекувам вие да одговарате на моите писма. Се разбира јас ќе бидам секогаш многу среќна да го читам тоа што сте сакале да ми го кажете. Но кога му се пишува на еден автор тоа е, всушност, одговорот на една порака што тој веќе ја испратил самиот. Зошто да се оттргнува од својата работа, очекувајќи уште нешто друго? Потем, не ми заблагодарувајте за нешто што ќе ми падне на ум да ви испратам. Најнапред, тоа ми е занимливо и тоа навистина ми чини задоволство. Еден ден, можеби ќе ви кажам зошто...

Елен Лејбовиц

Les Monts-de-Corsier, 14 VIII 2000

Monsieur,

Il en est des personnages des livres comme de ces amis d'enfance dont on a perdu la trace. Le plus élémentaire bon sens devrait nous suggérer qu'ils ont changé, ou qu'ils ne sont peut-être même plus de ce monde, mais on n'y pense pas.

C'est donc en lisant votre lettre que j'ai soudain réalisé que, parmi vos trois frères décédés il y avait sans doute l'intrépide jeune homme qui avait un jour baptisé la chèvre Stalinette. L'idée ne m'avait jamais effleurée jusque-là qu'il avait pu vieillir. Vos trois

livres traduits en français portent la mention "roman". Alors, comment un lecteur ignorant de toute votre histoire pourrait-il discerner dès l'abord la part de la réalité et celle de la fiction?

C'est évidemment "Le temps des chèvre" que j'ai lu en premier, puisqu'il est paru le premier et je vous avoue que j'ai d'abord cru qu'il s'agissait d'une sorte de conte philosophique. Ce n'est qu'après avoir terminé le livre que j'ai jeté un coup d'œil sur la quatrième de couverture précisant que Skopje était le lieu de cette aventure extraordinaire. Mais ni cette précision, ni la carte que vous m'avez envoyée en localisant les différents épisodes n'ont pu effacer cette impression première que je venais de lire un conte. Un conte inspiré par une certaine réalité, bien sûr, mais un conte tout de même.

D'abord, parce que d'une façon générale vous ne nommez ni les lieux, ni les personages. Il y a la ville, le fleuve, le château, le lac, la frontière, le pays natal, avec ce caractère d'indétermination qui confère aux contes leur portée universelle. Puis, les personnages principaux, votre père, votre mère et Tchaga, sont présentés en quelque sorte stylisés, comme différentes figures de la sagesse: votre père la sagesse de l'homme de pensée, Tchanga la sagesse de la nature, et votre mère la sagesse gardienne de la vie. Enfin,il y a les enfants: l'un d'eux, à un moment, donne un nom à une chèvre, mais son nom à lui on ne le saura jamais, pas plus que les noms des autres enfants. Ils forment une sorte d'entité collective, agissant et réagissant ensemble, se réjouissant mais surtout souffrant et ayant peur ensemble. Par moments, j'ai pénse au Petit Poucet et à

ses frères du conte de Perrault, et à d'autres, plus dramatiques, ils me sont apparus comme l'irruption du chœur de la tragédie grecque dans l'univers enfantin.

Quant à cette espèce de machine infernale qui se met en marche pour exterminer les chèvres!... Après une deuxième lecture de ce livre, je me suis dit que vous ne pouviez pas avoir inventé cette histoire, et pourtant, j'arrive difficilement à croire qu'elle soit vraie. Il est tellement ridicule, tellement grotesque de mettre autant de sérieux et de zèle idéologique pour s'en prendre à des chèvres – l'épisode de leur recensement est un morceau d'anthologie! – et, en même temps, tellement monstrueux d'affamer une population, au nom d'un prétendu progrès social, en la privant de ces animaux! C'est aussi cette association du grotesque et du monstrueux qui m'a fait prendre ce récit pour un conte philosophique. Quand Rabelais et Voltaire ont voulu ridiculiser la guerre, ils ont inventé le premier l'histoire de la guerre picrocholine, le second celle de Candide, et dans l'un et l'autre cas, on ne peut pas prendre les scènes de massacres tellement au sérieux. De la même façon, vraiment, j'ai cru que cela pouvait être pour ridiculiser l'idéologie stalinienne que vous aviez imaginé ses exécutants s'attaquant avec autant de stupidité à la gent caprine. Au centre de cette sinistre Entreprise, il y a la lecture et les commentaires d'un conte "La chèvre de M. Seguin". Et puis cette mystérieuse disparition de Tchanga dans le château, avec son troupeau, ne ressemble-t-elle pas, elle aussi, à la fin d'un conte?

D'un côte, je serais tentée de vous demander ce qu'il en a été réellement… Mais d'un autre, je me dis qu'il vaut mieux rester dans une certaine indécision.

Vous m'écrivez que certaines personnes préfèrent "Le temps des chèvres" et d'autres "Les livres de mon père". Autant je pense que l'éditeur a eu raison de présenter d'abord "Le temps des chèvre" au public français, autant je me trouve dans l'impossibilité de préférer. Et de même pour "Le musée de l'athéisme". D'un livre à l'autre, vous avez une façon très particulière de relater les événements et de revenir sur eux qui fait que ces trois livres s'éclairent mutuellement; et je pense qu'il en sera de même pour les suivants. Alors, dire que l'on préfère l'un ou l'autre, pour moi cela ne signifie rien.

Arrivée à ce point de ma lettre, je me rends compte qu'elle a pris une direction à laquelle je n'avais d'abord pas pensé. Ce n'est pas cela que j'avais, en commençant, l'intention de vous dire. Mais peu importe, ce sera pour une autre fois. Cependant avant de terminer, je voudrais que quelque chose soit bien clair entre nous. D'abord, je n'attends pas que vous répondiez à mes lettres. Bien sûr, je serai toujours très heureuse de lire ce que vous pourrez avoir à me dire. Mais quand on écrit à un auteur c'est, me semble-t-il en réalité, une réponse à un message qu'il a déjà lui-même envoyé. Pourquoi vouloir le distraire de son travail, en attendant encore autre chose? Ensuite, ne me remerciez pas pour ce que je pourrais avoir éventuellement la fantaisie de vous expédier. D'abord cela m'amuse, et ensuite vraiment cela me fait du bien. Un jour, peut-être, je vous dirai pourquoi…

Hélène Lejbowicz

летото 2000 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Ви се восхитувам на вашиот херменевтички прочит на романот ***Времето на козите****. За мене оваа дамна напишана книга, по преведувањето на француски јазик, со вистината за балканските кози, не верував оти еден ден може да ги задржи толку живи своите значења.*

Се уверив од писмата кои ги добивав, особено од козописецот Жан Домек од градот Тур, со кого козјото прашање нè поврза во долгогодишно пријателство. Тој беше угледен и висок администратор во француските железници, но козите и нивната судбина го исполнуваа целосно неговиот живот. Во своите панегирични записи ја бранеше козата како Мајка на светот, Ќерка на сонцето, заштитничка на гладните во светот. Тврдеше дека човекот и човештвото, макар во клучни периоди, особено во војни и глад, беа крајно неблагодарни кон козата. Жан Домек сакаше да ја „исправи“ оваа историска грешка.

Припитомена меѓу првите животни од човекот во рајските градини на Месопотамија, козјата трагедија, според Жан Домек започнува по Француската буржоаска револуција во 1789 година, кога во името на прогресот, започнува борбата против козите, како животни кои, уништувајќи ги шумите и цветните градини во Франција, ја загрозуваа цветната иднина. Жан Домек трагаше по контра-аргументи, почнувајќи од најстарите и митолошките времиња, кога козата

беше дури и доилка на богот Зевс. Огромни стада кози од планинскиот венец на Пиринеите, со смелите козари стигнувале до изгладнетиот Париз за да ги спасат сиромасите на крвавите барикади! Овие сцени потсетуваат на свој начин на повоеното Скопје кога во градот доаѓаат селаните со своите кози да ги спасат од глад сиромашните и изнемоштени семејства.

Жан Домек својата старост им ја посвети на козите. Ги бранеше во историјата, живееше со нив. Во својата голема куќа во Тур, во вид на мал дворец, во која бев повикан да го посетам, Жан Домек живееше со својата сопруга и со две убави сански кози. Живееја и обајцата, најмногу од млекото и млечните производи од двете кози, а остануваше и за нивните гости. До дворецот имаше и една капела во која живееја двете кози. Во куќата имаше една сала која служеше како мал козји музеј во кој се чуваа слики, скулптури, фигури, инспирирани од суштества.

Жан Домек негуваше култ кон козите, како спасителки на човекот во сите времиња. Ми раскажа повеќе необични настани, како козите служеле во мирот и во војните. Ми покажа неколку слики на кози кои дојат бебиња. Кози впрегнати во мали колички кои носеа бомби од еден во друг ров за време на Првата светска војна.

Жан Домек раскажа и еден необичен настан од времето на Втората светска војна, кога Франција, како окупирана земја од Германија, ќе има свој фашистички режим на чело со маршалот Петен. За време на окупацијата, идеолози на кола-

борационистичкиот режим решиле, покрај другите мерки за обезбедување на чиста козја раса, да испратат во сите градови на Франација расни јарци за да ги облагородат месните кози и да ја поправат измешаната, загрозена чиста козја раса.

Еден таков јарец пристигнал и во Тур. Бил свечено пречекан од градоначалникот, со свирење на химната. Но било недела и градските татковци не знаеле каде да го остават јарецот да ја мине ноќта. Решиле да го остават во свечената сала на градската кукa.

Јарецот како јарец, избрстил дел од украсната ламперија на салата, која била гордост на градот. Минале години, јарецот си ја завршил мисијата, но трагите врз изгризаната ламперија останале засекогаш. Стариот козољубец ми раскажуваше и други истории, кои можат убаво да се надоврзат на ***Времето на козите****...*

Сакав да ги надоврзам овие настани на вашите убави и точни мисли за ***Времето на козите****, што верувам дека во исто време ќе ви бидат поучни и забавни.*

Ваш Луан Старова

X

Имаше јасен систем во писмата што ми ги праќаше Елен Лејбовиц. Најчесто по баналните прашања што толку минуциозно ми ги упатуваше, како оние на пример за редовноста на поштите, таа

во следното писмо ќе ме изненадеше со фундаментално прашање поврзано со моето пишување, на кое никогаш не сум помислувал.

Имав чувство, читајќи ги овие писма, како да откривам некаков систем, склоп на ментални идеи во следењето на семејната меморија како жива материја. Откако бев поттикнат на таква творечка размисла врз романот *Атеистички музеј*, јас повторно сега се чувствувам повикан да го „дообјаснувам“ романот *Времето на козите,* низ нејзината суптилна анализа, која донесуваше за мене нови интерпретативни вистини, наспроти познатите француски автори кои се искажаа и пишуваа за оваа книга (Ален Боске, Едгар Морен, Морис Друон, Ерик Фај, Жил Лапуж, Лоран Ковач и други).

Елен Лејбовиц, претпоставував дека можела да биде професор по француска книжевност според суптилните и задлабочени анализи на моите книги, но јас никогаш не ја дознав нејзината вистинска професија, како и многу други податоци од нејзиниот живот, почитувајќи ја нејзината желба за строга анонимност. Но восхитуваше нејзината моќ да проникне суптилно во менталниот и географскиот пејзаж на хронотопот на одвивањето на мојата балканска сага.

По романот *Атеистичкиот музеј*, на кој повторно се навраќаше во писмата, овојпат понагласено под нејзината читателска лупа се најде *Времето на козите* и периодот и настаните што му претходеа на пишувањето, поврзани со актуелноста. За да ѝ одговорам на нејзината љубопитност и на некој начин да го дополнам нејзиното истражување, ѝ пренесов еден мал синопсис за можното продол-

жување на книгата под наслов *Враќањето на козите*, но и приказ на настаните во Македонија, за време на транзицијата.

Љубопитноста на Елен Лејбовиц ме предизвикуваше да ја продолжам тажната историја за истребените кози на Балканот, во таа борба помеѓу злите и добрите, помеѓу глупоста на носителите на тоталитарната власт и мудроста на жртвите на власта. Имаше повеќе мотиви да го продолжам раскажувањето, но јас останував обземен од новите предизвици на балканската сага, во потрага по нови многузначни глобални метафори. Продоложив да ѝ се исповедам на мојата верна читателка...

Скопје, 1 септември 2000

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Проста е, но едновремено и сложена приказната за моите Козички, на кои вие повторно се навраќате во вашето последно писмо и ми поставувате интересни прашања, на кои ретко сум помислувал пред и по пишувањето на романот ***Времето на козите****. Секој автор има само една книга во која го крие својот основен код, а во другите можеби станува епигон на самиот себе.*

Вам ***Времето на козите*** *најмногу ви личи на филозофска сказна на едно време. На ова мислење беше и Робер Бадентер при претставувањето на романот* ***Времето на козите*** *на 2 октомври 1997 г. во Сенатот на Франција. Во однос на раскажувањето на масакрот врз козите, со според-*

бите на епизодите од романите на Рабле и на Волтер, вие ја споделувате мислата на Едгар Морен кој, на презентацијата на Козите во Сенатот, ќе истакне дека во книгата нема свирепи, омразени ликови, како во западните романи, но авторот ја следи основната идеја, козарите да се трансформираат во пролетери и според логиката на настаните ќе дојде до пасивен отпор на козарите, до нивната „бела револуција“ и на крајот ќе следи нивната ликвидација.

Метафората на балканскиот козји трагизам е сигурно израз на сфаќањето на феноменот на власта, присутно уште од отоманското време, која на Балканот, се прифаќа како фаталност, која доаѓа од многу далеку и од многу високо, дури и од самиот Бог, и која мора да се поднесува и се останува немоќен. Филозофската сказна што се нуди во романот Времето на козите, според Едгар Морен, претставува нешто посилно од сето тоа, посебно од арбитрарните декрети на власта.

*Повторно ми го поставувате прашањето по новите читања на книгата: дали е вистината раскажаната историја за ликвидацијата на козите. Сите мои одговори се во книгата. Вистина е дека во **Времето на козите**, на еден посебен начин, се раскажува за уништувањето на козите во Југославија кон крајот на 40-тите и 50-тите години, за мачните егзодуси на илјадници селани кон кревките градови, за да го создадат новиот човек.*

Наредбата да се уништат козите во руралните средини што ја наметна социјалистичкиот режим за да се обезбеди посакуваната индустри-

јализација доведе до забрзана пауперизација на селата. Масакрот на козите, земен како политичка одлука и алегорија, социјален факт и симбол, всушност ја предочува постојаната борба што човекот залудно ја води со векови, за да се спречат уништувачките сили и „синдромот на ликвидациите“ на кои ниеден народ на Балканот не успеал да им избега.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц, уништувањето и ликвидацијата, без оглед дали потекнуваат од прастарата опсесија, од идеолошкото замрачување на умот или од трибалниот антагонизам, се впишуваат во мрачната традиција на омразата, на непријателствата, но и на хаосот кој владее во овој регион. Можеби мојата цел беше преку вистинската сказна да ги покажам апсурдностите на тоталитарниот режим, преку акции со крвави последици: ирационалната пропаганда измислува лажни непријатели на системот за да ги започне ликвидациите. Тоталитарната мисла е најчесто неурамнотежена: реалноста и разумот се потчинети на арбитрарната волја и на утописките проекти. Ако политиката, во своите програми, пишува Никола Ковач во својата книга ***Европскиот политички роман****, се нафрла против „жртвените јарци“, дисидентите, „класните непријатели“, „платениците од странство“ тогаш тоталитарниот режим не се двоуми пред масовните уништувања: од Шоа до Гулаг.*

Жртвувањето на козите е уште едно тажно сведоштво: една лажна логика, противречна на

смислата и реалноста на фактите, завршува со трагедија. Метафората на жртвувањето ја презема судбината на Балканот, каде што насилството и бесмисленият волунтаризам ја заменуваат мудроста на народите.

Историјата на козите може да се разбере и како персонификација на слободата и на автономијата која на Балканот неретко се свртуваше во ужас. Силата која вреди повеќе од правото е само предвесник на масовните убиства во времињата на војни, и во минатите и во сегашните времиња.

Вака замислената политичка или филозофска сказна, доколку биде уметнички издржана, може да им се противстави на деструктивните митологии на тоталитарното владеење.

Но вие, господо Лејбовиц, се интересирате за автентичноста на сказот, за неговото продолжение, дали се враќа козите на Балканот?

Исчезнатите, масовно жртвуваните кози, се разбира никогаш не се враќа. Ниту селаните станаа преку ноќ работничка класа. Некогаш насилната миграција од селото кон градот остави тешки последици врз развојот на земјата. Во секој случај, тешката индустрија беше подигната во главниот град на Македонија со гигантска железарница што вработуваше дури до дваесет илјади работници, а рудата се наоѓаше стотина и повеќе километри јужно. Истото се случи и со другите „тешки индустрии“...

Но по распадот на Југославија и поразот на нејзиниот самоуправен социјализам и воведување-

то на новата пазарна економија, купрата јужна Република Македонија, макар независна држава, доживува тешки транзициски години, со изгубената „тешка индустрија“, несреќно и мафијашки приватизирана, со пропаднато земјоделство и сточарство, со армија невработени. Земјата брзо се осиромаши, школуваните умови, создадени своевремено паралелно со „тешката индустрија“ емигрираа во САД, Канада, Австралија, дури и до Нов Зеланд...

И така дојде повторно, на друг начин и во други димензии времето на козите. Но тоа може да се раскаже во нова книга, за новите жртвувања на Балканот, но и за лудите крави во Европа. Во врска со тоа ќе ви раскажам еден необичен настан, кој ме врати во времето на козите.

Пред извесно време, во едно угледно римско списание за архитектура и уметност, беа претставени фотографии, цртежи, слики на сто избрани градови во светот, со цел да се фиксира душата на секој од овие градови. Списанието беше од голем формат, речиси метар квадратен и беше вистинско чудо како неповредено по пошта стаса во Скопје. Започнав да го прелистувам големото списание со прекрасни слики на центрите, или другите посебни места на градовите како Париз со Монмартр, потоа Рим, Лондон, Мадрид, Варшава, Берлин, Виена, Пекинг... и така по ред. Мојата стрпливост се исплати.

Го прелистував списанието до крајот. Градовите беа претставени по азбучен редослед. И на крајот, види чудо: претставено е и Скопје со

чудесна слика од предземјотресниот период. Го препознавам веднаш моето Козар маало, кое реката Вардар го делеше од Еврејското маало, на другиот брег. Се гледаше и убавото бело класично здание на Театарот, небаре пресадено од некој од големите европски градови. Тука е и Дрвеното мовче, кое во 1962 година го однесе засекогаш една голема поплава.

Па тоа е микрокосмосот на моето детство. Тука сигурно некогаш беше душата на градот. Ме обзеде силна возбуда кога крај сликата беше објавен фрагмент од романот ***Времето на козите*** ***(Il tempo delle capre****), објавен на италијански јазик во превод и со поговор на професорката на Неаполскиот универзитет Марина Цавери. Во фрагментот се опишува пределот каде што се случува романот* ***Времето на козите.*** *Во легендата на сликата на Скопје, пишува – предел на „изгубениот рај“ на детството.*

Но денес го нема моето некогашно Козар маало. Го нема ниту Дрвениот мост што го поврзуваше десниот и левиот дел на градот. Останале само делови од кејот крај реката. Ги нема некогашните двокатни куќи, постари од сто години, а некои и повеќе. Во душата на градот се извишиле бетонски зданија, кои повеќе потсетуваат на некакво урбано варварство. Го нема ниту познатото здание на Гимназијата во која учев, позната прво по името Женска гимназија, потоа по името „Јосип Броз Тито“. На нејзино место се извиши ново здание во вид на пагода, во кое одсекогаш била сместена власта, првин Централниот

комитет на Комунистичката партија, а по падот на комунизмот, Владата на Република Македонија...

Животот во Скопје го продолжив во една нова зграда близу до некогашното Козар маало, душата на градот. Но дали душите се селат или остануваат во пределите каде што некаде сме ги сретнале, најчесто во годините на „детскиот рај“. И знаев дека под зградата во која живеев беше закопан градот на детството од времето на козите. Стигнало некое друго време, време на ново урбано варварство. Околу зградата во која живеам преку ноќ никнуваат, неконтролирано, нови градби, ми го загрозуваат видикот на парчето небо од прозорците и балконот. Дојдено е некое друго време...

И што ми преостанува: да продолжам да ги шетам мојата носталгија и меланхолија во пределот на некогашниот „детски рај“. Шетам по овој предел со моите внуци. Го минувам со нив новиот бетонски мост изграден на просторот на некогашниот Дрвен мост. Им раскажувам на внуците за времето на козите, за Козар маало, за Дрвениот мост. Им говорам за нашите детства минати со козите. Внуците не ми веруваат. Не ми веруваат и многу други блиски и далечни читатели. Па каде се тогаш козите, ме прашуваат внуците. Одлетале, одлетале, еден ден сигурно ќе се вратат, им велам. Како можеле да одлетаат кога немаат козите крилја? Нашите кози имаа крилја, сигурно имаа. Па каде се сега, каде запреле козите, упорно ме прашува внукот. Му велам во шега, но како што е впрочем запишано и во романот:

„Козичките ги подзел облакот на Шагал!“

„Па кој е сега тој Шагал“?, продолжуваат внуците, не знаејќи дали кажувам прикаска или вистина! Им велам:

„Шагал е руски сликар од еврејско потекло, кој го завршува животот во Франција. Сликал кози, крави и многу други животни, но се разбира и луѓе, кои ослободени од тежината на земјата полетуваат, запираат во облаци помеѓу земјата и небото.“

Внуците не се докрај начисто дали и натаму раскажувам прикаска или вистина! Но тие, сепак, одвреме-навреме погледнуваат кон небото, во очекување Козичките да се вратат!

На крајот, кога сме на темата на враќањето на козите во Македонија, сакам да ви раскажам и за еден вистински настан, далеку од секаква литературна имагинација, од последната година на мојата дипломатска мисија во Париз, поврзан со незавршеното „козјо прашање“!

Инженерот Андре Декостер го запознав на презентацијата на француското издание на ***Времето на козите*** *во Сенатот на Франција. Тој се занимаваше со производство на технологија за модерно одгледување на кози и производство на козјо сирење. Технологијата подразбираше кружен процес на производство на козјо сирење. Сто расни сански кози се одгледуваа во специјално бачило кое беше поврзано со специјални машини за прибирање, третирање на млекото, до конечно производство на козјо сирење. Вакви мали фарми со сто кози имаше на илјадници во цела Франција. Обично брачни*

парови агрономи, сточари, од сродни или други професии, користејќи од владата поволни кредити, отвораа свои козји фарми и обезбедуваа солидна егзистенција.

Инженерот Андре Декостер, беше на чело на фирмата која ја произведуваше и извезуваше технологијата на малата „козја индустрија“. Ја беше прочитал книгата ***Времето на козите*** *и му се родила идејата како да придонесе да се „вратат козите“ во Македонија, барајќи свој практичен одговор од епилогот на романот! Ја изнесе идејата за враќање на козите во изгладнетиот и опустошен дел на Балканот од војните! Говореше за успешните зафати на угледната асоцијација во Босна, со надеж дека таа ќе се прошири и во другите краишта од опустошената поранешна Југославија. Беа забележани крупни резултати со француските расни кози во Бугарија, Турција.*

Козите се враќаа на Балканот преку Европа, се враќаа во цивилизирани услови, како дел од модерното сточарство, како дел и од индустриското производство, кое требаше да се накалеми на балканските економии во транзиција. Инженерот Декостер, поттикнат од вистината за козите во Македонија и од добрите француско-македонски односи во тој период, реши француските кози да ги испрати во „хуманитарна мисија“ во Македонија, а потоа да дојде до масовно враќање на козите во оваа земја, до спас на делови на земјата од немаштија, глад.

Инженерот Декостер не седеше со скрстени раце. Не измина многу време и изработи Елаборат

за враќање на козите во Македонија. Ја беше проучил земјата од сите аспекти низ призмата на можностите за модерно фармерско одгледување на кози според францускиот модел – сто кози и соодветна производна технологија.

Неговиот заклучок беше дека ако се реализира предложениот проект на неколку стотини фарми во Република Македонија, земјата ќе доживее вистински процут во сферата на сточарството, вработувањето и оживувањето на пасивните региони. Неговата логика беше ако некогаш во Македонија луѓето од сиромаштија ги спасуваа козите, зошто тоа да не можат да го сторат и во времето на транзицијата, кога земјата доживуваше голема економска криза, кога селата масовно се напуштаа, а богатите пасишта зараснуваа во плевел.

Инженерот Декостер сметаше дека неговата мисија ќе прерасне во парадигма во регионот, зашто Македонија ја сметаше за мирна земја, која го избегна големиот конфликт по братоубиствените војни на Балканот. Поттикнат и лично од „козјата кауза“ која ја замислуваше и застапуваше Андре Декостер за економски препород на Македонија, но песимист за нејзиното целосно реализирање, се ангажирав по дипломатски пат, тој да биде примен на високо ниво при својата посета на земјата.

Беше примен и од тогашниот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров, од ресорните министри, посети неколку потенцијални фармери, предели во Македонија каде што сметаше дека ќе има најдобри услови за новата „козја рево-

луција“ во земјата на некогашната „бела контрареволуција“ на козите.

Се врати Андре Декостер во Париз, презадоволен од високиот прием, никогаш не бил примен од претседател на република, макар што во педесетина земји ја пренесувал козјата технологија, но остануваше резервиран од „капацитетот на надлежните и потенцијалните козоодгледувачи“ да ја разберат модерната технологија. Но инженерот Андре Декостер, и покрај сè, остана на ветеното: во Република Македонија допатува „предвидениот конвој“ од сто расни кози! Не мина многу време од големиот проект, ниту глас од судбината на Декостеровите кози во Македонија! Француските елитни кози во славна мисија да ја спасат Македонија, како некогаш нивните балкански посестрими се претопија во стадото на еден од поуспешните козари, сточарски бизнисмен.

Мисијата на инженерот Андре Декостер не беше разбрана и прифатена во нејзината суштина. Подоцна целосно се загуби трагата на европските кози во Република Македонија. Имаше кажувања дека куприте француски кози биле разделени од сестринското стадо, продадени за скапи пари на други козји ентузијасти. Вистинска балканска козја мафија!

Повеќе не ми се јавуваше ниту Декостер. За него козјиот одред беше жртвуван за високите европски хуманитарни цели во изгладнетиот Балкан! Мене ми остануваше горката вистина, дека во Македонија не се враќија вистинските кози, во

времето кога сите наши надежи за спас беа во интегрирањето во Европа и во НАТО.

Ова беше господо́ Лејбовиц, можното продолжување на вистината за враќањето на козите во Македонија, за што првпат пишувам, чувствувајќи ја потребата, пред вас да се исповедам, како мој најверен читател.

Прошта́вајте за ова предолго́ писмо
и примете ги изразите на мојата висока
почит

Луан Старова

XI

Кога најмногу претпоставував дека ќе го предизвикам и задржам интересот на Елен Лејбовиц за темата на која ме поттикнуваше да ѝ пишувам толку многу, таа ме изненадуваше со својот одговор, пишувајќи ми за нешто друго, трето. Таа сигурно во својата меморија ја задржуваше повеста за времето на козите и прашањето за нејзината автентичност, но ја задржуваше и за други времиња, небаре да ферментира во нејзината свест и да ми ја изложи неочекувано во друга пригода и со сосем подруг контекст од очекуваниот. Но еве сега таа во новото писмо, сосем неочекувано за мене, запре на преводот на еден збор, што прераснуваше во поголема тема, која требаше да заземе поголем простор во нашите идни писма...

5 септември 2000 г.
Безансон

Господине,

Предметот за кој сакам да ви пишувам е мошне деликатен, но со малку скрупули сепак решив да му се препуштам. Се работи за еден преведен збор во еден од вашите романи.

Се разбира, јас не ги познавам ниту албанскиот, ниту македонскиот јазик, но ќе бидам загрижена доколку мојата забелешка би го засегнала вашиот преведувач, но еве за што се работи! Во ***Татковите книги*** *има едно мало поглавје озаглавено со Поука за божествата (Leçon sur les divinités). Бездруго овој текст има за вас посебно значење зашто со него, како мото ја започнувате книгата* ***Атеистички музеј****. Посебно го сакам овој текст и сум го прочитала неколку пати. Во вториот пасус од текстот вие пишувате:*

„Родителите носеа притаена и смирена побожност што никогаш не ја пренагласуваа... (...Mes parents nourrissaient une forme de dévotion discrète et sereine qui ne transparaissait jamais dans leurs actes…)“

Но јас не можам да се ослободам од чувството на неудобност, кога се соочувам со преводот на зборот од текстот – дејство со acte, што според мое мислење се работи за несоодветно толкување и покрај тоа што не мора да се знае македонскиот или албанскиот јазик за да се утврди тоа.

Вие пишувате дека вашите родители се разбирале со малку зборови. Тогаш би требало со нив-

ните дејства („actes“) во однесувањето во нивниот секојдневен живот да се манифестира благородноста на нивните интимни убедувања што толку длабоко ве обележало. Токму така тоа го чувствува и читателот: постапките на вашите родители какви што вие ги опишувате, се видливо инспирирани од реалноста на тогашниот социјален поредок. Јас претпоставувам дека вие сте сакале да кажете дека верувањето на вашите родители не се изразувало во дејства (actes) во ритуализирано милосрдие како што тоа го прават верниците од сите религии: кажувањето на молитвите, одењето в црква, синагога или џамија, крстењето, коленичење, простернации, палење свеќа пред фрески, икони итн. Бездруго на тоа сте мислеле? Овде се работи за постапки (gestes), а не за чинови (actes). Доколку повеќе што ако едно автентично верување може некогаш многу добро да се изразува со гестови (gestes) тоа нужно се пренесува на чинови (actes).

Можеби затоа што сум внесена во чувствата што ги изразувате во вашиот текст, па нешто во мене се вознемирува кога ќе се најдам пред зборот – acte. Значи, се работи само за еден збор, но тој може да вознемири доколку ја наруши хармонијата на овој монумент што сте го извишиле во чест на меморијата на вашите родители. Си велам уште во себе дека овој збор можеби и никој не го забележал што би било многу добро.

Се надевам дека оваа опсервација нема да ви наштети ниту вам ниту на вашиот преведувач! Преведувањето е опасна мисија, но за среќа не се

малку личноста кои одат во пресрет на овие опасности.

Срдечно ваша
Елен Лејбовиц

Besançon,
le 5 September 2000

Monsieur,

Le sujet est un peu délicat, et c'est donc avec quelques scrupules que je me décide à l'aborder. Il s'agit de la traduction d'un mot dans un de vos textes.

Je ne connais évidemment ni l'albanais ni le macédonien, et je serais navrée si ma remarque devait froisser votre traducteur, mais voici. Dans ***Les livres de mon père****, il y a un chapitre intitulé Leçon sur les divinités. Sans doute a-t-il pour vous une importance particulière puisque vous l'avez repris pour préfacer* ***Le Musée de l'athéisme****. J'aime beaucoup ce texte et je l'a donc relu de nombreuses fois. Mais arrivée au paragraphe 2, où vous dites: "Mes parents nourrissaient une sorte de dévotion discrète et sereine qui ne transparaissait jamais dans leurs actes", je ne peux m'empêcher d'éprouver chaque fois une gêne, car le mot actes est presque un contresens, au moins apparait-il comme tel sans qu'on ait besoin de connaître le texte albanais ou macédonien dont il est la traduction.*

Vos parents parlaient peu, dites vous; alors il a bien fallu que se soit par leurs actes, dans la conduite de leur existence quotidienne, que se manifeste la nob-

lesse de leurs convictions intimes qui vous a profondément marqué. Et c'est bien ainsi que le ressent le lecteur: la plupart des actes de vos parents, comme vous les décrivez, sont visiblement inspirés par des mobiles d'ordre spirituel. Je suppose que vous avez voulu dire que leur foi ne s'exprimait pas par les gestes d'une piété ritualisée tels que sont censés en faire les croyants de toutes religions: réciter des prières, aller à l'église, à la synagogue, à la mosquée, faire des signes de croix, ou génuflexions ou des prosternations, allumer des cierges devant les images saintes, etc. C'est bien cela, n'est-ce pas? Il s'agit donc là de gestes et non d'actes. D'autant plus que si une fois authentique peut très bien ne jamais s'exprimer par des geste, elle transparait nécessairement dans les actes.

C'est peut-être parce que je suis particulièrement sensible aux sentiments que vous exprimez dans le texte que quelque chose proteste chaque fois que j'arrive à ce mot actes. Certes, ce n'est qu'un mot, mais il trouble comme un bizarre grincement l'harmonie de ce monument que vous avez édifié à la mémoire de vos parents. Je me dis que peut-être aucun lecteur n'aura remarqué quoi que se soit, et ce serait tant mieux! Mais dans la perspective de nouvelles éditions, serait-il possible de corriger ce mot?

J'espère que cette observation ne choquera ni vous ni votre traducteur. Traduire semble une entreprise tellement périlleuse! Et heureusement que quelques personnes ont le courage d'affronter ces périls.

Bien cordialement à vous
Hélène Lejbowicz

XII

Ова претходно писмо на Елен Лејбовиц, макар кратко, повторно нè враќаше на ***Татковӣте кнӣги*** и на ***Ате̄истӣчкиот̄ музеј***, но во еден нов контекст. Се разбира, не беше во прашање само егзактноста на преведениот збор за религиозни дејства, во францускиот збор *acte*, многу подлабок во понирањето на клучните идеи во моите книги во врска со мојот идентитет, идентитетот на моите родители, на мојот народ, накусо идентитетот на животот.

Беше во право Елен Лејбовиц – во инсистирањето набожноста на моите родители да ја изразам низ отсуството на ритуалното милосрдие, а не низ дејства, како што не успевав самиот во себе „да го преведам“ напишаниот збор, односно да ја раздвојам социјалната од религиската конотација во него. Беше ова нов поттик за размислување, допишување на моите ***Таткови кнӣги*** и ***Ате̄истӣчки музеј***.

И јас, на свој начин, се обидувам да останам недоследен во моите одговори, понирајќи далеку, далеку во замислените „стапици“ на умната Елен Лејбовиц.

Стрӯга, 10 септември 2000 г̄.

Почӣтувана г̄оспо́го Лејбовиц,

Проблемо̄т што̄ г̄о по̄кренувате во врска со по̄г̄решно по̄преведенӣот̄ збор за мене нема само семантӣчко значење, тӯку оди мно̄г̄у по̄далеку во мојата по̄тра̄г̄а по̄ идентӣтето̄т на мое̄то семејство во е̄г̄зил. Вистӣна е, како што̄ забеле-

жуваше, моите родители се разбираа со малку зборови, но до нив се стигнуваше по многу премолчувања во неизвеснаша, напати бучна судбина. Но сигурно тишината остануваше многу поречита од изговорените зборови. Зборовите беа најчесто интерпункција на нивната заедничка тишина!

Татко ми велеше често, особено кога бевме најрасприкажани, со најмала контрола на зборовите и нивното протнување низ тишината, дека човек лесно станува роб на своите изговорени зборови. Велеше уште оти пресилниот збор може да убие како куршум.

И нивната набожност, нивното верување, остана енигма до крајот на нивните животи. Вие убаво и убедливо откривате што не сум „сакал да кажам“ со употребата на зборот „дејства“, преведен на француски јазик со зборот „actes“, за да ја изразам нивната набожност, односно, нивното „ритуално милосрдие“, нивниот пат во тишина кон Севишниот.

Вашата размисла, ме враќа уште еднаш кон мојот текст „Поуки за божествата“, кој не без причина е вовед во романот ***Атеистички музеј****...*

Ќе ви раскажам, во врска со „ритуалното милосрдие“ еден настан од раното детство, што на одреден начин се има одразено во мојот однос кон религијата. Се случува во Скопје некаде на почетокот на 50-тите години. Југославија во тој период се ослободи од сталинизмот, додека Албанија стана негов голем заложник. И не само тоа: во 1967 година таа стана прва атеистичка држава во светот. Започна стравичната атеизација на

земјата, искоренувањето на верувањето од душите на луѓето, за да се најде на негово место сталинистичката доктрина...

Во тој период живеевме на десниот брег на реката Вардар во кој преовладуваа модерните обележја на животот, посебно во архитектурата, остварувана според западни модели. Прекрасниот Камен мост го делеше десниот од левиот дел на градот, во кој како да беа насобрани највпечатливите остатоци на Отоманската Империја. Османците во зенитот на освојувачките походи, откако беа одбиени пред Виена од вратите на Европа, беа решени Скопје да се овековечи во нивна „капија на Ориентот". Во градот престојуваа и оставија свои траги, во градбата на големи џамии, тврдини, мавзолеи, познати султани, паши, војсководци. Источниот дел постојано ја криеше својата мистерија....

Се случи, при една прошетка во источниот дел близу до џамијата Јахја-паша, позната според своето највисоко минаре на Балканот, да ме привлече необичната врева која идеше од една визба со отворени прозорци. Се доближив до прозорецот! Бев вџашен од глетката.

Луѓе облечни во бели долги кошули се движеа во круг испуштајќи необични звуци во испресечен ритам. Незабележан од никого, добро засолнет крај отворениот прозорец продолжив да ја следам глетката, не можејќи да се помрднам од место. На моето чудење му немаше крај кога играчите во бели кошули, земаа еден вид мечеви односно издолжени светли куки, со кои во трансот на играта ги прободуваа образите, некои протнувајќи ги

куките од едниот во другиот образ. Не можев да им верувам на очите.

Брзо, речиси во трчање, го напуштив местото на настаните. Со возбуда стигнав дома. Татко ми знаеше за моите чести евазии и откритија во источниот дел на градот. Понекогаш таму, во долгите прошетки и го придружував. Тој на свој начин овде се ослободуваше од цариградската носталгија, која често го обземаше. Му раскажав за настаните.

„А, па тоа се дервишите!“ Се обидуваше на најпрост начин да ми ги објасни причините за нивното постоење, но потоа мораше да ми го растолкува главното прашање за постоењето на Бога, во тие матни времиња на полу-атеизација. Мораше да ми зборува за нашата вера, за нашето преобраќање, за прашања до чии одговори не може да се дојде и до крајот на животот.

Подоцна „открив“ дека дервишите според исламот, се членови на братството суфи. Суфистите, прочитав во една енциклопедија, се мистици кои ги потенцираат емоционалните аспекти на посветеноста на Севишниот, преку екстазни состојби, кои стигнуваат до транс.

Скопските дервиши со време исчезнаа. Минував и подоцна крај нивниот подрум. Нив ги немаше, како никогаш да не постоеле. Подрумот беше магацин за складирање јужно овошје кое се продаваше кај големиот Бит-пазар.

Подоцна, обележан од мистичните крикови и самоубодите на скопските дервиши, трагав по генезата на овој мистицизам кај поетот Целаледин Руми Мевљана, основоположник на Мевљави-

скиот ред (живеел меѓу 1207 и 1273). Се случило, славниот поет при минувањето крај златарската работилница на шеикот Селаедин да ги слушне одмерените удари на чеканот, под чиј ритам Мевљана започнал да се врти. Оттогаш оваа игра во различни облици, архаични и стилизирани, не престанува во исламскиот свет, според чија симболика дервишите „ја прегрнуваат бесконечноста“.

Имаше и една друга слика на „ритуално милосрдие“ од детството која засекогаш остана врежана во мојата свест. На источната страна на Скопје, на улицата „Белградска“, на излезот на големиот Бит-пазар, постоеше една сребрарска кооперативна работилница. Секогаш кога минував низ оваа улица животот го ритмуваше ударот на чеканите врз среброто. Можеби триесетина сребрари, сите Албанци од католичка вера, тука работеа со години. Од нивните вешти прсти излегуваа, чиниш ќе полетаат, бели блескави пеперутки, птици. Изработуваа сребрен накит, табакери...

Се случуваше како дете да влезам во Католичката црква во Скопје, која беше близу до куќата во која беше родена светицата Мајка Тереза и да забележам многумина од сребрарската работилница од источниот дел на градот. Ги гледав наведнати, дел од молитвениот ритуал. Ги слушав како зборуваат на мој мајчин албански јазик. Нивното „ритуално милосрдие“ не ми беше туѓо, можеби поради јазикот кој ни беше ист.

Се сеќавам на сцени од детството кога мајка ми, кога одевме кај православниот манастир

Свети Наум, на самата граница помеѓу Албанија и Македонија (тогаш во состав на Југославија), да го гледаме родниот град Пограделц на другата страна од границата, мајка ми, макар преминати одамна во исламска религија, палеше свеќа, бездруго, верувавме ние тогаш, да побара од Севишниот да ја нема повеќе границата! Зачуден зошто мајка ми пали свеќа кога е од друга религија, таа ни одговараше дека и кога живеела во Пограделц, палела свеќа во манастирот Свети Наум, како што православните Албаници, оделе во џамии...

И така, почитувана госпоѓо Лејбовиц, Поуката за божествата остана за мене „отворена“, незавршена книга. Се обидував да најдам поширока смисла, на речиси светата тишина која ги поврзуваше моите родители, во времињата кога идеолозите го заробуваа бог, кога националистите најмногу се колнеа во него, во напорот да си го зачуваат јазикот на тишината во комуницирањето со него!

Откривав во нивното премолчување на пресилните изрази на „ритуалното милосрдие“, голема моќ за помирување на разликите од различните конфесии на Албанците (како муслимани, православни и католици), моќ на толерантност и разбирање на другиот, на еден вид сенс за лаицизација, што на Балканот речиси остануваше непозната идеја! Но за тоа можеби во друга пригода.

Со почит
Луан Старова

XIII

Паралелно со мојата балканска семејна хроника се пишуваше и сагата на моите преведувачи, читатели, книжевни критичари. Меѓу сите нив, посебно место зазема преведувачот на книгите Клеман д'Исартеги. Неговото вистинско име беше Патрик Крисман. Забелешката на Елен Лејбовиц за преведениот збор во воведниот прилог „Поука за божествата", во романот *Атеистички музеј*, не беше причина да ѝ пишувам за мојот чудесен и брилијантен преведувач, да ѝ го откријам неговиот идентитет. Но, се случи набргу таа сама да ја открие тајната...

Безансон, 15 септември 2000 г.

Господине,

Јас знам дека животот може да ни донесе најнеобични коинциденции, но не верував дека тоа што ми се случи е просто возможно.

Секоја недела го добивам весникот Телерама (магазин со телевизиска и радиопрограма, проследен со неколку интересни статии). Но, јас сум толку презафатена со активности од секаков вид што весниците само бегло ги прелистувам. Меѓутоа, овој пат случајно го отворив магазинот кој ја означуваше програмата за иднатата недела, при што погледот ми запре на еден напис посветен на Патрик Крисман, сегашен амбасадор на Франција во Албанија.

Вие добро знаете дека Албанија не е честа тема во францускиte медиуми. Поради вас – но

подобро речено можеби благодарение на вас, веднаш започнав да го читам написот во кој открив: „Тој преведува. Под псевдоним го овозможи објавувањето на книгата ***Времето на козите*** *(Fayard) на Луан Старова“.*

Под написот беа претставени девет слики од оваа интересна личност во текот на различни активности. Значи, тоа е вашиот преведувач! Ги гледав сликите вчудовидена. Кога ви пишував пред десетина дена по повод преведувањето на еден збор, јас не можев да поверувам дека толку брзо ќе се најдам во светот на вашиот преведувач. Веднаш ви го испраќам написот.

Ја погледнав првата страница на магазинот Телерама и прочитав дека овој број во Франција ќе биде печатен во 627 400 примероци. Ме радува помислата дека овој напис ќе придонесе вашите книги да ѝ бидат уште попознати на француската читателска публика. Јас не знам како се вели на албански или на македонски bonne chance, но од дното на срцето им посакувам bonne chance на вашите книги.

Елен Лејбовиц

Besançon, le 15 septambre 2000

Monsieur,

Certes, je savais qu'il peut se produire dans la vie d'étranges coïncidences, mais à ce point, c'est tout juste croyable, et je n'en suis pas encore revenue.

Je reçois chaque semaine le journal Télérama (magazine du programme de télévision et de radio précédé de quelques articles généralement intéressants). Mais la vérité, c'est que je suis tellement débordée par des occupations et préoccupations de toutes sortes que je ne le regarde que très distraitement. Or, tout à l'heure, j'ouvre par hasard l'exemplaire que je venais de recevoir, indiquant les programme de la semaine qui vient, et mes yeux tombent sur un article consacré à Patrick Chrismant, actuel ambassadeur de France en Albanie.

Vous vous en doutez, l'Albanie n'est pas le sujet le plus fréquemment traité par les médias français. A cause de vous – mais je devrais peut-être plutôt dire grâce à vous – je commençais tout de suite à parcourir cet article, où je découvris soudain ces lignes: "Il traduit. Sous pseudonyme, il fit paraître ***Le temps des chèvres****, puis* ***Les Livre de mon père*** *(Editions Fayard), romans de Luan Starova, rédigés en macédonien". Au-dessous de ces lignes, neuf (!) photos de cet intéressant personnage dans différentes activités. Alors, c'est donc lui votre traducteur! Je regarde ces photos avec ébahissement. Quand je vous écrivais il y a une dizaine de jours au sujet de la traduction d'un mot, je ne pouvais pas imaginer que je me retrouverais si vite en pays de connaissance. Je vous expédie tout de suite l'article par la poste.*

Je viens de voir à la première page du journal Télérama que le numéro de cette semaine a été diffusé en France à 627 400 exemplaires. Je me réjouis surtout à la pensée que cet article fera mieux connaître vos livres au public français. Je ne sais pas comment on dit

“Bonne chance” en albanais ou en macédonien, mais vraiment, du fond du cœur, je dis “Bonne chance” à vos livres.

Hélène Lejbowicz

20 септември 2000 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Сакав да ви пишувам во одделно писмо за преведувачот на француски јазик на мојата балканска сага, амбасадорот Патрик Крисман, кој ги преведува моите книги под псевдонимот Клеман д’Исартеги. Но еве играта на случајот си го направи своето. Вие откривте, како и голем број француски читатели кој е Патрик Крисман! Како што можевте да утврдите и самата во репортажата во списанието Телерама, се работи за исклучителна личност. Тој е гордоста на Quai d’Orsay, како што ми велеше за него еден од наследниците на неговиот пост, Бернар Валеро, амбасадор на Франција во Република Македонија.

Патрик Крисман е еден од денешните големи дипломати на Франција. Тој е сигурно единствениот кој владее 25 (и со зборови дваесет и пет) јазици. Меѓу другите ги владее германскиот, албанскиот, англискиот, арапскиот, шпанскиот, рускиот, јапонскиот и други јазици. Своевремено се здоби со осум дипломи на Институтот за источни јазици во Париз, покрај дипломите за завршени студии на Институтот за политички студии и Правниот

факултет во Париз и Комората за британска трговија. Му беше понудена катедра на Институтот за источни јазици, но на своите 25 години ја започнува својата дипломатска кариера и првото службување ќе му биде на Балканот (во Софија од 1972 до 1974 г.). Следните триесет години ќе ја заобиколи земјината топка на одговорни дипломатски функции, ќе службува во Стокхолм, во Хелсинки, во Исламабад, во Токио, но најчесто ќе навраќа на Балканот. По Софија ќе ја престојува својата земја во Анкара, во Атина, во Белград...

По распадот на Југославија, Патрик Крисман, 1993 г. ќе биде именуван за Генерален делегат на Франција во Република Македонија, а од пролетта на 1994 г. и за прв амбасадор. Од тој период датира и моето пријателство со него!

Ако ви го раскажам долготрајното пријателство со Патрик Крисман, тоа можеби ќе значи да започнам да пишувам нова книга во мојата балканска сага. Нема да верувате, моите Козички беа првите посредници во запознавањето и пријателството со францускиот амбасадор. Тој имал обичај во земјата во која служи апсолутно да го знае нејзиниот официјален јазик. Ги освежувал знаењата на јазикот во земјата во која служел. Најчесто тоа го правел преку книги кои му биле препорачувани, а изборот го вршел самиот.

Како што ми кажуваше подоцна уште од првиот прочит решил како „учебни помагала“ да му послужат ***Времето на козите*** *и збирката песни* ***Дождови*** *од големиот македонски поет Матеја*

Матевски. Откако ја прочитал мојата книга се јавил дома. Разговарал со сопругата Гзиме. Ѝ ја кажал својата восхит од книгата, велејќи, „d' est un livre fou!" („тоа е луда книга"), завршувајќи со тоа дека сигурно ќе ја преведува на француски јазик.

Сопругата вечерта ми го пренесе разговорот со Крисман. Си реков, ветување како ветување, под импресија на читањето, сигурно амбасадорот на Франција ќе има позначајни работи. Но времето ме демантира. Во средбите што ги имав подоцна со Крисман, ниту јас, ниту тој не ги спомнувавме Козите. Имавме поважни работи.

Пролетта 1994 г., речиси истовремено јас бев именуван за прв амбасадор на Република Македонија во Франција, а тој за прв амбасадор на Република Франција во Република Македонија. Беа тоа тешки времиња за малата Република Македонија, која се бореше да ги зачува внатрешната стабилност и надворешниот, меѓународен легитимитет. Ми претстоеше тешка мисија, за која веќе ви говорев. Во тој период силна, незаменлива, незаборавна, о, колку искрена помош ми даде амбасадорот Крисман.

Во периодите помеѓу две мисии во многуте земји, амбасадорот Крисман работеше на високи и одговорни постови во Quai d'Orsay. Ја познаваше и ја сакаше оваа повеќевековна тврдина на француската дипломатија како своја куќа. Познаваше многу од нејзините тајни.

Величината на оваа земја била секогаш во тоа да создава големи, хумани личности, низ кои

катарзира нејзината вистина. Ја имав среќата во животот да се најдам под сенката на неколку такви личности на Франција, кои му даваа една сосема подруга смисла на мојот живот.

Во моите писма веќе ви набројав неколку такви личности, но не ви го спомнав и мојот пријател Патрик Крисман. Беше човекот кој правеше да заборавиш која беше твојата земја, а која беше неговата, но сепак, според изреката на Монтењ за пријателството, јас си останував јас, а тој си остануваше тој. Останавме и обајцата верни кон пријателството.

Пред моето заминување во Париз како на дланка ми ги откри „тајните" на Quai d'Orsay, доминантната институција на француската надворешна политика во која во најголем дел требаше да се одвива мојата мисија. Ми ги даде сите можни упатства, препораките до своите блиски и влијателни пријатели во куќата. Пред самото заминување за Париз, ми подари една книга, ***Историја на Франција****, во чија посвета тој ја искажуваше суштината на нашето пријателство, неговата добрина и величината на неговата личност. Би сакал да ви ја претставам:*

„1994"
(или 80 години по крајот на оваа книга).

Мој драг пријателе,

Ти стана, уште при моите први чекори во Македонија, човекот во кој јас открив пријател и брат.

Судбината сакаше првин да му се восхитувам на пријателот, при што се обидувам да му бидам достоен ученик, а потоа да ја имам срекáта да дознаам (на 10 март) дека ние двајцата ќе споделиме иста дипломатска кариера. Но оваа ноќ на 10 мај 1994 година, сè се брише зад твојот утрешен лет за Париз.

За да ти покажам дека моите најискрени и најверни желби ќе те следат, ти ја оставам оваа книга (прирачник), но која верувам дека ќе ти биде полезна за да извршиш еден вид проверка на твоите големи знаења што ги имаш за мојата земја. Во Франција, сегашноста е во исто време и плод на минатото. Ти обично, според твоите книги, добро ракуваш со клучевите и нивните врски. Но прифати го и овој скромен клуч што ти го подарувам со сета моја приврзаност“

Патрик Крисман

Минуваше времето на мојата прва дипломатска година во Париз. Веќе ви пишував за моите први чекори во новото „освојување“ на Париз, со товарот на мојата мала балканска, нова независна држава. Но не ви пишував за драгоцената поддршка и храбрење што ги имав во тоа време од амбасадорот Патрик Крисман. Во тие долги и полумрачни коридори на Министерството за надворешни работи крај кејот на Сена, кој достигаш ми беше најпознат по епопејата на вечните букинисти, јас откривав светлина во кабинетите кои гледаа или кон реката или кон еден од центрите на Париз и во лицата на дипломатите кои ме

примаа. Чувствував дека, барем за првите чекори, препораките, дејството на Патрик Крисман, си го направиле своето. Овде јас се чувствував како ученик на Патрик, кој требаше да остане достоен на својот учител.

Имав чувство, небаре оставајќи го понастрана, самиот живот во течењето на еден ден, да се оддалечам од него, од ритамот на живеењето на моето потесно семејство со мене во Париз, и поширокото во Македонија, Албанија. Во текот на дипломатските мисии, ме опфаќаше ритамот на едно посебно расположение, на еден тивок транс, што не попушташе и траеше сè до крајот на мисијата. Настојував, како и некогаш во Тунис, како амбасадор на Југославија, во тогаш невралгичната точка на вратата на Блискиот Исток (Тунис со Арафат и Палестинците), да се ослободам од необјаснивиот притисок. Заминував рано на работа, а се враќав во доцните часови, кога наконтените амбасадори во фракови, се подготвуваа за приеми и вечерни сеанси, каде што според некои и се одвиваше вистинскиот дипломатски живот.

Гледав крај мене како мојата сопруга Гзиме, така беше и во Тунис, се бореше со маките на семејството, со големата ќерка Блерина, и помалите ќерки Јета и Дита, кои судбината ни ги донесе доцна во животот. Постојано мислев дека за сè има време, но времето на животот си го црташе својот круг. Честопати се фаќав себеси во позиција, но и поза на преамбициозен балкански Дон Кихот, кој со амбициите на Растињак, се

обидуваше да ја истакне својата личност и судбината на својата мала земја.

Така ми изминуваше првата париска дипломатска година. О, колку жалам што не ве познавав уште оттогаш. Затоа, можеби и сум преопширен во моите писма. Постојано мислам дека некогаш ќе ми се поврати загубеното време. И конечно ќе бидам слободен! Но тоа не се случува, а времето си тече уште позабрзано!

Простете и за оваа евазија. Не сум имал досега во животот човек кој толку трпеливо ќе ме чита. Но сигурно со моето заминување во Париз не стивна моето пријателство со Патрик Крисман. По мојата прва дипломатска година во Париз се најдов на консултации во Министерството за надворешни работи на Македонија. Но своевидни беа и консултациите со мојот амбасадор Патрик Крисман. Се сеќавам како денес. Ме прими во Француската амбасада, која тогаш се наоѓаше во една приватна зграда со двор близу до скопскиот парк, недалеку од моето некогашно Козар маало.

Амбасадорот Крисман беше нарачал да донесат шампањско. Си помислив, ова е сигурно за годишнината од нашите мисии. Откако наздравивме и ги испивме првите голтки од пенливото вино, амбасадорот Крисман зеде од својата работна маса една подебела фасцикла и ми ја подаде. Во фасциклата се наоѓаше ракопис на книга. Прочитав на корицата од ракописот: Луан Старова, Le temps des chèvres, traduit par Clemant d' Içartéguy.

Бев изненаден, трогнат. Најмалку што можам да речам. Патрик го беше исполнил ветu-

*вањето од пред една година, преку телефонскиот разговор со Гзиме. Го прелистував ракописот со големо изненадување. Па тоа беше навистина преводот на **Времето на козите**, беспрекорно отчукан на компјутер, подготвен за печатење. Во силна возбуда, по зборовите на благодарност, можев само да речам:*

„Патрик, јас не верував...!“

„Знам дека не веруваше...!“, прифати веднаш Патрик...

*Таков беше Патрик, можеби скржав и одмерен во ветувањата, но целосен и верен во нивното исполнување. Се плашам да речам, спротивно на нас Балканците. Заминав од Скопје со мојата француска верзија на **Времето на козите**. Им го дадов на читање на неколку мои француски пријатели. Прв ја прочита книгата Едгар Морен, па Робер Мале, некогашниот ректор на Сорбона (кому тогашниот претседател на Републиката Шарл де Гол, по познатите настани од 1968 му го доверува на управување најпознатиот француски универзитет, по една негова изјава дека на барањата на студентите не се одговара со сила) и на крајот Амин Малуф, мојот пријател и омилен автор кој веќе се беше здобил со Гонкуровата награда! Реакциите и на тројцата читатели беа многу поволни.*

Ректорот и писателот Робер Мале, самиот предложи книгата да му се даде на неговиот издавач Галимар, каде што своевремено работел во иста просторија со Албер Ками. Дури заедно го предадовме ракописот. Не помина многу време стигна одговор од Галимар. Во писмото ми беа

упатени многу комплименти за книгата, но таа сепак не се прифаќа за објавување.

Следеше обидот на Амин Малуф. Тој ја беше засакал оваа книга и испрати своја лична препорака до својот издавач Грасе. И оттаму следуваше одговор за големите квалитети на книгата, но сепак и за неприфаќањето на книгата во догледно време да се печати. Ракописот како што обично бива беше предложен без препораки и кај други два-три француски издавачи. Стигна позитивен одговор од издавачот Фајар, од самиот главен уредник и самиот писател Клод Диран.

Книгата беше решено да се печати во колекцијата странска литература помеѓу најпознати автори во светот. Беше тоа убав, радосен моменти во моите париски години. Во моментот, кога ми беше соопштена веста од Фајар, во нашата куќа ни беа на гости македонскиот писател Димитар Башевски со сопругата Љупка (ќерка на познатиот македонски правник и прекрасен човек, академикот Александар Христов, татков пријател). Заедно ја прославивме убавата вест.

По неколку дена бев примен од Клод Диран кај издавачот Фајар. Внесениот во работа Диран, убаво ме прими, ми честита и веднаш помина на главното:

*„Решивме да ја печатиме вашата книга **Времето на козите**. Во неа се крие убава метафора. Но за да се изведе целосно на површина треба уште да се работи“.*

Останав по малку збунет. Неговите зборови ги протолкував како еден вид нецелосно прифа-

ќање на книгата, но тој тоа го забележа и веднаш продолжи:

„Ракописот до неговото објавување ќе биде под наша грижа!“

Се смирив. Знаев дека Клод Диран, обично и самиот се внесува во креативно, но и лекторско читање на ракописот. Бев еден од среќниците на изборот на Клод Диран... Но не би сакал повеќе за ова да ви пишувам, оддалечувајќи се од Патрик Крисман. Ќе ви пишувам и во друга пригода за објавувањето на оваа и другите книги кај Фајар...

Амбасадорот Патрик Крисман во 1996 година ја заврши брилијантно својата мисија во Македонија. Остави спомени не само на голем човек, туку и на вешт и моќен дипломат во пресудните времиња за иднината на Република Македонија. Даде огромен придонес во зајакнувањето на француско-македонските односи, во валоризирањето на франкофонската вокација на Република Македонија, се најде со сета моќ на Франција да ѝ даде помош на земјата по атентатот врз претседателот Киро Глигоров. Зборувајќи го службениот јазик на земјата, македонскиот, со успешно вметнување на дијалектални финеси од кои останувааа вчудовидени самите Македонци, потоа албанскиот, вториот јазик на Македонија, па турскиот... им остана во незаборавно сеќавање на граѓаните на Република Македонија.

Патрик Крисман не беше само голем, суптилен и задлабочен познавач на историските и геостратегиските односи во југоисточна Европа, но беше и апсолутен балканофил. Не беше само

познавач на сите балкански јазици туку и познавач на балканскиот менталитет. Настојуваше да биде човек – мост меѓу народите кои беа сплеткани во мрежата на границѝте, сомневањата, непознавањето едни со други. Не беше само среќен Вавилонец меѓу Балкановавилонците, но и толкувач на нивната заедничка драма. Можеби јас со моето пишување на албански и македонски јазик, му бев еден од примерите на неговата поврзувачка природа како човек.

И се случи, небаре според некаков праведен ред на судбината, Патрик Крисман да биде именуван во 1996 г. за амбасадор на Франција во Албанија. Тој во оваа земја, со која Франција има дипломатски односи уште од 1912 г., и во која француските амбасадори ретко останува̀а повеќе од две години, се случи да остане цели пет години и тоа во најдраматичните години од поновата историја на оваа земја, за што можевте да прочитате и самата во бројот на неделникот Телерама, што бевте љубезна да ми го испратите. Тој во Албанија ќе ја доживее фаталната 1997 година, ќе ја доживее инерцијата на немоќта да се дојде до цврста и стабилна држава во услови на демократија, по падот на Енверовата диктатура.

Јас имав впечаток дека рурална Албанија, која беше во еден вид педесетгодишен физички и ментален карантин се реваншираше во урбана Албанија, во која се криеја старите структури на власта. Немоќта да се открие преку ноќ демократијата, да се откријат тајните на пазарното стопанство, ги доведоа мафиозните структури на превласт и со пирамидалните штедил-

ници земјата се најде во хаос, државата се распаѓаше, луѓето дојдоа до оружје. Во земјата се пукаше. Се случуваше самоубиствениот синдром, својствен и во други ситуации и кај други балкански народи.

Амбасадорот Патрик Крисман не можеше да се помири со рушењето на државата како кула од карти. И како што се раскажуваше во Албанија, на 14 март 1997 година, кога албанското население беше дојдено до степен на екстаза откако се загуби во бездната на пирамидалните штедилници, кога речиси сите дипломати ја напуштаа земјата, Патрик Крисман беше вистински херој на деноти: го надгледуваше евакуирањето на Французите од Албанија, но и евакуацијата на еден шкотски одред, заборавен од британските дипломати. Потоа учествуваше во заштитата и спасувањето на познати албански семејства под закана на непредвидливите насилници. Меѓу нив ќе се најде и Јусуф Вриони со семејството, за кого претходно ви пишував препорачувајќи ви ја книгата за него ***Избришани светови****, подготвена од Ерик Фај.*

Но овде сигурно не завршува одисејата на пријателството со Патрик Крисман. И во фаталната 1997 г., продолжи неговото преведување на мојата балканска сага по успешното објавување од страна на Фајар на првата книга ***Времето на козите,*** *која доживеа несомнен успех кај француската книжевна критика и публика, за што веќе ви пишував, но не е исклучено повторно да ви пишувам. На ред за преведување и објавување беа и другите книги од балканската сага* ***Татковите***

книги, Балканскиот клуч, Атеистички музеј... *Патрик Крисман, откривајќи дека тој стои зад псевдонимот Клеман д'Исартеги, ќе истакне во Телерама, како што можевте да прочитате: да се преведува за него претставува витална евазија, речиси 24 часа под заштита на двајца полицајци.*

Патрик Крисман својата преведувачка активност ја започнуваше, како според некаков однапред подготвен ритуал, на полноќ. И тоа преведуваше неколку реда, не повеќе од една страница. И така секоја ноќ. Се сеќавам кога во 1997 г., на полноќ, кога работел врз преводот на француски јазик на ***Татковиште книги,*** *ми се јави во Париз по телефон за да ме консултира за значењето на некои зборови на албански јазик! Во еден момент, се слушаа по телефон силни удари, со метален звук. Патрик веднаш ми објасни за што се работи: „Една одметничка група, вооружена, пукаше од извесна неодредена далечина по параболичната телевизиска антена на француската амбасада!"*

Ете, во такви услови амбасадорот Крисман ја спасуваше земјата во која служеше и продолжуваше да ја преведува книгата ***Татковиште книги****, веројатно трагајќи по подлабоките тајни на оваа земја низ една негова личност и семејство, најдено во фугата и меандрите на балканскиот егзил.*

Амбасадорот Патрик Крисман, како во Македонија, така и во Албанија, според сведоштвата што не престануваа да се пластат и кога тој беше заминат од овие земји, остави незаборавни

впечатоци на голем човек, кому мисијата на дипломат на својата голема земја, му беше голема рамка да ја искажува големата хуманост во времињата кога овие народи страдаа.

Знам дека можеби предолго ви пишувам за мојот пријател, за докажаниот пријател на Балканот, човекот и амбасадорот Крисман, но би можел уште многу да ви пишувам, до создавањето на една нова книга на мојата балканска сага. Но на крајот, јас морам да ви раскажам уште еден настан поврзан со Патрик Крисман и неговата мисија на Балканот.

1997 година не беше критична само за Албанија. Таа година не престануваше нитту тоталнационализмот (израз според Едгар Морен) на режимот на српскиот диктатор Слободан Милошевиќ во натамошните воени закани. За мене, како амбасадор на Република Македонија, претстоеја тешки и неизвесни периоди. Република Македонија развиваше одлични односи со Франција.

Новиот претседател на Република Франција, Жак Ширак, заедно со Филип Сеген покажуваше разбирање за Македонија. Уште во 1996 г., тие се залагаа Македонија што побргу да се интегрира во Европската унија, залагајќи се и обајцата Република Македонија, уште во 1996 година да го потпише првиот документ во долгиот процес на интеграцијата (Договорот за соработка и трговија со Европската унија), неколку години пред тоа да го сторат Романија и Бугарија. Претстоеше прием на Република Македонија во Меѓународната организација на франкофонијата, забрзан процес на асоцијација и стабили-

зација, укинување на визите, кандидатски статус, преговори.

Во Париз во 1999 година како врв на добрата волја и разбирање на Франција, под иницијатива на претседателот Жак Ширак во познатите средновековни музеи на Клини, близу до Сорбона, беше организирана Изложба – Десет века уметност на почвата на Македонија, на чие отворање се најдоа и претседателите на републиките на двете земји.

Оваа изложба, со која во голем дел беше исполнета мојата дипломатска мисија, покрај другото, ми овозможи и почести контакти со советниците на претседателот Жак Ширак во Елисејската палата. Меѓу нив на прво место беше Франсоа Делатр, младиот дипломатски советник за балкански прашања, вклучувајќи ги тука посебно Македонија и Албанија.

Младиот Делатр, сигурно, според изгледот немаше повеќе од триесетина години. Беше висок, со елегантна става, благ, спокоен во изразот, од кој зрачеше доверлива и интелигентна добрина. Во моите чести посети во неговиот работен кабинет забележував сè повеќе досиеја од Балканот, наредени едно врз друго, како вистинска тврдина од хартија, која често му ја затскриваше едната половина од ликот, кога беше седнат зад својата работна маса. Со умниот Делатр, во кого претседателот Ширак имаше голема доверба, успевавме да договараме значајни настани од билатералните односи помеѓу двете земји (посебно посетите на тогашниот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров, премиерот Бранко Црвенковски и други).

Во една пригода, Франсоа Делатр, дојден во Амбасадата на Република Македонија, во доверлива искреност, неочекувано ме запраша:

„Дали Македонија има франкофонски капацитет и искрена намера да стапи во Меѓународната организација на франкофонијата?“

Веднаш разбрав дека тоа всушност беше прашањето на претседателот Ширак, што ѝ го упатуваше на Република Македонија. Ми беше јасно дека се работи за прашање од стратегиски карактер, претходно добро обмислено, имајќи ја во суштината и француската поддршка во интегрирањето на Република Македонија во Европската унија. Веднаш одговорив дека сум еден од „главните заговорници“ за идејата за пристап на Република Македонија во франкофонијата. Ги изнесов сите адути, во духот на доверливата искреност со Франсоа Делатр. Најмногу се послужив, за волја на вистината, со моето франкофонство, кое беше дел на мојот идентитет, распнат на Балканот помеѓу македонскиот и албанскиот идентитет, изразен дури и во моето пишување. Нагласив дека мојот однос кон франкофонството не е осамен во Македонија и дека има повеќе генерации од разни области на науката, економијата, културата, уметноста, особено литературата, кои со децении негуваат одлични односи со француските институции.

И потоа разговорот се пренесе на амбасадорот Патрик Крисман. Франсоа Делатр беше во тек со преведувачката активност на Патрик Крисман. Ја имаше прочитано книгата ***Времето***

на козите *и беше во тек со неговите планови за преведување на другите книги од сагата. Умно забележа дека е тоа прекрасна креативна врска меѓу амбасадорите на две пријателски земји, велејќи дека пишувањето книга за тоа би претставувало драгоцен прилог за обете земји.*

Франсоа Делатр убаво ја следеше активноста на Крисман во Албанија и воопшто на Балканот. На крајот ми раскажа еден настан кој, бездруго, ја дополнува сликата за овој извонреден човек и дипломат.

„Пред одржувањето на септемвриската средба во 1997 година на сите амбасадори на Франција во Париз, претседателот Жак Ширак прими во аудиенција во Елисејската палата неколку од двестете дипломати. Меѓу нив беше и амбасадорот на Франција во Албанија, Патрик Крисман. Претседателот Ширак се интересираше за настаните во Албанија.

Амбасадорот Крисман, кој ги доживеа пеколните денови во Албанија, достоинствено вршејќи ја својата мисија, ризикувајќи го својот живот, откако ја предочи кусата анализа, во ниту еден момент не зборуваше ни за своите тешкотии, ни за своите проблеми, за разлика од други амбасадори, кои беа во рајски услови во споредба со албанските, се жалеа за тешките услови на работа.

На крајот од разговорите со амбасадорите, претседателот Ширак ми рече:

„Дали забележавте, амбасадорот кој најмногу страдал во мисијата, не се пожали со ниту

еден збор за условите на работа, за разлика од други. Исклучителна личност".

Има, почитувана госпоѓо Лејбовиц, уште многу да се пишува за мојот пријател Патрик Крисман, за неговиот придонес во мојата балканска сага, без кого не можам да го замислам нејзиното продолжување.

Ние, многупати, говорејќи за другите, неизбежно како да сакаме да ја валоризираме и својата личност. Честопати во мојата преписка со Патрик Крисман, се откривав во позиции, кога преусилено го нагласував својот „книжевен милитантизам", но тој остануваше спокоен во ритамот на својата добрина и величина.

Имајќи ве за верна читателка, како што го имам Крисман за верен пријател на мојата балканска сага, си дозволив, да ви зборувам за него и за неговите придонеси во мојата сага. Јас сигурно, како и вие, не сакам да ми одговарате на прашања кои можеби се плод на истиот „книжевен милитантизам", но се разбира, останува вие за тоа да пресудите!

И на крајот, би сакал еден ден да дојдете во Македонија, да видите дел од балканската сага, во која толку длабоко проникнавте. Би сакал да ве пречекаме крај Охридското Езеро, кое конечно останува мојата дефинитивна татковина пред нашата заедничка татковина, татковината на животот...

Со особена почит
Луан Старова

XIV

Како што минуваше времето, јас постепено и постојано ја чувствував моќта што ја имаше Елен Лејбовиц врз моето пишување. Како да се најдов пред „жртва“ во глувото балканско време, решена да ме доразбере, да ме дослуша докрај. Ѝ пишував предолги писма, кои верував дека во нејзината читателска потсвест ќе ферментираат како одговори на моите дилеми во животот. Во ваква позиција се наоѓав во животот уште пред двајца мои добронамерни читатели со кои градев некаков пакт на споделување на читателската судбина.

Првин тоа беше мојот татко, кој, како што пишувам во *Та̄тковите кнӣги*, сè додека беше жив, дури во залезните години ги читаше првин моите новинарски прилози од еден долг период, а потоа и првите книги. Ми беше верен читател, ретко беше критички настроен кон моите книги, секогаш имаше пофални зборови. Кога болеста го прикова за постела, може да се рече дека читањето му останува најсилната врска со животот. Не се врза никогаш за телевизијата. Јас му носев секакви книги. Имаше многу време да чита. Понекогаш му носев книги кои самиот не стигнував да ги читам а сакав да го имам неговото мислење за нив, да ми ги потцртува со молив позначајните места. И тогаш се фаќав во ситна трговија со читателското внимание на мојот татко. Но тој тоа го разбираше и го прифаќаше, како дел од татковската должност. Кога го изгубив татко ми, јас не останав само без големиот родител, туку и без мојот голем читател, кој од

читањата во затемнетата соба ми ги осветлуваше новите патишта на Балканот по кои не можеше повеќе да стигне во животот...

Не можам а да не напишам и за уште една голема читателка, моја вистинска професорка по француски јазик и книжевност, која посебно ме обележа во животот. Се викаше Олга Ничота. Кога ја запознав имаше сигурно близу седумдесет години. Во младоста беше завршила француска гимназија во Солун со одличен успех. Раното мажење ја беше спречило да продолжи да студира. Но до крајот на животот на чудесен и величествен начин остана приврзана кон францускиот јазик и книжевност. Ги негуваше како билки во својата душа со својот култ кон читањето на своите избрани француски автори.

Во нејзиниот круг ученици, кој го правеше според свој избор, имаше десетина души меѓу кои познати лекари, инженери, писатели, студенти. Нејзиниот час содржеше диктат на француски јазик. Таа според професиите на своите ученици ги избираше и текстовите за нејзините фамозни диктати. Се подготвуваше на посебен начин за секој час.

За мене часовите со неа беа чудесно отворена врата кон вечната француска литература, но и повод, да ѝ се исповедам на француски јазик за текстот, за моето пишување, за моето семејство, за мојата судбина на Балканот. Часовите кај професорката Ничота ми го ритмуваа животот, ми овозможуваа неверојатен излез често од безизлезни ситуации. Мојот час подоцна се претвори во незаменлив дел на животот. Ја чувствував како втора духовна мајка. Еден ден таа се сретна и со мојата вистинска

мајка. Тоа беше за мене голема, незаборавна средба во животот.

Многу години по завршените студии, јас поретко одев на часови по француски јазик кај мојата професорка. Како некогаш на мојот татко, постојано ѝ носев книги, кои таа ревносно наоѓаше време да ги прочита и потоа да ги коментираме заедно, да ги потцртува со молив за мене позначајните места. Останаа кај неа повеќе мои книги за читање. Мислев оти ги заслужува повеќе од мене.

Едно утро ми телефонира една жена, претставувајќи се како госпоѓа Ничота. Но тоа не беше гласот на мојата Олга Ничота. Беше гласот на нејзината сестра. Таа кратко рече:

„Мојата сестра почина...

Има оставено за вас неколку книги.

Дојдете да ги земете!“

Веста силно ме потресе. Со солзи во очите изразив сочувство. Реков дека во текот на денот сигурно ќе дојдам. А пред неколку дена сакав да запрам во домот на мојата учителка Ничота. Беше уште жива. Но го продолжив патот, со мисла да навратам друг ден. Така е во животот. Никогаш да го погодите вистинското време.

Се најдов во куќата на Олга Ничота, близу до градскиот парк, и недалеку од моето Козар маало. Ме пречека и ме воведе во салонот сестра ѝ на професорката Олга Ничота. Во салонот кој беше и работна соба, беше празен столот на кој обично седеше професорката. Тука беше и малата вазничка во која живееше постојано еден син цвет. Цветот живееше пред и по смртта на професорката. Тука беше и

канабето со сина простирка, со книги на сталажата, кои чекаа да бидат читани, а потоа коментирани со нејзините ученици. Тука беше светот на професорката Ничота, но неа ја немаше засекогаш. Беше дојден од Загреб нејзиниот син единец кој беше познат новинар и странски дописник. Со сестра ѝ на професорката Олга Ничота разменивме неколку збора. Ми кажа дека сестра ѝ се чувствувала многу добро, но смртта ѝ дојде, како да ја посакала во еден момент. Се подготвила за овој чин до сите подробности. Побарала закопот да ѝ биде дискретен, анонимен.

Додека ги слушав овие зборови, низ лицето, несетум ми потекоа неколку солзи. Додека слушав за последните денови од животот на мојата професорка, читателка, се сетив за времето на еден од многуте часови.

Еден ден ми беше подготвила за диктат еден текст на Монтењ од неговите есеи. Тоа беше фрагмент од есејот под наслов: Que philosopher d'est apprendre à mourir. (Филозофијата е учење на смртта!) Имав впечаток дека таа до совршенство ја беше разбрала пораката на Монтењ.

Смртта ѝ беше последната лекција. Но и отаде неа! Во тоа брзо се уверив. На столот имаше неколку купови книги. Врз секоја последна книга имаше по едно ливче со името на еден од учениците на професорката. Таа на овој начин ги враќаше позајмените книги. Но среде масата беа наредени нејзините последни книги, по големина, една врз друга. На врвот беше поставена најмалата по форма книга, омилената

книга на професорката Олга Ничота, *La porte étroite (Тесен премин)* од Андре Жид. Тоа беше *„нејзиниот тесен“* премин во другиот свет, си помислив!

И пишував, на мојата нова читателка, Елен Лејбовиц по многу години откако ја изгубив мојата незаменлива професорка Олга Ничота. Сакав да ги поврзам на овој начин во вечното сеќавање.

Елен Лејбовиц, достојна на своите принципи во преписката, кои сè повеќе ги прифаќав како незаобиколна реалност, се префрлаше на сосем друга тема, за да го остави одговорот во некое наредно писмо. Така беше и овој пат...

Les Mons-de-Corsie
2 октомври 2000 г.

Господине,

Јас првин би сакала да ви се заблагодарам за поканата што ми ја упативте да престојувам во вашиот дом крај Охридското Езеро. Свесна дека е невозможно да ја прифатам поканата, тоа е сепак перспектива која ја буди мојата имагинација. Дотолку повеќе што водите на Леманското Езеро што овде ги забележувам секој ден, лесно ги упатуваат моите мисли кон Охридското Езеро. Којзнае? Можеби двете езера се срепнуваат понекогаш...

Облици пареа кои се извишуваат од едното езеро и кои, откако биле облак, дожд, снег, можеби

завршуваат во водите на другото езеро. Постои нешто фасцинантно во природата на водата која, единствено од четирите елементи, минува низ безброј непредвидливи патишта и метаморфози.

Во едно од вашите писма вие го спомнувате вашиот пријател Едгар Морен. Независно од другите пријателски врски кои ги имате со него, помислив еден ден дека реката Вардар ја поврзува вашата нова татковина со неговата загубена татковина, зашто, колку што знам неговиот татко е роден во Солун. Од една, во друга Македонија...

Пред еден ден добив една фотографија. Еве што точно гледам во неа: долу се Вевеј и Монтреј, точно спроти Женева. И на местото каде што сум залепила една бела точка (која се одлепува) е Мон-Блан што е речиси невидлив, но понекогаш, нејасно и се гледа.

*Кога ќе го примите ова писмо, јас веќе ќе бидам на брегот на Медитеранот. Таму постои друго присуство на водата... И можам да замислам што значело за вас откривањето на овој простор на слобода кога ненадејно го забележавте со шумот на брановите кои го задушуваа сталинистичкото дрдорење на вашиот патетичен чувар Х.Х. од романот **Атеистички музеј.***

Со овој приказ на морска шир, ве поздравувам.

Елен Лејбовиц

Les Mons-de-Corsie
2 Octobre

Monsieur,

Je ne vous ai pas encore remercié pour l'invitation que vous m'avez faite de vous rendre visite un jour dans votre résidence d'été. Même si ce n'est pas possible, c'est une perspective qu'il me plaît assez d'imaginer. D'autant plus que les eaux du Léman, que j'aperçois ici tous les jours, font assez facilement dériver ma pensée de la côte du lac d'Ohrid. Qui sait? Peut-être ces deux lacs se rencontrent-ils parfois… Quelques vapeurs qui s'élèvent de l'un et qui, après avoir été nuage, pluie, neige, finiraient par s'ajouter aux eaux, de l'autre. Il y a quelque chose de fascinant dans la nature de l'eau qui, seule des quatre éléments, passe par tant de chemins et de métamorphoses.

Dans une de vos lettres vous mentionnéz votre ami Edgar Morin. Indépendamment des autres liens que vous pouvez avoir avec lui, je pensais un jour qu'il y a le Vardar qui réunit votre nouvelle patrie à sa patrie perdue, puisque, me semble-t-il, son père était originaire de Salonique. D'une Macédoine à l'autre…

On vient de me donner cette photo. C'est exactement ce que je vois: en bas Vevey et Montreux, à l'exact opposé de Genève. Et là où j'ai collé une petite pastille (qui se décolle) le Mont-Blanc qui est presque invisible mais qui est souvent tout à fait distinct.

Quand vous recevrez cette lettre, je serai retournée de la côte de la Méditerranée. Là, c'est une autre présence de l'eau… Et je peux imaginer ce qu'a été pour

vous la découverte de cet espace de liberté quand vous l'avez soudain aperçue, arrivé du côté de Durrës avec le fracas des vagues commençant à couvrir ce verbiage stalinien de votre pathétique sentinelle H.H.

Sur cette évocation de l'air du large, je vous salue.

H. Lejbovicz

15 октомври 2000 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Во татковата егзилска стратегија во потрага по спој и спас за семејството во критичните времиња на балканската историја, филозофијата за следењето на патот на водите имаше посебно значење. Беше запишано во семејната меморија дека, некогашните предци, пред векови ги населувале бреговите на Јонското Море. По големата преселба, и втората историска верска фрактура на Албанците (при првата верска фрактура беа разделени на католици и православни, христијанизирани уште во I век од новата ера), настапи втората фрактура (конверзијата во ислам на голем дел од албанското население по историскиот отпор на Скендербег во XV век).

Голем дел од населението преку Јонското и Јадранското Море, со старата, православна вера, ќе се најде во Италија и овде ќе опстои до денес. Делови од нашето пошироко семејство сигурно заминаа во Италија, а други делови со новата вера беа упатени на земји крај Охридското Езеро. Така

семејството ни завекува крај Охридското Езеро, првин во Старовската каза, а кон почетокот на XX век во мојот роден Поградец.

Татко ми во младоста ќе се најде во Цариград, на Босфор, крај морето меѓу азискиот и европскиот континент, за конечно да се врати во почетокот на 20-тите години крај Езерото, од кое никогаш и по никаква цена не можеше да се раздели неговиот татко.

И кога татко ми конечно се реши, поради опасностите што ги чувствуваше во времето на фашизмот, да го напушти родниот Поградец, тоа ќе го стори за сметка на егзилот крај нови води. Така семејството по Втората светска војна ќе се пресели во Скопје и ќе живееме крај реката Вардар, веројатно, со пустата татковa надеж, да бидеме поблизу до морето.

Да, вие ја спомнувате во вашето писмо токму реката Вардар, истакнувајќи дека таа ја поврзува мојата нова татковина со старата земја на Едгар Морен, татковината на солунските сефарди. Но мене повеќе од реката Вардар со Едгар Морен ме поврза Охридското Езеро. Решив, овој пат да ви пишувам пократко писмо, но вие ме навлековте на една голема тема. Ќе ви раскажам како на Охридското Езеро со Едгар Морен ја споделивме заедничката татковина.

Пред моето заминување во Тунис, како амбасадор на СФР Југославија, речиси сите лета ги минував во Струга, на бреговите на Охридското Езеро. Овде, во Струга, на бреговите на Езерото уште во далечните 60-ти години се одржа една голема поетска манифестација, со учество, при

крајот на летото, на поети, есеисти, писатели од шеесетина земји. Во почетокот на 80-тите години бев вклучен во организирањето и водењето на собир, или попрецизно речено, симпозиум, на кој писатели од книжевни, но и од други профили, третираа современи феномени низ поезијата!

Во тој период со големо внимание го следев творечкиот опус на Едгар Морен, кој во просторите на поранешна Југославија веќе беше претставен со петина најпознати книги, меѓу кои посебен одек и влијание имаа книгите ***Човекот и смртта, Духот на времето, Автокритика, Како да се излезе од XX век, Промислување на Европа****...*

Ја прочитав и неговата книга за солунските сефарди и неговото семејство под наслов ***Видал и своите****. Во книгата пулсираше препознатливиот балкански менталитет на солунските сефарди. Во нивната култура на живеење, во нивниот шпанско-кастиљански ладино јазик, во нивниот менталитет, препознавав обележја од моето семејство од Балканот.*

Книгата ја засакав. Му напишав инспирирано писмо на Едгар Морен, во исто време и покана да учествува во Македонија на книжевниот собир во Струга, крај Охридското Езеро. Макар дотогаш објавуван во Белград, во Загреб и во Сараево, Едгар Морен избра да дојде во Македонија во рамките на тогашна Југославија. Остави незаборавен впечаток со својот, за многумина, историски прилог на собирот во Струга со темата: Поезијата и крајот на векот. Подоцна овој прилог, проширен, го објави во својата нова позната книга ***Amour, poésie, sagesse*** *(Seuil, 1997).*

Едгар Морен ќе ги открие „фрагментите“ на своето балканство наследено од своите родители, солунските сефарди, поради што можеби и никогаш нема да биде целосно интегриран во западната француска култура.

Ушите при првите чекори во Македонија забележа некаков внатрешен „ориентален отпор“, кон забрзаното европско време. Му направија посебно впечаток отоманизмите „ајде, ајде“ (побрзо, побрзо) и „јаваш, јаваш, (полека, полека)“ кои ги слушаше често во јазиците во Македонија, а ги употребуваа и неговите родители во нивниот ладино кастиљански јазик.

Во еден момент, додека патувавме кон манастирот Свети Наум на брегот на Охридското Езеро, на самата граница помеѓу Македонија и Албанија, Едгар Морен, рече дека „ајде“ и „јаваш“ се главните балкански противречни сили, како што се „јинг“ и „јанг“ во источната цивилизација, при што тука постојано е присутна готовноста за компромис, кога ниту афирмацијата „да“ не е докрај „да“, како што негацијата „не“ не е докрај „не“! Подготвеноста за компромис демне во секоја ситуација, најчесто како самоодбранбен рефлекс во одбрана на животот од налетите на непредвидливата балканска историја.

И така, најпосле пристигнавме на ридот кај што е извишен манастирот Свети Наум, како на еден вид задоцнет „конвертитски аџилак“.

Тука Едгар Морен ми се довери:

„Јас сум во мојата земја, во земјата на далечните предци. Моето презиме е На(х)ум, додека презимето Морен, го добив во францускиот Отпор!“

И јас му раскажував за мојата, семејната приврзаност за манастирот Свети Наум. Некогаш, му велев, мои предци, макар од друга вера, го варделе овој манастир! Мајка ми, макар од друга религија, според добрата традиција на меѓусебна верска толеранција, идејќи во манастирот Свети Наум и од онаа страна на границата, од Албанија, и од оваа страна, од Македонија, редовно секогаш палеше свеќа во манастирот.

Овој манастир беше и еден вид светилиште на балканскиот егзил на семејството, кога ја гледаме роднатa земја, нашиот град со голо око или со дурбин. Сигурно, еден ден ќе пишувам за овој манастир и за судбината на моето семејство...

И така со Едгар Морен во летото на 1990 година откривме фрагменти од една од нашите заедници татковини на бреговите на Охридското Езеро...

Со мојата особена почит и благодарност
Луан Старова

XV

Имаше мигови од времето на најинтензивната преписка со Елен Лејбовиц (иако никогаш не сум ја видел, ниту сум го слушнал нејзиниот глас), кога

таа ми стануваше многу блиска, ми го надополнуваше семејството со тоа што не можеше да ми го даде Балканот. Беше на еден друг начин дел од моето семејство по чија проширена смисла трагав во моите книги.

И кога ќе помислев дека еден ден сигурно ќе ја видам, ќе разберам која е, која е нејзината професија, таа веќе во следното писмо се оддалечуваше од мене и јас го започнував нејзиното ново освојување со моето наредно писмо. Бев убеден, колку и да настојував да се експонирам со својата личност, кога за тоа најчесто и бев несвесен, дека ќе го постигнев сигурно спротивниот ефект, таа уште повеќе ќе се оддалечеше од мене.

Од повеќето нејзини писма ми стануваше јасно дека таа веруваше во бесмртноста на татковата библиотека. И не случајно еден ден, многу години по татковото починување, со напомена, ми ја испрати за „татковата библиотека“ книгата од својата сестра Аљес Лејбовиц: *Philosophie du droit international* (Paris,1999) …

Fréjus, 23 X 2000

Господине,

Како и вашиот татко кој, како што вие велите, стана ваш упорен читател на ваште текстови, и јас си ја презедов улогата на упорна читателка на текстовите од сестра ми. Но мојата улога беше далеку поскромна. Јас не сум ниту филозоф, ниту правник и моите интервен-

ции се однесуваат на откривање материјални грешки: печатни грешки, правописни пропусти, внесување зборови кои недостигаат итн. Но бидејќи често не ги разбирам научните прилози од областа на правото, ми се случува, читајќи, да си го поставам прашањето: дали новите перспективи кои се назираат во меѓународното право би можеле да бидат од таква природа што би му овозможиле своевремено на вашиот татко да замисли извесни подобрувања на положбата на балканските народи?

Еден друг ден ми дојде идејата да побарам од сестра ми да ми даде два примерока од нејзината објавена докторска дисертација за да ви ги испратам. Таа беше првин малку изненадена од оваа идеја и ја одбиваше:

„Зар не мислиш дека тоа би било претенциозно?“ ми рече таа. На тоа ѝ одговорив дека јас ѝ ги побарав книгите, јас би ги испратила книгите и тоа конечно би било само моја грижа.

*И еве: еден испратен примерок е за библиотеката на вашиот татко; а другиот, ако сакате, нека биде за Универзитетската библиотека во Скопје. Дури и никој да не ги чита овие книги, не би било проблем. За мене, испраќањето има, ви велам уште еднаш, симболично значење, како што беше кога ви ја испративе книгата: „**Животните имаат историја“.** Зашто симболичните гестови се најчесто единствените поетски гестови кои можат да бидат направени во животот.*

Бербата на лавандата е веќе завршена. Во нашите предели – не знам како се прави другаде –

е обичај да се стават во ормани ќесички со лаванда помеѓу ткаенините и облеките за да ја примат нејзината миризба. Јас не покажував никаков посебен интерес за овој обичај сè до денот кога открив дека филозофот Гастон Башлар ја беше возвишил лавандата до еден вид метафизичко достоинство пишувајќи, во ***Поетиката на просторот*** *дека „лавандата придонесува за Бергсоновото траење во хиерархијата на ткаенините.“ Мои пријателки ми дадоа неколку ќесички со лаванда. Тие се насмевнаа кога им реков дека нивните ќесички со лаванда ќе патуваат во Македонија и дека ќе бидат миризлива придружба на две дела од меѓународно право. И јас се насмеав...*

Пакет следува.

Елен Лејбовиц

Fréjus, le 23 octobre 2000,

Monsieur,

Comme votre père qui, dites-vous, s'était érigé en lecteur assidu de vos textes, j'ai dû devenir une lectrice assidue des textes de ma sœur. Certes, mon rôle est beaucoup plus modeste. Je n'ai de formation ni philosophique ni juridique et mes interventions se bornent à relever des erreurs matérielles: coquilles, fautes d'orthographe, mots manquants etc. Mais bien que ne comprenant pas toujours grand-chose à ces savants exposés, il m'arrive en les lisant de me demander si les nouvelles perspectives qui se dessinent en droit international auraient été de nature à faire espérer à votre père

quelques améliorations dans la situation des peuples balkaniques.

L'autre jour l'idée m'est venue de demander à ma sœur de me donner deux exemplaires de sa thèse pour vous les envoyer. Elle a d'abord été un peu surprise et réticente: "Mais tu ne crois pas que ça va faire très prétentieux? S'est-elle exclamée. Je ne veux pas avoir l'air de me prendre pour un auteur important". A quoi j'ai répondu que c'était moi qui le lui demandais, moi qui enverrais les livres, et qu'elle n'avait donc pas à se soucier de l'air qu'elle aurait.

Alors voici: un exemplaire est pour la bibliothèque de votre père; et l'autre, si vous voulez bien, pour la bibliothèque universitaire de Skopje. Même si jamais personne ne devait lire ce livre, ce ne serait pas grave. Pour moi, vous les envoyer a, encore une fois, une signification symbolique, comme lorsque je vous ai envoyé: "Les animaux ont une histoire". Parce que les gestes symboliques sont souvent les seuls gestes poétiques que l'on trouve à faire dans la vie.

La récolte des lavandes est maintenant terminée.

Dans nos régions – j'ignore ce que l'on fait ailleurs – c'est la coutume de mettre dans les armoires des sachets de lavande entre les draps afin de les parfumer. Je n'avais pour cette coutume aucun intérêt particulier jusqu'au jour où j'ai découvert que le philosophe Gaston Bachelard avait élevé la lavande à une sorte de dignité métaphysique en écrivant, dans "La poétique de l'espace" je crois, "La lavande met une durée bergsonienne dans la hiérarchie des draps". C'est des amies qui m'ont donné ces sachets. Elles ont souri quand je leur ai dit qu'ils allaient prendre le chemin de la Macédoine et feraient

une compagnie parfumée à deux ouvrages de droit international. Et j'ai souri aussi.

Le colis suit.

Hélène Lejbowicz

Скопје, 27 октомври 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Вие на чудесен начин ја одржувате бесмртноста на татковата библиотека во борхесовска смисла, вникнувајќи во смислата на нејзината замислена и остварена метафора во мојата балканска сага. Во потрагата по тајните на неговиот живот низ неговите книги јас дојдов до неверојатни чудесни откритија. Сè што не можеше да види и да доживее од перспективата на балканскиот егзил тој веруваше дека тоа ќе го дополни со своите книги.

Успеваше со книгите да се спаси од хроничниот дисконтинуитет на Балканот, кој најчесто беше резултат од непредвидливите налети на историјата врз судбината на луѓето. Трагајќи по неговите книги јас го откривав неговото време, дополнувајќи ја библиотеката со книгите на моето време. Сигурно татко ми бескрајно би се радувал на книгата на вашата сестра за Филозофијата на меѓународните односи. Тој на Цариградскиот универзитет во времето кога се разменуваа Отоманското и Ататурковото време студираше право и исламска филозофија.

Во времето на Големата војна, кога Корча и Поградец беа француски зони, еден вид мала република, мојот татко беше преведувач и секретар на француско-албанската администрација во Поградец. Тогаш во овој речиси проклет дел на Балканот, заробен во граници, француските офицери се обидуваа да го пресадат духот на француските институции, да сочувствуваат со страдањето на месното население во вителот на Големата војна, покажувајќи со него исклучителна солидарност во тешките мигови на егзистенцијата. Од тој период татко ми имаше добиено од француските офицери, посебно од командантот на француската зона Едуард-Огист Мортје неколку книги на француски јазик: ***Француски и Египетски законик****, потоа* ***Духот на законите*** и ***Размисли за причините за величината на Римјаните и за нивната декаденција*** *од Монтескје,* ***Општествениот договор*** *од Жан-Жак Русо. Некои од книгите беа со посвети....*

Кога татко ми во 1919 година замина на студии во Цариград, и се најде кај својот вујко Фетхи Бej Окијар, тогашен премиер на Турција, кој му овозможи во својата летна резиденција на островот Бујук Ада, близу до Цариград, да се види со Ататурк и да му биде предложено да им се придружи во изградбата на новата татковина, татко ми неочекувано се врати на Балканот со својата отоманска кадиска диплома но и со нови книги од турското и европското право...

Беше во подолг период адвокат и судија во независна Албанија за време на режимот на кралот Зогу. Но кога за време на фашизмот беше принуден да ја напушти Албанија со семејството

и да го минеме ноќе Езерото со еден стар чун, станувајќи засекогаш емигранти, оставајќи куќа и земја, ние можевме да ги понесеме само неговите книги собирани во Цариград, како и француските книги од периодот на Големата војна во Погрaдец.

Татковите книги, тие беа самиот негов живот, историја на семејството во егзил, историја на едно големо страдање. И кога татко ми во Скопје, во куќата крај Вардар, ја формира својата нова библиотека, во семејството беше воспоставена нужната рамнотежа за да се истрае, за да бидеме малку среќни, татко ми беше како алхемичар на своите книги, го бараше од нив невозможното, како што сакаа алхемичарите да ја најдат формулата на производство на злато од песок. Но јазикот на алхемијата на неговите книги беше јазикот на неговите соништа.

Во тешките времиња за книгата, кои ние децата никогаш не можевме да ги разбереме зошто се такви, татко ми се движеше брзо и нервозно во својата библиотека, ги разместуваше книгите, ги криеше, продолжуваше неговата алхемија. Меѓутоа, најнеобична е историјата на неговите француски книги од областа на правото добиени од француските офицери во Погрaдец. Нив ги криеше како од ѓаволот кога во сталинистичкиот период имаше бркање на вештерки и книги.

Имаше книги од кои мораше да се ослободи, да ги изгори, кога се насетуваше рација на сопственици на библиотеки и книги, но од француските книги тој не сакаше никогаш и по никоја

цена да се лиши, дури беше готов да си го жртвува и животот.

Тој во егзил не ги криеше само своите француски книги, туку и знаењето на францускиот јазик. Се плашеше некое од неговите деца, тој самиот, други блиски, со откриените француски книги, да не настрадаат, наводно поради западна пропаганда!

Но при крајот на својот живот татко ми за првпат ми прозборе на француски јазик. Јас и без да знам бев реализирал еден напуштен сон од неговата младост, студирајќи француски јазик и книжевност во Скопје, во Загреб и на крајот во Париз.

Но кога нè напушташе засекогаш, нашиот татко, како да ми ја оставаше во наследство својата „француска врска“ која подоцна ќе му овозможи да ја открие и одржува „цариградската“ за да му заврши животот во егзил. Ја разбрав неговата порака, се препуштив во потрага по неговата француска врска, веројатно таа ќе заврши во нова книга од мојата балканска сага, ќе биде тоа еден вид метаморфоза на францускиte книги од неговата библиотека во нова книга, во продолжена книга, во жива книга...

Повеќе години, се документирам во пишувањето и на романот ***Тврдина од пепел****, за кој ќе ви пишувам во друга пригода и очекувам да го завршам иднатa година. Книгата* ***Тврдина од пепел*** *всушност е сочинета од пепелта врз татковиte книги, при татковиte читања, каде што посебно место зазема неговата цариградска кадиска диплома, со која самиот и семејството, ги провре, ги*

спасуваше минувајќи низ албанската монархија, италијанскиот фашизам и југословенскиот комунизам. Беше на свој начин филозоф на меѓународното право. И затоа почитувана драга Елен Лејбовиц, книгата на сестра ви Ањес, ќе заземе достојно место во татковата библиотека, таа ќе ја продолжи нејзината смисла и затоа ви останувам бескрајно благодарен...

Луан Старова

XVI

Бев повеќе од сигурен дека Елен Лејбовиц нема веднаш да ми одговори на моето писмо во кое опширно пишував за амбасадорот Патрик Крисман, односно мојот преведувач на француски јазик Клеман д'Исартеги, но не се сомневав дека таа тоа ќе го стори во едно од подоцнежните писма.

Беше очигледно дека беше фасцинирана од неговата комплексна личност, надарена со голем ум и добрина. Не ја криеше својата среќа што тој продолжуваше да ги преведува книгите од мојата балканска сага за време на неговите дипломатски мисии во Македонија, во Албанија, во Франција...

31 октомври 2000 г.

Господине,

Ме обзеде необична мисла: дали Патрик Крисман не го зел псевдонимот Клеман д'Исартеги не

можејќи да се определи за Климент Охридски со што би го задржал чувството на еднаква благонаклонетост и заштита на двата брега на езерото, албанскиот и македонскиот.

Навистина, јас сум многу задоволна што тој продолжува да ги преведува вашите книги. Се прашувам зошто тој не е преведувачот и на романот ***Атеистички музеј.*** *Или наведениот преведувач Харита Вибрандс да не е нов псевдоним?*

Бездруго невидливите радијации емитувани од книгите на вашиот татко го привлекле овој преведувач чиј мозок крие длабоки бразди. Но колку што е феноменот лингвистички тој е секако (според написот во Телерама) и човечки, феномен на ретка моќ на карактер и на великодушност. Замислете секоја ноќ, под светлината на една ламба, овој човек е наведнат над вашите книги со двајца полицајци-чувари пред вратата на својата куќа и за вас ова претставува бездруго едно посебно искуство. Би било добро француската влада да му ги даде сите можни заштити! Но бидејќи ова може да биде недоволно зашто во толку хаотични ситуации се чини дека случајноста има огромен удел во тоа (види ја алузијата во написот за загубените куршуми кои можат да погодат некого дури на оддалеченост од два километра), јас се надевам дека една избрана ѕвезда блеска за него на небото на Албанија.

Вашата честа употреба на придавката балкански, инстинктивно ме прави рецептивна при секое спомнување. И во овој момент, се разбира, многу се коментираат изборите во Србија со инсистирање на можните непредвидливи последици врз

целиот балкански простор. Би било добро западните земји да не го зголемат уште хаосот. А јас ви посакувам да продолжите во спокој да пишувате.

Елен Лејбовиц

31 Oct 2000

Monsieur,

Cette idée qui me vient est peut-être quelque peu saugrenue. Mais est-ce que Patrick Chrismant n'aurait pas pris le pseudonyme de Clément d'Içartéguy à défaut de pouvoir prendre celui de Clément d'Ohrid pour avoir le sentiment d'étendre une égale bienveillance et une égale protection sur les deux rives, albanaise et macédonienne, du lac?

En tout cas, cela me fait vraiment plaisir qu'il continue à traduire vos livres. Je me me demandais en effet pourquoi ce n'est pas lui qui avait traduit ***Le musée de l'athéisme****. A moins que Harita Wybrands soit un nouveau pseudonyme?*

C'est certainement les radiations invisibles émises par les livres de votre père qui vous ont attiré un traducteur dont le cerveau doit recéler quelques profondeurs abyssales. Mais autant qu'un phénomène linguistique, il est apparemment (d'après l'article du Télérama qui a dû maintenant vous parvenir) un phénomène humain d'une rare force de caractère et d'une rare générosité. Savoir que chaque nuit, à la clarté d'une lampe, cet homme est penché sur vos livres avec deux policiers en faction à sa porte est certainement pour vous une expérience assez singulière.

Pourvu que le gouvernement français lui donne toutes les protections nécessaires! Et comme cela ne suffit certainement pas, car dans des situations aussi chaotiques il semblerait que le hasard ait une part immense (cf. l'allusion faite dans l'article aux balles perdues qui peuvent frapper deux kilomètres plus loin), j'espère qu'une étoile spéciale brille pour lui dans le ciel d'Albanie.

La fréquence aves laquelle vous utilisez l'adjectif "balkanique" me fait dresser instinctivement l'oreille chaque fois que je l'entends prononcer. En ce moment, bien sûr, on commente beaucoup les élections en Serbie en insistant sur les conséquences imprévisibles qu'elles risquent d'avoir pour l'ensemble de l'espace balkanique. Pourvu que les différents gouvernements des pays occidentaux n'ajoutent pas à la pagaille! Et je souhaite que vous puissiez continuer à écrire en paix.

Hélène Lejbowicz

Скопје, 15 ноември 2000 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Ви благодарам задоцнето и за ќесињата со мирисливата лаванда од последната берба во Прованса кои го исполниј сиот мој дом, како и со спомени на едно друго време минато во чудесната јужна Франција. Јас, макар што ја бев читал ***Поетиката на просторите*** *од Гастон Башлар не знаев дека ја беше возвишил „лавандата до метафизичко достоинство во доменот на разбирањето на филозофијата на Бергсоновото траење".*

Отсекогаш сум се восхитувал на есеите на Гастон Башлар. Тој тврдеше дека „небото и цвеќето ги зајакнуваат мислите.“ Но јас би сакал да ви пишувам за една друга размисла на Башлар која ја чувствувам за многу блиска кога ќе помислам на вашата реченица за мојот преведувач Патрик Крисман:

„Замислете секоја ноќ под светилината на една ламба, овој човек е наведнат над вашите книги...“

Гастон Башлар пишуваше:

„Сам во ноќта со една книга осветлена од ламбата. Книга и ламба, двоен остров од светлина спротив двојниот мрак на духот и на ноќта!“

Просторот осветлуван од ламбата, кругот на неговите ноќни читања беше просторот на татковата постојано освојувана слобода, хоризонтот на нашата слобода крај една жолта светла ламба во темнината на неизвеснатa балканска ноќ пред светилината на денот!

*Патрик Крисман, не е преведувачот на **Атеистичкиот музеј,** зашто самиот намерно не сакав да го внесувам во времето на албанскиот „сталинистички пекол“, од разбирливи причини, во времето кога тој како амбасадор служеше во оваа земја, како што ми велеше, моите книги ги преведуваше секогаш почнувајќи од полноќ, трагајќи по некогашните извори на светилина од татковата потрага низ Балканот, останувајќи верен, на еден друг начин на Башляровото кажување, во потрагата по „островот на светилината“ во ноќта на Албанија...*

Со моите најубави желби
Луан Старова

XVII

Елен Лејбовиц на чудесен начин не само што навлегуваше во мојата балканска сага, туку таа ја прошируваше смислата на нејзиното постоење, нејзиниот хоризонт на ширење. Имаше нешто живо, полетно во нејзиното пишување кое го поттикнуваше моето, понекогаш насочување на поединости, за мене невидливи, кои водеа кон поширок хоризонт во опфатот на мојата сага.

Имав чувство дека Елен Лејбовиц беше најблиску до некогашната таткова внесеност во моето пишување. Таа како да настојуваше да го замени присуството на мојот татко, кога јас најмногу го чувствував неговиот недостиг во моето пишување. Во ретките моменти на навлегување на својата најдискретна зона во односите со мене и моите книги, кога трагав по причините за нејзината голема привржаност кон мојата балканска сага, Елен Лејбовиц не криеше да каже дека читајќи ги книгите на мојата балканска сага, најмногу се привржа за ликот на татко ми. Но никогаш не ги кажа причините за тоа. Оставив, засекогаш, јас да трагам по нив. Но останав само на нивото на претпоставките. Мистеријата остана во неа.

Кога ги читав писмата на Елен Лејбовиц, верував дека ја слушам, ја гледам, толку многу зрачеше во своето пишување, со својата блискост, искреност, доверба, добрина, великодушност. Такво разбирање за моето пишување никогаш не бев доживеал во моите земји на Балканот, Албанија и Македонија, ниту од најблиските.

И кога ѝ пишував на Елен Лејбовиц, јас не одговарав на нејзините писма, туку настојував да ја проширам смислата на мојата балканска сага. Во тоа таа ми остануваше верна. Стануваше непроценлив, вистински дел во потрагата по полнотата на вистината на балканското семејство во егзил. Настојував да ја споделам доверливата и интелигентна добрина на мојата читателка колку што беше голема мојата моќ. Како да се обидував да ги ставам на еден вид „проверка“ натамошните планови за мојата сага, небаре го барам нејзиниот благослов во пишувањето како некогаш татковиот.

Имав чувство дека еден ден сигурно ќе ја изгубам мојата најверна читателка, ќе исчезне, ќе ме заборави, ќе ме остави сирак во мојата сага. И затоа, со сета моќ се обидував да го поттикнувам нејзиното полетно и драгоцено пишување. Бев со нејзиното присуство среќен на Балканот. Но таа како да го разбираше многу повеќе мојот жалосен Балкан од самата обединета западна Европа. Мојот Балкан, постојано разединет, со народи противставени, најчесто низ структурите на власта со инструментализација на верата, идеологијата, странските влијанија во незапирливата „балканизација“. Бевме во една заедничка меѓузона, заедничка татковина помеѓу Европа и Балканот, но никогаш целосно ниту во едната ниту во другата...

Најчесто и кога ми пишуваше за актуелните балкански политички теми, во времето по трагичните братоубиствени војни на просторите на поранешна Југославија, со закани тие да ја зафатат и Македонија, Елен Лејбовиц тоа го чинеше, против-

ставена на немоќта на европските институции, барајќи ги причините за несреќите, најмногу, како што ми пишуваше, поттикната од читањето на моите книги, кои како што велеше, тие не ги набројуваа злата на нашите земји, туку го раскажуваа Балканот. Таа се обидуваше да толкува некои актуелни настани преку читањето на книгите, макар што во нив се зборуваше за други времиња на Балканот... Настојував да бидам максимално верен на нејзиното внимание...

Скопје, 20 ноември 2000 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Во вашето претходно писмо вие ми пишувате за провансалската лаванда и филозофијата на Гастон Башлар. Ви пишував за волшебната ламба на читањето. Башлар, велеше во ***Пламенот на една свеќа*** *дека „таму каде што владее ламбата, царува спомен, во ноќта, закана на вечноста“.*

Никогаш не се ослободив во сеќавањето од провансалските цветови во времето кога во Арл со фанатична брзина и фантомска понесеност ги пишував страниците на книгата ***Атеистички музеј,*** *ослободувајќи се од темнината на заробената земја Албанија од самата себе, во седумстотините илјади бетонски бункери. Обично се вели дека самотијата нема историја. Ние на Балканот останавме во ендемска врева, заробени од историјата.*

Башлар се прашуваше: каде оди светлината на погледот, кога смртта го става својот прст врз очите на човекот што умира. Гете пред смртниот час бараше уште светлина! (Mehr licht!). Но јас сакам во ова писмо да ви зборувам само за светлината на земјата и на небото. За светлината на цвеќињата и за светлината на ѕвездите кои ги поттикнуваат човековите мисли.

Вие почитувана Лејбовиц, во миризбите, етеричните и маслинови масла, кои ми ги испративте во шишенца, и потоа свенатите цутови на лавандата и други провансалски цвеќиња, ми испративте и неколку слики, со пригодни цртежи на полињата прекриени со разбранетите цветови како подвижен тепих. Ми го оживеавте чудесниот спомен од волшебниот предел, кога на другата страна од разгледницата, ми ги цитиравте стиховите од поетот Жан-Пол Тулет:

„Во Арл, во пределот на Аликан, / Кога сенката почрвенува, под ружите / И времето светло, / Не заборавај на благоста на предметите...” (“Dans Arles où sont les Alyscamps quand l’ombre est rouge, sous les roses, / Prends garde à la douceur des choses…”).

И уште нешто за вашата неочекувана пратка со провансалските чудесни „предмети“ кои живо илустрираат некои поставки од филозофијата на Гастон Башлар – за цвеќињата и небото! На другата страна од разгледницата со легенда Прованса – Мистичните маслини, вие посетувајќи на питата „тикуш“ (со пилешко месо и јајца), која мајка ми ја подготви по моето враќање од

*Албанија, според крајот од романот **Атеистички музеј** пишувате дека можеби питата ќе биде уште повкусна ако се стават и исушените цветови на мајчина душица, рузмарин и маслини. Мојата сопруга Гзиме, која патем ви благодари за испратената книга на вашата сестра **Филозофија на меѓународното право** и која веќе се наоѓа во нејзиниот Правен факултет во Скопје каде што е професор, ја наследи достојно мајкината вештина во месењето на питата „тикуш“ и таа го внесе вкусот на новите зачини откако ја добивме вашата пратка со миризбите и вкусовите на вечната Прованса.*

Во старата куќа крај реката, во повоените години на сиромаштијата, мајка ми на парчето земја одгледуваше градина со малку зарзават и разнобојно цвеќе. Таа се грижеше и за неколку стебла јоргован донесени пред многу години од роднатa земја на брегот на Езерото. Напролет јоргованите ни го носеа здивот не само на пролетта, туку и спомеот на роднатa земја. Но јоргованите со нивната раскошна миризба како да заминуваа пребрзо со водите на реката, посетувајќи на вистинатa дека убавото брзо исчезнува. Остануваше миризбата на мајкините јорговани во непознатите атоми на душата да посетува за времето кога бевме најсреќни на Балканот!

Го завршувам ова писмо, со спомеот на мирисот на мајкините јорговани и провансалската лаванда.

Луан Старова

XVIII

Бев импресиониран како Елен Лејбовиц успеваше да проникне длабоко во суштината на текстовите, напати јас немоќен да се самоспознаам во нив, и да ги поврзе со актуелноста, реалноста, да ги насети моите идни планови. Нејзиното читање беше поливалентно, психоаналитичко, проникнувачко. Нејзиното поврзување на трагиката на тоталитаризмот со реваншот на невините кози во името на прогресот и жртвувањето на лудите крави со тоталитаризмот на потрошувачкото општество можеше да биде предизвик за ново пишување.

Сакав да ѝ напишам за мојата намера еден ден да пишувам токму на темата на жртвувањето, во план имав таков роман, тоа беше ***Балканскиот жртвен јарец***, но остануваше едно прашање од романот ***Татковиште книги*** кое таа често го поставуваше, а јас постојано се обидував да ѝ одговорам, во очекување на вистинска можност...

Фрежис, 26 ноември 2000 г.

Господине,

*Во долгото писмо што ми го напишавте во месец јуни, вие ги спомнувате вашите родители, вашите браќа, вашите деца, вашите внуци. И бидејќи не правите никаква алузија на вашата сопруга, која се забележува краткотрајно за време на вашето враќање од Албанија во романот **Атеистички музеј**, а и во вашето последно писмо, си*

поставувам прашања за неа што не би се осмелила никогаш директно да ви ги поставам.

Испраќањето на докторската теза на сестра ми имаше за непредвидлива последица да дознаам дека е секогаш присутна крај вас што ме исполнува со особено задоволство.

Се радувам што вашите Кози и покрај сè ги минуваат границите на соседните земји. Веќе извесно време, западноевропските новости прават речиси секој ден да мислам на нив, и тоа понекогаш и повеќе пати дневно; и оваа актуелност, боже, нема ништо за радување. Во вашата земја, една економија од марксистичко-ленинистичка провениенција ги употреби сите средства да ги ликвидира козите; кај нас, друга економија од обратен, капиталистички карактер, го доведе во прашање постоењето на говедската раса, предизвикувајќи ја болеста на кравјото лудило познато како "encephalopathy spogniforme", која, како што се вели, се пренесува и на луѓе, во форма на болеста "Creutzfeld-Jacob".

А јас самата веќе четириесетина години не јадам месо од кој и да е вид, па лично не сум загрижена за своето здравје. Но прашањето не е во тоа. Овие настани, за кои постојано, ден и ноќ, радијата и телевизиите не престануваат да грмат (а тоа што се гледа и слуша е тешко да се поверува) има вознемирувачки последици за животот на целата земја. Но сето тоа крена толку силна врева во Европската заедница, па сигурно овие вести допреа и до Македонија, така што не би имала посебно што да додадам друго можеби освен мислата која постојано ми минува низ глава.

Тргнувајќи од една бесмислена и свирепа акција, обидот да се ликвидираат козите, вам ви успеа да го преточите во драматично четиво, кое е во истовреме толку убаво и длабоко од кое се излегува внатрешно збогатен. И напротив, ако некој се обиде, еден ден, да напише роман за овој невиден масакр на кравите кои биле хранети со брашно направено од сомелените мрши на нивни сродници, јас посебно се сомневам дека овој настан би можел да поттикне некого да пишува за нешто друго освен за ужас и тегобност.

Но доста беше за ова.

Јас сè уште немам добиено ниту една разгледница за кои ми велите дека сте ми ги испратиле од Загреб, Сараево и Истанбул. Што се однесува до Истанбул, ќе ви раскажам нешто. Се разбира, штом нашите медиуми зборуваат за Турција, секогаш тоа се однесува за евентуалниот прием на Турција во Европската унија или за можностите на масакрот над Ерменците, во 1905 година, да биде осуден од француската влада како геноцид. Но, гледај изненадување, на 2 ноември на телевизија се емитуваше една емисија за турскиот поет Назим Хикмет. Неговите песни се читаа на турски и, за жал, нивниот превод на француски јазик беше тешко читлив на екранот; но глетките на Босфор, на Златниот Рог, и на градот, понекогаш под снежна покривка, кои го придружуваа читањето на стиховите, беа чудесни. Бидејќи ми беше тешко да читам, се задоволив со фасцинантните слики.

И потоа, се разбира, моите мисли се пренесоа на вашиот текст од ***Татковите книги****, во*

кој пишувате за престојот на вашиот татко во Истанбул додека бил студент и за неговите долги прошетки крај кејовите на двата брега, азискиот и европскиот, во потрага по конечниот за да фрли сидро. Да се сонува за својата иднина во чудесниот пејзаж може да се смета и за извесна привилегија, но всушност тоа не е толку сигурно. Зашто ова место, поточно, повеќе ги предизвикува неодредените соништа на граничната линија на два света, отколку цврсто да се одлучи по која насока ќе се појде штом таму почнува неговата скитија, би се посакало, нема сомнение, никогаш да не заврши, за да нема што да избере.

И си велам дека во ***Татковите книги*** *главата под наслов „Соништа крај морскиот брег“ би можело исто така да биде одраз на вашите сопствени потраги во овие места.*

Една пријателка ќе се погрижи да ви го испрати ова писмо по е-мајл од установата кај што работи. Но ако сепак посакате да ми одговорите, не ја употребувајте оваа адреса, туку онаа од претходните е-мајлови. Во секој случај ви повторувам: јас не очекувам вие да одговарате на моите писма.

Елен Лејбовиц

Fréjus, le 26 novembre 2000

Monsieur,

Dans la longue lettre que vous m'aviez écrite au mois de juin dernier, vous mentionniez vos parents, vos

frères, vos enfants, vos petits-enfants. Et comme vous ne faisiez aucune allusion à votre épouse, que l'on aperçoit fugitivement lors de votre retour d'Albanie dans "Le musée de l'athéisme", je me posais à son sujet des questions que je ne me serais jamais permis de vous poser directement. L'envoi que je vous ai fait de la thèse de ma sœur a donc eu comme conséquence imprévisible de m'apprendre qu'elle est toujours là, bien présente auprès de vous – ce dont je me réjouis beaucoup.

Je me réjouis aussi que vos chèvres prennent, malgré les frontières, le chemin des pays voisins. Depuis quelque temps, une certaine actualité ouest-européenne, m'amène à penser à elles chaque jour, et même plusieurs fois par jour; et cette actualité, hélas, n'a elle rien de réjouissant. Dans votre pays, une économie d'inspiration marxiste-léniniste s'était employée à exterminer les chèvres; chez nous, c'est une économie d'inspiration inverse, une économie capitaliste, qui a mis en péril la race bovine en lui ayant fabriqué une maladie dite "encéphalopathie spongiforme bovine", laquelle, dit-on, se transmettrait aussi aux humains, sous la forme de la "maladie de Creutzfeld-Jacob".

Certes, ne mangeant pas de viande sous quelque forme que se soit depuis une quarantaine d'année, je n'ai guère de soucis à me faire pour ma propre santé. Mais la question n'est pas là. Ces événements dont, à toutes les heures du jour et de la nuit, les radios et les télévisions ne cessent de se faire l'écho (et ce que l'on voit et entend est à peine croyable) ont des répercussions inquiétantes sur l'ensemble de la vie du pays. Mais tout cela faisant suffisamment de bruit dans la communauté

européenne pour être, j'imagine, connu jusqu'en Macédoine, je n'ajouterai rien d'autre sauf cette pensée qui me traverse tous les jours la tête. A partir d'une entreprise insensée et cruelle – la tentative d'extermination de chèvres – vous avez réussi à faire un récit certes dramatique, mais aussi beau et profond dont on sort intérieurement enrichi. En revanche, si quelqu'un s'avise, un jour, de faire un roman ayant pour sujet cette hécatombe de bovins qu'on avait nourris aves des farines fabriquées à partir de cadavres de leurs congénères morts de maladie, je doute fort qu'il puisse inspirer, autre chose que l'horreur et la nausée.

Mais cela suffit sur ce sujet.

Je n'ai encore reçu aucune des cartes que vous me dites m'avoir envoyées de Zagreb, Sarajevo et Istanbul, mais je vous remercie d'avoir pensé à me les écrire. Concernant Istanbul, je vous raconterai quelque chose. Evidemment, lorsque les médias chez nous parlent de la Turquie, c'est avant tout pour y traiter de son éventuelle adhésion à l'union européenne, ou des possibilités que le massacre des Arméniens, en 1905, soit reconnu par le gouvernement français comme un génocide. Mais, oh! Surprise, le 2 novembre dernier, il y eut à la télévision une émission sur le poète turc Nazim Hikmet. Ses poèmes étaient lus en turc et malheureusement leur traduction française en incrustation sur l'écran était très difficilement lisible ; mais les vues du Bosphore, de la Corne d'Or, et de la ville, parfois sous la neige, qui accompagnaient la lecture de ces poèmes étaient merveilleuses. Alors, puisqu'il était si difficile de lire, je me suis contentée de regarder ces fascinantes images. Ensuite, bien sûr, j'ai repensé au récit que vous

avez fait du séjour à Istanbul de votre père, alors étudiant, et de ses longues promenades lorsqu'il se demandait sur lequel des deux bords il devait se fixer. Rêver ainsi à son avenir dans ce paysage enchanteur pourrait passer pour un privilège, mais au fond ce n'est pas si sûr. Car ce lieu, justement, semble davantage fait pour rêver indéfiniment à la limite de deux univers, plutôt que pour décider fermement de la direction à prendre. Lorsqu'on commence à errer par-là, on souhaiterait sans doute que cette errance n'ait jamais de fin, pour ne pas avoir à choisir. Et je me dis que, dans "Les livres de mon père", la chapitre intitulé "Rêverie au bord de la mer" pourrait bien être aussi le reflet de vos propres déambulations dans ces lieux.

C'est une amie qui va se charger d'envoyer cette lettre par l'E-mail de l'entreprise où elle travaille. Alors surtout, si vous voulez me répondre, n'utilisez pas cette adresse-là mais celle de mes E-mail précédents. Toutefois, je vous répèterai ce que je vous ai déjà dit: je n'attends pas que vous répondiez à мes lettres.

Hélène Lejbowicz

1 декември 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

На крајот на вашето писмо, вие нагласувате дека не инсистирате, дури и не очекувате да одговарам на вашите писма. Но вашите писма за мене не се обични, туку силни поттици и поттици за размислување, за продолжување, надополнување

на веќе напишаното во книгите на мојата балканска сага.

Зарем не е чудесна вашата споредба за жртвуваните кози на Балканот во времето на тоталитаризмот со денешното жртвување на кравите во Европа, во која демократијата го совлада советскиот тоталитаризам. Ова е голема тема, голем предизвик. Но да ги оставиме козите и лудите крави...

Вие повторно се навраќате на ***Татковите книги*** *по вашите повторни читања. Во оваа книга се содржани сите метафори на балканската сага. Таа останува трајно отворена книга. Тука се наоѓа итинерерот на татковиот егзил. Тука се и дилемите на таткото, како централен лик на сагата: дали да го продолжи патот на семејството, и да се вкорени конечно на бреговите на Босфор, или да се врати на Балканот.*

Вие сте во право кога велите дека и јас ги наследив татковите илузии, неговите гени, не определувајќи се ниту за Запад, ниту за Исток, како да останав со сето семејство да го исполнувам мајкиниот завет. Којзнае каде е вистината. Но нејсе, мене судбината ми ја даде можноста на еден друг начин, низ мостот на пишувањето, да стигнам во местата на враќањето на татко ми во Цариград, а можби еден ден и во родниот Погрaдец. Но во ова писмо би сакал да ви ја дополнам историјата од ***Татковите книги****, за (не)остварените таткови соништа крај морскиот брег.*

Татковото враќање во Цариград беше не само негова, туку прекрасна и во семејна опсесија, дежурна дестинација на нашите илузии. Оддалечувањето

од нашата родна Албанија, и малите, речиси непостојни изгледи некогаш да се вратиме во неа, мајката со врските клучеви да ги отвори бравите на нашиот заборавен дом, го оставаше отворен цариградскиот хоризонт, за да пристанат еден ден на босфорскиот брег остварените татковци илузии.

Но татко ми, ако имаше нешто наследено од источната мудрост, беше чувството за спокој, трпеливост, кое извираше од една урамнотежена и припитомена фаталност, со која ја смируваше западната забрзаност. Беше свесен, при животот во залез, а нашите во изгрев, оти е доцна да го огрее повторно цариградското сонце.

Кога беше млад и во полет, кога ја презеде водечката улога во семејството по смртта на својот татко, кој никогаш не подгреваше никакви цариградски илузии, по своите студии се врати од Цариград, ги презеде семејните дизгини. Беше во Цариград во рајски времиња, а се врати во балканскиот пекол, завлечен подоцна и во принудниот балкански егзил.

И кога повторно го крена семејството на нозе, неговите синови пораснати, и можеби моќни како тој во младоста во Цариград, му понудија со малиот фиат 750, купен со заеднички средства, произведен во Југославија, според италијанска лиценца, да го одведат во Турција, тој со блага насмевка која освојуваше, само им рече:

„Синови мои, зар да се вратам како питач во градот кај што можев да бидам господар!“

Постарите синови повеќе никогаш не му го поставуваа ова прашање. Поради староста, или

мудроста, тој се беше здобил со сознанието да не ги отпочнува старите илузии, кои одамна ја беа изгубиле за него моќта на покренување!

Ми преостануваше мене да му го приредам на татко ми, како реванш на судбината, неговото задоцнето враќање во Цариград. За тоа враќање ми преостануваше само моќта на литературата, алхемиската потрага низ наследените таткови книги. Во пепелта врз страниците на некогашните таткови најконцентрирани читања, патот водеше кон Цариград, град на неговата младост, но и на неговите големи илузии. Ги поврзував врвиците на татковите соништа, низ неговите читања, минувајќи низ релјефот на пепелта, стигнував до бреговите на Босфор, фиксирани во мојата книга. Го реконструирав и татковото откривање и жртвување за битолските кадиски сицили.

И најпосле дојде денот на задоцнетото татково враќање во Цариград. Беше стигнало едно друго време во Турција, но Цариград беше останал со истата душа, како во татковото време. Првпат овде јас допатував во далечната 1965 години со воз и се најдов потоа на островот Бујук-Ада, крај Цариград, во резиденцијата на татковиот вујко, некогашниот Ататурков пријател од сите битки за создавање на нова Турција, пречекан од ведрата и пријатна сопруга односно таткова вујна Галибе Анум и од неговиот син професорот Осман Окијар, тогаш ректор на Универзитетот во Ерзурум.

Во тие години ја немав денешната свест за потрагата по татковиот живот, за татковото „тајно цариградско време“ за кое некогаш

не ни зборуваше, од страв да не станеме робови на изговорените зборови, па којзнае каде да завршиме.

Кроткаата и умна Галибе Анум ми зборуваше со ведрина за мојот татко, за местото каде што живеел и работел, куќата крај морето во Бујук-Ада. Со Осман Окијар, кој во детството учел во славното париско училиште Жансон Де Саји, додека овде неговиот татко беше амбасадор на Турција и потоа студирал и докторирал на Кембриџ од областа на економските науки, на тема за реформите на Танзиматот, ме поврза големо, нераскинливо пријателство кое траеше сè до последните денови од неговиот живот, минати кај сестра си, на азискиот брег на Истанбул, во Искидар.

Се допишувавме речиси дваесетина години на француски јазик, особено кога го откривав и станував свесен за премолчаното татково време. Со професорот Осман Окијар, кој беше и голем познавач на Ататурковото време и времето на неговиот татко Фетхи Окијар, на нивната заедничка мисија во создавањето на нова Турција, и кој објави неколку драгоцени книги за тоа време, имавме неколку средби во Анкара, во Тунис и во Париз. Тој ги беше прочитал на француски јазик ***Татковите книги*** *и* ***Времето на козите*** *и се радуваше на нивното објавување во Турција што јас го сметав како своевидно татково враќање во Истанбул, но болеста го спречи да ја доживее нивната промоција.*

И додека на излезот од големиот цариградски аеродром го барав и го забележав своето име на малиот плакат што го држеше еден од дома-

ќините, си помислив, колку ќе бев среќен, како некогаш овде да го видам добродушното, ведро и светло лице на братот Осман Окијар, кое многу ме потсетуваше на татковото.

На аеродромот ме пречека претставникот на издавачот Јапи Креди, кој веднаш ми ги даде првите два примерока на турски јазик на ***Татковите книги*** *(Babamin Kitaplari) и* ***Времето на козите*** *(Keçiler Dönemi). Ова пријатно изненадување уште на самиот аеродром не го очекував. Знаев дека е преведен и објавен романот* ***Татковите книги,*** *но воопшто немав информации за* ***Времето на козите****. Фамозно гостољубивите домаќини ме сместија во легендарниот хотел Палас, во кој некогаш живеел Ќемал Ататурк, како и сите славни личности кои престојувале во Цариград, како Хемингвеј, Агата Кристи и други, со имиња на плочките на вратите во собите. Големиот турски издавач беше на висината на својата репутација. Постојано во мислите бев со татковото цариградско време. Но јас чекорев по едно друго време низ неговите врвици, за да сведочам, за да го оправдам татковото невраќање.*

И на крајот следуваше ноќта на вистинското татково присуство, на неговото задоцнето враќање во Цариград. Ноќта ја красеа и познати и непознати таткови и мајкини роднини. За моите книги говореше турскиот писател Недим Гурсел, кој живееше во Париз, во егзил од 1971 година по тогашниот пуч на генералите и се прослави со својата прва книга претставена од компаратистот Етијамбл, ***Едно долго истанбулско***

лето *(Un long été d' Istanboul). Моето искажување го преведуваше од француски јазик Нур Отоман, со кристална јасност и задлабоченост. Таа ги беше прочитала моите книги и нејзиното преведување беше тотално пренесување на еден свет, сензибилитет и време, кои ги акцентираше со своите емоции.*

Во салата беше присутен со една голема чанта и романсиерот Орхан Памук, објавуван со мојот пријател Амин Малуф, кај истиот издавач Јапи Креди. Тогаш Орхан Памук беше пред вратите на светска слава.

Дојде редот да ги кажам своите зборови, кои напати ги придушуваа воздржаните солзи. Ги поздравив сите блиски, роднини, пријатели, читатели и сите други, истакнувајќи дека вечерта присуствуваат на чиното на едно големо враќање од егзил што може да го приреди само литературата, на еден нивен некогашен сограѓанин. Мојот татко! Кај присутните од првиот ред забележав солзи, тие сигурно беа од таткова рода. И беа. Се уверив подоцна. Зборував долго, и занесно, сè додека ме придружуваше здивот на присутните.

Длабоко во ноќта на Истиклал џадеси, на Кадикеј, во еден руски ресторан ја завршувавме ноќта со Орхан Памук, со Недим Гурсел, со моите турски пријатели. Им ги потпишав со братски, блиски зборови ***Татковите книги****. Знаев дека раскажуваме една иста, голема балканска приказна, секој со својата моќ, и од сопствениот дел на судбината.*

Со Недим Гурсел се познавав уште од Париз. Орхан Памук беше мојот нов пријател. Во блискатa и доверлива атмосфера, Орхан од својата голема кожна чанта од којашто никогаш не се одвојуваше ни ги покажа големите по формат тетратки, на кои речиси со калиграфски ракопис ги испишуваше своите книги, со кои веќе постигнуваше светска слава. Ни зборуваше и за првите бранови завист поради успехот кои допираа од океанот. Го проблематизираа неговиот турски јазик и што уште не! Но тоа беа генератори кои го мотивираа уште повеќе да пишува. По читањето на неговите романи, ме импресионира неговата фасцинантна моќ да проникне длабоко во пластовите на петвековното отоманско време, кое архетипски ни беше заедничко, и да успее да се оддалечи од стереотипните романескни шеми на третирање на ова време во духот на неизбежниот западно-источен судир.

Ми беше близок поради ваквиот третман на ова време, по кое јас се обидував, со поскромни можности, да трагам по неговата многузначност низ сагата за судбината на едно поли-идентитетно балканско семејство, кое истрајуваше во судбината, извлекувајќи поуки за толерантност во однесувањето со другите.

Имав чувство дека сум открил некакво ново значење, ново време на татковото низ моето враќање во Цариград и сум ја предал неговата порака на други автори слични по судбина и ориентација. Можеби! Со Орхан Памук ме поврза тивко и ненаметливо пријателство. Подоцна се видовме на средбата на европските писатели, организирана од

францускиот културен центар „Андре Малро“ со цел да ја обнови европската надеж на мартиризираното Сараево.

Толку за ноќта на задоцнетото татково враќање на брегот на Босфор, благодарение на вашиот присет. Јас не сум во состојба, а да не ви пишувам, да ви ја изнесам целата вистина, која вие ја загатнувате и ја насетувате во моите книги, во мојот живот...

Со голема почит
Луан Старова

XIX

И кога очекував Елен Лејбовиц да продолжи со пишувањето за големите теми од Балканот и Европа, како што тоа беше во нејзиното претходно писмо, кога се задржа на темата на жртвувањето на козите на Балканот и на лудите крави во Европа, кое како синдром го следи човештвото уште од неговите мугри, таа го сврте вниманието на сосем неочекуваното испраќање 50 книги од расказите на Алфонс Доде, меѓу кои беше и новелата ***Козичката на господинот Сегген***, со кој авторот постигна светска слава.

Писмото, како и барањето, беше необично, крајно неочекувано (книгите да ги испратам во македонските и албанските училишта во коишто се учеше француски јазик!), но за мене криеше длабока конотација, во склопот на односот на Елен Лејбовиц кон мојата балканска сага. Алузијата се однесуваше и на употребата на јазиците во Маке-

донија. Но алузиите одеа и подалеку: стигнуваа до татковиот однос кон јазиците...

20 декември 2000 г.

Господине,

Според тоа што сте ми го пишувале, Патрик Крисман го усовршувал македонскиот јазик преведувајќи го романот ***Времето на козите*** *што своевремено го открил. Значи младите Албанци и Македонци кои ја читаат оваа книга би биле среќни да ја имаат и книгата на Алфонс Доде,* ***Козичката на господинот Сегген****, која е многу споменувана во вашата книга, за да им се помогне во нивното изучување на францускиот јазик. Еве со што да ги ангажирате и би ве молела да ми простите за барањето да се погрижите овие педесетина испратени книги на ваша адреса да им ги поделите на заинтересираните ученици, за што ќе загубите малку време.*

Постојано ги читам ***Татковите книги*** *и постојано откривам нешто ново. Пишувате дека вашиот татко починал со речник крај себе, починал непреведен...*

А што се однесува до кутијата чоколади, за чудење, ама вистина е, книжарот каде што ги купив книгите ми ги даде кога отидов да ги подигнам. Нормално е тие да ги придружуваат книгите докрај...

Толку за денес, со моите најубави поздрави.

Елен Лејбовиц

Ce 20 décember 2000,

Monsieur,

D'après ce que vous m'avez raconté, Patrick Chrismant a appris le macédonien en traduisant "Le temps des chèvres" qu'il venait de découvrir. Alors, peut-être que les jeunes Albanais et Macédoniens qui lisent ce livre seraient heureux d'avoir à leur disposition "La chèvre de M. Seguin", qui y est longuement mentionnée, pour les aider dans leur apprentissage de la langue française. Voici de quoi les occuper, et veuillez seulement m'excuser si le souci de cette distribution vous fait perdre un peu de temps.

Quand à la boite de chocolats, chose un peu surprenante mais vraie, je vous l'assure, c'est la libraire à qui j'ai commandé ces livres qui me l'a offerte lorsqu'on est allé les chercher; il est donc normal qu'elle continue à les accompagner. J'espère que vous aimez les chocolats…

Voilà donc pour aujourd'hui, avec mes bonnes salutations.

Hélène Lejbowicz

27 декември 2000 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Какво чудесно поврзување на настаните во мојата „балканска сага", на што јас пишувајќи и не сум помислувал. Вие во татковите книги откривате црвена нишка, некаков Аријаднин конец, со кој го означувате излезот од балканскиот лавиринт,

излезот од балканското варварство. Вашата црвена нишка ја провлекувате низ петте века отоманско време, балканските и светските војни, промената на вери, режими и идеологии, низ едно семејство, кое станува типологизирана книжевна парадигма.

И потоа, минувањето на татково со книги низ границите, каква негација на нивното постоење. Мајката ја минуваше границата со своите чеда во прегратка во студената ноќ и светите книги Библијата, Куранот и Талмудот. Ги молеше сите божества да ѝ се спасат чедата кога ќе ја минуваат границата. Нејзините чеда низ целиот живот ја шепотеа незаборавната молитва на мајка им, од времето кога ја минуваа границата, оттогаш тие сигурно веруваа дека бог постои.

Но татково не ја минуваше метафизички границата. Тој мораше со семејството реално да стигне на другиот брег. На спасоносниот брег на егзилот. Во уште еден парадоксален круг на неговата и семејната егзистенција.

Мајката ја носеше со себе и светата врска на клучевите на напуштените куќи на семејството, со пустата надеж за враќање. Но се случи, и таа тука го мешаше провидението, еден од нејзините клучеви на пастара куќа, можеби урната, да отвори врата на нова куќа. Таа како да го имаше калаузот за отклучување на судбината.

Татково, веруваше во друга врска со клучеви, а тоа беа јазиците, сите јазици на Балканот. Татко сметаше дека најголемите граници на Балканот се самите јазици, кои подоцна се проектираат од душите на луѓето врз териториите во

кои живеат. Тој го немаше калаузот за да влегува и излегува од секој јазик кога ќе посака.

Веруваше дека кога се совладува границата со минување од еден во друг јазик, се совладува и границата помеѓу две земји, два народа. Балканот за татко ми беше мал уште попроклет Вавилон, од некогашниот голем, универзален и митски Вавилон. Мораше во својата врска, во својата свест да има врска со повеќе клучеви – јазици. Беше свесен дека не може да го има мајчиниот калауз кој ги отвораше материјалните врати.

Покрај албанскиот јазик, се служеше со германскиот, францускиот, научени за време на австриската, потоа француската окупација на родниот Погрaдец за време на Првата светска војна, потоа тука беше и неговиот мајчин јазик, кој всушност беше и неговиот главен клуч-јазик, во неговата врска клучеви јазици.

Најголеми тешкотии имаше со македонскиот и другите словенски јазици со кои се соочуваше во земјата на својот егзил и кои тешко се учеа во поодминатите години на животот, па му помагавме ние децата, кои во детството го совладавме овој јазик, на кој јас денес и пишувам, покрај на мајчиниот албански јазик.

Во семејната стратегија на спасувањето во минувањето на границите и престоите во земјите на егзилот, за време на војни, јазиците најчесто го спасуваа семејството. Така би и за време на грчко-италијанската војна во Погрaдец во 1940 година, кога мајкиното знаење на италијанскиот и грчкиот јазик, ја спаси неа со децата од сигурна смрт.

И сега како да беше дојден редот откако се мина границата спасот на семејството да се препушти на татковата грижа, кој впрочем и го поведе семејството на другиот брег од езерото.

Меѓутоа таткото знаеше дека најсилните, најнепроодните граници беа впишани во менталитетот на луѓето. Нивни генератори беа јазиците.

Татко беше обземен во текот на целиот живот од мистеријата на потеклото на јазиците. Ги следеше полемиките и книгите за создавањето на универзалните вештачки јазици и не веруваше во нив. Сметаше дека нивна крајна цел беше да ги уништат природните јазици со вековна еволуција. Во неговата библиотека имаше многу книги, трактати, записи за јазиците и голем број речници, енциклопедии.

Иако автодидакт, во проучувањето и откривањето на јазиците, надарен со силна дарба и интуиција во учењето на новите јазици, тој добро знаеше дека лингвистиката е комплексна и ригорозна наука. Но тој знаеше дека вавилонското проклетство беше најсилно на Балканот. Сè уште постоеше опасност приврзаниците на новите раздори на Балканот да бидат предизвикани со ново ситнење на балканските јазици. Како втор Вавилон. Балканвавилон. Но секој со својата среќа.

Татко беше свесен дека според научните сознанија говорните јазици на Балканот беа поделени во три големи семејства: фино-угриското коешто беше претставено со унгарскиот јазик, фамилијата на турско-монголските јазици, во кој доминантен беше турскиот и на крајот сите други

јазици кои ѝ припаѓаат на големата фамилија на индо-европски јазици. Тој посебно се внесуваше во третата и втората група зашто во нив беа јазиците што ги зборуваше и кои му беа блиски. Тој од својата мајка го научи турскиот, односно, „османскиот турски“ или „турската османица“, за да опстане во Истанбул.

Во Отоманското Царство вавилонското искуство се почитуваше. Турскиот јазик главно го зборуваа селаните, градското население, додека трговските кругови се служеа со грчкиот јазик, владејачките слоеви го употребуваа арапскиот јазик, а во верските училишта, особено во медресите се учеше на персиски и на арапски јазик. Со текот на времето се наложи еден вид „османски јазик“, што претставуваше амалгам од персиски, арапски и турски јазик.

И токму овој јазик му беше мајчин јазик на мојот татко. Се вели мајчиниот јазик никогаш не умира, останува длабоко во душата, колку и да се пластат други јазици врз него. Така мајчиниот јазик станува тишина. И така учената баба, ќерка на некогашен битолски валија, го внесуваше својот син во мултиосманскиот јазик: турски, персиски и арапски. Народниот гениј ги беше презел сврзните ткива на трите јазици со голема традиција и минато.

Татковиот живот во егзил се одвиваше од фрактура до фрактура, од прекин до прекин, предавајќи се со своето семејство на фугата на егзилот: раскина со својата земја, раскина и со Цариград, со ветувачката иднина. Знаеше дека изне-

верувањето на мајчиниот јазик може да биде најголемото предавство во егзистенцијата на еден човек, единствениот најсилен столб врз кој се одржува идентитетот.

Но татковиот мајчин јазик, не беше мајчин јазик и на неговите деца. Кога се најде на студии во Цариград, распнат помеѓу Отоманската Империја во залез и Ататурковата Турција во изгрев, тој мораше мајчиниот јазик, османско-турскиот да го противстави на новиот книжевен турски јазик, кој го доживуваше Ататурковото чистилиште. Во него не згаснуваше мајчиниот персиско-арапско-турски јазик. Често во неговите наследени книги со старо турско писмо, пепелта од неговите цигари при занесните читања се истураше и врз синкавите персиски минијатури, арапските арабески, небаре неговиот лик беше засекогаш заробен во нив.

Неговото враќање во роднатa земја крај Езерото, беше и враќање кон татковината на мајчиниот јазик, макар што соништа на неговата мајка завршуваа во Цариград. Мојот татко можеше својот живот и животот на семејството да го насочи кон еден од „конјунктурните јазици“ за да го изведе на пат или да го спаси семејството: тоа можеше да биде, албанскиот, македонскиот, францускиот или турскиот.

Но тој се задоволи да биде само службен судски преведувач на овие јазици, додека во неговите соништа остануваше жив мајчиниот јазик. Го негуваше во душата како најдрагоцена билка, како последна врска со својата мајка, од кого

никогаш не се откажа. Ако некогаш мајка веруваше дека Бог ја пратил во животот да ги спасува своите чеда низ јазиците, татко требаше да ја доврши мисијата на спасот, низ егзил, но повторно низ јазиците.

И еден ден, кога тоа најмалку се очекуваше, според мајка, Севишниот ја беше слушнал молитвата, уште од времето кога семејството ја минуваше границата, преку Езерото, па му помогна на татко ми, вникнат во старо турско-персиско-арапскиот јазик, да ги открие во вакафот на една џамија во Битола кадиските записи, односно сицили, пишувани на јазикот од пред три века, кој во него ја одржуваше, шириле, продолжуваше природната еволуција која беше некогаш запрена, особено со крајот на Отоманската Империја.

За него старите судски записи запишувани на големи пожолтени тефтери, речиси излитени од времето, беа вистински енциклопедии на мртвите, на преобратените, на живото време на луѓето, на некогашната империја, избришани од меморијата, особено во текот на XX век, кога речиси беше закопана Отоманската Империја. Но јазикот е најчесто живо битие.

Татковиот живот по откривањето на сицилите доби сосем друг тек. Тој ја напушти долгогодишната адвокатска и судска кариера, жртвувајќи го преостанатиот дел од животот на оживувањето на кадиските битолски сицили, во кои се криеја кодовите на исчезнатото време. Беше среќен што оживувајќи го јазикот на сицилите, го доби божјиот благослов, спасот на семејството, останувајќи му верен на својот мајчин јазик!

Почитувана госпоѓо Лејбовиц, уште еднаш вие ме завлековте, во мојот балкански лавиринт, во потрага по тајните на татковите книги. Јас всушност, си зедов за слобода да ви пишувам за новата книга од балканската сага ***Тврдина од пепел,*** *врз која работам последниве години и која се надевам еден ден ќе ја прочитате. И уште нешто, како мала тајна, би сакал еден ден во нова книга да го раскажам татковиот* ***Мајчин јазик...***

На крајот, госпоѓо Лејбовиц, уште еднаш ви благодарам за испратените примероци на новелата ***Козата на господинот Сеган*** *од Алфонс Доде, кои сигурно ќе се најдат кај вистинските читатели.*

Ваш Луан Старова

XX

Елен Лејбовиц длабоко проникнуваше во балканскиот свет низ книгите на мојата балканска сага. На чудесен начин ги поттикнуваше, ги оживуваше дамна згаснатите спомени од моето детство, кои не можев да верувам дека не биле избришани засекогаш во мене. Таа беше навлегла во многу подробности од мојот живот, од моето семејство, од мојот Балкан. А јас сè уште не можев да дознаам која беше Елен Лејбовиц, како изгледаше, на која возраст беше, која беше нејзината професија. Ми остануваше да претпоставувам, да погодувам, да откривам. Според нејзиното презиме Лејбовиц, нејзиното пишување и местото на живеење, можев со сигурност да претпоставам дека таа беше Францускинка од

еврејско потекло. Можев уште да претпоставам дека му припаѓаше на поголемо семејство, чиј крак веројатно од Балканот се доселил во Швајцарија, Франција. Но јас ниту во еден момент не го нарушив главното правило што го постави госпоѓата Лејбовиц, да се почитува во нашата епистоларна врска дистанцата во личната комуникација. Таа во повеќе наврати нагласуваше дека неа ја интересира само светот и ликовите во моите книги, а не и нивниот автор.

И кога во нашата преписка се доближувавме до моето пријателство со големиот француски филозоф Едгар Морен, од балканско сефардско потекло, таа ќе ја изрази својата чувствителност кон сефардската судбина на семејството на Морен, истакнувајќи ја заедничката идентитетна припадност, јас настојував посредно да откријам една од димензиите од нејзиниот еврејски идентитет.

Ѝ пишував, во едно писмо, дека уште рано, во детството (а тоа го изнесувам и во **Времето на козите**), кога живеевме во Козар маало на брегот на реката Вардар, често низ Дрвениот мост одевме на другиот брег каде што беше Еврејското маало. Но на другиот брег беа засекогаш исчезнати Евреите. Ова нивно отсуство уште рано во животот го предизвикуваше моето загрижено љубопитство. Каде беа исчезнати моите некогашни врсници! Со времето ја дознавав нивната голема трагика. Во градот беа останале неколку еврејски семејства главно на припадници во Отпорот кои ги избегнаа концентрационите логори. Еден од моите браќа, кој ја прифати татковата сугестија да студира медицина и стана познат педијатар и универзитетски професор,

имаше двајца професори сефарди, специјалисти, познати, кои го поддржуваа во кариерата и останаа големи пријатели.

Пишувајќи ја мојата балканска сага се здобив со чудесни пријателства со читатели од еврејско потекло. Тие покажуваа голема солидарност со судбините кои ги изнесував во мојата балканска сага, со моето пишување. Меѓу нив сигурно мојот живот и моето пишување најмногу ги означија Едгар Морен и Елен Лејбовиц...

4 јануари 2001 г.

Господине,

Кога пред десетина години прочитав неколку критички записи и го слушав Едгар Морен на радио и телевизија како ја претставува книгата ***Видал и своите****, која штотуку беше објавена, јас покажав особен интерес за тоа. Но сепак ми се чинеше дека доволно разбрав од тоа што требаше да се разбере без да имам посебна потреба да ја прочитам книгата. Но кога минатото лето, вие веќе ме посоветувавте да ја прочитам оваа книга нагласувајќи: „Ќе видите колку многу му должам на овој автор“ ова, се разбира, го поттикна моето љубопитство и јас ја прочитав книгата. Моето мислење и впечатоците не ги сметам за значајни и јас бездруго никогаш не би ви зборувала за тоа што ме инспирира во оваа книга; но бидејќи во вашата разгледница од Солун вие повторно ми сугерирате да ја читам книгата, сепак јас ќе се*

обидам да ви зборувам за неа... за да не го побаратe тоа од мене и по трет пат.

Освен појдовната точка (егзилот на едно семејство, со таткото како централна личност), јас не откривам ништо заедничко помеѓу вашите книги и ***Видал и своите*** *од Едгар Морен и не гледам во што толку му должите. Јас не би сакала да ве разочарам или да ве растажам, бидејќи се чини дека вие многу го почитувате, но за да бидам искрена, јас морам да ви речам дека читајќи ја книгата* ***Видал и своите****, јас уште подобро разбрав зошто вашите книги толку силно ме трогнуваат. На крајот на краиштата, јас верувам оти прологот, кој се однесува на еврејската сефардска дијаспора најмногу ми се допадна. А што се однесува до останатото: прогонството на едно еврејско семејство низ Европа и надвор од неа и нивните тешкотии за преживување за време на Втората светска војна, кога и самите му припаѓате на овој народ, не сте толку импресионирани од тие истории. Без да зборувам за прогонствата кои завршиле во Аушвиц... Но да го оставиме сето тоа...*

Веќе сум ви рекла што најмногу ме фрапира во ***Времето на козите:*** *тоа е речиси тоталното отсуство на конкретни репери: нема дати, само со неколку мали исклучоци, не се спомнуваат места, ниту ликовите имаат свои имиња. Во* ***Видал и своите****, се случува токму спротивното: дати, како и имиња на места и ликови, сè е точно прецизирано, имиња, поединости, не престанувајќи да се акумулираат. Не велам дека не е интересно, но поради тоа не значи дека подобро се разбира,*

зашто понекогаш се чувствува надвор од тоа материјално и прецизно расчленување. Додека тоа што вие го раскажувате, во вашата книга, е доволку попенетрантно остануваjќи во голема мера неопипливо.

Пред извесно време, си помислив дека минувањето низ вашите книги би можело да се спореди со минувањето низ Европа на возот Ориент-експрес... од времето на неговото постоење! Да, Париз–Истанбул, како пејзаж забележан низ замаглените прозорци од возот кој патува дење и ноќе, додека патникот, макар што не добива точна информација за пределите низ кои минува, чувствува дека во него се отвора еден внатрешен простор кој е сè поширок и поширок.

Во вашата разгледница испратена од Сараево ми пишувате дека босанската критика во ***Времето на козите*** *насетила најава на трагедијата. Разбирам дека ова може во вас да предизвика немир. Но оваа интерпретација е мошне разбирлива и причината е точно во овој карактер истовремено толку неопиплив и толку проникliв што сте му го дале на вашиот роман: многумина други можат да се асимилираат и препознаат во него.*

Чудно е, вистина е, но се чини дека се работи за една константа на човечката душа да најде смирување во верувањето дека несреќите кои се случуваат биле на некој начин најавени, запишани во ѕвездите! Како тоа да помага да се најде смисла во она што ја нема. Едно од најлошите чувства што можат да го имаат луѓето е апсурдот. Тогаш, ако можат да имаат впечаток дека хаосот во кој се нашле бил предвиден, тие се обзе-

мени од него како од еден почеток на значењето. Пророштвата нели најчесто се интерпретација на знаците, но по ударот?

Згора на сè, во вашата книга, вие мошне интимно ја поврзувате судбината на жртвуваните кози со оние на луѓето. Значи, доколку постојат анимални видови на кои се асоцира и тоа од многу одамна, идејата на жртвувањето се пренесува на јагнињата и козите. Тогаш, меѓу „Жртвениот јарец на Евреите“, Јагнето на Бога што беа жртвувани за спасување на светот и Овцата на Аид ел Кебир кај муслиманите, и козата може да си го најде своето место во тоа.

Се разбира сето тоа не е многу рационално, но како би можело рационалноста да се очекува да се манифестира кај жртвите на лудоста на нивните соседи? На кој олтар Босанците се чувствуваат жртвувани? За да се осветли добро ова прашање, би требало, без сомнение, да се биде историчар на религиите или антрополог – или двата во исто време – се разбира јас тоа не сум, но само ви ги пренесувам мислите кои неодредено ми минуваат низ глава.

Уште еднаш, јас разбирам дека вам ви е чудно што на вашата книга ѝ се дава таква интерпретација, но тоа не е за чудење. Софокле бездруго би бил исто така многу изненаден од значењата кои можеле во текот на вековите да ѝ се дадат на ***Антигона.*** *Со ова, не знам дали ве насмеав, но би сакала. На начинот на кој ја изнесувате оваа епизода, си велам дека вие можеби помислувате дека сте го оставиле смеењето додека бевте дете, во прегратката на вашата мајка сте морале да ја*

минеше ноќта на другиот брег од вашето Езеро. И можеби, како во сказните, има ноќи кога сè уште се слуша детската смеа како ги натпрчува брановите. Гледате, и јас не сум многу рационална.

И бидејќи е подобро да се започне весело годината, да останеме на овие насмевки. Само би додала дека ви посакувам, како и на вашето семејство и на вашите книги, сè најубаво во оваа Нова година.

Елен Лејбовиц

Ce
4 janvier 2001,

Monsieur,

Lorsqu'il y a une dizaine d'années, j'avais lu certaines critiques et entendu Edgar Morin présenter à la radio et à la télévision "Vidal et les siens" qui venait de paraître, évidemment, cela m'avait intéressée. Toutefois il me semblait avoir suffisamment compris ce qu'il fallait comprendre sans qu'il soit besoin de le lire. Mais quand l'été dernier, déjà, vous m'aviez conseillé ce livre en ajoutant: "Vous allez voir tout ce que je dois à cet écrivain", cela avait évidemment piqué ma curiosité et je l'avais lu. Mes opinions et impressions n'étant pas chose importante je ne vous aurais sans doute jamais fait part de celles que ce livre m'a inspirée; mais puisque dans votre carte de Thessalonique vous m'avez conseillé à nouveau cette lecture, je vais essayer de vous en parler… afin que vous ne m'y exhortiez pas une troisième fois!

Excepté le point de départ (l'exil d'une famille, avec le père comme personnage central), je ne trouve rien de commun entre vos livres et celui d'Edgar Morin, et je ne vois donc pas ce que vous pouvez tellement lui devoir. Je ne voudrais pas vous décevoir ou vous peiner, puisque vous semblez si fort l'apprécier, mais pour être sincère, je dois vous dire que c'est en lisant "Vidal et les siens" que j'ai encore mieux compris pourquoi vos livres me touchent tellement. Finalement, je crois que c'est le prologue, concernant la diaspora des juifs séfarades qui m'a le plus intéressée. Pour le reste: les pérégrinations d'une famille de Juifs à travers l'Europe et au-delà, et ses difficultés à survivre pendant la deuxième guerre mondiale, vous savez, quand on appartient soi-même à ce peuple, on n'est pas tellement impressionné… Sans parler des pérégrinations qui se sont terminées à Auschwitz… mais laissons cela.

Je vous ai déjà dit que ce qui m'a le plus frappée dans "Le temps des chèvres", c'est l'absence presque totale de repères concrets: pas de date et, à quelques exceptions près, les lieux, les personnages même qui n'ont pas de nom. Dans "Vidal et les siens", c'est exactement le contraire: les dates, ainsi que les lieux et les personnages, tous très exactement nommés et détaillés, ne cessent de s'accumuler. Je ne dis pas que c'est ininteressant, mais on ne comprend pas mieux pour cela, car on reste toujours un peu extérieur à cet amoncellement de précisions matérielles. Tandis que ce que vous racontez, vous, dans votre livre, est d'autant plus pénétrant que cela reste en grande partie impalpable. Il y a quelque temps, la pensée m'est venue que la traversée de vos livres pouvait se comparer à la traversée de l'Europe par l'Orient-Express… quand il existait encore!

Oui, Paris-Istanbul, comme un paysage aperçu à travers les vitres embuées d'un train roulant jour et nuit, tandis que le voyageur, même s'il n'acquiert pas une connaissance exacte des régions parcourues, sent s'ouvrir en lui un espace intérieur de plus en plus vaste.

Dans votre carte écrite de Sarajevo vous me dites que la critique bosniaque a vu dans "Le temps de chèvres" une sorte de préfiguration de la tragédie à venir. Je comprends que cela vous cause quelque perplexité. Mais cette interprétation est très compréhensible et la cause en est justement ce caractère à la fois si impalpable et si pénétrant que vous avez donné à votre récit: beaucoup d'autres peuvent se l'assimiler et s'y reconnaître. C'est étrange, il est vrai, mais il semble bien que ce soit une constante de l'âme humaine que de trouver un apaisement dans la croyance que les malheurs qui arrivent étaient de quelque façon annoncés par un autre événement… ou bien écrits dans les astres! Comme si cela aidait à trouver un sens à ce qui n'en a pas. Un des pires sentiments que puissent éprouver les hommes est celui de l'absurde. Alors, s'ils peuvent avoir l'impression que le chaos dans lequel ils ont basculé avait été prevu, ils s'y raccrochent comme à un début de signification. Les prophéties ne sont-elles pas le plus souvent l'interprétation de signes, mais, après coup?

De plus, dans votre livre, vous liez très intimement le destin de ces chèvres sacrifiées à celui des hommes. Or, s'il y a des espèces animales auxquelles on associe, et depuis fort longtemps, l'idée de sacrifice, c'est bien les moutons et les chèvres. Alors, entre le "Bouc émissaire" des Hébreux, l'Agneau de Dieu des chrétiens immolé pour le salut du monde, et le Mouton de l'Aïd el Kabîr des musulmans, la chèvre peut bien

trouver sa place. Evidemment, tout cela n'est pas très rationnel, mais comment peut-on attendre que la rationalité se manifeste chez les victimes de la folie de leurs voisins? Sur quel autel les Bosniaques se sont-ils sentis sacrifiés? Pour bien élucider cette question il faudrait sans doute être historien des religions ou anthropologue – ou les deux – ce que je ne suis pas, je ne fais que vous faire part de pensées qui m'ont confusément traversé l'esprit.

Encore une fois, je comprends que vous soyez un peu embarrassé par cette interprétation donnée à votre livre, mais elle n'est pas si surprenante. En tout cas, ce genre d'aventure ne pourrait pas arriver à "Vidal et les siens", car ce livre ne dit que ce qu'il dit (il le dit très bien, certes, mais pas plus) tandis que "Le temps des chèvres" dit tellement autre chose!

Il est sans doute dans le destin de certains auteurs de voir leur œuvre prendre des significations inattendues. Sophocle surement serait aussi très surpris devant les significations que l'on a pu, au cours des siècles, donner au personnage d'Antigone. Bon, évidemment, j'ai conscience du caractère audacieux de cette analogie, et j'imagine les bêlements d'hilarité que pourraient faire entendre Stalinette et ses sœurs en se voyant hissées au même statut littéraire qu'Antigone. Là, je ne sais si je vous ai fait sourire, mais je le souhaiterais. A la manière dont vous avez relaté cet épisode, je me dis que vous pensez peut-être avoir abandonné le rire lorsque tout enfant, dans les bras de votre mère, vous avez du passer de nuit sur l'autre rive du Lac. Et peut-être, comme dans les contes, il est des nuits où on entend encore ce rire d'enfant courir sur les vagues. Vous voyez, moi aussi, je ne suis pas très rationnelle.

Et puisqu'il vaut mieux commencer gaiement l'année, restons sur ces rires. J'ajouterai seulement que je vous souhaite, ainsi qu'à votre famille et à vos livres, toutes les meilleures choses pour cette année nouvelle.

H. Lejbowicz

8 јануари 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Обично народите кои силно страдале во историјата се толерантни. Отсекогаш сум верувал во оваа вистина. Откривајќи го делото на Едгар Морен, преку неговата книга ***Видал и своите****, сага за балканскиот и европскиот егзил на неговото семејство, чија централна личност е неговиот татко Видал Наум, јас воедно го проширував хоризонтот на мојата потрага по татковиот балкански егзил.*

Видал Наум, како и мојот татко, имаа заедничко минато во времето пред падот на Отоманската Империја, балканските војни, Првата светска војна. Него, потоа судбината го одведе кон Франција, каде што преживува со своето семејство и е еден од малобројните преживеани на сефардскиот солунски универзум кој страдаше речиси целосно во времето на фашизмот.

Предците на Едгар Морен во Солун беа дојдени од Тоскана и зборуваа италијански, додека мајчиниот јазик на Наум Видал беше шпанскиот јазик од XV век, но тој во Солун научи германски и француски јазик. Во својата комплексна и толе-

рантна личност, тој го носеше расцутот, свенувањето и смртта на јудео-шпанската култура на Балканот.

Оваа книга, како што сведочи самиот Едгар Морен, не беше само „книга за неговиот татко“, туку и книга потрага по вистинатa на еден живот, книга вистина, на која може да се надоврзе сопствената филозофија. Оваа книга Едгар Морен ќе ја допише со својата ќерка Вероник Граф-Наум и Хаим Видал Сефија, кој го посвети животот во одбрана на јудео-шпанската култура, врз основа на сниментие искажувања на Наум Видал за својот живот.

Едгар Морен во пишувањето на оваа книга ќе ја консултира, како што вели самиот, ***Историјата на солунските Израелити****, во седум тома од солунскиот ерудит Јозеф Нехама (*Histoire des Israélites de Salonique*), објавувана во Солун од 1935 до 1978 г. Со животот на Едгар Морен и со неговите ставови во животот, со неговата драма кога по биткатa кај Сталинград, требаше да се определува помеѓу десницата и левицата, помеѓу фашизмот и комунизмот, ќе се определи за вториот, но во повоениот период сталинизмот тој ќе го напушти, сведочејќи во книгата* ***Автокритика*** *(1959). Подоцна ја читав и неговата* ***Изгубена парадигма*** *(1959). Пленет од неговата доминантна филозофска теза дека помеѓу природните и историските феномени постои рамнотежа чие одржување е битно во одбранатa на животот на планетата Земја, неговата книга* ***Видал и своите****, ја читав како своевиден антрополошки роман, со силна картезијанска објективност, за откривање*

на сефардското балканство, кое по многу свои автентични компоненти ми беше блиско, прифатливо, дополнувачко.

Во мојата романескна потрага низ митот на исчезнатото отоманско време, сефардската култура ми стануваше важна компонента да се доразберам и самиот себе во потрагата по сагата на моето албанско и балканско семејство. Бев фасциниран од моќта на солунските сефарди низ миленијумскиот егзил да ги откриваат патиштата на вечното спасување, преживување, минувајќи низ повеќе идентитети останувааа верни на единствениот, еврејскиот, кој беше наедно и идентитет на самиот живот.

За мене книгата ***Видал и своите,*** *стана вистинска патоказна парадигма во откривањето на преживувањето на балканскиот човек низ семожните противречности, низ комплексноста на разликите. Во споредбена, балканска перспектива, ми се нудеа и искуствата на конверзиите, како последица кога католичките кралеви, Изабел и Фердинанд го потпишуваат декретот според кој Евреите требаше или да се конвертираат или да заминат. Повеќето од нив менуваа Бог. Тоа се познатите марани, кај кои јудејството прогресивно гасне или тајно се одржува низ различни начини во текот на времињата. Тие што го одбиваат покрстувањето брзо заминуваат земајќи ги клучевите на своите куќи. Тие не можеле да веруваат ниту во најцрните претпоставки дека се прогонети за векови.*

И така започнува големата европска дијаспора на шпанските Евреи. Еден значаен крак, при-

фатен од султаноt Бајазит II, ги населува приморскиte градови на Отоманската Империја – Цариград, Измир и во најголем број Солун. Со векови солунскиte сефарди живееја со горчината на егзилоt, но ги задржуваа, 'рѓосаниte клучеви на веќе сигурно исчезнатиte брави, но задржани во спомениte. Тие стануваа ферментоt на соживотоt со припадници од различни националности, носители на животворна толерантност на Балканоt.

*Во создавањето на **Таткoвиte книги**, можеби нема некое директно влијание од опишаниоt живоt на Мореновиоt татко Видал. Но откривав голема сличност во обликувањето на нивниte менталитети, припаѓајќи во нивноto детство на нивната заедничка татковина, Балканоt. Како и во случајоt на татковоto албанско, така и во Видаловоto еврејско семејство во егзил, среќата на едниоt припадник на семејствоto ја хранеше среќата на другиоt.*

И мојоt татко и Видал имаа некакво заедничко балканско наследство, бивајќи едновремено речиси закоравени фаталисти и оптимисти. Фатализмоt како да им помагаше во одредени периоди да го смират бесоt, револтоt, при силни удари на судбината. Верувањето во Севишниоt во одредени периоди им го зајакнуваше оптимизмоt. И така во вечен круг. Но постојано беа невидливо напнати, крајно претпазливи пред секој гест, штитејќи ги животиte на припадниците на своите семејства.

Обајцата верувааа во единствената филозофија оти во мрачни времиња беше најбитно да се зачува главата. И за обајцата, вистинската религија беше семејствоto. И обајцата го имаа изра-

што чувството и радоста и тагата, несреќата да ја примаат со иста мера. Беа скржави во пофалби, на себеси и за децата, за да не предизвикаат урок. Истокот и Западот чудесно се комбинираа во нив. Балканската матрица на постојаното продуцирање на различја, макар со различни правци на одвивање на нивните животи, ги зближуваше на посебен начин. Но имаше во нивните животи еден битен момент што ги одликуваше.

Мојот татко никогаш не го доживеа враќањето од егзил во својата родна земја, таа за него остана секогаш затворена. Видал Наум, се закорени во Франција, и пред крајот на животот реши да се врати во Солун, градот на своето детство и во Малага, во земјата на своите предци.

Видал во Солун залудно ќе ја бара својата некогашна „малечка татковина", закопана во времето. Таму ќе го нема ниту сефардското маало во чудесната гора која сè уште листаше во неговото сеќавање, изгорена во големиот пожар во 1917 година. Тој не ќе може да го одреди ниту просторот на својата родна куќа. Беше свесен дека неговата вистинска татковина се наоѓаше некаде во исчезнатиот рај на детството, во времето кога во Солун царуваше убавината на разликите. Се сеќаваше на своето детство кое го минуваше под сенките на минаријата, синагогите и црквите. Во него остана жива „парцелата на меморијата" од неисчезнатиот детски рај. Потоа ќе се најде и во шпанската Малага, во земјата на неговите предци, некогаш прогонети од инквизицијата. Им се обрати на првите луѓе кои ги сретна во древната Андалузија на својот

џидо, шпанско-кастилјански јазик, и со пастари зборови кои беа исчезнати од сеќавањето на овдешните луѓе. Еден од нив ќе му рече: „Па вие сте син на нашиот народ!“ Мојот татко не го доживеа враќањето, тој како да го остави во наследство на своите деца...

Му пишував своевремено на Едгар Морен за оваа книга, за блискоста на нашите менталитети, наследени од нашите татковици. Тој дојде во Македонија да го провери своето балканство, балканството на својот татко. Оттогаш датира и нашето пријателство. Во посветата на книгата ***Видал и своите****, тој ја запиша посветата со која се гордеам:*

„A mon frère balkanique Luan Starova ce livre des racines mélés avec l'affection: Edgar“. („На мојот балкански брат Луан Старова оваа книга на мешани корени, со љубов: Едгар“.)

На презентацијата на книгата ***Времето на козите*** *во Сенатот на Франција на 2 октомври 1997 г., Едгар Морен ќе заврши со зборовите:*

„Луан Старова е наследник на својот татко кон кој покажува должна љубов и оправдан восхит. И јас со него делев исти чувства. Мојот татко не беше учен како Луановиот, но тој беше без предрасуди, секогаш отворен кон другите. Имаше своја животна мудрост и тоа е причината што од сè срце го поздравувам Луан, не само како голем писател, туку и како свој балкански брат!“

Почитувана госпоѓо Лејбовиц, јас не знам дали успеав да ве уверам дека Едгар Морен со своето дело ***Видал и своите,*** *извршил влијание врз пишувањето на мојата балканска сага. Но можам*

со сигурност да ви кажам дека со него во еден долг период ја споделувам потрагата по полнотата на балканскиот човек во тешкиот и комплексен век за разбирање на судбината на човекот на нашата планета Земја. Простете, ако бев преопширен и ви пишував за работи кои ви се добро познати. Но тоа беше посилно од мене. Вие ќе ме разберете, како и многу пати досега.

Се носев со мисла, поттикнат од книгата на Едгар Морен, која ја сметам и за еден вид објективен, антрополошки роман, да изделам еден крак сефардски во мојата семејна сага, кој води кон Цариград, за кој можеби еден ден и ќе пишувам. Татикова прва братучеда, по мајкина линија, замината во Цариград со семејството, кога заминаа и Окијаревци од Прилеп, млада адвокатка се омажи со исламизиран сефард, со чиј син јас се сретнав во Париз и останавме во чудесни пријателски односи...

Се случи мојот живот да го красат неколку прекрасни еврејски пријателства, од детството, до Едгар Морен, и еве сега и со вас, во нашата преписка, толку благотворна за мојата балканска сага. Но за тоа ќе ви пишувам и другпат. Примете го изразот на моите искрени длабоки чувства кон вас.

Луан Старова

XXI

Ја чувствував како благотворна солидарноста на моите верни еврејски пријатели и читатели Едгар

Морен и Елен Лејбовиц, како и на преведувачот Патрик Крисман. Беше тоа витински божји дар и моќен поттик да продолжам со пишувањето на мојата балканска сага.

Беше време кога Балканот тешко се ослободуваше од варварството на братоубиствените војни! Време кога беше исцрпен во западна Европа моделот на држава-нација кој претпоставуваше силно, јакобинистичко единство и сега се трагаше по моќни интегративни целини, додека на Балканот се бараше задоцнетиот спас во архаичните држави-нации, по цена на братоубиствени судири, етнички чистења, нови граници.

Во тие години европските медиуми беа преплавени од сликите на ужасот, убиствата, масовните ликвидации, сеништето на вечниот реваншизам. Едгар Морен, Елен Лејбовиц и Патрик Крисман во моето пишување откриваа спокојно раскажување за Балканот, во барањето на обединувачкиот јазик на разликите. Трагаа по некаков квасец на обединувачкиот дух што се наоѓа во книгите...

Беше време кога беше завршена мисијата во Париз, а „татковината немаше потреба од мене за нова дипломатска мисија“, па јас се препуштив на мисијата на пишувањето. Мојот компањон, амбасадорот Патрик Крисман, од последната дипломатска мисија, кога јас бев во Франција, а тој тогаш во Македонија, ја продолжуваше својата мисија во Албанија. Но таму продолжуваше да ја преведува мојата балканска сага.

Јас патував во Тирана во посета на Патрик Крисман, со цел заеднички да провериме некои места

од преводот на наредната книга *Балкански клуч* од балканската сага што требаше да биде објавена кај истиот издавач Фајар, а за што имав потпишано договор. Се разбира јас ѝ пишував на мојата верна читателка Елен Лејбовиц од Тирана. Тоа кај неа будеше семожни асоцијации, од нејзините читања на моите книги, особено на романот ***Атеистички музеј...***

14 јануари 2001 г.

Господине,

Можеби сте се прашувале зошто во е-мајлот што ви го испратив од Фрежис на 4 јануари не ви ја споменувам разгледницата што сте ми ја испратиле од Тирана. Тоа е зашто тукушто ја добив, а причината е во доцнењето на поштите и на нивното вообичаено слабо функционирање за време на празниците на крајот од годината. Наместо да прочита 25 000 во Безансон, веројатно расеан поштенски службеник, сонувајќи ја печената мисирка за Бадник, прочитал 15 000, и еве како вашата порака била појдена во насока на градот Оријак во Оверња (на џиков е тамошниот поштенски печат), во департманот Кантал каде што се произведува кравјото сирење познато по истото име: кантал!

Но да се вратиме на Тирана, каде што опресивната атмосфера на вашето патување од 1979 г. не ви оставило бездруго слободно време да замислите дека еден ден би можеле таму да сте по повод преведувањето на вашите книги на француски јазик. Се разбира, дури и најкрвожедните

диктатури имаат крај. Најбитно е да се преживее до тоа време!

А што се однесува до анархијата која владее, како што велите, во оваа земја, тоа јасно се гледа и од краткиот напис којшто магазинот Телерама му го посвети минатото лето на Патрик Крисман и што ви го испратив (се надевам дека сте го добиле). Но јас сум многу среќна што Патрик Крисман продолжува да ги преведува вашите книги, и покрај тоа што опасните околности во кои работи не се сосем поволни за дополнителната работа на преведувачот. Каков чудесен човек! Не сте помислиле некогаш од него да направите лик во вашите романи!

Уште еднаш најубави желби за оваа Нова година.

Елен Лејбовиц

П.С.

Токму во вакви услови јас го добив вашиот последен е-мајл. Посебно ја ценам поетската слика што ја продолжувате на вашето семејно огниште: една вистинска Академија! Настојувам да ги запаметам сите албански имиња кои се толку нови за мене.

14 janvier 2001

Monsieur,

Peut-être vous êtes vous demandé pourquoi l'é-mail que je vous ai envoyé de Fréjus le 4 janvier dernier ne mentionnait pas la carte que vous m'avez écrite

de Tirana. C'est que je viens à peine de la recevoir, et la cause en est les retards et les dysfonctionnements assez habituels da la Poste en période de fêtes de fin d'année. Au lieu de lire 25000 ***Besançon,*** *un employé distrait qui rêvait peut-être à la dinde farcie qu'il dégusterait à Noël, a lu 15000, et voilà votre missive partie droit en direction de la ville d'Aurillac en Auvergne (l'enveloppe en a reçu le tampon), dans le déparmement du Cantal qui produit un fromage de vache réputé du même nom: le cantal.*

Mais revenons à Tirana, où l'atmosphère oppressante de votre voyage de 1979 ne vous avait certainement pas laissé le loisir d'imaginer que vous pourriez y retourner un jour pour la traduction française de vos livres. Oui, même les dictatures les plus férocement implantées ont une fin. Il s'agit simplement de pouvoir survivre jusque-là!

Quand à l'anarchie qui règne, dites-vous, dans ce pays, cela se voit clairement dans le court article que le magazine Télérama avait consacré à Patrick Chrismant l'été dernier et que je vpus avais envoyé (j'espère que vous l'avez reçu). Mais je suis très heureuse que Patrick Chrismant continue à traduire vos livres, même si les conditions périlleuses dans lesquelles il travaille ne sont pas tout à fait celles que l'on imagine pour un traducteur. Quel homme étonnant ! N'avez-vous jamais pensé à faire de lui un personnage d'un de vos récits?

Encore une fois mes meilleurs vœux pour cette nouvelle année.

Hélène Lejbowicz

P.S. Sur ces entrefaites j'ai reçu votre dernier e-mail. J'apprécie beaucoup le tableau poétique que vous y esquissez de votre foyer familial: une véritable Académie! Je vais m'efforcer de retenir tous ces prénoms (albanais?) qui sont tellement nouveaux pour moi.

20 јануари 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

*Моето патување во Албанија во 2001 во споредба со моето прво патување-враќање во мојата родна земја во 1979 г., кога таму се славеше стогодишнината од раѓањето на Сталин, може да се смета за обичен, банален чин. Тоа е можеби затоа што и минувањето на границите помеѓу Албанија и Македонија го загуби некогашното атавистичко значење. Вие со право потсетувате на впечатоците добиени од читањето на романот **Атеистички музеј**. Како да беа потребни повеќе минувања на границата за конечно таа да исчезне и во свеста на луѓето. Но јас морам да ви раскажам уште едно минување на оваа граница помеѓу она во пролетта на 1979 година и сегашното во почетокот на 2001 г. преку фрагментот од моите записи од границата:*

„Има една долга гранична линија помеѓу Албанија и Македонија, граница со долга и незавршена историја, граница која го обележа животот на моето бегалско смејство. Неа ја зајакнуваа туѓи војски, идеологии, војни. Оваа граница со променлива судбина првпат беше воспоставена

кога Албанија се прогласи за независна држава во 1912 година. Но уште отпогаш започна чуднатa и променлива историја на границата. Ако се суди по дедовото, а подоцна и по татковото секáвање, најголеми маки со границата семејството имало особено кога минуваше во делот на езерското гратче Пограделц и продолжуваше невидливо во Охридското Езеро за време на Балканските војни, Првата и Втората светска војна, како за време на раскинот на Југославија со Советскиот Сојуз и неговите сателити во 1948 година. Од границата доаѓаше големиот страв во нашите души, но и надежта дека еден ден ќе ја нема. Останавме речиси оковани на границата. Болката што доаѓаше од границата се наследуваше и остануваше жива кај повеќе генерации. Секој ја носеше длабоко потиснатa во себе болнатa вистина за границата крај нас. Сите чекаа, но малкумина дочекаа да се крене границата. Дедо иронично забележуваше дека границите ќе го следат нашето семејство и на небото.

И кога семејството се распарчи вудве, минувајќи ја границата, минувајќи со еден стар дрвен чун од едниот на другиот брег на езерото, таа остана, продолжи во сите нас, додека бевме живи. А мене ми остана да бидам хроничарот на границата, со надежта на сите, дека еден ден сепак некој ќе се врати кога повеќе ќе ја нема или ќе го загуби некогашното фатално значење.

Уште рано, откако се воспостави границата, таа се врежа во нашата меморија. На помладите, старите им ја прикажуваа границата во езерото како место каде што се крие повеќе-

ѓлав змеј и дека не се нашол јунак кој ќе ѓо совлада чудовиштето и ќе ѓи ослободи луѓето од стравот од границата. Но најстрашното за нас, малите деца, беше фактот што чудовиштето-граница се криело длабоко во езерската вода и никоѓаш никој не ѓо видел. Чудовиштето се покажувало според легендата, само кога некој ќе се обидел да ја мине границата!

Секој во семејството, и дедо, и татко, и мајка, имаа своја, реална прикаска за границата. Дедо секоѓаш своето кажување за границата ѓо почнуваше со вистината дека ние сме ти биле народ-граница. Не паметел судбина на друѓ народ, барем според неѓовото сеќавање, дури и семејство да биде поделено со границата.

И затоа, според него, клета била судбината на Балканот најмноѓу поради границите. Ќе сме се ослободеле од проклетството само кога ќе немало граници помеѓу нас самите како народ. Кога ќе нема граници на Балканот и во Европа! И затоа му порачуваше на својот син да истрае крај границата, да не ја минува сè додека таа не ја заѓуби моќта. Во спротивно, врз нас би се пренела клетвата на поминатата забранета граница.

Според дедовото кажување, семејната меморија за границата почнуваше уште од времето кога се разделија Западното од Источното Царство, Римското и Византиското, кога се означи првата гранична линија меѓу предците католици и православните. Потоа новата гранична линија ја предизвика Отоманското Царство, кога едни ја задржаа старата вера по цена да ѓо минат Јад-

ранското Море и да заминат во други земји, по цена на создавање неколкувековна граница со предците кои останаа во земјата, и по историскиот отпор, голем дел ја прифатија верата на освојувачот, создавајќи нова граница.

Според кажувањето на дедо, нашето албанско семејство уште од дамнини имало преселничка судбина. Се раздели вудве, едниот негов крак замина преку морето со старата вера, а другиот крак со новата вера се насели на брегот на Охридското Езеро, близу до манастирот Свети Наум.

Дедо беше минал повеќе од половина живот во Отоманското Царство и не познаваше граници какви што никнаа за време на Балканските војни. Овие војни први ја донесоа границата пред нашата стара куќа, го разделија конакот во кој се примаа непознати патници-намерници. Границата требаше да мине и низ нашата градина и низ семејниот праг, бел мермерен камен, донесен од блискиот медитерански, римски пат Виа Егнација, на чиј еден дел крај езерото предци од семејството биле некогашни чувари.

Новата граница преку ноќ нè раздели. Некои од семејството останаа на другиот брег на езерото, отаде границата, да се довикуваме едни со други во времето. На двата брега на егзилот! Трет дел од семејството ги измами границите пред да постанат фатални и заминаа кон Цариград, кај други блиски, дамна заминати, четврти заминаа преку подалечни мориња и океани. А дедо реши со своето потесно семејство да го чека залезот на границата. Границата која не можеше да го

раздели најубавиот залез на сонцето во езерската земја.

Дедо до крајот на својот живот се обидуваше да ја разбере смислата на балканските граници. Не му успеа. На дедо му беше тешко да им ја објасни смислата на границите на своите синови и ќерки, внуци, зашто и самиот никогаш не ја разбра.

Дедо тешко можеше да предвиди какви несреќи ќе им донесат границите на потомците. Границите ќе ги вардат вооружени стражари. Блиски ќе се вардат едни од други! Браќа ќе се најдат во противставени војски! Така никогаш не било...

Дедо најмногу сакаше да ни раскажува за границата кога земјата се подели помеѓу противставените војски за време на Големата војна. Виде тогаш војници од цел свет, и бели и жолти и црни, од Африка, од Азија, од Австралија и од каде уште не, дојдени да ни ги постават границите. За неговите синови и внуци, најинтересен беше делот од прикаската кога австро-унгарската војска ги повикала граѓаните на окупираното градче Поградец да ја обележат границата со јажиња.

Тогаш дедо, како најстар, беше општински челник. И тој се уплаши, како и другите, кога ја слушна наредбата да се донесат сите јажиња пред општината. Имаше многумина кои помислија дека јажињата ќе ги употребат, не дај боже, за бесење. Ама чуму толку јажиња, белки за друго ќе се! И за среќа, за помала несреќа, јажињата да ти биле за обележување на границата!

Зли јазици, иронично ширеле гласови дека јажињата биле навистина за бесење, ама не на

луѓе, туку за земјата! Ги врзуваа луѓето јажињата едното со другото, под надзор на меѓународни комисии. И потоа ги оттегнуваа на колчињата, односно границата. Се разбира нив ги менуваа луѓето на кои границата им ги делеше бавчите, лозјата, куќите. Утредента повторно војниците ја враќаа границата на старото место! Кога видоа надлежните од комисиите оти со колци и јажиња граница не бива, почнаа да ја обележуваат со секакви стакла. И не можеле оттогаш да се минат границите без да потече крв!

И не помина многу време откако се поставија границите со стакла, Австријците беа совладани од француските војски. Старите граници повеќе не важеа, требаше да се постават нови...

Се бореше дедо со границите колку што може да се бори во време на еден живот. Границите го надживеаја. Тој им остави во аманет на своите да не се бега од земјата без судбинска причина. А која беше таа, тешко можеше да се утврди! Дедо искуси во животот време од Отоманското Царство, од Балканските војни, но и дел од времето на Големата војна, додека на татко ми му остануваше да живее во дел од Големата војна, па Втората светска војна, времето на фашизмот и на комунизмот. Времиња со стари и нови граници!

Дедо сигурно би се превртувал во гробот кога би знаел дека неговиот син една ноќ решил со семејството да ја мине границата преку езерото. Беше поминал половина век од постоењето на албанско-југословенската граница, со многу трагични настани, а триесет години откако ја ми-

навме границата преку езерото и засекогаш станавме емигранти на животот. Преку границата долго време минуваа само телеграмите-некролози што известуваа за умирачките на обете страни!

*И мајка ми искуси трагичен дел од животот во минувањето на границата во поновата семејна историја на албанско-југословенските односи. За тоа пишував во **Атеистичкиот музеј**. Продолжуваше историјата на најтрагичната граница во Европа.*

Се ближеше крајот на XX век, сигурно еден од најкрвавите векови во историјата на човештвото. Како да се чекаше самиот крај на векот за да се урне и балканскиот sид, да се ослободи границата помеѓу Албанија и Македонија, да се ослободи од старите сеништа!

Границата го загуби некогашното значење. Ја минуваа луѓето од обете страни како ништо да не се случило.

Беше урната и „вратата на пеколот“, воената граница, која ја мина мајка ми и чиј заложник остана и кога повеќе границата ја немаше. Макар што сега многумина одеа и се враќаа од границата, нас од семејството, тие што останавме живи да го дочекаме ослободувањето на границата, нешто длабоко во нас, можеби самата граница сè уште останатата во нас, не ни дозволуваше да појдеме, слободно да ја минеме. Секое минување на границата може да се раскаже како посебно поглавје дека таа беше толку силно задржана во нас... На обете страни...

Во моето прво минување на границата, по падот на енверизмот, се најдов во родниот Погра-

дец. Во една друга приѓода ќе ви раскажам за тоа, но најсилен впечаток ми направи враќањето од Поѓрадец кон ѓраницата. Возејќи еден стар мерцедес, постариот син на татковиот брат, кој настрада во сталинистичките чистки, запре на местото каде што беше некоѓашната капија на воената балканска ѓраница, вистинскиот балкански суд, што ѓо мина мајка ми по враќањето од Албанија. На асфалтниот пат имаше неколку железни ознаки, на некоѓашните челични столбови на балканскиот суд. Братучедот ја запре колата и ми рече:

„Ова се ознаките на вратата на пеколот! Тука беше судот-ѓраница!“

И обајцата почувствувавме некаков необјаснив немир. Тоа кај неѓо бездруѓо беше наследениот немир на неѓовиот татко пред ѓраницата, а кај мене сиѓурно наследениот немир од моето мачно минување на ѓраницата во 1979 ѓодина, на вратата на балканскиот пекол!

Пред моето патување за Тирана во посета на мојот пријател, амбасадорот на Франција Патрик Крисман и преведувач на мојата балканска саѓа, повторно патував во Поѓрадец. Уште едно минување на ѓраницата, без старите сеништа околу неа! Стиѓна вест за смртта на татковата сестра Фатмира. По педесет ѓодини припадник на семејството присуствуваше на погреб на близок од семејството на друѓата страна од ѓраницата. Границата повеќе не ја делеше смртта!

Фатмира (Добра среќа), имаше име кое не одѓоваараше на нејзината судбина... Таа доживеа мноѓу ѓорчини во животот, ситe делби, замину-

вања. И идеше кутрата, како последна старица, само таа останата од таа генерација, на нашата страна од границата, на умирачки. За среќни поводи границата не можеше да се мине. По војната од својата родна куќа ја откорнале, па кирацика во роднатa куќа ја приморале да биде. Ја доживеала и грозоморната смрт на брата си, невино обвинет за некаква си „англиска врска“.

И еве ми иде мене вест како најстар и меѓу последните, за смртта на тетка Фатмира, последната најблиска од татковата генерација, на оваа и на онаа страна од границата. „Нè напушти Фатмира, погребот е утре, во 11 часот во Пограделц!“, пишува кратко во телеграмата.

Заминувам утрешната рано, со внукот Бујар, кон македонско-албанскатa граница кај манастирот Свети Наум, топос, толку значаен во семејната историја на двете страни од границата. Запираме пред албанскатa гранична рампа. Млад граничар го гледа пасошот и вели:

„Имаме исти презимиња. Ние сме род! Сигурно сте дојдени за погребот на тетка Фатмира! Побрзајте немате многу време!“

Стигнувам да ја видам мојата тетка Фатмира, последната од татковата лоза. Смртта не ѝ го изменила пожолтеното лице. Живи ѝ се сè уште цртите на животот.

Само пред некој ден го сонувала брата си, на другата страна од границата. Се подготвувала да оди кај него, да го види, да му каже оти сега се минува границата.

Ја следиме со внукот посмртната поворка. На погребот во најголем број се роднини. Ги гледам за првпат, ме гледаат за првпат. На погребот. По толку многу години. Колку пропуштени раѓања, свадби, погреби! Го положуваат телото на Фатмира во гробот. Го оросуваат со цвеќе. Ја нема повеќе нашата Фатмира. Нашата добра среќа.

Првпат сум на гробиштата во родниот град Поградец. Ги барам гробиштата на дедо, на мртвиот, непознатиот дел од семејството. До мене е еден од постарите роднини. Се вика Петрит. Каменен! По многу црти од лицето ме потсетува на татковиот лик. Ми вели:

„Ги нема гробовите што ги бараш. Ги убија. Овде мртвите умираа по второпат!“

Не одговорив. Тишината, гробната тишина, беше посилна од сè.

Минавме крај гробот на славниот крајезерски поет Лазгуш Порадеци, еден од великаните на албанската поезија. Го мина животот во егзил, во Романија, во Австрија! Се врати во Албанија. Не можеше да се помири со сталинистичкиот режим. Не испеа ниту слог во слава на диктаторот! Остана стамен и горд. Се поклонив пред неговиот гроб. На заминување ми даваат една книшка од него за училиштата во зоната на Поградец, објавена посмртно од неговата ќерка, а со грижа на градоначалникот на Поградец Артан Шкемби.

Оваа книга за мене станува вистинско откровение. Лазгуш Порадеци овде ги споменува дедо ми и татко ми, како основоположници на школство-

то во Поградец и пошироко, за време на Големата војна и француската администрација. Ме обзема тивко чувство на гордост. Тука е запишан дел од татковото скривано време на другата страна од границата. Една смрт ја осветлува семејната судбина. Во мојата глава се комбинираат нови поглавја од балканската сага. Низ смртта sирка, оживува едно време по кое трагам во моите книги...

Повторно со внукот Бујар сме на границата. Нè испраќаат најблиските. Тука е и првата братучеда Рукие, десет години постара од мене, со која се гледам првпат, по шеесет години. Таа ми вели:

„Имаше само неколку месеци, кога за време на италијанско-грчката војна во 1940 г., дојдовте во нашата куќа во Корча. Те држев во раце!“

Ја прегрнав силно, колку за сите години кои нè разделија. Ѝ ветив дека наскоро ќе дојдам во Корча, да ја видам! Немаме уште многу време. Границата повеќе не ни пречи!

Ја минавме границата. Како секоја друга нормална граница. Се упатуваме со внукот кон Свети Наум. Во дворот на манастирот го препознавам белиот паун со раширени крилја. Последен пат го видов кога одев да ја видам мојата Фатмира, кога беше жива. Погледнувам кон езерото. Границата, во езерото, како и секогаш не се гледа. Го гледам блискиот Поградец. Таму повеќе не бие срцето на мојата Фатмира. Ах, преку таа клета граница која ни го украде времето...

Ми остана малку време да ви раскажувам за моето последно минување на границата, на пат за Тирана, на средба со амбасадорот Патрик

Крисман, да ги гледаме новите, преведени француски страници на балканската сага, во кое има и едно поглавје за границата... манастирот... Наскоро ќе ви ја испратам и книгата која веќе целосно ја преведе Патрик Крисман...

Со особена почит
Луан Старова

XXII

Доживував чудесна поттикнувачка солидарност со моите француски читатели на трите први објавени книги во Париз од мојата балканска сага, благотворна поддршка, која дотогаш и ми беше непозната и покрај фактот што веќе имав објавено дваесетина книги во земјата. Моите книги, мојата балканска култура, мојата судбина беа прелеани во друг свет, во друг живот. Јазиците на кои пишував, албанскиот и македонскиот, беа кодифицирани пред помалку од еден век, додека на француски јазик, речиси непроменето се пишуваше пет века. Преводот на моите книги на француски јазик беше пренесување во еден друг свет, кој беше оддалечен со векови. Само човек и преведувач каков што беше Патрик Крисман можеше да го пренесе Балканот во Европа, преку мојот ракопис. Можеби и затоа книгите имаа успех во Франција, достигнуваа можна комуникативна полнота...

Почнувајќи да ја пишувам мојата балканска сага по педесеттата година од животот, имав постојано чувство дека беше доцна да ја остварам пишу-

вачката мисија, каква што ја замислував низ балканската сага. Согорував во некаков пишувачки транс. Како да се наттрчував во пишувањето со времето што ми преостануваше во животот.

Планот за мојата сага по напишаните *Татковините книги, Времето на козите, Атеистички музеј*, *Балканскиот клуч* и преведени на француски јазик, ги опфаќаше и веќе објавената книга на македонски јазик *Патот на јагулите,* па другите кои беа во тек на пишување – романите *Тврдина од пепел*, *Ервехе – книга* за *една мајка*, па *Љубовта на Генералот*, *Мајчин јазик* и *Времето на јаничарите...* Моите француски пријатели ја разбираа мојата забрзаност и не изостануваа нивните добронамерни совети.

Францускиот поет Жан Русло, со кого ме поврзуваше долгогодишно пријателство велеше дека може многу да се пишува, а малку да се објавува. Едгар Морен ми велеше дека има големи и мали книги, а не големи и мали издавачи. Писателот Робер Мале беше во право кога велеше дека ние Балканците тешко ќе најдеме место во францускиот читателски простор, опфатен со јазикот и стилот на Пруст, Ками, Јурсенар. Нам ни преостанува само просторот на француското јазично подрачје, да се претставиме со нашите различни светови, со нашите разлики, но се разбира да бидат прифатливи и стилски култивирани.

Бев свесен за хроничните болки на нашите аналитички балкански јазици: опсесијата на репетитивноста, потпирањето врз подразбраното, а не врз напишаното во реченицата и незапирливите емфази. Интересот за нашето балканство во Франција беше мотивирано и со трагичните настани на братоубиствените војни во регионот.

И кога верував, по одличниот прием на француската критика, особено на романот *Времето на козите* (чие излегување беше одбележано во централните париски медиуми Фигаро, Монд Дипломатик, Франс-Култур, Ла Кроа, Магазин литерер, Лир и многу други, веќе преведен на неколку европски јазици, номиниран за високи меѓународни награди како најдобар странски роман објавен во Франција за 1997 година, потоа за наградата најдобар европски роман „Жан Моне“ и други), мојот издавач „Фајар“ неочекувано, и покрај потпишаниот договор за објавување на романот *Балкански ключ* и согласноста да се објави романот *Патот на јагулите*, ме извести дека прекинува со објавување на мојата балканска сага.

Веста ми дојде како гром од ведро небо. Во свеста мигум ми поминаа советите на моите француски пријатели Русло, Морен, Мале. Битно е многу да се пишува, а малку да се објавува, нема големи и мали издавачи, туку има големи и мали книги и треба да се внимава на култивираните разлики.

Се помирив со веста, но никогаш не ги разбрав причините за вистинското прекинување на објавувањето на другите дела, по несомнениот успех кај критиката и читателите на објавените книги. Неколкупати ја читав електронската порака која, претходно, пред неколку месеци ми ја испрати главата на Фајар Клод Диран од 18 април 2000 година. Каква неочекувана и ригорозна промена на ставот. Не можев да разберам на што се должи промената. Можеби тука беше и логиката на шифрите, фамозните шифри за продажбата на книгите. Но со поширока поддршка од страна на издавачот книгите можеа лесно да

бидат продавани во поголеми тиражи, по одличните критики во француските национални медиуми...

Ретко кој балкански автор можеше да се пофали со „славни шифри“ на продадени книги во Париз. Клод Диран важеше за еден од најголемите француски издавачи. Се сметаше за „олеснувачот“ во објавувањето на Александар Солженицин и Исмаил Кадаре во Франција, кои се сметаа за „гордост на куќата“. Никогаш не ја дознав причината за наглото прекинување на објавувањето на моите книги. И покрај стандардните одговори, остана мистеријата. Помислував, да не е тоа „балканско масло“! Да, неколку пати, како некаков доказ за оправданоста на мојата збунетост, остануваше претходната порака на почитуваниот Клод Диран. Тој тогаш ми пишуваше:

„Мој драг пријателе, бев преплавен со работа овие последни месеци, како што не престанувам да бидам и сега, така што не можев да ви одговорам како што сакав на вашите пораки. Ве молам да ми простите. За жал кога ми стигна поканата за презентација во Скопје (во Францускиот културен центар во Скопје, во присуство на преведувачот Патрик Крисман, кој од Тирана пристигна со обезбедување, з.м.) на вашите книги, мојата агенда веќе беше преполна. Но јас го добив ракописот на вашата книга ***Патот на јагулите****, која љубезно ми ја испративте. Ќе ви подготвам предлог договор за ова дело, што би можеле да го потпишете при вашиот иден престој во Париз. Најпосле, радо го чекам преводот на* ***Балканскиот ключ*** *од страна на Патрик Крисман, предвиден за предавање во месец мај, за да може да се програмира печатењето на ова дело во првиот*

семестер на 2001 г. Се надевам дека ќе имам можност да ви ја стегнам раката наскоро...

Ваш Клод Диран.“

Им пишував на своите верни читатели и пријатели. Но со ова имав впечаток дека тие потешко се помируваа отколку јас самиот со најновата вест од мојот познат француски издавач. Во прв ред мојата Елен Лејбовиц. За мене пишувањето на сагата не беше за книжевна слава, туку за некакво исцелување на балканскиот mal du siècle, за мене битно беше да ја продолжам драмата на пишувањето.

За мене во пишувањето немаше ниту пораз, ниту победа туку истрајување. Му пишував на мојот голем пријател Едгар за „вердиктот“ на Клод Диран, да не го печати мојот ***Балкански клуч***, односно да го прекине потпишаниот договор. Во шега му напишав дека *„останав зад врата, макар што мојот Клуч не беше лажен, бил многу пати проверуван од животот!“*.

Тие денови Едгар Морен од претседателот на Франција Франсоа Митеран, го беше добил највисокиот степен на орденот Легија на честа. Му честитаа многумина. Меѓу нив и Клод Диран. Едгар Морен ми се довери дека во телеграмата со благодарност која ја добил од Клод Диран, се охрабрил да му напише, во одговорот на честитката дека греши што прекинува со објавувањето на мојата балканска сага. Неговата поддршка остануваше апсолутна. Едгар Морен напиша и предговор за истиот ***Балкански клуч,*** кој подоцна издавачот l’Aube, го објави под наслов ***Брегот на егзилот***.

Бев восхитен од оваа поддршка на моите читатели, од нивната солидарност, со кои најмногу ме поврзуваше вистината на моето пишување, живеејќи во различни светови. Чувствував поголема обврска да продолжам да ја пишувам сагата, отколку да пишувам само за издавање. И после сè, вредеше само за нив да се продолжи да се пишува, за преживувањето на вистината на моите балкански јунаци...

Фрежис, 23 јануари 2001 г.

Господине,

Јас навистина сум тажна поради новоста која ми ја најавувате. Можеби тоа можеше и да се претчувствува неодредено во последно време. Така минатата сабота, на 20 јануари јас зборував со две пријателки на кои им ги дадов вашите книги да ги читаат и кои постојано се интересираат дали имам од вас новости. Јас им велев:

„Јас никогаш досега не сум му пишувала на некој издавач (како што никогаш не сум му пишувала на некој автор), но затоа кога ќе се објави на француски јазик ***Балканскиот клуч*** *(во Франција оваа книга се појави под наслов* ***Le Rivage de l'exile****, з.м.), ќе му напишам на главниот уредник на изданијата на Фајар за да му честитам и да му се заблагодарам за продолжувањето да придонесува да се открива еден автор кој не би требало првенствено да биде комерцијално порентабилен, (како што се вели вулгарно). Можеби освен неодредената алузија во написот посветен на Патрик Крисман во Теле-*

рама, јас не срет̄нав и најмал публицит̄ет̄ за ваш̄ит̄е кнӣги, п̄окрај објавенӣт̄е критики“. Јас ревносно тра̄гав п̄о публицит̄ет̄от̄ на издавачот̄....

Ме́г̄у т̄оа овој п̄роблем п̄овеќе па̄ти ме обземаше т̄ака ш̄т̄о минат̄иот̄ јуни, за п̄рва̄т̄ ист̄о т̄ака, јас му напишав на еден п̄родуцент̄ на радио емисии. Барав од не̄го да г̄и сп̄омене ваш̄ит̄е кнӣги испраќајќи му п̄о еден п̄римерок од секоја.

Еве неколку п̄рецизности за емисијат̄а за да биде̄ме начист̄о. Нејзиниот̄ п̄родуцент̄ е од Универзит̄ет̄от̄ и т̄ој, секоја недела води дебат̄а за различни акт̄уелни п̄рашања (од п̄олит̄ичка, социјална и култ̄урна п̄рирода) со национална или со интернационална димензија. Има сек̄о̄г̄аш четири учесници (и од Универзит̄ет̄от̄) и на крајот̄ од емисијат̄а, секој за две-т̄ри минут̄и накрат̄ко излож̄ува (от̄аде збороt̄ „накрат̄ко“ кој п̄овт̄орно ќе г̄о нагласам) некоја сост̄ојба којашт̄о особено г̄о обележала или содржина на кнӣг̄а која би сакал да им ја п̄репорача на слушат̄елит̄е.

Еве како јас г̄и п̄ret̄ст̄авив ваш̄ит̄е кнӣги:

*„Минаа т̄ри или четири г̄одини, од врет̄ет̄о на емисијат̄а, која се̄г̄а за жалење ја нема, „Панорама на France-Culture од 12.00 до 13.30“ во која во кус осврт̄ беше п̄ret̄ст̄авена една кнӣг̄а п̄од наслов **Врет̄ет̄о на козит̄е**, напишана, се п̄рецизираше, од амбасадорот̄ на Република Македонија во Париз од албанско п̄от̄екло. Ја п̄рочит̄ав оваа кнӣг̄а, п̄от̄оа и друг̄ит̄е. Не би сакала да ви г̄и наложам своит̄е ст̄авови, се разбира, моит̄е број̄ни размисли и впечат̄оци, п̄от̄т̄икнат̄а од чит̄ањет̄о на кнӣг̄ит̄е, навраќајќи се на п̄редмет̄от̄ на моет̄о писмо.*

Без многу претерување може да се рече дека повеќемина Французи веруваат дека знаат доста за Македонија поради единствениот факт што една од нивните салати го носи нејзиното име, и оваа, македонска салата, великодушно ја пренесуваат преку нивните граници за да се прошири нејзиното значење дури до Јадранското и Црното Море. Сите овие народи се претставени како една голема салата и по распадот на Југославија и војната на Косово, кои повторно ги реактуализираа, се слуша често како се вели дека се работи за дивјаци кои би требало да се остават меѓусебно да се истребат зашто за тоа се создадени. Дека има дивјаци или луѓе кои се однесуваат како такви, би било тешко да се спори. Но читајќи ги овие три книги, јас бев обземена од восхит за описите на Луан Старова на неговите родители, на нивниот карактер, на нивното држење. Дали е можно да се биде поцивилизиран отколку што е неговиот татко, јас не верувам.

Нормално е медиумите да ја пренесуваат експлозивната ситуација во регионот. Кога нашиот национале Бернар Кушнер ја изразува својата нестрпливост и својот очај пред сведувањето на сметките на различните заедници на тереното со кои се соочува, тоа е исто така нормално; но има и други позначајни работи отколку да се испраќаат емисари да трагаат во регионот, има таму и неколку мудреци кои ги минуваат нивните животи во читање и медитација на импресивен збир книги, меѓу кои и Библијата, Талмудот и Куранот... и кои на нивните деца им даваат пример на достоинство и благородност.

Но кога такви сведоштва постојат, тие заслужуваат да бидат подобро откриени. Овие дела претставени од издавачот како романи, не се тоа на прв поглед, а тоа што тие го раскажуваат, оваа победа што човечкиот дух е способен да ја освојува секој ден над фатализмот, покорувањето, или уште попросто речено глупоста, ве збогатува со иста восхит како од едно уметничко дело (од областа на музиката, на сликарството, вајарството, архитектурата, танцот...) бидејќи едно уметничко дело не е само победа над темнината и тежината на материјата. Се чини, дека во меѓувреме Луан Старова се вратил во Скопје.

Откако ги прочитав неговите книги јас постојано им зборувам на сите во кругот на моето семејство и на моите пријатели, ги позајмувам, ги подарувам: дадов еден примерок и на една општинска библиотека. Но добро, би ми било тешко да го купам целиот тираж на книгата во издание на Фајар за да го дистрибуирам самата јас. Да можам и тоа би го сторила! Веројатно погодувате кај ми цели мислата: би сакала еден ден, кога ќе оцените дека за тоа е најдобро, да ја спомнете книгата во вашата рубрика, „кратка“ препорака.

Се разбира, јас си велам дека вие веројатно сте предвиделе доволно книги за читање во летните одмори, но не ми се лутете, ако ја додадеме во вашата листа и предложената книга. Си велам исто така дека вие можеби знаете за овој автор, и можеби ги имате неговите книги; во тој случај ќе најдете некого кому да му ја подарите книгава

што ви ја испраќам. Накусо, јас сум свесна за натрапничавиот карактер на моето барање, но се надевам дека вие ќе го прифатите со попустливост и симпатија“.

Засега јас немам одговор... Но што би можела да направам друго? Има многу години откако ја напуштив универзитетската средина, а и немам некакви врски со светот на издавачите. Вие ми пишувате „Издавачот... ми предлага да барам друг издавач“. Ова може да се разбере на два начина. Сакате да кажете дека тој ќе побара друг издавач, или се подразбира дека тоа вие треба да го направите? Вие да барате издавач од Скопје ми се чини малку е тешко. Но ако е тој, зошто не! Има во Франција издавачки куќи и во романска Швајцарија кои се специјализирани за литературите на Југоисточна Европа на француски јазик.

Јас сум сигурна дека секогаш ќе има читателска публика за вашите книги. Но ако не се прави ништо за да се пробуди интересот на читателите, тогаш луѓето повеќе ќе сакаат да се занимаваат, се разбира, со сензационалистичка литература... Ех се разбира, војната на Косово да се рашириле и во Македонија, можеби би ве канеле, како поранешен амбасадор, на телевизиските платоа за да ви постават незгодни прашања и на крајот би ги спомнувале вашите книги. Или во друг случај, би требало да има чудовиште на чело на земјата (од видот на Енвер Хоџа, Чаушеску, Милошевиќ итн.) и тогаш да го проектираат писа-

телот пред сцената како порт-парол, во извесна смисла, на жртвите на чудовиштето. Но јас секако не би сакала ваков изрод да ја преземе власта во Македонија!

Среќна сум што ви е невозможно да не пишувате (и после сè, да бидете познат во Франција е голема чест за еден писател). Со сета душа посакувам Патрик Крисман да продолжи да преведува; доколку повеќе што во написот кој му е посветен, се чини дека велеше дека оваа активност му е неопходна за да преживее среде хаосот што го опкружува. А што се однесува до мене, јас не губам надеж дека еден ден ќе го читам вашиот ***Балкански клуч*** *на француски јазик.*

Имам уште многу работи да ви кажам за тоа што го прочитав. Жалам само што немам повеќе време и расположение тоа да го правам уште подобро. Но сигурно тоа ќе биде во еден од наредните денови!...

Елен Лејбовиц

Fréjus ce 23 janvier 2001,

Monsieur,

Je suis vraiment désolée par la nouvelle que vous m'annoncez. Peut-être était-ce cela que je pressentais confusément depuis quelques jours. C'était samedi dernier, le 20 janvier: je parlais avec deux amies à qui j'ai donné vos livres à lire et qui s'intéressent toujours de savoir si j'ai de vos nouvelles. Je leur disais: "Je n'ai

jamais jusqu'à maintenant écrit à un éditeur (de même qu'avant vous je n'avais jamais écrit à un auteur) mais quand sortira ***La clé balkanique,*** *j'écrirai aux éditions Fayard pour les féliciter et les remercier de continuer à faire connaître un écrivain qui ne doit pas être commercialement très "rentable" (comme on dit vulgairement). A part la vague allusion dans l'article consacré cet été à Patrick Chrismant dans* ***Télérama,*** *je ne pense pas qu'on ait fait depuis longtemps la moindre publicité pour ces livres". Hélas, je ne voyais que trop juste…*

Mais ce problème m'avait déjà effleurée depuis bien plus longtemps, puisqu'en juin dernier, pour la première fois aussi, j'avais écrit à un producteur d'émission de radio. C'était pour lui demander de mentionner vos livres dont je lui envoyai un exemplaire de chaque.

Précision concernant cette émission pour que ce soit plus clair. Son producteur est un universitaire qui, chaque semaine, anime des débats sur des questions d'actualité (politique, sociale, culturelle) de dimension nationale ou internationale. Il y a toujours quatre participants (universitaires également) et vers la fin de l'émission, chacun a deux ou trois minutes pour exposer brièvement (d'où le mot de "brève" que vous verrez mentionné) un fait qui l'a particulièrement frappé ou le contenu d'un livre qu'il souhaite conseiller aux auditeurs.

Alors, voici comment je présentais vos livres:

"Il y a trois ou quatre ans, à l'époque de la regrettée émission Le Panorama de France-Culture de 12 h à 13 h 30", la très brève mention d'un livre intitulé "Le temps des chèvres" écrit, précisait-on, par l'ambassadeur d'origine albanaise de la République de Macédoine à Paris, m'avait fort intriguée. J'ai donc lu

ce livre, puis les suivants. Je ne vous imposerai évidemment pas la somme des réflexions et impressions qu'ils m'ont inspirée et j'en viens à l'objet de ma lettre.

Sans trop d'exagération on pourrait dire que la plupart des français estime en savoir assez sur la Macédoine par le seul fait qu'ils ont donné ce nom à une de leurs salades, et cette "macédoine" ils la font généreusement déborder de ses frontières pour l'étendre quasiment de l'Adriatique à la Mer Noire. Tous ces peuples ne représentent pour eux qu'une vaste salade, et depuis le démantèlement de la Yougoslavie et la guerre du Kosovo qui les a remis dans l'actualité, on entend souvent dire que ce sont là des sauvages qu'on devrait laisser s'entretuer puisqu'ils semblent y prendre tellement de goût. Qu'il y ait des sauvages ou des gens qui se conduisent comme tels, il serait difficile de le nier. Mais en lisant ces trois livres, j'ai été saisie d'admiration par la description que Luan Starova fait de ses parents, leur caractère, leur attitude. Est-il possible d'être plus civilisé que ne l'a été son père, je ne crois pas.

Que les médias se fassent l'écho d'une situation balkanique explosive, c'est normal. Que notre Bernard Kouchner national exprime son impatience et son désarroi devant les règlements de compte intercommunautaires auxquels il est confronté, c'est normal aussi; et il a d'autres chats à fouetter que d'envoyer des émissaires rechercher à travers la contrée quelques sages passant leur vie dans la lecture et la méditation d'une quantité impressionnante de livres, parmi lesquels la Bible, le Talmud, le Coran… et qui donnent à leurs enfants un tel exemple de dignité et de noblesse. Mais quand de pareils témoignages existent, ils méritent d'être mieux connus.

Ces ouvrages présentés par l'éditeur comme des romans, n'en sont visiblement pas, et ce qu'ils racontent, cette victoire que l'esprit humain est capable de remporter chaque jour sur le fanatisme, l'oppression, ou encore plus simplement la bêtise, procure le même émerveillement qu'une œuvre d'art (musique, peinture, sculpture, architecture, danse…) puisqu'une œuvre d'art n'est aussi qu'une victoire sur l'opacité et la pesanteur de la matière. Il semble, qu'entre-temps Luan Starova soit retourné à Skopje.

Depuis que j'ai lu ces livres, j'en parle à ma famille et à mes amis, je les leur prête ou les leur offre; j'en ai aussi donné un exemplaire à une bibliothèque municipale. Mais bon, il me serait difficile d'acheter tout le stock des Editions Fayard pour en faire distribution. Alors sans doute voyez-vous où je voudrais en venir: je souhaiterais qu'un jour, quand vous le jugerez bon, vous les mentionniez à l'occasion d'une "brève". Bien sûr, je me dis que vous avez vraisemblablement prévu suffisamment de lectures pour vos vacances, alors ne m'en veuillez pas si j'y ajoute encore celle-là. Je me dis également que vous connaissez peut-être cet auteur, et que peut-être même aussi vous possédez ces livres: dans ce cas vous trouverez bien quelqu'un à qui offrir ceux que je vous envoie. Bref, je suis consciente du caractère quelque peu intempestif de ma démarche, mais j'espère que vous la considérerez avec indulgence et sympathie".

Pour le moment il n'y a pas eu de suite… Mais que pouvais-je faire d'autre? Il y a longtemps que j'ai quitté le milieu universitaire et je n'ai aucune relation avec ce monde-là de l'édition. Vous m'écrivez "L'éditeur… me propose de chercher un autre éditeur". Ce

qui peut se comprendre de deux façon. Voulez-vous dire que c'est lui qui va le chercher, ou bien s'attend-t-il à ce que ce soit vous qui le fassiez? Vous, depuis Skopje, ça me paraît très difficile. Mais si c'est lui, pourquoi pas? Il y a des maisons d'édition en France et en Suisse romande qui sont spécialisées dans les littératures d'Europe de l'Est traduites en français.

Je suis sûre qu'il y aurait un public pour vos livres. Mais si on ne fait pas ce qu'il faut pour le toucher, parce qu'on préfére amuser les gens avec une littérature à sensation, évidemment… Oh certes, si la guerre du Kosovo s'était étendue jusqu'à la Macédoine, on vous aurait peut-être invité, en tant qu'ancien ambassadeur, sur un plateau de télévision pour vous poser des questions plus ou moins pertinentes, et à la fin on aurait mentionné vos livres. Ou bien, il faut qu'il y ait un monstre à la tête d'un pays (genre Enver Hodja, Ceaucescu, Milosevic, etc.) et alors on projette un écrivain sur le devant de la scène comme porte-parole, en quelque sorte, des victimes de ce monstre. Mais je ne vais tout de même pas souhaiter qu'un énergumène de cette espèce prenne le pouvoir en Macédoine!

Je me réjouis qu'il vous soit impossible de ne pas écrire (et après tout, être connu en France est un honneur dont un écrivain peut très bien se passer). Je fais tout les vœux imaginables pour que Patrick Chrismant continue à traduire; d'autant plus que dans l'article qui lui était consacré, il semblait dire que cet exercice lui était indispensable pour survivre au milieu du chaos ambiant. Quant à moi,je ne perds pas l'espoir de lire un jour ***Le clé balkanique.*** *D'ici là, j'ai encore beaucoup de choses à vous dire à propos de ce que j'ai déjà lu. Je regrette*

seulement de n'avoir pas plus de temps et de disponibilité pour le faire mieux… Mais à un de ces jours!...

Hélène Lejbowicz

15 февруари 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Шапоно! Дали сте слушнале некогаш за ова име. Претпоставувам не! И јас не бев слушнал, сè до моментот кога во пролетта на 1999 година добив писмо од директорката на општинската библиотека во Шапоно. Да, Шапоно е гратче со две илјади жители близу до Лион! На помалите географски карти не е одбележан! Но таму сретнав луѓе со големо срце, кои нема никогаш да ги заборавам. Нишу Шапоно!

И деновиве кога ја добив веста од Фајар, како и гласовите на солидарност од моите читатели, од вас во прв ред, зборот Шапоно продолжи посилно и почесто да одзвонува во мојата меморија!

Директорката од малата библиотека во Шапоно, во писмото, навезано со убав ракопис, ме известуваше дека библиотеката во месец мај 1999 година слави дваесет години од основањето и комитетот на читатели одлучил по тој повод да повика на средба најчитан автор во тој период според статистиката на читаните книги. Изборот паднал на мене. Ветив да присуствувам на средбата со моите читатели во Шапоно. Беше одреден и терминот. Во првите денови на мај

1999 година. Беше тоа период кога тешко го планирав самиот своето време, поради големите и секојдневни дипломатски обврски.

Пролетта на Балканот се навестуваше како крвава. По Хрватска, Босна, сеништето на војната запираше на Косово. Режимот на Милошевиќ го подготвуваше „аншлусот“ на Косово. Започнуваше принудниот егзодус на албанското население од Косово кон Албанија, Македонија. Бомбардирањето на НАТО го спречи режимот на Милошевиќ да ги оствари своите цели. Во текот на бомбардирањето јас требаше да заминам во Шапоно. Се најдов во корнејовска позиција помеѓу дипломатската должност и заминувањето во Шапоно. Презедов ризичен чекор! Заминав со ТеЖеВе (Воз со голема брзина), макар што мојата централа во Скопје беше известена за моето отсуство, се разбира не од мене!

На лионската железничка станица ме чекаше генералниот почесен конзул на Македонија, Бернар Ролан, поранешен пратеник и сенатор на Франција. Беше докажан пријател на Македонија. Во првите години на независноста во францускиот парламент водеше незаборавни дебати во интерес на Македонија, во времето кога на земјата ѝ беше најтешко.

Брзо заминавме во Шапоно. Зградата на библиотеката беше во центарот на плоштадот Клемансо. Каква случајност! Земјата Југославија, која беше творба токму на претседателот на француската република Жорж Клемансо беше пред конечно распаѓање!

Во салата на библиотеката ме очекуваа моите читатели. Во најголем број беа постари читателки, постојани гости на библиотеката. Ги беа читале ***Татковите книги, Времето на козите*** *и* ***Атеистичкиот музеј.*** *Во времето, над свеста на сите надвисуваше крвавата балканска драма која се закануваше да се прошири. Српскиот диктатор во тој период, во апотеозата на безумјето, му предлагаше на тогашниот грчки премиер Мицотакис, помеѓу Србија и Грција, да нема граници, односно да се подели Македонија. Ваквиот тек на настаните можеше да се прошири во нови балкански војни. Но, за среќа, преовлада логиката на постоењето на Европската унија, големата надеж за смирување на страстите на Балканот.*

Моите читатели во Шапоно беа подготвени за дебатата. И тие, почитувана Лејбовиц, како што тоа вие го правевте подоцна, ги поврзуваа настаните од моите книги со актуелните збиднувања. Се обидував да им го раскажам Балканот. Ми се виде, меѓу другото, како најуверлива метафората односно историјата за животот и бесмртноста на една книга на сараевската библиотека, која се спаси од бомбардирањето на луѓето и книгите.

Европа беше потресена од палењето на сараевската библиотека. Книги што гореа излетуваа од прозорците. При мојот престој во Сараево, ми раскажуваа како биле спасени неколку драгоцени книги. Огнот ги горел корицте, почрнил неколку први бели страници, но не можел да стигне

до сржта на книгата. До нејзината душа. Таа имала моќ да се одбрани! Не можела да изгори надежта.

Им раскажував, на моите читатели во Шапоно, за времето кога книгите ги спасуваа луѓето, со примери од мојата балканска сага и примери кога луѓето ги спасуваа книгите. Забележував постари жени со насолзени очи! Библиотеката во Шапоно ми се виде како мал храм на книгата, на надежта.

Се разделивме како дамнешни пријатели, толку длабоко тие беа проникнале во светот на моето балканско семејство, со суштината на балканското варварство и трагањето по излезните патишта преку светлината на книгата.

Мојот пријател Бернар Ролан брзо возеше кон станицата. Со уште побрзиот воз стигнав попладнето во Париз. Се упатив веднаш кон амбасадата. На Балканот ништо ново. Продолжуваше војната. Уште вечерта дома ми се јави директорката од Шапоно да ми се заблагодари и да ме извести дека моите читатели од Шапоно организирале камион со хуманитарна помош кој се готвеше да замине за Македонија.

Ете, моја почитувана читателке Лејбовиц зошто ви пишувам за Шапоно. Се сеќавам, Андре Малро своевремено, по своето учество во Шпанската граѓанска војна, во движењето на Отпорот, заземајќи клучни функции, како еден од првите соработници на претседателот Шарл де Гол во повоена Франција, велеше дека литературата во

светот на војни и немири можеби не може ништо да стори, но што може повеќе да стори од литературата. Верував дека солидарноста што ја покажуваа читателите од Шапоно со Балканците кои страдаа, можеби беше мал придонес на литературата.

Јас не знам, почитувана Лејбовиц, дали некогаш ќе ги прочита овие редови, кои ви ги пишувам за Шапоно почитуваниот главен уредник на Фајар, но верувајте дека ќе продолжам со пишувањето на мојата балканска сага додека ми трае животот, верувајќи во нејзината поврзувачка моќ, особено како од читатели како вас.

Вие сте големата надеж на моето пишување, надежта во еден поубав, обединет свет. Ми преостанува да ви се заблагодарам за вашата солидарност со моите книги и нивното објавување во Франција. Вие често ми велевте дека ми пишуваше поради моите книги, а не поради нивниот автор. Во тој дух јас ги оправдувам вашите интервенции, кои се разбира не ги барам од вас.

Со бескрајна почит и чувства на приврзаност

Ваш Луан Старова

XXIII

Имаше голема, бескрајна душа Елен Лејбовиц. Како и секоја душа и нејзината беше непредвидлива. Имав впечаток дека за неа беше многу позна-

чајно да го чита продолжението на мојата балканска сага на француски јазик, да го одржува жив и постојан тонусот на моето пишување и ревносното преведување на Патрик Крисман, отколку да навлезе во издавачките стратегии, се разбира пред сè засновани врз материјалниот профит од книгата.

Не можев да поверувам дека таа ќе се осмели еден ден да му се обрати на мојот издавач за да го разувери во решението да се престане со објавувањето на моите книги. Јас не верував во тоа, но таа тоа го стори.

Своевремено не му верував и на Патрик Крисман дека ќе го исполни даденото ветување да ја преведе книгата ***Времето на козите***, но тој тоа го стори, не верував дека Едгар Морен ќе пишува предговор за мојата книга ***Балкански клуч***, односно ***Брегот на егзилот,*** но тој тоа го стори...

20 февруари 2001 г.

Господине,

По десет дена откако го добив вашето писмо, јас најпосле решив да му пишам на Клод Диран, генералниот директор на издавачот Фајар, без да го прочитам повторно писмото, верувајќи дека тоа сепак ќе заврши во неговиот кош. Во миговите кога се пишува секогаш се мисли дека вистински се изразува сопствената мисла, но кога се чита малку подоцна повторно напишаното, готови сте, до бога, да признаете дека сте биле во заблуда.

И еве сега ви испраќам една копија од писмото што не го прочитав повторно. Простете за сите недостатоци и празнини во писмото.

Елен Лејбовиц

П.С. Ги добив разгледниците од Арл и од Струга, но сè уште го немам добиено писмото со критичките осврти на вашите книги објавени на француски јазик.

20 Feb. 2001

Dix jours après l'avoir écrit, je me suis enfin décidée envoyer ma lettre à Claude Durand, et sans oser la relire, car j'aurais été sans doute plus tentée de lui faire prendre le chemin da la corbeille à papiers que celle de la poste. Au moment ou on écrit, on croit toujours exprimer vraiment sa pensée, mais quand on se relit un peu plus tard, on est, hélas! obligé de reconnaitre que c'est loin d'être le cas. Et maintenant je vous envoie une copie de cette lettre sans l'avoir non plus relue. Excusez-moi pour tout le défaut et les lacunes qu'elle vous parait présenter.

Hélène Leibowitz

P. S. J'ai bien reçu les cartes d'Arles et de Struga, mais pas encore le courrier contenant les critiques que vous m'annonciez. Cella ne saurait certainement tarder.

На внимание на Г. Клод Диран, од изданијата Фајар

Господине,

Времето на издавачот е, јас тоа добро го знам, мошне драгоцено; затоа ве молам простете што сакам да ви одземам неколку мига.

Пред повеќе од десет години, кога земјите на Европската заедница продолжуваа со повеќе или со помалку среќа да си ја обезбедуваат својата иднина во мир и во просперитет, започнуваше сè повеќе и повеќе да преовладува немир сосем близу до нас, на Балканот, каде што првин започна земјата да ја обзема вознемиреност, потоа да доживее силни потреси и на крајот област по област, цели региони да се најдат во пламен. И бидејќи секојдневното набројување на пожариште, силувањата и на масакрите од секаков вид не беа доволни, беше неопходно исто така да се дознаат кажувањата на вековните, незавршени омрази кои противставуваа едни против други разни етноси.

Токму во еден таков очајнички контекст еден ден јас ја открив книгата ***Времето на козите*** *од Луан Старова, потоа* ***Ташковите книги*** *и* ***Атеистички музеј*** *коишто вие ги објавивте. Јас сум, сигурно, мошне неупатена во историјата и културата кои се претставени во книгите за да можам да ја согледам како што треба политичката димензија во нив. Луан Старова пристапува постојано на алузивен начин и јас бев честопати принудена да се служам со речници, енциклопедии*

и атласи за да се ориентирам поуспешно во неговиот свет. Но тоа е помалку значајно, битно беше воодушевувањето и восхитот што ме обземаа од ден на ден од еден опишан лик во книгите, татковото на авторот. Не беа најимпресивни хаотичните и драматичните ситуации со кои постојано се судираше, почнувајќи од бреговите на Охридското Езеро па сè до бреговите на Босфор, туку начинот на кој тој ќе ги совладува противречностите заедно со своето семејство, имајќи крај себе и една прекрасна сопруга достојна за восхит. Ми беше доволно да ги отворам овие книги на која било страница, за да го почувствувам зрачењето на едно блескотно присуство кое се наложуваше како егзактна антитеза на сè што некаква постојана актуелност без прекин ни ги бодеше очите: омраза, свирепост, лудост и над сè глупост. И ова чувствување од читањето на овие книги е единственото охрабрување во вербата дека има излез.

Според некои мистични традиции, и доколку човештвото сè уште не изгинало, како жртва од сопствените грешки, тоа е само благодарение на неколку „Праведни“ кои се секогаш непознати, но чие зрачење ги неутрализира темнините кои ги опкружуваат. Кога се обидував да ги утврдам, на една географска карта, непредвидливите патишта следени од овој татко кого еден од синовите толку силно го сакал и почитувал, ми се чинеше дека гледам како постојано се движи еден пламен. Секако, тоа е кревок пламен, растреперен и под закани, но, сепак е пламен кого никаков удар на судбината, никакво предавство, не би можело да го совлада.

Каква што е помислата на секој читател, претпоставувам да му пишува на авторот и јас посакував да им пишувам на некои автори, но тоа никогаш не го направив; јас бев пречувствителна на фактот дека Господин или Госпоѓа „Х“ живеејќи на одредена адреса не можела да биде истата личност како онаа која живее во своите книги.

Меѓутоа, контекстот во кој го открив делото на Луан Старова беше посебен и јас ја чувствував потребата да им оддадам почит на овие исклучителни суштества какви што биле неговиот татко и неговата мајка. Пишувајќи му десетина реда на нивниот син, јас всушност не сакав да се обратам на авторот. Постојат околности кога книжевниот факт малку тежи. Неколку месеци подоцна, Луан Старова ми одговори барајќи ми да продолжам да му пишувам...

Токму во овие околности, минатото лето, еден напис во Телерама (од кој ви испраќам една копија во случај да не сте во тек) ми овозможи да откријам дека преведувачот на ***Времето на козите*** *и на* ***Татковините книги*** *е сегашниот амбасадор на Франција во Албанија, господинот Патрик Крисман. Еве, еден друг исклучителен човек! Среде толкаватa некохерентност и немирот од кои е често сочинета егзистенцијата, како да не се остане восхитен од фактот дека токму тој бил воден по непредвидливите патишта за да го преведува ова дело, небаре бил во извесна смисла еден вид член духовно приврзан на ова семејство?*

Доцна во ноќта, ми се случува понекогаш да помислам дека тој е наведнат врз една од овие книги чиј главен лик останува овој мудрец, кој исто така, е предаден на незавршени ноќни читања. И каква невообичаена авантура да се препушти на преведување со двајца вооружени полицајци пред вратата на неговата резиденција!

Пред извесно време Луан Старова радосно ми го најави објавувањето на ***Балканскиот клуч****, како и* ***Времето на козите****, во џебно издание. Но тој, потоа со голема тага ми пишуваше дека овие проекти биле напуштени. Не ми припаѓа мене да судам за една издавачка политика. Јас ништо не знам за трговијата со книги, но од малкуто што го читам, го слушам, ме прави вчудовидена. Не би можело да се каже дека медиумите го помагаат издаваштвото, но ова е тема која не би ја коментирала, зашто ветив дека малку ќе ви пишувам, ветување кое не успеав да го одржам. Но на крајот би сакала да ви го кажам само следново: Светот што го опишува Луан Старова во своите книги и кој ми беше досега речиси тотално непознат, ми стана необично близок, фамилијарен. Да се направи да се запознае едно такво дело, можеби е рискантен зафат, зашто вие сметате дека треба да биде прекинат, но јас би сакала многу силно да ви се заблагодарам што вие започнавте да го објавувате ова дело.*

Верувајте, Господине, во изразот на моите најсрдечни чувства.

Елен Лејбовиц

A l'attention de Monsieur Claude Durand aux Editions Fayard

Le 6 fevrier 2001

Monsieur,

Le temps d'un éditeur est, je le sais, chose précieuse; aussi veuillez m'excuser de venir en distraire quelques minutes. Je tacherai d'être aussi brève que possible. Depuis plus de dix ans, tandis que les pays de la Communauté européenne continuaient tant bien que mal s'assurer un avenir de paix et de prospérité, il devenait de plus en plus inquiétant de sentir joundre la discorde tout près de chez nous dans les Balkans, le sol vaciller, se craqueler et puis, de proche en proche, des régions entières s'embraser. Et comme si l'énumération quotidienne de massacres, incendies, viols et mutilations de toutes sortes ne suffisait pas, il fallait aussi subir des commentaires sur les haines séculaires et inexpiables qui faisaient se dresser des ethnies les unes contre les autres.

C'est dans ce contexte désolant que je découvris, un jour, "Le temps des chèvres" de Luan Starova, puis "Les livres de mon père" et "Le musée de L'athéisme" que vous avez édités. Je suis, c'est certain, trop ignorante de l'histoire et de la culture des peuples qui y sont évoqués pour pouvoir appréhender correctement la dimension politique de ces écrits. Luan Starova procède toujours de manière très allusive et j'ai du souvent avoir recours à des dictionnaires et des atlas pour tenter de me repérer dans cet enchevêtrement. Mais peu importe, l'essentiel a été l'émerveillement qui m'a saisie

devant un homme, le père de l'auteur. Le plus impressionnant n'est pas tant les situations chaotiques ou dramatiques qu'il a du incessamment affronter depuis les bords du lac d'Ohrid jusqu'aux rives du Bosphore, mais la manière dont il les a affrontées et les a fait affronter a sa famille, en ayant à ses côtés une épouse tout aussi admirable. Il me suffisait d'ouvrir ces livres, et presque n'importe quelle page, pour sentir irradier une présence lumineuse qui s'imposait comme l'exacte antithèse de tout ce qu'une certaine actualité n'avait alors cesse de présenter: haine, cruauté, folie, et par-dessus tout bêtise. Et cette sensation était la seule véritablement réconfortante.

Certaines traditions mystiques rapportent que si l'humanité n'a pas encore péri, victime de ses propres errements, c'est grâce à la presence de quelques "Justes" toujours inconnus, mais dont le rayonnement invisible neutralise les ténèbres environnantes. Lorsque j'essayais de repérer, sur une carte, les chemins imprévisibles suivis par ce père qu'un fils a si passionnément aimé et vénéré il me semblait voir courir furtivement une flamme. Oh certes, une flamme fragile, tremblante et menacée, mais, une flamme dont aucun coup du sort, aucune trahison n'aurait pu ternir la clarté.

Comme à tout lecteur, je suppose, la pensée m'était parfois venue d'écrire à certains auteurs, mais je ne l'avais jamais fait: j'avais trop la sensation que Monsieur ou Madame X demeurant à telle adresse ne pouvait pas être la même personne que celle qui vit dans ses livres. Mais le contexte dans lequel j'avais découvert l'œuvre de Luan Starova était particulier et j'éprouvais le besoin de rendre en quelque sorte hommage à ces êtres exceptionnels qu'avaient été son père et sa mère. Ce

que j'ai fait en écrivant une dizaine de lignes à leur fils, car ce n'était pas à l'auteur que je voulais m'adresser. Il est des circonstances où le fait littéraire pèse de peu de poids. Quelque mois après, Luan Starova m'a répondu me demandant de continuer à lui écrire.

Sur ces entrefaites l'été dernier, un article dans "Télérama" (dont je vous joins la copie pour le cas où vous n'en auriez pas eu connaissance) m'a fait découvrir que "Le temps des chèvres" et "Les livres de mon père" avaient pour traducteur l'actuel ambassadeur de France en Albanie. Et là encore, quel homme exceptionnel! Au milieu des incohérences et des gâchis dont est souvent tissée l'existence, comment ne pas s'émerveiller que ce soit lui, justement, qui ait été amené par d'imprévisibles voies à traduire cette oeuvre, comme s'il était en quelque sorte un membre de cette famille spirituelle? Tard dans la nuit, il m'arrive parfois de penser qu'il doit être encore penché sur un de ces livres dont le personnage principal reste ce sage qui, lui aussi, poursuivait d'interminables lectures nocturnes. Et quelle aventure insolite que de se livrer à la traduction avec deux policiers armés à la porte de son appartement!

Il y a quelque temps Luan Starova m'avait joyeusement annoncé la sortie de "La clé balkanique", et aussi "Le temps des chèvres" en collection de poche. La, il vient de m'écrire avec tristesse que ces projets étaient abandonnés. Il ne m'appartient pas de juger une politique éditoriale. Je ne connais rien au commerce du livre, mais le peu que je lis, que j'entends ou que je vois me laisse souvent pantoise. Et on ne peut vraiment pas dire que les médias aident les éditeurs; sujet sur lequel je m'abstiendrai de tout commentaire, car je vous avais promis une courte missive, promesse

que je ne suis pas arrivée à tenir. Mais pour terminer je voudrais vous dire seulement ceci. Le monde que décrit Luan Starova dans ses livres et qui m'était, jusque là presque totalement inconnu, m'est devenu soudain étrangement familier. Faire connaitre une telle œuvre était, semble-t-il, une entreprise risquée puisque vous estimez nécessaire de l'interrompre, aussi ne puis-je que vous remercier très fort de l'avoir tentée.

Croyez, Monsieur à l'expression de mes sentiments les plus cordiaux.

Hélène Lejbowicz

XXIV

Епизодата со Фајар и прекинувањето со објавувањето на најавените романи од балканската сага *Балкански клуч* и *Патот на јагулите,* колку и да се одрази на динамиката на објавувањето на книгите во Франција, таа немаше одраз врз моето пишување. И кругот на моите пријатели се шириле по преведувањето на книгите од сагата низ Европа. Но најбитно во тие моменти беше однесувањето на мојата голема верна читателка и голем пријател на балканската сага, Елен Лејбовиц. Таа продолжуваше да изнаоѓа суптилни и ненаметливи, секогаш нови облици на поддршка и храбрење да продолжам да пишувам. Таа продолжуваше со своите потраги по излез од темнините на балканскиот лавиринт на мојата балканска сага...

Фрежис, 1 март 2001 г.

Господине,

Јас често размислувам за поглавјето под наслов „Поука за божествата“ од ***Татковите книги*** *што го претставува воведот во* ***Атеистичкиот музеј****. Веќе ви пишував дека многу го сакам овој текст и дека често го читам. Тој ме наведува многу да размислувам, дури и сега во нов сплет на околности. Вие во текстот изразувате жалење што не сте примиле од вашите родители никаква религиозна наобразба „што посебно ми недостига, велите вие, секогаш кога ќе се соочам со ново искушение“.*

Јас би имала да ви изнесам неколку скрупули во врска со тоа што ви недостигало или не. Вие сте можеби првиот што тоа сте го кажале, но јас ќе ви раскажам нешто.

Пред неколку години, една млада руска универзитетска професорка, емигрирана во Франција, Љуба Јургенсен, преведе и објави еден дел од книгата на Толстој ***Исповеди.*** *Во случај да не знаете за овој текст, еве ги првите редови:*

„Јас бев крстена и воспитувана во православната христијанска вера. Оваа вера ми беше пренесена уште во раното детство, а потоа во тој дух го минав адолесцентниот период и мојата младост. Сепак, на 18-годишна возраст го напуштив Универзитетот по две години студии, не верувајќи во ништо што ме учеа“.

И длабоката изгубеност во која Толстој ќе се најде траеше долго време, дури и кога беше

женет и татко на семејството за што тој раскажува неколку страници подолу:

„Јас морав да ги кријам врвците за да не се обесам кога минував помеѓу креденците во мојата соба каде што ќе се најдев секоја вечер соблекувајќи се, и престанував да одам на лов со мојата пушка за да не се обидам на најлесен начин да се ослободам од овој живот“.

Ако, во текот на десетина години еден човек, од рангот на Толстој, не успеал да најде помош во никаква верска поука што ја добил, тоа значи дека таквата поука не му недостига на тој што не бил приморан да ја добие. А јас сум во искушение да помислам дека ако вашите родители не ви дале верско образование, тие ви дале, особено вашиот татко, нешто далеку позначајно: едно воспитание, просто речено, без да биде потребно да се одреди со една придавка.

Што ме натера на оваа помисла? Неколку редови од ***Атеистичкиот музеј*** *во кои се повикувате на вашиот татко:*

„Тој конечно и неотповикливо реши да ја напушти родната земја, своите блиски, својата куќа, земјата крај Езерото. Но при секоја од овие загуби неговата душа излегуваше победничка. Таа зајакнуваше низ новите страдања, таа се прочистуваше од новите удари на судбината што требаше да ги поднесе, излегуваше поголема од новите искушенија. И кога тој се искажуваше, неговата душа зрачеше од дното на својот син поглед, таа се појавуваше во секој негов збор до самата тишина,

таа ги оживуваше неговите мисли. Доколку постои нешто во вид на душа, таа беше бездруго тука; нам ни преостануваше да знаеме да погодиме дали постои, да ја оживееме".

Вие се чини дека овде опишувате еден вид внатрешна алхемија каде што очигледно не се догмите на една религија кои ја хранат душата на вашиот татко, туку светлината која тој ја донесуваше од стрмоглавите спуштања во длабините на самиот себе. Овој ***јазик на душата*** *којшто вие го читате во синевината на неговиот поглед и во тишината е несомнено најдоброто духовно воспитување што можел да ви го даде; и вие не би го опишале толку чудесно доколку немавте за тоа и сопствено искуство.*

И загледана низ прозорецот кон неколку фрагменти од синото небо кои се појавуваат по буратa, си велам дека бездруго на ист начин сте ги воспитале и вашите деца.

Елен Лејбовиц

Fréjus le 1 mars 2001

Monsieur,

Je repense à ce chapitre intitulé ***"Leçon sur les divinités"*** *qui se trouve dans "Les livres de mon père", et qui introduit "Le musée de l'athéisme". Je vous ai déjà dit que j'aimais beaucoup ce texte et que je l'ai souvent relu. Il m'a donc fait aussi beaucoup réfléchir et maintenant, à nouveau, à cause des circonstances.*

Vous y exprimez le regret de n'avoir reçu de vos parents aucune éducation religieuse "ce qui m'a particulièrement fait défaut, dites-vous, chaque fois que j'ai eu à affronter une nouvelle épreuve". J'ai quelques scrupules à me prononcer sur ce qui vous a ou non manqué, vous êtes le seul à pouvoir le dire, mais je vais vous raconter quelque chose.

Il y a quelques années, une jeune universitaire russe, émigrée en France, Luba Jurgensen, a traduit et édité une partie d'un livre de Tolstoï intitulé "Confession". Pour le cas où vous ne connaîtriez pas ce texte, en voici les toutes premières lignes: "Je fus baptisé et élevé dans la foi chrétienne orthodoxe. Cette foi me fut transmise depuis mon enfance, on me l'enseigna toute mon adolescence et ma jeunesse. Pourtant, quand à l'âge de dix-huit ans j'ai quitté l'Université après deux années d'étude, je ne croyais plus en rien de ce que l'on m'avait appris".

Et le profond désarroi dans lequel Tolstoï était plongé a duré suffisamment longtemps pour que, déjà marié et père de famille, il raconte quelques pages plus loin: "Je devais cacher mes lacets afin de ne pas me pendre à la traverse entre les armoires dans ma chambre où je me retrouvais tout seul chaque soir en me déshabillant, et je cessais d'aller à la chasse avec mon fusil afin de ne pas être tenté par un moyen trop facile de me délivrer de cette vie". Si, pendant des dizaines d'années, un homme de l'envergure de Tolstoï n'a trouvé aucun secours dans l'enseignement religieux qu'il avait reçu, c'est bien qu'un tel enseignement ne manque pas nécessairement à celui qui ne l'a pas reçu. Et je serai donc tentée de penser que si vos parents ne vous ont pas donné une éducation religieuse, ils vous ont donné

– et votre père en particulier – quelque chose de bien plus important: une éducation, tout simplement, sans qu'il soit nécessaire de la qualifier par un adjectif.

Qu'est ce qui me fait penser cela? Quelques lignes encore dans "Le musée de l'athéisme" où vous évoquez votre père: "C'est définitivement et irréversiblement qu'il dut renoncer à son pays natal, à ses proches, à sa maison, à ses terres au bord du Lac. Mais dans chacune de ses pertes, son âme fut gagnante. Elle s'affermissait à travers les nouvelles souffrances, elle se purifiait à travers les coups du sort qu'il lui fallait subir, elle sortait grandie de ses épreuves. Et lorsqu'il s'exprimait son âme rayonnait au fond de son regard bleu, elle transparaissait dans chacune de ses paroles et, jusque dans ses silences, elle animait les pensées qu'il formulait. S'il existe quelque chose comme une âme, elle était certainement là; il ne tenait qu'à nous de savoir la deviner, l'effleurer".

Vous semblez décrire là une sorte d'alchimie intérieure où visiblement ce ne sont pas les dogmes d'une religion qui ont nourri l'âme de votre père, mais la lumière qu'il ramenait après de vertigineuses descentes en lui-même. Ce langage de l'âme que vous lisiez dans le bleu de son regard et jusque dans ses silences est sans doute la meilleure éducation spirituelle qu'il pouvait vous donner; et vous ne la décririez pas aussi merveilleusement si vous n'en aviez pas fait vous-même l'expérience.

Et en regardant par la fenêtre quelques coins de ciel bleu qui sont en train d'apparaître après l'orage, je me dis que c'est certainement cette éducation là que vous avez vous-même donnée à vos enfants.

Hélène Lejbowicz

3 март 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Ви пишував за мојот мајчин јазик, ви пишував за татковиот мајчин јазик, за нив вие можевте да прочитате и во Татковите книги, но јас никогаш не ви пишував за моите јазици, за јазиците на кои мислам, сонувам, пишувам. Но вие на еден чудесен начин ја поттикнувате мојата размисла во тој правец. Вие ми го откривате јазикот на душата кој се чита во синиот татков поглед. Во тој јазик се содржани сите други јазици.

Обично за луѓето во егзил се вели дека зборуваат најчесто на јазикот на срцето (мајчиниот јазик), на јазикот на лебот (јазикот на другиот во егзил), но ретко кој зборува на јазикот на душата. Можеби овој јазик ги поврзува сите други во една недофатлива суштина.

Има автори кои согоруваат во мисијата да пишуваат на јазикот на душата, кои не стигнуваат да ја откријат целата азбука на овој јазик. И јас трагав по тој татков јазик на душата, на кој тој никогаш не пишуваше, туку најмногу страдаше, веруваше. Ете тој дел од татковиот јазик на душата сакав да го откријам во мојата балканска сага. Но патот не беше лесен. Би сакал да ви пренесам еден објавен текст за моите потраги и размисли, на некој начин распнат помеѓу албанскиот и македонскиот јазик, во потрага по излез во јазикот на татковата душа:

„Еден ден, кога на прагот на пеколот или од рајот (со помали шанси) ќе се најдам пред ‚небе-

скиот трибунал' на моите албански предци, сигурно ќе бидам обвинет за, велепредавство, затоа што додека живеев на планетата Земја го изневерував мојот мајчин јазик, пишувајќи и на јазиците на другите, на јазиците на народот со кој живеев и оние другите, со кои бевме соседи. И од обете страни, и од страната на заштитниците на мајчиниот јазик и од страната на заштитниците на другите јазици на кој пишував, имаше загрижени за ,чистите јазици' и за сè друго што не може да биде докрај чисто!

Јас сигурно ќе се бранам пред ,небескиот трибунал' како што тоа го чинев и додека бев на планетата Земја, пишувајќи на мајчиниот јазик и јазиците на другите. Ќе се бранам со сите земни и отадеземни аргументи за да докажам дека можеби постои само еден јазик за сите на светот – заедничкиот јазик на животот!

Ќе се бранам со сите можни аргументи како среќен заложник на Вавилонската кула и како упорен среќен Сизиф на сите зборови на луѓето. Ќе се борам колку што можам да докажам дека нема јазик на кој не се плаче и не се страда, нема јазик на кој може докрај да му се биде верен...

Верувајте, пред ,небескиот трибунал' на моите предци, ќе се борам за правото на мојот алхемиски јазик на животот, составуван од балкански и други јазици, со сето искуство и на другите, се разбира не со цел да го релативизирам обвинението на ,небескиот трибунал', како и мојата невиност – со цел да си ја спасам душата – туку просто да кажам и да докажам дека не

постои докрај чист јазик, како што не постои ниту ‚чист народ', ‚чиста религија', ‚чиста нација'. И за тоа, верувајте, ќе имам многу докази, а како најсилен – големата братоубиствена војна, со стотици илјади жртви и милиони осудени на егзил.

Но моите обвинители, не се ниту наивни, ниту неискусни; тие се учени на семожните балкански стапици и минати премрежија во нивните животи. Затоа, впрочем, Севишниот и ги задржал во ‚небескиот трибунал' да им судат на помалку искусните и грешните ‚да ги спасат' ако сè уште има лек за нивните души! Но и јас не сум ниту наивен, ниту неискусен. И јас, со своето перо, како Сизиф, го барав среќниот излез од јазичните лавиринти на Балканот.

Зар не нè прави среќни и несреќни ‚чисти' и ‚различни' сал тој – јазикот? Зар не ни е посилен и вечен јазикот на животот? Но, пред ‚небескиот трибунал' на моите предци јас не смеам да запаѓам во химерични тиради, кои би можеле уште повеќе да ми ја отежнат положбата? Секое оддалечување од ‚трибалниот код' сигурно се плаќа со нови кругови на пеколот. И, дали докрај ќе ми веруваат и ќе ми го земат тоа како олеснителна околност пред донесувањето на конечната пресуда, ако им говорам за универзалното искуство на ‚другите' многу послабни, ‚предавници' кои го ‚изневериле' мајчиниот јазик, пишувајќи на јазикот на другите, каков што беше, на пример, Бекет, кој пишуваше на француски, покрај мајчиниот англиски јазик, или Романецот Емил Сиоран, кој пишуваше

на француски, македонскиот поет Григор Прличев кој пишуваше на грчки, или мојот голем сонародник Јероним де Рада кој пишуваше и на италијански јазик.

Главниот судија на ‚небескиот трибунал' сигурно овие докази на славни писатели кои го ‚изневериле' мајчиниот јазик, ќе ги смета за оддалечување од главниот предмет. Секако ќе се приложат нови обвинувања, засновани врз анонимни доставии, најмногу од завист, за да ме отпргнат од мојата голема одбрана, за која не ми се потребни адвокати.

Но глеј, и овде на небото, како и на земјата, ќе се појават стари и нови денунцијанти, некогашни пријатели, кои како сведоци ќе дадат докази за мојата ситна, но постојана ‚контрабанда' на зборови од едни јазици во други. Готови се да ме осудат на најстрогата казна, повеќе никогаш да не пишувам, затоа што со своите постојни и измислени ‚балканизми' невозможни амалгами, свесно сум ги мешал балканските јазици, особено мајчиниот и другиот јазик на кој пишувам загрозувајќи ја нивната чистота.

Ме обвинуваа дури дека во една книга сум се застапувал за меѓународниот јазик Есперанто (на земјата беше обратно) со што наводно сум сакал да го спречам процесот на еволуирање на природните јазици на Балканот, за што дури сум објавил и книга на француски јазик за конечната превласт на природните над вештачките јазици, што дури можело да придонесе да добијам ослободителна пресуда...

И јас не знам како натаму ќе се бранам? Но добро знам дека пред ‚небескиот трибунал' ќе нема доволно храбри адвокати кои докрај останале независни, поради големи гревови на земјата. И така пред ‚небескиот трибунал' ќе морам да си се бранам сам, како што тоа го чинев кога пишував на земјата на двата јазика на мојот живот.

И добро знам, во завршниот дел на обвинението и небеските ‚туристи' и земските ‚патриоти', наспроти полиглотите кои се сметаат за лоши патриоти, со големо уживање и најчиста совест ќе ме осудат за моето упорно ‚балканско мултијазичие', за сакатењето на јазиците на кои пишував.

А јас, кутриот, со јазикот од мајка ми го наследив и страдањето од длабините на корените, како што страда секој што носи во себе дел од вавилонското проклетство, ќе се обидам да се правдам и бранам пред ‚небескиот трибунал' (тешко одбранливо и пред себеси) дека јас и губев кога пишував на јазиците на судбината, на јазиците на другите, како што се губи и Мајка. Гласно извикав без да ме разберат: ‚Зар не е самото траење на животот долго губење на својата мајка!'

Мојата Мајка, тихиот градинар на моите последни соништа, на нашата заедничка градина на тишината, идеше често и милозвучно ми зборуваше со зборови кои не постоеја во ниеден друг јазик, зборови на јазик на само нас двајцата. Но, колку помалку пишував на нејзиниот, мајчиниот јазик, таа сè повеќе се оддалечуваше од моите соништа! За на крајот и сосем да исчезне од нив, и повеќе да не се врати никогаш, колку силно и да ја

довикував само со нејзините зборови, кои ги немаше во ниту еден друг јазик!

Но, сево ова не можам да го изречам пред ‚небескиот трибунал'. Зар не е Мајка пред сите зборови? Зар зборот Мајка нема ист корен на сите јазици? И во животот што ми преостануваше на планетата Земја, не можејќи да ја најдам Мајка во нејзиниот јазик, без сите нејзини зборови, кои не можат да се најдат во ниту еден друг јазик, јас упорно продолжив во нив да ја барам, можеби присутна само во заедничкиот јазик на животот...

И, во својот завршен збор, пред ‚небескиот трибунал' пред претседателот да ја прочита пресудата на моите предци, не можејќи да ги најдам спасоносните зборови, останати во ‚трибалниот код на сеќавањето' ќе ја продолжам мислата на мајчиниот јазик. Ќе се обидам да убедувам, без оглед дали ќе влијаам во мој прилог во конечната пресуда, дека зборовите ми се појавуваат во свеста како вистински кодови на животот...

И кога чувствувам дека ја губам невидливата оска на постоењето, точката на гравитацијата на мојот живот, 'рбетот на сите зборови во животот, мајчиниот јазичен код ме потсетува дека рамнотежата се одржува и со јазикот на другиот. Но јас, сепак, ќе се бранам, верувајте, останувајќи му верен на јазикот на животот, како последен мајчин аманет, надевајќи се, ако се спасам од кобната пресуда на ‚небескиот трибунал' на моите предци, да ја сретнам Мајка, на некој остров на најоддалечениот архипелаг, на брегот на заборавен сон. Ќе се бранам, упорно ќе се бранам, односно упорно ќе тврдам дека пишував и на јазикот на

другите зашто докрај му останав верен на почнувањето, на изворот на животот, според кодот на мајчиниот аманет, да трагам по нејзината порака само во јазикот на животот...

Мајка одамна ја нема, но таа е останата во алхемијата на моето именување. Но, еве повторно сум со неа пред чистилиштето, во самиот влез во пустината на зборовите, во потрага по тесниот трансцендентен излез, на небото, кај што ми суди ‚небескиот трибунал' на моите предци, на излезот помеѓу мајчиниот јазик и јазикот на другите.

И, еве ме со последните аргументи да докажам дека кога ќе се вкрстат два или повеќе јазици во една душа, две судбини во една, тогаш сигурно се открива душата на заедничкиот јазик на животот, без оглед каква ќе биде конечната пресуда на ‚небескиот трибунал' на моите предци...“

Почитувана Елен Лејбовиц, ова беше прилог за јазикот на душата што го откривте во ***Тајковите книги****. Вие продолжувате на чудесен начин да ги обединувате сите атоми на мојата сага по целината по која трагам. Ви останувам бескрајно благодарен за начинот на кој го браните моето пишување, светот на мојата балканска сага.*

Ваш бескрајно благодарен и со восхит кон вас

Луан Старова

XXV

Семејството во егзил е мала тврдина на опстанокот. Кога се губат најблиските во такво семејство, останува да се трага по неговите тајни. Тоа ми се

случи и мене со моето пишување на балканската семејна сага. Трагаш по тврдината на загубената меморија, градиш еден вид тврдина во пепел. Заборавот конечно не е амнезија туку е одбивање на *враќањето.*

Не престанував да си го поставувам прашањето зошто Елен Лејбовиц не престануваше да ми пишува, да навлегува сè подлабоко во тајните на моето семејство предадено низ литературна транспозиција. Дали и таа се замислуваше како дел од семејството во кое требаше да се врати, да го надополни солидаризирана со моето чувство на потрага, на трагање по некогашната семејна полнота?

Во секое писмо што ми го пишуваше јас ја чувствував Елен Лејбовиц сè поблиска. Ја чувствував, како ја презема улогата на читател на мојот татко, на моите браќа...

Уште во првите години на моето пишување како новинар, па сè до крајот на животот, во текот на дваесетина години, татко ми беше апсолутно мојот прв и најзначаен читател. Имав чувство дека пишував само за него, да го добијам неговиот благослов. Но кога го загубив, долго време не пишував, имав чувство дека ја губам основната мотивација, смислата на пишувањето.

Немав кому да му ги носам своите текстови за мирно просудување, за моја заштита, немав кому да му носам книги за потцртување со молив на најзначајните места, на страниците со пепел и потоа за разговор во врска со нив, немав кому да му се восхитувам за мирната храброст, моќ и трпеливост.

Кога се појави Елен Лејбовиц во светот на моето пишување, навлегувајќи длабоко во трите

книги од балканската сага имав чувство дека таа го беше открила и моето страдање поради татковото отсуство. Претпоставував дека таа најмногу беше обземена од ликот на таткото во сагата, што впрочем подоцна и ми го потврдуваше во своите писма, но без притоа подлабоко да ми ги образложи причините за тоа.

И јас започнав, повеќе несвесно да се однесувам во преписката со неа како со авторитет кој го заменуваше татко ми. Ѝ испраќав објавувани критики низ светот за моите книги, свои записи од весниците, сето тоа го правев само за да ја имам што повеќе крај себе, таа непозната, непристапна читателка Елен Лејбовиц. Таа продолжуваше со својата грижа кон продолжувањето на моето пишување...

Фрежис, 5 март 2001 г.

Господине,

Вашата поштенска пратка со различни написи за вашите книги најпосле ми пристигна. Текстовите ги прочитав со голема љубопитност. Во нив најдов и неколку мои слични размисли, но посебно бев задоволна дека открив и нови гледања за вашето дело. Простете што не влегувам во подробности за што би имало толку многу работи да се кажат!

Без оглед на политиката на издавачите, најбитно е вие да го продолжите пишувањето на вашата балканска сага. Денес издавањето е гра-

фички чин врз кој најчесто издавачите имаат монопол. Еден ден вашите книги, во тоа сум сигурна, ќе го добијат заслужениот простор. Во секој случај пазарот на книги станал толку комплексен феномен во кој постојат толку неразбирливи приоритети, туѓи на внатрешните вредности на книгите! На моменти, помислувам дека лошото функционирање во доменот на земјоделието (ситуацијата е уште повеќе влошена последниве три месеци) е на извесен начин идентично со положбата во културата. Но би било прошење време да се продолжи да се зборува на таа тема... О Боже, колку ги сожалувам издавачите. Пред извесно време ми падна в раце еден кус напис за Фајар во кој се зборуваше за финансиските тешкотии низ кои минува овој издавач, а неколку дена потоа прочитав и неколку реда кои можеби ја објаснуваат ситуацијата:

„Странските култури навлегувале во Франција во одделни налети во зависност од нередовните и непостојани интереси“.

А сега, би сакала да ви поставам едно прашање, и во зависност од вашиот одговор ќе решам како да дејствувам. Дали го знаете или сте слушнале за Франсоа Масперо? Пред неколку години, тој ја напушти, не се сеќавам поради кои причини, професијата на издавач што на времето предизвика мала бура. Потоа тој напиша повеќе книги меѓу кои и книгата под наслов Балкан-Транзит. Кажете ми дали знаете за него или за неговата книга?

И посебно, се надевам дека вие ќе можете да се скоцентрирате врз вашето дело без да ве возне-

мируваат реакциите – или нивното отсуство – кај француската читателска публика.

Особено срдечно ваша
Елен Лејбовиц

Fréjus le 5 mars 2001,

Monsieur,

Votre courrier contenant les différents articles consacrés à vos livres ont fini par me parvenir et j'ai lu tous ces textes avec beaucoup de curiosité. J'y ai évidemment retrouvé quelques-unes de mes réflexions, mais j'ai surtout pris plaisir à la découverte de points de vue nouveaux. Pardonnez-moi de ne pas entrer dans les détails, il y aurait tellement de choses à dire!

Je n'ai pas très bien compris ce que vous m'écrivez concernant le fait que Fayard vous aurait présenté comme un auteur "classique". Où, quand et comment cela a-t-il été dit pour vous donner à penser que vos livres en ont subi un préjudice? De toute façon, le marché du livre est devenu quelque chose de tellement complexe où il entre des considérations tellement étrangères à la qualité intrinsèque des oeuvres! Par moments, il me vient à l'idée que les dysfonctionnements que l'on observe dans l'agriculture (et la situation a encore bien empiré depuis trois mois) se retrouvent d'une certaine façon dans la culture. Mais ce serait vraiment perdre son temps que d'épiloguer là-dessus… Et Ciel que je plains les éditeurs! Récemment, il m'est tombé entre les mains un court article que je vous envoie traitant des difficultés financières des Editions Fayard; et quelques

jours après j'ai lu ces quelques lignes qui sont certainement aussi une explication: "Les cultures étrangères n'ont jamais pénétré en France que par à-coups, au gré d'intérêts irréguliers et inconstants".

Maintenant, je voudrais vous poser une question, et suivant ce que vous me répondrez, je verrai ce que je vais faire. Connaissez-vous ou avez-vouez entendu parler de François Maspero? Il y a quelques années, il a abandonné, je ne me souviens plus précisément pourquoi, le métier d'éditeur, ce qui avait fait un certain bruit. Il a depuis écrit, entre autres, un livre intitulé: "Balkans-transit". Alors voulez-vous me dire si vous avez entendu parler de lui ou de ce livre?

Et surtout, j'espère que vous pouvez continuer à vous concentrer sur votre œuvre sans vous laisser troubler par les réactions – ou l'absence de réaction – du public français.

Bien cordialement à vous.

Hélène Lejbowicz

Фрежис, 6 март 2001 г.

Господине,

Простете ми за ова писмо од необичен вид и со евентуални погрешни процени.

Штотуку ги слушав информациите. Утрово по вообичаениот утрински „фељтон" посветен на ситe зла кои им се припишуваат на кравите, на свињите и на овците во Европа, се информираше за инцидентите на границата помеѓу Македонија и Косово. Не се работеше за многу сериозни инци-

денѿи, наѓласуваше новинароѿ, но ваквиѿе одѓласи се доволни да ја вознемираѿ Европа коѓа се рабоѿи за нови насѿани од ѿраѓичниоѿ Балкан. Ќе насѿојувам да ја следам еволуцијаѿа на насѿаниѿе ѿосакувајќи шѿо ѿобрзо да се најде мирно решение на сѿороѿ. Медиумиѿе во целосѿ ја исѿакнувааѿ умереносѿа на Преѿседаѿелоѿ на Реѿублика Македонија. Да даде Боѓ оваа умереносѿ да се ѿренесе и на друѓиѿе. Со моиѿе најубави мисли

Елен Лејбовиц

Fréjus ce 6 mars 2001,

Monsieur,

Excusez-moi pour cette lettre à la présentation défectueuse. Cette fois-ci j'espère que ça ira.

Je viens d'écouter les informations. Déjà ce matin après l'habituel "feuilleton" quotidien consacré aux calamités qui s'abattent sur vaches, porcs et moutons, on annonçait des incidents à la frontière entre la Macédoine et le Kosovo. Incidents pas très graves, disait le journaliste, mais dont le retentissement est à la mesure des inquiétudes qu'à la moindre occasion ce coin des Balkans inspire à l'ensemble de l'Europe. Je tâcherai de suivre l'évolution des évènements en souhaitant qu'une solution soit rapidement trouvée. Les médias louent dans l'ensable la modération du Président da la République de Macédoine. Fasse le Ciel que cette modération soit contagieuse!

Avec mes meilleures pensées.

Hélène Lejbowicz

10 март 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Една латинска поговорка вели дека книгата има своја судбина. За да има судбина, таа мора да има и живот. И затоа книгата се заслужува. Вистинските книги имаат свој внатрешен ритам, моќ да го освојат и задржат читателот. Во неколкуте години живот во Франција, во земјата која катарзира низ литературата, земја во која читањето е и еден вид колективна молитва на голем дел од населението, забележав дека читателот во вашата земја има своја стабилна индивидуалност. Читателот во вашата земја не е обичен потрошувач на книжевните добра, туку е субјект. Зарем Борхес не велеше дека читањето може да биде покреативно и од самото пишување.

Вие како читател сте вистинскиот пример на Борхесовиот модел. Но ме восхитува и вашиот напор заеднички да ги разбереме француските издавачи во овие тешки времиња за книгата! Ме прашувате дали го познавам Франсоа Масперо и дали сум ја читал неговата книга Балкан-Транзит. Авторот на оваа одлична книга го запознав пред неколку години кога престојував во Колеџот на преведувачите во Арл и потоа при едно негово гостување во Скопје...

Ваш Луан Старова

XXVI

Долго време Елен Лејбовиц на еден брилијантен, можеби единствен можен начин, за кој долго време се прашував и никогаш не најдов одговор со што го бев заслужил, го бранеше постоењето на мојата балканска сага, живееше со проблемите на моите јунаци, со смислата на нивното книжевно и можеби реално продолжување, ја бранеше нивната книжевна одисеја во Европа, потоа ги бранеше земјата (поточно земјите на авторот, како што таа нагласуваше) и авторот на сагата во времето на конфликтот во Македонија во пролетта на 2001 година. Нејзини главни ориентири во актуелните настани беа информациите кои ги добиваше од централните европски медиуми, проникнувањето во тогашната политика на Европската унија и САД на Балканот, во тоа време, посебно во Македонија.

Со обидуваше со картезијанска проникливост и резон, со исклучителната асоцијативна логика од текстовите на мојата балканска сага, како од еден вид огледало на меморијата, да ги гледа актуелните историски настани и во нив да ја претпоставува судбината на потомците на носителите на балканската сага, посебно нараторот и неговото семејство.

Грижата стануваше постојана, интегрална. Таа како што не престануваше да ја шири вистината за моите книги среде своите пријатели, да им пишува на издавачите, на уредниците на книжевните емисии за да го свртат вниманието кон моите книги, се обидуваше и во настаните кои ја загрозуваа иднината на Македонија да ја открие логиката на помирувањето, соживотот на македонското и албанското население, како и другите етнички заедници, гледајќи ги

обединети во заедничката татковина Европа. Настојуваше постојаната потрага по спасот на главните ликови на сагата, низ помирување и толерантност, одбивање на границите и делбите, да ја види како реалност на земјата, регионот, на народите кои имаа долга историја на страдање.

Беше очигледно дека нашата преписка влегуваше во нова фаза, која ја диктираа настаните во Македонија. Се обидував најчесто да не бидам арбитрарен коментатор на настаните, туку да ја задржам својата дистанца, без да бидам заведен од дневно политичката мимикрија во потрагата на континуитетот на мојата раскажувачка мисија, која ми ја припишуваше Елен Лејбовиц.

15 март 2001 г.

Господине,

Ви ги упатувам ракописно овие неколку збора за да видам дали факсот функционира коректно!

Пред малку, на една географска карта на Македонија се обидов да ја видам оддалеченоста меѓу Скопје и Тетово, како што се истакнува главното место на немирите. Педесет километри. Па тоа е малку! Но јас мислам дека не би било толку паметно од моја страна да продолжам да ви пишувам за секакви поединости за оваа ситуација за која моите коментари и немири не би промениле ништо. Но посакувам сето ова да не се изроди во нова драматична епизода во вашата балканска сага и вашето семејство да биде секогаш безбедно.

Елен Лејбовиц

П.С. Ќе заборавев: пред пет дена добив картичка од вас во која се претставени двата брега, албанскиот и македонскиот, на Охридското Езеро со поглед на Пограделц, што вие сте ми ја напишале на 18 декември 2000 година! Се разбира дека ќе ја чувам со големо внимание!

15 III 2001,

Monsieur,

Ces quelques mots seulement pour voir si la communication par fax fonctionne correctement…

Tout à l'heure, sur une carte de la Macédoine j'ai tenté d'évaluer la distance entre Skopje et Tetovo qui serait, dit-on, le lieu principal des troubles. 50 km?... c'est peu! Mais je pense qu'il sera sans doute plus sage de ma part de continuer à vous écrire en mentionnant le moins possible cette situation à laquelle mes commentaires et mes inquiétudes ne changeront rien. Je fais seulement des vœux pour que tout cela ne fournisse par un nouvel épisode dramatique à votre saga, et que votre famille et vous soyez toujours en sécurité.

Hélène Lejbowicz

P.S. J'avais oublié de vous dire: il y a 4 ou 5 jours, j'ai reçu une carte représentant les deux rives albanaises et macédoniennes du lac Ohrid, avec vue sur Pogradec, que vous m'avez écrite… le 18 décembre 2000!!! Et évidemment je la regarde avez beaucoup d'attention.

22 март 2001 г.

Господине,

Јас имам израелски пријатели со кои, веќе со години, ја споделуваме надежта за победа на мировниот процес. Но следеа толку многу разочарувања, толку очај што секогаш кога се појавува мала светилина на надеж, јас повеќе не се осмелувам да им пишувам дека сум среќна поради тоа.

Ова утро, според информациите од медиумите, се дознава дека ноќта била мирна на ридовите над Тетово. И дека судирот можеби ќе попушти. Но бидејќи никогаш не е ништо сигурно во овој мал свет, одвај се осмелувам да ви речам дека јас сепак чувствувам големо олеснување!

Елен Лејбовиц

22 III 2001

Monsieur,

J'ai des amis israéliens avec qui je partage, depuis des années, l'espoir de voir aboutir le processus de paix. Mais tellement de déceptions ont suivi tellement d'espérances que, chaque fois qu'une lueur rassurante réapparaît, je n'ose plus leur écrire que je m'en réjouis.

Ce matin, aux informations, on a appris que la nuit avait été calme sur les hauteurs de Tetovo, et que peut-être… peut-être… le conflit allait s'apaiser.

Alors, comme rien n'est jamais vraiment sûr en ce bas monde, c'est à peine si j'ose vous dire que j'en éprouve un grand soulagement.

Hélène Lejbowicz

28. III 2001

Господине,

Навистина, јас се срамам што пребрзав сосема несвесно да се соочам со првите охрабрувачки вести кои се однесуваат на Македонија, а ги слушнав на радио пред десетина дена. Тоа беа охрабрувачки вести но кои веднаш потоа беа демантирани.

Во овој момент си замислувам дека грижата за вашите книги и преводот треба да биде на втор план. Сепак, еве, ви испраќам еден исечок од весник: писмо адресирано до магазинот Телерама од мајката на една од моите пријатели и кое е објавено во „Писма на читателите" во бројот од оваа седмица. Немајќи обичај да пишува ваков вид писма, таа ми побара тоа да го направам за неа – што многу радо прифатив, вие би се сомневале, се разбира, надевајќи се дека...*

Но што да ви кажам повеќе?

Елен Лејбовиц

***Македонија**

Последното лето (во Телерама 2644) вие му посветивте еден напис на сегашниот амбасадор на

Франција во Албанија, Патрик Крисман. Портретот што го направи за него Антоан Перо беше толку очевиден што би немало потреба да се раскажува, за човек со толку исклучителни интелектуални способности кои одат заедно со сосем исклучителната морална и физичка храброст. И згора на тоа, се изнесуваше во написот, Патрик Крисман, кој, за својата безбедност треба постојано да живее чуван најмалку од двајца полицајци, минува еден дел од своите ноќи во преведување автори од Македонија и од Албанија. Има зошто да се предизвика љубопитноста во однос на овие автори: Луан Старова (македонски државјанин од албанско потекло и Улијет Аличка, писател од Албанија). Јас започнав да го читам Луан Старова (*Времето на Козите* и *Татковите книги*, објавени кај Фајар) и ќе ја читам книгата *Пароли од камен* на Улијет Аличка (издание на Клима). Не е толку вообичаено да се употребува вашата рубрика за да им се даваат совети на читателите, но сегашните настани ме предизвикуваат да ви пишувам. Веќе неколку дена, радиото и телевизијата не имформираат дека тешки инциденти се случуваат на границата на Македонија и на Косово. Тогаш, дали како во случаите на Босна, Хрватска, Србија, ќе имаме секојдневно одгласи за разурнувања, пожари, масакри? И уште еднаш, дали, конечно ќе констатираме дека овие земји се населени само со крвожедни варвари? Да се надеваме дека не! Јас би сакала да го препорачам читањето на книгите на Луан Старова за да се открие тоа што медиумите

кои нѐ информираат секојдневно никогаш не ќе можат да ни го раскажат.

Моник Деларош,
Сен-Рафаел

Ce 28.03. 2001

Monsieur,

Vraiment, j'ai honte de m'être précipitée avec tout d'inconscience sur les premières nouvelles rassurantes, concernant la Macédoine, entendues il y a une dizaine de jours à la radio. Nouvelles rassurantes qui ont été rapidement démenties.

En ce moment j'imagine que le souci de vos livres et de leur traduction doit passer an second plan. Toutefois, voici le copie d'une coupure de journal: la lettre adressée au magazine Télérama par la mère d'une de mes amies et qui est parue au "Courrier des lecteurs" dans le numéro de cette semaine. N'ayant pas l'habitude d'écrire ce genre de lettre, elle m'avait demandé de le faire pour elle – ce que j'ai accepté très volontiers, vous vous en doutez, en espérant toujours que…*

Mais que vous dire? …

Hélène Lejbowicz

La Macédoine

*L'été dernier (TRA 2644), vous avez consacre un article à l'actuel ambassadeur de France en Albanie,

Patrick Chrismant. Le portrait que faisait de lui Antoine Perraud était d'autant plus saisissant qu'on n'a guère l'habitude de rencontrer, chez un même homme, des facultés intellectuelles tellement extraordinaires allant de pair avec un courrage moral et physique tout à fait exceptionnel… Et de plus, disait l'article, Patrick Christmas, qui, pour sa sécurité, doit vivre en permanence sous la surveillance d'au moins deux policiers, passe une partie de ses nuits à traduire en français des auteurs macédoniens et albanais. De quoi éveiller la curiosité à l'égard de ces auteurs: Luan Starova (Macédonien d'origine albanaise) et Yllijet Aliçka(Albanais). Alors, j'ai commencé par lire Luan Starova (*Le Temps des chèvres* et les *Livres de mon père*, publiés chez Fayard) et je vais entreprendre *Les slogans de pierre*, d'Yllijet Aliçka (éd. Climat). Il n'est pas tellement d'usage, semble-t-il, d'user de votre rubrique pour donner des conseils de lecture, mais les circonstances actuelles m'incitent à le faire. Depuis quelques jours, la radio et la télévision nous informent que des incidents graves ont éclaté à la frontière de la Macédoine et du Kosovo. Alors, comme pour la Bosnie, la Croatie, la Serbie, allons-nous avoir quotidiennement des échos de destructions, d'incendies, de massacres? Et une fois de plus, allons-nous penser que, décidément, ces pays ne sont peuplés que de barbares sanguinaires? Espérons que non! Je voudrais conseiller la lecture de Luan Starova pour qu'on y découvre ce qu'aucun des medias qui nous informent chaque jour ne nous racontera jamais.

Monique Delaroche
Saint-Rafaël

2 април 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Во вашите кратки јавувања во врска со актуелните настани во Македонија, како реакции на информациите во европските медиуми, вие истакнувате дека по утринскиот фељтон во медиумите, посветен на сите зла кои им се припишуваат на кравите, свињите, овците (и на понекоја коза!), следат настаните за инцидентите на македонско-косовската граница, кои не се од посериозна природа, но кои можат да бидат вовед во криза со трагични последици за целиот регион.

Вие во една пригода и ми пишувавте поопширно за ширењето на крвјото лудило во Европа, како нов синдром на европското самоубиствено жртвување, со алузија на некогашниот балкански синдром на уништувањето на козите. Вашата паралела има длабока логика: некогашниот пролетерски тоталитаризам во името на човекот низ жртвениот синдром посегаше кон животот на милиони луѓе. Се случува консуматорскиот тоталитаризам да го доведе човештвото пред нови жртвени и саможртвени синдроми.

И се случува, ирониja на судбината, Европа која се бори со последиците од крвјото лудило, да ги реши балканските проблеми на земјите во транзиција, во потрага по новото европско консуматорско општество. Поимот синдром по дефиниција означува збир на симптоми на една болест. Болеста на крвјото лудило е од човекова провениенција. Значи и Европа и Балканот страдаат од иста болест, но само симптомите се од различен вид!

*Во романот **Атеистички музеј,** се сведочи за масовното жртвување на еден народ на олтарот на сталинистичко-комунистичката идеологија. Оваа книга која беше честа тема на нашата преписка, можеби има за цел да покаже дека не може да се верува во Бога кој бара човечки жртви и, како што не може да се верува ниту во идеологии чие одржување се темели врз жртви. Но се чини дека денес во светот генератори на новите жртви не се религијата и идеологиите, туку несогледливата и незапирлива консуматорска експанзија во развиените земји, како и национализмот, во напорите да се истрае во задоцнетото создавање на државата-нација, како што впрочем се случува на Балканот!*

Куртиите државички на Балканот, оградени со националните граници и митови, за разлика од државите на обединета Европа, лишени од логичната револуција на лаицизацијата, губејќи ја идеологијата како моќна поддршка, брзо ја инструментализираа религијата за политички и владејачки цели, предизвикувајќи нови кругови на жртвување.

*Пишувајќи ја мојата балканска сага за едно семејство кое го бара излезот од балканскиот лавиринт на вкрстените жртвувања, доживувајќи ја балканската трагика, решив да напишам роман-метафора за балканскиот трагизам под наслов **Балкански жртвен јарец**. Во оваа книга, која се надевам дека еден ден ќе ја прочитате, поаѓам од претпоставката дека постои праисконски, древен, автохтон балкански народ, со свест за мозаичната основа на европската култура и со елементи на алегорија, се обидувам да ја симболизирам нововре-*

менската средба-судир на Балканот со остатокот на Европа. Заклучокот е дека разликите се мали доколку не им се пристапува од гледиштата на вкоренетите предрасуди, а Европа не може да „побегне од балканскиот дел на својата судбина“.

Литературата ни нуди чудна, мистериозна утеха, понекогаш можеби опасна во своите предвидувања, но спасоносна и ослободувачка...

Не очекувајте почитувана Лејбовиц, да одговарам на секоја ваша опсервација и реакција на настаните во Македонија врз основа на медиумските информации. Но јас го почитувам секој ваш збор кој патува кон Балканот како дел од молитвата на вашата добрина...

Ваш Луан Старова

XXVII

Речиси во секоја порака што ја добивав од Елен Лејбовиц, таа секогаш на преден план ја ставаше одбраната на моето пишување за балканските настани од призмата на стратегијата на преживување која се криеше во татковите книги. Не бев начисто со што се заслужува една ваква читателка со голема душа и големо срце, која ретко, многу ретко се појавува во животот на еден писател.

Постојано се прашував до крајот на нашата преписка и потоа: која беше Елен Лејбовиц, која толку силно, речиси со светлината на метеор ја осветли мојата балканска сага и згасна? Таа не само

што ги утврди котите на татковиот балкански егзил во своето време, туку одеше и подалеку, особено кога беа во прашање војната и мирот на Балканот, во стратегијата на преживувањето на семејството, на неговите потомци.

Моето пишување за Балканот на мајчиниот јазик, потоа на јазикот на моето образование, македонскиот, во времето кога се загрозуваше соживотот на народите на овие јазици, кога преовладуваше сеништето на делбите и територијалните разграничувања на населенијата, судбината на моето пишување, моето служење во дипломатијата како прв амбасадор на Република Македонија, беа клучни прашања со кои се соочував во мојот живот во потрагата по вистината.

Бев свесен дека патот кон реалноста, патот на храброста води секогаш кон другиот со кого е можен излезот, во нашиот случај излезот од балканскиот лавиринт. Ова верување беше во суштината на моето пишување. Бев свесен дека во разликите во идентитетот, се криеше големата тајна во постоењето на сите уметности, во раскажувачката уметност посебно.

Луѓето кои живеат и преживуваат во региони со граници помеѓу религии, идеологии, култури имаат многу повеќе потреба од другите да ги бараат патиштата на меѓусебното разбирање, толерантност. Моите текстови, моето раскажување, како да се наоѓаше пред олтарот на храмот на читањето, пред вниманието на мојата читателка Елен Лејбовиц. Таа се бореше со сите сили да ме разбере, да придонесе што повеќе да се разберам самиот себе, да си ги разберам разликите во самиот себе и разликите со кои

живеев, со кои живееја ликовите од мојата балканска сага во тешките моменти на животот.

Ја чувствував од далечината толку блиска моралната поддршка на Елен Лејбовиц во моменти на дефетизам поради опасноста настаните во Македонија да добијат трагичен епилог како во други поранешни југословенски републики. Но Елен Лејбовиц, соочена со медиумските црно-бели слики кои ги изнесуваа последиците од задоцнетиот европски „дипломатски балет“ во регионот и раскажаните епизоди од мојата балканска сага, бараше начини, како мојата раскажувачка вистина да се наметне како веродостојна алтернатива.

Се мобилизираше самата, го мобилизираше својот круг на пријатели. Така, на пример, во прилогот *Македонија*, објавен во парискиот неделник Телерама број 2672 од 28 март 2001 г. од читателката Моник Деларош од Сен-Рафаел (недалеку од Фрежис), го препознавав несомненото влијание на Елен Лејбовиц. Во прилогот меѓу другото пишуваше:

„Минатото лето (во број 2644), вие му посветивте една статија на сегашниот амбасадор на Франција во Албанија, Патрик Крисман. Неговиот портрет претставен од Антоан Перо беше крајно необичен и впечатлив, пред сè затоа што ние ретко можеме да сретнеме, кај еден ист човек, толку исклучителни морални способности кои одат заедно со една извонредна морална и физичка храброст. И згора на тоа, пишуваше во написот, Патрик Крисман, кој, поради својата безбедност, треба

*да живее со постојана заштита од двајца полицајци крај себе, минува еден голем дел од своите ноќи во преведување на двајца автори, еден од Македонија, другиот од Албанија. Јас првин започнав да ги читам книгите на преведуваниот автор Луан Старова (**Времето на козите** и **Татковите книги**, објавени кај Фајар, а потоа ќе ја читам и книгата **Слогани од камен** од Јулет Аличка).*

*Не е обичај, се чини, да се употребуваат вашите рубрики за давање совети за читање книги, меѓутоа сегашните околности ме принудуваат тоа да го сторам. Веќе неколку дена, радиото и телевизијата нè информираат за сериозните инциденти кои избувнаа на границата меѓу Македонија и Косово. Дали, како во случајот на Босна, на Хрватска, на Србија, ќе имаме секојдневно одгласи за разурнувања, пожари, масакри? И уште еднаш, решително, ќе помислиме дека овие земји се населени само од крвожедни варвари? Да се надеваме дека нема така да биде. Јас би сакала да ви го препорачам читањето на книгите на Луан Старова зашто во нив ќе го откриеме она што ниту еден од медиумите кои секојдневно нè информираат не ќе може никогаш тоа да ни го **раскаже**".*

Фрежис, 16 април 2001 г.

Господине,

Требаше да бидам наивна за да си замислам дека би можела, како што ви реков, да продолжам

да ви пишувам без да правам алузии на немирите кои избувнаа во Македонија. Вистина е дека мислејќи на вас, јас тешко би можела да помислам на нешто друго, а што се однесува на вашите книги, пасажите кои ми искрснуваат катадневно се оние кога раскажувате како вашата мајка постојано се прашуваше и прашуваше: „Дали ќе има војна!“, а вашиот татко минуваше цели часови слушајќи радио за да дознае за тоа.

Телевизијата, радиото и пишуваните медиуми даваат сè помалку информации за Македонија, бездруго тоа е знак дека борбите престанале... (или речиси)? Особено фрапира фактот дека прашањето на Македонија се чини дека станало, да речеме за специјалистите, можност да се промисли тоталитетот на балканското прашање.

И како што јас можам да претпоставам, вие треба посебно да бидете заинтересирани за начинот на кој ќе реагираат за овој проблем земјите на Европската унија и како ќе можат (на најдобар начин) да придонесат за изнаоѓање решение. Во врска со тоа ќе ви испратам еден напис што деновиве се појави во дневникот „Ле Монд“.

А што се однесува до вас лично, се прашувам дали, со оглед на вашето албанско потекло, вашиот идентитет и фактот што сте биле дипломат, за вас се поволни околности, кои ви овозможуваат да имате за оваа ситуација дистанциран став и да вршите посредувачко влијание. Но да прецизирам: ова прашање што јас си го поставувам себеси, а не ви го поставувам вам, вие бездруго сте доволно зафатен. Само посакувам овие наста-

ни, наспроти сè, да претставуваат позитивна алка на една позитивна еволуција и да ви дадат нова смисла да продолжите да пишувате.

Елен Лејбовиц

Fréjus ce 16 avril 2001

Monsieur,

Il fallait que je sois bien naïve pour imaginer que je pourrais, comme je vous l'avais dit, continuer à vous écrire sans faire allusion aux troubles qui venaient d'éclater en Macédoine. La vérité, c'est qu'en pensant à vous je peux très difficilement pense à autre chose; quand à vos livres, les passages qui me reviennent presque chaque jour en mémoire sont ceux où vous racontez que votre mère demandait: "Est-ce qu'il va y avoir la guerre?" et que votre père passait des heures entières à écouter des informations à la radio.

Des informations, la télévision, la radio et la presse écrite en donnent de moins en moins sur la Macédoine; certainement signe que les combats ont cessé… (Ou presque?). Ce qui est surtout frappant, c'est que cette question de la Macédoine semble être devenue, pour… disons les spécialistes, l'occasion de repenser la totalité de la question balkanique. Et comme, je suppose, vous devez vous intéresser à la manière dont les pays de la Communauté européenne perçoivent ce problème et peuvent (dans le meilleur des cas!) contribuer à sa solution, je vais vous envoyer un article paru dernièrement dans "Le Monde".

Vous concernant, je me demande si vous vivez votre ascendance albanaise et le fait que vous ayez été diplomate comme des facteurs favorables, qui vous permettent d'avoir sur cette situation le point de vue le plus distancié et d'exercer ainsi une influence modératrice. Mais je précise: c'est une question que je me pose, je ne vous la pose pas; vous devez être suffisamment occupé. Je souhaite seulement que ces événements puissent représenter malgré tout les jalons d'une évolution positive et vous donner des raisons de continuer à écrire.

Hélène Lejbowicz

20 април 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Во вашата последна порака допревте две важни прашања кои постојано го обземаат моето внимание: прашањето на идентитетот и потребата да се промисли тоталитетот на балканското прашање. Потрагата по идентитетот е потрага до крајот на животот. Тој што ќе се препушти на оваа потрага треба да слезе до пеколот за потоа да се врати во светилината на животот. И најчесто оваа потрага по идентитетот претставува индивидуален но не и колективен чин. Поради оваа лажна потрага, најчесто под превезот на митските илузии, се мобилизираат национализмите, верските и идеолошки интегризми. Најчесто во потрагата по идентите-

тоа поволезно е да се трага по аналогии, дополнувања, отколку идентитетот да се наложува како последна и единствена опција. Во тој домен книжевноста нуди свои индивидуални парадигми.

Нашиот идентитет постои поради другиот. Другиот всушност и го дефинира нашиот идентитет. Во тој дух е и напишана книгата на мојот пријател Амин Малуф, ***Погубни идентитети****, чиј пример за мене претставуваше вистинска парадигма во прифаќањето на комплексноста на плури-идентитетот.*

И така, како во случајот на Амин Малуф, мојот идентитет постои поради тоа што не сум идентичен со другиот. Мора да се биде охрабруван во прифаќањето на сопствената различност, односно идентитетот да се прифаќа како збир на различни припадности, наместо да се хомогенизира во единствена и врвна припадност, која станува инструмент на исклучителности, инструмент на нетрпеливост што може да доведе до војна.

Ако се раскаже историјата на гените и хромозомите на Аминовото семејство таа би започнала од арапскиот југ, би продолжила во населувањето на либанските планини пред повеќе века, кога со постојана миграција семејството ќе се расрсне на сите страни на светот, од Египет до Бразил, од Куба до Австралија. Семејството на Малуф отсекогаш, според зборовите на авторот, се гордеело со својата арапска и рисјанска компонента во идентитетот, уште пред појавата на исламот.

Амин Малуф беше рисјанин, а мајчин јазик му беше арапскиот, светиот јазик на исламот. Во овие обележја, според неговото кажување, се темелеше неговиот идентитет. Амин Малуф подоцна пишуваше и на француски јазик. Беше посебно импресиониран од примерот на Франција, како земја во која се почитува легитимитетот на различните изразувања.

Франција му беше пример како земја со основна католичка традиција, во која се признаваше протестантската, еврејската и муслиманската димензија, како и волтеријанската (атеистичка) реалност, мошне претпазлива кон секоја религија. Сите овие компоненти се секако обележја на сложениот француски идентитет. Му се восхитував на соното на Амин Малуф, како на сопствен сон на Балканот:

„Го сонувам денот кога ќе можам целиот Блиски Исток да го викам Татковина, како што тоа сега ми се Либан, Франција, Европа; да ги викам земјаци сите нивни жители: муслимани, рисјани, Евреи...“

И јас сонувам за денот, моја почитувана Лејбовиц, кога нашите индивидуални и колективни идентитети на Балканот посилно конвергирајќи едниот кон другиот, ќе се збогатуваат со заедничките состојки. Јас верувам во тоа балканство и во капацитетот на Македонија да го одржи. Во тоа верување сум ја вложил и сета смисла на моето пишување...

Со моја особена почит
Луан Старова

XXVIII

Најубавото патување во животот е она кое води од едниот кон другиот. Можеби на таков пат бев појден во преписката со Елен Лејбовиц. Имав чувство дека одразите на мојата душа беа врз страниците на мојата балканска сага и тие, во нивната соголена искреност, како да постоеја за да заведат некого. И за волја на вистината и јас бев заведен од татковите книги и од пепелта врз страниците на книгите. Имав впечаток дека и Елен Лејбовиц пониреше длабоко во мојот пишуван свет.

Макар што и натаму не се откриваше во нашата преписка, остануваше за мене енигмата која е, како изгледа, која и е професијата, таа и натаму пониреше во длабината на моите балкански мигови, во неизвесностите што ги живеев во балканската реалност. Ги следеше моите патувања, настаните во мојот живот, имајќи ја пред себе сигурно спиралата на моето движење во животот низ пишувањето...

1 мај 2001 г.

Господине,

Бев мошне задоволна кога дознав дека вие сте можеле за извесно време да се оддалечите од албанските и од македонските грижи за да се најдете среде бујниот неаполски свет. И бидејќи предавате на Универзитет во Неапол, се надевам дека имате внимателни студенти. Според асоцијација на идеи, Сицилија, која не се наоѓа многу далеку од Неапол, се сеќавам, неодамна, на телеви-

зија гледав кратка (многу кратка) емисија за албанската заедница која емигрирала во Сицилија по отоманската окупација во XV век. Меѓу другото, во емисијата се претставуваа и млади жени во празнични носии, чудесни уметнички творби.

Неколкуте реда што ми ги напишавте вистински ме смирија. Крај себе го имам последниот број на „Монд дипломатик“ со еден прилог за Македонија, илустриран со една географска карта на која се означени зоните на судирите од месец март и посебно оние близу до Скопје. Залудно е да се претпоставам настаните колку што е можно најрационално, информирајќи се, размислувајќи и притоа не може да се спречи потсвесното да ги следи своите патишта, кои се многу помалку рационални.

Ми се случи околу 20 март да сонувам необичен сон. Во еден непознат град се искачував по скалите до еден исто така непознат апартман. Среде апартманот се наоѓаше еден телевизиски приемник кој беше активиран и одненадеж на екранот, со големи букви беше напишано едно име на кое не можам со сигурност да си спомнам дали беше Македонија или Монастир (и покрај моето незнаење знам дека е тоа старото име на Битола).

Во мигот кога се појавуваше ова име јас се струполив онесвестена; да се онесвестиш во сон (не можам да се сетам дали тоа ми се случило и другпат) е необично чувство. Кога се освестив, видов тука една двојка, млади луѓе кои ме гледаа. Свесна за незгодата пред која ги ставив, побрзав да го напуштам апартманот и во мигот кога го минував прагот, човекот изговори еден збор кој имаше некаква врска со психоанализата или психијатри-

јата. Кога стигнав до скалиште се појави една жена чија возраст тешко можеше да се утврди и која сакаше нешто да ми каже, скришум од другите. Таа беше прекриена со една наметка, со сиво светла боја која ја покриваше од глава до петици. Нејзиното лице беше со темен тен, карактеристичен за ваши-те предели, но погледот и беше многу жив, светол. Таа сакаше да ми зборува, но тоа не го направи небаре спречена од присуството на другите...

Елен Лејбовиц

Fréjus, mai 2001

Monsieur,

Cela m'a fat plaisir d'apprendre que vous avez pu quitter quelque temps vos soucis albanais et macedoniens pour la joyeuse exubérance napolitaine. Et des étudiants attentifs. Par association d'idées, la Sicile étant proche de Naples, je me souviens tout à coup d'avoir vu il y a peu, à la télévision, une brève (trop brève) émission sur une communauté albanaise émigrée en Sicile à la suite de l'occupation ottomane au quinzième siècle. On y présentait, entre autres, de jeunes femmes dans des costumes de fête qui étaient vraiment d'éblouissantes œuvres d'art.

Les quelques lignes que vous m'avez écrites m'ont aussi un peu rassurée. J'ai là, à côté de moi, le dernier numéro du "Monde diplomatique" avec un article sur la Macédoine illustré par une carte où sont indiquées les zones des combats qui ont eu lieu au cours du mois de mars, et en particulier près de Skopje. On a beau

essayer d'envisager les événements le plus rationnellement possible, en s'informant, en réfléchissant, on ne peut pas empêcher l'inconscient de suivre ses propres voies, qui sont, elles, beaucoup moins rationnelles.

Ainsi, ce devait être aux alentours du 20 mars que j'ai fait ce rêve. Dans une ville inconnue, je me trouvais en train de monter des escaliers vers un appartement également inconnu. Au milieu de cet appartement se trouvait un poste de télévision allumé et soudain, sur l'écran, s'inscrivait en grosses lettres un nom dont je ne pourrais dire exactement si c'était MACEDOINE ou bien MONASTIR (dont malgré mon ignorance je sais que c'est l'ancien nom de Bitola). A l'instant où apparaissait ce nom, je m'écroulais évanouie; et vraiment, s'évanouir en rêve (je ne peux pas me souvenir si cela m'était déjà arrivé) est une très étrange sensation. Quand je revins à moi, il y avait là un couple assez jeune qui me regardait. Gênée de l'embarras que j'étais consciente de leur causer, je m'empressais de quitter cet appartement, et au moment où je franchissais la porte, l'homme prononçait un mot ayant rapport avec la psychanalyse ou la psychiatrie. Quand j'arrivai dans l'escalier surgissait une femme d'un certain âge qui voulait visiblement me dire quelque chose sans que les autres la voient. Elle était comme drapée dans un grand vêtement gris très clair qui la recouvrait presque de la tête aux pieds. Son visage au teint très mat, assez caractéristique de vos régions, était particulièrement animé par des yeux très vifs. Elle voulait donc me parler, mais finalement elle ne le faisait pas comme si elle en était empêchée par la présence des autres…

Hélène Lejbowicz

5 мај 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Ви благодарам за доверливата искреност, за соното што ми го раскажувате, кој ви се случува во Битола, Македонија. Да му се довери некому соното поврзан со неговата судбина особено во тешките моменти од неговата егзистенција е можеби највисокиот степен на доверливо пријателство. Обично се вели дека тој што сонува не спие, туку вистински патува. Според Гастон Башлар соното ги означува крајните граници на нашиот дух.

Можеби и нашиот живот во крајна линија е збир на сите наши соништа. Човековиот сон е бездруго дел од заедничката меморија на човештвото. Луѓето во сонишната се срепнуваат, се дополнуваат.

Не сакајќи да навлезам во толкувањето на вашиот сон кој се случува во Македонија и е можна сенка на актуелни настани, би сакал да ви го изнесам моето често сонување кое најчесто се случува преку границата во мојот роден град Поградец, на брегот на Охридското Езеро. Најчесто во сон, откако тајно ќе ја минам границата се упатувам во мојата родна куќа крај езерото, која веќе не постои во реалноста. Куќата е празна со откорнати врати и прозорци. Ги нема живите, моите блиски, дамна заминати и починати. И кога ми се причинува дека го слушам татковиот глас забележувам човек со униформа и пушка како ми се доближува. Во паника се будам...

Моето пишување на балканската сага е и потрага по семејните соништа. Во егзил силно и постојано се сонува. Зарем книгите не доаѓаат од сонишната, а сонишната од книгите. Во татковите книги имаше најмногу соништа и тие затоа до крајот за мене останува живи.

Како што мајка ми беше чувар на сонишната на нашите детства, постојано обземена од опсесивната запрашаност, како што добро забележувате во вашето писмо, „дали ќе има војна“, така и мојот татко трагаше по стратегијата на опстанокот на семејството, жртвувајќи го својот сон крај своите книги. Се случуваше мајка ми рано наутро да влезе во татковата библиотека заедно со првите сончеви зраци, да ја угасне ламбата крај нејзиниот сопруг, заспан врз книга на која ѝ ги доверуваше сонишната, односно ги примаше нејзините соништа...

Така би некогаш. Татковите книги сè уште ги содржат неговите соништа поврзани со мајкините. Мојата потрага продолжува.

Ви ја искажувам повторно мојата бескрајна благодарност за вашата солидарност и блискост во овие тешки времиња. За мојата италијанска евазија ќе ви пишувам во друга пригода...

Ваш Луан Старова

XXIX

Мојата верна читателка Елен Лејбовиц со големо внимание ги следеше драматичните настани

во Македонија пролетта 2001 година. Колку што настојуваше генерално да го согледа текот на настаните во светлината на ангажманот на Европската унија и САД, заплашена тие да не се претворат во војна како претходно во Босна, Хрватска и Косово, таа беше силно внесена и вникната во мојата судбина како човек и писател на една балканска семејна хроника во текот на XX век. Беше загрижена за мојата иднина, за иднината на моето семејство, за можноста да постои хармонична мултиетничка Македонија, како иден дел на Европската унија. Ја чувствував нејзината загриженост, како некогаш мајкината, опсесивно обземена од запрашаноста „дали ќе има војна“.

8 мај 2001 г.

Господине

... Вчера, во медиумите се зборуваше за вистински „дипломатски балет“ во Скопје, додека г. Ричардсон и г. Солана брзаа на средба со претседателот Трајковски. Се разбира „дипломатскиот балет“ е необична синтагма, но никогаш не сум помислувала доколку е смешна нејзината конотација во контекстот што го означува. Далеку сме од „Лебедовото Езеро“. Најпосле во недостиг на грациозните балерини, овие „танчари“ ќе продолжат можеби да го спасуваат битното.

Тука, во Франција, денес се слави Денот на победата 8 мај 1945 година!!! Така се движи све-

тоа... И се надевам дека еден ден во Македонија ќе се слави празникот на Слогата.

Елен Лејбовиц

Ce 8 mai 2001

Monsieur,

Hier, les médias parlaient d'un "ballet diplomatique" à Skopje, tandis que se hâtaient M. Robertson et Solana à la rencontre du Président Trajkovski. Certes, ce "balet diplomatique" est l'expression consacrée, mais je n'avais jamais réalisé jusque-là combien cocasse est le tableau qu'elle évoque. On est loin du "Lac des cygnes". Enfin, à défaut de gracieux entrechats ces "danseurs" pourront peut-étre continuer à préserver l'essentiel.

Ici, en France, aujourd'hui on fêtait la victoire du 8 mai 1945!!! Ainsi va le monde… Et j'espère qu'un jour il y aura en Macédoine la fête d'une Concorde à célébrer.

Hélène Lejbowicz

14 мај 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Јас во својот живот, со своето верување и пишување, верувајќи во заедништвото и соживотот, а не во делби и територијално разграничу-

вање според етничка определба, пишував на мојот мајчин албански јазик, но и на македонски јазик, завршувајќи го семејниот егзил, без да и се препуштам на друга дестинација.

Јас немам резервна судбина, за да не верувам во таа што ја живеам. Сцената со козичката која не може да влезе во автобусот со кој се евакуира семејството од родното место, пред плачот на малите деца, кои како да се разделуваат од вистински член на семејството, можеби е сама по себе метафора на трагизмот на човекот на овие балкански пространства, на трагичното чувствување на судбината...

Ваш Луан Старова

Фрежис 16 мај 2001 г.

Господине,

На 14 мај го добив вашето писмо испратено од Неапол на 9 април. На крајот сè пристигнува, само треба да се биде трпелив...

Причината поради која вие не можевте да ми го факсирате вашето писмо од 28 март е мошне едноставна: не само што сте ги заборавиле двете последни шифри, но исто така сте ги напишале наопаку претходните. Можеби е и разбирливо во немирното време во кое живеете да преовладала расеаноста во миготот кога сте ја пишувале бројката на факсот. А згора на тоа и објавувањето на вашите книги на разни јазици ве принудува да комуницирате со многу лица.

Во ова писмо од 28 март, сцената којашто ја изнесувате за едно семејство пред еден автобус со една коза, веднаш ме потсети на времето кога на телевизија ги покажуваа албанските семејства на патот, напуштајќи ги селата, инстинктивно барав да забележам кози што јас не ги видов... Во понеделникот, на 14 мај во вестите, по долгите и комплицирани известувања за изборите во Италија и во Земјата на Баските во Шпанија, имаше само една реченица за Македонија:

„Парламентот на Македонија синоќа го прифати формирањето на национална влада во која влегуваат различните албански партии со цел да се зачува стабилноста на земјата“.

Беше кратко, јасно и просто. Да биде и примената на новите правила исто толку проста!

Во меѓувреме, како што ми пишувате, вие престојувавте во Букурешт каде што, и покрај тоа што се зборува за сите напуштени деца, и сите кучиња скитници, верувам дека сите имале интересни и збогатувачки средби во врска со вашите книги.

Елен Лејбовиц

Ce 16 main, 2001

Monsieur,

Le 14 mai, j'ai reçu votre lettre envoyée le 9 avril de Naples. Tout finit donc par arriver, il suffit d'être patient!...

La raison pour laquelle vous n'avez pas pu me faxer votre lettre du 28 mars est très simple: non seulement vous avez oublié les deux derniers chiffres, mais vous avez aussi inversé ceux qui les précédaient. Il est sans doute normal que les inquiétudes causées par une situation troublée vous aient donné des distractions quand vous deviez composer un numéro de fax. D'autant plus que la parution de vos livres dans différentes langues et dans différents pays doit vous mettre en relation avec des quantités de personnes.

Dans cette lettre du 28 mars, la scène que vous évoquez d'une famille devant un autobus, avec une chèvre, me rappelle soudain que lorsqu'à cette époque la télévision montrait toutes ces familles albanaises sur les chemins, fuyant leur village, instinctivement je cherchais toujours à apercevoir des chèvres … mais je n'en ai jamais vu. Lundi, 14 mai aux informations, après des considérations longues et compliquées sur les élections en Italie et dans le Pays Basque espagnol, il y a eu cette unique phrase sur la Macédoine: "Le Parlement macédonien a approuvé hier soir la formation d'un gouvernement national comprenant maintenant les différents partis albanais afin de préserver la stabilité du pays face à la guérilla de l'UCK". C'était bref, clair et simple. Pourvu que l'application de ces dispositions soit aussi simple!

Entre-temps comme vous me l'avez aussi écrit, vous avez dû aller à Bucarest où, malgré ce que l'on raconte sur tous ces enfants abandonnés dans les rues, et tous ces chiens errants, j'espère que vous aurez fait d'intéressantes et enrichissantes rencontres autour de vos livres.

Hélène Lejbowicz

XXX

Елен Лејбовиц од писмо во писмо не престануваше да ме предупредува дека пишувајќи ми, нема никогаш да ми зборува за себеси, а уште помалку за своите здравствени проблеми, кои ги нарекуваше „бизарности“. Но тоа беше доволно да разберам дека преписката со мене, барем со сè покусите дописки, пишувани на рака и испраќани по факс, без да ангажира други, можеше еден ден сосем да престане. Со оваа реалност тешко ќе можев да се помирам.

Се обидував да го задржам нејзиното внимание, да ја проверувам, понекогаш и несвесно, нејзината волја, нејзиното расположение да ја продолжи преписката како во првата година. Критичните настани во Македонија, судирот кој се закануваше да заземе поширок димензии и вмешаноста на странските дипломати, не престануваа да го предизвикуваат вниманието на Елен Лејбовиц.

Имав впечаток дека таа излегуваше од светот на мојата балканска сага што си го беше утврдила како главен домен на својот интерес во нејзините писма, предизвикана од актуелноста и неизвесноста на настаните, за потоа повторно да се врати на моите текстови и да ми се придружи во мојата потрага.

Во тој период Патрик Крисман, по неколку години, конечно го преведе ***Балканскиот клуч***. Беа поминати сите рокови утврдени од Фајар за објавување на книгата. Требаше да се бара друга среќа, кај друг издавач. Ракописот го прочита и Едгар Морен. Книгата му се допадна, напиша и предговор за неа.

„Балканскиот клуч е неопходен, макар што е брават скршена. Клучот останува сепак надеж. Ние мора да пишуваме, да толкуваме, да обединуваме, друг излез не постои“, ми пишуваше Едгар Морен. Сега ракописот на ***Балканскиот клуч***, испратен по електронски пат, требаше да го прочита и Елен Лејбовиц. Претпоставував дека таа била некогаш универзитетски професор по книжевност, но не можев да бидам во тоа сигурен, а никогаш и не се осмелував да ја запрашам за нејзината професија во текот на долгата преписка.

Во еден период, кога беше очигледно моето настојување да го предизвикам одговорот со барањето книжевно критички да просуди за мојот *Балкански клуч*, таа категорично се демаркираше од книжевната критика, макар што ја сметав за најдобар толкувач на балканската сага...

17 мај 2001 г.

Господине

Овој пат вашиот факс добро започна, но остана некомплетен, се чини заради одеднаш со последните зборови:

„во Македонија, а во тек на објавување е во Австрија и“.

Можеби би било добро да ми го испратите крајот. Ви благодарам.

Елен Лејбовиц

Ce 17 mai 2001

Monsieur,

Cette fois-ci votre fax est bien passé, mais ... incomplet, semble-t-il, car il s'arrêté brusquement sur cette ligne en bas de page:

"En Macédoine qui sont en train de publication en Autriche et…"

Peut-être suffirait-il de m'envoyer la fin.
Je vous remercie.

Hélène Lejbowicz

Фрежис, 21 мај 2001 г.

Господине,

Можеби сте се обиделе да ми го испратите делот што недостига од вашето писмо, но повторно се случи текстот да не стигне поради тоа што ја прекинав струјата во куќата пред да заминам за Монпелје за да го посетам мојот лекар. Во последно време се чувствувам презаморена што посебно ме загрижува. Пред да заминам, метеоролозите најавуваа силна бура, а кај нас, при такво време често удираат громови и честопати ги оштетуваат апаратите доколку се вклучени во струја.

Простете што за ова не ве предупредив, но целосно или не, јас ќе се обидам сепак овие денови да ви одговорам на вашето писмо.

Многу срдечно ваша

Елен Лејбовиц

Fréjus, ce 21 mai 2001

Monseur,

Peut-être avez-vous essayé de m'envoyer la partie manquante de votre lettre et vous êtes-vous étonné de ne pas, à nouveau, y parvenir. Cette fois ci la cause en aura été que j'avais coupé l'électricité avant de partir à Montpellier où je devais aller voir mon médecin, car je traine un état de fatigue très inquiétant. Or, la météo annonçait de violents orages et chez nous, les violents orages, c'est souvent la foudre qui tombe et qui endommage les appareils s'ils restent branchés.

Excusez-moi de ne pas avoir pensé à vous prévenir, mais complété ou non je vais tâcher de répondre ces jours-ci â votre lettre.

Bien cordialement à vous.

Hélène Lejbowicz

Фрежис, 27 мај 2001 г.

Господине,

*Како да ви кажам за мојата збунетост пред да ви зборувам за тоа што јас го сметам со многу лесноти и непредвидливо од моја страна? Искрениот восхит што им го должам на вашите книги и дури ако таа е придружена со големо незнаење, и искрената симпатија што ја имам кон вашата земја (би требало да речам **вашите** земји) ме повлекоа кон една авантура, за што станувам свесна дури сега, во која нема никогаш да бидам на висината на улогата што би сакале вие да ми ја дадете.*

Јас не сум толку расположена да ви зборувам како што вие би посакувале; значи пишувајќи ви, јас никогаш не сум имала намера да ви зборувам за себе, а уште помалку за моите здравствени проблеми, кои би можеле на најегзактен начин да се квалификуваат како „големи здравствени бизарности.“ На мојата околина за тоа често ѝ правам алузија со доза на хумор, зашто всушност него го има, наспроти сè, нешто мошне комично а на крајот на краиштата нема што да се додаде за ламентирање.

Би резимирала велејќи дека овие здравствени бизарности ме обврзуваат да водам повлечен живот, целосно монашки и да ги ограничам моите врски со надворешниот свет на неопходното.

Сега се враќам на предметот на вашиот факс од 16 мај. Вие ме прашувате дали би можеле да ми го испратите ракописот на ***Балканскиот клуч*** *по електронска пошта. Се разбира, морам да ви речам „да“ со ентузијазам. Но бидејќи имав намера да ја читам оваа книга кога ќе биде објавена, јас би можела да ја прочитам и пред тоа и со задоволство ќе ви напишам за моите впечатоци. Но ако, како што вие ми најавувате, сакате да го имате моето мислење, ми се чини дека е чесно да ви кажам дека книжевната критика е домен во кој немам никаква компетенција. Не можам дури да речам дека ја сакам литературата. Сакам некои книги, тоа е сè. Тогаш, чуму моето мислење? Зошто би можело да ви послужи? Јас малку го познавам светот на издавачите. Всушност, пред извесно време, и тоа заради вас, јас настојував*

преку медиумите да се запознаам што подобро со издаваштвото и уште еднаш ви велам дека тоа што го откривам во тој свет ме исполнува со конститернација.

Вие ме прашувате дали Клод Диран одговорил на моето писмо. Не, и има зошто: јас му пишував без да му ја дадам мојата адреса оти бев сигурна дека тој нема да ми одговори или, доколку го сторил тоа, би се задоволил да ми го каже тоа што веќе вам ви го кажал. И доколку (по некое чудо во кое јас воопшто не верувам) ова писмо му направило и најмал впечаток, ми се чини дека во тој случај би требало вам да ви се обрати бидејќи ве знае, а не мене која за него сум совршено непозната.

Како што веќе ви пишував вашиот факс ми стигна некомплетен, но јас сепак успеав во него да прочитам дека вие ми предлагате да ми испратите неколку критики за вашите книги објавени на германски јазик. Јас учев германски во гимназија, и оттогаш немав можност да го практикувам овој јазик, а тоа што ми останало од него се неколку поетски фрагменти научени наизуст:

Denn ach! mich trennt das Meer von den Geliebten,
Und an dem Ufer steh'ich lange Tage
Das Land der Griechen mit der Seele suchend.

Goethe (Iphigenie auf Tauris)

Wir haben längst das Paradies verloren, und neue liegt in uns.

Hermann Hesse

Nach ist es: nur renden lauter alle springenden Brunnen, und auch meine Seele ist ein springender Brunnen.

Nietzsche (Also sprach Zarathustra)

etc., etc., ...

Значи, се разбира, овој вид на текстови, не ме прави подготвена за читање написи за ситуацијата во Македонија. Сепак со голем интерес ќе се обидам да ги прочитам, а ако имам големи тешкотии имам можност да ми ги преведат.

Овде, треба да прекинам. Ќе продолжам подоцна.

Елен Лејбовиц

Fréjus le 27 mai 2001,

Monsieur,

Comment vous dire ma confusion devant ce que je considère comme beaucoup de légèreté et d'imprévoyance de ma part? L'admiration sincère que m'inspirent vos livres et, même si elle s'accompagne d'une grande ignorance, la sympathie tout aussi sincère que m'inspire votre pays (je devrais dire vos pays) m'ont entraînée dans une aventure, je m'en rends compte maintenant, où je ne serai jamais à la hanteur du rôle que vous semblez vouloir me donner.

Je ne suis déjà pas assez disponible pour vous parler de vous comme je le souhaiterais; donc, en vous

écrivant, je n'ai jamais eu l'intention de vous parler de moi, et encore moins de mes problèmes de santé, qu'il serait plus exact de qualifier de "grandes bizarreries de santé". Pour mon entourage j'y fais allusion avec humour, parce qu'en effet il y a là, malgré tout, quelque chose d'assez comique, et puis ce n'est pas la peine d'en rajouter en se lamentant. Mais à vous je ne sais comment en parler. Je résumerai en disant que ces bizarreries de santé m'obligent à mener une existence extrêmement retirée, quasi monacale, et à limiter mes relations avec le monde extérieur au strict indispensable. Je ne vous en dirai pas plus, sauf que si vous veniez en France, il me serait certainement impossible de vous rencontrer.

J'en arrive donc à l'objet de votre fax du 16 mai. Vous me demandez si vous pouvez m'envoyer "La clé balkanique" par e-mail. Evidemment, je suis tentée de vous dire, et avec enthousiasme, "oui". Puisque j'ai l'intention de lire ce livre dès sa parution en librairie, je peux bien le lire avant, et c'est avec plaisir que je vous en parlerai. Mais si, comme vous me l'annoncez, vous me l'envoyez pour avoir mon avis, il me paraît honnête de vous dire que la critique littéraire est un domaine où je n'ai aucune compétence. Je ne peux même pas dire que j'aime la littérature. J'aime certains livres, c'est tout. Alors, que vaut mon avis? Et en quoi peut-il vous servir? Je ne connais pas le monde de l'édition. En réalité, depuis quelque temps, et à cause de vous, je tâche par les médias de m'informer un peu mieux: et une fois de plus je vous dirai que ce que je découvre me remplit assez souvent de consternation.

Vous me demandez si Claude Durand a répondu à ma lettre. Non, et pour cause; je lui avais écrit sans

donner mon adresse car j'étais sûre qu'il ne me répondrait pas ou que, s'il le faisait, il se contenterait de répéter ce qu'il vous avait déjà dit. Et si (par un miracle auquel je ne croyais guère) cette lettre faisait la moindre impression sur lui, il me semblait que c'est à vous qu'il devrait écrire puisqu'il vous connaît, et non à moi qui suis pour lui une parfaite inconnue.

Comme je vous l'ai dit, votre dernier fax m'est parvenu incomplet, mais j'ai pu quand même y lire que vous me proposez de m'envoyer des articles en allemand. J'ai étudié l'allemand au lycée, je n'ai guère eu l'occasion de le pratiquer depuis, et ce qu'il m'en reste, c'est surtout quelques fragments poétiques que j'avais alors appris par cœur:

Denn ach! mich trennt das Meer von den Geliebten,
Und an dem Ufer steh'ich lange Tage
Das Land der Griechen mit der Seele suchend.

Goethe (Iphigenie auf Tauris)

Wir haben längst das Paradies verloren, und neue liegt in uns.

Hermann Hesse

Nach ist es: nur renden lauter alle springenden Brunnen, und auch meine Selle ist ein springender Brunnen.

Nietzsche (Also sprach Zarathustra)

etc., etc., …

Alors, évidemment, ce génie de texte ne prépare pas à la lecture d'articles sur la situation en Macédoine. Toutefois, c'est avec grand intérêt que j'essaierai de les lire, et si j'éprouve trop de difficultés, j'ai la possibilité de me les faire traduire.

Là, je dois m'interrompre. Je continuerai plus tard.

Hélène Lejbowicz

29 мај 2001 г.

Господине,

... Како граѓанка на Европската заедница, признавам дека сум често збунета кога ги гледам нашите шефови на држави кога се состануваат за да најдат решение за проблемите на толку други нации. Тие не владеат вистински со внатрешната ситуација во нивните земји, каде што проблемите се полесни за решавање, а како можат да ги решаваат проблемите на другите нации? Лично не можам за ништо да се пожалам. Но не минува ден без да слушам како се зборува за лошото функционирање на нашите претпријатија, нашите судови, затворите, болниците, училиштата, железничкиот и воздушниот сообраќај, земјоделството итн. Постојано се работи за настани на насилство, несигурност, дрога, финансиски и политички скандали. Каква полза од напамошното набројување. Вие минатиот пат се чудевте како во Европската заедница едно писмо може да патува цел еден месец од Неапол до Безансон! Но тоа и не е толку за чудење.

Техничкиот напредок е една работа, а нарaвот на човечките суштества кои сметаат на прогресот е друга работа. Најнапред. Познато е дека италијанската пошта функционира лошо (дилетантизмот на населението?) и дека во Франција штрајкот е хронична болест. Пред некој ден бев во Монпелје. Некои албански реалности ми се вртат во главата, ви испратив една картичка која ја зедов за да ја испратам од поштата во Фрежис зашто трите поштенски центри во Монпелје беа во штрајк веќе три недели.

Човечките суштества се такви какви што се, нема да постои никогаш идеална земја и доколку ова се прифати може да се смета, наспроти сè, дека Европската заедница е простор сосем погоден за живеење, дури и пријатен. Но со тоа да се претставува како модел за другите земји, и да се претендира да се решаваат нивните проблеми, е тоа е друго прашање! И затоа, доколку таа треба повторно да интервенира на Балканот, што би значело бездруго и САД да интервенира повторно, веројатно уште еднаш, нема да излезе на добро за никого, ниту за Албанците, ниту за Македонците. Можеби треба да се направи ова за да го разберат вжештените глави?

Доколку Французите имаат различни преокупации од другите за да се остане вистински чувствителен на вашето балканско искуство, јас се надевам дека вашите сограѓани, кои се директно засегнати, треба да се покажат многу повеќе

рецептивни кон вашите книги, но и за вашите написи објавувани на албански, македонски и англиски јазик во мултиетничкиот „Форум“.

Би сакала уште еднаш силно да ви речам колку многу посакувам да го најдете вистинскиот спокој...

Елен Лејбовиц

Ce 29 mai 2001

Monsieur,

En tant que citoyenne de la Communauté Européenne, j'avoue que je suis souvent perplexe en voyant nos chefs d'Etats se réunir pour trouver des solutions aux problèmes de tant d'autre nations. Ils ne maîtrisent vraiment pas la situation à l'intérieur de leur propre pays, où les choses sont tout de même plus faciles, comment vont-ils la redresser chez les autres? Personnellement, je n'ai à me plaindre de rien. Mais il ne se passe pas un jour sans qu'on entende parler de dysfonctionnements dans les entreprises, les tribunaux, les prisons, les hôpitaux, les écoles, les transports ferroviaires ou aériens, l'agriculture, etc. Il est continuellement question de violence, d'insécurité, de drogue, de scandales financiers et politiques… Enfin, inutile de continuer l'énumération. Vous vous étonniez l'autre jour que dans la Communauté Européenne une lettre puisse mettre un mois pour aller de Naples à Besançon. En réalité, ce n'est pas si étonnant. Le progrès technique est une chose, et l'humeur des êtres humains censés

bénéficier de ce progrès en est une autre. D'abord, il est connu que la poste italienne fonctionne naturellement assez mal (dilettantisme des habitants?) et qu'en France la grève est une maladie chronique. L'autre jour, j'étais donc à Montpellier. Certaines réalités albanaises me revenant en mémoire, je vous ai écrit une carte que j'ai ramenée pour la poster de Fréjus, car à Monpellier les centres de tri postaux étaient, paraît-il, en grève depuis trois semaines…

Les êtres humains étant ce qu'ils sont, il n'existera sans doute jamais de pays idéal, et ceci étant admis on peut considérer que malgré tout, la Communauté Européenne est un lieu tout à fait vivable et même, par certains aspects, agréable. Mais de là à se présenter comme modèle pour les autres pays, et prétendre résoudre leurs difficultés, c'est une autre question! C'est pourquoi, si elle devait intervenir à nouveau dans les Balkans, ce qui signifierait sans doute que les Etats-Unis interviendraient aussi, il est probable qu'une fois de plus, il n'en sortirait rien de très bon pour personne, ni pour les Albanais, ni pour les Macédoniens. Peut-on faire comprendre cela à des cervelles échauffées?

Si les Français ont des préoccupations trop différentes pour être vraiment sensibles à votre expérience balkanique, j'espère que vos compatriotes, qui sont directement concernés se montrent de plus en plus réceptifs à vos livres, mais aussi à ces articles que vous m'avez dit avoir écrits en albanais et en macédonien.

Puis-je vous dire combien je souhaite que vous trouviez la sérénité?

Hélène Lejbowicz

1 јуни 2001 г.

Господине,

За да избегнеме нови проблеми со факсот, треба да ви кажам дека утре како и секоја година јас го напуштам Азурниот Брег во траење од четири месеци, спасувајќи се од овдешнава горештина.

Ако сакате да ми пишувате, наједноставно би било тоа да го правите преку е-мајл.

Со моите најубави мисли и чувства

Елен Лејбовиц

Ce 1 VI 2001

Monsieur

Pour vous éviter de nouvelles déconvenues avec le fax, je dois vous dire que demain, comme chaque année je quitte pour 4 mois la Côte d'Azur et ses chaleurs, son bruit, ses agitations, etc.

Si vous souhaitez m'écrire, le plus simple serait, à nouveau, par e-mail.

Avec mes pensées et mes sentiments les meilleurs.

Hélène Lejbowicz

7 јуни 2001 г.

Господине,

Пред шест месеци порачувајќи книги јас добив и чоколада. Пред извесно време нарачав полици, до-

бив две провансалски прекривки. Немам никаква потреба од овие прекривки и морав некому да му ги подарам. Ви ги испратив вам. Посебно во овој момент ми се чини дека овие прекривки, кои го прекриваат столот околу кој се собира семејството за обедите, за мене добива посебно значење. Вие пред некој ден ми испративте една разгледница од Струга. Мислам дека тука се наоѓа вашиот летен дом за кој ми пишувавте во едно од вашите писма, на брегот на Охридското Езеро. Јас посакувам овие прекривки, идното лето и покрај драматичната ситуација да можат таму да дочекаат мирни семејни обеди со вашата сопруга, со вашите деца и внуци. Што би можела друго да ви посакам?

Елен Лејбовиц

Ce 7 juin 2001

Monsieur,

Il y a six mois, en commandant des livres j'avais reçu des chocolats. Récemment j'avais commandé des étagères, et j'ai reçu deux nappes provençales. Je n'avais aucun besoin de ces nappes et je les aurais de toute façon données. Donc, je vous les ai envoyées. Spécialement en ce moment il me semble que des nappes, qui évoquent la table autour laquelle la famille se réunit pour les repas, prennent une signification particulière. Vous m'avez envoyé un jour une carte de Struga. C'est là, je suppose, que se trouve cette maison à laquelle vous avez fait allusion dans une autre de vos

lettres, au bord du lac d'Ohrid (j'ai évidemment cherché sur la carte), où vous allez parfois. Alors, je souhaite que, l'été venant et malgré une situation dramatique, ces nappes rustiques puissent accueillir là-bas quelques paisibles repas de famille que vous ferez avec votre épouse, vos enfants et vos petits-enfants. Que peut-on souhaiter d'autre?

Hélène Lejbowicz

10 јуни 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Вие сте наполно во право кога следејќи ги драматичните настани во Македонија велите дека човекот си е таков каков што си е, и нема никогаш да најде идеална земја. Единствената судбина во преживувањето му преостанува да го разбере другиот, да ги сподели разликите во потрага по заедничкиот излез и посреќно место под сонцето на планетата Земја. Големите заблуди, се чини, секогаш доаѓале оттаму што во различни времиња, најголемите грешки се правеле во името токму на поставувањето на „новиот човек", „натчовекот", неговото красење со незаслужени ореоли. Сакав уште поодамна да ви пишувам за една средба во Македонија со познатиот француски есеист Роже Кајоа, чии мисли за човекот и книгата ми се врежаа засекогаш во меморијата и тие асоцијативно се активираа во мене читајќи ги вашите последни писма. Првин за човекот, а потоа за книгата.

Роже Кајоа пред точно дваесет и пет години, во месец јуни во далечната 1976 година, како гостин на Здружението на писателите, ја посети Република Македонија. Ја имав честа да го придружувам при неговата посета. Тогаш беше познат како еден од најголемите француски есеисти, беше член на Француската академија, преведувач и претставувач на големите латино-американски писатели Борхес, Неруда, Астуријас, Кортезар, близок пријател на Сен-Џон Перс и Жорж Батај, но важеше и за голем истражувач на мистериозните предели на земјата, беше колекционер на ретки минерали и кристали. На средбата со македонските писатели, откако од претседавачот на собирот беше претставен и со искажувањето дека „Роже Кајоа го поставува човекот во центарот на планетата Земја, како најсовршено суштество“, тој непредвидено го прекина предавачот и несогласувајќи се со неговото тврдење дополни:

„Не, почитуван претседателе, јас никогаш не сум го поставувал човекот во центарот на егзистенцијата, за мене човекот е и како другите животни, кој произлегува од делувијалниот период, со незавршена еволуција...“

Претседателот на писателите се најде во небрано, не знаеше како да продолжи. Во тие времиња кај нас постојано се цитираше една Титова изрека дека „човекот е наше најголемо богатство“ и дека, „тој е во средиштето на егзистенцијата“. Времиња, обичаи...

И уште една мисла на Роже Кајоа ми остана во сеќавање. Беше време кога се зборуваше на сите страни за крајот на книгата пред напливот на новите електронски медиуми. Роже Кајоа, сакаше да нè разувери во вечноста на книгата, велејќи ни дека книгата, уште од клинестото писмо на кое беа пишувани законициите на Хумараби, има три илјади годишна историја, која сигурно ќе продолжи и во новите милениуми. Така ни говореше Роже Кајоа...

Ова сигурно не се директни одговори на вашите писма, туку ментални одгласи од нив. Ви благодарам за прекривките, за вашата благородна мисла, која не престанува да ме следи во овие тешки времиња во потрага по спокој за пишување.

Ваш Луан Старова

XXXI

Како што јас согорував во моите писма и во одговорите, да ги откријам причините и мотивите поради кои Елен Лејбовиц толку внесено ми пишуваше, така и таа упорно и доследно трагаше во тајните, по балканскиот лавиринт, во кој ја заведуваше моето пишување.

Таа ме изненадуваше постојано со своите писма: час ми пишуваше за некој збор од книгите, за некој настан од Македонија, поврзан со мојот живот и моето семејство во контекстот на актуелноста, час зафаќаше големи прашања од егзистенцијата, поттикната од читањето. Така беше и со ова писмо...

19 јуни 2001 г.

Господине,

Би ми било тешко сега да се сетам на пасажот, зашто не знам во која од вашите три книги се наоѓа. Се работи за една епизода од вашето детство кога вие ја прашувате вашата мајка што е душата. Таа тогаш се обидува да ви го објасни тоа што не може ниеден друг збор да го изрази, додека вашиот татко го слуша разговорот без да се вклучи во него...

Откако ги прочитав двата текста што ми ги испративте, повторно се сетив на оваа епизода која сега одненадеж ми ја откри генезата на вашата потреба да пишувате. Токму тука требаше да се бара. Сите ваши текстови се само обид да се најдат одговорите на прашањето поставено на вашата мајка: што е душата? И дури да не знаете самиот како да ја дефинирате, вие не го одречувате нејзиното постоење.

Книгите на вашиот татко, клучевите и огледалото на вашата мајка се здобиле во извесна смисла со жива душа со оглед на вредноста што овие книги, овие клучеви и ова огледало ја имале за нив. И потоа, со текот на времето, овие предмети, кои веројатно ги имате сè уште, се чини дека станале ризницата во која запреле душите на вашите родители, така што ви се случува во нив да ги барате. И такво какво што го опишувате самото езеро што еден од вашите браќа го слика на sидот во вашиот нов дом крај реката Вардар

во Скопје, се чини дека е обид да се оживее душата на езерото во новата татковина; и во истовреме, според нивните сугестии и коментари, се чувствува дека сите кои учествуваат во создавањето на новата фреска на sидот сакаат да ја видат во ова езеро татковината на нивната душа.

Така, можеби, ужасот кој ве обзема пред ***Атеистичкиот музеј*** *го имал помалку за причина фактот што оваа доктрина го негира, како што означува и самиот наслов, постоењето на Бога (после сè, дури и меѓу верниците кој би можел вистински да каже што значи постоењето на Бога), отколку волјата да се негира постоењето на душата. Значи, ова постоење на душата, би било недоволно да се рече дека вие имате потреба да верувате во неа зашто тоа што го изразувате во вашите текстови е повеќе од верување, тоа е повеќе убедување, произлезено од едно искуство, толку многу ви е близок дијалогот со еден духовен принцип кој преживува по принудното напуштање на една татковина, како и на еден духовен прекин со сушествата и предметите околу кои е конструиран вашиот живот.*

Еве ова се трошките од мислите кои ми минаа низ глава и за кои имав толку многу тешкотии за да ги изразам. Всушност, не е мој обичај јасно да формулирам едно конструирано гледиште врз непостојани впечатоци како оние кои ми се наложуваат од читањето на вашите книги.

Елен Лејбовиц

Ce 19 juin 2001

Monsieur,

Il me serait peut-être difficile maintenant de retrouver ce passage, car je ne sais plus dans lequel de vos trois livres il se trouve. Il s'agit d'un épisode de votre enfance où vous demandez à votre mère ce qu'est l'âme. Elle tente alors de vous expliquer ce dont aucune parole ne peut vraiment rendre compte, tandis que votre père écoute sans intervenir… Après avoir lu les deux textes que vous m'avez envoyés, cet épisode m'est revenu en mémoire comme s'il m'apparaissait soudain que l'origine de votre besoin d'écrire, était peut-être à rechercher là. Tous vos récits ne seraient alors qu'une tentative de trouver des réponses à cette question posée à votre mère : qu'est-ce que l'âme? Et même si vous ne sauriez pas non plus très bien comment la définir, vous assurez de toutes les manières possibles qu'elle existe.

Les livres de votre père, les clés et le miroir de votre mère ont en quelque sorte reçu une âme vivante du fait de la valeur que ces livres, ces clés et ce miroir représentaient pour eux. Puis, avec le temps ces objets que vous possédez peut-être encore, semblent être devenus pour vous les dépositaires de l'âme de vos parents, au point que c'est en eux qu'il vous arrive de la chercher. Et tel que vous le décrivez même le lac que votre frère représente sur un mur de votre nouvelle demeure semble être une tentative de faire vivre l'âme de ce lac dans une nouvelle patrie; et en même temps, par la suggestion et les commentaires qu'ils font, on sent que tous ceux qui assistent à l'élaboration de cette fresque veulent voir représenter dans ce lac une partie de leur âme. Ainsi, peut-être, l'effroi qui vous a saisi devant le Musée de l'athéisme avait-il moins pour cause le fait que cette

doctrine nie comme son nom l'indique l'existence de Dieu (après tout, même parmi les croyants, qui peut vraiment dire ce qu'il entend par existence de Dieu?) que sa volonté de nier l'existence de l'âme. Or, cette existence de l'âme, il serait même insuffisant de dire que vous avez besoin d'y croire, car ce que vous exprimez dans vos textes est plus qu'une croyance, c'est une certitude née d'une expérience, tellement vous est familier ce dialogue avec un principe spirituel qui survit à l'abandon forcé d'une patrie ainsi qu'à la séparation d'avec les êtres et les objets autour desquels s'est construite votre vie.

Voila les bries de pensée qui me sont passées par la tête et que j'ai tellement de difficultés à exprimer. En effet, il n'est pas dans mes habitudes de formuler clairement dans un discours construit une suite d'impressions fugitives comme celles qui me viennent à la lecture de vos livres.

Hélène Lejbowicz

22 јуни 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Честопати го читам вашето писмо што ми го упативте на 10 мај 2000 г. и размислувам за неговата содржина, особено за фрагментот за тишината, која до крајот ги држеше обединети моите родители во нивниот половековен заеднички живот, во најголем дел минат во егзил и во израснувањето на нивните шест деца. Посебно, кога во последното писмо во кое го поставувате прашањето за душата, коешто јас некогаш им го поста-

*вував на моите родители за нејзиното постоење (во романот **Атеистички музеј**), се сеќавам на фрагментот што ми го испративте, препишан во младоста од книгата на германскиот филозоф од еврејско потекло Макс Пикар, **Светот на тишината.** Бевте во право кога велевте дека во текстот беше изразена толку силно хармонијата на еден маж и на една жена низ нивната тишина за што тешко можело да се најде друг пример, слика на една чудесна убавина, која трансцендирајќи секаква друга конкретна реалност, ја чини вистински амблемска. Вие ваква обединувачка тишина откривате прикажана и во **Татковите книги, Атеистички музеј...***

Покрај пасажите за потрагата по душата, фиксирана во татковите книги, во мајкиното огледало и врската клучеви на некогаш напуштените куќи, кои можеа да ги отвораат само сонуваните брави, мислам дека само во долговечната заеднички истрадана тишина можеше да се насети постоењето на душата. Можеби тие имаа заедничка душа во тишината. Со моќта на тишината, без да знаат други, ја минуваа границата која засекогаш ги раздели од нивните.

Во нашата куќа во Скопје крај реката Вардар, во тивките квечерини започнуваше да изгрева чудесна тишина, која можеше да се слуша, да се препознава, да се гледа. Тишината беше мудрата таткова потрага на одговорите од вревата на утрешниот живот.

Татко ми како вистински балкански алхемичар од посебен ков, се спушташе длабоко во ноќта за да ги најде вистинските зборови обвиткани во

рувото на тишината со кои требаше да им се противстави на здравите, небаре излезени од барабани, во тие тешки времиња. Успеваше да ја извлече тишината од самите книги. Тој добро знаеше дека покрај научените јазици на Балканот, како штитови со кои и мајка со нивното знаење го одбранувааа семејството во времиња на војни и дека најтежок да се совлада беше јазикот на тишината, кој има своја посложена синтакса од јазиците на здравите.

Тишината беше сенката на јазикот, кого што го бранеше, го надополнуваше. Тишината беше душата на јазикот! Имаше и други прашања, кој наратором-дете, им ги поставуваше на своите родители во повеста за нив, но од кои како одговор ја добиваше самата тишина.

Во еден период, размислувајќи за мајкините солзи во животот, чиј вкус речиси и никогаш не го почувствував, ниту можеше да се дознае нивниот состав, помислив дека можеби душата се покажува токму низ солзите. Мајка ми и при најтешките судири со животот, при губењето на своите синови, не испушташе солза, не покажувајќи ја својата душа, сместувајќи ја во повисоки сфери. Можеби...

И еве по многу години, кога ја снема нашата куќа крај реката, кога таму се пресели едно друго време, на бетон и врева, често во тивките ноќи на истиот простор, кајшто останал само дел од тврдината Кале на другиот брег од реката, само во небото го откривам непроменет некогашниот поредок на ѕвездите. Тука се сите ѕвезди на детството, вистинските и замислените. Која блеска

најсилно во секавањето? Можеби е тоа божјата ѕвезда, најголемиот извор на внатрешна и надворешна светлина, која ја осветлува душата, а не нашиот пат и ни дава сили да се стигне и отаде, без нешто да ни одземе. Има мигови кога душата шепоти. Најчесто низ тишина, во тишината на единствениот јазик во светот. Мајкиниот јазик...

На овие мисли ме поттикнаа вашите писма. Би бил среќен да продолжиме на оваа тема. Таа нема крај. Се надевам на натамошното наше допишување, со зборови и со тишина...

Ваш Луан Старова

XXXII

Елен Лејбовиц покажуваше целосна загриженост за состојбите на Балканот во војната што ја обележа целата деценија на изминатото столетие. Во првата половина на истиот век во Европа се случија и двете светски војни. Во почетокот на новиот век војната и се закануваше и на Македонија.

Елен Лејбовиц следејќи го раскажувањето на мојата балканска сага, на семејството во егзил, покажуваше интерес да навлезе, да ги разбере причините за војната. Таа беше критична кон Европа која во својата богата историја, од која произлезе модерната западна цивилизација, не можеше да се ослободи од војната, туку беше и предизвикувач на светските конфликти. Двапати во историјата на XX век САД ја спасуваа Европа од самата себе, од фашизмот и од власта на тоталитарните идеологии.

Елен Лејбовиц, можеби повеќе поради судбината на мојата балканска сага, започна да ја следи со аналитичен интерес европската политика кон Балканот во критичните воени времиња. Но тешко можеше да се разберат суштинските причини за вечното траење на војната. Дури некогаш и да се разбереше кога ќе завладееше војната, фантазијата за новата војна резистираше предолго.

Елен Лејбовиц го следеше патот на моето семејство во текот на еден век низ балканските граници бегајќи од војната. Таа ја беше разбрала длабоката смисла на постојаното мајкино прашање-рефрен: дали ќе има војна, дали ќе има војна! Сакаше да ѝ зборувам за генезата на албанско-македонскиот конфликт во Македонија како закана за мирот во земјата и во регионот, закана за албанско-македонскиот соживот во кој истрајуваше моето семејство.

Внесена во мојата балканска сага таа не можеше да остане индиферентна на настаните кои ги следеше преку медиумите. Сакаше да го лоцира местото на конфликтот, последиците за мене, за семејството, за моите татковини. Знаеше дека тоа беше многу тежок период за живеење, но и премислување. Не одговарав на некои директни информации, често добивани од едностраните официјални или приватни медиуми. Ѝ испратив еден прилог во француски превод, во еден мултиетнички Форум, кој се објавуваше во водечките весници во Република Македонија на македонски, албански и англиски јазик, за да ги извлече самата релевантните заклучоци, во контекстот на мојата балканска сага...

22 јуни 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Се обидував во мојата балканската сага на моето семејство во текот на еден век, да ја разберам неговата втора половина, во која живеев и активно дејствував до денешни дни. Јас ги наследив искуствата од мојот татко и од мојата мајка со кои се здобија во нивната прва половина на векот. Во таа половина тие ги преживеаја балканските и светските војни, почетокот на сталинизмот, преминувањето на границата и егзилот. Мајкината молитва да нема војна за нејзините чеда се оствари. Војната ѝ се закануваше на мојата генерација. Татковата библиотека можеше да се чита и како стратегија на одбраната на семејството во војна. И затоа решив да раскажам за заедничкиот трагичен век на чувствувањето на балканските граници во еден можен Синопсис за драмата на едно балканско семејство и границите од 1941 до 2001 година, со надеж дека ќе ги опфатам и претходните 40 години! Ви го испраќам овој текст без никакви измени, каков што беше објавен.

1941

Живееле двајца браќа со свои семејства во градот Пограделц, на самата граница меѓу Албанија и Македонија, близу до манастирот Свети Наум. Првите граници, како подвижен жив песок, заживеале од балканските војни. Фашизмот постави нови граници. Луѓето овде навикнале и на нивните граници, но тие продолжиле како предизвик

за нови заминувања. Клетите граници сечеле води, сечеле души, сечеле семејства, самата надеж, верувањата. Заминувањето можело да значи спасување, како што можело тоа да биде и останувањето.

1942

Фашизмот се шири низ Албанија. Нови делби, нови проширувања, нови илузии, нови граници. Секое семејство се собира во себе, како во тврдина или да се извиши, да ги прелета границите, да се најде како во облак меѓу небото и земјата, виден во платната на Марк Шагал.

Кревката држава, под сачот на италијанскиот фашизам, ги повлекува наивните да ѝ се придружат, понесени од химеричните верувања и лажни ветувања на Мусолини, додека други му се придружуваат на антифашистичкото движење, трети го избираат патот преку границите. Се делат семејства, се бараат излези. Само децата радосни си играат со поштенските марки на новиот монарх, разменувајќи ги со поштенски марки на последниот албански монарх Зогу...

1943

Немирот ги обзеде семејствата на двајцата браќа. Постариот брат, кој во дваесеттите години студирал правни науки во Цариград, одбивајќи да му се покори на фашизмот во родниот град, со подготвена стапица како закана да биде пратен во интернација со семејството во злогласниот логор Порта Романо во Италија, решава преку ноќ да ја мине тајно границата со семеј-

ството преку Охридското Езеро, барајќи спас на другиот брег.

Помладиот брат, кој во дваесетшите години студирал во Лондон и сакал по враќањето да го внесе во Албанија скаутското движење, решил да остане во родниот Поградец, исполнувајќи го и завеотот на нивниот починат татко. Нивната мајка останала распната меѓу двете свои семејства, со скршено срце што некогаш не заминале сите во Цариград, каде што векувало нејзиното семејство.

Постариот брат бил неумолив:

„Браше мили, овде нема иднина за нас. Време е да заминеме. Животот ни е татковина!“

Помладиот брат одговорил:

„Ако немаме иднина во роднаша земја, никаде нема да ја имаме!“

Постариот одговорил:

„Фашизмот, браше, уште еднаш нè подели и скара. Ние пак поради другите ќе си вадиме очи едни на други! Црно ни се пишува, браше!“

Помладиот брат на крајот одговорил:

„Јас, браше, овде сум настрана, а и никому зло не сум сторил. Од кого да се плашам!“

Се прегрнале цврсто. За последен пат, крај нивната стара мајка во солзи.

1944

Постариот брат ноќе со семејството низ Езерото ја минал границата. Се нашол на другиот брег со мајка ни, со нас децата и со неколку книги, од кои никогаш не се раздвојувал. Додека ја минувале ноќе границата, мајката шепотела мо-

литви. Кога ја минало семејството границата, таа и децата не престанале да веруваат во вишата сила, а мајката се чувствувала до крајот на својот живот, испратена од Севишниот за да си ги спаси децата. Мисијата ќе се повторува повеќепати.

И така семејството на постариот брат се најде на другиот брег, да ја дели судбината со друг народ. Продолжил да ја врши адвокатската струка, која го зближила со покорените, кои ги спасуваше во тешките времиња, кои кога тие се променија, дојдени на власт, не ги заборавија неговите добрини.

Живеело семејството со новата нафака. На туѓа земја. Без старата куќа, градината, лозјето, наследени од предците, а потоа преземени од новиот режим.

1945

Заврши војната. Нема војна што не завршува, но нитиу мир што вечно трае. Фашизмот во целиот свет беше жестоко поразен, ама пред тоа нанесе многу зла. Дојде слободата, но набргу продолжи старата историја на границите. Дојде комунизмот, што првин беше примен со радост и надеж од луѓето, како победник над фашизмот. Арно ама, со него стигна и сталинизмот. Зло на злата. Ја зафати повеќе од секаде и земјата на двајцата браќа. Светот повторно се подели на нови граници. Се извиши и берлинскиот ѕид и многу, многу други ѕидови на Балканот.

Двајцата браќа додека владееше сталинизмот во Албанија и во Југославија си ја имаа отворено границата. Лесно можеа да ја минат најнепостојаната граница во Европа, во името на заедничкиот „пролетерски интернационализам“ варден од будното око на Сталин. Но си останаа секој на својата страна од границата, со нивната нафака, во очекување на нови, посреќни времиња...

1946–1948

Брзо заврши комунистичката „идила“ помеѓу Тито и Сталин. А таа, впрочем никогаш вистински и не постоела. Земјата на помладиот брат, Албанија, потона во сталинизмот, се огради со границите, со бункери однатре. Земјата на постариот брат, Југославија, имаше друг касмет. Таа се отвори кон светот, создаде услови децата да изучат високи школи, да станат угледни граѓани.

Помладиот брат беше одведен една ноќ во пеколот и никогаш не беше вратен. Во Албанија проработи сталинистичкиот систем на барање жртви како никогаш примитивните племиња, што прерасна во синдром на самоуништување, толку познат на Балканот, пренесен од праисконските времиња, до религиите, идеологиите, нагонот за владеење.

Помладиот брат набргу ќе се најде на листата на жртвите. Големата, крунска вина за заслепениот режим ќе биде неговата, наводна „англиска врска“, неговите студии во Англија. Куприот ќе го затворат, измачуваат. Го положуваат на семожни тортури за да „признае“.

Умира во полицискиот лавиринт. Најверојатно подмолно ликвидиран. На семејството му соопштуваат дека се самоубил. За кутрата жена и двете мали деца започнува вистинска голгота. Во родната земја стануваат „забранети“ луѓе.

1949 г.

Постариот брат и целото негово семејство болно ја примаат вест од зад границата за првата смрт, која сите ги потресува и засекогаш ги обележува.

Постариот брат го прима државјанството на ФНР Југославија и Народна Република Македонија. Ја има среќата, како некогашен дипломец по право на Цариградскиот универзитет, во времето кога се разминуваат Отоманската Империја, со старото османско писмо и Ататурковата Турција, да ги открие старите сицили, записите на оригиналните протоколи на битолскиот кадилак (во периодот од 1607 до 1912 година), драгоцени за потрагата по трите века историја на балканските народи и нивните идентитети. Од преголема работа и тага, телото му се истоштува предвреме, го совладува шекерната болест. Но среќен што децата му успеваат во животот...

1975

Минуваат години, како брзо се старее крај границите, а најмногу на македонско-албанската граница. Виза за да се посети Албанија добиваат само многу стари луѓе. Постариот брат е уверен дека смртта ќе му биде побрза од реалното отво-

рање на границата. И нема никакви илузии дека некогаш ќе ја мине. Но неговата сопруга, големата мајка, како да е предодредена да ја исполни семејната мисија, да се врати кај своите, пред да ја изненади вест за нова смрт. Силна душа имаше кога ги спасуваше децата на двете страни од границата, уште посилна душа имаше при непредвиденото враќање во земјата. Повеќе време минала на гробиштата, отколку во куќите, каде што била пречекана. Стигнала и на гробот на својот брат, со кого беше силно поврзана уште во детството. Не можела да издржи. За првпат се исплакала колку за еден век. Се онесвестила. Срцето да ѝ пукне од жал, ама душата го задржувала.

Побарала старицата да се врати пред истекот на двомесечната виза. Станала историски преседан на старите повратници кои се враќале во родната земја пред истекот на државната албанска виза. Требало да биде повредена нечија гордост и од кого? И тоа од една стара емигрантка! Се вознемириле службите. Но што ѝ можеле на старата мајка!

Ја минала железната капија, небаре врата на пеколот, сета во бодликав тел, како вистински балкански sид. Младото војниче, кое ја отклучувало вратата на границата со клуч голем колку кубура, ја прашува:

„Мајко, зошто прерано ја напушташ татковината!“

Таа брзо одговорила на наместеното прашање од невидливата служба која ја следела до самата граница:

„Мене, синко, татковината ми е таму, каде што ми се децата!“

Војничето, верно на инструкцијата, продолжило:

„Зошто прерано го напушташ својот народ!“

Мајката мигум одговорила:

„Мене, синко, татковината ми е таму каде што ми се децата!“

Војничето завршило со последното прашање:

„Мајко, зар го напушташ твојот народ! Па кој е твојот народ!“

Мајката веднаш одговорила:

„Народот со кој живеам синко!“

Војничето, виде не виде, на крајот го стави големиот клуч колку кубура во големата ’рѓосана брава. Бравата испушти силен заринат глас, кој одекна од ридот на кој беше претставен во мамутска големина ликот на Сталин. На мајката ѝ се слушна заканувачкиот глас на Сталин и ја мина клетата граница!

На 29 февруари 1976 година, нагризан од подмолната шеќерна болест, и подмолните удари, умира постариот брат. Умира исцрпен, но среќен. Му ги одзедоа авторските права за преведените сиципи, кадиски книги, но верува дека бог го наградил за успешно извршената мисија. Преведуваните сиципи немаат цена, со нивна помош на неговите деца им беше осветлен патот во животот.

Умира среќен крај своите недопреведени сиципи, но успевајќи да им го допреведе темниот дел од животот на големиот пат на своите чеда. Ги изгуби сите татковини во својот егзил, не го доживеа кревањето на европските граници, ниту

урнувањето на Берлинскиот ѕид, но им остави во наследство на своите деца да го доживеат исчезнувањето на големата албанско-југословенска граница, најголемиот балкански ѕид. Кој знае можеби некој од неговите правнуци ќе го доживее тоа... Во тоа не можеше, а да не верува...

Синовите на помладиот брат во Албанија го продолжуваа животот во црнила. Но никако не се предаваа. Се бореа до последните сили со нивната храбра мајка. Во еден период најстариот син од постариот брат по еден таен канал им испраќа два часовника за двата сина на помладиот брат. Поврзувањето успева. На времето не можеше да му се стави граница...

1979

Синовите од постариот брат во Македонија остваруваат успешни професионални кариери: како лекари, инженери. Го исполнуваат заветот на нивниот татко да студираат на факултети кои го заобиколуваат затворот. Така можеби било во неговите времиња. Но тој не веруваше дека на Балканот лесно се менуваат времињата на подобро.

Еден од помладите синови, кој студира на факултет што не го заобиколува затворот, станувајќи дури и новинар, писател еден ден по смртта на татковото се препушта на предизвикот да ја посети родната земја. Како писател учествува во изборот на драма што треба да се постави во Албанскиот театар во Скопје. Без да сети, пред да појде, дека во Албанија ќе се слави 100-годиш-

нината од раѓањето на Сталин, се противставува да ја прифати понудената претстава во сталинистички дух. Вели дека со Сталин во Југославија е расчистено уште во 1948 година. Доживува, како одговор, бура. И тој како и неговата мајка се враќа со рана во душата. Не помислувал за време на престојот да ги види синовите на својот чичко, за да не ги вовлече и нив во нови неволи. Пишува подоцна книга, како реванш, за да го допре дното на страдањето на својот напатен народ, за да изнурне полесно кон воздухот на вистината, на слободата...

1985–1995

Умира диктаторот. Се раѓа надежта дека Албанија ќе излезе од полвековната изолација. Наследникот на диктаторот верува во албанската „перестројка“. Предоцна. Никој не може да го смири од експлозија напластениот гнев на народот. Паѓаат во Тирана мамутските статуи на Сталин, па на Енвер Хоџа. Се укинува еднопартискиот систем. Потоа се отвораат границите. Следат првите слободни избори. Пукаат рабовите на полвековната изолација. Заробеното време се ослободува како од Пандорина кутија. Земјата тешко се прочистува од старите духови...

Синовите на помладиот брат ја следат народната катарза. Веруваат дека за нив идат подобри времиња. Барем да го доживееше овој ден нивната намачена мајка. Дојдените на власт го „рехабилитираат“ татковиот брат! Добива посмртно одликување. Пишуваат за него весниците,

се осветлува неговата личност. Се радуваат синовите на татковиот брат за вратената куќа и надежта во неа.

1991

Се распаѓа Југославија, земјата чиј државјанин беше постариот брат. Тој самиот не го доживеа ова време, како и падот на комунизмот во својата родна земја, за што не би можел да си претпостави во своето време. Неговите синови и ќерката, со неговите, некогаш емигранти, па припадници на „албанското малцинство“, па на „албанската народност“, станаа државјани на новата независна Република Македонија, сега станувајќи припадници на „националност“ односно припадници „на национален колективитет“, според уставната одредница.

Историјата, како и секогаш на Балканот си продолжи да тече низ матните парадокси. Падна Берлинскиот ѕид, продолжи брзата интеграција на западна кон централна Европа, а Балканот, односно неговиот најголем дел – Југославија, се дезинтегрира во пеколно темпо, со страшни судири и жртви меѓу довчерашните „браќа народи“...

Тројцата постари синови на постариот брат, и тие со угледни и успешни семејства, бездруго и поради тежината на егзилот, прерано починаа. Остана мајката сама да ги доживува големите болки на животот, но со голема грижа кон другите деца, внуците, да спаси уште колку што можеше во новите услови на животот.

Стравуваше длабоко во душата од сенишшешо на војнаша да не ѝ ѓи земе друѓише деца. Таа осшануваше единсшвениош сшолб на семејсшвоѿо во еѓзил. Беше свесна дека продолжуваше нејзинаша мисија во живоѿош, за која, како шшо велеше ја беше испраѿил во живоѿ Севишниош за да ѓи спасува своише чеда...

Се очекуваше демокраѿијаша во дезинѿеѓрираниѿе нови држави да донесе нови цивилизациски вредносши до кои беше сшасал Западош. Без ѿемелна ѿрадиција и еволуѿивен конѿинуиѿеш, без вѿемелени инсѿиѿуции, ценаша за осѿварување на прогресош сшануваше ѓолема. Дојде до невидени брашоубисшвени војни, невидени доѿоѓаш во Европа, по Вшораша свешска војна – Босна, Вуковар, Косово. Трисша илјади мрши, милиони без ѿокрив...

Имаше премноѓу исшорија да совлада секој човек, секое семејсшво, секој народ. На ѓраниците шеѿаа сшариѿе сенишша на делбиѿе. Мајкаша сè ѿочесшо ѿрашуваше дали ќе има војна. Го немаше нејзиниош сопруѓ да ја ѿеши оши војна ќе нема. И ѿака нејзиниош живоѿ се ближеше кон залезош. Нејзиниѿе синови и ќеркаша се обидуваа да фаѿаш чекор со новиѿе времиња, новаша реалносш...

1997

И во земјаша на ѿомладиош брашш, Албанија, исѿоријаша ѿроѿашна ѿобрзо и ѿонеизвесно од коѓа било. Првин ѿанично беа оѿседнаши сѿранскиѿе амбасади од новиѿе емигранши, ѿа ѓраниците, морешо. Беѓањеѿо од земјаша ѓо обновуваше синдромош на жрѿвувањеѿо низ беѓсшво, во

кое беше сигурно пресметан ризикот на смртта. По „демократите“ на власт дојдоа „социјалистите“. Промената на власта ја следеше невидена ерупција, по измамата со пирамидалните штедилници, кога сиромасите станаа уште посиромаси, измамени, понижени. Се случуваше некогашна рурална Албанија, во времето на сталинизмот изолирана како во логор, да се одмаздува на урбана Албанија. Земјата како никогаш порано доживуваше невиден хаос. И тоа некако стивна, но продолжија револтот, анархијата, новото допирање на дното, до реалната катарза...

Синовите на помладиот брат во Албанија уште еднаш се најдоа пред историско искушение, пред нови надежи: да останат или да заминат. Децата на постариот син заминаа кон Америка, родителите останаа. Старата семејна фуга задоцнето го зафаќаше родот на помладиот брат. Мораше да се издржи, како и секогаш, на двете страни од границата, да се издржи во надежта.

1999

Продолжи косовската криза. Не успеа „аншлусот“ на српскиот диктатор Слободан Милошевиќ да ги истреби Албанците од Косово. Овој пат најболна граница во Европа, во светот стануваше косовско-македонската граница. Нејзиното минување на Албанците присилени на масовен егзодус, со крајна цел, преку некаков коридор, да се потиснат во Албанија, едновремено значеше и спас за близу четири стотини илјади души. Во големата трагедија беше покажана и голема

солидарност. По бомбардирањето на силите на НАТО на воени и други цели во Србија, дојде до повлекување на српските војски од Косово, но и на Албанците од Македонија во Косово...

Се очекуваа подобри денови за граѓаните во Република Македонија. Албанците овде учествуваа во законодавната, извршната и судската власт. Се наѕираше сестрано и сесрдно покажаната волја со еволуција на младата демократија да се дојде и до менување на клучните состојби на положбата на Албанците во доменот на образованието, застапеноста во клучните институции на системот да биде битно и квалитетно изменета. Колку и да беше силна волјата за брзи промени, тежеа старите рецидиви. Надеж постоеше мултиетничката реалност да прерасне во квалитет или да биде хендикеп во побрзото интегрирање во Европската заедница.

2000–2001

Конечно дојде до падот на последната диктатура на Балканот. Падна озлогласениот режим на Милошевиќ. Тој со своите најблиски соработници се најде пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг. Но остана косовската криза. И повторно старите сеништа на делбите се пренесоа на границите...

Република Македонија беше единствениот дел од поранешна Југославија која не беше зафатена од виелот на војната. Спасена од невините жртви, некои еуфорично Македонија ја нарекуваа

„оаза на мирот“, но не за долго. Избиот македонско-албанскиот судир, предизвика жртви на обете страни, но не се прошири во конфликт од поголеми размери, кој ќе предизвикаше поделба на територијата, разместување на народите врз етнички принцип, нови судири, какви што посакуваа некои од лидерите, во чие време избиот војната. Беше сигурно дека беше зададен прв најсериозен удар во историјата на македонско-албанското заедничко живеење, но надежта сепак не беше поразена...

Постариот син на помладиот дамна загинат татков брат во Албанија, беше видливо загрижен за судбината на своите собраќа во Македонија, по првите вести за војна. Тој брза по интернет да му се јави на сега најстариот жив син на својот чичко во Скопје:

„Не чекајте, да не биде доцна, како некогаш за мојот татко, кој не го послушал вашиот татко да заминеме навреме. Дојдете, мојот дом е и ваш дом... Да не биде доцна...“

*

* *

Ете, моја почитувана Елен Лејбовиц, тоа беше можниот круг на егзилот на моето балканско семејство во текот на повеќе од половина век. Но, се разбира, до враќање не дојде, не само што нема никогаш реално враќање од егзил, туку тешко и се сретнува повторно разделена судбина. Во моите записи неретко главниот јунак на сага-

та го решава балканскиот маѓепсан круг на егзилот, како Сизиф на својот пат на враќањето со каменот!

Сакав, со текстот што ви го испратив, на еден друг начин да ви проговорам за албанско-македонскиот судир за кој често овие денови, месеци, година добивате најчесто информации од вашите западни медиуми. Ја чувствувам вашата грижа за моето семејство, за моето пишување. Ви останувам бескрајно благодарен и вечен должник за вашата грижа во овие тешки времиња...

Ваш Луан Старова

XXXIII

Имав впечаток од дискретните, но и директните реакции на Елен Лејбовиц дека „ја заведувам“ во мојот „балкански лавиринт“. Таа остануваше мојот единствен, тотален читател, на моменти како да пишував само за неа, за нејзиното мислење. Напати како да претерував со мојата претерана куртоазија, заблагодарување, што можеше да се толкува и како „учтива агресивност“.

Таа не престануваше да ме опоменува да не очекувам премногу од нејзиното читање и мислење. Но јас продолжував да го дополнувам мозаикот од настани и мислења, со кои сакав и натаму да го заслужам читателското внимание на Елен Лејбовиц, мислејќи дека ја дополнувам и ја проширувам мојата балканска сага, претчувствувајќи дека таа нема да стигне да ги прочита сите мои книги...

24 јуни 2001 г.

Господине,

Вашите изрази на благодарност ме збунуваат. За што ми благодарите? Јас не сум во состојба да наредам освен неколку зборови на парче хартија; и што е најстрашно, ова е чувство на немоќ што ме обзема, зајакнато од срам што живеам во спокој додека само малку подалеку царуваат ужас и разочарување.

Чекорејќи по една патека крај оградата на една блиска гора го читав текстот што сте го напишале за историјата на вашето семејство, а јас имав впечаток дека напредувам во еден тунел исполнет со мрак и крикови...

Во еден миг погледнав над страниците на книгата: сонцето го осветлуваше пејзажот и планините во далнината: тишината беше облагородена од пеењето на неколку птици и брмчењето на инсектите во високите тревки и цвеќињата во полето.

Контрастот помеѓу директната реалност опишана во страниците кои ги држев во моите раце и атмосферата во ова тивко осончано предвечерје беше толку силен што ме обзеде ненадејна вртоглавица, не можев да одредам во миготи каде се наоѓам, сè трепереше околу мене.

Еве значи како започна читањето на „синописот за драмата на едно албанско семејство“ што настојував потоа да го продолжам...

Елен Лејбовиц

24 juin 2001

Monsieur,

Vos remerciements ne font qu'ajouter à ma confusion. De quoi pouvez-vous bien me remercier? Je ne suis capable que d'aligner des mots sur une feuille de papier; et la chose le plus terrible est bien cet immense sentiment d'impuissance renforcé par un non moins grand sentiment de honte à vivre ici dans la tranquillité tandis qu'un peu plus loin règnent l'angoisse et la désolations.

C'est en marchant sur un chemin à la lisière d'une forêt que je lisais l'autre soir le texte que vous avez écrit sur l'histoire de votre famille, et j'avais l'impression d'avancer dans un tunnel rempli de ténèbres et de cris… A un moment, j'ai levé les yeux de dessous ces pages: le soleil teintait de rose le ciel et les montagnes au loin; le silence était à peine troublé par les chants de quelques oiseaux dans les arbres et de quelques insectes dans les hautes herbes et les fleurs de la prairie. Le contraste entre la réalité décrite dans ces pages que je tenais à la main et l'atmosphère de cette paisible soirée ensoleillée a été si violent qu'un soudain vertige m'a saisie, je ne savais plus où j'étais, tout vacillait.

Voilà comment je commençai la lecture de ce "synopsis sur le drame d'une famille albanaise", que je m'efforçais évidemment de reprendre.

Hélène Lejbowicz

25 јуни 2005 г.

Господине,

Го прекинав за неколку минути моето „читање во движење“ на патот за да ви кажам дека ја добив целосно по е-мајл вашата книга ***Балкански клуч****.*

Ви ја изразувам мојата благодарност.

Е. Л.

Ce 25 juin 2001

Monsieur,

J'interromps quelques minutes ma lecture ambulatoire sur le chemin pour vous dire que j'ai bien reçu tout à l'heure la totalité de votre livre.

Avec mes remerciements.

H. L.

5 јули 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Дозволете уште една дигресија во нашата преписка, или одговор на вашите претходни писма. Едвард Сапир вели дека описканокот се должи на феномените на поврзувањето, додека изолацијата е погубна за него. Врз оваа вистина и почива суштината на описканокот на човештвото на нашата планета Земја. Еден од големите македонски

писатели, драмскиот автор Горан Стефановски во една беседа истакнува дека сите живи суштества се раѓаат со инстинктот на преживувањето. Пајаците, за да преживеат имаат совршен вроден инстинкт за ткаење мрежи. Луѓето, за да преживеат, имаат совршен вроден инстинкт за ткаење приказни – за тоа кои се, што се, од каде доаѓаат и каде одат. За нас, заклучува овој автор, нема ништо поважно од овие приказни, тие се срж на нашиот живот...

Кога се најдов пред една година во Сараево и во Мостар, од каде што ви испратив неколку разгледници, и ви ветував дека еден ден ќе ви пишувам поопширно, каде што доживеав силни сведочења за пишувањето, по цена на смртна опасност. Но најсилни сведоштва дознав претходно во Париз од големиот поет и маченик на сараевската трагика, Изет Сарајлиќ. Тој го победуваше злото со убавината во најтрагичните денови.

Изет Сарајлиќ беше амблемска присутност на еден голем меѓународен поетски собир кој се одржуваше четириесетина години во градчето Струга, за кое веќе ви пишував. Беше еден од големите поети на нашето време, поезијата беше неговото говорење, неговиот живот, постојана радост и свеченост.

Со Изет Сарајлиќ по Струга, се видов во Париз пролетта 1999 година. Беше во апотеозата на својата европска поетска слава. Со него во Париз во галеријата Лис, на островот на Сена Сен Луј, која беше средиште на интелектуалци,

писатели, сликари од просторите на поранешна Југославија, дојде мојот пријател и колега, тогаш амбасадор на Република Босна и Херцеговина, професорот по француска книжевност, Никола Ковач, кој стана познат по својата храбра и брилијантна дипломатска мисија во Франција. Средбата со Изет Сарајлиќ беше срдечна, незаборавна. Македонија и пријателите од Струга ги имаше во срцето, во тоа големо и напатено срце. Неговата исповед во мирната париска ноќ, на островот Сен-Луј, беше тажна, но незаборавна:

„Која беше улогата на поетот во војната? Да пишува песни? Тие години на војната во Сараево беа најсреќните во мојот живот. Истото го мислев и кога бев ранет во третото бомбардирање на мојот дом. Тоа беше така затоа што имав чувство дека сум таму каде што требаше да бидам, во идеалниот момент и мојот живот беше таков каков што требаше да биде. Се вели дека музите молчат кога зборува оружјето. Тоа не е вистина: во големата несреќа силно се чувствува потребата да се напише песна која е навистина неопходна, песна вистина. Потреба можеби заборавена последниве години, кога се уморивме од пишување поради пишување!“

Така зборуваше големиот Изет Сарајлиќ во незаборавната париска ноќ во галеријата Лис. Тука разбравме и за други поетски прикаски, како онаа на поетот Озрен Кебо, кој во бомбардираниот дом, го очекуваше смртниот удар во својата библиотека. Во тие мигови повеќе во смртта отколку во животот, поетот Озрен си постави

за императив да ги дочита достоѓаш непрочитаните книги небаре чувствувајќи некаков трансцендентен порив пред да биде убиен да мине низ чистилиштето на читањето, но читањето или самата судбина му го поштедија животот...

Почитувана госпоѓо Лејбовиц, Балканот излегува од своето варварство по патот на светлината на книгата...

Со почит Луан Старова

XXXIV

Пишувајќи за оние кои повеќе не се со нас, имав чувство дека го подолжувам животот со нив. Можеби и затоа пишував. Не престанував да пишувам.

И кога Елен Лејбовиц влезе во светот на моето пишување, јас добив нов мотив да го продолжам пишувањето, имајќи ја не само за голем читател, туку и за човек кој по многу обележја кои ги покажуваше во текот на допишувањето се доближуваше до судбината на моето семејство.

Елен Лејбовиц не престануваше да ми кажува дека моето пишување било само можност да се пренесе во светот на моето семејство, во животот на неговите протагонисти, особено во светот на татко ми и мајка ми.

Остана до крајот енигмата зошто ми пишуваше Елен Лејбовиц?

Настојував во своите писма со сета моќ да го задржам нејзиното внимание на теми со кои претпоставував дека ќе ја имам подолго време во пре-

писката. Но најчесто како да го постигнував спротивниот ефект. Честопати таа и не ги коментираше моите долги писма, остануваше верна на некоја подробност од книгите на која јас и не обрнував посебно внимание. Согорував во напорот да ги допишам, објавам, преведам и другите книги од балканската сага, само за да го задржам што повеќе вниманието на Елен Лејбовиц во мојот балкански свет, да биде што подолго во мојот живот. Подоцна кога ги читав нејзините писма, а неа ја немаше повеќе, имав впечаток дека таа сè уште беше во писмата што ми ги остави. И можеби затоа и ја пишувам оваа книга, продолжувајќи да ја барам...

Беше време кога Македонија, делот на Балканот во кој живеев, се обидуваше да го направи својот пресуден, историски исчекор кон Европа. Елен Лејбовиц со силно внимание и концентрација продолжуваше да ги следи настаните во Македонија, во регионот, поставувајќи си го клучното прашање зошто семејството како што јас го претставував во мојата сага не можеше да ја наложи парадигмата на разбирањето, на толеранцијата, соживотот, верувањето во книгата, со кое го спасуваше животот и во многу потешки времиња.

Имав впечаток дека во тие времиња трпеливата Елен Лејбовиц сакаше самата да биде најверниот човечки мост помеѓу Балканот, каков што го доживуваше во моите книги и Европа, каква што ја живееше. Во нашата преписка се случуваше чудесната судба на припадници на два различни света, со една заедничка ментална татковина, татковиот живот...

9 јули 2001 г.

Господине,

Да речеме дека јас ги читав вашите новели на начин кога се минува со воз низ големи пространства. Наскоро повторно ќе ја читам книгата, многу пополека, но би сакала и во оваа пригода да ви кажам неколку зборови по брзото читање.

Доколку ми се наметнува спонтано сликата на изминати предели, тоа се должи несомнено на опсесивното присуство на зборот граница во вашите текстови. Одвреме-навреме, јас повторно ја гледам кафеаната во која вашиот татко ги црта за две злонамерни и пакосни индивидуи границите на илирската, македонската, римската, византиската и отоманската империја. О колку фантазмагоричен спектакл на сите овие змијулести контури правејќи затвореници на толку човечки судбини, понекогаш чудесни, но најчесто трагични, во текот на пластењето една врз друга во една мрачна балканска кафеана!

Овие империи и нивните граници по чии траги се вдал вашиот татко во постарите или поновите дела, се добива впечатокот дека токму вие се обидувате да ги откриете во меандрите на неговиот ум. Тоа е еден неверојатен, во исто време, ментален и физички лавиринт кој сега вие им го претставувате на вашите читатели, а најнеупатената читателка каква што сум јас во однос на вашата историја, излегува од вашиот текст со

впечаток дека минала низ големата оптегната пајакова мрежа во главата.

Но верувајте, оваа слика не содржи ништо пејоративно во себе, сликите на пајажина се прекрасни уметнички дела, со извонредно комплексна конструкција, кои задржуваат во нивните конци искри на сончева роса. По еден неочекуван пат овие записи за границите ме водат кон помислата за Шагал со разбирање и пријателство. Нека биде речено во два збора, оти не вреди да се кажува повеќе, јас не се чувствувам блиска со делото на Шагал, од причини што ми е тотално непознато, како и неговите слики. Дури би се осмелила да речам дека овој начин на сликање не ми се допаѓа. Жалам за тоа, би сакала да ми е близок, но тоа е невозможно. Но во секој случај, различните опсервации што ги имате за делото на Шагал, вклучувајќи тука и една разгледница со негов цртеж што ми ја испративте, ме обврзуваат на некој начин да ми биде близок.

*Во **Атеистичкиот музеј** вие пишувате за оној мал воз кој, на излегување од Албанија, ви дава впечаток дека го пренесува семејството до облаците, како во подоцна видена слика на Шагал. Но иако и ова не придонесува повеќе да ја сакам оваа слика, таа барем ме води до тоа, да го разберам она што сакате да го изразите кога правите алузија на неа.*

За тој што се чувствува во опасност во една земја, не е доволно да се реши да отпатува, зашто опасноста може да се појави и на другото место. Тогаш, дури и ако спасот е во бегството, во кој

предел е најдобро да се патува? На север, или на југ, на запад или на исток? Ниедна од овие насоки не е реално сигурна. Останува можеби само една насока: угоре, кон небото, ова небо кое би можеле да го сугерираат сликите на Шагал. Но ова небо, се разбира, не е воздушен простор кој е, исто така и тој, утврден според еден стриктен ред.

Ова небо, оваа евазија кон височините, во едно пространство без граници, тоа е светот во кој вие сепак продолжувате да го барате одговорот на прашањето што сте ѝ го поставиле на вашата мајка како дете. Дали постои душата? Но за да се вратиме на актуелните настани, се надевам дека еден ден нема да има граници во Македонија, граница помеѓу Македонците и Албанците...

Елен Лејбовиц

Ce 9 juiller 2001

Monsieur,

Disons que j'ai lu vos nouvelles à la manière dont on traverse en chemin de fer de vastes territoires. J'en ferai bientôt une autre lecture, beaucoup plus lentement, mais d'ici là je voudrais vous dire quelques mots sur ce qu'il me reste de ce rapide parcours.

S'il me vient spontanément l'image de territoires traversés, c'est sans doute à cause de la présence obsédante du mot frontière dans vos textes. De temps à autre, je revois cette table de café où votre père trace

pour deux individus malveillants et malfaisants ce que furent les frontières des empires illyrien, macédonien, romain. Quel spectacle fantasmagorique que tous ces contours sinueux retenant prisonnières tant d'aventures humaines, quelquefois magnifiques mais le plus souvent tragiques, en train de s'entasser les uns après les autres sur une vulgaire table de café!

Ces empires et leurs frontières dont votre père avait recherché les traces dans des ouvrages anciens ou plus récents, on a l'impression que vous, c'est plutôt dans les méandres de son cerveau que vous avez essayé de les retrouver. C'est donc un incroyable labyrinthe à la fois physique et mental que vous présentez maintenant à vos lecteurs; et la lectrice, ignorante de la plus grande partie de cette histoire que je suis, sort de vos textes avec l'impression d'avoir de vastes toiles d'araignée tendues dans la tête. Mais croyez bien que cette image n'a rien de péjoratif, les toiles d'araignées étant souvent de splendides œuvres d'art, à la construction extraordinairement complexe, qui retiennent dans leurs fils des gouttes de rosée étincelant au soleil.

Par un cheminement inattendu ces considérations sur les frontières m'amènent aussi à penser à Chagall avec un peu plus d'amitié. Soit dit en deux mots, car il ne vaut pas la peine d'en dire plus, je me sens, pour des raisons que j'ignore, totalement étrangère à cette peinture. Si j'osais, j'avouerais même que cette façon de peindre m'exaspère. Je le regrette, je préférerais l'aimer, mais c'est impossible. Toutefois, les différentes mentions que vous avez faites de ces tableaux, y compris dans une carte que vous m'avez écrite, m'ont au moins obligée à me familiariser davantage avec lui.

Dans "Le musée de l'athéisme" vous parlez de ce petit train qui, au sortir de l'Albanie, vous donnait l'impression de transporter la famille jusqu'au ciel, un de ces ciels entrevus plus tard dans un tableau de Chagall. Et si cela ne me fait pas davantage aimer cette peinture, cela m'amène au moins à comprendre ce que vous voulez exprimer quand vous y faites allusion. Pour celui qui se sent en danger dans un pays, il ne suffit pas de décider de partir, car le danger peut se présenter aussi ailleurs. Alors, même si le salut réside dans la fuite, de quel site vaut-il mieux aller? Au nord, au sud, à l'est, à l'ouest? Aucune de ces directions peut-être n'est réellement sûre. Il n'en reste donc qu'une: vers le haut, vers le ciel, ce ciel que pourraient en effet suggérer les tableaux de Chagall. Mais ce ciel n'est évidemment pas l'espace aérien qui est, lui aussi, régi par une réglementation tellement stricte. Ce ciel, cette évasion vers les hauteurs, dans une étendue sans frontières, c'est le monde où même, là encore, vous avez cherché la réponse à la question posée à votre mère quand vous étiez enfant.

Et pour en revenir à l'actualité, j'espère qu'il n'y aura pas un jour, à l'intérieur da la Macédoine, une frontière entre les macédoniens et les albanais.

Hélène Lejbowicz

20 јули 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Метафората на лавиринтот е често присутна во мојата балканска сага. Вие со право ја

фиксираше сликата на татково во рано стемнатата балканска крчма, слика на една од можните варијанти на балканскиот лавиринт, кога притеснет од полициско денунцијантската стапица, со сета инстинктивна моќ од борбата за преживување, ги мобилизира сите сили за да најде спас, излез од провокацијата да сведочи за границите на Балканот. Со својата моќ да ги релативизира антагонизмите, тој тоа го чини и со границите, неговите провокатори остануваат обезоружени.

Според аналитичката психологија со лавиринтот се означува психолошкото и духовното патување кое човек го презема во самиот себе, минувајќи низ семожни искушенија за да ја открие во празнината својата полнота. Татково беше свесен дека човечкиот дух е лавиринт сам по себе во кој човек лесно може да се загуби, но останува секогаш надежта на светлината по која вечно се трага.

И затоа татково во сагата се вдаде во градењето на својата среќна вавилонска библиотека на Балканот. Тој во составувањето на својата библиотека, која во годините на егзилот стануваше и подвижна, секогаш редуцирана и обновувана, беше распнат помеѓу Сервантесовиот Дон Кихот и Борхес, помеѓу Ла Манча и Вавилон.

*Дон Кихот **излегува** од своите книги, од својата библиотека, верувајќи оти ја открил вистината во своите книги, го открил излезот од лавиринтот, за разлика од Борхес кој триста и педесет години подоцна ни ја раскажува, според Умберто Еко, историјата на една библиотека од која **не се излегува**, каде што потрагата по*

вистинскиот збор е бескрајна и безнадежна. Дон Кихот живее со ветувањата на својата библиотека, сакал да верува дека универзумот е според сликата на неговата библиотека, додека Борхес ја гледа библиотеката како самиот универзум и со тоа станува јасно зошто тој не сака да излезе од неа, свесен дека самиот свет е лавиринт.

Во таткovата библиотека имаше повеќе книги за градбата, смислата и историјата на лавиринтите. Во еден период внесен во пишувањето на својот проект на животот ***Историјата на Балканот низ падовите на империите*** *(****Римската, Византиската и Отоманската****), дојде до идеја да им посвети едно цело поглавје на лавиринтите. Тргнувајќи од мислата на Жил Мишле дека „среќните народи немаат историја“, тој несреќата на Балканците ја гледаше во пресилните налети на историјата. Во својот вовед на Книгата, пишуваше дека кога една цивилизација започнува да се прашува за смислата на Историјата (со големо И), тоа значи дека се ближи нејзиниот пад. Според неговото читање на историјата така беше се случило на Балканот со падот на Римската Империја кон крајот на II век, со Византиската, со Отоманската, таков крај ќе навестуваше и на советската империја.*

Падовите се случувале секогаш кога империјата немаше моќ да се справи со прокламираната идеја на прогресот, односно не можеше да ја постигне ветената полнота. И сите империи пред своите падови и исчезнувања ги нагласуваа своите огромни придонеси за прогресот, среќата

на луѓето, епохалните градби. Сите веруваа во прогресот на првата линија. Дури и Декарт во своите Медитации ќе тврди, во една анегдотска метафора дека човек кој се загубил во една гора треба да прифати една права линија во движењето за да го пронајде излезот. Тој трагаше по бројни докази кои лесно ги наоѓаа и во Европа, и на Балканот дека историјата ниту напредува, ниту назадува.

За да ја изрази трауматa на верувањето во напредокот и реалноста на падот, тато тогаш ја прифати споредбата со лавиринтот, односно неговата метафора: патникот во лавиринтот напредува кога мисли дека назадува, а тој се губи кога верува дека е на самиот излез.

Татко ова особено силно го чувствуваше на Балканот и го разбираше како вистинска филозофија: во лавиринтот назадувањето можеше да биде напредување, а губењето во него начин да се осознае вистината, да се патува кон целта. Тој беше свесен дека во светот во кој живееше, а кој беше неверојатно комплексен, меѓузависен, парадоксален, само човекот кој ќе се секава на своите грешки, кој нема да ја избрише меморијата на своите варварства, ќе има шанси да не се загуби во лавиринтот.

Настојуваше овие идеи да ги осветли на примерот на своето балканско семејство. Но тој никогаш не стигна да ја напише својата ***Историја на Балканот низ падовите на империите.*** *Тој не можеше да најде рационална рамка за своите идеи, да ги скрои во неговиот проект. Така беше*

и со идејата за лавиринтот, јаничарите, козите, јагулите...

Јас овие идеи ги наследив, можеби и на некој начин изневерив во нивното оживување и во потрагата по бурното татково време. Можеби во новелата ***Балканската стапица****, која ви прави посебен впечаток, се обидов да најдам некаков можен излез од времето кога татко ми проверуваше една епизода за смислата и бесмислата на границите во мрачната балканска кафеана.*

Само толку како надополнување на веќе напишаното, кое ми се враќа од вашето читање како силен одраз на светлина...

Ваш Луан Старова

XXXV

Има луѓе кои читаат, без да го надминат стадиумот на читањето, да останат приковани на страницата без да го изведат во живот прочитаното. Овие читатели како да не разбираат дека зборовите се како камења покрај реката и во реката за полесно таа да се премине и да се дојде до другиот брег. Но за Елен Лејбовиц читањето беше еден вид свеченост на интелектот и радост на срцето. Читањето ѝ беше излегување и враќање во животот. Тоа силно го чувствував и кога ми ги пишуваше кратките писма, како реакција на прочитаното.

Имав чувство дека нашата судбина на Балканот најмногу ја интересираше од аспект на можната слика која ја добиваше од моите прочитани книги,

кои стануваа еден вид топоси во кои таа ја вселуваше својата имагинација. И секогаш нејзините лапидарни реакции на настаните во Македонија се пренесуваа со некаков заклучок или филозофска сентенца во духот на судбината на моето натамошно пишување. Нејзината мисла за водите на Вардар кои таткото ги гледаше од отворениот прозорец на чардакот како продолжуваат да течат кон морето заедно со моите мисли, за мене беше силен поттик да ѝ говорам за уште една глобална метафора која излегуваше од татковата библиотека и завршуваше во следниот роман од сагата *Патот на јагулите*, што се надевав дека еден ден таа ќе го прочита...

30 јули 2001

Господине,

Охрид, ова убаво име одекнуваше за време на викендот на телевизиските канали и радио станиците. Се мисли дека мирот кој треба да произлезе од ова место треба да придонесе протагонистите во судирот да го побараат патот кон него и меѓусебното разбирање, но дали тоа ќе стигне и до главите на тврдокорните припадници на У.Ч.К.?

За да ги поддржам миротворците во моите мисли јас поставив пред мојот работен стол корица на една книга со чудесна репродукција на видикот на Охридското Езеро од Манастирот Свети Канео. Врз еден каменен рид, во зеленило, се извишува црквата пред блескавото езеро и во езерото се гледа мал чун со еден човек, бездруго рибар.

И си велам дека манастирот што го опишувате во вашите новели од кои една го носи тој наслов личи на другата црква која доминира над езерото.

Елен Лејбовиц

Ce 30 juillet 2001

Monsieur,

Ohrid. Ce beau nom a souvent résonné durant le week-end sur les chaînes de radio et de télévision. On peut penser que la paix qui doit émaner de ce lieu contribue à inspirer les participants aux différentes réunions, mais ira-t-elle jusqu'à atteindre la tête et les cuirs des militants de l'U.C.K.?

Pour donner un support à mes pensée, j'ai placé devant ma table de travail la couverture d'un promontoire d'un livre reproduisant une magnifique vue de l'Église Saint Jean Kanéo. Sur un promontoire rocheux, entouré de verdure, se dresse l'église devant l'immensité du lac et sur le lac une petite embaraction avec un homme à bord, un pêcheur sans doute. Et je me dis que le monastère que vous décrivez dans une de vos nouvelles qui porte ce titre ressemble peut-être à cette église d'Ohrid dominant le lac.

Hélène Lejbowicz

14 август 2001 г.

Господине,

Ми пишувавте дека на 14 август ќе ја напуштиме Струга на пат за Скопје.

Овој мал збор е само да ви посакам вам и на блиските што ве придружуваат среќен пат. Охридскиот мировен договор најпосле беше потпишан, но јас претпоставувам дека минувањето низ земјата ќе ви понуди материја за размислување за постојните противречности. А јас би сакала да мислам дека вие сте можеле да донесете во Скопје – каде што имаше како што беше јавено многу немири – нешто од спокојот и мирот на двата брега од езерото...

И водите на Вардар кои вашиот татко ги гледаше од отворениот прозорец на чардакот продолжуваат да течат кон морето, бездруго и вашите мисли течат заедно...

Елен Лејбовиц

Ce 14 août 2001

Monsieur,

C'est le 14 août, m'aviez-vous écrit, que vous quitteriez Struga.

Alors, ce petit mot seulement pour vous saluer – ainsi que ceux qui vous accompagnent – à votre retour de voyage. Les accords de paix ont donc finalement été signés, mais je suppose que la traversée du pays vous aura donné matière à réflexions possiblement contradictoires mettre un point. Et j'aimerais penser que vous avez pu rapporter à Skopje – où il y avait ces derniers jours, dirait-on, beaucoup d'agitation – quelque chose de la paix des bords du lac.

Et les eaux du Vardar que votre père regardait par la baie de la galerie continuent à rouler vers la mer, tandis que vos pensées roulent peut-être aussi avec elles…

H. L.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Спомнувајќи ја реката Вардар, блиското море и течењето на татковите мисли, вие ме враќате уште еднаш во рајот на моето детство, таа притока во реката на времето на животот. Кога пролетта ја будеше реката и во неа се пренесуваше здивот на будењето на природата, на островчињата на реката долетуваа белите галеби од блиското море. Тие ги будеа спомените на мојата мајка од младоста помината во Солун, а кај мојот татко го предизвикуваа генот на заминувањето.

Убав ни беше животот крај реката. Моето семејство се всели во една куќа крај реката со надеж што побрзо да заминеме. Морето ни беше блиску, но реката беше пресечена со една од непреминливите граници на Балканот и во Европа. Во тој период, татковото во сагата се беше внел по мистериозниот пат на јагулите, кои по осмата година од престојот во езерото (женските) на есен преку реката Дрим, Јадранот и Атлантскиот Океан стигнуваа до Сарагаското Море. По оплодувањето женските јагули се враќаа по истиот пат по слатките води. Во времето на големата еуфорија на забрзаниот напредок, и по секоја цена,

кога зацарува советскиот комунизам, беше прекинат патот на јагулите, и во Македонија, и во Албанија (небаре пролетерска солидарност), со градба на пет хидроцентрали.

Татково во сагата, верувајќи во парадигмата дека постои рамнотежа помеѓу природните науки, законитостите и историјата, односно човековите „измислени“ науки, прекинувањето на патот на јагулите го гледаше од фаталната страна и очекуваше последиците да се одразат и во односите на луѓето, односно во завладувањето на сталинистичкиот тоталитаризам.

Сакаше, метафорично речено, да го следи патот на јагулите, патот на егзилот, стигнувањето на бреговите на Америка, со можност на враќање, на среќните потомци. Така животот крај реката ни беше транзитна дестинација во татковите замисли, но во стварноста тој ни стана конечен пристан. Ете такви спомени од детството, кои како да не завршуваат никогаш, ми разбудија вашите последни пораки...

Со почит Луан Старова

XXXVI

Имав реално чувство дека со четвртата книга од мојата семејна хроника *Балкански ключ* го задржував вниманието, епистоларното пријателство со мојата читателка и чувар на семејната меморија Елен Лејбовиц. Таа во страниците на новата книга,

која Патрик Крисман, како и секогаш убаво ја преведе на француски јазик, останувајќи верен на нејзиниот локален здив, откриваше како во ментална карта нови коти од семејниот егзил на Балканот.

Ја радуваше веста дека книгата ***Балкански клуч*** под наслов ***Брегот на егзилот*** наскоро ќе биде објавена во Франција во изданијата на l'Aube. Знаејќи со колкава голема радост ја примаше секоја вест во врска со продолжувањето на објавувањето на балканската сага на француски ѝ ја соопштив содржината на пораката на Едгар Морен која ми ја упати во тој период по читањето на книгата и спремноста да напише предговор за неа:

„Завршив со читањето на твојата убава книга, преполна со милосрдие, возбудлива, богата, неопходна за нашето разбирање. Го сакам начинот на кој навраќаш на целосно музикален начин на темите на Езерото, границата, градот крај реката, татковините книги, семејната грижа на мајката...

Дали постојат снимки на полифонатa тоскиска музика? Назначи ми ги нивните референци. Би сакал да ги слушам. Можеби албанската и корзиканската полифонија се слични.

Би требало да бидеш поексплицитен кога ја третираш темата на јаничарството, ова корнење, оваа конверзија според логиката на освојувачот, зашто во духот на татковото концептот не е проширен и разгранет?".

Така ми пишуваше Едгар Морен! Како и Елен Лејбовиц и тој запираше на темата на полифонистите...

31 август 2001 г.

Господине,

Ми се чини дека еднаш сум ви напишала дека вашето семејство и вашите книги ги чувствувам како втора ментална татковина која не престанува да ме придружува. Ова се остварува по сосем природен пат зашто катадневниот живот станува поосмислен кога се присутни во мојата меморија.

Пред некој ден бев кај мои пријатели кои ме поздравуваа прашувајќи ме дали би испила со нив чашка арак (ракија, з.м.). Шишето ракија го беа добиле од пријатели во Либан. Јас реков дека не знам што е тоа, но радо би пробала... Додека пиев си велев: „Арак... арак...“ овој збор ме потсетува на нешто. Каде сум го слушнала или прочитала? Но одговорот веднаш ми дојде. Но сепак не бев сигурна (малку се разбирам во алкохоли) и вракајќи се дома веднаш зедов да ја читам, и самата не знам по кој пат, новелата од ***Балканскиот клуч***, ***„Балканска стапица“****. Беше токму тоа што го мислев и сега ми беше познат вкусот на алкохолот кој го пиеше вашиот татко на чардакот во квечерината кога сонцето заоѓаше* тонејќи во водите на реката...“

Минатата недела слушав на радио една емисија за историјата на Корзика (мошне проблематична тема во Франција). Во непостојани интервали кажувањето беше прекинувано со исполнување традиционални песни: фамозните корзикански полифонии. И тоа веднаш ме внурна во чита-

ѣето на вашата новела „Полифонисти“. Всушност, денѓа кога ја читав новелата, оваа евокација на тоскискаѓа полифонија (признавам дека до тој ден таа ми беше тоѓално непознаѓа), ме наѓера да помислам дека, можеби, таа имаше нешто заедничко со корзиканскаѓа полифонија. Има во овие песни нешто што фасцинира: би се рекло дека самаѓа земја се подоѓвора за да пее со ѓласовиѓе кои се извиваат еден по друѓ од пропусѓиѓе на суваѓа почва, распуканиѓе карпи, од суводолициѓе и кои се среѓнуваат за да завршат во чудесна хармонија. Ова е еден од вашиѓе текѓови кои ме трогна на посебен начин.

И поѓоа вчера, кога оѓворав една ѓеѓраѓка, падна едно парче харѓија: ѓоа беше презенѓацијаѓа на една ѓелевизиска емисија што јас ја бев исекла од списаниеѓо Телерама. Оваа емисија, со даѓа од пред шест месеци, беше еден документарец за некој си Мумес Драми, албански скулпѓор, официјален умеѓник под дикѓаѓураѓа на Енвер Хоџа, кој се преѓсѓавуваше како „екс-скулпѓор на народоѓ“ и зборуваше со носѓалѓија за својаѓа минаѓа слава, што за мене беше изненадувачко!

Заѓоа, кога минаѓиоѓ јуни ја читав вашата новела „Глава“ во мислиѓе посѓојано ја имав аѓмосфераѓа на документарецоѓ и се сеќавам за напориѓе што ѓи правев да не прескокнувам сѓраници и да видам како завршила оваа исѓорија. И какво среќно изненадување за читаѓелоѓ се зборовиѓе „прва наѓрада“. И зѓора на ѓоа, во една случајноси како што ѓоа обично бива, исѓиоѓ ден кога ја читав исѓоријаѓа за овој чудесен

уметник кој беше отиден дури во Париз за да ги види во Лувр делата на Леонардо да Винчи и Микеланџело јас го добив е-мајлот во кој вие ми пишувавте дека вашата ќерка Дита, сликарка, ќе патува во Париз. Таа бездруго ќе оди во Лувр...

Еве меѓу другите работи што сакав денес да ви ги кажам и да се уверам дека вие и вашето семејство сте добро.

Елен Лејбовиц

Овој петок, вечерва

Го добив вашиот е-мајл; „Ние сме сите заедно". Тоа значи дека Дита се вратила од Париз, а Јета од Чикаго. Со музиката и сликарството тие сигурно сакаат да бидат успешни во противставувањето на какофонијата на овој свет.

Се
31 août 2001

Monsieur,

Il me semble vous avoir une fois écrit que je sentais votre famille et vos livres comme un arrière-pays qui ne cesse de m'accompagner. Ce qui se fait tout naturellement car la vie quotidienne semble prendre plaisir à les rappeler a ma mémoire.

J'arrivais l'autre jour chez des amis qui me saluèrent en me demandant si je voulais boire un verre d'arak (ils venaient d'en recevoir une bouteille d'amis libanais). Je répondis que je ne savais pas ce que

c'était mais que je goûterais volontiers… Tandis que je buvais je me disais: "Arak… arak… ce mot me rappelle quelque chose. Où ai-je bien pu le voir?" Et puis très vite la réponse est venue. Mais je n'étais pas très sûre (ma connaissance en matière d'alcools est plutôt limitée!) et en rentrant chez moi je me précipitai sur la nouvelle de ***La clef balkanique*** *intitulée* ***Le piège balkanique.*** *C'était bien ça, et maintenant donc je connais le goût de cet alcool que buvait votre père "dans la galerie haute à la tombée du soir au moment où le soleil couchant se fondait dans les eaux du fleuve…"*

La semaine dernière j'entendais à la radio une émission sur l'histoire de la Corse (sujet ô combien problématique en France!). A intervalles plus ou moins réguliers l'exposé était entrecoupé par des chants traditionnels : cette fameuse polyphonie corse. Et cela m'a immédiatement replongée dans la nouvelle ***Les polyphonistes.*** *En effet, le jour où je l'avais lue, cette évocation des polyphonies tosques (j'avoue que jusque-là leur existence m'était totalement inconnue) m'avait fait penser que, peut-être, elles avaient quelque chose de fascinant: on dirait que c'est la terre elle-même qui s'est entrouverte pour chanter avec des voix qui s'élèvent les unes après les autres de l'âpreté du sol aride des rochers escarpés, du lit asséché des torrents, et qui finissent par se rencontrer dans une merveilleuse harmonie. Vous dirai-je que c'est un de vos textes qui m'a le plus particulièrement touchée?*

Et puis hier, lorsque j'ai ouvert un certain cahier, il en est tombé un morceau de papier: c'était la présentation d'une émission de télévision que j'avais découpée dans le journal ***Télérama.*** *Cette émission, datant*

de six moins environ, était un documentaire sur un certain Mûmes Khrami sculpteur albanais, artiste officiel sous la dictature d'Enver Hoxha, qui s'affichait comme "ex-sculpteur du peuple" et parlait avec nostalgie de sa glorieuse carrière passée; c'était consternant! Aussi, lorsque j'avais lu en juin dernier votre nouvelle intitulée ***La tête*** *j'avais continuellement en arrière fond l'atmosphère de ce documentaire et je me souviens des efforts que j'avais dû faire pour ne pas sauter des pages et voir tout de suite comment cette histoire finissait et quelle heureuse surprise à la lecture des derniers mots "premier prix"! De plus, par un de ces hasards comme il en arrive quelquefois, le jour même où je lisais l'histoire de ce magnifique artiste qui était allé jusqu'à Paris pour voir au Louvre les œuvres de Léonard de Vinci et de Michel-Ange j'avais reçu l'e-mail où vous me disiez que votre fille Dita, peintre, allait partir à Paris pour un mois. Elle aussi, sans doute, irait au Louvre…*

Voilà ce qu'entre bien d'autres choses je voulais vous dire aujourd'hui, et aussi que j'essaie de me persuader que vous et votre famille allez bien.

Hélène Leibowitz

Ce vendredi soir

Je viens de recevoir votre e-mail.

Vous me dites: "Nous sommes tout réunis". Ce qui signifie, je suppose, que Dita est rentrée de Paris et Jeta de Chicago. Avec la musique et la peinture elles-aussi doivent être pour vous des remparts contre la cacophonie et la décomposition d'un monde.

1 септември 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Во патувањето, тргнувањето е извесно, но стигнувањето е неизвесно. Полифоното пеење кај Албанците, како и кај другите медитерански народи (Корзиканците, Грците, јужните Италијанци, Сардите и Сицилијанците, Шпанците, во прв ред Баските и други), претставува чудесно пеење, повици помеѓу вкоренетоста и егзилот, помеѓу најчесто островската изолација и евазијата. Во музиката под полифонија се подразбира комбинирање на повеќе независни гласови кои се поврзуваат според законите на хармонијата. Но во една антрополошко-егзистенцијална перспектива полифонијата може да се смета и за една од битните компоненти на идентитетот на еден народ, племе, семејство...

Јас полифоното пеење го открив во моето семејство во егзил. Се пееше во различни приговори. Во семејството најчесто царуваше смирувачката тишина. Но понекогаш, особено кога сиромаштијата ќе затропаше најсилно на портите на нашата куќа и кога мајка ми повеќе немаше брашно да го замеси лебот на нашето преживување, се слушаше полифонатa песна. Ќе ја започнеше татко, ќе ја продолжеше најстариот брат, па вториот, третиот. Мислата за гладта, како да беше совладана, надежта дека другиот ден ќе донесе леб беше силна.

Се случуваше во куќата да дојде емигрант од зад границата. Со него одекнуваше повторо поли-

фонатa песнa. Таа беше еден вид семејна химна. Во песнатa се криеја легенди, соништа на предци, инстинктивно верување во животот, во вистинскиот допир со него.

Постои поврзаност помеѓу корзиканскатa и албанскатa полифонa музикa. Се вели дека Медитераноt е заедничкa татковинa на човештвото. Полифонатa музикa е негација на границите помеѓу народите во татковинатa живот. Во право сте кога велите дека полифонатa песнa во својата полнота се чини како да извира од пукнатините на земјата, од нејзините длабини.

Корзиканците, изолирани во нивнатa островскa земја со полифоните звуци им довикуваат на другите на брегот на континентот. И не случајно еден од нивните најпознати полифониски вокални состави се вика Terra ki kanta... (Земјата која пее...).

Кога почина татко, повеќе никогаш не одекнуваа во нашата стара куќа крај реката полифоните звуци. Имаше обид постарите браќа да ја започнат полифонатa песнa, но без татковиот глас, таа брзо се губеше, се пригушуваше во солзите на пејачите. Со раслојувањето на семејството исчезнуваше конечно и полифонатa песнa. Преовладуваа силни, дисхармонични надворешни звуци на едно друго, хаотично време. Јас ги наследив во себе полифоните звуци на семејнатa песнa, но за нејзиното верно исполнување, засекогаш ми недостигаше првиот, вториот глас, до кои никогаш не можев да стигнам.

И кога ја слушав во Албанија јужнатa тоскискa полифонa песнa по падот на сталинизмот, ја

видов и неа ослободена од натрапничките повици и слогани на режимот, кој сакаше да ја запоседне нејзината моќ во ширењето на своите идеолошки догми.

Минувајќи ја границата на Албанија, јас во роднатa земја не ја најдов ниту старата куќа во која бев роден, ниту гробовите на моите предци, ја слушав само некаде далеку полифонатa песна, во која го препознавав гласот на мојот татко, на моите починати браќа.

Можеби тоа беше химнатa на нашето враќање од егзил.

Ваш Луан Старова

XXXVII

Елен Лејбовиц како да стана заложник на моите книги. Таа со својата грижа, длабока чувствителност и разум ја прифати суштината на стратегијата на главниот лик од балканската сага, таткото, како да се најде спасоносен излез од балканскиот лавиринт. Колку што се работеше за спасување на едно семејство во балканските ветроштини, толку се работеше и за спасување на самиот Балкан, како меморија на европската цивилизација. Таа ги поврзуваше трагичните настани во Њујорк од 11 септември со евентуалните последици врз геополитичката рамнотежа во светот, но и посебно на Балканот, плашејќи се да не дојде до христијанско-муслимански судир, со последици врз целата планета. Беше загрижена за иднината на светот. За неа

животот насекаде на планетата Земја стануваше опасна авантура. Го поставуваше прашањето: што да се прави? Загрижена и за мојата иднина на Балканот повикуваше да истрајам во пишувањето, во потрагата и откривањето на квинтесенцијата на збиднатото за да се осуетат лошите страни на незбиднатото. Веруваше дека Европа може да ја спаси својата суштина на Балканот...

10 септември 2001 г.

Господине,

Во месец јуни вие ми напишавте дека живеете недалеку од македонскиот Парламент и кога има бурни настани околу него, вие ја слушате вревата од вашиот дом.

После ова, јас ви го испратив по факс планот на Скопје кој се наоѓа на мојата патна карта на Балканот и ви барав да ми ги означите местата на која страна живеете. Не добивајќи досега одговор (можеби тој факс не стигнал до вас), јас си дозволувам повторно да ви го поставам истото прашање, но задоволна дека ситуацијата се смирува во Македонија. Ми се случува често да помислам дека ***Сатенската обувка*** *на Клодел може да има за поднаслов „најлошото не е секогаш извесно“.*

Да се надеваме...

Е. Л.

Ce 10 IX 2001

Monsieur,

Au mois de juin dernier vous m'aviez écrit que vous habitez près du Parlement macédonien et que lorsqu'il y avait certaines manifestations violentes vous les entendiez depuis chez vous.

A la suite de cela, je vous avais faxé le plan de Skopje qui se trouve sur ma carte routière des Balkans en vous demandant de m'indiquer de quel côté vous habitez. Comme je n'ai pas reçu la réponse (peut-être ce fax ne vous était-il pas parvenu…) je me permets de vous reposer la question, … tout en me réjouissant de cette période d'accalmie qui semble maintenant s'ouvrir pour la Macédoine. Il m'arrive souvent de penser que "Le soulier de satin" de Claudel a pour sous-titre "Le pire n'est pas toujours sûr"!...

Espérons…

H. L.

12 септември 2001 г.

Господине,

Се разбира, американската трагедија повеќе денови преовладува во сите информации низ медиумите во светот. Уште еднаш се чувствувам наполно некомпетентна за да имам јасна идеја за положбата и силни аргументи за да зборувам. Меѓутоа, како човек да не си го постави прашањето, барем индиректно, за тоа дали наста-

ните, со оглед на нивната природа, нема да имаат свои последици за Македонија влошувајќи ги односите помеѓу христијаните и муслиманите? Од друга страна, ако силите на НАТО треба да бидат засилено мобилизирани за да се поддржат, како што се вели, иницијативите на САД, дали не се ризикува Македонија да излезе од кругот на нивните стратегиски преокупации?

Кога во почетокот на годината во Македонија избувнаа немирите, ми се чини дека вие ја изразивте својата загриженост поради фактот што западните демократии имаат толку многу свои проблеми за решавање кои понекогаш се потешки од оние во земјите кои ги повикуваат на помош за решавање на сопствените проблеми. Зарем Балканот, како средиштето на европската цивилизација не заслужува посуштинско мобилизирање? Всушност, не мора да се биде упатен политиколог за да се почувствува колку се кревки мирот и просперитетот за кои ние даваме сосема подруга претстава во светот.

На крајот на краиштата, под различни состојби каде и да се наоѓаме на оваа земја, егзистенцијата станува рискантна авантура. Тогаш што преостанува да се прави? Тоа што вие го правите пишувајќи. Зашто од сите ваши искуства, дури и најмачните, вие научивте да извлекувате една квинтесенција. И таа е единствената вистинска храна за нашата душа која сама, несомнено, ќе ги надживее сите перипетии. Јас посакувам вие секогаш да наоѓате услови за да продолжите да пишувате.

Елен Лејбовиц

12 september 2001

Evidemment, la tragédie américaine monopolise depuis plusieurs jours tous les bulletins d'information. Une fois de plus je me sens tout à fait incompétente pour avoir une idée claire sur la situation et à plus forte raison pour en parler. Cependant, comment ne pas se demander si, même indirectement ces événements, vu leur nature, n'auront pas – des répercussions pour la Macédoine en aggravant les tensions entre musulmans et chrétiens. D'autre part, si les forces de l'OTAN doivent être aussi fortement mobilisées qu'on le dit pour soutenir les initiatives des Etats-Unis, la Macédoine ne risque-t-elle pas de sortir peu à peu de leurs préoccupations?

Lorsqu'au début de l'année les troubles ont éclaté en Macédoine, il me semble que je vous avais exprimé ma perplexité devant le fait que les démocraties occidentales qui ont tellement de difficultés pour résoudre leurs propres problèmes soient sollicitées pour résoudre ceux beaucoup plus difficiles, de quelques autres pays. En effet, il n'est pas nécessaire d'être un politologue avisé pour sentir combien sont fragiles cette paix et cette prospérité dans lesquelles nous donnons ici l'impression de vivre.

Finalement, sous des formes differentes, ou que nous nous trouvions sur cette terre, l'existence est une aventure risquée. Alors, que reste-t-il a faire? Ce que vous faites vous, justement, en écrivant. Car de toutes vos expériences mêmes les plus douloureuses, et parce qu'elles sont les plus douloureuses, vous avez appris à tirer une quintessence. Et cette quintessence est l'unique véritable nourriture pour notre âme qui seule, sans doute, survivra

à toutes nos péripéties. Alors, je souhaite que vous trouviez toujours les conditions pour continuer à écrire.

Hélène Lejbowitcz

14 септември 2001 г.

Господине,

Јас не сум уметник на мислата. Ако понекогаш ми се случува да имам разбирање за суштествата и состојбите, тоа не значи дека на секои пет или шест дена сум во состојба да ги формулирам моите размислувања на начин кој би бил достоен да бидат писмено комуницирани и јас не сакам да го повторувам, во некои блиски нијанси, она што веќе сум ви го рекла.

И бидејќи сум уште помалку уметник на информатиката, никогаш не сум допрела компјутер, немам дури ниту машина за пишување. За да ви ги испратам моите електронски пораки треба да замолам некого од семејството или пријател(к)и. Во други случаи јас ви испраќам факсови (се надевам дека читливо ви пишувам), а понекогаш чекам и вашите пораки да ми бидат доставени.

Тоа значи дека вашите книги, вашето семејство и Македонија ме придружуваат секој ден како еден вид втора ментална татковина. Со одличното познавање што сега го имам за географијата на Македонија, јас знам дека, за да се патува во Струга, треба првин да се мине низ автопатот Скопје–Тетово, област каде што имаше најмногу инциденти. Но сепак јас се наде-

вам дека вашиот летен одмор убаво го минавте, замислувајќи ве крај вашиот свет, Езерото...

Елен Лејбовиц

14 September 2001

Je ne suis pas une artiste de la pensée. S'il peut m'arriver d'avoir une certains compréhension des êtres et des situations ce n'est pas tous les cinq ou six jours que je suis capable de formuler des réflexions supprimer "d'une façon" qui vaillent la peine d'être communiquées par écrit et je ne vois pas l'intérêt de répéter, à quelques nuances près, ce que je vous ai déjà dit.

Et comme je suis encore moins une artiste de l'informatique, je n'ai jamais touché à un ordinateur, je ne tape même pas à la machine. Ainsi, pour vous envoyer des e-mails je dois attendre d'avoir sous la main quelqu'un de ma famille ou de mes ami(e)s. Sinon, je vous envoie des fax (en espérant que j'arrive à écrire assez lisiblement), et quelquefois je dois aussi attendre un peu avant que vos propres e-mails me soient remis.

Ceci dit, vos livres, votre famille et la Macédoine me sont tous les jours comme une sorte d'arrière-pays mental. Avec la meilleure connaissance que j'ai maintenant de la géographie de la Macédoine je sais que, pour aller à Struga, il y a d'abord l'autoroute Skopje-Tetovo, région où se produisent le plus grand nombre d'incidents. Mais j'espère méanmoins que votre repos estival s'est bien passé je vous imagine dans votre univers, au bord du lac, et j'ai plaisir à vous imaginer en contemplation devant le lac.

Hélène Lejbowitcz

18 септември 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Американската трагедија од 11 септември силно нè потресе, како и целата планета. Како да започна да се остварува кобното пророштво на Андре Малро дека XXI век ќе биде религиозен. Каков демант на Елијас Канети дека идните религии ќе бидат без жртви! Но најтрагично е што живееме во време на нова инструментализација на религиите! Загрозена е светоста која ги обединува луѓето...

Во вашето писмо од 12 септември поставувате прашање од далекосежно значење: Балканот како средиштето на европската цивилизација заслужува поголемо внимание, во одбраната на нејзината меморија.

*Татковото, централниот лик од мојата балканска сага, во воведните страници на својата незавршена **Историјата на Балканот, низ падовите на империите**, не можеше да се ослободи од своите панургични и химерични вознеси кога пишуваше за придонесите на Балканот за човештвото. Создаден надворешно географски да ги обединува Европа, Азија и Африка, Балканскиот Полуостров, внатрешно, парадоксално, ја имаше позицијата на изолиран лавиринт. Полуостровот од север е затворен, од сите други страни опкружен со мориња, а внатре испресечен со големи венци планини. Но и покрај сета изолација, Балканот беше смetан за катанец на светот (Catena Mundi), кој го поврзуваше, а не го разделуваше светот. Преку Балка-*

ноm се одвиваше гоlемаmа преселба на индо-европскиmе народи, овде беа означени гоlемиmе верски фракmури (делбиmе во хрисmијансmвоmо на православни и каmолици, па инсерцијаmа на исламоm), подемоm и падоm на гоlемиmе империи на Европа (илирскаmа, македонскаmа, римскаmа, византискаmа, авсmроунгарскаmа, оmоманскаmа, совеmскаmа).

Во Европа беа накалемени mемелиmе на анmичкаmа цивилизација, како нејзина обнова. Балканоm во расцуmоm на својаmа цивилизација пред европскаmа беше mаmковина на гоlемиmе умови какви шmо беа Сокраm, Плаmон, Ариспоmел, Еврипид, Софокле... На Балканоm во минаmиmе епохи немало поголемо варварсmво од она во осmанаmиоm дел на Европа. На Балканоm не биле познаmи сmоgодишни војни (како помеѓу Анgличаниmе и Французиmе), или покрвожедни меѓусебни масакри (како помеѓу Германциmе и Французиmе во двеmе свеmски војни). На Балканоm немаше инквизиции, ниmу смрmоносни конверзии, фаmални и бесповраmни егзодуси. И Евреиmе, кога беа прогонеmи од Иберискиоm Полуосmров, присmан и спасоносен пречек најдоа на Балканоm. На Балканоm не беа измислени конценmрациониmе лоgори, ниmу беа измислени и уполребени бојниmе оmрови (уполребени во Германско-францускаmа војна кај Ипер).

Во оваа перспекmива, во mаmковаmа Исmорија можеше да се прочиmааm уmиmе мноgу балканофилски сmраници. Тој уmиmе пишуваше во воведоm дека Балканциmе во еден процес на самораздирање mреба да gи поврзаm сиmе различносmи, како заеднички во еден менmален мосm кој ќе води од

еден кон друг. Макар автодидакт, библиотеката беше неговиот универзитет, тој беше навлегол и во лингвистиката, етнологијата, фолклорот со цел да трага по заедничките обележја на балканските народи, неопходни за реализацијата на својот проект.

Тој откриваше од своето лично искуство, од искуството на своето семејство, својот народ и народите кои го опкружуваа, бројни примери на блискост, конвергентност на балканските култури, слично како и конвергентноста на јазиците, во заедништвото на граматички структури, зборови. Посебно поглавје, со неколку напомени му посветуваше на верувањето на балканските народи во принесувањето човечки жртви на темелите на големите градби.

Посебно внимание татко сакаше во својата Историја да им посвети на религиите, свесен дека и покрај големите и навидум ненадминливи противречности кои религиите ги делат едни од други во овој регион, постоеле и заеднички позитивни обележја. Неговиот живот како да беше создаден да ги релативизира антагонизмите, и кога тие се чинеа и најпомирливи. Од него бликаше толерантна и умна, поврзувачка добрина. Студирајќи во Цариград во младоста правни науки и исламска филозофија, тој во својата ***Историја*** *ја бранеше тезата дека православието и исламот како источни религии почиваат и врз ориентален мистицизам, при што доктринарно, но и во практиката се заземало дистанциран став во однос на повеќе аспекти на западното мислење.*

Во долговечниот отомански период населението од двете вери одгледувало облици на соживот. Постоеле бракови со партнери од различни религии. Постоеле примери муслимани да ги крштеваат децата на христијански начин и да ги прославуваат христијанските празници, како на пример Свети Илија, Свети Никола, кога заеднички се прославува Божик. Имаше податок, според рускиот конзул Јастребов дека албанските муслимани во Призрен денот на Свети Ѓорѓи го започнувале на денот на Бајрам: тие не работеле, дуќаните останувале затворени. Многу светилишта биле посетувани како од муслиманите така и од христијаните. Таков бил примерот на гробот на Свети Наум крај Охридското Езеро. Посебно внимание му посветуваше и на братимењето по крв, кое често било склучувано меѓу муслиманите и христијаните...

Имаше и многу други страници во татковата незавршена главна книга ***Историјата на Балканот низ падовите на империите****, во која можеше да се најдат одговори и за многу денешни прашања, значајни за соживотот во Македонија, пошироко на Балканот...*

Јас сум свесен, моја почитувана госпоѓо Лејбовиц, дека сите овие заеднички обележја на различните етнички заедници сами по себе не се пресудни во решавањето на сегашните конфликтни ситуации и сите проблеми што произлегуваат од нив. Но навраќањето на нив, особено во овие времиња, во книжевни или документарни проекции може да има големо сигнално значење.

Сета ментална и страдална енергија која ја вложуваше татково во сагата и која не стаса да ја преточи во својата ***Историја****, со цел да го разграничи и дефинира сопственото како основа во интеракцијата со другиот. Сета негова потрага беше насочена кон распознавање на заедничкото како основа на меѓуетничките односи. Во такви услови веруваше дека толеранцијата ќе биде неизбежна последица.*

Татковиот незавршен проект, како да ми стана аманет, односно продолжување на неговиот залезен период со мојата почетна потрага по неговите книги, по неговиот живот. Оваа порака, како што ви пишував повеќе пати, почитувана моја Лејбовиц, ми дојде од сигналот на пепелта расфрлена од неговото концентрирано читање врз една од страниците на неговите книги. Потрагата по другите сигнали на пепелта врз другите книги ја означија мојата балканска сага, како продолжување на потрагата.

Татковиот живот согоре во напорот да го разбере Балканот, со цел тој да се саморазбере, за да се самопочитува, да се ослободи од роболскиот и зависен менталитет. Неговата порака ја разбрав како парадигма другите да не ни ја пишуваат историјата, историјата на Балканот.

Почитувана Лејбовиц, јас не знам до кој степен, одговорив на вашите дилеми, изнесувајќи ви ги сопствените, за (не)моќта на Европа, на НАТО, да нè спасат од самите себе...

Со особена почит
ваш Луан Старова

XXXVIII

Како да настојував, од писмо во писмо, да ја допишувам новата книга во мојата балканска сага во времето кога се чувствуваше заморот на Елен Лејбовиц од напорното понирање во балканската проблематика во еден критичен период, следејќи ги прегласните медиуми со информации и слики од Македонија и читањето на моите книги. Брзав да ѝ ја кажам целата вистина до која не бев стигнал и самиот. Беше во право кога таа мојот живот и пишување, моето (не)дејствување како дипломат и активно пишување, го разбираше „како заминување и враќање од својот внатрешен и надворешен свет“. Таа ја гледаше мојата позиција најмногу според традицијата и мерилата на западната култура, каде што функцијата на амбасадор-писател беше на самите врвови на институционалната и морална одговорност. Но на Балканот не важеа истите мерила и критериуми. Кревките институции во младата држава и демократија не можеа да ја постават дипломатијата во вистинскиот колосек. На повеќето алузии, кои со право ми ги правеше за мојата дипломатска улога во Македонија што требаше да ја имам особено во тешката криза во меѓусебното разбирање на Македонците и Албанците, со оглед на мојата билингвална определба во животот и пишувањето, на еден вид егземпларно заедништво, кое како што добро го забележа Едгар Морен (*„Луан Старова е совршен претставник на балканскиот сооживот и балканската отвореност, човек кој сиот свој живот го инкарнира во балканското братство без никакво етничко затворање, кој се противставви на секаква етничка и верска тврдокорност...“),*

немав одговор, или го одложував за други времиња. Најпосле решив да ѝ одговорам на тоа прашање, но со одговорот на академикот Антуан Жерал...

26 септември 2001 г.

Господине,

Ах! Еве најпосле една убава новост која многу ме израдува! Значи издавачот l'Aube кој не е познат како Фасард, но не е непознат, а јас пред извесно време прочитав еден пофален напис за вашиот нов издавач. Се надевам дека вашиот „Клуч" ќе може да отвора нови врати...

Вчера, случајно, прочитав еден краток текст за Пол Селан. Во неколкуте цитирани стихови од овој романско-еврејски поет кој пишува на германски јазик и завршил во егзил во Франција, открив нешто како одзив на вашите е-мајлови од 19 и 20 септември:

Schreibe dich nicht zwischen die Welten
Vertraue der Tranenspur
Und lerne leben.

Во француски превод:

Je ne t'écris entre les mondes
Fie-toi à la trace des larmes
et apprends à vivre.

Јас не ти пишувам меѓу световите
Довери се на трагата на солзата
и научи да живееш.

Колку многу во преводот произведението чувство е различно.

Елен Лејбовиц

Невозможно оваа порака да се испрати по е-мајл.

26 IX 2001

Monsieur,

Ah! Voici enfin une bonne nouvelle qui me réjouit beaucoup! Certes les Editions de l'Aube n'ont pas l'importance des Editions Fayard, mais elles sont loin d'être inconnues et je crois bien avoir lu il y a quelques mois un article très élogieux á leur sujet. Alors, j'espère maintenant que votre "Clé" continuera à ouvrir des portes…

Hier, incidemment il m'est arrivé de lire un bref article sur Paul Celan. Et dans les quelques vers cités de ce poète juif roumain de langue allemande qui s'était exilé en France, il m'a semblé trouver quelque chose comme un écho de vos e-mails des 19 et 20 septembre:

Schreibe dich nicht zwischen die Welten
Vertraue der Tränenspur
Und lerne leben.

Suivait la traduction en français:

Ne t'écris entre les mondes
Fie-toi à la trace des larmes
et apprends à vivre.

Mais combien dans la traduction la sensation produite est différente!

Hélène Lejbowicz

Impossible de passer le message par e-mail.

6 октомври 2001 г.

Господине,

Во еко̄т на целосни по̄дго̄товки на моӣте куфери – јас се враќам во јужна Франција – се разбира не заборавив да го̄ земам ракопӣсо̄т на ***Балкански клуч.*** *Долго̄ размислував за трӣте предметӣ: кнӣга̄та, о̄гледало̄то и клучо̄т низ кои се чини дека вие сте сакале да го̄ овековечите душата на вашио̄т та̄тко (кнӣга̄та) и душата на ва̄ша̄та мајка (о̄гледало̄то и клучо̄т).*

Овие предметӣ ѝ прӣпа̄ѓаа̄т на универзалната симболика и се со го̄лемо бога̄тство на инте̄рпрета̄ции, се по̄јавуваа̄т во извесна смисла како физичка ар-ма̄тура на вашио̄т семеен живо̄т или барем на најдлабоките траги кои вие сте успеале да го̄ зачувате. Ќе има уште̄ многу да се размислува на оваа те̄ма.

Елен Лејбовиц

Ce 6 octobre 2001

Monsieur,

En plain préparatifs de bagages-car je vais retourner dans le midi de la France – j'ai évidemment mis le

manuscrit de "Une Clé balkanique" dans une valise. Un long moment j'ai repensé à ces trois objets: le livre, le miroir et la clé au travers desquels vous semblez vouloir faire s'incarner l'âme de votre père (le livre) et celle de votre mère (le miroir et la clé). Ces objets qui appatiennent à la symbolique universelle, et qui sont d'une trés grande richesse d'interprétation, apparaissent en quelque sorte comme l'armature psychique de votre vie familiale ou du moins des traces les plus profondes que vous en avez gardées. Et il y aurait sans doute beaucoup à méditer sur ce sujet.

Hélène Leybowicz

14 октомври 2001 г.

Господине,

Според некои новости кои ги добивам од вас, се обидувам да замислам што е животот на еден писател: мошне комплексно заминување и враќање помеѓу својот внатрешен и надворешниот свет.

Не би сакала да го натежнувам вашиот нотес со адреси, но бидејќи вие ми ја барате мојата адреса од Фрежис, јас ви ја испраќам.

Есента е сигурно чудесна на бреговите на Охридското Езеро...

Елен Лејбовиц

14 X 2001

Monsieur,

D'âpres les quelques nouvelles que vous me donnez de vous, j'essais d'imaginer ce que doit être la vie d'un écrivain: un va-et-vient assez complexe entre son monde intérieur et le monde extérieur.

Je n'aurais pas voulu encombrer votre carnet d'adresse… Mais puisque vous me demandez mon adresse á Fréjus la voici.

L'automne doit être magnifique sur les bords du lac l'Ohrid.

Hélène Lejbowicz

26 октомври 2001 г.

Господине,

Најпосле, нова статија за Македонија во „Монд Дипломатик". Последен пат се пишуваше за вашата земја минатиот април. Авторот на најдиректен, да не речам фрапантен начин пишува: „Зарем има човек кој не лаже во оваа земја!", според еден разочаран интелектуалец од Скопје.

И јас, од моја страна си се прашувам дали и вие го поставувате истото прашање, како угледен дипломат на вашата земја, служејќи како амбасадор во Франција во еден значаен период. Останатиот дел од предолгата статија, не може да се рече дека е посебно смирувачки. Впрочем висти-

на е дека за малку работи може да се каже и кај нас дека се смирувачки. Но кога читам или слушам нешто за Македонија, имам впечаток дека ме очекуваат новости за вас.

За Македонија слушав и една емисија на радио (одамна немало таква емисија) во која учествуваше и Вероник Наум-Граф, ќерка на Едгар Морен. Изгледа дека таа добро ја познава вашата земја и алудирајќи дека има пријатели во Скопје, си помислив да не сте ја срешнале некогаш. Посебно ги ценам нејзините коментари, во кои покажува не само голема смисла за третираната проблематика (што не е секогаш случај кај многумина интелектуалци), но таа има и благородна душа. Треба многу да е слична со својот татко...

Ова ви го напишав само за да ве известам накусо дека сум задоволна што сепак овде се појавуваат некакви новости во врска со еволуцијата на ситуацијата во Македонија.

Елен Лејбовиц

Ce 26 octobre 2001

Monsieur,

Enfin, un nouvel article sur la Macédoine dans le ***Monde Diplomatique!*** *Il n'y en avait plus eu depuis le mois d'avril. Il commence de la manière la plus directe, pour ne pas dire frappante: "Y a-t-il encore quelqu'un qui ne mente pas dans ce pays?", demande altéré un intellectuel de Skopje. Et à mon tour, je me demande si vous aussi vous pourriez poser cette question. Le reste*

de l'article, assez long, n'est pas particulièrement rassurant. Il est vrai que peu de choses actuellement peuvent être qualifiées de rassurantes, et même chez nous. Mais quand je lis ou entends quelque chose sur la Macédoine, j'ai l'impression d'avoir quelques nouvelles de vous. Toujours sur la Macédoine, je viens également d'entendre une émission de radio, (ce qui, là encore, n'était pas arrivé depuis longtemps) et une fois de plus y participait Véronique Nahum-Grappe, la fille d'Edgar Morin. Elle semble bien connaître votre pays, et comme elle faisait allusion à des amis qu'elle a à Skopje, je me dis que vous l'avez peut-être rencontrée. J'apprécie toujours beaucoup ses commentaires, car non seulement elle fait preuve d'un grand bon sens (ce qui n'est pas toujours le cas avec les intellectuels!) mais elle est aussi apparemment d'une grande générosité. Elle doit ressembler à son père… Enfin tout cela pour vous dire, brièvement, que j'ai apprécié d'avoir quelques nouvelles récentes sur l'évolution de la situation en Macédoine.

Hélène Lejbowicz

31 октомври 2001 г.

Само да ве известам дека повеќе денови залудно се обидувам да ви испратам факс...

Ce 31 X 2001

Il y a plusieurs jours que j'éssaie, en vain, de vous passer ce fax…

10 ноември 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Среќен сум што го имате во рацете мојот ***Балкански клуч,*** *кој е еден од главните симболи, покрај книгите и огледалото во делот на мајкината стратегија во спасувањето на семејството и во кои според вашето верување запрела душата на моите родители. Колку се силни и вистински избрани стиховите на поетот Пол Селан: да ѝ се довериш на трагата на солзата и да се научиш да живееш.*

Стендал, пишувањето на роман, го замислувале како шетање на огледало низ животот. Вистинската мистерија на животот можеби е самата надеж. Според едно старо верување огледалото ја задржува душата, книгите ја откриваат светлината, а клучевите го симболизираат излезот од светот...

Толку за симболите, но да се вратиме на реалноста, на дипломатската драма која ја доживува Македонија, распната помеѓу своите внатрешни противречности и постојаниот „балет“ на европските дипломати за кои ми алудиравте во едно од вашите претходни писма. Но јас, не би сакал ниту да ги коментирам, ниту да ги дополнувам медиумските дневно-политички информации, а верувам дека и вие тоа не го барате од мене, а впрочем вие повеќе пати ми пишувавте дека дури и не очекувате јас воопшто да ви пишувам.

Вие впрочем и самата ми посочивте дека од моите книги можете многу повеќе да дознаете и

разберете, отколку од моите писма. Ова секако не ме обесхрабрува во моето пишување. Јас само настојувам да откријам можни коти на вашиот интерес во моите книги, кои верувам оти можат да бидат за мене добар поттик да ја продолжам размислата, потрагата.

Бидејќи повеќепати стануваше збор за мојата мисија како дипломат и писател во Македонија, си дозволив, почитувана Лејбовиц, да ви посочам едно искажување за таа моја улога од францускиот писател академик Антоан Жерал на промоцијата на моите книги објавени во Франција во есента 1999 година, на крајот од мојата дипломатска мисија. Тој меѓу другото ќе ми се обрати со зборовите:

„Вие зазедовте место во линијата на една славна традиција за која Французите, најрадо сонуваат: тоа е традицијата на дипломати-писатели.

Ние често ги истакнуваме кај нас имињата на Шатобријан, Пол Моран, Сен-Џон Перс, Клодел. Од овие пет цитирани автори, на последниов, како што ви е познато најзадлабочено му пристапувам. Од него до вас, јас, првин забележувам две флагрантни разлики: Клодел ѝ припаѓа на последната генерација дипломати кои можеа да дозволат повеќе слободно време за пишување. А вие можете да сметате само на ноќите да ги пишувате вашите книги. Втора разлика: Клодел не ги поднесуваше професорите. Вие, вие толку многу ги почитувате што ја напуштате дипломатијата за да се вратите на професурата. Можеби би требало да ја споменам и третата разлика,

која е уште позначајна зашто таа повикува на размисла за смислата на вашето творечко дело. Клодел ни нагласува, во ***Професионално отсуство*** *(**L'Absent professionnel**):*

„Зар ви е чудно дека во овие услови (на миграција и постојан егзил), господиноt престанал да ја разбира реалноста сериозно!"

А вие, Луан Старова, реалноститe ги сметате за страшно сериозни: комплекснатa реалност, често мачна, на балканскиот лавиринт; не помалку комплекснатa реалност и често толку вознемирувачка што ја запознал вашиот татко, вашата мајка за време на нивниот живот преселуван од еден на друг брег; – реалноста со која сте се соочиле вие самиот, во која страдавте и која не престанавте да барате да ја декриптирате, за да придонесете да ве разбереме.

Тоа значи, прелистувајќи ги овие денови повторно страниците на Пол Клодел и Луан Старова, јас дојдов и до третиот контраст кој можеби наведува на погрешен пат.

И едниот, како и другиот, жестоко се борите со егзистенцијата, но кога ќе стапи времето за пишување, и едниот и другиот, заземате дистанца во однос на неа и таа за вас станува суровина за градење мит.

Клодел, со луда страст, диво доживеана, ги создава ***Пладневна делба*** *и* ***Сатенски чевел****. А вие од една национална, семејна и лична судбина, означена од апсурдни и стравични состојби, создавате изблик на една трилогија.*

Ние ја чувствуваме тежината на една вистинска трагедија, но во истовреме вашата рас-

кажувачка уметност прави да се одиграва од момент во момент, макар во различен интензитет, присуството на кривулеста и мачна алегорија.

Но ќе дојдам и до вашето посебно обележје. Не би рекол: до вашите тајни на создавањето на книгите, зашто вашиот начин на создавање се противставува на вештачкото. Зборот на Бифон ***Стилот е самиот човек****, може да се примени на вас со ретко допрена јасност: Тој што ве чита верува дека ве слуша и речиси ве гледа, толку е голема вашата грижа за добронамерност. Но на придружен начин, како што им се случува на големите писатели, еден друг, повеќе вие околку вас, стапува на сцена.*

И овде, противставен на секаков академски ритуал, ќе си ја платам со мојата смелост: наместо да се држам на регистарот од дитирамби и на признанија на восхит со кои е преплавено моето срце, би сакал да му ги доверам на професорот по француска и компаративна книжевност што вие сте, реакциите на граматичарот што јас се обидувам да бидам, внимателен по вокација на изразните средства.

Тоа што ме фрапира, навлегувајќи во трите дела на триптихоното, објавени од страна на Фајар, е сензибилно-дистинктивниот начин со кој тука и таму се негува соучеството помегу имагинарното и вистината.

Во ***Времето на козите*** *ние сме обземени, уште од насловот од волшебствата на алегоријата која, како што се напредува во раскажува-*

њето, станува сè поопресивна. Сликата на безизлезниот лавиринт во кој се губи козарот со козите е јасен амблем на жестоката судбина на земјата под владеењето на интегризмот на сталинистичкиот комунизам.

Во книгата се провлекува необично не-именување на реалното под превезот на имагинарното кое постојано се згуснува: освен козарот Чанга сите човечки ликови се стопени, смелени во анонимност.

*Со **Татковините книги**, речиси сè се менува во континуитет. Таткото е сеприсутен. Безбројното стадо од книги ги заменува козите. Но тука не се работи само за алегориска супституција: се работи за згуснена, натежната, опсесивно предочена реалност. Од друга страна, бројните историски и географски репери се прецизно означени. Тоа што опстанува и дури се нагласува, е поетскиот свет означен од постојаното литаниско враќање на мотивите: **Мојот татко** – **Татковините книги** кои дејствуваат не повеќе како митови, туку како симболи на една татковина – на единствената зачувана и спасена Татковина од вашиот Татко.*

*Едно друго обележје сепак придонесува да се задржи впечатокот на мистерија и закана: личностите кои го сретнуваат вашиот татко и вашата мајка не се никогаш именувани. Дури и најблискиот пријател на мојот татко има право само на иницијали: **пријателот К**.*

Дали навистина се работи за слободен избор или за непредвидливоста на инспирацијата, јас

*не би можел да речам: **Атеистичкиот музеј** се ситуира во спојот на митот и животот, на полпат помеѓу двете претходни книги: помалку мит и алегорија отколку во **Времето на козите**, повеќе отколку во **Татковите книги.***

Навидум авторот ни ја претставува мисијата која ќе го води од слободната и отворена Македонија каде што тој живее, до различните места во Албанија, неговата родна земја, која ја напуштил пред триесет и осум години и која, оттогаш останува под сталинистичко ропство. Но, од етапа до етапа, мисијата се претвора во кошмар и раскажувањето станува дијаболичен приказ. Сликата на стапицата во облик на безизлезен лавиринт во кој наратторот постепено се губи, како да ја придружува судбината на козарот Чанга. Но со таа разлика што овој пат херојот успева да избега од пеколот.

Како и во претходните книги, личностите и тука се безимени: нивниот грозоморен митски статус е означен низ удвоените иницијали: А.А., Ц.Ц., ХХ (најопасниот), Ј.Ј., О.О. За малку целата азбука!

Друго одбивање за именување, уште понеобично: сите места се именувани. Освен едно (или две кои во основа се само едно): Езерото, најубавото, најсиното, најпросирното на целата земја и Манастирот, симбол на сите Надежи. И така Езерото и Манастирот на соништата содржат реални обележја и секој може да ги препознае: Охридското Езеро и манастирот Свети Наум. Но уметникот претпочита секогаш да им остане

поверен на симболите и параболите, отколку на предметите и настаните.

И на крајот, дозволете ми, овде да поздравам една драгоцена алијанса, на Луан Старова, професор-амбасадор романсиер-поет, на кого и му должиме толку суптилна среќа".

Јас не знам, почитувана госпоѓо Лејбовиц, до кој степен ви ја дополнив вистината за моите книги и мојата мисија како дипломат и писател, со ова сведочење на познатиот француски лингвист и книжевен критичар, но ова сведочење ми е блиско, како и вашите искрени писма...

Ваш Луан Старова

XXXIX

Мостовите и фаталноста на Балканот беа тема која постојано го обземаше моето внимание во пишувањето на мојата балканска сага. Во животот на Балканот ја наследив „прикаската" за два противставени света, „осудени на вечна војна", односно дека *„...постојат два света, помеѓу кои нема и не може да има ниту вистински допир, ниту можност за спогодба, два страшни света осудени на вечна војна во илјади облици..."*

Во балканските литератури можат да се најдат и други парадигми „за поделениот свет", кои во животот ја одржуваа визијата на светот „како пеколна машина на неслога". Ги видов грозоморните после-

дици од ова верување во Сараево, во стравичната опсада на невиното население, со крајна цел да се уништи. Ми остана во незаборавно сеќавање сведоштвото на една од преживеаните од опсадата и бомбардирањата:

„Ние ќе бидеме победници во оваа војна зашто нашите непријатели нема да нè натераат да ги мразиме. Убија девет мои, но одбивам да ги мразам, зашто не сакам по никоја цена да станам како нив. Тоа е мојата волја, мојот суд!“

Ѝ пишував, на мојата Лејбовиц за овие трагични последици на делбите на Балканот, во времето кога сакавме да се европеизираме, кога Европа стравуваше да не се „балканизира“...

17 ноември 2001 г.

Господине,

Најпосле, ја добив вашата разгледница на мостот во Мостар, напишана на 5 октомври 2001 г. Но повеќе од бавноста на поштата, која е веќе вообичаена, она што ме изненадува, е тоа што за првпат гледам една картичка на која нема никаква легенда. Се разбира, јасно се гледа дека се работи за различните состојби на еден мост и тоа е сè. Како да се разбере она што нема објаснување? Дали е така зашто во ова разурнување на мостот има нешто не-именливо и дека според оваа не-именливост треба сè уште да биде ознака за траумативмот на населенијата? И ако, згора

на тоа, како што пишувате, реконструкцијата на овој мост е причина за судири, можеби повеќе нема да има ниту слика. Но водите на Неретва продолжуваат да течат...

Денес на вестите, по долгите, вообичаени информации за Авганистан, беа кажани неколку збора за македонскиот Устав кој е усвоен во Парламентот. Но многу доцна во ноќта, веројатно за да се избегнат нови немири.

На браговите на Охридското Езеро или каде и да сте, јас ви посакувам моќ за да продолжите да пишувате.

Елен Лејбовиц

Ce 17 novembre 2001

Monsieur,

Enfin, je viens de recevoir votre carte du pont de Mostar, écrite le 5 octobre. Mais plus que la lenteur du courrier, devenue habituelle, ce qui me frappe, c'est que pour la première fois je vois une carte qui ne porte aucune mention de ce qu'elle représente. Bien sûr, il est évident qu'il s'agit des différents états d'un pont, mais c'est tout. Comment comprendre cette absence de nom? Est-ce parce qu'il y a dans cette destruction quelque chose d'innommable et que c'est à cet in-nommable qu'on doit mesurer encore le traumatisme des populations? Et si, de plus comme vous l'écrivez la reconstruction de ce pont est cause d'affrontements, peut-être n'y aura-t-il bientôt plus d'image. Mais les eaux de la Neretva continuent à couler…

Aujourd'hui aux informations, après les longuees, et habituelles maintenant, mises au point sur l'Afghanistan, il a été dit quelques mots sur la nouvelle constitution macédonienne qui vient d'être adoptée par le Parlement. Mais très tard dans la nuit, pour éviter des troubles.

Sur les bords du lac d'Ohrid ou ailleurs, je vous souhaite de pouvoir continuer à écrire.

Hélène Lejbowicz

29 ноември 2001 г.

Господине,

Пред неколку дена, во книжевниот додаток на весникот „Ле Монд" една цела страница му беше посветена на Едгар Морен по повод излегувањето на петтиот том за „Методата". Си помислив дека овој прилог би можело да ве интересира, па таа страница ви ја испратив по пошта. Еден толку силен интелектуалец на 80 години е нешто извонредно. Среќна сум што човек од таква величина е ваш пријател.

Елен Лејбовиц

Ce 29 XI 2001

Monsieur,

Il y a quelques jours, dans le supplément littéraire du journal "Le Monde" une page entière était consacrée à Edgar Morin à l'occasion de la parution

du 5^e volume de son ouvrage sur "La Méthode". J'ai pensé que cela vous intéresserait et je vous ai donc envoyé cette page. Une telle vigneur intellectuelle à 80 ans, c'est extraordinaire, et je me rejouis qu'un penseur de cette envergure soit votre ami.

Bien cordialement à vous.

Hélène Lejbowicz

2 декември 2001 г.

Господине,

Ги примив вашите две последни разгледници: од Букурешт и од Мостар.

Ништо чудно во тоа Романците да можат да препознаат нешто во нивната судбина во вашиот роман ***Времето на козите*** *посветен на ликвидирањето на еден цел свет кози. Всушност, на извесен начин преку козите се сакаше да се посегне по луѓето, и така луѓе и животни излегува дека имаа речиси иста судбина.*

А што се однесува до оваа нова разгледница на мостот на Мостар, јас верувам дека би можела приближно да погодам што сте сакале да изразите со неа зашто јас сум ја читала од поодамна книгата ***Мостот на Дрина*** *од Иво Андриќ. Мостовите кои претставуваат такви концентрати на историјата се од посебно значење во балканските земји чии територии не престанале да се расипнуваат и одново да се создаваат. И реките, јас претпоста-*

вувам, дека најчесто ги означувале границите, збор што најчесто е присутен во вашите текстови.

Се знае дека реките течат до морињата. Но каде се отидени ситне човечки суштества во текот на многу генерации, минувајќи под мостовите на овие реки? Кон кои морња тие течеле анонимно? Едно од значењата на вашето книжевно дело е можеби да ги задржи уште некое време живи на брегот.

Елен Лејбовиц

2 XII 2001

Monsieur,

J'ai reçu vos 2 dernières cartes: de Bucarest et de Mostar:

Il n'y a rien d'étonnant à ce que des Roumains puissent reconnaître quelque chose de leur propre destin dans le récit que vous avez fait de l'extermination de tout un peuple de chèvres. En effet, d'une certaine façon, à travers les chèvres c'était des citoyens qu'on voulait détruire, et alors, hommes et animaux deviennent presque interchangeables.

Quant à cette nouvelle carte du pont de Mostar, je crois que je peux à peu près deviner ce que vous voulez exprimer parce que j'ai lu, il y a longtemps, "Le pont sur la Drina" d'Ivo Andric. Des ponts qui représentent de tels concentrés d'histoire, c'est sans doute particulier aux pays balkaniques dont les territoires n'ont cessé de se fragmenter et de se recomposer. Et les fleuves, je suppose, ont souvent dû tenir lieu de fron-

tières, mot qui est peut-être celui qu'on retrouve le plus souvent dans vos textes.

On sait que les fleuves coulent jusqu'à la mer. Mais où sont allés tous ces êtres humains qui, depuis des générations, franchirent les ponts au-dessus de ces fleuves? Vers quelle mer ont-ils anonymement coulé? … Une des significations de votre oeuvre est peut-être aussi de les maintenir encore quelque temps vivants sur les rives…

Hélène Lejbowicz

5 декември 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Останувам доследен на мојот однос во преписката со вас. На некои од кратките писма не ви одговарам, а впрочем вие тоа и не го очекувате од мене. Не очекувате од мене сигурно и подолги писма. Но јас така ви пишувам силно поттикнат, предизвикан од вашата благородна и повеќезначна мисла која не престанува да искри низ вашите проблесни зборови, како упатна светилина во потрагата по излез од темнините на балканскиот лавиринт.

Постојано се прашувам со што сум ја заслужил вашата искрена благотворна добрина која не престанува да ги осветлува напишаните и ненапишаните страници на мојата балканска сага. Се прашував, исто така, со што ја бев заслужил добрината, пријателството на Едгар Морен, балканско братство како што се изразуваше во една книга за балканската сага.

Своевремено ви пишував, а за тоа вие имавте различно мислење, дека во пишувањето на мојата балканска сага во голема мера ме потпикна делото на Едгар Морен ***Видал и своите****, во кое пишува и за балканските корени на своето сефардско семејство. Но прв контакт со делото на Едгар Морен имав кога ја прочитав и преведов книгата* ***Автокритика****, а потоа и книгата* ***Предавството на интелектуалците*** *од Жилијен Бенда, за која напишав и предговор.*

Едгар Морен постигна светска слава со книгите за ***Методата*** *(во шест тома), кое се смета за еден вид енциклопедија на реформираната мисла во светот, потоа монументалниот антрополошки есеј* ***Човекот и смртта****, потоа* ***Изгубена парадигма – човековата природа*** *и многу други.*

Книгата ***Автокритика****, ја читав повеќе пати. Таа за мене имаше живи значења, кои се повторуваа за интелектуалците од Централна и Источна Европа по падот на комунизмот, но посебно и за интелектуалците од тогашна Југославија, која го доживуваше својот распад со подоцнежните братоубиствени војни. На 28 мај 1991 г. завршив со преведувањето на Мореновата* ***Автокритика****. Преведувајќи, имав чувство дека го споделував неговиот пат на морална аскеза. Аналогиите со нашите морални ситуации беа речиси идентични. Истиот ден кога завршив со преведувањето му напишав на Едгар Морен:*

„Читањето и преведувањето на вашата ***Автокритика*** *ми отвори безброј перспективи во промислувањето на актуелната ситуација во*

откривањето на спасоносен излез од тотал-национализмот кој се заканува земјата да ја втурне во братоубиствени војни и продолжување на вековните трибални каранници, омразата кон другиот.

Вие бевте во право кога напишавте дека пораките на оваа книга оживуваат во актуелноста. Јас верувам да ја имавме разбрано пораката на вашата книга сигурно ќе се избегнеа многу превиди на совеста. Крвопијците, како Куртад, останууваат крвопијци во сите режими. Тоталитарната и арбитрарна власт само ги поттикнува нивните спогодби. Секоја епизода од вашиот живот, особено од периодот на Втората светска војна и сталинизмот, личи на минување низ пеколот, минување низ чистилиштето, но за среќа вашиот престој во пеколот на сталинизмот не траеше долго и вие го откривте среќниот излез. Тој впрочем и беше предвидлив. Не се откажавте од вашите текстови во тој период, и немаше зошто, вие останавте трајно на барикадите на одбраната на човековото искуство. Вашата автокритика беше природен дел во вашиот живот.

Ние во Југославија верувавме дека се ослободивме уште во далечната 1948 г., кога се скараа Тито и Сталин! Но нашиот излез од сталинизмот не беше лесен и без жртви. Сталинизмот се беше накалемил на византиските и отоманските рецидиви во деспотското владеење. Ние немавме критична интелектуална маса која можеше да се бори со заробениот националистички ум. Вашиот случај може да биде парадигматичен во однос на ситуацијата на француските интелектуалци Луј

Арагон, Жан-Пол Сартр и други, кои не ја задржаа како вие дистанцата кон сталинизмот, туку во еден период дури и го славеа!“

Така му пишував, почитувана госпоѓо Лејбовиц, на Едгар Морен кон крајот на пролетта во 1991 година по преведувањето на неговата ***Автокритика.*** *Тој не ми одговори но по извесно време добив покана од италијанскиот епистемиолог и филозоф Мауро Черути, да учествувам на научниот собир кој се одржуваше во Перуџа на 9 јуни 1991 г., посветен на 70-годишнината од животот на Едгар Морен, со симпозиумската тема „Европа и планетарната ера: дијалог со Едгар Морен!“ На собирот, меѓу другите, беа повикани десетина пријатели на Едгар Морен, од повеќе фази од неговиот живот и творештво какви што беа познатиот филозоф Корнелиус Касторијадис, Сами Наир, Бернар Гета, Хозе-Видал Барера, Антонин Лим и други. Јас бев определен да говорам за Мореновата „Автокритика“ во современ контекст.*

Деновите во Перуџа ми ги направи уште посреќни мојата ќерка Блерина. Таа беше завршила француска гимназија и студираше англиски и италијански јазик. Имаше чудесна дарба за јазици и ова беше убав повод да го „провери“ нивното знаење. Едгар Морен покажуваше татковска грижа кон нас. Настојував од петни жили да го дадам својот максимум пред големите мислители. Во еден момент, по изнесувањето на мојот прилог, му реков на Едгар Морен, како и во писмото што му го упатив претходно, дека не знам со што сум

заслужил да бидам меѓу најтесниот круг на неговите пријатели. Тој прегрнувајќи ме само рече: „Си заслужил, си заслужил...“

Оттогаш до денес трае моето пријателство со Едгар Морен. Неговото монументално дело, во кое трага по рамнотежа помеѓу егзактните и природните науки на нашата планета Земја, покрај мојата неупатеност во повеќе дисциплини кои ги третира, ми послужи како голем предизвик да го разберам нашето време и човекот Едгар Морен. Пишувајќи ви ги овие редови ми доаѓа мислата еден ден да напишам книга под наслов ***Едгар Морен, мојот балкански брат****!*

И денес се прашувам, почитувана Елен, со што го заслужив пријателството на Едгар Морен, како што се прашувам и тоа, со што го заслужив, се осмелувам да речам, вашето пријателство...

Има и толку многу други работи за кои сакам да ви пишувам поттикнат од вашите писма, но тука сепак запирам посакувајќи ви добро здравје и спокој.

Ваш Луан Старова

XL

Не престануваше мојата запрашаност: која беше Елен Лејбовиц, зошто толку многу се инвестира во моето пишување, во мојот живот, во мојата балканска судбина? Не можејќи нејзе, не престанував себеси да си поставувам севозможни прашања на кои никогаш не добив одговор. Бевме различни

по вера, по етничка припадност, по припадност на земја, култура, обичаи, а толку блиски, поврзани во еден свет во кој таа навлегуваше, но без да ми го открие својот.

Јас строго ги почитував условите за нашата преписка, Елен Лејбовиц да остане докрај непозната. Бев со нејзиниот свет, а далеку од неа. Беше таа навлезена во мојот свет, а јас толку далеку од неа! Но сепак тоа не ме спречуваше да трагам по нејзиниот идентитет во секој збор, во секоја реченица, во писмата што не престануваше да ми ги испраќа. Нè поврзуваше монотеистичката вера, но во нејзините конфесионални разлики. Забележував во нашата долга преписка дека таа најмногу се внесе во романот ***Аш̄еиск̄ички музеј***, во кој низ лично искуство сведочев за трагизмот на моето семејство и на мојот народ, чија тројна конфесионалност (православна, католичка и муслиманска) беше распната од тоталитарната идеологија, за да го преземе нејзиното место и да обезбеди апсолутна доминација над потчинетиот народ.

Воспитуван од моите родители во толерантен дух кон трите конфесии, за што Елен Лејбовиц наоѓаше бројни примери во моите книги, кои често и ги коментираше во своите писма, таа не престануваше да сведочи за своето преобраќање во христијанска католичка вера, или беше прифатила само некои нејзини постапки. Но за тоа можев само да претпоставувам, без да барам изнасилен одговор... И кога таа ме повикуваше да се придружам во празникот на светлината...

10 декември 2001 г.

Господине,

Се разбира, јас не сум ни малку изненадена откривајќи го местото на испраќање на вашето последно писмо. И тоа поради две причини. Првата е што вие минатото лето ми најавивте дека имате намера да патувате во Париз во врска со објавувањето на вашите книги во Франција. Втората причина е што единствената перспектива за вашето мало патување не ми навестуваше некаква патолошка одбивност, напротив, за мене е сосема природно, нормалните луѓе да патуваат.

Навидум овој престој ќе ја исполни целта доколку вашите три книги објавени кај Фајар, се најдат и во џебно издание кај новиот издавач. Ме радува фактот што вие наскоро ќе можете целосно да се посветите на вашето книжевно дело. Но тоа секако не е затоа што вие ќе имате повеќе слободно време за да се погрижите да ми пишувате подолги писма. Посебните врски што јас ги одржувам со вашите книги ме водат до мисла дека за тоа што ме учат за вас е бескрајно подлабоко и битно отколку сè што би можеле вие да ми раскажете. Но многу ми е тешко да ви го објаснам сето тоа...

Вие веќе сигурно сте се вратиле во Скопје каде што зимата не се најавува како престудена... ниту жешка (се разбира овде мислам на политичката). Во тој случај ви посакувам вам и на вашето семејство добра зима. Ѕвезденото небо зиме, кога е ведро, е многу поубаво отколку лете!

Елен Лејбовиц

Ce 10 décembre 2001

Monsieur,

Eh bien non, je n'ai pas du tout été surprise en découvrant la provenance de votre dernière lettre. Et cela pour deux raisons. La première est que l'été dernier vous m'aviez annoncé votre intention d'aller bientôt à Paris passer une semaine pour vous occuper de l'édition de vos livres en français. La deuxième, c'est que la seule perspective du plus petit déplacement: m'inspirant une répulsion pathologique, je trouve, au contraire, tout à fait naturel et allant de soi que les gens normaux voyagent.

Apparemment ce séjour parisien aura été fort utile, s'il en resort aussi que vos trois livres édités chez Fayard sortiront en collection de poche aux édition de l'Aube. Et je me réjouis que vous puissiez bientôt vous consacrer entièrement à votre œuvre littéraire. Mais ce n'est pas parce que vous aurez plus de temps, que vous devrez vous soucier comme vous me le dites, de m'écrire une longue lettre. Les relations très particulières que j'entretiens avec vos livres m'amènent à penser que ce qu'ils m'apprennent de vous est infiniment plus profond et essentiel que tout ce que vous pourriez me raconter par ailleurs. Mais il me serait très difficile d'essayer d'expliquer cela…

Depuis quelque temps déjà vous devez être de retour à Skopje, où j'espère que l'hiver s'annonce ni trop froid … ni trop chaud (et là évidemment, je pense à la situation politique). Alors je vous souhaite un bon hiver ainsi qu'à votre famille. Le ciel étoilé est tellement plus beau l'hiver que l'été!

Hélène Lejbowicz

Фрежис, 23 декември 2001 г.

Господине,

Во текот на целата година, како и кај мнозинството Французи, поштенските сандачиња се исполнуваат со импресивен број писма од различни филантропски организации кои бараат финансиска помош за да спасат многу несреќници во светот. И во овој период на Божик се надоврзуваат каталози кои претставуваат предмети за купување за истата цел. Проблемот е што потеклото на овие предмети најчесто е од занаетчиски и егзотичен карактер, па често се понеудобни отколку полезни, што значи тешко се подаруваат. Еден исклучок можеби е кафето, јас ѝ дадов на една пријателка која испраќа одвреме-навреме на своето семејство во Бугарија, каде што се чини дека таму доброто кафе ретко се наоѓа. И притоа помислив дека логично нигде Македонија не може да се пофали со добро кафе како соседната Бугарија, па оддлучив да ви испратам извесна количина. А потоа најдов во еден од каталозите една играчка која сигурно ќе им биде блиска на внуците Ардит и Фјола со латинска азбука, верувајќи дека еден ден ќе одат по стапките на нивната мајка и нивниот дедо. Се надевам дека пакетот ќе стигне пред Нова година!

Јас не знам дали за вас Божик е празник. Но сите околности се погодни за да се слави светлината и да се посака светлина. Посакувам оваа светлина да продолжи во вас помагајќи ви да го продолжите вашето дело.

Елен Лејбовиц

Fréjus, 23 December 2001

Monsieur,

Tout au long de l'année, comme pour la majorité des Français je suppose, ma boîte aux lettres se remplit d'un nombre impressionnant de courriers provenant d'organisations philanthropiques qui demandent une aide financière afin d'essayer de remédier aux innombrables malheurs du monde. En cette période de Noël s'y ajoutent des catalogues qui présentent des objets à acheter, dans le même but. Le problème, c'est que ces objets, le plus souvent d'origine artisanale et exotique, sont plus encombrants que vraiment utiles, donc difficiles à offrir. Une exception: le café. J'en ai donné à une amie qui en envoie de temps á autres à sa famille en Bulgarie où, paraît-il, le bon café est rare. Et l'idée m'étant assez logiquement venue que la Macédoine ne devait pas être mieux lotie en bon café que la Bulgarie sa voisine, j'ai décidé de vous en expédier aussi. Et puis, j'ai trouvé dans un de ces catalogues un jeu qui familiarisera certainement Arditi et Fiola avec l'alphabet latin, en attendant qu'ils marchent un jour sur les traces de leur maman et de leur grand-père. J'espère que le colis arrivera avant Pâques!

J'ignore si pour vous Noël représente une fête. Mais toutes les circonstances étant favorables pour célébrer la lumière et souhaiter la lumière, je souhaite que continue à habiter en vous cette lumière qui vous aidera à poursuivre votre œuvre.

Hélène Leibowitz

26 декември 2001 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц

И јас не знам дали и за вас Божик е празник, како што и вие не знаете за мене. Но сум сигурен дека заедно ја славиме и ја посакуваме светлината. Светлината како Божја сенка. Празник е кога една светлина сретнува друга светлина, во тоа можеби и се состои верувањето. Но сигурно силна е и голема потребата, храброста е силна да се мине темнината за да се стигне до светлината. Во таква светлина јас верувам. Веруваше и мојата мајка во таква светлина, кога не заборавајќи ја првата религија, палеше свеќа во манастирот Свети Наум, за што ќе прочитате во новелата ***Манастир*** *од книгата* ***Балкански клуч****. Тоа го правеше со природна добрина, како и нејзините предци. Зар пламенот на свеќата не е симбол на животот?*

Ви благодарам за нежните подароци, посебно на оние за моите внуци Фјола и Ардит.

Ваш Луан Старова

XLI

Нашата кореспонденција се ближеше кон третата година. Елен Лејбовиц упорно, доследно, континуирано ми пишуваше, најмногу, поттикната од моите книги, за настаните кои се одвиваа во Македонија и на Балканот, претпоставувам и од моето пишување. Имав впечаток дека на моменти ѝ испра-

ќав долги писма повеќе за да ја дополнам мојата балканска сага, со настани кои не беа доволно застапени или за кои требаше да пишувам во иднина.

Имав постојано претчувство дека Елен Лејбовиц повеќе нема да ми пишува. Демнев често покрај факсот. И кога тој ќе започнеше да работи, шумот што идеше од него ми се слушаше како самиот глас на Елен Лејбовиц кој во реалноста ми беше непознат. И кога ќе ги видев првите редови на страницата која излегуваше од машината, јас го препознавав убаво и јасно ракописот на Елен Лејбовиц. Ме обземаше тивко задоволство. Со нетрпение чекав страницата да излезе целосно. Беше тоа како нејзино целосно присуство.

Мистеријата продолжуваше и во третата година од нашето допишување. Таа сè уште беше далечна, мистериозна, а еве толку присутна во светот на татковите и моите книги. Таа внесуваше живост во балканската сага. Но мене ми стануваше јасно дека веќе не ми пишуваше со некогашниот елан. Повеќе не ми испраќаше долги писма напишани на компјутер од свои блиски, па испраќани преку електронска пошта. Сега таа ми пишуваше кратки пораки, пишувани на рака и тоа најмногу на една страница кои самата ги испраќаше од својот факс. Тие беа сигурно поинтимни, подиректни пораки, отколку некогашните опширни, добро организирани. Но сепак нашата преписка продолжуваше, ја одржуваше мојата среќа во пишувањето на балканската сага...

Фрежис, 10 февруари 2002 г.

Господине,

Еве повеќе недели како си префрлам речиси секој ден што не ви пишувам; навистина имам грижа на совеста која стана уште поголема кога пред некој ден го добив вашето писмо.

Дали можете да разберете дека интересот и емоциите што ми го предизвикува вашето дело, ме поттикнуваат, а потоа согораат, сè повеќе и повеќе да ви пишувам. Без прекинување можам да речам дека секој ден мислам на еден или друг аспект од вашите книги зашто тие кореспондираат одблизу или оддалеку со некои мои преокупации и мислејќи сè повеќе на вашите книги, јас мислам сè помалку и помалку на вас како реално присуство што постои некаде. На извесен начин, јас ја присвојувам супстанцијата на вашите текстови како духовна храна. Јас ги асимилирам, стануваат дел на еден внатрешен пејзаж и тогаш за што да ви пишувам?

Јас не гледам во што моите внатрешни пејзажи би можеле да ве интересираат, вие имате не малку работа со вашите. Но јас не би сакала да продолжам да ви пишувам за ова, зашто речиси се срамам. Тоа се толку интимни работи. За мене ова беше едно сосем неочекувано искуство.

Се радувам за добрите вести што ми ги најавувате. Насловот на вашиот иден роман ***Тврдина од пепел*** *е многу убав, но трагичен...*

Елен Лејбовиц

Fréjus, ce 10 II 2002

Monsieur,

Depuis des semaines je me reproche chaque jour de ne pas vous écrire; j'ai vraiment mauvaise conscience qui s'est encore aggravée en recevant avant-hier votre lettre.

Pourrez-vous comprendre que c'est l'intérêt même et l'émotion que m'inspire votre œuvre qui m'empêche de plus en plus de vous écrire? Sans exagérer je peux dire que c'est chaque jour que je pense à tels ou tels aspects de vos livres parce qu'ils correspondent de près ou de loin à certaines de mes préoccupations, et en pensant de plus en plus à vos livres, je pense de moins en moins à vous comme personne réelle existant quelque part. D'une certaine façon je m'approprie la substance de vos textes comme une nourriture, je les assimile, de texte en texte ils se lisent comme une sorte de paysage intérieur; et alors, de quoi vous parler? Je ne vois pas en quoi mes paysages intérieurs pourraient vous intéresser, vous avez suffisamment à faire avec les vôtres. Mais je préfère ne pas continuer sur ce sujet, car j'ai presque honte d'étaler des choses si intimes. Pour moi c'est une expérience, tout à fait inattendue.

Je me réjouis des bonnes nouvelles que vous m'annoncez. Le titre de votre prochain livre "La forteresse de cendres" est très beau, mais tragique…

Hélène Lejbowicz

15 февруари 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Добивајќи ги вашите писма, пораки, пратки, поврзани со мојот живот и пишување, вашите длабоки и искрено искажани импресии, јас често во својата интима си го поставував барем себеси, не осмелувајќи се вам тоа да ви го побарам, прашањето што ве мотивира да продолжите да ми пишувате. Можеби во вашето писмо го добив дефинитивниот одговор, кога ми велите дека самите емоции кои ви ги предизвикува моето дело, кои се дел и потреба од вашиот внатрешен пејзаж, ве тераат да не ми пишувате.

Но кај мене како да е обратно, вашето пишување, вашето откривање на одделни аспекти, светови, визии од мојата сага, стануваат исто така дел од мојот внатрешен пејзаж кои ме поттикнуваат да ви пишувам. Со надеж дека на тој начин уште повеќе ќе ве задржам во мојот свет, сигурно преполн со емоции, кои произлегуваат и од тажното и среќно чувствување на балканскиот свет од страна на главните носители на сагата, татко то и мајката.

Можам, денес слободно да ви речам, по толку допишување и размена на емоции од далечината на нашето читање, дека вие покажувавте голема толерантна добрина кон моето, напати „милитантно“ книжевно однесување. Можеби и затоа сè помалку ми пишувате. Ќе настојувам да ја задржам вашата наклонетост. Ме радува што ви се допаднал насловот на мојот роман ***Тврдина од***

***пепел**, но ви се чини трагичен. Ќе ви напишам поопширно за овој роман за татковиот живот кој со чудесната моќ на преживувањето успеваше да го совладува балканскиот трагизам.*

Со надеж дека повторно ќе ве читам ви посакувам сè најдобро

ваш Луан Старова

XLII

На новото писмо на Елен Лејбовиц не требаше да чекам премногу, макар што динамиката на нејзиното пишување не беше како некогаш. Имав впечаток дека најчесто за брзиот одговор и должината на содржината на одговорот влијаеше некоја нејзина расположба, или читање на нов пасаж од мојата книга. Но не верував дека јас можев со моите писма да влијаам на динамиката на преписката. Сепак таа продолжуваше, со надеж дека еден ден повторно ќе пламне или ќе згасне...

24 февруари 2002 г.

Господине,

*Вие се сеќавате, можеби... Јас еднаш ви пишував во врска со еден пасаж од **Татковите книги** (стр. 48), пасаж потоа преземен како мал вовед во книгата **Атеистички музеј.** Овој дел започнува со зборовите:*

„Родителите носеа прикаена и смирена набожност, што никогаш не ја нагласуваа низ дејства. ("Mes parents nourissaient une forme de dévotion discrète et sereine qui ne transparaissait jamais dans leurs actes.)"

Зборот „actes" (дејства) е овде бездруго несоодветно преведен. Верата на вашите родители во описот што го давате за нив, напротив, не се одвива низ дејства во сето нивно однесување. Дали при објавувањето на вашите книги во џебно издание не би можело да се изврши соодветната корекција? Не би сакала да се мешам во туоа што не е моја работа, но посебно во овој момент кога, поради различни причини, прашањето на религиозното верување предизвикува живи дебати, би било толку препорачливо да нема никаква двосмисленост во вашиот текст!

Се надевам дека ќе биде можно да се изврши корекцијата, та особено погрешно преведениот збор „actes" да не ја помати бистрината на сликата што вие насекаде ја претставувате во вашите книги.

Елен Лејбовиц

Се 24 II 2002

Monsieur,

Vous vous en souvenez, peut-être… Je vous avais une fois écrit à propos d'un passage dans "Les livres de mon père" (page 48), passage repris comme avant-propos dans "La musée de l'athéisme". Le paragraphe

commence par cette phrase… "Mes parents nourrissaient une forme de dévotion discrète et sereine qui ne transparaissait jamais dans leurs actes". Le mot "actes" est certainement là un contre-sens, la foi de vos parents à travers la description que vous faites d'eux s'exprimant bien au contraire dans leurs actes et dans toute leur conduite. Est-se qu'à l' occasion de la parution de vos livres en collection de poche, aux éditions de l'Aube, ou ne pourrait pas faire une correction? Je ne voudrais pas me mêler de ce qui ne me regarde pas, mais en ce moment particulièrement où, pour diverses raisons, la question de la foi religieuse donne lieu à de vif débats, il serait tellement préférable qu'il ne subsiste plus aucune ambigüité dans votre texte! J'espère qu'il sera possible de faire la correction afin surtout que ce mot "actes" ainsi malencontreusement employé ne trouble plus la limpidité de l'image que vous donnez partout ailleurs de vos parents.

Hélène Lejbowicz

26 февруари 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Ме израдува вашата нова порака, макар што ја чекав нестрпливо, верувајќи дека ќе ја добијам порано. Имав впечаток од вашето претходно писмо дека нашата преписка се ближи кон крајот. Но вие сепак останувате доследни во одбраната на балканската сага.

Вие ми пишувавте, пред една година, мошне упатно, разложно и уверливо за несоодветноста

преведување на, како што тогаш рековте, дејството на милосрдие, како верска категорија со световниот збор акт, односно чин. Се разбира дека вашата забелешка ќе најде место во новите издања на Татковите книги...

Со особена почит
Ваш Луан Старова

XLIII

Љубовта кон Италија, кон италијанската култура и јазик, ги наследив од својата мајка. Мајка ми својот италијански јазик го наследи од својата вујна Италијанка, кога, откако ја загуби својата мајка, како сираче престојуваше кај својот вујко хирург во Солун.

За време на италијанско-грчката војна во Поградец во 1940 г., нашето семејство беше спасено благодарение на нејзиното знаење на италијанскиот јазик. И кога семејството се најде на другата страна од границата, мајка ми го имаше каталогот од летната мода на Италија, од 1939 година, од единственото патување што го имаше со мојот татко во странство, односно во Италија. Со каталогот Ла Ринашенте го оживуваше споменот на едно поубаво време во тешките повоени времиња во Југославија. Каталогот Ла Ринашенте, е една од метафорите во библиотеката на Татковите книги.

Мојот хрватски пријател Мате Марас (брилијантен преведувач на севкупните опуси на Рабле и Шекспир на хрватски јазик), кој, за среќа, и моите Козички ги преведе на хрватски, велеше дека ката-

логот Ла Ринашенте, како единствена мајкина книга ја одржува рамнотежата во библиотеката со сите таткови книги. Можеби беше во право.

Со Италија на чудесен начин ми ја зајакнаа љубовта и моите Арбреши од Калабрија, кои во оваа земја се најдоа пред пет века по отпорот и поразот на Скендербег. И моите Арбреши, на чело со академикот Арбреш Франко Алтимари, им приредија чудесен омаж на моите Козички. Со моите неаполски пријатели, академикот Нуло Миниси, познатиот европски лингвист и ректор на Универзитетскиот институт за источни јазици, професорката по француска и компаративна литература Марина Цавери (која ги преведе и претстави на италјански јазик Козичките во Неапол), ме поврзуваа прекрасни збогатувачки мигови во животот, за што ѝ пишував на мојата Елен Лејбовиц...

30 април 2002 г.

Господине,

Во последниот каталог на изданијата на „La Découverte“ е најавено објавувањето на еден Атлас, кој го привлече моето внимание. Помислив да Ве запрашам дали би сакале да ви ја испратам оваа книга. Во исто време си реков дека овој Атлас не ве интересира. Но сепак, без да го очекувам вашиот одговор, јас ви ја испратив книгата по пошта, сметајќи дека таа сепак ќе ви се најде. А можеби е и извонредна, како што се вели во

критиката, па ќе ви послужи во вашата работа и размислувања.

Со сите мои најубави желби во вашата работа.

Елен Лејбовиц

30 avril 2002

Monsieur,

Dans le dernier catalogue des éditions "La Decouverte" l'annonce d'une nouvelle parution de cet Atlas á évidement attire mon attention. J'ai d'abord pensé vous demander si vous souhaiteriez que je vous envoie ce livre. Puis je me suis avisée que cette question risquait de vous embarrasser plutôt qu'autre chose. Donc, sans vous poser de questions je viens de vous léxpédier. Certes, je suppose que vous ne devez pas manquer d'ouvrages de ce genre, mais peut-être celui-ci s'il est aussi remarquable que le dit la critique, vous accompegnera utilement et amicalement dans vos réflexions.

Avec tous mes vœux pour votre travail.

Helene Lejbowicz

13 јуни 2002 г.

Господине,

Најпосле ја добив вашата разгледница од Неапол со мотиви од Помпеја. Во каква префинета атмосфера живееле овие луѓе! Оваа префинетост

асоцира на нешто патетично, кога се знае каква катастрофа преживеале луѓето живо претставени во цртежи по вулканската ерупција.

Свесна дека тоа нема да се случи никогаш јас не знам зошто ви пишувам за тоа? Но сепак јас тоа ќе ви го речам: многу би ми се допаднало да бидам една од вашите неаполски студентки кои ги следат вашите предавања за балканските литератури.

Кратките, но чести алузии кои ми ги правите за вашите односи со пишувањето често ме оставаат збунета. Тие прават да помислам на дефиницијата што еден книжевен критичар, самиот романсиер, ја даде еден ден:

„Романот е нервна депресивност, совладана од синтаксата!“ Има уште многу да се каже на таа тема. Но најпростото е да се започне да се посакува синтаксата секогаш да биде посилна, нели?

Елен Лејбовиц

Ce 13 juin 2002

Monsieur,

J’ai devant moi votre carte de Naples que je viens enfin de recevoir. Dans quel raffinement devaient vivre les habitants de Pompéi! Et ce raffinement a maintenant quelque chose de pathétique quand on pense à quelle catastrophe de telles peintures ont survécu.

Comme cela n’arrivera jamais, pourquoi vous le dire? Mais je vous le dis quand même: cela me plairait

beaucoup d'être une étudiante napolitaine écoutant un de vos cours sur les littératures balkaniques.

Les allusions brèves mais répétées que vous faites à vos rapports avec l'écriture me laissent perplexes. Elles me font penser à la définition qu'un critique littéraire, lui-même romancier, a donné un jour du roman. "Le roman, disait-il est une dépression nerveuse dominée par la syntaxe!!!" Il y aurait sans doute beaucoup à dire là-dessus. Le plus simple est de commencer par souhaiter que la syntaxe soit toujours la plus forte, n'est-ce pas?...

Hélène Lejbowicz

24 јуни 2002 г.

Господине,

Ја добив и вашата втора разгледница од Неапол. Овој пат не е во прашање „фарниенте" на италијанската пошта... или на француската која е причина за доцнењето, туку грешката во поштенскиот код што вие сте ја направиле и ја коригирал компетентен поштар.

*Го гледам овој убав акварел на Неаполскиот Залив и тоа ме потсетува на романот **Монтевидео** што го читав пред еден месец, напишан од неаполскиот автор Ери Де Лука. Посебен впечаток ми оставија зборовите кои се објавени на задната корица на книгата:*

„Секој од нас живее со еден ангел, така се вели, а ангелите не патуваат; а ако заминеш, ти

го губиш, ти преостанува да сретнеш еден друг. Ангелот кој се наоѓа во Неапол е бавен, тој не лета, туку оди пешки...“

И кога, вие исто така, оставивте еден ангел во Неапол, еден друг ве чекал во Скопје...

Елен Лејбовиц

Ce 24 VI 2002

Monsieur,

Je viens de recevoir votre deuxième carte de Naples. Cette fois-ci, ce n’est pas le “farniente” de la poste italienne… ou française, qui est la cause du retard, mais l’erreur de code postal que vous avez faite et qu’a corrigée un facteur complaisant.

Je regarde cette aquarelle de la baie de Naples, et cella me rappelle que j’ai là, depuis des mois, un roman (“Montevideo”) d’un auteur napolitain, Erri De Luca, dont je n’ai encore lu que les premières lignes de la quatrième de couverture: “Chacun de nous vit avec un ange, c’est ce qu’il dit, et les anges ne voyagent pas; si tu pars, tu le perds, tu dois en rencontrer un autre. Celui qu’il trouve à Naples est un ange lent, il ne vole pas, il va à pied…”

Alors, vous aussi, quand vous avez laissé un ange à Naples, un autre vous attendait, sans doute, à Skopje…

Hélène Lejbowicz

27 јуни 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Најтешко кога почнуваш да пишуваш е да бидеш и до крајот да останеш искрен, првин со себеси, што е услов таков да бидеш и со другите. Во денешните времиња на тотална емисија на знаци на комуницирање, кога книгата го губи некогашното значење, авторот постојано се опкружува со зборови како sидовите со огледала (според Кундера), во кој речиси не остава никаков пропуст да допре надворешен глас, надворешната светлина.

Во такви услови, како што вие убаво го цитирате во вашето писмо италијанскиот романсиер Ери де Лука, „романот е нервна депресивност, совладана од синтаксата“. Вие со право го поставувате прашањето како синтаксата да биде посилна? Можеби во тоа е и тајната на уметноста на романот? Наложувањето на својата синтакса, пишувајќи роман е мачен процес, зашто таа треба да придонесе авторот да се ослободи од таа мачнина!

Елијас Канети, на пример, сметаше дека треба да се пишува до моментот кога среќата на пишувањето ве доведува во состојба да поверувате во вашата сопствена несреќа! Тагата, осаматa, носталгијата, меланхолијата, го предизвикуваат пишувањето, но тоа не значи дека битката е песимистички чин.

За мене пишувањето отсекогаш значеше очекување да слушнам, да повратам некаков загубен глас, кој ја дополнува мојата хармонична потра-

ѓа! Можеби и затоа пишувам! Така пишувањето, во случајов на мојата балканска сага, прераснува во индиректен начин да се разбере, да се сака другиот. Во тој случај за мене е тешко да се пишува, но уште потешко ќе беше да не се пишува. Свесен сум дека за да се пишува треба да се сака, за да се сака мора да се разбира својата и судбината на другите. Но свесен сум дека романот е плод на човековата илузија, илузијата да се разбере другиот. Јас ја наследив таа илузија од мојот татко која никогаш не ја искажа, не ја објави макар што ја носеше со својот живот. Јас ја наследив татковата синтакса, со која тој ја совладуваше балканската комплексна и мачна судбина. Колективната депресивност. Синдромот...

Јас сум свесен дека читателот го создава писателот. Започнав да пишувам имајќи го мојот татко како прв читател, кој ме водеше во пишувањето, во охрабрувањето да се истрае, како што нè водеше во животот. Сè што тој премолчуваше во животот, си презедов мисија, јас да го кажам, да го напишам.

Мојата синтакса во одбраната на неговиот живот, на неговите јазици, на неговите татковини, беше многу посложена отколку што можев да претпоставам. Но никогаш не ја губев надежта дека еден ден ќе ја откријам, дополнам и пренесам неговата вистина за неговиот живот на Балканот, за апотеозата на неговото читање, кое прерасна во откритие на една ракописна Атлантида, на старите отомански судски записи од XVI до XIX век на Балканот, за три века исче-

знашо време, во која се криеше меморијата на нашиште балкански идентишети.

Во живошош шшо му преосшануваше ѓи шолкуваше овие записи, оваа заробена меморија од времешо. Но не сшиѓна да пишува за нив, друѓиште шоа ѓо сшорија, макар шшо појдоа по друѓ пашь, не шолку досшоен на откровениешо. Јас решив неѓоваша судбина да ја раскажам во романош ***Тврдина од йейел****, чиј наслов, како шшо ми пишуваше, ви се допаѓа, покрај неѓовиош шраѓизам.*

Големиште романсиери нѐ учаш дека во нашиош живош во кој е поизвесен поразош откколку шриумфош, единсшвенаша уша шшо ни преосшанува да ја разбереме нашаша судбина, е да исшраеме во меѓусебношо разбирање, прифаќајќи ја висшинаша на умешноса на романош. Ќе бидам среќен, почишувана ѓосйоѓо Лејбовиц еден ден да ве имам за чишашелка и на мојош роман ***Тврдина од йейел****, дойолнувајќи ви ја судбинаша на ликош на Ташкошо во мојаша балканска саѓа, поради кој вие и продолжуваше да ми пишуваше...*

Со најубави пријашелски чувсшва ваш
Луан Сшарова

XLIV

Бев изненаден од европската солидарност со моите Козички и нивната метафоричка вистина. Книгата беше преведена и прифатена во целото германско јазично подрачје, со прекрасна презентација во Виена, во Лихтентштајн палатата, по повод

изложбата 50 години уметност во Централа Европа. Потоа вистината за метафората на кревките балкански Козички се пренесе во Италија, во Грција (со прекрасен предговор на грчкото издание од писателот Василис Василикос, познат и како сценарист на легендарниот филм на Костас Гаврас „З“), па во Албанија, Романија, Турција, Бугарија, Полска, Хрватска и во други земји. Ја известував мојата читателка Елен Лејбовиц за сите овие убави настани поврзани со мојата балканска сага. Знаев дека за разлика од многумина, во моите земји, Елен Лејбовиц се радуваше од длабината на својата душа. Јас тоа го чувствував. И затоа редовно ѝ пишував од градовите каде што ги придружував своите Козички. Ѝ ги испраќав записите и критиките што се појавуваа во таа земја. Нејзината радост за успесите на сагата беше силна, како некогаш татковата. Има секогаш смисла за некого да се пишува. Книгата има своја судбина... Ѝ пишував и од Мостар... од Сараево... за урнатите мостови... И за градбата на нови... Трагав по заедничката солидарност во нашата преписка...

1 јули 2002 г.

Господине,

Се разбира, мене можат само да ме радуваат убавите новости што ми ги најавувате во врска со објавувањето на вашите книги на странски јазици.

Што се однесува до романот ***Времето на козите*** *и неговото објавување во повеќе земји... јас*

жалам што не припаѓам на народите наречени „примитивни“ кои веруваат не само во надживувањето на душите на луѓето по смртта, туку исто така и во оние на животните.

Би си го замислила вашето стадо кози, хероини, по смртта, собрани околу Сталинка, во текот на откривањето на другиот свет, на нивната посмртна судбина. Тие, козичките, родени некаде, сокриени во ридестиот Балкан, чија егзистенција минувала под силни закани, еве сега како огромно стадо напредува полека од едниот во другиот крај на Европа. Каков чудесен собир на изненадени и воодушевени кози ќе биде тоа во другиот свет!

Елен Лејбовиц

Ce 1 juillet 2002

Monsieur,

Evidemment je n'ai pu que me réjouir des bonnes nouvelles que vous m'avez annoncées.

Concernant "Le temps des chèvres" et sa parution dans différents pays… Je regrette presque de ne pas appartenir à ces peuples dits "primitifs" qui croient non seulement la survie des âmes humaines après la mort, mais aussi à celle des animaux. J'imaginerais le troupeau de chèvres, héroïnes de votre livre, rassemblées autour de Stalinette, en train de découvrir, depuis l'autre monde, leur destin posthume. Elles qui étaient nées dans un coin perdu des Balkans et dont l'existence a été tellement menacée, voilà désormais leur immense trou-

peau qui avance lentement d'une extrémité de l'Europe à l'autre. Quel magnifique colloque de chèvres surprises et émerveillées cela ferait dans l'au-delà!

Hélène Lejbowicz

9 јули 2002 г.

Господине,

Вие ми испративте повеќе разгледници од Мостар. Дали знаете дека се прават подготовки повторно да се изгради разурнатиот мост на Неретва. Ми причини големо задоволство читањето на статијата од која дознав дека Французи се ангажирани во повторната изградба на мостот и посебно фактот дека еден професор, Тристан Шеба, роден во Монпелје ги подучува младите Босанци и Хрвати како да ги делкаат камените блокови од кои ќе биде изграден мостот.

Ви ја испраќам статијата!

Особено срдечно ваша
Елен Лејбовиц

Ce 9 VII 2002

Monsieur,

Vous m'avez envoyé plusieurs cartes du pont de Mostar. Sans doute savez-vous qu'on se prépare á le reconstruire. Cela me fait plaisir de lire dans cet article que ce sont des Français aussi qui s'en occuperont, et

particulièrement qu'un professeur originaire de Montpellier enseigne á de jeunes bosniaques et croates comment tailler la pierre.

Bien cordialement

A vous
Helen Lejbowicz

15 јули 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Ние Балканците сме посебно чувствителни на градбата на мостовите. Тие се како нашите животи. Мостовите се негација на границите, на делбите, на ѕидовите помеѓу народите. И неслучајно, јас ви испратив неколку разгледници од Мостар, најден на местото каде што беше некогашниот Стар мост на реката Неретва и во самиот град, крај стравични урнатини, какви што гледавме по Втората светска војна. Не можев а да не ви пишувам од Мостар, макар во две разгледници.

Неретва ја минавме низ еден помошен, привремен мост крај новиот што е во тек на градба. Ви благодарам за статијата што ми ја испративте за градбата на новиот Стар мост. Таа ми ги збогатува спомените. Повторно ќе бидат поврзани двата брега, низ кој ќе минува надежта дека луѓето еден ден ќе се помират и ќе живеат заедно. На Балканот сега дилемата е хамлетовска: ѕидови или мостови, заедно или разделени! Има симболика и во фактот што во градбата на Стариот мост учествува Европската унија, Светската банка и

УНЕСКО. Мостот како надеж на поврзување со Европа. Покрај инженерот Тристан Шеба кој ги подучуваше младите Босанци во мостоградбата, за кого ми пишуваше, во Мостар го сретнав и инженерот Жил Пеке, кој учествувал во градбата на четиринаесет урнати мостови во регионот. Тој сакаше да ја врати душата на стариот мост. Ги познаваше сите негови дамнешни тајни уште од неговата градба во 1566 година од архитектот Хајредин, ученик на славниот архитект Синан, познат по најзначајните градби од времето на султанот Сулејман Величественият.

Европските архитекти се свесни, Жил Пеке во прв ред, дека Стариот мост има голема симболична вредност. Повеќе од четири века, сè до фаталната ноемвриска ноќ на 1993 година, на бомбардирањето од фанатизираните националисти, камениот свод на мостот беше душата на градот и го отелотворуваше неговото мултикултурно наследство. Војните, освојувањата, дури и сеизмичките потреси на балканската почва, го штедеа мостот во текот на четири века.

Стариот мост им служеше на сите. Сите ги поврзуваше, никогаш не ги разделуваше. Во мостот над вечните води на Неретва беше задржана меморијата на исчезнатите времиња. Величината на мостот беше не само во тоа што поврзуваше два брега, туку овде Запад и Исток си подаваа рака еден на друг. Мостот беше физички урнат но тој живееше неуништен.

Ваш Луан Старова

XLV

При моите патувања во Франција подгревав потсвесни илузии да ја посетам, најпосле да ја видам Елен Лејбовиц, макар што таа исклучуваше категорично ваква можност. Моите желби да ја видам мојата таинствена читателка, сега толку блиска до мојот живот, до моето семејство и блиските, станаа уште поголеми и, верував возможни кога требаше да патувам на еден медитерански поетски собир во гратчето на јужна Франција Лодев, кое не беше далеку од крајморското Фрежис, каде што лете живееше Елен Лејбовиц.

Ѝ напишав дека со мојата Гзиме, ќе престојуваме во Лодев, се разбира со дискретна и ненаметлива алузија дека би сакале да ја посетиме, кога веќе нема да бидеме толку далеку од неа. Немав никаков одговор за тоа, ниту алузија на алузијата за можното среќавање и веќе бев конечно помирен со тоа дека никогаш нема да ја видам Елен Лејбовиц.

Но таа упорно ја одржуваше преписката така што од 5 август до 15 септември ми испрати десетина кратки писма, сведочејќи дека и покрај здравствените проблеми кои ги има, не престануваше активно да живее и со моите далечни „балкански проблеми“, со судбината на мојата балканска сага, со политичката ситуација во Македонија, со настаните во светот по 11 септември во Њујорк.

Со ништо не можеше да се насети дека нашата преписка се ближеше кон својот крај, но за тоа немаше конкретна најава. Јас се надевав дека таа ќе остане и натаму со мојата балканска сага. Не пре-

станував да ѝ пишувам за идните книги кои продолжував да ги пишувам како Т**врдина од пепел, Патот на јагулите, Ервехе – книга за една мајка, Љубовта на генералот,** во очекување да бидат преведени на француски јазик. Мислев дека со новите книги ќе го задржам уште долго време вниманието на Елен Лејбовиц. Таква беше мојата стратегија, но не беше иста и нејзината.

Нашата преписка сепак продолжуваше. Не одговарав на секое нејзино писмо, таа впрочем тоа и го очекуваше, не ѝ одговарав повеќе од претпазливост. Остануваше непишаниот договор, да не се следи редовниот тек на преписката. Секој да пишува според сопствениот внатрешен порив, неизвесниот поттик. Повторно од нејзините писма претчувствував, колку и да беше присутна во позначајните моменти од мојот живот и пишување, дека таа постепено се оддалечува од мене. Но остануваше ревносна во прикривањето на трагите од можното оддалечување од преписката и конечното исчезнување. Јас трагав по секој и најмал повод во нејзините писма за да го заслужам нејзиното продолжено внимание. Така би и со мојот збирен одговор, покрај поединечните...

5 август 2002 г.

Господине,

Ми се случуваше да мислам на вас додека вие бевте во Лодев (во јужна Франција, з.м.). Но моите мисли, да ја говорам вистината, беа повеќе од метеоролошки отколку од книжевен карактер. Пре-

стојувајќи, уште од месец мај во овој крај на швајцарска Жура на 1000 метри надморска височина каде што најчесто е многу топло. Овој департман на Ерo (l'Herault) во кој живеам долго време многу добро го познавам, но тој одовде ми прилегаше на врник. И јас како да ве гледав крај врникот, задоволувајќи се со надежта дека ќе ја поднесете горештината за да се чувствувате што подобро во интересните средби со медитеранските писатели.

Особено срдечно
Елен Лејбовиц

Се 5 VIII 2002

Monsieur,

Certes, il m'est arrivé de penser à vous tandis que vous étiez à Lodève. Mais, à la vérité, mes pensées étaient plus météorologiques que littéraires. Etant, depuis le mois de mai dans un coin du Jura suisse à 1000 mètre d'attitude où je trouve souvent qu'il fait trop chaud, ce département de l'Hérault, que je connais bien pour l'avoir longtemps habité, m'apparaissait d'ici comme une fournaise. Et je vous voyais donc au milieu d'une fournaise, me contentant d'espérer que vous supportiez bien la chaleur pour pouvoir apprécier cette rencontre avec des écrivains sans doute intéressants et originaux.

Bien cordialement
Hélène Lejbowicz

12 август 2002 г.

Господине,

Вашата медитеранска коза најпосле пристигна во овој крај на Швајцарија, но каде што најчесто се сретнуваат крави! Јас впрочем ништо не знам за козарството во Швајцарија...

А што се однесува до песната што ја придружува, тешко ми е веднаш да ја протолкувам. Се разбира, тоа ќе го направам со помош на тоа што сум можела да разберам од вашите религиозни претпоставки читајќи ги вашите книги, но се разбира дека тоа би можело да се направи и на друг начин.

Ми се чини дека минатата година, по патувањето од Струга за Скопје, на 14 август, вие ми напишавте дека на тој ден е вашиот роденден. Значи тоа ќе биде задутре. Тогаш, среќен роденден!!!... И нека вистинските или симболичните свеќи кои по обичај се палат на тој ден бидат ветувања за успех на вашите книги.

Елен Лејбовиц

Ce 12 août 2002

Monsieur,

Votre chèvre méditerranéenne a fini par arriver dans ce coin de Suisse, où on rencontre surtout des vaches! J'ignore d'ailleurs ce qu'il en est de l'élevage des chèvres en Suisse…

Quand au poème qui l'accompagne, il est certain qu'une forme aussi brève est difficile à interpréter. Je l'ai fait, évidemment, à l'aide de ce que j'ai pu comprendre de vos interrogations religieuses en lisant vos livres, mais sans doute peut-on aussi le faire autrement.

Il me semble que l'an dernier, ayant fait le voyage de Struga à Skopje, le 14 août, vous m'aviez dit que c'était justement le jour de votre anniversaire. Ce sera donc après demain. Alors, bon anniversaire! Et que les bougies réelles ou symboliques que l'on a coutume d'allumer ce jour-là soient des promesses de succès pour vos livres.

Hélène Lejbowicz

23 август 2002 г.

Господине,

Ви испраќам во прилог еден лист фотокопија што ја направив пред извесно време, со намера за да ви ја испратам.

Бидејќи вашето дело за Фаик Коница и Гијом Аполинер фигурира во колекцијата „Балканика" на парискиот издавач L' Esprit des Peninsules, јас претпоставувам дека вие сте останале повеќе или помалку во контакт со издавачот Ерик Ноло. Ако ви се даде можност, вие треба да му кажете дека во неговата листа на објавени дела тој треба, по насловот на книгата, да прецизира дека трудот е ваш.

Зошто оваа сугестија?...

Еден ден јас побарав од една пријателка која патуваше во Париз да направи една проба: да

влезе во една голема книжарница и да побара дали имаат книги од Луан Старова. Резултатот беше следниот: вашето име му беше непознато на книжарот, но напротив, кога му беше спомната книгата ***Времето на козите****, тој рекол дека му бил познат овој наслов.*

Значи Французите, генерално, а книжарите посебно, не се толку во тек со имињата на странските автори, но ако не се спомнуваат овие имиња кога треба да бидат спомнувани, нема надеж тие да напредуваат!!!

Толку за денес...

Најсрдечно
Елен Лејбовиц

Се 23 VIII 2002

Monsieur,

Ci-joint une photocopie que j'avais faite, il y a quelque temps, avec l'intention de vous l'envoyer.

Puisque votre ouvrage sur Faik Konitza et Apollinaire figure dans sa collection, je suppose que vous devez être plus ou moins resté en contact avec Eric Naulleau. A l'occasion, il faudrait que vous puissiez lui dire que dans cette liste des ouvrages publiés il devrait, après le titre, faire préciser que ce travail est de vous.

Pourquoi cette suggestion?... Un jour, j'ai demandé à une amie qui allait à Paris de faire un test: entrer dans une grande librairie et demander s'ils

avaient des livres de Luan Starova. Et le résultat fut le suivant: votre nom n'évoquait rien pour le libraire; en revanche, quand elle a mentionné "Le temps des chèvres", il a dit qu'il connaissait le titre.

Certes, les Français en général, et les libraires français en particulier, ne sont peut-être pas très donés pour retenir les noms des écrivains étrangers; mais si on ne mentionne pas ces noms quand ils devraient être mentionnés, ils ne risquent pas de faire des progrès!!!

Voilà donc pour aujourd'hui…

Bien cordialement
Hélène Lejbowicz

8 септември 2002 г.

Господине,

Ми пишувавте дека ќе ми ја испратите вашата најнова објавена книга ***Тврдина од пепел...*** *Притоа веднаш се сетив дека кон почетокот на месец мај, пред моето заминување за Швајцарија, јас ви го испратив Атласот на народите на Централна Европа. Немајќи никогаш потврда дали сте ја добиле книгата, а ако не сте ја добиле треба да се распрашам во пошта по моето враќање во Франција, дали можете веднаш да ми одговорите?...*

Со мојата благодарност...

Елен Лејбовиц

Ce 8 IX 2002

Monsieur,

Vous m'avez écrit que vous alliez m'envoyer votre livre "Forteresse de cendre" qui vient de paraître… Cela m'a soudain rappelé qu'au début du mois de mai dernier, avant mon départ pour la Suisse, je vous ai envoyé un "Atlas des peuples d'Europe centrale". Comme je n'ai jamais eu la confirmation qu'il était bien arrivé, c'est peut-être que vous ne l'avez pas reçu, et il faudrait que je fasse des recherches à mon retour en France. Pourriez vous donc me le préciser?...

Avec mes remerciements.

Hélène Lejbowicz

Фрежис, 15 септември 2002 г.

Господине,

Една година подоцна, се одржа голема комеморација, по повод атентатот против World Trade Center. Овој настан како да ги покри сите други во светот.

Во вашиот последен е-мајл вие спомнавте за рапите на патот помеѓу Струга и Скопје, што значи, како што можам јас да претпоставам, дека ситуацијата во Македонија сè уште не е стабилна. Но кога медиумите престануваат да спомнуваат некои земји, тоа е како таму времето да запрело. На крајот се заборава дека сите овие популации за кои повеќе ништо не се слуша про-

должуваат да се мачат во истите тешкотии, во истата неизвесност. Но еве денес, на 16 септември, се зборува за избори кои се одржале вчера. И по кои всушност владее неизвесност.

Јас се надевам дека „медитеранските земји“ каде што г. Крисман набргу ќе службува не се предалеку од кај вас. Сигурно е поволно за еден автор да има близу еден од своите преведувачи, а особено кога има преведувач од толку голема не само интелектуална туку и морална моќ. Јас се надевам дека боговите ќе ја одржуваат вашата слога со вашиот преведувач.

Елен Лејбовиц

Fréjus, ce 15 septembre 2002

Monsieur,

On a donc, un an après, célébré à grand bruit l'attentat contre le World Trade Center. Et il y a ainsi des événements qui éclipsent presque tout ce qui passe ailleurs dans le monde.

Dans votre dernier e-mail vous avez fait allusion aux barrages sur les routes entre Struga et Skopje, ce qui signifie, je suppose, que la situation en Macédoine est loin d'être stabilisée. Mais quand les médias cessent de mentionner certains pays, c'est comme si, là-bas, le temps s'était arrété. On finit par oublier que toutes ces populations dont on n'entend plus parler continent à se débattre dans les mêmes difficultés, les mêmes incertitudes.

J'espère que « le pays méditerranéen » où Monsieur Chrismant sera désormais en poste ne se trouve pas trop éloigné de chez vous. Il doit être réconfortant pour un auteur de savoir un de ses traducteurs à proximité, surtout lorsque ce traducteur possède une telle envergure non seulement intellectuelle mais morale. J'espère que les Dieux vous accorderont toujours ce genre de réconfort.

Hélène Lejbowicz

Фрежис, 9 октомври 2002 г.

Господине, ова име и адреса (Атанас Талевски, улица „Коста Абраш" бр. 19, 6000 Охрид, Македонија), бездруго ќе ве изненади. Но објаснувањето следува.

Во текот на летото, мои пријателки го посетија замокот на Гордос (недалеку од Арл). И запознаа еден млад фотограф од Македонија кој тука имаше изложба. Кога меѓу изложените фотографии видоа слики од Охридското Езеро, стада кози итн., моите пријателки му зборуваа за вас и за вашите книги. Макар што не ве видел никогаш, младиот фотограф знаел добро кој сте и дека пишувате. И пред да заминат моите пријателки на една средба, тој им ја дал својата адреса.

Еве како стигнал во Прованса, еден неочекуван одек од вашето чудесно Езеро.

Елен Лејбовиц

Fréjus, ce 9 X 2002

Monsieur,

Ce nom et cette adresse vous surprendront sans doute. En voici l'explication.

Durant l'été, des amies visitant le château de Gordes (pas très loin d'Arles) découvrirent un jeune photographe macédonien qui y faisait in exposition. Quand elles virent parmi ses photos le lac d'Ohrid, des troupeaux de chèvres etc.… elles s'empressèrent de lui parler de vous et de vos livres. Même s'il ne vous a jamais rencontré, ce jeune homme semblait, paraît-il, bien savoir qui vous êtes et ce que vous faites. Et avant de quitter mes amies pour un rendez-vous, il leur a donné son adresse.

Voici donc, venu de Provence, un écho inattendu de votre lac enchanteur.

Hélène Lejbowicz

12 октомври 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Ми пишуваше неодамна на крајот на едно писмо дека зиме кога е ведро ѕвездите поубаво се гледаат отколку лете. Зиме, во Скопје, и кога ноќите се ведри, ѕвездите речиси не се гледаат. Во моето сеќавање најсилно светеле ѕвездите во летните ноќи минати крај манастирот Свети Наум на Охридското Езеро, на самата граница помеѓу Албанија и Македонија (за што и раска-

жувам во новелата ***Манастир*** *од книгата* ***Балкански клуч)*** *и во ноќите минати во манастирот Свети Пантелејмон, на планината Водно крај Скопје (изграден во XI век, со фрески почнувајќи од овој период, бисери на византиската уметност).*

Ѕвездите, како во чудесни небесни ѓердани светлина, со нивната небесна тишина ги ронеа своите сребрени зраци врз езерото обесмислувајќи ги границите, доближувајќи нè со луѓето од другата страна на границата. Таа ѕвездена светлина никогаш не се заборава. Ѕвездата, како божја светлина, невидлива, останува внатре во нас, ни ја осветлува душата, го обесмислува егзилот, ја јакне во нас вербата дека сме свои и на другиот брег, отаде сè. Чувствувам понекогаш, кога сакам да ги пренесам чувствата од допирот со светлината на ѕвездите како таа ми се пренесува во секој збор со кој сакам да ја совладам далечината, да се најдам во времето.

Во градот Скопје во кој запре татковата егзилска одисеја и запреа сите негови илузии дека ќе најде подобар свет за нашата иднина, градот во кој го изодев речиси животот и не ги прифатив можните предизвици да ја продолжам некогашната таткова одисеја, најчудесно ѕвездено откровение имав, како што веќе ви напомнав, во манастирот Свети Пантелејмон во далечното лето на 1959 година.

По завршената гимназија, во тој можеби најубав период во младоста пред започнувањето на студиите, станав дел од тогашната југословенска младост која учествуваше на доброволни

младински работни акции ширум земјата, од Триглав до Гевгелија, како што се велеше. Се мешаше младоста на народите и „народностите“, во работни акции и братско дружење на млади луѓе, чии поблиски и подалечни предци некогаш живееја во омраза, непријателство и братоубиствени судири. Јас се најдов тоа рано лето на 1959 година во Загреб на доброволни работни акции во изградба на Насипот на Сава. Со здобиеното искуство, истото лето по враќањето од Загреб, со добиената сивозелена униформа и ударничката значка, се најдов со група младинци на нова работна акција на садење на млада шума околу манастирот Свети Пантелејмон крај Скопје. Покрај манастирската црква со историските фрески и конаците во кои бевме сместени, во атарот на манастирот што беше ограден со висока камена ограда се шреше и чудесна, речиси пасторална зелена полјанка од која, ноќе ги гледавме како на дланка ѕвездите над Скопје.

Во една таква ноќ, кога светлината на свеќите и ламбите, беше немоќна пред светлината на ѕвездите, тишината ја прекина силно удирање на големата манастирска порта. Се слушна лаеж на кучиња. Се доближивме до вратата. Од другата страна преку малото прозорче на вратата ни се обрати еден млад човек на француски јазик: „Ние сме група француски студенти по медицина. Бевме во Белград во посета на колеги на Медицинскиот факултет! Ни препорачаа да не ја пропуштиме посетата на манастирот Свети Пантелејмон. Од железничката станица во Скопје иде-

ме пешки. Ве молиме да нè прифатите ноќва во атаро̄т на манастиро̄т. Утре о̄тка̄ко ќе го̄ разго̄ледаме манастиро̄т ќе заминеме!“ Со моето то̄га̄шно го̄мназиско знаење на францускио̄т јазик, до̄полнително култивирано, како до̄го̄ворен на младинската ра̄бо̄тна брӣга̄да, на свој ризик, прифатив француските студенти да влезат во манастӣро̄т. Велам на свој ризик, о̄тти имаше еден до̄го̄ворен „шумарски инженер“, кој беше задолжен од власта, се разбира и од партијата, по̄д чија надлежност беа одлуките од секаков вид.

Француските студенти беа уморни, исцрпени од до̄лго̄ио̄т па̄т. Веднаш нашио̄т го̄твач им ја свари количината од макаронитте што ни беше наменета за друго̄ио̄т ден. Ги по̄деливме нашите ќебиња со нив. Останавме сите заедно по̄д ѕвездено̄то небо заедно до изго̄ревот на сонцето. Утро̄то тие го̄ разго̄ледаа манастӣро̄т, се сликаа со нас и заминаа пешки кон Железничката станица за да го̄ фатат утринскио̄т воз за Белго̄рад. На заминување, со водачо̄т на го̄рупата, то̄га̄ш апсолвент по̄ медицина на Медицинскио̄т факулте̄т во Лион, Жерар Кастел, разменивме адреси.

Пред заминувањето на редовната работа, стиго̄на нашио̄т „шумар“, кому морав да му реферирам за ноќните настани, за по̄трошените резерви во храна. Стро̄го̄ и сомнително ме го̄ледаше додека му го̄ворев за сторено̄то. Тој кра̄тко рече дека тоа не сум смеел да го̄ сторам и дека за тоа ќе морам да сносам по̄следици, но на крајо̄т од акцијата. Го̄твачо̄т успеа да ни по̄дго̄тви оброци од преостана̄тите тро̄шки храна. Акцијата заврши

успешно, додека „шумарот“ веројатно се смилува или неговата достава не доби тек.

Од тој настан минаа четири години. Во меѓувреме, Жерар Кастел ги заврши студиите по медицина во Лион. Ми пишуваше два-три пати, му одговорив само еднаш. И кога се чинеше дека заборавот меѓу нас беше конечен, по катастрофалниот земјотрес во Скопје, од 26 јули 1963, ми стигна телеграма, па писмо од мојот речиси заборавен француски пријател Жерар Кастел и сите негови колеги, со кои тогаш заедно ги гледавме ѕвездите на небото над Скопје, сега познати лекари, кои нудеа секаков вид помош, лекарско присуство, материјална помош. Бев трогнат од нивната солидарност, од нивната верност кон пријателството. Потоа, повторно продолжи мојата преписка со Жерар Кастел. Траеше неколку години. Тој во меѓувреме докторира, работеше во големите лионски болници. И повтрно, по моја вина, преписката запре.

При мојот долгогодишен престој во Франција, како дипломат, во 1998 година се дадов во потрага по мојот стар пријател. Ми падна првин во раце листата на француските лекари. Во неа најдов две исти имиња Жерар Кастел, двајца лекари специјалисти. Му се јавив на првиот. Имав среќа! Тоа беше мојот стар пријател Жерар Кастел. Беше среќен. Се сретнавме по 39 години. Наредната година со нашите семејства во манастирот Свети Пантелејмон, сега урбанизиран, ја прославивме 40-годишнината од нашето пријателство. Беше ведра ноќ. Ги чекавме нашите верни ѕвезди.

Тие беа разрешчени во небото. Ѕвездите на нашето пријателство...

Почитувана госпоѓо Елен Лејбовиц, дозволете ми да ви речам драга пријателке, би ме радувало во животот, еден ден да ви ги покажам истите ѕвезди над Скопје, кај манастирот Свети Пантелејмон и над Охридско Езеро, крај манастирот Свети Наум...

Ваш Луан Старова

XLVI

Имав чувство, нагласена интуиција во текот на бујната преписка, дека колку повеќе Елен Лејбовиц навлегуваше во суштината на моето пишување, таа како конечно да се оддалечуваше од мене, најавувајќи дека нејзината мисија во откривањето и проширувањето на мојата балканска сага за неа како да завршуваше.

Се обидував со сета моќ да ја задржам во мојот свет, но таа сигурно се оддалечуваше макар што сè уште немав директни докази за тоа. Сакав да ја убедам дека сум на половина пат во пишувањето на мојата балканска сага, дека не сум ги открил сите глобални метафори во татковата библиотека, од кои ќе произлезат нови книги, кои ќе беа пишувани за неа како прв и вистински читател, за кој впрочем и вреди да се пишува!

Не знаев во која возраст на животот е Елен Лејбовиц, дали е уморна од него, па покажува послаб интерес за дотогашните интензивни активности,

меѓу кои беше и активното следење на мојата балканска сага.

Како што некогаш пред и по татковото починување, мајка ми сè до последните денови од животот остана верен чувар на татковите книги, имав чувство дека и Елен Лејбовиц стануваше, на еден друг начин, верен чувар на моите книги, задлабочен толкувач на нивните значења, кои се објавуваа во Франција. И нешто повеќе, таа со своето длабоко и проникливо читање, со одбрана на книгите кај издавачите и препораките кај читателите, своите пријатели, стануваше еден вид ангел чувар на моето пишување. Но насетив дека таа ми го најавуваше последното читање сакајќи конечно не само да ми ја открие генезата на моето пишување, суштината на мојот и семејниот егзил и конечно да ја помести мојата потрага во доменот на мистеријата, а мојата личност во мистиката. Го примав ова толкување како ново сознание за себеси, но и како силен мотив да ја продолжам потрагата...

30 октомври 2002 г.

Господине,

Како што веќе ви напишав, во текот на летото ја прочитав вашата книга ***Балкански клуч****. И еве сега, оставајќи да мине малку време за да отстојат работите, би сакала да ви кажам дека ова читање ми овозможи да го разберам најбитното во вашето пишување. Значи, еве: ми се чини дека вистинската генеза на вашата книжевна*

вокација како и нејзината природа можат на најдобар начин да се откријат во вашата новела „Манастир“.

За поголемиот дел луѓе во егзил, изгубената татковина се наоѓа некаде далеку, а некогаш дури и предалеку, на другиот крај од светот. За вас, татковината се наоѓа на спротивниот брег на Езерото, кој истовремено е непристапен – а видлив – бидејќи секакво враќање е невозможно. И нема сомнение, оваа мошне посебна состојба, помеѓу приспапното и неприспапното, дефинитивно ја има означено вашата судбина. Вие, би сакале некое место во кое конечно ќе се фиксирате, но тоа постојано ви бега и вие треба постојано повторно да го освојувате, постојано да пресоздавате. Ова ќе добие облик на потрага и пишување за вашето семејство, за изгубените татковини и различните искуства во егзил. Но дали потрагата се сведува само на ова?

Но ми недостигаат бездруго многу елементи за да потврдам што и да било кое се однесува на вас, но јас верувам дека вие сте пред сè, една длабоко мистична природа и тоа што вие навистина го барате, тоа се други простори од она што можат да бидат овоземските татковини, други времиња во следот на генерациите... Затоа вие впрочем доживувате потреба да пишувате една по друга книга прашувајќи се морничаво дали некогаш ќе стигнете конечно да го згрчите она што постојано ви бега.

Сите човечки суштества, од кои малкумина имаат некаква свест за нивниот внатрешен жи-

вот, чувствуваат дека се наоѓаат на границата помеѓу видливото и невидливото, на чујното и на нечујното, на допирливото и на недопирливото. Околностите предизвикале оваа крајна линија за вас да земе форма на реална граница, која се изедначува со неа.

Значи, ако повеќето граници се банални, и не се агресивни, вашата граница на чудесен начин била создадена во прозирните води на едно езеро. Како оттогаш да не се живее со носталгијата на тоа што се наоѓа отаде огледалото? Дури, во реалноста, тоа отаде, на спротивниот брег било претворено во затвор. Кога изгубениот рај објективно се претвора во затвор, не преостанува ништо друго освен да се пребарува во самиот себе. И токму тоа вие се обидувате да го направите како млад кога престојувавте во манастирот на брегот на езерото.

*За да ги смири вознемирените браќа поради промените што ги забележале по вашето враќање од Албанија (според епилогот во романот **Атеистички музеј**), вашата мајка им вели дека пак ќе си дојдам на своето. Но дали таа била вистински убедена во тоа? Песната **Пред пагода**[†] што ми ја*

[†] **Стапување во пагода**

Пред пагодата
Буда замислен ме пречекува
од каменот
погледот му зрачи
верата
да му се прифати
се искачувам
по кружните скали на

испративте во август, е друг облик на вашата немирна и неизвесна потрага.

Новелата завршува со реченицата:

„Јас и подоцна не прекинав да се враќам кај манастирот во потрага по некаков фрагмент вистина.“

Јас верувам, тоа што вие ќе продолжите да го барате, ќе биде потрага по фрагмент од вас самиот, а потрагата по самиот себе никогаш не завршува. За среќа! Зашто нема ли да ризикуваме да се најдеме пред празнина! И искуството на празнината нели е поочајничко од она на непристапното?

Елен Лејбовиц

Fréjus, ce 30 octobre 2002

Monsieur,

Ainsi que je vous l'avais écrit, je crois, j'ai relu au cours de l'été dernier ***Une clé balkanique****. Et maintenant, ayant laissé passer quelque temps pour prendre un peu de recul, je voudrais vous dire ce que cette lecture*

пагодата
и го продолжувам
некогаш започнатото искачување
од врвот на минарето
преку врвот на катедралата
Горе
ме обзема вртоглавица
поради изгубената рамнотежа
помеѓу мене и просторот

(Пред пагодата Тајан во Кина, 1982)

m'a fait comprendre de plus important. Alors, voilá: il me semble que la véritable origine de votre vocation littéraire ainsi que la nature de cette vocation est à découvrir dans la nouvelle intitulée ***Le Monastère****.*

Pour la plupart des exilés, la patrie perdue se situe au loin, et même quelquefois très loin, à l'autre bout du monde. Pour vous elle se situait sur la rive oppose d'un lac à la fois accessible –puisque visible – et inaccessible, puisque tout retour était impossible. Et c'est sans doute dans cette situation très singulière, entre l'accessible et l'inaccessible, qui a marqué définitivement votre destinée. Vous voudriez fixer quelque chose que vous tenez, mais qui en même temps se dérobe, et qu'il faut donc sans cesse rattraper, sans cesse recréer. Cela a pris la forme d'enquêtes et de récits sur vos familles, sur des patries perdues et la différente expérience de l'exil. Mais cette recherche se réduit-elle seulement à cela?

Il me manque certainement beaucoup d'éléments pour affirmer quoi que ce soit vous concernant, mais je crois que vous êtes, avant tout, d'une nature profondément mystique, et que ce que vous recherchez vraiment, c'est d'autres espaces que celui de patries terrestres, d'autres temps que ceux de la suite des générations… C'est pourquoi vous éprouvez le besoin d'écrire un livre après l'autre en vous demandant avec angoisse si vous arriverez jamais à saisir définitivement ce qui ne cesse de vous échapper.

Tous les êtres humains, pour peu qu'ils aient une certaine conscience de leur vie intérieure, sentent qu'ils sont placés à la limite du visible et de l'invisible, de l'audible et de l'inaudible, de tangible et de l'intangible.

Les circonstances ont fait que cette limite a pris pour vous la forme d'une frontière réelle et s'est confondue avec elle. Or, si la plupart des frontières sont banales, sinon agressives ou même hideuses, celle-là, miraculeusement, était faite des eaux miroitantes d'un lac. Comment dès lors ne pas vivre avec la nostalgie de ce qu'il y avait au-delà de ce miroir, même si, dans la réalité, cet au-delà sur la rive en face était devenu une prison. Quand le paradis perdu s'est transformé objectivement en enfer, il ne reste plus qu'à le rechercher en soi-même. Et c'est ce que vous tentez de faire depuis qu'adolescent vous avez séjourné dans ce Monastère au bord du lac.

Lorsque, pour rassurer vos frères inquiets des changements qu'à votre retour ils notaient en vous, votre mère leur disait que cela allait passer, en était-elle réellement persuadée?... Il est évident que cela ne vous a pas passé du tout et que cette expérience troublante que vous aviez faite alors n'a cessé de vous hanter. "Le poème devant la Pagode",‡ que vous m'avez*

---

* **Entrant dans la pagode**

Devant la pagode
Boudha m'accueille songeur
Dans la pierre
Son regard ordonne
Que sa foi
Soit acceptée
Je grimpe
Les escaliers en colimaçon
De la Pagode
Et je continue
La montée
Jadis commencée
Depuis le sommet du minaret
Par-dessus le sommet de la cathédrale

envoyée au mois d'août dernier, est une autre forme d'expression de cette recherche inquiète.

La nouvelle se termine avec cette phrase: "Je n'ai donc par suite jamais manqué de revenir au Monastère en quête d'un nouveau fragment de vérité". Je crois plutôt que ce que vous allez chercher, c'est un nouveau fragment de vous-même, et que si la recherche de la vérité est une entreprise de longue haline, la recherche de soi n'a pas de fin. Heureusement, sans doute! Car sinon ne risquerait-on pas de se trouver devant le vide? Et l'expérience du vide n'est-elle pas plus désespèrante que celle de l'inaccessible?

Hélène Leibowitz

Ова писмо на Елен Лејбовиц беше сосем поинакво од другите. Таа сега за првпат како да го поместуваше просторот на потрагата, свртувајќи се кон мојата личност. Дотогаш како да бев на дистанца. Таа беше повеќе свртена кон универзумот на мојот татко, кон неговата потрага по светлината во балканската темнина која прерано го зафаќаше просторот. Имав чувство дека Елен Лејбовиц беше уморна од патувањето на Балканот, како една од многуте врвици, кои едновремено ги изодуваше со својот дух во животот. Беше на границата помеѓу реалноста и мисте-

---

En haut
Le vertige me saisit
L'équilibre est perdu
Entre moi et l'espace

Devant la pagode de Tajan, Chine
(traduit par Harita Wybrands)

ријата, можеби на самата граница помеѓу животот и смртта. Тоа се насетуваше. Но јас не сакав ниту на сон да поверувам дека Елен Лејбовиц се оддалечува од моето пишување, од мојот живот...

Скопје, 5 ноември 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Кога го добив вашето последно писмо ги прелистував делата на Емил Сиоран. Можеби тој е единствениот Балканец во Европа, чии размисли за фрактурата Европа–Балкан ми се чинат не само како најдлабоки и неповторливи, туку постојано актуелни. Се обидував да проникнам во генезата на неговиот егзил, како и на оној на неговиот сонародник Ежен Јонеско, кои целосно се преобратија во францускиот јазик, дух и култура. Сиоран си поставил цел или да го научи францускиот јазик, без да сетат дека не е Французин или, во спротивно, да се самоубие. Завршил пишувајќи на француски јазик, пишувајќи со својот живот. Тој дури велеше дека несвесното за него е татковината, а свесното егзилот. Во историјата гледаше агресија против самиот себе, а од варварство, според него, не бил никој имун! Но посебен впечаток ми направија неговите зборови во врска со потрагата по празнината и мистиката.

За Емил Сиоран, „искуството на празнината (le vide) е мистичното искуство на неверникот, неговата можност за молитва, неговиот миг на

полнота!“ Можеби и јас сум „мистикот“ од ваков вид, кој лишен од полнотата во условите на егзил, сака да исчекори отаде границите, да се врати од егзил, да освои „нова празнина!“. Можеби сум мистик на тој пат. Но како да се препознав и во едно друго искуство како „мистик“. За Мишел Бесње „мистикот е преполн со себеси и во извесна смисла суеверен. Но понекогаш ќе се исполни толку многу со себеси што зрачи како сонце!“ Помислувам на францускиот апсолутистички крал Луј XIV, познат како „крал-сонце“.

Вистина е дека, како што ви пишував и порано, пишувањето ме исполнува премногу „со себеси“ во невозможната потрага по полнота! Вистина е дека мистикот верува во непознатиот бог, како што писателот верува во светот што го пресоздава. Писателот во потрага „по биографијата на својата мисла“, се соочува најчесто од неоткриениот сакан излез од своето метафизичко искушение. И притоа книгата, тоа особено го чувствувам во пишувањето на оваа балканска книжевна сага, ми се наложува како „одложено умирање“. Но јас сум свесен дека живеењето во вечноста значи да го живееш секој миг во животот што ти го дарила судбината, но пишувањето значи и да го изневериш животот верувајќи дека ја освојуваш вечноста...

Како што вие ја читате повеќепати новелата ***Манастир*** *од книгата* ***Балкански клуч*** *и јас неколку пати го читав вашето писмо за оваа*

новела. Јас верувам во вашето откривање на мистичното во мојата судбина поради што јас и пишувам. Продолжувам да пишувам сè додека среќата од пишувањето ќе ја доведува до сомневање мојата сопствена несреќа, губењето на моето среќно семејство.

Меѓутоа, јас не верувам дека постои човек кој не е мистичен, или време кое не е мистерија. Зар не е, на крајот на краиштата, самиот живот мистерија? Молиер во шега во својата комедија ***Мизантроп*** *зар не велеше дека „малку мистерија е неопходна во животот!“ За Борхес само среќниот човек живее без мистерија. Во право е португалскиот поет Фернандо Песоа кој вели дека „вистинските мистерии остануваат во доменот на надежта“.*

Нема човек кој во себе не крие некакво ирационално суеверје, некаков страв од бескрајот и осамата, најден пред вратата на мистеријата. Овие чувства егзилот уште повеќе ги зајакнува. Има работи, кои кога пишувате, едноставно ви се одлепуваат од душата, кога ќе се најдете во пределот каде што souffle l'esprit (струи духот), посилни за мистеријата на надежта. Јас се надевам, почитувана госпоѓо Лејбовиц, дека ќе ме следите уште долго во патувањето во балканскиот свет на мојата книжевна сага, минувајќи и низ патиштата на мистеријата.

Особено привржан Луан Старова

XLVII

Имаше антиномични, парадоксални мигови во мојата долгогодишна преписка со Елен Лејбовиц. И сега кога бев пред вистински предизвик, од нејзиното последно писмо да се најдам пред нова потрага, пред заедничкиот пат на мистеријата, таа го напиша фаталното писмо за крајот на преписката. Нашиот заеднички пат беше непредвидено изоден. Таа беше неумолива во своето писмо...

10 ноември 2002 г.

Господине,

Некои промени кои настанаа пред извесно време во мојот живот, ме приморуваат да ставам крај на повеќе активности. И бидејќи сакам благовремено да избегнам подоцна да поставувате прашања за причините на мојот молк, би сакала, со овие неколку реда, да ве предупредам дека повеќе не ќе можам ниту да ви испраќам писма, а ниту да добивам ваши пораки. Отсега натаму, немојте да се трудите да ми пишувате или да ми испратите што и да било.

Ова ви го пишувам со голема тага. Но во истовреме многу сум среќна што од Канада до Турција и набргу можеби и уште подалеку, на вашите книги им претстои поубава иднина.

Вам, и на вашето семејство, ви ги упатувам сите мои желби за среќа и успех во секоја област

каде што и едните и другите ќе ги остварите вашите дарби!

Елен Лејбовиц

Le 10.11.2002

Monsieur,

Certains événements survenus depuis déjà quelques temps dans mon existence m'obligent à mettre un terme à de nombreuses activités. Et comme je souhaite vous éviter de vous poser des questions sur ce qui sera désormais mon silence, je veux, par ces quelques lignes vous prévenir que je ne pourrai plus vous adresser de courrier ni même recevoir vos messages. Dorénavant ne vous donnez plus la peine de m'écrire ni de m'envoyer quoi que ce soit.

C'est avec un immense regret que je vous écris cela. Mais ce qui me réjouit beaucoup, c'est que du Canada à la Turquie, et peut-être encore au-delà bientôt, vos livres semblent maintenant promis à un très bel avenir.

A vous donc, et à votre famille, tous mes vœux de bonheur et de succès dans chaque domaine où les uns et les autres exerceront leurs talents.

H. Lejbowicz

Не можев да поверувам дека ова писмо го пишувала мојата верна читателка, пријателка, compagnon de route, во мојата балканска сага. Мојата

Елен Лејбовиц. Не можев веднаш да одговорам. Размислував. Ги барав вистинските зборови. Бев уверен дека нема никогаш да ги најдам. Пишувањето отсекогаш ми беше самиот живот. Во животот, како и во пишувањето не можете однапред да ги најдете одговорите на нивните непредвидливи текови.

Елен Лејбовиц длабоко проникна во спиралата на мојата внатрешна судбина. Беше постојано со мене, како вистински дел од мојата балканска сага, од смислата да истрајам во потрагата. Но сега како да беше стигнала на крајот од спиралата на моето пишување. Сега без неа како да останав сирак на патот на пишувањето во егзил. Се созедов и ѝ пишав, не можев да поверувам дека тоа можеби ќе биде за последен пат да ѝ се обраќам на мојата Елен Лејбовиц:

11 ноември 2002 г.

Почитувана госпоѓо Лејбовиц,

Тешко може да се замисли до која степен вашата солидарност со мојата балканска сага (времето тоа најдобро го покажува) беше благотворна за нејзиното преживување. Ги читам еднаш, два пати, повеќе пати, ги читам постојано вашите писма, кои ми ги испраќавте без поголеми прекини од 15 октомври 1999 до 30 октомври 2002 година и често, постојано се прашував дека не знам со што сум ја заслужил вашата благонаклона и чудесна приврзаност кон моето пишување за моето семејство, за едно

семејство на Балканот, свесен дека напати дури не бев достоен за вашиот ентузијазам. Не успеав докрај да ја следам длабината на вашата мисла. Јунаците во мојата сага, мојот татко, мојата мајка, за кои толку многу се приврзавте, како и за целото семејство, беа навикнати на постојано страдање, на секакви загуби кои ги носеше животот во егзил на двете страни од границата.

Меѓутоа, искрено да ви кажам тешко се помирувам со загубата што ми ја приредувате: повеќе да не ми пишувате. Мојот факс, се наоѓа лево од работната маса на мојата библиотека, со наследените таткови книги. Отворајќи ја вратата од собата во која работам, јас забележувам страници кои излегуваат од факсот. Често ги пречекував вашите страници од факсот што се мешаат со страниците од мојата балканска сага. Ја очекував да излезе среката од факсот и овие денови. Да продолжите да ми пишувате, да продолжам да пишувам. Немам никакви вести од вас. И тоа најтешко ми паѓа. Барем пишете ми како сте, за да бидам помалку тажен. Ме навикнавте на вашите драгоцени писма, полни со живост и искреност, кои сега толку многу ќе ми недостигаат. Знам, сигурно ќе продолжам да пишувам. Но ќе ми треба време да се соземам за да пишувам без вашето охрабрување, кое постојано ме следеше последниве три години. Ако некогаш литературата, пишувањето биле најблиску до животот, самиот живот, со сите добрини и горчини, тоа беше кога ги добивав вашите писма. Бев уверен дека еден ден ќе престанете да ми пишувате, впрочем во оваа трета годи-

на, вашите писма беа пократки и поретки, но интензитетот на вашето присуство во мојот живот не се намалуваше.

О колку би сакал барем уште еднаш да ми напишете уште само едно писмо, само еден ред, за да разберам која сте, зашто убаво разбрав која бевте за моето пишување, за мојата балканска сага, за нејзините ликови, да ги одржувам во животот на пишувањето. Која сте Елен Лејбовиц пред разделбата?

Со сета љубов на моето
искрено пријателство
Луан Старова

XLVIII

Немав моќ што и да било да преземам. Знаев, како што Елен Лејбовиц ненадејно и неочекувано започна да ми пишува, можеше да се очекува еден ден таа и да престане да ми пишува. Не можејќи никогаш да допрам до суштинската причина за нејзиното долгогодишно проникнување во мојата балканска сага, во судбината на главните ликови, таткото и мајката, за љубовта кон нив, јас сега не можев да ја откријам вистинската тајна за прекинувањето да ми пишува, да се откаже од светот на моите јунаци...

Се обидов да се распрашам преку адресите во Франција и Швајцарија, од каде што преку нејзините пријатели посредници ги добивав пораките на Елен Лејбовиц, пораки преку факс, по електрон-

ски пат или преку пошта, но од секаде стигнуваше одговорот непозната, не постои. Како да беше тоа организирана завера на молк. Тишина во која Елен Лејбовиц ги кажуваше последните зборови.

И тоа траеше со денови. И на крајот, решив да ѝ пишувам уште еднаш на Елен Лејбовиц, на некој начин прекршувајќи го нејзиниот завет. И ова беше навистина моето последно пишување упатено до неа. Чувствата ми доаѓаа сами, пред зборовите...

Скопје, 20 ноември 2002 г.

Драга госпоѓо Елен Лејбовиц,

Вашата последна порака ме ожалости до дното на моето срце. Ги чувствувам болката и тагата рамни на оние кога ги губев засекогаш моите најголеми читатели какви што беа мојот татко, мојата мајка, моите браќа. Имам толку голема восхит кон вас и кон вашата доверба во судбината на моето пишување, што сега останувам тотално немоќен да ви ги побарам суштинските причини за вашиот неочекуван и дефинитивен молк. Претпоставувам дека мотивите да престанете да ми пишувате се можеби посилни од вас самата.

Ги почитувам изнесните прични, но ќе бидам бескрајно несреќен доколку мојот „книжевен милитантизам“ е една од тие причини. Ќе бидам среќен, ако барем одвреме-навреме, во поголеми интервали, без да ви одговорам, ми напише за вашето здравје. Вие не можете да верувате колку ве чув-

ствувам блиска, а без некогаш да сум ве видел или да сум го слушнал вашиот глас, почитувајќи ги условите на анонимноста што ми ги поставивте на почетокот во нашата тригодишна преписка. Но верувајте, ве чувствувам како дел од семејството во егзил по потрагата по откривањето на неговата меморија.

Но дури и да не ми напишете повеќе ни збор, сакам сега да ве уверам, почитувајќи ја величината на вашата личност дека вие ме поддржувавте на еден чудесен начин во продолжувањето на пишувањето на мојата балканска сага, чувствувајќи ја вашата светлина врз страниците кои ги допишував имајќи ве за верен читател.

Во претпоследното писмо што ми го упативте на 30 октомври, во кое не можев во ништо да ја наслутам вашата одлука, вие ми велите дека во основа, според моето пишување, јас останувам еден мистериозен човек. Јас денес се прашувам: да не го имаме и обајцата истиот вкус за мистерија?

Уште еднаш на крајот ви ја искажувам сета моја восхит и благодарност за чудесната и храбра поддршка на мојата балканска сага, во тешките моменти на нејзиното продолжување и преживување, од еден прекрасен читател, човек од еден друг свет, со други обичаи и култура, но со голема верба во вистината на светлината на човекот. Јас сум среќен што вие постоевте во еден убав период во мојот живот кога ја споделивте мојата надеж во смислата на моето пишување...

За секогаш ваш
Луан Старова

ЕПИЛОГ

Во животот во егзил тешко се здобивате со вистински пријателства. Постои секогаш однапред некаков необјаснив сомнеж кон другиот. Но кога ќе го најдете вистинскиот пријател и неочекувано ќе го изгубите, вам уште повеќе ви се осиромашил животот. Тешко се помирувате со загубата. Вистина е, како што велеше Елен Лејбовиц, дека пишував за да надополнам некоја загуба, за да исполнам една празина пред себе, да допрам до некоја цел, па незадоволен од откриеното да си поставам нова цел.

И така до крајот на животот. Можеби јас по малку и го наследив генот на татковиот егзил. Но беше сигурно дека литературата која ја создавав беше и некаков мост кој понекогаш успеваше да ја исполни празнината, или таа несетум да се помести, да ме одведе на другиот брег, до далечните други, некогаш насилно разделени од нас, останати во парчето семејство, спасено само можеби за опстанување на интегралноста на меморијата, да ми ја понуди илузијата за враќањето од егзил. На овој пат во потрага по мостови, литературата ме одведе таму каде што сонуваа и мечтаеја јунаците на мојата балканска сага. На тој пат, на тој голем крстопат на егзилот јас ја сретнав Елен Лејбовиц.

Градењето на меѓусебниот мост на доверба, себеоткривањето, можеби и дополнувањето траеше близу три години. И кога конечно ја изгубив надежта дека некогаш повторно ќе ми се јави Елен Лејбовиц, јас во католичката Божиќна ноќ на 24 декември

2002 година во 19.09 часот добив неочекувано факс од неа. Заглавјето на факсот претставуваше стилизирани црни елки, разделени една од друга со бели свеќи. На факсот пишуваше:

24 декември 2002 г.

За Господин Луан Старова,

Од ова место каде што се наоѓам и во кое никогаш не ќе можете да ми се придружите, јас посакувам светлоста на оваа ноќ на Божик да ви донесе спокој и радост.

Не лутете се за мојот молк и не барајте кои се причините за него. Јас самата не ви пишувам, ова писмо го диктирам, при што нешто чудно ме обврзува посебно да мислам на вас. Ми се чини дека гледам еден ангел, кој откако си ги собра големите крилја, пријателски се наведна над вашето рамо за да ви ја осветлува страницата на која вие продолжувате да ја пишувате вашата балканска сага.

Елен Лејбовиц

24 décembre 2002

De ce lieu où je me trouve et où vous ne pouvez pas me joindre, je souhaite que la lumière de cette nuit de Noël vous apporte la paix et la joie.

Ne m'en veuillez pas pour nom silence, et ne vous demandez pas quelles en sont les raisons. Etrangement il m'oblige à penser davantage à vous, et en dictant

cette lettre il me semble voir un ange qui, après avoir replié ses vastes ailes, se penche amicalement par-dessus votre épaule pour regarder écrire la suite de votre saga.

Hélène Lejbowicz

И така, одново охрабрен и вдахновен од некаков непознат порив, јас продолжив да ја пишувам својата балканска сага, а истовремено, со чудна надеж и верба, ја продолжив потрагата по Елен Лејбовиц, за да откријам, конечно, која беше таа мистериозна жена, која толку ненадејно се појави во мојот живот и исто толку ненадејно исчезна...

500

III

ПИСМО ОД ЈЕЛЕНА ЛУЖИНА ДО ЛУАН СТАРОВА, ПИШУВАНО ПО ЧИТАЊЕТО НА НЕГОВИОТ ЕПИСТОЛАРЕН РОМАН *ПОТРАГА ПО ЕЛЕН ЛЕЈБОВИЦ*

Скопје, 28 март 2008

Драги Луан,

Ти благодарам што ми го испрати ракописот на Твојот најнов роман, насловен со таинствена, небаре јунговска синтагма *Потрага по Елен Лејбовиц.*

Благодарение на таквиот великодушен гест, јас се почувствував избрана за една од првите, оттука и привилегираните читателки на најновата и – засега – последна епизода од книжевната серија што толку настојчиво, но и со толку сериозни и автентични причини самиот ја имаш именувано како Балканска сага. Мислам дека нејзиното објавување го следам од самиот почеток, од романот Татковите книги (објавен во 1992 година), кон кој останав и останувам трајно привржана. Кога би требало да се определам за една од книгите од Твојата „втора“ авторска фаза (ќе се согласиш ли неа да ја атрибуираме како белетристичка?), сигурна сум дека веднаш, безмалку рефлексно, без да се двоумам или да размислувам, навистина веднаш би ги избрала токму *Татковите книги.*

Те читав, се разбира, и пред да ме воведеш во чудниот свет на Татковата библиотека, Твојот интимен еквивалент на онаа митска Вавилонска библиотека на Борхес, но Твоите поранешни книги ги следев повеќе од професионален отколку од читателски интерес. Сакам да кажам дека книгите од Твојата иницијална („прва“) авторска фаза – оние десетина тома во кои се собирани Твоите есеистички и критички текстови концентрирани врз одделни книжевни феномени или маркантни писателски личности (да не ги заборавам патописите!) – главно ги читав како колешка, професорка по компаративна книжевност, теоретичарка на која примарниот (дури и

исклучителен) интерес ѝ се посочените топоси или теми што Ти си решил да ги третираш следејќи ги строгите правила на научната методологија. Сите ние што долго и, ајде да речам, професионално ги читаме книгите од тој научно-публицистички вид, свикнавме да применуваме прилично специфичен, безмалку ригиден (студен?) однос кон нивните автори. Можеби специфичноста на таквиот однос произлегува токму од некаква потреба по научна објективност (или, можеби, по академска неутралност?) врз која тој и се втемелува.

Изгледа дека на сите нам што го практикуваме таквото „дистанцирано“ (или академско?) читање, постојано ни се случува истото: текстот на речиси секој од своите колеги да го следиме мошне внимателно, но притоа да го „апстрахираме“ самиот *скрипто̄р* – онаа загадочна *persona dramatis*, која успеала да се избори за разновидноста и за множеството на совладаниот материјал, за да им го овозможи на своите читатели концентрираното естетско задоволство. Бидејќи нашиот читателски интерес целосно се насочува токму кон проблемскиот или провокативен корпус што ваквите **стручни** книги задолжително го промовираат, авторите што истиот тој корпус него внимателно го истражиле (за да ни го олеснат пристапот до неговата загадочност) како да ги маргинализираме: за нас, тие како да стануваа „вторична“ појава. Добро, ние знаеме дека нивното авторство е несомнено и драгоцено, ама сепак остануваме фокусирани на текстот а не на неговите пишувачи.

Колку и да се застапуваме за апсолутната рамноправност на сите видови книжевен дискурс, сите сме свесни дека – сепак, сепак! – ниту еден теоретичар, есеист, книжевен историчар или толкувач, херменевтичар не го ужива сосема истиот книжевен статус (за аурата и да не зборуваме!) кој на таканаречените „вистински“ писатели им припаѓа по автоматизам (*by default*). Езотеричните професори, интелектуалци, дури и кога се здобиле со гламурозни книжевни имиња од кои се останува без здив, главно ги перципираме како вид книшки „молци“ што произведуваат дебели и здодевни книги... Тешко дека овие „музи со очила“ како што некогаш (одамна) ги нарекол луцидниот Ролан Барт (Roland Barthes), би можеле да се споредуваат со „вистинските“ писатели – оние што ја пишуваат таканаречената „убава литература“ (*belles-lettres*). Спомни им го Умберто Еко (Umberto Eco) и прашај ги, потоа, своите студенти за првиот наслов што го поврзуваат со неговото славно име. Можам да се обложам дека никој нема да се повика на капиталните семиолошки студии на Еко (*Отворено дело, Шесте прошетки низ наративната шума...)* или на неговата откачена фељтонистика (*Diario minimo,* на пример...), туку сите најпрвин ќе сè закачат за *Името на розата.* Со Шон Конери (Sean Connery) во главната ролја, се разбира!

Знам дека и Тебе, како на автор, Ти се случува истото. Насловите преку кои другите го чувствуваат и го доживуваат Твојот неоспорен писателски статус безмалку никогаш не се оние теоретско-есеистички (твојата книга *Пријатели,* на пример!) туку се,

секогаш и без исклучок, само оние белетристички: *Татковите книги, Времето на козите, Атеистички музеј*... Сите други се – нешто друго.

Малкумина, ете, знаат дека и Твојата прва авторска фаза, којашто јас милувам да ја именувам како „професорска“, суверено ја одбележуваат неколкуте сјајни книги, не само исклучително компетентни, но и мошне искрени, суптилни, на мигови дури и трогателни. Со години се обидувам да се доберам до една од нив (веќе спомнатите *Пријатели,* објавени во 1986 година), бидејќи навистина би сакала да си ја имам дома. Еднаш, дури, бев во искушение да ја украдам од една библиотека, што сепак не го сторив: не ме бива за суспектните акции, особено доколку тие би биле насочени кон загрозување на општите добра! Книга што се чува во јавна библиотека, чекајќи да ја допре некоја пријателска рака, е една од таквите добра. И затоа треба да си стои таму!

Додека ја читав токму таа книга за Твоите духовни пријатели (пред дваесетина години, кога уште не Те знаев), за првпат помислив дека нејзиниот автор треба да е некој чувствителен, прилично *фрагилен* човек (*un uomo fragile*!), кој тешко дека се вклопува во кодифицираната слика (имагологија, стереотипија...) за стандарден балкански „писател“. Им се израдував, потоа, на *Татковите книги,* бидејќи ми го потврдија иницијалниот читателски инстинкт... Докажувајќи (на дело) дека расната белетристика тешко дека се пишува од авторската позиција која би го застапувала стандардниот „машки“ гард: рационален, академски, дистанциран...

*

* *

Доколку добро и точно бројам, ама и доколку соодветно паметам, оваа книга што неодамна си ми ја испратил по виртуелниот гулаб-писмоносец, епистоларниот роман *Потрага по Елен Лејбовиц,* би требало да е деветтата книга од Твојот балкански серијал, кој се развива – еве – полни шеснаесет години. Самиот си решил тој серијал жанровски да го определиш како **сага**. Книжевната теорија овој поим го презела од нордиската јазична и културна традиција, каде што со него се означуваат нештата кои изворно опстојуваат во различните преданија, фамилијарни или национални, а се чуваат така што постојано се кажуваат односно раскажуваат. Детерминирана во некоја поширока смисла, сага се толкува и како една од таканаречените едноставни книжевни форми (Jolles, 2000), во кои се фиксираат, се пренесуваат одделни настани – несомнено важни! – зачувани во усните преданија. Тие настани најчесто се селектираат така што преку нив треба да се бележи „севкупната судбина на едно семејство, што служи како пример за начин на живеење во рамките на животот на еден цел народ“ (Solar, 2006: 262).

Во претходните осум книги (епизоди, делови, фрагменти, „приказни“...), Ти си се трудел да ги бележиш настаните што се покажале како важни, дури и клучни за животот на твоето семејство (најчесто него го атрибуираш како *емигрантско* и *балканско*), но и да ги профилираш неоспорните протагонисти на тие настани: Твоите родители – есенцијални, морални, егзистенцијални и (оттука)

творечки, естетички вертикали на твојот свет. Не само литературен.

Внимателното читање на сите осум досегашни книги, на некој начин (авто)резимирани во оваа последна, деветта, сосема ме убедија дека Ти, драги Луан, навистина никогаш, во ниту еден миг од своето живеење, во ниту една од семожните ситуации во кои си се наоѓал во протег на последниве шеесетина години од Твојот свесен живот, немаш сторено (кажано, помислено...) **ништо, ама навистина ништо** – без претходно да не се запрашаш како за тоа би суделе (мислеле, чувствувале...) и како на стореното или на кажаното би реагирале Твоите родители. Читајќи ја Твојата семејна сага, човек просто мора да Ти заблазни за овој силен, моќен, исклучително редок, во секоја смисла бесценет **жителски ориентир,** што си го добил со своето воспитание.

Не знам треба ли тоа **домашно воспитание** да го детерминирам како патријархално (типично *балканско...*) и да го појаснувам најпрвин преку вашиот фамилијарен *егзилантско-емигрантски фатум*, кој – нели – неминовно ве упатувал едни кон други, бидејќи само така сте можеле ем да се чувствувате колку-толку безбедни, ем да опстанете во пустите туѓи куќи, туѓи јазици, туѓи градови (улици, институции, инстанци...) што везден сте морале да ги (п)освојувате...

Или се лажам и, додека заклучувам дека токму егзилот и емиграцијата се фактори што семејството Старова го направиле толку сплотено (заемно посветено, меѓусебно апсолутно верно...), наседнувам на доминантните „протоемигрантски“ стереотипи и слепечки ја следам кривата трага? И да не бевте

формални емигранти избегани од својот роден дом (епскиот македонски збор вели: **откорнатици!**), сигурна сум дека моралниот кодекс на Твојот Татко и на Твојота Мајка врз целото ваше семејство ќе се пренесуваше на сосема ист начин и ќе си функционираше сосема идентично, создавајќи ви стандарди што безусловно ги определуваат сите ваши постапки и – што е поважно! – обврзувајќи ве тие стандарди да ги пренесувате на своите деца и внуци. Се осмелувам да кажам дека е во прашање исконски, небаре библиски модел на среќно семејство. Семејство здружено во длабока, сосема тивка и сосема автентична љубов.

Воспитувајќи ве имено според таквиот модел, вашите родители вам ви го пренесоа најсуштественото: дека единствениот приоритет во секој еден живот не се ниту материјалните вредности (колку и да се тие важни), ниту формалните успеси и таканаречената слава (колку и да е таа заводлива), дури ниту култот на здравјето на кој толку често се повикуваме... Твоите книги, драги Луан, кажуваат и докажуваат дека најголемиот, дури и единствениот приоритет (кон кој инстинктивно копнее секој човек) е само пустата желба да се биде сакан.

Само тоа.

Живеејќи – семејно и општествено – токму вака како што денес вообичаено се живее и „модернизирајќи“ ги, соодветно, нашите семејни и пријателски релации така што сè побегло се познаваме, сè помалку си кажуваме, сè пократко се гледаме и сè поретко си зборуваме (но си пишуваме СМС-пораки!), ние сосема ја загубивме драгоцената можност да комуницираме и со тишината. Со долгите и ис-

полнети молчења што поврзуваат посуштествено, неспоредливо побогато од сите зборови и декларации на овој свет. На многу места, во сите книги од Твојата фамилијарна сага, Ти одново и одново пишуваш за таквата благородна и лековита тишина во која Твоите родители живееле цел живот. Ако нивниот свет треба да го вреднуваме како патријархален (во овие модерни времиња поимот ***па̄тријархално*** станал нешто како синоним за ***са̄ромодно***!), тогаш – нели – ќе ни биде многу подобро доколку некако успееме да ги реституираме барем некои од есенцијалните вредности (и предности!) на тој старовремски, „демодиран“ и тивок патријархат.

Ќе почнеме ли од љубовта? Ќе се осмелиме ли да почнеме токму од неа?

*

* *

Твојата последна книга, која трага по Елен Лејбовиц – една таинствена жена што сосема ненајдено, според својот сопствен избор и по своја свесна одлука, накратко влегла во Твојот живот, но и излегла од него на сосема идентичен начин – не може да се толкува поинаку освен како низа **фрагменти од љубовниот дискурс**. Намерно ја активирам токму оваа индикативна синтагма, правејќи го тоа не само од некои хипотетички постмодерни причини, туку затоа што знам дека Ти на неа ќе реагираш рефлексно (имено, како професор по француска книжевност!), бидејќи – се разбира! – во неа веднаш ќе го препознаеш насловот на славната книга на Ролан

Барт (Roland Barthes, *Fragments d'un discours amoureux,* – 1977).

Признавам, од опусот на Барт најмногу сум приврзана кон неговите подоцнежни книги, оние од постструктуралистичката фаза на неговото пишување, жанровски и методолошки хибридни (како *Задоволство во текстот/Le plaisir du texte,* 1973, или *Светлата соба/La chambre claire,* 1980) и – белким и поради тоа – апсолутно заводливи. Станува збор за книгите, вклучувајќи ги и споменатите *Фрагменти од љубовниот дискурс,* кои укажуваат на индикативното „скршнување" на опусот на почитуваниот автор кој – со секоја од нив – како сè повеќе да се „оддалечува" од својата „професорска", академска авторска фаза (што ја детерминираат неговите капитални истражувања на семиологијата), за постапно да се „префрлува" накај чистото задоволство во текстот. Просто кажано, Барт, откако малкунѕе подостарел, како да посакал од сериозен научник да стане „вистински" писател, заинтересиран предимно за можноста на литераризирањето и на автобиографското есеизирање за некои од клучните феномени на културата.

Еден од најважните (вистински најважни, не само најкомерцијализирани, најексплоатирани, дури и најтривијализирани) несомнено е феноменот на љубовта.

Бидејќи со љубовта – и тоа со нејзините најразлични видови и појави! – сите имаме одредени искуства, како и одредени знаења за неа, лесно ќе се согласиме со Барт. Кој вели дека кодот за нејзиното искажување – фамозниот љубовен *dis-cursus* – функционира како некој вечен календар или некоја

енциклопедија на афективната култура: постојано се врти во круг, повторувајќи се без прекин (Barthes, 2007: 17).

Исткаен (главно) од сеќавањата и од копнежот, од имагинарното и од неискажливото (од тишина, огромни количества кондензирана и знаковита тишина!), фамозниот љубовен *dis-cursus* како целосно да се идентификува со решавањето на квадратурата на кругот: најтаинствените работи мора да ги дефинира со изабени/истрошени зборовни формули. Каква што е *„јас-ти-сакам“*...

Меѓутоа, кога го читаме Чехов, забележуваме дека во сите ситуации во кои неговите драмски или прозни ликови комуницираат суштествено и вистински, изменувајќи ги автентичните чувства (а не само зборовите со кои тие чувства наводно се искажуваат или се опишуваат), не зборуваат за некои големи и важни нешта. Туку за обични тривијалности:

Ќе сакаш ли чај...? *Престанало да врне... Треба да се работи...*

Во онаа прва книга од Твојата балканска сага – зборувам за *Татковиште книги,* се разбира! – нејзините вистински протагонисти, Твоите родители, одвај и да разменуваат некакви зборови. Што ќе им се, кога со нив и не би можеле да го искажат најважното: онаа силна и автентична љубов што ја споделуваат.

Толкувајќи осумдесетина селектирани фрагменти од љубовниот дискурс, Ролан Барт, еден од најголемите авторитети во областа на значењето, упорно го прави истото: проникнува во она што е ***зад*** зборовите со кои љубовта (наводно) се иска-

жува, го доловува она што стои ***по̄ме́ѓу*** нив, ***околу*** нив, ***по̄д*** нив...

Во она што се наоѓа од нивната друга страна...

Има ли, воопшто, книжевноста некоја друга задача? И некоја поинаква или поважна цел?

Да си ги напишал *Та̄тковите кнӣги* порано (уште во онаа „академска“ фаза од Твојата писателска биографија), за да можел Твојот пријател Патрик Крисман да ги преведе на француски пред Барт да ја напише својата блескава книга за неискажливото во љубовта, можеби и приказната за Твоите Мајка и Татко би нашла место во нејзината работна библиографија...

*

* *

Меѓутоа, вистинскиот повод за ова мое долго и наполно приватно писмо е Твојата непозната читателка Елен Лејбовиц, жена што решила да Ти се јави откако ги открила француските изданија на Твоите две книги: *Време̄то на козите* и *Та̄тковите кнӣги* (а подоцна и романите *А̄теистӣчки музеј* и *Бре̄го̄т на е̄гзило̄т)*. Восхитена од нив – од нивната кревкост, чувствителност и топлина што не умеела соодветно да им ја прераскаже односно да им ја пренесе на своите најблиски, плашејќи се дека тие не ќе можат да ја разберат *(„...како да ме разбера̄т зборувајќи им за кози и за кнӣги, а да се избе̄гне чувство̄то на про̄сто̄то и на бизарно̄то“*...; Старова, 2008: 10) – таа решила да Ти пишува Тебе. за да Ти го каже веднаш најсуштественото:

„Всушност, отаде материјалната, социјалната или политичка реалност изнесена во книгите, пленува начинот на кој Вие го оживувате овој свет на кози и книги. Оваа состојба тешко би можела да се дефинира, доколку нема свои корени во длабочините на душата“. (Старова, ibid.)

Целата ваша натамошна кореспонденција, во која Елен Лејбовиц постојано се докажува како исполнителна, темелна, максимално посветена на Твојата литература, дури и мајчински внимателна кон нејзиниот автор... целата, велам, кореспонденција и не се занимава со друго освен со **длабините на душата.** Добро, има во вашите писма и извесно количество фактографија, информации и баналии од сите видови, кои вашиот епистоларий неизбежно го „приземјуваат“ во просторот и во времето (внимавај, кај Тебе ги има неспоредливо повеќе отколку кај неа!), но вашата специфична, сосема езотерична и (белким и затоа!) мошне интензивна релација не се воспоставува, триж помалку должи врз нив. Туку исклучително врз **длабините на душата.**

Наполно сум сигурна дека госпоѓата Лејбовиц, таинствената дама на која ѝ е посветена Твојата последна книга – деветтата книга од Твојот балкански серијал што продолжува – решила да Ти пишува токму затоа што ја почувствувала и среќно ја декодирала токму неискажливата димензија на Твоето авторско писмо: неговата **имплицитна тишина**. Дека сум во право потврдува веќе нејзиното второ писмо од 10 мај 2000 година, во кое таа се повикува на романот на германскиот филозоф-прозаист Макс Пикар (Max Picard) *Светот на тиши-*

нашта (објавен во 1952). Всушност, во тоа важно писмо госпоѓата Лајбовиц се обидува да ти објасни зошто (воопшто) се решила да кореспондира со Тебе: тоа го сторила исклучително поради својата фасцинација од светот на твоите родители и онаа чудесна тишина, Барт би ја нарекол Љубов, која нив „ги одржува обединети во текот на многу години“ (Старова, 2008: 22). Фиксиран во твоите книги, тој свет не е само оска околу која се сложуваат и се развиваат Твоите фамилијарни приказни (целава Твоја сага што продолжува), туку е оска за самото твое пишување. Неговиот поттик и неговата причина.

Макар што тоа никогаш не го формулирала експлицитно – ниту тогаш, ниту во другите свои писма, што Ти ги испраќала сè до 24 декември 2002, кога соопштува дека повеќе нема да се јавува, туку Те остава под закрила на твојот имагинарен ангел чувар... – оваа внимателна читателка на Твоето книжевно писмо целосно е убедена дека тебе те создала и те промовирала во писател токму силната љубов на Твоите родители, под чија сигурност и закрила живееш и сега, години по нивната смрт. Ерго, таа љубов толку силно го одбележала сиот Твој живот, животот на целото Твое семејство, што Ти просто не си можел, а да не ја запишеш. И да не продолжиш да ја запишуваш, посветувајќи ѝ се целосно!

Кога првпат ми ја спомна таинствената госпоѓа Лејбовиц, раскажувајќи ми (попатно) за необичноста на вашата двегодишна епистоларна врска, во текот на која разменивте повеќе од стотина писма (за жал, не си ги собрал сите; некои од нејзините очигледно недостасуваат, што е голема штета!), поми-

слив: си имал среќа каква што ја имале и редица големи автори во историјата на уметностите, кои, по сплет на разни околности, налетале на некои умни и внимателни жени, кои се посветувале на нивното дело.

Микеланџело (Michelangelo), да речеме, налетал на Виторија Колона (Vittoria Collona), маркиза од Пескара, која му станува блиска пријателка: макар што речиси воопшто не се гледале (своите последни години таа ги живеела во манастир!), тој ѝ посветил некои од своите најдобри сонети, не престанувајќи да ѝ пишува и да ѝ ги праќа цртежите, правени специјално за неа, сè до нејзината смрт...

И Пјотр Илич Чајковски налетал – ненадејно – на својата таинствена дама-заштитничка, која цели тринаесет години треперела над него, грижејќи се за сите негови потреби, вклучително и оние најбаналните и најсекојдневни, а не само за неговата музика; бидејќи композиторот и односната (грофица Надежда Филаретовна фон Мек) никогаш не се сретнале (на двапати случајно се нашле на исто место, меѓутоа молскавично избегале еден од друг!), морале да разменуваат многу писма – зачувани се околу 1200...

Стариот циник и среќно оженет женомразец Џорџ Бернард Шо (Georg Bernard Shaw) секојдневно се допишувал (и тоа со години!) со убавата госпоѓа Патрик Кембел (Patrick Cambell), една од најголемите актерки на своето време; дури и се карал со неа (во епистоларна форма!) за различни работи, главно за постановките на неговите пиеси, но речиси никогаш не се гледале, иако дури и живееле во

близина; од нивните писма (стотици, можеби и илјадници на број!) подоцна е „составена“ прочуената епистоларна комедија со луциден наслов *Драг мој лажго*, позајмен од едно од нејзините врцкави писма...

И долгогодишната кореспонденција помеѓу Гете (Goethe) и вајмарската дама Шарлота фон Штајн (Charlotte von Stein), мажена госпоѓа со седум деца, ја доживеала својата драмска транспозиција: пред некои триесетина години германскиот драматичар Петер Хакс (Peter Hacks) напишал успешна монодрама со долг наслов *Разговор во куќата Штајн за отсутниот господин Гете,* која со голем успех се изведувала на многубројни европски сцени; во тие години на подем на таканаречената женско писмо, актерките просто уживале да ги екранизираат пустите машки мани на големиот светски класик...

Не смеам, најпосле, да ја испуштам од оваа листа и маратонската седумнаесетгодишна кореспонденција помеѓу Оноре де Балзак (Honoré de Balzac) и убавата полска графица Евелина Ханска (Ewelina Hanska), која, по неколкуте негови безуспешни обиди да ја ожени, решила да стане *госпоѓа де Балзак* дури четири месеци пред смртта на славниот писател; најискрено: откако пред многу години прочитав само дел од писмата што Балзак ѝ ги испраќал на госпоѓа Ханска (и тоа во енормни количества), затрупувајќи ја со информации за луѓето со кои се гледал, за својата облека, за долговите што треба да ги плати и (одвреме-навреме) за книгите што ги пишува... – не можам да ѝ се изначудам на кутрата жена!

*

* *

Не, драги Луан, пишувајќи Ти за овие неколку антологиски примери на допишување на уметниците и нивните трпеливи или емпатични поддржувачки (читателки, пријателки, сопатнички, собеседнички...), во ниту еден миг не ја заборавав Твојата Елен Лејбовиц. Го правев токму спротивното: пишувајќи ти за маркизата од Пескара, за грофицата фон Мек или за Евелина Ханска јас се обидував да ја откривам, но и да ја дефинирам суштествената разлика помеѓу сите нив, од една, и Твојата суптилна француска заштитничка, од друга страна.

Елен Лејбовиц не ја издвојуваат само околностите во кои вие двајца се среќавате (без формално да се сретнете) и комуницирате (без да си кажете дури и еден единствен збор), туку ја издвојуваат интенцијата со која таа решава да Ти пристапи и доследноста со која ја спроведува својата чиста намера.

Во таа интенција Тебе тукуречи Те нема – како приватна личност! Те нема дури ни формално: доколку внимателно ги препрочиташ сите 64 нејзини писма, коишто (впрочем!) го претставуваат најдобриот и најинтересен дел од Твојот епистоларен роман, лесно ќе забележиш дека Елен Лејбовиц Тебе секогаш Ти се обраќа со неутрална формулација *Госпо̄дине,* а безмалку во секое обраќање нагласува дека информациите (за Тебе и за Твоите книжевни и други планови) воопшто не ја интересираат.

Се разбира, Ти тешко го прифаќаш нејзиниот радикален став: дека не сака да се занимава со ништо што би можело да ја оддалечува од онаа **бартовска суштина** на Твојата литература. Ќе Те потсетам – госпоѓа Лејбовиц неа ја дефинира како литература која „и не се занимава со друго освен со **длабините на душата“** (Старова, 2008: 10). Не верувам дека подобар комплимент некој друг ќе ти напише – кога било.

Единствените „пукнатини“ во високите бедеми на дистанца со која Елен Лајбовиц систематски се оградува од сите обиди за какво било „вовлекување“ во Твојата лична или професионална приказна можат да се забележат исклучително во писмата што таа Ти ги испраќа во текот на драматичните летни месеци во 2001, кога во Македонија се води војна. Во тие мигови, додека интензивно ги следи информативните емисии, ги чита весниците и на сите можни начини настојува да ја разбере ситуацијата во Твојата земја, госпоѓа Лејбовиц постапува токму онака како што би постапувала Твојата мајка: по факс Ти го испраќа планот на град Скопје (каде ли го нашла, добрата душа!), молејќи Те да го одбележиш местото на кое живее Твоето семејство. Се надева, вели, дека тоа место ќе да е некаде затскриено, лоцирано подалеку од местата каде што се случуваат виолентните настани...

На Твојата машка натура навистина ѝ требаше многу време (неколку години!) сосема да го разбере, а потоа и да го прифати она што Твојата луцидна пријателка постојано го преповторува:

„Посебните врски што јас ги одржувам со вашите книги ме водат до мисла дека за тоа што ме учат за вас е бескрајно подлабоко и побитно отколку сè што би можеле вие да ми раскажете. Но многу ми е тешко да ви го објаснам тоа... (Старова, 2008: 385)

Или, на друго место и на подиректен начин:

...мислејќи сè повеќе на вашите книги, јас мислам сè помалку и помалку на вас како реално присуство што постои некаде... (Старова, ibid.: 289)

Ете, драги Луан, токму тоа е онаа фамозна *differentia specifica* што Твојата Елен Лејбовиц ја прави толку единствена, но и толку различна од сите „вистински“ жени што некогаш се допишувале со некои мажи-уметници, сеедно дали повеќе или помалку славни. Ќе си дозволам уникатниот статус на Твојата книжевна (фикционална) хероина да го дефинирам сосема поедноставено и да кажам дека таа е различна затоа што не доаѓа од некој реален, банален, жителски секојдневен свет контекст, туку се појавува директно од оној заумен и сосема **бартовски** имагинариј, оној сооднос на јазикот, сликата и гестот, кој – вели книжевната теорија – понекогаш, кога ќе го допре некоја моќна авторска рака, умее да се опредмети и како знаковното **ткаење** што потоа го именуваме како **текст**.

Сосема е јасно дека Твојот **текст** за Елен Лејбовиц и не можел да се опредмети, да се запише, поинаку освен како епистоларен роман: сосема „старовремски“ и (оттука) зачуден книжевен жанр со кој, сигурна сум, не си дури ни помислувал дека

ќе се плеткаш. Ама си се заплеткал, за Твоја голема среќа, на најдобар можен начин!

Благодарение на годините што си ги поминал со Елен Лејбовиц – сосема непозната жена што во Твојот живот влегла буквално од никаде, та и излегла од него по истиот терк, исчезнувајќи (во текот на Божиќната ноќ) во некоја конечна **бартовска** тишина... – Твојата балканска сага се збогати за едно важно и неочекувано искуство.

Со надеж дека повторно ќе Те читам во ваква сјајна форма, и тоа набргу, Ти посакувам сè најдобро.

Твоја Јелена Лужина

IV

ЕЛПИДА – ЧИТАТЕЛКА НА *ТАТКОВИТЕ КНИГИ*

Во животот и творештвото на писателот се случуваат необични, понекогаш дури и мистериозни настани поврзани со неговите непознати читатели. Читањето, најчесто минува низ чистилиштето на осамата за да се стигне до вистинското катарзирање. Многумина вистинското читање го доживуваат како триумф над осамата. Во раните години на животот започнува да се совладува уметноста на читањето, за да се победи осамата во сите подоцнешни периоди на животот.

Во татковиот балкански егзил читањето на неговите книги во егзил, кои го спасуваа семејството, неговата подвижна библиотека претставуваше еден вид спасена татковина! Тој никогаш не беше осамен во својот долговечен егзил со своите книги. Читањето во татковиот живот, кое верував дека го бев наследил заедно со неговите книги, го будеа во нас, неговите синови и ќерка, поттикот чии клучеви ја отвораа вратата на домот во дното на нас самите, во кое никогаш не сме можеле да стигнеме.

Ова читање, завршуваше не само во потрага на апотеозата на пишувањето, туку и како постојан напор за доближување до *другиот*, непознатиот во себе. Читањето ми беше потрага по постојаноста, верноста на пријателството. Секое читање на моите книги беше шанса да се здобијам со ново пријателство.

Така се случи и со мојот нов пријател од читањето на *Татковите книги*, наставникот по француски јазик од Битола Турчинот Несретин Асим, потоа госпоѓата Нада Веселова-Стојкова, Елпида од Битола.

Еден ден неочекувано го добив следното писмо напишано на француски јазик:

Bitola, le 22.03.1993

Je m'appelle Nizammetin Assim (1915). Je suis un instituteur retraité en 1975. Je travaillais à l'école turque ou j'enseignais entre autre et la langue française. Je peux encore dire que je suis un des anciens élèves de l'école française dirigée par les frères Maristes, où j'ai fait mes études dans tous les degrés qui y existaient, durant sept ans.

Le jour – 26 janvier 1993 lorsque j'ai reçu le journal BIRLIK, j'eus l'honneur de lire, si je peux ainsi dire une partie de votre biographie où j'ai rencontré le nom d'une personne que je la connais comme une très bonne dame, bien éduquée et qui m'avait déjà parlé de votre œuvre Les livres de mon père. Tout de suite j'ai téléphoné à Madame Elpida (Nada) et par téléphone j'ai fait oralment la traduction de ce que je venais de lire dans le journal. Elle était très contente et elle vous remercie. A la fin de notre conversation elle m'a promis de me prêter votre œuvre, que j'ai accepté avec plaisir. La promesse accomplie, j'ai eu l'honneur de le lire.

Chaque mot, chaque phrase, chaque chapitre m'attiraient de plus en plus et à la fin j'ai eu l'idée de m'adresser à vous non seulement pour vous féliciter et de vous exprimer mes admirations, mais en même temps pour vous souhaiter d'abord une bonne santé et à l'avenir de brillants succès dans votre honorable et précieux ouvrage.

A la fin, j'ai l'honneur de vous prier de vouloir bien agréer mes respects et les expressions de mes meilleurs sentiments.

Respectuesement,
Nizamettin Assim

P.S.

J'ai un fils à Skopje. Il s'appelle Moustafa Assim. Il est peintre. Il est à votre disposition pour l'illustration de vos œuvres.

Битола, 22. III 1993

Јас сум Низаметин М. Асим (1915) и сум наставник во пензија од 1975 година. Работев во едно турско училиште каде што предавав меѓу другите предмети и француски јазик. Можам уште да речам дека сум еден од старите ученици на француското училиште, раководено од Браќа Мариц, во кое ги завршив студиите на ситe постојни нивоа во период од седум години.

Денеска – на 26 јануари 1993 година, кога го добив весникот на турски јазик Бирлик, имав чест да прочитам, ако можам да речам – еден дел од Вашата биографија, но и да го сретнам името на една личност која ја познавав како една многу добра дама, добро образована и која веќе ми беше зборувала за Вашето дело Татковите книги. Веднаш ѝ телефонирав на госпоѓата Елпида (Нада) и по телефон усно ѝ го преведов тоа што го прочитав за неа во весникот. Таа беше многу задоволна

и Ви благодари. На крајот од нашиот разговор таа ми вети дека ќе ми ја позајми Вашата книга што јас го прифатив со големо задоволство.

Секој збор, секоја речница, секое поглавје сè повеќе и повеќе ме привлекуваше и на крајот ми се роди идејата да Ви се обратам не само за да Ви честитам туку и да Ви го изразам својот восхит, но во исто време најнапред да Ви посакам добро здравје и во иднина брилијантни успеси на Вашето чесно и драгоцено дело.

На крајот имам чест да Ве замолам да го примите изразот на мојата почит и најубавите чувства.

Срдечно
Мустафа Асим

П.С.

Имам син во Скопје сликар, се вика Мустафа Асим. Тој Ви е на располагање за илустрирање на Вашето дело.

*
* *

Во животот има настани на кои во мигот на случувањето не им придавате посебно внимание и значење, но тие низ различни невидливи, незабележливи симболи се врежуваат во механизмот на вашата душа, во лавиринтот на сеќавањето за непредвидено да изронат во некоја друга фаза на постоењето, кога заборавот си го сторил своето.

Но кога по смртта со текот на времето најблиските се оддалечуваат од сеќавањето, продолжуваат како белези на душата да сведочат – миризбата, вкусот, како и предметите, врз кои се напластило присуството на блиските, другите. Но нешто посебно се случува со судбината на книгите по исчезнувањето на нивните големи читатели...

Нашите книги сигурно по многу години ќе исчезнат, ќе се случи тоа по заминувањето на верниот читател од неговата библиотека. Никому не му е ветено вечното траење, ниту на живите суштества, ниту на книгите. Верував дека животот почива и врз прочитаните страници. До ова откритие во животот дојдов читајќи ги татковите книги по неговата смрт (и секако по Прустовата *Потрага по изгубеното време)*, кога на страниците на тоталната концентрација наидував на пепелата од непрекинатото читање што паѓаше врз страниците. И тука се означуваше неговото присуство и по неговото исчезнување. Бев читател на пепелта, на еден вид воскреснување на исчезното време преку читањето. Татковото, балканското време...

По објавувањето на првата книга од „балканската сага“ *Татковите книги, (1992)* која требеше да ги означи мемоарите на пепелта од татковите книги, со соочив со дотогаш незабележана рецепција, по речиси триесет години пишување.

Оттсекогаш верував и тоа ми беше спасувачки принцип во егзистенцијалната животна опстојба и истрајба, во етиката на моето пишување дека првата татковина, додека сме на „овој свет“ ни е животот! За да се опстане со овој принцип на Балканот, во географско-историскиот простор во кој искрснале нај-

многу противречности (од етничка, верска, идеолошка и друга природа), треба да се мине низ силни искушенија за да се откријат помирувачките мостови...

И пишувањето може да биде еден од тие мостови. Силно верував дека е тоа можно, но немав на почетокот примери кои ќе ги оправдаат моите надежи сè додека една вечер не ми се јави по телефон една од моите први читателки по име Нада, но позната во Битола под прекарот Елпида. Дотогаш, главно како автор на повеќе книги, книжевни студии, патописи, преводи, немав речиси никаков контакт со моите читатели и сега се соочував со ново искуство и искушение. Го слушнав растреперениот глас на Елпида:

„Најпосле успеав да Ве добијам! Долго време Ве барав. Срекна сум што Ве открив и читав. Вие раскажувате со голема топлина и блискост за Вашиот татко, мајка, браќата, сестрата...“

Настана прекин во раскажувањето. Се слушаа звуци на испрекинат плач, тишина. Но откако се созеде Елпида продолжи:

„Читајќи ја книгата, јас се прашував дали е можна толку силна семејна хармонија, таква голема почит на децата кон родителите и покрај големата сиромаштија и страдање...

Просто невозможно. Дали е вистина !“

Во мигот немав коментар. Не сакав моето книжевно семејство, безимено во книгата, да го идентификувам како свое, ќе беше изневерување на книжевната вистина. Вистината има само еден корен. Не може да има две вистини. Отсекогаш цврсто

верував во тоа. Врз тој животен принцип и ја градев својата литература, ја надоградував својата „балканска сага“.

Елпида ја прекина тишината:

„Вашиот Татко во книгата ми е многу близок по своите особини, по својата природна добродина, ученост, толерантност кон другите. Со човек со такви и слични особини јас живеев среќни години. По неколкуте читања на Вашите Татковини книги јас го чувствував многу блиско Вашето семејство. Го откривам делот на моето изгубено семејство“.

Беше тоа една од малите апотеози, непредвидливи победи на литературата во зближувњето со читателот, со луѓето. Литературата стануваше мојот секогаш нов *мост кон другите*, ме поврзуваше со изгубеното време на другите, кое беше и мое.

Елпида стануваше дел од мојата балканска сага, како верен читател, но и како верен пријател на моето потесно и пошироко семејство кое не беше застапено во моите книги. Дури стануваше поверен член на „семејната сага“ од претпоставените личности на сагата, нивната рожба.

Елпида ги следеше сите настани поврзани со објавувањето на моите книги од „балканската сага“. Ја следеше судбината на моите книги, прва се јавуваше со телеграми со незаборавна содржина по овенчување на книгите со признание. Се радуваше како на свој успех. Не ги забораваше датите на мојот роденден, на родендените на моите деца. Во еден период започна да ми испраќа книги од својата библиотека. Кажуваше дека јас нив ги заслужувам,

а згора на тоа тие ќе се најдат под стреата на библиотеката на татковите книги. Беше тоа голем настан во татковата библиотека. Елпида како да сакаше својата библиотека да ја прелее во татковата, да ја прошири со своето присуство.

Татковиот живот, во најубавите моменти беше поврзан со Битола. Во овој град тој ги откри битолските кадиски сиџили од XV до XIX век, кои фрлаа нова светлина врз автентичната историја на балканските народи и тоа беше еден од клучните настани во неговиот живот. Овде во оваа книжна грамада во која беше запретано времето, се криеше митот на изгубениот континуитет на многу семејства, народи во рамките на некогашното Османлиско Царство.

Битола стана трајна таткова дестинација сè додека го крепеше здравјето. Големината на откритието во својата книжевна потрага јас ја прифатив, наследив татковата битолска дестинација, оживувајќи ја во дел од објавените книги од балканската сага како романите *Тврдина од џепел*, *Љубовта на ѓенералот* и други. Книгите на Елпида беа драгоцени суштества во нејзиниот дел, не мал дел од нив беа испраќани од познати автори со посвети. Меѓу нив беше и посветата на нобеловецот Иво Андриќ.

Книгите на Елпида криеја многу мистерии до кои беше дојдена со читањето. За неа книгата остануваше мајка при читањето. Беше убдена дека срекáта од читањето е непредвидлива. Веруваше, како и мојот татко, како и многу други читатели дека кој знае да чита ќе биде спасуван и во најмачните и најнепредвидливите искушенија.

Со текот на годините, кога трагав по патиштата на татковиот егзил, ние во семејството верувавме дека нашиот спас е во книгите, а татковата подвижна библиотека стануваше храмот на нашиот спас, во кој сигурно беше запрел и господ кого го повикувавме со нашата постојана молитва – читањето!

Татко веруваше и тој тоа ни го пренесе нам, на неговите чеда да веруваме во заедништвото на присната поврзаност на авторот и на читателот. Така ние го проширувавме нашето семејство во егзил. Тоа стануваше големо, привлечно за многумина непознати, откако започнав со своите книги од балканската сага да ја ширам вистината за татковите книги. Со текот на годините започнав да верувам дека во книгата може да се внесе дури и инстинктот на една сонувана тајна, која ако се запише на вистински начин води до идеалниот читател.

Татко внесен во тајните на источното писмо често ја повторуваше арапската поговорка дека рајот можеби се наоѓа на страниците од некоја книга! Само со непрекинатото прелистување на непознатите страници може да се откријат рајските линии во ракописот, често пати во источните ракописи прошарани со живописните минијатури.

Книгите во мојот живот беа најсилните мостови на старите и нови пријателства. Патот на пишувањето ми стануваше мисија во можното враќање од егзил. Книгите, моите *Та̄̆кови кнӣги* го означуваа новиот мост на пријателството кон Битола.

Читателката Елпида ме покани еден ден да ја посетам во нејзината куќа во Битола. Беше тоа еден од големите настани во историјата на мојата „бал-

канска сага“. Се радував на оваа неочекувана средба со верната непозната читателка и сега нов пријател, кој го откривав на големиот пат на животот...

Елпида живееше сама во една куќа во цвеќе со двор на улицата Солунска близу легендарниот битолски Широк сокак. Го минав прагот на градината пред живописната едноспратна куќа. Градината беше вистински мозаик од разнобојно цвеќе пред есенското венеење. На прагот на куќата ме чекаше Елпида. Макар навлезена во осмата деценија на животот таа во својата става и држење ја имаше задржано енергичноста и правостоината на некогашната младост, а во лицето се прелеваше добрината во безброј нијанси.

Во домот владееше хармонија и ред. Елпида својата осама ја совладуваше со присуството на многубројните книги, кои со многу вкус беа наредени во целата куќа, во претсобјето, како живо присуство. Авторите на книги од различни времиња и земји ја исполнуваа куќата со ненадополнливо присуство. На рафтовите од библиотеката имаше издвоени мои книги и, една моја фотографија помеѓу нив. Се чувствував како во мал читателски храм. Се прашував во мислите со што сум го заслужил вниманието на оваа ретка, единствена читателка? Но изненадувањата не престануваа. Се редеа едно по друго. Имав чувство дека оживува литературата од страниците на мојата балканска сага, животот непредвидливо пишува нови страници, страници од непредвидениот читател...

Елпида првин, при минувањето на прагот од куќата, како што сака народниот обичај ме почести

со слатко од дуњи кое го правеше сама од плодовите во градината со чаша студена вода. Срдечниот и незаборавен муабет се водеше околу семејствата во минатото и во сегашноста.

Елпида повторно ми го поставуваше по заобиколен пат прашањето, дали е вистина тоа што го пишувам во *Татковите книги* за однесувањето на децата кон родителите. Ми поставуваше прашања не само како заинтересиран читател, туку и како родител: што ќе се случува во наредните книги на „балканската сага“, дали односот на децата кон родителите и во подоцнежните фази на животот останал непроменет?!

Во салонот, од подотворените навезени завеси, сигурно од вештата рака на Елпида, продираа зраци светлина кои се прекршуваа во живите бои на безбројните цветови од градината. Во еден момент домаќинката ме изненади со прашањето чиј одговор најмногу ја интересираше:

„Има вистини кои постојат само во книжевноста?“

Во мигот не можев да одговорам. Тешко можев да го дадам вистинскиот, сигурниот одговор. Прашањето продираше во самата суштина на смислата, на вистината за моето пишување. Знаев добро колку е светот бескраен, недофатлив во доменот на вистината. Зар не е вистината недофатна, скриена меѓу зборовите? За некои вистината е таму каде што владее верувањето. Понекогаш вистината останува во дното на бездната. Вистината е во вистинското страдање.

Зар вредеше да се бараат одговори надвор од доменот на едноставното прашање на Елпида: дали е вистина во балканската сага тоа што го пишувам за мојата мајка, за мојот татко, за моите браќа, за мојата сестра? Во мигот ми се наложи еден одговор, како единствен од многуте, на мојата мајка, јунакот на балканската сага кога читајќи за себе во *Тапковиште книги,* најстариот син ја запрашал, дали е вистина тоа што го пишува помладиот брат за неа, а таа одговорила:

„Вистина е синко, вистина, само што брат ти, малку ја разубавил вистината!“

Елпида убаво ја разбра пораката. Повеќе не поставуваше прашања, но сигурно остана нешто недофатно и необјаснето и за мене и за неа. Можеби во мигот како читател на *Тапковиште книги*, се чувствуваше и самата како рамноправен трагач на вистината.

Елпида покажуваше јасна приврзаност кон тој што чита и на кој можеше да му зборува за своите читања. Беше тоа некаква потреба од интелигентна добрина, која не ја препишуваат или предвидуваат книжевните кодекси.

Има денови во животот кои се божји дар. Таков ден беше за мојата балканска сага, денот минат во Битола со верната читателка Елпида. Тој ден Елпида стана сигурно дел на семејството на мојата балканска сага. Таа ја покажуваше радоста од секоја објавена, прочитана страница на балканската сага. Имав чувство дека таа од читањето дополнуваше нешто во својот живот, а јас ја дополнував сагата со тајни од нејзиното постоење. Со Елипда

бевме од различна вера, националност, генерација, но откривавме заедничка припадност во мојата, во нашата балканска сага...

По прошетката низ градот со достинствената Елипда се вративме во нејзиниот дом. Разговорот продолжи. Вечерта требеше да заминам. Продолжи разговорот за книгите, за семјствата, децата. Елпида имаше многу, многу да кажува. Беше подготвила неколку тегли со слатко од различни плодови за моите деца.

Мигум се сетив на постапката на мојата мајка која откако ги израсна децата и остана сама да живее, секоја есен одеше до блискиот пазар, купуваше плодови, зарзават, од кои правеше слатко, ајвар, поткиселени модри патлиџани, туршија како никој друг и потоа во текот на зимата ги раздаваше на своите деца, на сиромашните во маалото...

*

* *

Битола одигра значајна улога во татковиот живот. Откривањето на битолските кадиски записи, сиџили го осмисли неговиот живот. Откривањето и толкувањето на таа книжевна Атлантида, на тој колективен палимпсест кој сведочеше за петвековните тајни на балканските народи во потрага по нивните идентитети, го запре семејството во својот егзил во Скопје, градот кој некогаш беше сметан и за „капија на Ориентот“, а мене ми стана предизвик да трагам по „изгубеното балканско време“, додека Битола остануваше постојаната дестинација на моите

соништа во големата потрага, по новите пријателства со кои се збогатував.

Неколку години Елпида ме храбреше во пишувањето на мојата балканска сага. Пред моето заминување во дипломатска мисија во Франција го добив наведеното писмо на почетокот од овој запис, напишано на убав и негуван француски јазик (во мотото на овој запис) од наставникот по француски јазик Низаметин Н. Асим, кој беше близок пријател на Елпида. Наставникот Асим, беше прочитал едно интервју во весникот на турски јазик Бирлик (од 26 јануари 1993 г.), во кое пишував за мојата верна читателка Елпида, а таа му ја даде на читање *Тајковите книги.*

Битола остана град со силна француска, а подоцна и франкофонска традиција. Во својата долговечна историја, како и во периодот на османското владеење, Битола не престана да зрачи како значаен цивилизациски, воено-политички и културен центар. Градот стануваше толерантна оаза, крстопат на добрината на Балканот! За одбележување е во градот и прифаќањето на прогонетото сефардско еврејско население од Шпанија во XV и XVI век. Лазаристичката мисија во 1855 година во Битола го отвора првото училиште на француски, латински и грчки јазик, подоцна овде ќе дејствува и Институтот на Sacré coeur, како и француското училиште на Coeur du Saint Vaincent de Paul. Француската традиција ќе продолжи кога градот ќе биде конзулски, а таа е

мошне нагласена и по војната, останувајќи денес најсилна и во Република Македонија.

Низаметин Асим се школувал во француските училишта во 30-тите години на минатиот век. Во времето кога го добив писмото напишано на прекрасен француски јазик се подготвував за мојата дипломатска мисија во Франција. Бев во блиски односи со тогашниот француски дипломатски преставник на Франција во Скопје, шефот на Француската делегација господинот Патрик Крисман, подоцна и прв амбасадор на својата земја во Република Македонија. Му дадов копија од писмото на наставникот Асим. Беше восхитен од францускиот јазик на стариот наставник.

Пред заминување во Франција ја посетив Елпида. И подарив голема саксија со цвеќе, кое требаше да цвета повеќе години, можеби до крајот на мојата мисија. Се разделивме со надеж дека повторно ќе се видиме, но нејзиното живеење со моето семејство не престануваше и покрај големата далечина.

Елпида навлегуваше во годините на староста. При мојот престој во Битола за неа им зборував на битолчанката, на мојата поранешна студентка Калиопи Кривошија, една од најдобрите студентки, која заврши француски јазик и литература, а подоцна ќе стане и прв почесен конзул на Франција во Битола. Се запознаа, се зближија. Се откриј две добрини во една. Непознати се патиштата на вистинското пријателство...

*

* *

Минуваа години. Продолжуваа телефонските разговори, преписката помеѓу Париз и Битола. Елпида не ги забораваше значајните дати на нашето семејство. Неуморно се јавуваше.

Пролетта на 1996 г. беше мошне надежна во развојот на француско-македонските односи. За тоа посебна заслуга имаше и Филип Сеген, претседател на Националното собрание на Франција и градоначалник на Епинал, збратимен град со Битола. Искрен, срдечен, директен Филип Сеген не само поради побратимството на својот град Епинал со Битола, туку и според своите убедување застануваше на страната на Македонија во критичните години по нејзината независност.

Филип Сеген со претседателот Жак Ширак беше посебно заслужен што Република Македонија уште во 1996 година го направи првиот чекор во европската интеграција (пред тоа да го сторат Романија, Словенија и Бугарија), го потпиша договорот за соработка и трговија. Во почетокот на јуни 1996 година беше предвидено Филип Сеген за прв пат да патува во Македонија во својство на претседател на францускиот парламент и во Битола како градоначалник на Епинал.

Во Битола требаше на свечен начин да го одбележи воспоставувањето на францускиот почесен конзулат. Овој настан воедно имаше и симболичен карактер. За битолчани тоа беше посебен настан, голема дата за овој град со посебна франкофонска традиција. Крај Широк сокак во зданието на Конзулатот се вееше француската тробојка крај македонското знаме. Претседателот Филип Сеген трог-

нат од настанот, пред многубројниот народ, од балконот на конзулатот одржа говор за паметење...

Во катот на зградата каде што беше конзулатот имаше поканети гости. Се очекуваше да бидат одликувани со висок француски орден наставникот Низаметин Асим и првиот почесен француски конзул во Битола Калиопи Кривошија. Бев среќен поради изборот. Стариот Асим, со срцеви болки, едвај се искачи на четвртиот кат од зданието. „Француската врска“ не изостана. Безпогрешниот Патрик Крисман „ливчето писмо на прекрасен француски јазик“ го беше упатил кон вистинската цел. Одговорот не можел а да не биде, на радост на сите, позитивен. Стариот Асим, трепереше од радост. Неговиот полвековен труд како наставник по француски јазик беше достојно вреднуван. Не престануваше да плаче од радост. Се гледавме прв пат. Силно ме прегрна. По малку задишана стигна и нашата заедничка пријателка Елпида. Беше со насолзени очи. Се прегрна со стариот Асим, со Калиопи и со мене. Чувствував во тие мигови како оживува дел од мојата балканска сага, со непознати, непредвидени ликови...

Нашата Елпида повеќе не живееше во својата рајска градина на Широк сокак, на улица Солунска туку во зграда во еден стан на повисок кат. Кутрата морала да слезе и да се искачи по многу скали за да стигне можеби на последната радост во животот...

V

ФРАНЦУСКАТА РЕЦЕПЦИЈА НА БАЛКАНСКАТА САГА

Во својот епистоларен роман *Потрага по Елен Лејбовиц*, Луан Старова ќе запише:

Доживував поттикнувачка солидарност со моите француски читатели на трите објавени први книги во Париз од мојата балканска сага, благотворна поддршка, која дотогаш и ми беше непозната и покрај фактот што веќе имав објавено дваесетина книги во земјата. Моите книги, мојата балканска култура, мојата судбина беа прелеани во друг свет, во друг живот. Јазиците на кои пишував, албанскиот и македонскиот, беа кодифицирани пред помалку од еден век, додека на француски јазик, речиси непроменето се пишуваше пет векови. Преводот на моите книги на француски јазик беше пренесување во еден друг свет, кој беше оддалечен со векови.

Во овој извадок од богатата преписка со својата идеална читателка Елен Лејбовиц, Луан Старова загатнува два феномени кои го определуваат постиздавачкиот живот на секоја книга: приемот од публиката и значењето на преводот. Овие два моменти се обединети во една категорија којашто ја обележа литературната теорија во втората половина на дваесеттиот век – категоријата – рецепција.

Писателите и критичарите низ теоретска мисла го вообличија она на што беа веќе подолго време свесни: дека книгата нужно го доживува својот завршеток во чинот на читањето и дека за авторот

нема поголем поттик од „благотворната поддршка“ на своите читатели.

Рецепцијата е еден мрежен, капиларен феномен: веста за убавата литература се прелева од сад во сад, од едно читателско восприемање во друго, и го пренесува пофалниот збор од еден јазик во друг, од една култура во друга. Со таа придружна пофална реч патува и литературата. Таа пак, си ја обезбедува својата универзалност и долговечност со тоа што не останува затворена во јазикот на којшто е создадена, туку низ преводот создава мост меѓу различни цивилизации, простори и времиња. И така, литературата го предизвикува вкусот на многубројната читателска публика, се вселува во срцата на светскиот публикум.

Рецепцијата добива во широчина, а писателот добива признание што сведочи за неговиот талент и посветеност. Тогаш кога книгата е преведена на еден од светските јазици, нејзината мисија се поистоветува со универзалната мисија на литературата – да му овозможи на читателот да прозбори со единствениот јазик на убавата поетска реч...

Пет дела од балканската сага на писателот Луан Старова досега го доживеаја својот превод на француски јазик. Тоа се: *Времето на козите* (*Le Temps des chèvres,* Fayard, 1997), *Татковите книги* (*Les Livres de mon père,* Fayard, 1998), *Атеистички музеј* (*Le Musée de l'Athéisme,* Fayard, 1999), *Брегот на егзилот* (*Le rivage de l'exile*, во коешто издание се претставени двете дела *Балкански клуч* и *Пресадена земја*, l'Aube, 2003) и *Патот на јагулите* (*Le*

chemin des anguilles, Sirtes, 2009). Поголемиот дел од овие изданија (освен *Атеистички музеј*) и се приопштени на франкофонската читателска јавност во извонредниот превод на Клеман д'Исартеги (Clément d'Içartéguy). Зад овој псевдоним се крие еден посветен читател на литературата на Луан Старова, верен пријател на Македонија и на писателот, предан поддржувач на идејата дека големите дела нужно мораат да бидат преведени на големите јазици, бидејќи светот не смее да биде лишен од едно естетско и идејно доживување од највисок ранг. Станува збор за господинот Патрик Крисман (Patrick Crismant), првиот амбасадор на Република Франција во самостојна Република Македонија. Тој со Луан Старова споделува две значајни преокупации: дипломатијата, затоа што и нашиот Луан е прв амбасадор на самостојна Република Македонија во Република Франција, како и љубовта кон убавата поетска реч. Во првата преокупација – дипломатијата, Старова се надоврзува на долгата традиција типична за француските и европските литературни кругови – врвни писатели да се стават во служба на интересите на својата земја преку плодотворна дипломатска кариера. Во таа смисла, Луан Старова се надоврзува на величенствената низа на француски писатели-дипломати: од Шатобријан, преку Ламартин, Стендал, Клодел, до Сен-Џон Перс.

Што се однесува до втората преокупација, љубовта кон литературата, Луан Старова пронајде во Патрик Крисман свој духовен брат, восхитувачки собеседник, сродна душа со која ја споделува наклонетоста кон одреден белетристички израз. И додека

Луан Старова твори низ протекот на мастилото од писателското перо, во транс којшто го диктираат музите на неговите моменти на врвна творечка треска, Патрик Крисман твори во преведувачкиот занес на желбата да создаде на француски јазик една идеална творба која со убавината на јазикот верно ќе го пренесе жарот на оригиналот. Затоа што преводот е исто така творење, едно чувство на долг кон писателот и неговото дело, совесна потреба соодветно да се пренесе не само референцијалната (денотативна) функција на јазикот туку и неговата поетска конотативна димензија. Тогаш преводот, односно добриот превод, го дава својот огромен придонес во успешна рецепција на една книга, ги заведува строгите уредници на издавачките куќи со голема репутација, помага во широката дифузија на делото и придонесува кон заслужената консекрација на писателот. Тогаш кога писателот и преведувачот совршено се разбираат, бивајќи понесени од истиот флуид на размена на енергии, имаме експлозија од едно врвно литературно доживување.

Таков значаен настан на сплотување на делото со сопствениот превод резултираше со исклучително успешниот прием на преведените дела на Луан Старова кај француската читателска публика. Веднаш по нивното издавење, преведените дела беа проследувани со значајни промотивни настани, пофални критики од бележити француски автори и интелектуалци, разгорен читателски интерес за овој автор кој од дело во дело, говори за своите балкански миграции, постојано наоѓајќи се во потрага по својот идентитет и јазик, упорно одбивајќи да ги кан-

тонизира истите во одредни рамки, било национални, било етнички. Луан Старова, со своите балкански теми и специфичниот поетски израз го разбуди љубопитството на францускиот читател, преку успешниот превод му овозможи естетска наслада, а преку поддршката на големите и моќни издавачи се всели на полиците на многубројни библиофили.

Издавањето на француски јазик и убавиот прием од читателската публика на трите први книги на Луан Старова, ја наметна идејата, речиси природно, дека е дојдено време за првите рекапитулативни рамки. Така, во мај 2000 година, во Францускиот културен центар во Скопје, се одржува промоција на француските изданија од издавачката куќа Фајар на делата на Луан Старова. Реч има Патрик Крисман кој себеси се разоткрива и како досетлив литературен критичар, некој којшто, познавајќи го во детали делото на писателот, изненадува и понесува со суптилноста на своите анализи. На овој ден на којшто се славеше рецепцијата на рецепцијата, Патрик Крисман во својата пригодна реч, изведе ингениозен обид да ги дефинира клучните моменти за успехот на овие дела кај пошироката, а со тоа и кај франкофонската, читателска публика. Тој причината за привлечноста на делата на Старова ја лоцираше на две рамништа: формално-поетичко и тематско.

На првото ниво оригиналноста на писателската постапка Крисман ја согледува во единственоста на инспирацијата, воздржаноста на изразот и импресионистичката техника. Во таа смисла потсетува на алегоријата којашто е основното поетичко

правило на Старова, на тој суплемент на смисла којшто ги надминува рамките на основниот текст и создава текст на второ ниво со симболична порака. Ваквата симболика нужно бара поместување од страна на читателот на едно второ ниво на прочит за рецепцијата да си ја добие својата вистинска димензија. Тоа поместување од текстуално кон контекстуално ниво кај реципиентот предизвикува воодушевување, а спонтаноста на изразот не му дозволува на читателот ваквата промена на нивоата да ја доживее како напор: *Искажувајќи го она што имал намера да го каже, авторот се задоволува да им ја препушти на читателите сета слобода во дешифрирањето на алегоријата, во спознавањето на нејзините различни нивоа и, конечно, во можноста да го разбере она што самиот тој, читателот, е способен да го согледа*.

На второто, тематско ниво на оригиналноста на Старова, Крисман ги согледува следниве моменти – темата на балканските граници кои се претвораат во непробојни ѕидини, потрагата по идентитетот којшто ја надраснува балканската детерминанта за да се ситуира во универзалните рамки на човечноста; чувството на непостојаноста на нештата, како од материјална така и од спиритуална природа, потсетувајќи нè дека некои наши битки се во најмала рака цинични, како и значењето на практичниот разум којшто успева да ги одбегне големите катастрофи. Ваквите имено, теми наоѓаат свој филозофски одек во делата на Старова. Тие се сите ситуирани во рамките на балканските историски и социјални перспективи, се оној привлечен момент што му овозможува на францускиот читател да нурне во

еден друг, „маѓепснички“ свет: *Луан Старова знае, постојано следејќи ја целта за демаскирањето на духовните недостатоци на некои луѓе, да ја стекне довербата на читателот, да го наведе, понекогаш, да се насмевне, дури и слатко да се изнасмее; тој исто така знае да го натера читателот да медитира над смислата на животот, следејќи ја идејата дека надежта е можна и дека извесно решение, секогаш помалку катастрофално од она коешто најпрвин се наметнало како соодветно, ќе им дозволи на неговите херои, ако не да триумфираат над злото, тогаш барем да ја напуштат неговата сцена, давајќи му на опкружувањето лекција за силата на душата која само треба секој од нас да ја стави во употреба во сопствениот секојдневен живот.*

А кога е всушност почетокот?

Во 1992 година Луан Старова го објавува својот роман *Татковите книги* на македонски јазик, а потоа и на албански јазик (*Librat e babajt)* којшто е прогласен за роман на годината и ја добива наградата „Стале Попов“. Од овој момент Луан Старова не престанува да го сонува, но и да го живее својот голем сон – да создаде една епска фреска за своите балкански преместувања и поместувања, и во просторна и во духовна смисла. Започнува да пишува еден обемен циклус, каде што, од дело во дело, се перпетуира еден доминантен колективен лик – семејството, поточно Таткото и Мајката.

Во литературната традиција на романот река (roman-fleuve) и билдунгсромани (bildungsroman, roman d’apprentissage, roman de formation), ваквиот

потфат на оживотворување на приказната на едно семејство во длабочина (низ призмата на претците) и во перспектива (низ призмата на следбениците) е познато и под името сага. Зборот сага е всушност од нордиско потекло и укажува на тамошната традиција на долги генеалошки романи. Луан Старова ваквиот модел на сага ја „пресадува“ на Балканот и решава да ја создаде својата „балканска сага“ од над десет тома. Дваесет години подоцна тој е на прагот да ја заврши таа парабола на индивидуалниот, семејниот, но и колективниот ôд низ трнливиот Балкан.

Француската критичка јавност во делото на Старова препознава проседеа кои го доближуваат до големите класици на светската книжевност. Ален Боске го споредува сатиричниот манир на Старова со оној на Гоголь; Ерик Фај го споредува со Исмаил Кадаре во реферирањето кон балканските митови и „чудесии“; култот кон книгата и кон прочитаното што провејува во секоја книга на балканската сага ќе го натера тогашниот амбасадор на Република Аргентина во Република Франција Хуан Арчибалдо Ланус да го спореди писателот Старова со големиот Борхес; Жан Русло го нарекува втор Свит; Леон Сомвил изненадувачкото откритие што се случува на крајот на *Татковите книги* со пронаоѓањето на сиџилите во една битолска џамија, го споредува со литературниот суспенс и фрапантната разврска низ листовите на Аристотеловата *Комедија* во *Името на розата* од Умберто Еко, поради истовременото мешања на реалистичното со гротескното Роже Врињи во делата на Старова согледува одлики на сотиите на Андре Жид, Филип Делво во хроничар-

ската тенденција на Старова го препознава влијанието на Маргерит Јурсенар, во илустрацијата на апсурдните ситуации Жосет Расл го споредува Луан Старова со Ежен Јонеско, а неговиот роман *Атеистички музеј* го нарекува „тетратка за едно невозможно враќање во родната Албанија“, исто како што Еме Сезер ја прелева горчината и разочарувањето во својата *Тетратка за едно враќање во родната земја*; во истиот роман, во начинот на евоцирањето на социјалистичките еднолични градби во форма на блокови што ќе ја контекстуализираат посетата на атеистичкиот музеј во Скадар, Жан Ложије ќе препознае апсурдна атмосфера, достојна на еден *Крал Иби*, Ерик Ноло во портретирањето на Таткото ќе препознае одеци на постапката на еден Данило Киш...

Критичарите и воведените читатели го почувствуваа сиот набој на митското во делото на Старова, како и големиот број литературни референци и интертекстуални одеци. Митот со својата универзална приказна и јазик и овде е ставен во функција на преносно средство за искажување лични и колективни драми.

Балканот е една *Кула Вавилонска* (Бруно Пешамел), поради присуството на народи што зборуваат различни јазици и никако не можат да си го изнајдат јазикот на заедничкото разбирање. Во таа господова проколнатост, тие издигаат меѓусебни граници, а оние кои се обидуваат да говорат на повеќе јазици (како семејството на Луан), мораат со многу вештина и мудрост, поради избегнување на персекуции, да го прикриваат, но и негуваат својот полиглоти-

зам (којшто е опасен токму затоа што означува премостување на границите). Балканот во делата на Луан Старова е *Лавиринт* (Филип Делво), митска слика на безизлезот, или поточно на постоењето на само еден излез до којшто се доаѓа по многу заблуди и искушенија.

Во својата лавиринтска потрага по идентитет, јунакот во егзил доаѓа до заклучок дека за него нема можно враќање, тој нема и не сака да има идентитет којшто би го затворил во тесни територијални, етнички и религиозни рамки, односно доаѓа до сознание дека само еден е излезот што носи спасувачко смирување – универзалниот идентитет на слободната циркулација низ различни култури со помош на библиофилските патувања. Белото, она на козите што тече од под ѕидините на Кале́то, се надоврзува на мотивот на соѕидувањето на мајката доилка присутна во старите балкански легенди (Никола Ковач). Феноменот на соѕидувањето е тесно поврзан со феноменот на жртвувањето, толку присутен на овие балкански простори. Се жртвува невино суштество за да држи градбата: тоа е доилката за да држи мостот или кулата кај Кадаре и Јурсенар, кај Старова, тоа се белите кози и нивниот доблесен лидер Чанга кои треба да се жртвуваат за да се реализира актуелната идеолошка матрица што пропагира масовна пролетеризација. Но, во тој акт на неразумно жртвување, сопственото исчезнување не е важно, важно е да се обезбеди храна за чедото. Млекото продолжува да тече од градите на мајката долго откако нејзиното срце ќе престане да чука, онака како што тоа, со врвен уметнички зафат, го опи-

шува Јурсенар во својата „ориентална новела“ *Млекото на смртта*. На сличен начин, и млекото на козите што излегува од дупките на Калето им дава храна на децата. Иако постои обид и во двата текста мистериозното да се препокрие со рационални објаснувања (Во *Млекото на смртта*, инженерот Жил Бутрен укажува дека ваквите верувања се само народни празноверија, а млекото извира од под Калето благодарение на системот од цевки што наменски ги направила човечка рака), симболичниот концепт на млекото е оној којшто предоминира и ја фаворизира мистичната страна на приказната. Со млекото коешто храни и по смртта, се укажува дека никакви масакри не можат да ја уништат расата, и никакви предрасуди и идеолошки заблуди не можат да го задушат гласот на љубовта, на грижата за ближниот и за потомството.

И литературните референци се обилни во критичкиот третман на делото на Старова. За Роже Врињи, *Времето на козите* ја донесуваат истата „тврдоглава позиција“ на отпор до последниот здив како што тоа го донесува и приказната за *Козата на господинот Сеген* од Алфонс Доде. Козата станува симбол на слободата, на непомирливоста, и тогаш кога смртта е најизвесниот крај на борбата. Ерик Фај ја согледува целата *донкихотовска* димензија на потфатот на Луан Старова: во неговото дело има еден татко исправен сам насред ветроштината на времето, со својата библиотека како штит од сите малициозни напади, има и еден син со витешко чуство на долг кон предците и благородна потреба да се искаже за едно време, за едни луѓе.

Друга карактеристика којашто сведочи за ингениозноста на потфатот на писателот Старова е неговата намера да создаде дело во коешто обилуваат авторефернцијалните моменти: секоја книга развива посебна метафора, но истовремено и обилува со реминисценции кои упатуваат на другите книги. Одредени сцени, ситуации, ликови, зборови, во варијантни изданија, со променета оптика и со малку поразлични зборови, се рефлектираат од книга во книга. Француската публика ги цени ваквите потфати затоа што знае дека вистинскиот уметник умее од варијантноста да создаде естетичка категорија. На тоа, впрочем, е научена од големите мајстори на циклуси како Балзак и Пруст, како и од големите експериментатори со формата како што се Ален Роб-Грије и Натали Сарот. И оттаму, се чини дека и воопшто не е важно низ која врата ќе се влезе во циклусот: секое дело е приказна за себе, но истовремено и важен дел од една голема сложувалка. Секоја книга со одреден свој дел навлегува во просторот на другата книга, ја надополнува и комплетира, но не ја загрозува самостојноста на нејзината приказна. Ваквиот аспект на делото на Старова ќе биде на неколку наврати потенцирано од писателот Ерик Фај, во повеќето негови критички осврти во врска со одделни дела и тој, во поговорот на *Патот на јагулите,* ќе заклучи дека ова дело претставува вистинска „утока на реминисценции“.

Огромниот медиумски одек во Франција на книгите на Луан Старова е повеќе од очигледен. Веднаш по нивното објавување се организираат промоции, претставувања, предавања, гостувања на радио и телевизија; за Старова се пишува во специ-

јализирани списанија, но и во дневни весници (Le Monde, Le Figaro, La Croix, Le Monde diplomatique, Le Temps …), во електронски изданија, но и во хроничарски извештаи; за неговото дело се произнесуваат професори, литературни критичари, интелектуалци, дипломати. Преведените книги на Старова се претставени во специјални емисии, во разговори на авторот со француски читатели, во централните и интернационални француски радио и телевизиски медиуми, како што се емисиите на France – Culture (Panorama, Lettres Ouvertes, Agora, De jour au lendemain), како и на радио и телевизиските станици France-Inter, France-Info, RFI, Radio Notre-Dame, TV 5 Europe.

Според традицијата на француската писателска комуникација, во најдобрата традиција на Балзак, Флобер, Валери, Јурсенар, Луан Старова е зафатен од вителот на една обемна преписка, една размена на писма со официјален, но и со приватен тон. Всушност, посебно место во факторите на француската рецепција на делата на Старова, заземаат и врските што тој ги одржувал во текот на децении со видни француски писатели, мислители, новинари, како и преписката, најчесто со книжевна содржина, што ја водел со нив. Долгите престои на Старова во Франција, најпрвин како стипендист на француската влада, специјализирајќи на Нова Сорбона (кај познатиот аполинерист, професорот Мишел Декоден, како и претходните врски со професорите по француска книжевност во Загреб, како што е Предраг Матвејевиќ, а пред сè Антун Поланшчак, своевремено професор на Сорбона и пријател на Пол

Елијар и Мирослав Крлежа), а потоа и како амбасадор на Република Македонија во Франција, преку учествата на низа книжевни манифестации, саеми на книги, симпозиуми, промоции по повод издавањето на неговите книги на француски јазик, како и нивното номинирање за значајни француски книжевни награди – сите тие биле фактор за постојана рецепција на неговото творештво, преведено и објавено на француски јазик. Значајни се сведоштвата на познати француски писатели како први читатели на делата на Старова, кои се искажувале било низ преписка, било во објавени осврти.

Меѓу првите автори со кои Старова водел пообемна преписка е значајниот француски поет Андре Френо (од генерацијата на Кено, Шар, Мишо, Превер, Бонфоа, Тардје), потоа следи преписката со поетот и романсирот Жан Русло; со поетот, романсиерот и ректорот на Сорбона Робер Мале; со гонкуровецот Морис Дрион; со академикот, лингвистот и книжевниот критичар Антоан Жерал; со поетот Филип Делаво; со филозофот и социологот Едгар Морен; со писателот Ален Боске; со романсиерот Ерик Фај; со поетот Ив Бонфоа; со поетите Адонис и Ежен Гилвик; со туниско-канадскиот франкофонски писател Еди Бурауи; со критичарот Ерик Ноло; со писателот Лоран Ковач; со белгискиот критичар Леон Сомвил; со поетот и уредникот на списанието *Europe* Жак Гошрон; со швајцарскиот романсиер Роже-Луј Жино; со поетот Жан Ложје; со критичарот Франсис Вибранс; со критичарката Мари-Франсоаз Ален; со писателот Жил Лапуж... Некои од овие книжевни врски претставуваат вистинско збо-

гатувачко искуство за авторот и фактор којшто тој инспиративно го преточува во своите дела. Такви се интензивните врски на релација Френо–Старова, Морен–Старова, а секако како особено важни се односите што Старова ги одржува со големиот поет Ив Бонфоа (Yves Bonnefoy).

Првата препорака за средба на Луан Старова со Ив Бонфоа потекнува лично од Андре Френо уште во далечната 1972 година, додека авторот го реализира својот студиски престој во Франција. Ив Бонфоа (1923), еден од најзначајните поети на денешницата, во 1981 година е именуван за шеф на катедрата за Компаративни студии на поетската функција на Collège de France, најеминентна француска образовна и културна институција во светот. Според замислата на Андре Френо, Старова требало да се сретне со Ремон Кено (што и му успева), но не дошло до реализација на средбата со Ив Бонфоа. Таквата средба ќе се оствари многу години подоцна, во октомври 1999, по препорака на поетот Адонис, и тоа во самите простории на Collège de France. Истата година Ив Бонфоа, по предлог и залагање на неговиот пријател и преведувач Адонис, го добива и *Златниот венец* на Струшките вечери на поезијата. Ваквиот настан претставува еден од најзначајните остварувања на оваа меѓународна поетска манифестација. Преписката, средбите и пријателството на Старова со Бонфоа се одвиваат во периодот пред доделувањето на Златниот венец на големиот поет. Бонфоа покажува интерес за твореството на Старова и е еден од најзначајните читатели на неговата балканска сага.

Пред заминувањето на Луан Старова од мисијата амбасадор на Република Македонија во Франција, Ив Бонфоа му пишува писмо со датум од 19 октомври 1999 година:

Драг Луан Старова

Спреченоста во последниот момент, исто толку неизбежна колку што и неочекувана, ме лиши вчера од задоволството да дојдам и да Ве поздравам во оваа пригода којашто ги обедини сите ваши пријатели. Поради тоа бев многу натажен, и затоа сакам да Ви кажам колку посакував ова заминување да биде само едно кратко отсуство, по чие завршување ќе ја имаме радоста повторно да Ве видиме.

Исто така посакував да Ви кажам со големо задоволство дека ги обожавам Вашите песни коишто ме поттикнаа да го започнам читањето на книгата за библиотеката на Вашиот татко. Целината на книгите, тоа е како доаѓање до свест, околу една симболична фигура, онаа на самата библиотека, на самото настанување на митот, истовремено болен и збогатен со надеж за овој Балкан којшто го сакаме и којшто Вие правите уште повеќе да го засакаме, на хоризонтот на искушенијата на историјата и глупоста на идеологиите. Вие, секако, чините извонредно корисно дело, во овие години коишто ќе бидат најверојатно одлучувачки: уште една причина да Ви посакам сè најдобро, во оваа нова епоха во Вашиот живот и во Вашата работа. Ве молам верувајте во моите најпријателски мисли.

Всушност, читателскиот интерес на Бонфоа за делото на Старова се буди откако поетот ќе ја прочита поезијата на Старова насловена како *Песни од Карпагина* (*Poèmes de Carthages,* Préface Adonis, Écrits des Forges, Canada, 2002). Откако се уверил во нејзините квалитети и ги засакал песните, Ив Бонфоа бил поттикнат да го започне читањето на *Татковите книги* на Луан Старова кое кај него предизвикало значајно естетско доживување.

*
* *

Со приопштувањето на француски јазик на делата од балканската сага, Луан Старова си создаде многубројни читатели, следбеници на неговата уметност, кои со нетрпение го очекуваат издавањето на секоја негова наредна книга. Меѓу нив има и едноставни читатели кои читаат заради естетско уживање, во спонтаноста на рецептивниот акт, без намера да ги разгледуваат низ критичко-литерарна призма даденостите во неговите книги. Но, има и врвни критичарски и поетски авторитети кои не пропуштаат, од дело во дело, да се втурнат во суптилни анализи коишто сериски му ги приопштуваат на авторот, или во преписката со него, или преку објавувањето на рецензии во угледни специјализирани списанија.

Жан Ложије (Jean Laugier), поет и драматург, е воодушевен од универзалниот хуманизам што е присутен во сите дела од балканската сага на Ста-

рова, од духот на толерантноста, како и од култот кон книгата, верната придружничка на семејството во сите негови преселби. Толерантноста се согледува во тоа што авторот поседува (исто како и неговиот Татко) една *прагматична и дистанцирана визија на историјата како човечка апсурдност*. Историските настани, посебно оние негативните, се дела на суетни манипулации, но фатални по луѓето кои во дадено време и даден простор стануваат заложници на таквите човечки глупости. Соодветно е на нивната апсурдност да се одговори со апсурден приказ во манир на сатира од перото на Кафка (она што Старова и го прави). Ложије согледува една од специфичностите на второто дело на Старова токму во неговиот формален аспект: *Ова дело спротивно на претходното, не е создадено од поглавја туку од теми или поскоро од сеќавања што избликнуваат од меморијата и од онаа тишина која го следи исчезнувањето на драгите суштества.* Всушност, секоја текстовна целина, односно книга на Старова, е групирана околу еден симбол кој претставува избли̇к на личната, но и на семејната меморија. Околу таа клучна парадигма, тој предмет или тој поим, испреплетува цела една мрежа на реминисценции кои се подеднакво оживеани спомени колку и причина за есеистички и филозофски медитации. Во тој момент на искористување на поетичките атрибути на предметите и концептите, во тоа развивање на „поетиката на трагата“, свето место зазема стариот ѕиден часовник којшто заедно со децата и книгите, е еден од првите предмети што ги преминува границите на семејните преселби.

Часовникот е депо, чувар на семејната меморија, на идентитетот и на единството на семејството; неговото отчукување е шепот на гласовите на претците, доаѓање до свест за континуитет. Тој претставува до таа мера култ на семејството што, персонифициран, функционира како лик, исто како што функционираат и книгите, како и другите култни предмети на семејството. Оттаму, и покрај напластените стравови и неправди, една блага оптимистичка атмосфера провејува во делата; таа е инспирарана од вербата во моќта на книгите.

Во врска со третиот роман *Атеистички музеј*, Ложје истакнува: *По повод „Времето на козите“ зборував за сатира од типот на Кафка. Овде се воспоставува подмолна атмосфера на еден процес којшто не си го кажува своето име. Влегуваме во него, речиси како да провалуваме, во една апсурдност на етатистичкиот постулат, таканаречено откровение, потоа издигнат на ниво на света вистина за една догма: атеизмот станува на тој начин дури и карикатурално религиозен.* Ретроспективно, со поврзување на елементите на трите први романи стануваат јасни извесни реакции и култови коишто се негувале во семејството: заслужното место што подеднакво ги заземаат и Библијата и Коранот и Талмудот во библиотеката на Таткото како модел за взаемното уважување и начин за премостување на разликите и предрасудите; уверувањето на таткото дека за оној којшто еднаш ќе тргне по патот на егзилот нема повеќе враќање во родната земја, но и оптимистичката нота дека *душата е онаа што ги*

поврзува суштествата и дека *нашиот храм е нашето срце*.

Во есејот на писателот Ерик Ноло (Eric Naulleau) под наслов *Романи на семејството (Romans de famille)*, објавено во списанието Quantara (есен 1999) е запишано: *Од една егзистенција ставена под знакот на егзилот, Луан Старова гради едно полифонично дело во коешто се мешаат сите гласови на Балканот.* Самиот наслов на написот упатува на проследување на судбината на семејството низ трите дотогаш објавени дела на француски јазик и ја одбегнува фројдистичката формулација фамилијарен роман (roman familial) кој во психоаналитичката традиција е обременет со елементот на потсвесно мотивирана инвенција. На тој начин, Ноло ни укажува дека станува збор за еден вид *roman de formation*, во којшто семејната атмосфера во корелација со општествените дадености му држат лекција за животот на нараторот/автор кој, пак, низ целата сага зазема позиција на секундарен лик. Главната фокализација е токму врз семејството (посебно Таткото, но и Мајката) и неговото благопријатно дејствување врз оформувањето на детето. Ноло истакнува дека искушение би било ова дело да се нарече Катедрала од мастило и хартија, но со оглед на мешаното потекло на авторот би требало *менталната слика за таквото здание да се однесува на местата на католичкиот и православниот култ исто колку и на една џамија*. Тој наследен момент на мешање и вкрстување, се чини дека ја детерминира и судбината на семејството во неговите преселби – семејството е секогаш, и буквално (гео-

графски) и во преносна смисла, на крстостопат. Оттаму за Ноло не е ни чудно што семејството, односно таткото, ја избира Македонија за последно вкоренување, бидејќи оваа географска крстосница на култури и народи совршено соодветствува на татковото двоумење дали да се тргне по патотот на Западот или по оној на Ориентот.

Во оваа земја, подеднакво оддалечена од Рим и Истанбул, таткото барем донекаде чувствува дека ја нашол вистинската позиција за воспоставување рамнотежа меѓу влијанијата и искушенијата што доаѓаат од двете страни. Ноло во дотогаш последно објавениот роман на Старова *Атеистички музеј* препознава типична кадаревска фактура наспроти бајковидното во *Времето на козите* и романескното во *Татковите книги*. Додека во претходните два романи наоѓаме едно суптилно иронизирање со политичките режими, посебно со оние тоталитарните, во овој трет роман станува најочигледна идеолошката преокупација на авторот којшто прави обид да проникне далеку во историјата, преку проучувањата што ги презема Таткото во врска со јаничарството. Сите империјални лидери го носат во себеси јаничарскиот код, а Балканот секогаш бил опседнуван од духот на јаничарството, е заклучокот на Таткото. Па сепак, тој не си оди од Балканот, туку напротив, му се враќа. Можеби во наивна умисла дека тоа е неговиот дом, но со духовна промисла дека сепак, крстосницата е залог за широчина на погледот и духот.

Швајцарскиот романсиер Жан Луи Жино (Jean-Louis Junod) на следниов начин ја сублимира бал-

канската трилогија на Луан Старова: *Трите романи на Луан Старова го објаснуваат мистериозниот Балкан од субјективна гледна точка на авторот и на членовите на неговото семејство. Сведоци на судбината на народите од Централна Европа, тие ја раскажуваат токму оваа приказна, евоцирајќи го нивниот сопствен живот. Ние тука наоѓаме една постапка слична на онаа на еден Толстој или на еден Васил Гросман: зборувајќи за себе да се зборува за цел еден народ и една епоха од историјата*. Во едно обраќање до авторот насловено како *Луан Старова, историчар и сведок на балканската реалност: почест од страна на еден неупатен кому денес му се отворени очите*, Жино ќе забележи: *Ти благодарам, драг Луан, што ни го опиша и објасни твојот мистериозен Балкан, на нас, Французите, Германците, Западните Европејци кои досега не знаевме ништо ниту за убавината, ниту за трагизмоит, својствени на твојата Македонија, на твојата Албанија. Твоето објаснување на балканскиот свет, ти ни го приопштуваш, не во форма на дисертации, туку во форма на сочни романескни раскажувања од коишто првото оди сè до времето на отоманската доминација во залез преку ликот на твојот Татко, вљубеник во книгата, кој го живеел и „сублимирал" падот на три империи, отоманска, нацистичка, сталинистичка. Каков сведок на судбината на народите од централна Европа! Твојата сага започнува со страсниот портрет на овој Татко, самиот симболизирајќи ја големината како и страдањата на душата балканска коишто никој*

друг не знаел подобро да ги искаже во едно живо литературно дело. Овој алегориски Татко останува присутен во „Времето на козите“, епопеја на селанскиот отпор против апсурдната сталинистичка диктатура во Македонија. Тоа е повторно истиот Татко којшто го придружува во Албанија наратороt во „Атеистички музеј“, раскажување за едно невозможно враќање во роднатa земја лишена од сопствената душа од страна на имбецилната тиранија на диктаторот.

Франсис Вибранс (Francis Wybrands), писател и теоретичар, објавува три одделни рецензии по повод трите првообјавени романи на Старова во угледното месечно списание за литература *Études*. По повод *Времето на козите* тој заклучува: *Литературата, тогаш кога знае да ги измеша чудесното со реалното, медитациите врз минатото и историјата воопшто, е и останува најубавиот начин којшто ни дозволува да ја разбереме сегашноста*.

Издавањето на *Татковите книги*, Вибранс ќе го прокоментира на следниов начин: *Од паѓањето на Отоманската Империја, до онаа на комунизмот, минувајќи преку нацизмот, ниту еден од земјотресите на една епоха не ги поштедиле овие предели. Следењето на преселбите во овие книги ни овозможува да поминеме низ верите, јазиците, татковините, народите, териториите во потрага по еден невозможен идентитет. Деологиите, такви какви што пустошеле низ Балканот во овој век.*

За секое новопреведено и издадено дело на Луан Старова во Франција, не пропушта да се произнесе и познатиот литературен критичар и професор на Институтот за ориентални јазици и култури (INALCO), Лоран Ковач (Laurent Kovacs). Квалификувајќи го *Времето на козите* на Старова како *еден вид пасторала што се одвива речиси во самиот центар на главниот град*, Лоран Ковач ќе запише: *„Романот на козите“ може да се чита како модерен роман, на наива и шегаџиство, при што тврдокорната бирократија е соочена со неминовен пораз од една плима на нежни бели кози коишто го поплавуваат Скопје. На заканите и принудата одговор им дава спокојната решителност на козите што со векови ги хранеле и спасувале претците на тие што денес сакаат да ги уништат. Овде алегоријата е везена со мајсторство, како во вибрирачкиот и возвишен стил, така и во прелевањето во еден мит на отпорот кон злосторничкиот диктат* (*La Croix*, 12 јануари, 1998).

Во написот по повод излегувањето на романот *Татковите книги* со наслов „*Книга за паметење“ од Луан Старова (Le livre de mémoire de Luan Starova)*, Лоран Ковач го потенцира култното место на книгата во ова дело и неговата симболика: *Книгата се вовлекува во сè и, како некаков демиург, ги оживува елементите на универзумот, од најблиските до најоддалечените; тој е неопходен принцип за манифестација на сè она што живее, на сè она што останува во неговата неподвижност. Исто како што човечкото суштество е истовремено мисла и анималност – и целосно може*

да постои само на тој начин – исто така и книгата се наоѓа на спојот на материјата и идејата (*La Croix*, 12 јануари 1998). По излегувањето на *Атеистички музеј*, Лоран Ковач, повторно во истото списание *La Croix* пишува рецензија со наслов *Разочарувањата на Луан Старова (Les désillusions de Luan Starova)*. За разлика од многубројната критика којашто во ова дело на Старова поскоро го актуализира моментот на неуспешното враќање кон родната земја, Ковач го потенцира успешното враќање од *враќањето*, односно доаѓањето до нова и дефинитивна свест за тоа каде е татковината, кој е идентитетот: *Срцето на семејството, неговото срце, чука таму каде што дишел неговиот татко, таму каде што воздивнувала неговата мајка. Идеалната куќа била изградена книга по книга, збор по збор, поглед по поглед од страна на Татково. Луан Старова за тоа зборува со една среќна едноставност и убедително раскажување (...) Битието на Татково се меша со битието на Мајката за да го изградат домот којшто ќе биде конечно оној на Луан Старова*. (21 октомври 1999)

Литературната критичарка Жозет Расл (Josette Rasle) на два пати се осврнува на книгите на Старова во литературното списание *Missives*. За *Времето на козите* таа пишува: *Иако заземаат централно место, нема повеќе кози во романот на Луан Старова отколку што има носорози во претставата на Јонеско. „Времето на козите“ е една парабола, една метафора чијашто смисла постојано ни бега. Тешко е да се разбере скриената смисла на ова надоаѓање на козите и уло-*

ѓата на козарот наречен Чанѓа. Овој козар, како прво, кој е тој? Традиционално симбол на злото, тој овде се претвора во христовска фигура за изгладнетите жители, столчени од војната, живеејќи во најголема политичка и материјална нестабилност, и лидер, значи ѓавол кој треба да биде соборен од востановената власт (март 1998); во врска со романот *Атеистички музеј,* Расл заклучува: *Една искрена книга... Опсервациите, дедукциите, спомените се ткаени според една циркуларност на дискурсот, една полифонија создадена од повторувања и проширувања, коишто не престануваат да ја ставаат во перспектива смислата што се прелева низ историјата на оваа земја со три религии, каде се мешаат остатоците на три империи. Ова сведоштво се чита како еден палимпсест на Ориентот, чиишто седименти не престануваат да го раслојуваат патот на авторот, неговата стрплива конструкција на идентитетот на една земја каде што Небото често пати исчезнувало од пред очите на луѓето* (март 2000).

Значајниот француски поет Жан Русло воодушевено му се обраќа на авторот во секоја преписка што ја започнува по повод секоја новопрочитана книга. Осврнувајќи се на *Времето на козите* Русло му пишува на авторот: *Честитки за оваа романсирана сатира, потхранета со семејни сеќавања и искуства, којашто добива фантазмагоричен карактер а ла Свифт, толку способна да го потврди иреалниот и фантазмагоричен карактер на секоја диктатура;* по повод *Татковите книги* повторно

му се обраќа: *Твојата книга ме воодушеви и сакам да ти се заблагодарам и да ти честитам без повеќе да чекам. Твоите родители навистина биле прекрасни. Ти ни ги правиш блиски преку прецизноста во претставувањето на нивните дела и гестови во текот на еден историски период којшто бил исклучително конфузен и опасен;* а по повод *Атеистички музеј*, Русло како да го затвора кругот на констатации повторно пишувајќи му на Старова: *Религијата е опиум на народот. Да се преобрази цел еден народ во фанатични обожаватели на еден крвав диктатор е најужасниот, најнеоспорниот доказ за такво нешто и раскажувањето на твоето искуство, со право, прави човек да затреперн.*

Познатиот синеаст Коста Гаврас, осврнувајќи се на *Времето на козите* му пишува на авторот: *Сето ова за да ви кажам дека вашата книга ме воодушеви и ме научи многу работи за „нашиот" Балкан, толку многу дискутиран, а толку малку познат. Ви благодарам*; а по повод *Татковите книги* повторно воодушевено извикува: *Уште еднаш се најдов опкружен со ликови, однесувања, мириси што ги открив, но коишто, на некој начин, ми се познати. Накратко, го пронајдов лавиринтот на Балканот, и во него многу убаво се почувствував.*

Во електронското списание *Courrier des Balkans*, од 23 јуни 2004 година, објавено е интервју што со авторот Луан Старова го ралізира новинарката Ан Мадлен и коешто носи наслов *Луан Старова: време на помирувања (Luan Starova: le temps des reconciliations)*. Писателот во разговорот се произнесува за клучните мотиви во своите дела, за инспи-

ративните нишки, за идејните определби коишто го воделе во пишувањето. Тој се навраќа на рекурентните симболи во своето дело и ги дообјаснува, во манир на значајни француски автори (како на пример Роб-Грије или Јурсенар) кои чувствувале потреба низ епитекстуални зафати да се дообјаснат како автори и да ја воведат читателската публика во светот на сопствените писателски мисловни меандри. Во врска со опседнатоста од историјата, Старова истакнува дека секоја негова книга е една метафора која инкарнира извесен временски период. Со оглед на фактот дека времињата на Балканот се мешаат, тие немаат стриктна последователност во манифестациите на нивните доминантни атрибути: оттаму и нужноста да се земе одреден исцртан мотив и тој констелативно да се ситуира во одредени временско-просторни околности. Старова вели: *Значи, за да ја евоцирам историјата на овој век, јас го земав семејството, моето семејство и создадов глобални метафори, затоа што не можам векот да го предадам хронолошки.* Оттаму впрочем и основната разлика помеѓу писателот и историчарот: книгата евоцира едно време кое се превиткува врз себе самото, како во една плисирана даденост, и писателот функционира низ една постојана игра на враќање наназад и проекција нанапред во евоцирањето на приказната. Тоа време ја има способноста постојано да се растегнува и повторно да се собира, компресира, па читателот добива впечаток на бесконечност, на време кое не е тродимензионално, определено со категориите на минато, сегашност и иднина, туку станува внатрешно време, она што Бергсон го нарекува времетраење (la durée), време

коешто е интуитивно, креативно, циклично, во неможност да се затвори во внатрешноста на само еден наративен потфат. Во врска со тоа, Старова истакнува: *Темите коишто ми изгледаат живи и актуелни не се затворени... се обидувам да ја пренесам комплексноста на Балканот, непостојаноста на нештата и на феномените коишто нè принудуваат да ги реситуираме во времето. (...) На Балканот, секогаш постои чувство на потреба да се комплетира нешто, и тоа се одразува во моите книги...* На прашањето за евокацијата на фигурата на Таткото како симбол на помирувањето, Луан Старова вели дека тоа е еден од можните примери како минатото да не се користи секогаш како оправдување за она што е сегашноста (една толку честа карактеристика на балканските навики), дека тоа е еден можен начин на воспоставување на дијалог меѓу различностите заради нивно прифаќање. Тоа е примерот на неговото семејство, како и на авторот, кои живеат една двојна реалност, онаа што си ја носат од својата родна земја и онаа со којашто се соочуваат во усвоената земја. Но тие *никогаш внатре во себе не ги спротиставуваат овие две реалности.* Прифајќајќи го ваквото животно кредо, синот воспоставува дијалог низ своите дела и со својот татко: обидувајќи се да проникне во длабочината на неговите размисли, синот во него проектира сопствени црти, но и се обидува да биде негов адвокат, да зачува одредена дистанца. Старова вели: *Ја проверувам во иднината веродостојноста на неговите визии*. Во врска со расцепот и шизофрениот момент што во писателот може да го предизвика паралелното творење на два јазика, маке-

донскиот и албанскиот, Луан Старова истакнува: ... *има еден трет јазик којшто ме спасува: францускиот. Јас живеам исто така и во тој јазик. Тоа е она што покажува дека човечката реалност на овие простори ги надминува медиумските ефекти. Тоа е она што јас го сметам за моја мисија: да покажам дека има еден богат живот на Балканот, една богата култура, тоа е она што ми дава надеж, што ме спасува од шизофренијата. Пишувањето е едно споделување на судбината со читателот. Не се пишува за самиот себеси, туку за да се оствари комуникација.* Во овој момент Луан Старова го допира феноменот на рецепцијата, на уметничкото како врвен критериум за привлекување на читателското внимание. Оттаму и употреба на хумор, алегорија, преносни значења, во отсуство на прецизни имиња и референци и во одговор на читателската потреба да го „пронајде авторот во текстот“ (Барт), не како чиста биографија, туку како биографема, како раздвижени атоми, распрснати минимални субјективни елементи, трошки со коишто авторот го просејува текстот, сигнификативни јадра околу кои гради приказни, минимални концепти кои не се толку себе-претставување, колку што се поттик за себе-иновирање.

Во однос на прашањето на границите, уште една опсесивна метафора на писателот, тој истакнува дека најопасни се менталните граници, оние коишто изродуваат национализми, и мисијата на *писателите е да се пресметаат со минатото, со национализмите, со злостореше. Да се запознае и да се признае. Не да се негира и осудува, туку да се разбере. А пишувањето е исто така едно длабоко*

понирање во себеси и без признавањето на другите, не можеме ниту да живееме ниту да се збогатуваме.

Во создавањето на својата балканска сага, Старова, всушност, најмногу црпи од рецептивната предиспонираност на неговата двојазичност во пишувањето (македонски/албански), како и тројазичност (албански/македонски/француски). Тој своето книжевно дело го создава на два јазични идиоми (албански и македонски), додека третиот идиом ги збогатува обата први идиоми на кои пишува авторот, станувајќи предизвик и строг критериум којшто треба да се достигне. Старова е во потрага по некаква ритмичка конфронтација на трите идиоми. На тој начин авторот настојува, како што е наведено во една пригода од француската книжевна критика, од противречните јазични, книжевни, културни состојби да извлече позитивни финалитети. Во тоа е и посебниот интерес за балканската сага во француските книжевни рецептивни кругови.

Со исклучителниот успех и прием што го доживува делото на Старова во франкофонски, па и во светски размери, писателот сè повеќе добива место во антологиите на модерната европска литература, како и во речниците на европските автори. Во 2004 година, во издание на Омнибус, објавена е книга на избор на трудови *Балканот во мугрите на дваесеттиот век (Balkans en feu à la veille du XXe siècle,* 2004) од авторите Ален Кела-Вилиже (Allain Quella-Villéger) и Тимур Муидин (Timour Muidine). Претставувајќи ги делата коишто се поместени во ова издание, меѓу нив и оние на Луан Старова, углед-

ниот женевски критичар Жан-Арно Деренс во својата студија насловена како *Балканскиот егзотизам* (L'exotisme balkanique, *Le Temps, 2004) истакнува дека: Балканот бил задолжителен крстопат за европската имагинација, а употребата на поимот „балканизација" кон крајот на XIX век, европскиот читател ќе го соочат и со еден привлечен, но заканувачки егзотизам пред самите порти на Европа*.

Во 2007 година, големиот издавач De Boeck од Брисел, го издава антологиското издание *Европска литература. Прирачник од историјата на европската литература (Lettres européennes. Manuel d'histoire de la littérature européenne)* чии приредувачи се Аник-Беноа Дисосоа (Annick Benoît-Dusausoy) и Ги Фонтен (Guy Fontaine). Во оваа обемна студија, во поглавјето *Современи тенденции и фигури*, во посебен издвоен напис, претставен е писателот Луан Старова со романите на неговата балканска сага. Тој е единствениот претставник од современите писатели на Македонија во овој антологиски учебник кој донесува цитати од оригиналниот јазик на авторот, нивен превод на француски јазик и педагошки апарат од прашања за студентот на крајот од секое поглавје.

Во рамките на остварувањата коишто Старова ги објавува на француски јазик, треба да се спомне и новелата *Граници (Frontières),* објавена во антологијата *Сенката на судот*, од страна на парискиот издавач Editions des Syrtes, антологија во која се застапени по еден познат писател од Романија, Албанија, Македонија, Босна, Србија, Русија, Гер-

манија, Бугарија, Република Чешка, Унгарија и Полска. Антоголијата, проследена со значаен одглас во европските медиуми, беше објавена по повод дваесетгодишнината од урнувањето на Берлинскиот ѕид. Прилогот *Граници* на Старова, беше одбележан во повеќе критички записи во француските медиуми како „автентично сведоштво на ѕидовите на пеколот зад кои бил затворен Балканот во текот на повеќе векови“. Оваа новела под наслов *Балкански граници – Еден век граници во животот на едно албанско семејство*, ќе биде објавена и во репрезентативната антологија на шведскиот писател Ричард Шварц *Другиот покрај мене (Die andere nebenan),* во издание на познатиот франкфуртски издавач Фишер Верлаг *(2009)*. Во антологијата се застапени дваесет и еден познат европски писател, меѓу кои Давид Албахари од Србија, Словенка Дракулиќ од Хрватска, Исмаил Кадаре од Албанија, Владимир Зарев од Бугарија... Меѓу нив и Луан Старова како претставник од Македонија.

Делото на Старова, освен читателска и критичка наклонетост и пофалбена рецепција, доживува и општествени признанија. Луан Старова добива награди и одликувања коишто ја осведочуваат неговата заслуга како писател, но и неговото залагање во подигањето на мостови помеѓу македонската и француската култура. Во 1997 година неговата книга *Времето на козите* влегува во најтесниот избор за најдобар странски роман на годината. Истата книга била номинирана за наградата „Жан Моне“ за најдобар роман во Европа на фестивалот којшто традиционално се одржува во градот Коњак во Фран-

ција. Во 2000 година Луан Старова е одликуван со медалот Командир од редот на уметностите и книжевностите (*Commandeur dans l'ordre des Arts et des Lettres*) од страна на француската влада. Во 2006 година тој го добива медалот на Здружението на француските писатели. Медалот му го предава поранешниот министер Жак Огард, а церемонијата на доделувањето се одвива на угледниот француски универзитет „Рене Декарт". По церемонијата организирана е тркалезна маса на тема „Балканот во делото на Луан Старова" којашто ја анимираат познатите француски професори на Сорбона, Ани Грубер, Едмонд Жу и Патрик Рамбо.

Времето на козите
***(Le Temps des chèvres,* Fayard, 1997)**

Ингениозноста на Луан Старова во ова дело доаѓа до израз во употребата на една постапка којашто Монтескје неколку века порано веќе ја примени во своите *Персиски писма* – низ наивната оптика на неинструираните и неиндоктрираните гледачи да се предаде извесна социјална неправда, недостаток или глупост. Масакрот на козите во поствоена Македонија кон крајот на четириесеттите години на минатиот век е предадена низ очите, мислите и чувствата на детето Луан. Таа оригиналност на постапката ја воочи првиот француски читател на ова дело на Старова, неговиот преведувач, господинот Патрик Крисман, кој во предговорот кон француското издание на ова дело ќе истакне: *Со*

елеганција на којашто и е еднаква само неговата умереност, тој донесе цврста одлука да ја раскаже драмата низ оптика, истовремено свежа, духовита и трогателна, каква што може да биде онаа на малите деца кои како гледачи, понекогаш наивни, понекогаш поради забава, понекогаш престрашени, присуствуваат на последователните пресврти на претставата којашто се игра околу нив.

Предговорот на Крисман завршува со неговото уверување дека е речиси задолжително неговите западноевропски браќа внимателно да го сослушаат овој, *толку талентиран, умерен и мудар глас!* којшто се издига од центарот на Балканскиот Полуостров. И тој совет на Крисман беше уважен, и тој глас балканскиот писател Старова беше слушнат. По објавувањето на романот следи цела една лавина на настани во коишто се велича читателската и критичката рецепција на ова првообјавено дело на Луан Старова (иако хронолошки, на *Времето на козите* им претходат *Татковите книги* во македонските изданија).

На 2 октомври 1997 година, во елегантната сала на францускиот Сенат, тоа вековно седиште на француската политичка и интелектуална мисла, се одржува презентација на штотуку објавениот роман *Времето на козите*. Со неа претседава господинот Робер, сенатор и прв претседавач на групата за пријателство Франција–Република Македонија. За свечената и пријателска атмосфера којашто владее во тој момент во Сенатот пишува Клодин Елф во списанието *L'Arche* (јануари 1998): *Тоа се случи во првите денови на октомври, во Сенатот. Робер*

Баденшер йрешседаваше со еден „мноѓу исклучишелен“ насшан: йоезијаша овде се срешна со ѓолемише човечки йроблеми, оние на слободаша и на висшинаша за коишшо ни зборуваше Едѓар Морен: неѓоваша анализа, неѓоваша одмерена елоквенција му оддаваа, всушносш, йочиш на йоследношо йреведено дело на Луан Сшарова, амбасадор на Македонија во Франција: „Времешо на козише“.

Ова дело беше забележано од йечашош йоради неѓовиош храбар симболизам и ориѓиналносша на содржинаша.

Бројни беа македонскише и франшускише йријашели на авшорош, со йраво йочишуван од на нему рамнише. Можеа исшо шака да се забележаш личносши од филмош, шеашарош и шелевизијаша, неколку славни йисашели меѓу кои Морис Дрион од Франшускаша академија и йоешош Адонис.

Главната реч ја има Едгар Морен (Edgar Morin), голем француски филозоф, социолог, писател, суптилен познавач на историско-социјалните прилики на Југоисточна Европа. Морен е долгогодишен пријател со авторот, уште од почетокот на деведесеттите години на минатиот век, кога се запознале на истекот на Дрим, во рамките на меѓународните Струшки вечери на поезијата. Оттогаш меѓу нив трае едно пријателство на взаемно уважување, но и поддршка во креативните дејности. Морен во Луан Старова го препознава својот балкански брат, со којшто негува заеднички афинитети не само во интелектуалните преокупации, туку и во заедничкото балканско потекло. Едгар Морен во своето излагање укажува на оригиналноста на темите

коишто провејуваат низ *Времето на козите*, истакнувајќи дека посебно привлечен за западниот читател е начинот на којшто оваа дело ги разбива стереотипите за балканската култура: *Третата искуствена тема што произлегува од оваа книга и којашто е важна за оние од Западот, е тоа што оваа книга овозможува да се види едно лице на Балканот коешто е непознато и непризнато од страна на западноевропскиот човек, бидејќи за него Балканот е симбол на конфликти, на братоубиствена омраза, на погубни беснеења.*

Значи, има едно друго лице, едно лице што е присутно во времиња на мир, коешто тие го поседувале низ векови, едно не само мирољубиво лице, туку лице на соживот, на почит кон другиот, на пријателство помеѓу ликовите, помеѓу личностите со најразлично потекло. Има, исто така, на Балканот една голема култура, една друга култура на суштества кои црпеле како од европската, западна култура, така и од исламската култура којашто пристигнала преку Османлиите. И јас сум уверен дека оваа голема култура на Балканот е симболизирана преку Татко-то на нашиот јунак, интелектуалец, ерудит и мудрец. Односно, она што е можеби трагично на Балканот, таму каде што би можел да се всели еден соживот, е тоа што најдобриот може да се претвори во најлош и тоа што Балканот на повеќе навратии се соочил со злобни историски делби.

По пријателската средба на која настана размена на мислења меѓу авторот и публиката, поетот Адонис ја дава следнава изјава: *Признавам дека не сум познавач на раскажувачката уметност. Но,*

одвреме-навреме ги читам романите на моите пријатели. Така и го прочитав романот на мојот пријател Луан. Тоа што ме воодушеви во романот е трагично-поетската димензија и симболиката. И во двете димезии изнаоѓам дека романот е еден од најдобрите начини за да се издејствува уништување на идеолошкиот универзум, затворен и суров, но без да се каже било што директно, и тоа е она што ме воодушеви во ова дело.

На 4 март 1998 година, во Домот на писателите (La maison des écrivains) во Париз, во рамките на серијата „Всушност, меѓу нас“ (D'ailleurs parmi nous), организиран е дијалог околу француското издание на *Времето на козите*, со учество на двајцата еминентни писатели Предраг Матвејевиќ и Ерик Фај.

Луан Старова негува со истакнатиот писател, есеист, критичар, професор и угледен претставник на загрепската книжевна школа Предраг Матвејевиќ долгогодишни професионални и пријателски врски. Имено, угледниот хрватски литерат е еден од најодговорните професори, поточно ментори на докторскиот труд што Луан Старова го изготвува на Загрепскиот универзитет дваесетина години порано и којшто се однесува на книжевните врски помеѓу Гијом Аполинер и еден познат албански полиграф Фаик Коница††. Во продуховеното обраќање до публиката и до авторот, Матвејевиќ овој роман и неговиот творец ги нарекува крстосница во длабоко

†† Студијата *Фаик Коница и Гијом Аполинер: едно европско пријателство* е издадена на француски јазик: *Faik Konitza et Guillaume Apollinaire, une amitié européenne*, L'Esprit des péninsules, Paris, 1998.

уверување дека такво комплексно, но истовремено и прекрасно дело, може да се создаде само во услови на средби и вкрстувања. Затоа, овој суштински плурализам којшто го определува битисувањето на авторот, Матвејевиќ ќе го нарече: *homo plurilingus, homo pluriethnicus, homo pluriculturalis*. Израснат во семејство во кое постои почит кон сите култури, развивајќи се во услови на мешање на повеќе етникуми, Луан Старова владее со повеќе јазици коишто му овозможуваат да разбира, но и да биде разбран. Во таков контекст на соочување со повеќе реалности, тој впива најразлични влијанија, усвојува најразлични имагинативни концепти, спознава различни духовни хоризонти коишто го определуваат неговиот профил на интелектуалец, естета, поседник на извесна имагинарна структура. Матвејевиќ ќе му се обрати на авторот: *...токму поради оваа крстосница, поради оваа средба, вие сте еден човек на испреплетени имагинарности коишто успеваат да се концентрираат, да се изразат во вашето дело. Времето на козите* се една идеална реализација на бунтот на Крлежа против канонизираната иконографија на соц-реализмот, тоа е дело кое настанува од процепот на таа идеологија, едно дело кое успева да се извлече од премногу ограниченото помање на реалноста, на првата реалност, онаа што е наоколу, помалку и досадна во својата рационална димензија. *Времето на козите* е дело кое успева да покаже дека има и друга реалност, како што истакнуваат Бодлер и Маларме, реалност од надреалистичка природа како што искусуваат Бретон и Супо, или реалност која може да биде и

„магична“ како што нè учи Маркес. Книгата на Старова ги расветлува табуата, но тоа е една нежна, неагресивна книга. Тоа е она расветлување, па дури и раскринкување, но со воздржаност, со задршка, без насилни движења, или како што вели Матвејевич: *Има критика на комунизмот, но нема антикомунизам, би рекол, на еден невкусен начин*.

Во текот на една промоција на делото *Татковините книги* на Луан Старова што ќе се одржи во галеријата *Le Lys* во Париз во декември 1998 година, професорот, теоретичарот и публицистот Никола Ковач, тогашен амбасадор на Република Босна и Херцеговина во Република Франција, ќе се надоврзе на романот *Времето на козите* за да истакне: *Првиот роман „Времето на козите“ беше едно алегориско искажување, една парабола исцртана со света едноставност, еден текст чија тема е на некој начин буколична (...) една мерка што беше преземена од владата на бивша Југославија за да се уништат козите и селаните да се претворат во пролетери, во индустриски работници. Позади овие поскоро симболични но реални мотиви од социјалната историја на бивша Југославија се крие една многу поширока и потрагична тема, мотивот на масакрите врз невините (...) како метафора којашто се провлекува уште од библиските времиња и продолжува сè до унивезумот на концентрационите логори.*

Никола Ковач е автор кој опстојно ќе го следи опусот на Луан Старова, сè до неговата смрт, и на повеќе наврати критички ќе го анализира. Во своите осврти за делото на Старова, искажани во најразно-

видни прилики, Никола Ковач романот *Времето на козите* на Луан Старова го согледува како *Една сатира на идеолошкото угнетување* (како што е всушност и насловот на статијата *Une satire de l'oppression idéologique*) и со ингениозен критички дух ги детектира клучните елементи на кои се должи успехот на оваа книга: *Заслугата на Луан Старова е во тоа што знаел да ги фати гласовите на историјата и да ги претвори во легендарни дискурси во форма на спонтано и едноставно раскажување (...) Така, „Времето на козите" ги исцртува апсурдностите на еден тоталитарен режим којшто, почивајќи врз лажни премиси, завршува со акции со крвави ефекти: ирационалната пропаганда измислува лажни непријатели за да преземе неказнето извесни ликвидирања. Тоталитаристичката мисла е всушност една неурамнотежена мисла: реалноста и разумот овде и се потчинуваат на арбитрарноста и на утописките проекти (...) Старова реагира како уметник наспроти суровата историја на Балканот (...) Заслугата на Луан Старова е во тоа што започнал и реализирал една приказна која го стекнува својот шарм и кохерентност благодарение на неговата наративна моќ и чистотата на неговото раскажување: хаосот на една епоха, превирањата од „времето на козите", овде ја изнаоѓаат универзалната форма на литературната убавина.*

Овие линии на анализа ќе продолжат и во делото што Никола Ковач ќе го издаде во 2002 година со наслов *Политичкиот роман – Фикција на тоталитаризмот* (*Le roman politique – Fiction*

du totalitarisme, Paris, Michalon). Тој козјиот помор дефинитивно го става во една политичка перспектива, односно перспектива на политички ангажираниот роман, бидејќи ваквиот настан е метафора за сите деструкции и ликвидации предизвикани од омразите и непријателствата коишто владееле на овие простори. Ваквиот настан упатува на еден вид проклетство кое прави, секогаш кога животот ќе земе некој нормален и мирен тек, да се разбуди демонот на иделошката доза од каква и да е провиниенција, и: *механизмите на репресијата се алармираат и настојуваат да ги редуцираат големите движења на една банална и симплифицирана шема, како да животот мора да се потчини на стриктни правила.* Политичкиот роман ја црпи својата вредност токму од ваквата имплицитна, алегориски препокриена критика на идеологиите, од тонот на хумор со кој се евоцираат трагични настани и, на тој начин, пронаоѓа *оправдување за неговата социјална и уметничка мисија.*

Еден од првите критички одзиви кои следат непосредно по објавувањето на *Времето на козите*, е проникливата критичка реч на францускиот писател Ерик Фај (Eric Faye) кој со радост констатира дека од Балканот до француската јавност доаѓа еден нов творечки импулс, ново дело во коешто љубителите на Кадаре, Пекиќ и Шчепановиќ ќе ја пронајдат истата смисла за чудесното. Во написот со наслов *Еден балкански Дон Кихот* (Un Don Quicnotte balkanique) објавен во угледниот весник *Фигаро* од 19 јуни 1997 година, Ерик Фај истакнува: *Вообичаено е литературата од Балканот да*

ни овозможува откритие на вистински бисери. Од последен датум е романот преведен од македонски, Времето на козите, објавен од издавачот Фајар (...) Во традицијата на балканските класици, Луан Старова овде успева да изведе вистинско мајсторство и несомнено да ни овозможи други бисери од ваков вид: „Времето на козите“ е само еден том од една трилогија којашто ќе се впише во уште поголем циклус. Оние коишто сакаат да ја разберат реалноста на Балканот мораат да го прочитаат овој франкофилски автор кој владее повеќе јазици од неговиот регион, пишува прво на македонски, а потоа создава верзија на албански...

Угледниот француски поет Ален Боске (Alain Bosquet) во написот *Козите на Луан Старова (Les chévres de Luan Starova)* објавен во угледното француско литературно списание *Magazine littéraire* од мај 1997 година, укажува дека со ова дело е разбиен западноевропскиот стереотип литературата од балканските простори да се индентификува со остварувањата на само неколкумина врвни автори, како што се Мирослав Крлежа, Иво Андриќ, Миодраг Булатовиќ и Васко Попа. Од овие простори сега доаѓа еден оригинален писател со дело кое не е слично на ниту едно претходно, а тоа е Луан Старова со неговите *Кози...* Најзначајната оригиналност се состои во мајсторството на авторот да направи еден беспрекорен преод од реалистичното (културно-општествениот контекст во кој селаните треба да бидат претворени во „продуктивна“ работничка класа) кон бурлескното (пописот на козите како мера да се

направи „ред и поредок“ во младата држава, а со тоа и да им се даде лекција на граѓаните за беспрекорно „социјалистичко“ функционирање) и оттаму кон митското (млекото продолжува да тече од подземјето во коешто исчезнуваат козите заедно со нивниот волшебник Чанга, своевидниот Мерлин на козјиот род), како и во начинот на којшто ова дело развива една слоевита симболика која овозможува мноштво интерпертации: *Легендата му отстапува место на митот. Спасителот на козите станува еден вид маѓепсник, или можеби полу-бог. Кој знае: од местото каде што се наоѓа, не е исклучено дека тој може да ја преобрази земјата. Оваа книга е напишана како една литанија, во којашто епизодите се испрепletуваат. Сатирата се надоврзува на параболата, а сказната дозволува повеќе симболични интерпретации. Луан Старова со голем интензитет управува со малициозното и магичното*.

Тој премин на Чанга од обичен овчар во маѓепсник и божество на козјиот род, со што на еден спонтан начин се означува преминот од регистарот на реалистичкото во регистарот на бајковидното, го воодушевува и писателот Жак Гошрон (Jaques Gauchron) којшто во литературното списание *Europe* (ноември/декември 1997) ќе запише: *Фигурата на татковото, ерудит и пасиониран по балканската историја, придонесува да се премине од романескното кон имагинарното, во една клима на сказна. Особено кога целата своја димезија ќе ја добие козарот Чанга, чијшто сиров здрав разум и приврзаност кон неговиот селски живот му*

даваат на ликот едно амблематично држење. Тој претставува, барем на ниво на фантастиката, триумф на слободниот селанец над одлуките на политичката моќ и застрашувачките услови на урбаниот живот. Тој е херој на безусловната љубов кон животните, кој ќе отиде во смрт заедно со козите во утробата на една неизмерна тврдина. Така сказната станува бајка, се поместува, ако така може да се каже, и се приклучува кон широката дебата за злоделата на модерниот живот, за неговите болни контрасти.

Времето на козите е дело коешто е привлечно и инспиративно за сите читатели, секој во оваа книга може да ја прочита сопствената приказна: од одгледувачи на кози, кои во неа гледаат животинска апологија за потценетите кози во хиерархијата на домашните животни, прек у историчари и социолози кои низ делото согледуваат значајни податоци за едно историско време и одредена констелација на општествени односи, до херменевтичари и воведени литерати кои преку суптилното препознавање на метафори и алегории, се втурнуваат во најразновидни критички приоди за дешифрирање на едно дело. Во тоа дешифрирање тие загатнуваат одредени несвесни слоеви на креативниот чин, па понекогаш повратно, преку интерпетативната реч, му откриваат на авторот хоризонти за коишто и немал свест дека го определуваат неговиот светоглед.

Времето на козите ќе има своја рецензија дури и во *Билтенот на Единството за координација на акциите и соработка во истражувањето и развојот на козарството (UCARDEC)*. Во неа

пишува: *„Времето на козите“ е еден роман полн со чувственост, поезија и хумор, да им се препорача на сите оние кои се интересираат за историјата на луѓето и на нивните кози.* Еден бивш одгледувач на кози му пишува на авторот: *Раскажувањето на ова дете е толку убедливо што можеме да поверуваме дека излегува право од перото на еден козар којшто станал писател ... трогателно и радосно*.

Во написот на Лили Бранист *Le Temps des chèvres* во списанието *Lire* од април 1997 година, се навраќа на иницијалниот импулс којшто овозможил еруптивно излевање на приказната за „изгубениот рај на детството“. Имено, во текот на една париска изложба, авторот доживува вистинско просветлување пред една слика на Шагал на којашто се прикажани семејства и кози како висат во азурот помеѓу небото и земјата. Двата мотиви присутни на платното се доминантни и во книгата на Старова. Шагал е автор којшто козата ја вметнува во многу свои платна, таа е опсесивна метафора којашто го следи низ неговите слики поради нејзиниот двоен статус: таа е истовремено инкарнација и хранителка и на ѓавол, чиишто телесни карактеристики го конституираат гротескното тело на митскиот сатир (пан). Оттаму и сатирата како облик на изобличено искажување во кое нужно како читатели сме упатени на потрага по вистинскиот облик на пораката. *Времето на козите* на Луан Старова е токму едно такво четиво во коешто контекстуално се развива критика на едно време и еден систем. Но, сатирот, доколку и се поврзува со ласцивноста, тој е длабоко

поврзан со афирмацијата на хранителните сокови на природата, со нејзината репродуктивност, со неопходноста на храната што ни ја нудат земните даденост меѓу кои и козата како митска хранителка на човечкиот род. Козите на Старова се хранителките на истоштените деца од поствоената сиромаштија. Нивното присуство во романот нè потсетува дека тие чекорат на земјата поради една многу благородна причина којашто не смее да биде поништувана со никаков декрет на човечките заблуди.

Во бројот од 31 јули 1997 година на *Ле Monde diplomatique* излегува написот *Масакрот на невините* (Le massacre des innossants) од авторката Мари-Франсоаз Ален (Marie-Françoise Allain). Таа ова дело на Старова го означува како: *Роман за едно семејство на егзилирани покрај брегот на една река, под едно тврдина, во еден град. Роман за љубовта на едно мало момче кон неговиот татко. (...) нема датуми, нема имиња на места, нема на ниту едно место спомнување на зборот „албански“, на пример. Туку мириси, помешани спомени, човечка топлина, глад во стомакот, радости, црни ирационални стравови коишто, наспроти сè, прават да се почувствува вистинското страдање...* Она што Патрик Крисман го нарекува воздржаност во изразот, Мари-Франсоаз Ален го именува како избор на нежност и задршка во начинот да се проговори за едно големо зло. Таа во масакрот на козите согледува парабола за сите масакри што ги познава човечката историја: од оние библиските, како што тоа го забележува Никола Ковач, до најсовремените, оние што се случуваат

над цивилите во воено Сараево. Па сепак, одејќи во смртта: *козите „исчезнуваат“ под планината со нивниот козар Чанга, откако претходно ќе им дадат многу млеко на жителите*. А на тој начин, всушност, Чанга и неговите кози си обезбедуваат живот. Во оваа митска слика Луан Старова се доближува до мотивот на бесмртноста на големите мајстори што го обработува Маргерит Јурсенар во нејзината *ориентална новела* „Како Ванг-Фо беше спасен“. Уште еднаш на овој начин се дава на увид идејата дека жртвувањето на невините, тој чест балкански синдром, е залог за бесмртноста. Стариот сликар Ванг-Фо, тој ненадминат мајстор на кинескиот пејзаж, талка заедно со својот ученик по царството на Хан, во потрага по идеалните и ненадминливи бои со кои ги црта небото и водите на природата. Тој станува жртва на налудничавите и исфрустрирани идеи на принцот кој му е љубоморен затоа што сите го сакаат и му наредува во претсмртните мигови да доврши една стара слика со море, небо и планина со неповторливи бои. И Ванг-Фо, со никогаш дотогаш видена убавина, слика море, и во морето чун. Водата ја исполнува собата во којашто тој е измачуван од принцот, а неподносливиот тиранин речиси и да се дави во напливот на надојденото море. Ванг-Фо се качува во чунот и морето со боја на син жад го носи далеку од местото на злосторот, во пределите на бесмртноста. Тој продолжува да живее во своето дело. Чанга, големиот мајстор на козјата уметност, живее за да им овозможи благодет на другите. Ама тиранинот, љубоморен на неговата популарност и здраворазум-

ско резонирање, сака со сила да го натера на противприродно уништување на козите. А уништувањето на козите им носи страдање на луѓето. Големиот козјољубец и човекољубец Чанга, одбива да биде дел од уништувачкиот план и се засолнува со своето стадо во подземниот лавиринт на Калето. Млекото продолжува да тече, низ дупките и изворите, за да им биде храна на децата, а Чанга го снемува во утробата на планината којашто толку многу ја почитува. Тој продолжува да живее во спомените на другите. А тиранинот, и во овој случај, не успева да ја одгатне загатката на бесмртноста – спасот е во уметноста и во добродетелта, или поточно во уметноста на добродетелта.

По објавувањето на романот *Времето на козите* следат одеци и во електронските медиуми. Во емисијата Lettres Ouvertes на угледниот радио канал *France-Culture*, на 18 јуни 1997 година, домаќините-новинари Роже Врињи (Roger Vrigny) и Кристин Жордис (Christine Jordis) го пречекуваат во студиото авторот Луан Старова. Го поздравуваат и се радуваат на гостувањето на еден писател-амбасадор, на што Луан Старова забележува, во лежерен, шеговит тон, дека е тешко да се биде и двете истовремено, бидејќи *честопати се станува амбасадор по случајност, а јас се обидувам да бидам писател по вокација*. Новинарите во козите на Старова согледуваат антитеза на секоја идеја којашто носи нешто сурово, суво и осакатувачко за човекот, за да забележат дека во начинот на којшто функционира овој „магичен реализам“ во евокацијата на сцените (во кои се прикажува нешто што е истовремено реа-

листично и нереалистично), книгата потсетува на начинот на којшто Андре Жид ги создава своите „сотии“. Тоа е една прилично точна забелешка бидејќи во начинот на којшто Луан Старова ја дава на увид човечката глупост низ еден наивен, навидум неупатен дискурс, потсетува на гротескната манипулација чијашто жртва е побожниот Амеде Цвеќарски во *Подрумите на Ватикан*. Подземните сили на бескрупулозните идеологии (заради реален ќар само на една малобројна елитна група која смислува монструозни проекти) ги повлекува во амбис, неповрат, сите изданоци на некорумпирана мисла. Луан Старова не сака да создаде широка историска фреска затоа што *многу писатели од светско значење, како што е случајот со Солжењицин, веќе ја претставиле оваа тоталитарна епоха*. Тој едноставно сметал дека *треба да се тргне од еден малечок, истовремено комичен и гротескен настан* за да се опише „глупоста“ што владее во одредени времиња и на одредени простори.

Покрај официјалната критичка оптика која со најпозитивни констатации се прелева низ печатените медиуми, се одвива и цела една топла преписка со пријатели, големи интелектуалци и луѓе од литературниот и културниот живот. Сите тие го искажуваат своето воодушевување од оваа книга. Меѓу нив и Леон Сомвил (Léon Somville): *Штотуку го завршив „Времето на козите“... Оттаму, оваа потреба веднаш да ти го искажам моето воодушевување за оваа модерна сказна каде што ти успеваш да ја резимираш историјата на едно семејство, во исто време како и онаа на балкан-*

скиот свет, за да завршиш со онаа на сталинистичкиот период. Во првата ти си ја внесол сета своја нежност; во втората, твојот атавизам; во третата, твојата иронија. Ти си ги завитkал сите овие во една извонредна козарска алегорија, чијашто библиска едноставност не треба да ги засени скриените значења.

Има една заедничка карактеристика на целото дело: се чувствува дека ти со задоволство си пишувал. Сè уште не можеш да се воздржиш да не се налутиш против тоталитаризмот (да не кажам глупоста) на повоениот режим. Но твоето најефикасно оружје останува хуморот. Хуморот поврзан со нежноста со која ни ги опишуваш козите и оние што ги сакаат. Јас сум еден од нив...

Се надоврзуваат фалбени зборови како во сретствата за јавно информирање, така и во писма упатени лично до авторот. Антоан Жерал (Antoin Gérald), член на француската Академија и угледен лингвист, во приватната преписка до Луан ќе запише: *Дозволете ми да Ви кажам многу едноставно: оваа книга претставува во моите очи вистинско чудо. Начинот, или поскоро суверената умештност со којашто Вие го поврзувате реализмот со чудесното, радостите на иронијата и драмската тензија, има со што да го маѓепса читателот.*

Жан-Пол Капи (Jean-Paul Caput), лингвист и професор на Нова Сорбона, читајќи го *Времето на козите*, ќе ги запише следниве лапидарни, но истовремено полни со интензивна вистина, *прибелешки:*

Намерно ја оставам формата на „прибелешки“, земани во текот на читањето, и на раз-

мислувања кои веднаш потоа надошле: јас не сум во никој случај литературен критичар.

Прво размислување: една поучна приказна – историјата покажа дека козите се во право.

Книгата потсетува на еден сè уште недоволно познат трагизам: нејзиниот превод беше неопходен.

Ми се допадна оваа убава сатира, насекаде во филигран, под едно мноштво на форми и којашто најчесто се претставува преку стилот.

Црниот хумор не е отсутен. Овде имаме една немилосрдна и карикатурална радиографија на функционирањето на власта на еден кошмарен систем.

Тоа е универзумот на Кафка, но евоциран според Волтер.

Уште неколку извадоци од критички осврти или лична преписка:

Роман на мирот во еден универзум на војна, редови на поезија и на привлечност, читателот е поштеден од ужасот, но ја присвојува драмата на Балканот. Останува впечатокот дека го прошетал Балканот без да сретне бес или омраза, туку само една фаталност. (Глорија Монтенегро – Gloria Montenegro), амбасадор на Гватемала во Република Франција, лична преписка.)

Вашата книга е една пофалба на селската едноставност и искреност. Не можам а да не го цитирам овде Монтењ „Ги сакам селаните, тие не се толку учени за да мислат наопаку“. Ви честитам за вештиот писател каков што сте. Многу научив и за тоа сум Ви многу благодарен. (Хуан Арчибалдо Ланус – Juan Archibaldo Lanus,

амбасадор на Република Аргентина во Република Франција, лична преписка.)

Мудрост и фантазија, лежерност и длабочина, хумор и размисла: неговиот роман ги опфаќа илјадните нијанси на една успешна алегорија. (Алексис Лорка – Alexis Lorca, "Le Temps des chèvres", *Lire*, лето 1997.)

Фактите не се реални, па сепак, ова раскажување во форма на апологија, ја илустрира верноста на традициите коишто обликувале еден народ соочен со една обесчовечена идеологија. Овој привлечен роман, којшто го велича достоинството на човекот и неговата потреба за надеж, е една топла химна на животот наспроти сите негови искушенија. (Библиографска белешка на *Union Nationale, culture et Bibliothèques pour tous.*)

Тоа е еден маќеснички роман којшто се должи на перото на еден голем македонски писател со албанско потекло, Луан Старова. Да се прочита во една ноќ. (Лорен Ребо – Laurent Rebaud, „Спасен од козите – Sauvés par les chèvres), 28/29 јули, 1997.)

Татковите книги
(Les livres de mon père, Fayard, 1998)

Во ноември 1998 година, во галеријата *Le Lys* во Париз се одвива промоција на второто издадено дело на француски јазик на Луан Старова, *Татковите книги*. Пригодна реч имаат Ерик Фај и Никола Ковач. Ерик Фај укажува на едно мрежесто, во пру-

стовски манир, преземање и третман на исти теми и дилеми низ сите дела на Луановата балканска сага, а коишто се најавуваат уште во оваа книга-темелник на циклусот: *Честопати, кога треба да откриеме некој автор, не знаеме преку која книга да го нападнеме. Бараме совети. Постојат различни мислења. За некои автори, мислам дека една книга се наметнува, како што е и случајот на Луан Старова, „Татковите книги“ ми се чини дека се книга предворје, влез во неговото целокупно дело. (...) „Татковите книги“ се еден вид пролог или романсиран предговор на цел еден романсиерски циклус, којшто полека ’ртел во него и чиешто растење гледаме како се реализира на француски јазик. (...) Она што е интересно, она што е исклучително, тоа е што сите теми што ќе бидат подоцна развиени во различни романи се веќе во оваа книга, се веќе присутни во библиотеката на Татко. Судбината на семејството е веќе запишана во таа библиотека и Татко на наратороt, тогаш кога имало потреба да се реши некој проблем со којшто се соочувало семејството, се повлекувал во неговата библиотека. Тоа бил еден извор од којшто ќе почнат да извираат романите на Луан Старова. „Времето на козите“ е најавен на повеќе навратии во „Татковите книги“. Едноставно ќе цитирам една реченица: „Веќе долго време не успевав да разберам зошто тој прибираше книги коишто се однесуваат на козите“. Ликот на Татко, ќе го сретнеме како талка со текот на времето, низ различните полици на оваа*

огромна библиотека којашто го отсликува Балканот, којашто ја отсликува неговата судбина.

На ваквата реч се надоврзува Никола Ковач. Тој истакнува дека ова дело е значаен прилог во разбивањето на стереотипот за варварскиот Балкан којшто е место на конфликти, често пати предмет на поткусурување на големите сили врз грбот на луѓето што живеат на неговите простори. Тој е, исто така, место на вкрстување на различни култури, на луѓе со различни култови и од различни цивилизации: *Луан Старова сакаше со оваа пофалба на културата, на традицијата на светот и на книгите, на светот на интелектуалците, низ главниот лик на неговата балканска сага, таткото, кој е истовремено и човек од културата, да направи на извесен начин една противтежа на ова варварство, на оваа историска неправда*.

Мари-Франсоаз Ален, во рамките на таа промотивна вечер во галеријата, ќе истакне: *„Таковите книги“ на Луан Старова е едно дело со длабок ритам и хармонија коешто постоело или можеби постои таму каде што има изгубен рај или рај за освојување.*

Филип Делаво (Philippe Delavaux) во својата критичка студија (“Les livres de mon père”, *Le Nouveau Recueil*, № 53, декември 1999 – јануари 2000) зборува за две фигури во овој роман на Старова. Едната персонифицирана, другата навидум во втор план – Мајката. Чувствувајќи се веќе доволно изгубен во балканскиот лавиринт на преселби и потраги, болки и мечти, таткото ја уредува својата библиотека по еден строго утврден ред на книгите; како да се плаши и таа да не се претвори во лавиринт, во

едно безредие кое би било како слика на една алиенација со духот или со умот. Затоа што *средената библиотека е како продолжеток на еден карактер, еден портрет создаден од алузии и примери, којшто се вкоренува во фамилијарната и културна традиција, а човекот е исто така и односот што тој го одржува со книгите, резултат на едно обновено, продолжено, размислено lectio. Го знаеме суштеството според неговите книги, оние коишто ги чита и ги препрочитува, оние коишто ги собира и ги класифицира, оние што ги елиминира или ги реди...* Што се однесува до фигурата на Мајката, присутна, а сепак во постојано повлекување, молчалива, а сепак толку речита во гестовите на превенција од несреќи, според Делаво му дава на ова дело еден сериозен тон, повеќе хроничарски, според моделот на семејните хроники на Маргерит Јурсенар, отколку сентиментално-автобиографски. Основната карактеристика на хроничарскиот манир на Јурсенар е во зафатот на историските простор и време. Јурсенар ликовите од својата семејна линија секогаш ги сместува во разработен цивилизациски контекст, извонредно документиран, а сентименталното нијансирање се одвива низ постапка на воздржаност, во постојано бегство од патетични изливи. Оттаму и извесната склоност кон спротивната постапка – иронијата. Луан Старова го има, исто така, токму тој момент на хроничарско контекстуализирање во историски настани, во свечената задршка на гестот и зборот, затоа што во молкот понекогаш можеме поубаво да се разбереме.

На 17 февруари 1999 година, на брановата должина на France culture, но во емисијата *Пано-*

рама, водителката Мишел Шушан (Michèle Chouchan) е во разговор со двајца почитувачи на романот *Татковиве книги* од Луан Старова. Едниот од нив, Пјер Кабан (Pierre Cabane) истакнува дека оваа убава книга е истовремено симбол за она што претставуваат голем број семејства на Балканот, а Жан-Ив Потел (Jean-Yves Potel) истакнува: *Библиотеката во „Татковиве книги“ стана еден вид храм на меморијата, на историјата, како што е тоа случај со цела централна и источна Европа, посебно со сите оние периоди на различни империи, нивните репресии, нивните нарушувања на слободата на изразувањето...*

Жил Лапуж (Gilles Lapouges), познат француски романсиер, во книжевната емисија Агора (којашто ја уредува самиот), емитувана на France-Culture на 5 јануари 1999 год., се осврнува на *Татковиве книги* велејќи дека тоа само навидум е *книга за една книга.* Всушност, *Татковиве книги* претставуваат една метафизичка апстракција од Борхесовска природа. Односно, ликот на Таткото во толкава мера егзистенцијално се супституира себеси низ книгите што се чини дека само на тој начин успева да живее и да преживее: *Кога се чита книгата, како обичен читател, се добива впечаток дека историската позиција на наратор, на семејството, е непостојаноста, нерегуларноста, отсуството на времето или разбиеното време, но доколку постои некаква постојаност, таа е во книгите.*

Лапуж нè потсетува на сцената во којашто синот, години по смртта на Таткото, го открива

неговото неизбришливо присуство во книгите, а со тоа и во животот воопшто, преку трагите на пепел, падната врз страниците коишто тој ги восприемал во моменти на најдлабок читателски занес. *Авторот, години потоа, кога ги отвора книгите да ги чита, открива облаче, кое е во суштина еден вид збогување, меланхолија...* Истовремено, Лапуж им ја оддава должната почит и на останатите ликови во делото, како оној на мајката, за којшто вели дека предизвикува восхит. *Таа, во суштина, не е читателка, туку ја штити со голема енергија и извонредна смелост татковата страст за книгата. Меѓу ликовите во книгата, се и децата, пред сè самиот наратор, кој е, се разбира, „ѓаволчето, често фасцинирано од речиси религиозниот аспект на книгите...“*

Уште неколку искажувања по повод *Татковите книги*:

Ви благодарам што ми овозможивте да патувам во книгите на вашиот татко за подобро да разберам дека Вавилон сепак не е едно проклетство (Никол Занд – Nicole Zand, критичарка во книжевниот додаток на весникот Le Monde, лична преписка).

„Тоа е една убава книга за вакватa жива библиотека и за оној пат низ животот, помеѓу границите на луѓето и на историјата, како и други граници, оние коишто читањето ги брише. Во книгата препознав пејзажи низ кои некогаш сум минал и тоа ме потсети на моите балкански години“. (Жак Лакаријер – Jacques Lacarrière, поз-

нат француски писател, автор на повеќе романи и книги есеи, пишува често и на балкански теми.

Оваа книга претставува вистински успех оти со голема точност ја пренесува природата на едно време, мошне карактеристично за Балканот, со неговите долги периоди на инерција и своите ненадејни забрзувања, болната (а сепак толку многу збогатувачка) запрашаност за идентитетот, за распнувањата меѓу Истокот и Западот... а да не зборуваме за спокојството што извира од оваа ведра и хармонична родителска двојка... (Жозефин Деде – Josephine Dedet, писателка).

Творби кои авторот ги претставува низ минијатурни поглавја кои на крајот завршуваат во еден вид мозаик со променливи светли одрази. Со други зборови, еден вид искажување, во коешто татковото сигурно го има првото место, но синот (и семејството) постојано се среќаваат во една доживеана приказна... (Жак Гошрон – Jacques Gaucheron, познат поет, уредник на списанието *Europe)*.

„Татковите книги“, е едно дело без еквиваленти. Во некои делови се препознаваат алузии на „Времето на козите“. Конечно, ликовите од двете книги на Луан Старова, објавени на француски јазик, се навистина оригинални и толку привлечни. (Анријет Валтер – Henriette Walter, лингвист и писател.)

Во својот роман „Татковите книги“, којшто најавува една балканска сага од повеќе томови, Луан Старова е во потрага по човечката судбина почнувајќи од едно албанско откорнато семејство. Родителите на наратороt се надеваат дека ќе создадат еден вид прибежиште во живо-

*тој отелотворено во подвижниот свет на книгите. Авторот ја опишува балканската судбина како потрага по верното пријателство. (*Жан Ле Брин – Jean Le Brin, во емисијата "Culture-Matin", на радио France – Culture.)

Со овој роман, можеби подобро отколку што тоа го прават многу други документарни остварувања, оди право во срцето и ја осветлува балканската комплексност. (Бруно Пешамиел – Bruno Peuchamiel, *Балкански Вавилон – Le Babel Balkanique, L'Humanité*, 10 февруари 1999.)

Колку убаво, колку трогателно дело се Татковите книги! Спомени од детството и адолесценцијата, сведоштво за една длабока љубов кон родителот, химна на културата, со приврзаност кон балканската земја, сето тоа го има, наеднаш, во овие кратки поглавја кои се следат како зрна од молитвена бројаница (Морис Дрион – Maurice Druon, лична преписка).

Сега, кога Балканскиот Полуостров штотуку излезе од потресите и од драмите за коишто сите ние знаеме и кога денес станува конкретна една надеж за мир, свртена кон иднината, особено се радувам што дознав, преку вашите книги, за едно историско расветлување коешто овозможува подобро да се дешифрира комплексноста на овој дел на Европа. (Лионел Жоспен – Lionel Jospin, лична преписка.)

Ова комплексно, лично искажување исцртува една бележита фреска на историјата на Балканот во една круцијална епоха од неговата еволуција. Тоа потсетува, со таленти, за улогата што

можат да ја одиграат книгите во воспоставувањето на врски помеѓу луѓето, помеѓу епохите и културите. По „Времето на козите“, вашиот последен роман им отвара на француските читатели еден нов пат на пристап до македонската цивилизација. (Жак Ширак – Jacques Chirac, лична преписка.)

Атеистички музеј
***(Le Musée d'athéisme,* Fayard, 1999)**

Поради деликатноста на тематиката која се однесува на хоџистичко-сталинистика Албанија, Патрик Крисман кој е во тоа време амбасадор на Република Франција во Република Албанија, проценува дека е морално неадекватно да го преземе авторството над ова дело. *Атеистички музеј* излегува во превод на Харита Вибранс. Поговорот е напишан од страна на Леон Сомвил. Ставајќи се во позицијата на читател и барајќи го авторот низ „задоволството во текстот“, Сомвил си ги поставува прашањата што најпрвин си ги поставува читателот: Кој зборува? Дали е тоа приказна за едно семејство или фамилијарен роман (во фројдовска смисла)? Дали е тоа автобиографија или прераспределување на алегориските фигури од родителската тријада? И повторно констатацијата за ингениозното испреплетување на фикционалниот со референцијалниот регистар, во алтернација на *неизбришливите емоции на детството* со лутината предизвикана од идеолошкото застранување на политичкиот режим во родната земја Албанија. Приказната која се живее на

лице место е препокриена со работата на меморијата; евокацијата на разочарувачкото искуство од враќањето коешто ја доживува својата апотеоза со посетата на Атеистичкиот музеј во Скадар, како најбескрупулозен обид да се прекрои историјата и традицијата, но и да се рекомпонира менталниот код на цела една нација, се нијансирани со емоциите на детските спомени и „неодоливиот импулс“ за враќање кон корените. Во таа мрежа на реминисценции се евоцирани и „спомени за спомените“, едно постојано напред-назад во времето што се смета за врвен литературен дострел во школата на прустовски обележаната литература. Сомвил ја потенцира оригиналноста на ова дело во антиподичниот карактер на нејзината симболика во однос на симболиката во делото *Татковите книги*: *Музејот го претставува центарот на едно разнишување способно да избрише секаква трага на цивилизиран живот; библиотеката го претставува незаменливото наследство на една вечна и универзална мудрост. Токму од вакватa опозиција делото го извлекува своето највисоко политичко значење.*

На 15 октомври 1999 година, во емисијата *Другата Европа (L'Autre Europe)* на Радио Франс Интернационал (RFI) е претставена следнава прибелешка од читање на книгата *Атеистички музеј* од страна на Стефани Лававасер. Прибелешката вели: *По „Времето на козите“ и „Татковите книги“, еве го „Атеистичкиот музеј“. Луан Старова, писател кој ни доаѓа од Балканот и кој пишува исто толку добро на албански колку и на македонски, ја затвора на тој начин трилогијата којашто го исцртува животот на неговото семејство. Едно*

семејство кое е на некој начин симбол на албанскиот народ обележан со проклетството на егзилот. Еден животен егзил, но и еден внатрешен егзил. И токму во овој последен том егзилот е, парадоксално, најсилен бидејќи во моментот кога соноот за враќање во роднаата земја се реализира, авторот ќе ги одживее најтешките денови на својот живот. Треба да се каже дека неговиот живот коинцидира со најмрачниот период на режимот на Енвер Хоџа кога овој сакаше да ги откорне трите конфесии коишто коегзистирале со векови: исламот, католицизмот и православието. Така во Скадар беше формиран Музеј на атеизмот, едно место каде што старите религии беа отстранети и заменети, надвор од ѕидовите на музејот, од една нова религија со нови богови и со нови светци. Роднаата земја конечно не е земјаата за којашто семејството толку сонуваше...

На 18 октомври 1999 година, во општинската зграда на шеснасеттиот арондисман во Париз, се одвива промоција на третото објавено дело на француски јазик *Атеистички музеј*. Со промоцијата претседава г-динот Пјер Кристијан Тетанже (Pierre-Christian Taittinger), градоначалник на арондисманот, а делото го претставуваат двајца врвни интелектуалци, членови на Француската академија: Морис Дрион (Maurice Druon), извонредно познат и почитуван писател, добитник на Гонкуровата награда, постојан секретар на Француската академија и Антоан Жерал (Antoine Gérald), ценет лингвист. Морис Дрион го поздравува и му искажува благодарност на Луан Старова најпрвин како на пријател,

потоа како на дипломат кој исклучително се ангажира за франкофонската промоција на Република Македонија, и конечно како на писател *од голем формат, писател кој ја претставува литературната, ерудитивната и креативната мисла на својата земја*. Осврнувајќи се накратко на сите три дотогаш преведени дела од балканската сага на Старова, Друон ќе укаже дека последното негово дело *проектира една многу прецизна, многу фокализирана светлина врз еден став (ленинистичко-сталинистички, заб. на авт.) кој чинел толку многу човечки животи, толку многу страдања, толку многу депортации и конечно толку многу доброволни ропства или наметнување на ропство на земјите сателити*. Дрион најзначајната благодарност му ја приопштува на Старова на крајот од својот говор, а таа се однесува на неговиот несомнен придонес кон литературата, кон современата мисла и кон настојувањето да ѝ овозможи на литературата на својата земја значајно место во европската заедница.

Во манир на еден исклучителен познавач на животот и делото на Пол Клодел, Антоан Жерал не може да одолее на предизвикот да исцрта паралели помеѓу овие два автори на кои најголема заедничка карактеристика им е двојната кариера на литерат и дипломат. Истакнувајќи дека воодушевувањето кај него е најмногу предизвикано од успешното мешање на двата модални регистри на искажувањето – фикционалното и реалното, Жерал *Атеистичкиот музеј* го ситуира помеѓу двете претходни книги: помалку мит и алегорија отколку во *Времето на козите*, повеќе отколку во *Татковините книги*: *Навидум, авто-*

рот ни раскажува една мисија што го води од слободна Македонија каде што живее сè до различни места во Албанија, неговата родна земја, којашто не ја видел веќе триесет и шест години и којашто останала под сталинистичко владеење. Но всушност, етапа по етапа, мисијата се претвора во кошмар и раскажувањето добива дијаболична евокација. Сликата на замката во форма на лавиринт без излез во којшто нарапорот постепено понира и се придружува на црната судбина на козарот Чанга. Со тоа што, овој пат, тој успева да побегне од пеколот.

Треба да се спомне уште едно искажување по повод оваа трета книга преведена на француски јазик:

По „Времето на козите“ и „Татковините книги“, Луан Старова ја продолжува приказната за семејниот егзил. Со еден сериозен тон, тој ги опишува во детали несреќите на неговиот народ осуден на циклични егзодуси и со емоции длаби по неговата болна меморија. (Библиографска белешка на *Union Nationale, culture et Bibliothèques pour tous.*)

Брегот на егзилот
***(Le Rivage de l’exil,* L’Aube, 2003)**

Под насловот *Брегот на егзилот* се обединети раскази од двете дела на Луан Старова *Балкански клуч* и *Пресадена земја*. Преводот е на верниот Клеман д’Исартеги, предговорот е од вечниот поклоник Едгар Морен.

Морен во предговорот повторно го поздравува својот балкански брат со којшто споделува духовни,

но и географски координати на заедништво. Морен, носејќи ја во себе еврејската нишка на раселување, истовремено го носи и балканскиот код бидејќи неговите предци живееле во околината на Солун. Оттаму и толкава братска љубов и разбирачка за писателот и неговите литературни преокупации. Морен воодушевено воскликнува дека ова дело претставува досега најубава и најраскошна книга од балканската сага на Старова. Во неа е највоочливо мешањето на перспективите: *поглед на дете со набожност на возрасен и хумор на мудрец.* Уште еднаш, *писмото, исклучително поетско во својата едноставност*, дава на увид на кој начин *кај еден зрел човек, низ повторливи присетувања, се навраќаат, како лајтмотив, најзначајните мотиви преживеани од семејството.* Мултиперспективноста, мешањето на различни гласови, прави веќе евоцираните мотиви да прозвучат свежо и оригинално, секогаш донесувајќи еден нов потег со четкичката, еден нов колорит кој овозможува ново толкување на јазлите на балканската судбина на авторот. Морен укажува на момент којшто можеби е еден од клучните за привлечноста на делата на сагата на Луан за странските, или поскоро француските читатели – тоа е начинот на градење на ликовите на Таткото, но и на Мајката. Тие ликови се *автентични*, онакви какви што не постојат повеќе „кај нас“, вели Морен, што ќе рече непознати и непостоечки во западноевропската цивилизација. Нивното сликање како ликови, всушност, е сликање на една митска љубов, веќе позната и овековечена во традициите на балканските народи – љубов тивка

однадвор а бурна однатре, спремна на секаква жртва за доброто на семејството, за благодет на децата. Тоа е толку различно од монденската глазура на западноевропските ликови каде што и љубовта може да биде калкулација, а жртвата одложена. Таткото со своите медитации за историјата на балканските народи низ падот на империите, мајката со своите плашливи прашања дали ќе има војна се само навидум со антиподни преокупации – едниот со идеолошки, а другиот со прагматични. Тие во суштина се во постојана грижлива и заштитничка надвиснатост над сигурноста на домот, и тогаш кога решаваат да заминат, и тогаш кога решаваат да останат. Таткото, впуштајќи се во размисли околу прапричината за балканската (авто)деструктивност, наидува на јаничарството како неминовен код кој го носи секој човек. Јаничарството е всушност метафора за тоа дека секој оној што ќе биде грабнат и вртен во идеолошката машина на одредено време, станува тиранин не само за сопствениот народ, туку и за целиот човечки род.

Во статијата *Едно семејство на откорнатици* (*Une famille de déracinés*) објавена во *Le Monde diplomatique* во бројот од јануари 2004 година, критичарот Жан-Арно Деран (Jean-Arnaud Dérens) ја проблематизира токму оваа синтагма која често е присутна во делото *Брегот на егзилот*. Тој ги детектира клучните точки на исконската човечка потреба да ги зачува и почитува корените кои во делото се прикажани преку симболични предмети: врзопот клучеви на сите напуштени домови што го чува мајката во надеж дека тие сепак некогаш пов-

торно ќе ги отворат вратите на замрените огништа, како и обемниот книжевен фонд на таткото којшто е најпрвин спакуван секогаш кога треба да се преминат границите во бегство од опасноста од војни или идеолошки реперкусии. Тие симболични предмети се неопходниот товар во преминувањето на границите затоа што се чувари на семејната меморија. Тие се нераскинливата нишка на потеклото, неизбришливата трага на итинерерот по беспаќата на балканските предели, но и обединувачкиот фактор на семејството кое со краен напор настојува да остане обединето и нечепнато во бројот на своите членови. Клучевите не се бескорисни затоа што еден од нив повторно ќе успее да ги отвори вратите на еден новонаселен дом, а татковата библиотека го нуди неопходниот душевен мир во моментите на криза и во опасностите на повидок. Во тој репертоар на клучни точки на поврзување на она што било со она што è и ќе биде, Старова евоцира и едно симболично место: Езерото (Охридско) со неговиот брег којшто истовремено претставува и раздвојување и обединување. Раздвојување затоа што неговата вода станува непремостлива метафора за неможноста за враќање, а обедување затоа што истите тие води го заплискуваат и брегот на родната земја и во шумот на брановите ја носат симболичната и носталгична комуникација со минатото и корените. За егзилираниот нема враќање, тој секаде со себе си ја носи својата земја со цел да ја „пресади“ во нови околности, а споменот за родната грутка добива фантазмагорични димензии поради горчливото сознание дека во реалноста, границите, многу повеќе

се идеолошки отколку територијални, остануваат непремостливи.

На доминантните метафори на ова дело на Старова, клучот и Езерото, се надоврзува и писателот Еди Бурауи (Hédi Bouraoui), туниско-канадски поет и професор на Универзитетот Јорк во Торонто, Канада. Во својот напис *Брегот на егзилот или за балканските замки (Le rivage de l'exil ou des pièges balkaniques)*, објавен во Синтези, 1/2005, Бурауи ја воочува ориенталната нишка на расказноста која поседува репетитивен стилистички манир својствен за значајните сказни од Илјада и една ноќ: *Старова владее со уметноста на наративната. Тој умее да го придобие читателот. Неговиот балзаковски стил е проникнат со арабески. Авторот поседува источна моќ за раскажување која создава наративни бранови во нивната наративна репетитивност што предизвикува ефект на транс за, во крајна линија, да ја обои романескната атмосфера. Еве романескна уметност на раскажување од стилот на Илјада и една ноќ со сите возбудливи ситуации и исчекувања.* Бурауи јасно согледува дека секој гест во рамките на семејството добива книжевно и симболично обележје: списите и книгите на Таткото го носат концептот на спасот и преживувањето, клучевите на мајката и нејзината приврзност кон нив го носат концептот на враќањето, вкорувањето. Па сепак, семејството останува она на „откорнатици", збор којшто толку често е присутен во ова дело на Старова, бидејќи *ова е еден жесток роман за емиграцијата, за балканскиот лавиринт и стапица, безилез кој ги јакне идеоло-*

гиите од сталинистичкиот тоталитаризам до пограничните судири. Изнаоѓајќи ја својата татковина во Езерото, каде што единствено нема граници, авторот го изнаоѓа и својот идентитет кој секогаш е во множина. Авторот *притоа успева да ги помири сите парадокси и да го прифати храбро и достоинствено плуралитетот на јазици, на конфесии и на патриотизми. Неговата егзистенција ќе биде посветена во одбраната и докажувањето на оваа мултикултурна реалност која е во основата на секоја емигрантска судбина. Овде се работи за мултикултурализам во облик на прифаќање на разликите кој ги релативизира и помирува антагонизмите, а од каде што произлегува обединувачката толерантност...*

На 30 септември 2003 година, старите познаници и поклоници на Луан Старова повторно се собираат во општинската зграда на аристократскиот шеснаесетти арондисман, повторно под покровителство на градоначалникот Пјер-Кристијан Тетанже. Околностите се слични, поводот малку поразличен – се промовира друго, новопреведено дело на Луан Старова, *Брегот на егзилот*. Промотивна реч имаат г-ѓа Марион Енеберт директорка на колекцијата "Regards croisés" во рамките на издавачката куќа Éditions de l'Aube којашто ја издава оваа книга на Старова, Лоран Ковач, писател и литературен хроничар и Ерик Ноло, директор на издавачката куќа *Esprit des Péninsules* (*Духот на полуостровите*) и литературен хроничар. Ноло обидот на Старова да ја создаде својата десеттомна балканска сага го нарекува еден од најамбициозните потфати на лите-

ратурното европско небо во последните десет години. Потфат дотолку повеќе интересен, затоа што доаѓа од една *друга Европа*, би рекле ориентална, поради својата долговековна потчинетост на Отоманската Империја, стереотипна во нејзината балканска положба на историско генерирање на конфликти и војни, а толку мистична и богата при обидот за подлабоко понирање во нејзините мешани културни даденост. Давајќи ја на увид преку своите книги оваа друга Европа, Луан Старова станува најголемиот европски писател. Ноло, дава уште една причина зошто поетиката на Старова е толку привлечна за западноевропскиот читател: *тој импресионира во неговата уметност – како негативните состојби кои го опкружуваат се преточуваат во позитивни квалитети, успевајќи да ги дедраматизира напнатите односи меѓу луѓето*. Неговото дело е еден репрезентативен пример за тоа како да се „извлече убавината од злото“ според бодлеровската формула за трансформацијата на грдата реалност во возвишена поетска материја. *Тој успева пасажите на егзилот да ги преточи во прекрасни наративни фигури, трагајќи по изблиците на мудроста низ потрагата по излези од стапиците на страдањето, како и низ потрагата по интегрална човечност...* Настојувањето да се дојде до хармоничност и помирување како доминантни парадигми во поетиката на Луан Старова е рефлексија на авторовото настојување да се постигне едно духовно помирување и рамнотежа во двојниот јазик на којшто твори (македонски и албански) – карак-

теристика којашто, според Ерик Ноло, ја поседуваат само големите писатели.

Во перспектива на проблематизираната тема на балканските граници во делото на Луан Старова, на 6 март 2004 година, во Аркеј е организирана средба на Луан Старова и Едгар Морен со публиката. Средбата го има за тематика и наслов „Границите на Балканот“. Во меѓусебната размена на авторите, како и во нивната размена со публиката, се зборува за границите, таа опсесивна тема и метафора присутна во сите дела на Старова, за којашто тој ќе истакне: *Балканот ќе остане проколнат сè додека границите не бидат заборавени*. Како што се укажува во извештајот што *Le Courrier des Balkans* го донесува по повод овој настан, за Луан Старова пишувањето на балканската сага претставува начин да се надминат или, поскоро, да се помират границите, да се избришат не само просторните туку и границите во внатрешноста на луѓето, да се деконструира менталната граница којашто се состои во една негативна колективна меморија на Балканот, затоа што границата е, исто така, составен дел од балканскиот мит.

Францускиот музичар и кантавтор Доминик Аме, инспириран од книгата *Брегот на егзилот*, поточно од новелата *Балкански клуч*, компонира песна насловена *Клучеви* и воодушевено му пишува на авторот: *„Брегот на егзилот“ е една книга којашто многу ме обележа, терајќи ме, подобро од било што, да ја разберам реалноста на егзилот*. Аме себеси се нарекува читателски шансониер, бидејќи најголем дел од неговите композиции се инспирирани од неговите прочитани книги. Во

интервју во L'Express, Аме истакнува во колкава мера бил погоден од идејата за невозможното враќање на егзилираниот, па создал композиција со ориенталистички призвуци.

Патот на јагулите
(*Le chemin des anguilles,* Sirtes, 2009)

Патот на јагулите е засега последното преведено дело на Луан Старова на француски јазик. И за оваа книга Луан Старова ја има особената поддршка на своите стари пријатели: Едгар Морен го пишува предговорот а Ерик Фај го пишува поговорот за изданието.

Во предговорот се поместени некои претходни искажувања на Морен за ликот и делото на Старова, со констатацијата дека сите оние коишто се пријатели на Македонија треба да настојуваат да ја зачуваат плуралната природа на Старова, посебно *кога знаеме дека таа беше под закана, и дека сè уште ризикува тоа да биде.*

Ерик Фај уште при една презентација на делото на Луан Старова во галеријата "Le Lys" во Париз во 1998 година, значи уште во периодот кога овој роман не беше преведен на француски јазик, истиот го истакнува како посебно значаен, бидејќи во него најочигледно е претставен начинот на пишување на авторот – честото воспоставување на паралелизми помеѓу историјата на луѓето и митовите: *Тој воспоставува паралела со судбината на јагулите коишто не можат, поради браните, изградени од*

страна на луѓето од сталинистичката епоха, да продолжат понатаму и да си ја преземат својата судбина во срцето на Атлантикот, сè до Саргаското Море, метафора за балканската неможност да се преминат некои граници поради идеолошките причини од извесни периоди.

Фај истакнува дека повторното посегање по анималната алегорија (по козите од неговата прва книга) ја потврдува практиката на Старова да развива метафори, да користи преносен говор, да зборува едно а да кажува друго, онака како што тоа го прави Орвел во својата животинска фарма, или Лафонтен во своите басни. Ова дело претставува една „метафизичка и политичка метафора", бидејќи ја надраснува индивидуалната судбина за да ја отслика судбината на човештвото кое градејќи идеолошки брани, уништува цели животни циклуси и видови.

Луан Старова во годината на издавањето на делото, промотивните активности ги спојува со своето несебично работење за татковината, практика којашто дипломатот во пензија сè уште ја смета за своја обврска и долг, а писателот во него ја почитува. Во рамките на активностите за културна соработка помеѓу Македонија и Долна Нормандија, во периодот од 23 до 29 април 2009, низ повеќе населени места во Долна Нормандија, Старова се наоѓа во посета на повеќе гимназии и библиотеки во организирани средби заради реализација на културни и едукативни партнерства. Како врв на ваквата минитурнеја за воспоставување на културна соработка меѓу двете земји, се организира манифестацијата насловена како „Луан Старова и Едгар Морен: едно европско пријателство". Манифестацијата е орга-

низирана од страна на Друштвото Балкан-Транзит и Библиотеката во Каен, а настанот се одржува во едно значајно „место на сеќавање“ (lieu de mémoire) за колективната меморија на француската нација – Меморијалот во Каен. Насловот на манифестацијата е изведен по углед на насловот на критичко-есеистичкото дело на Старова *Фаик Коница и Гијом Аполинер: едно европско пријателство,* дело коешто исто така е преведено и издадено на француски јазик. Манифестацијата е замислена како своевидна средба на двајцата пријатели и соработници со публиката по повод претставувањето на преводот на *Патот на јагулите*. Во придружниот текст издаден на веб страницата на Меморијалот со кој се обележува значењето на овој настан останува забележано: *Петтиот роман на оваа хроника е „Патот на јагулите“, вистински придонес кон проучувањето на митот за балканските граници и кон апсурдноста на нивното постоење. Овој алегориски текст сведочи за два народи со постојано раскинувани судбини и ги симболизира оние мигрантски семејства чиишто надежи се постојано попречувани.*

На 8 мај 2009 година, во *Livres-hébdo* излегува написот *Чудесните јагули (Les angilles fabuleuses)*. Рецензентот на ова дело истакнува дека *„Луан Старова во овој автобиографски роман го продолжува градењето на една балканска сага која е веќе дел на големите европски романи“*, а чудесната судбина на јагулите коишто му се покоруваат на миграциониот инстинкт ја споредува со судбината на семејството во егзил.

Таткото сака да го следи патот на јагулите кои ја симболизираат слободата и да се насели во други

предели, додека мајката повеќе сака да се задоми на едно место. Но, високите брани што луѓето ги креваат на патот на јагулите не можат да ги запрат во нивниот ѝд кон местото на репродукција заради продолжување на видот. А семејството ќе се обиде на поинаков начин да си ја најде својата слобода, отфрлајќи ја идејата за големи поместувања.

Литературниот критичар Пјер-Робер Леклерк (Pierre-Robert Leclercq), ја објавува својата анализа на овој роман на Луан Старова, во списанието *Le monde des livres* од 10 јули 2009 година, насловена како *Една балканска сага за миграциите (Une saga balkanique des migrations)*. Незапирливиот импулс на јагулите да мигрираат и нивното тврдоглаво настојување да ги премостат сите опасности се јавува како метафора за „генот на заминувањето“ што тлее во душата на семејството. На него му се спротиставува „антигенот на останувањето на едно место“, во потреба конечно да започне процесот на социјалното вклопување и етаблирање на неговите членови. Како што јагулите ќе се најдат во замката на новоизградените брани коишто им го попречуваат патот на инстиктивното мигрирање, така семејството конечно ќе се реши да исцртува стабилни репери во еден простор којшто конечно ќе може да го нарече свој дом и во него да настојува да си ја гради и брани својата индивидуална слобода. Леклерк истакнува: *Има дела коишто ја обележуваат литературата и коишто, уште повеќе, и се неопходни. Тоа е случајот со овој роман со три страни. Литературен по својот романсиерски квалитет, односно преку надоврзувањето на фактите и*

реакциите на ликовите кога раскажувањето станува исто толку психолошко колку и авантуристичко; историски преку неговата рамка во којашто се оживува една епоха и драматичните епизоди чиишто консеквенци уште имаат своја актуелност; со универзален карактер, бидејќи доколку во основата се наоѓа еден прецизно определен географски простор, ситe миграции без цел и без надеж за отворени патишта, го имаат животот на ликовите на Луан Старова.

Жаклин Деран (Jacqueline Dérens – *Le courrier des Balkans*, јуни 2009) истакнува дека надоврзувањето на судбината на јагулите од овој последен објавен роман на Старова со судбината на козите од неговиот првообјавен роман на француски јазик е едно логично очекување во метафоричниот свет на авторот. Секој од овие два живи вида: *еволуира во својот елемент, водата и земјата и ги упатува луѓето, го сакале тоа тие или не, ги прекршувале тие нивните закони или не, на длабоките вистини коишто му даваат смисла на нивниот живот.* Таткото и неговите двајца пријатели научници, загрижени за судбината на јагулите, се оддаваат на длабока медитација околу таа мистериозна сила којашто ги тера јагулите да бидат единствени и истрајни на тој пат на средба со животот и смртта. Во тие научничко-филозофски медитации, овие тројца „балкански Донкихотовци“ доаѓаат до заклучокот дека никогаш нема да може да се открие таа мистериозна вистина затоа што човекот, како суштество на предрасуди и поделби, никогаш нема да ја почувствува врвната обединувачка сила на истрајноста.

Во повеќе други прилози со кои е придружено издавањето *Патот на јагулите* за јагулите се истакнува:

„Патот на јагулите“ добро се вклопува во вашето дело и го комплетира. Тоа е еден алегориски роман, многу значаен за балканската литература. Тој е евокатор на една прастара трагична историја; тој сведочи за народи со постојано расцепени судбини, симболизира семејства на откорнатици со секогаш попречувани надежи. Тој донесува прашања истовремено егзистенцијални и метафизички, што секако не е мала заслуга. (Морис Дрион, лична преписка.)

Оваа автентична судбина изгубена во последователните премрежија на XX век е, исто така, химна за една вечна љубов кон роднатa земја, чиишто корени остануваат живи, во најголемите длабочини на суштеството, какво и да е неговото последно пристанишно поврзување. Никаква сила не може да го уништи ова архаично чувство на припадност на една земја и на еден народ, кое, како и јагулите, тежнее кон враќање кон коренитe за таму повторно да се роди и да умре, заокружувајќи го така животниот циклус. (Допис од Универзитетската библиотека од Поатје, јуни 2009.)

Во прилог на отсликувањето на успехот и рецепцијата што ја имаа француските изданија на петте дела на Луан Старова, на 4 март 2009 година, во Македонската академија на науките и уметностите е одржан свечен собир во чест на означувањето на месецот на франкофонијата во Македонија, на којшто присуствува бројна публика на видни лич-

ности, интелектуалци и почитувачи на ликот и делото на писателот. Поздравна реч и продуховени говори во врска со ваквиот значаен опус на авторот држат Георги Старделов, претседател на МАНУ, и Бернар Валеро, тогашен амбасадор на Република Франција во Република Македонија. Станува збор за единствен настан со којшто и се овозможува и на македонската јавност да се запознае со силниот франкофонски одек на делата на Луан Старова. Впрочем, неговата важност беше потенцирана и од страна на амбасадорот Валеро, којшто во својата беседа му искажа благодарност на авторот што успеал на најубавиот можен начин, преку литературата, да ги запознае Французите со комплексноста на Балканот низ судбината на емигрантските семејства. Притоа, Валеро ги потенцира двата навидум парадоксални моменти во творештвото на Старова: од една страна, иако ова дело зборува за историјата на Балканот, во него постои воздигнување на типичните европски вредности на толеранцијата, споделувањето, поништувањето на границите; од друга страна, вториот парадокс се состои во тоа што францускиот читател, низ делото на Старова, ја запознава и историјата на сопствениот народ, за којашто сметал дека никако нема да ја пронајде во оваа балканска сага. Валеро, всушност, овој вториов парадокс го поврзува со темата што Луан Старова ја обработува во неговиот роман *Љубовта на генералот* во кој зборува за присуството и судбината на француските војници на Балканот за време на Првата светска војна. Тоа уште еднаш ги потврдува универзалните вредности на ова дело коешто низ пре-

водите, не само на француски, туку и на други јазици, го разнесе гласот на Македонија низ светот.

Случај на една идеална рецепција: преписката со Елен Лејбовиц

Секој писател го сонува и го посакува својот идеален читател. Во современата теорија на литературата, онаа којашто го призна и проблематизира рецептивниот чин како доминантен во оживотворувањето на едно дело при неговиот постиздавачки ôд низ читателското восприемање, се спомнуваат повеќе видови читатели кои се конституираат при ваквиот чин. Старова притоа најмногу ја цени онаа рецептивна инстанца којашто успева компетентно да го разбере и дешифрира текстот, да навлезе не само во свеста туку и во потсвеста на текстот. Овој тип на читател разни теоретичари различно го именуваат: *читател модел* (Умберто Еко), *информиран читател* (Стенли Фиш), *имплициран или компетентен читател* (Жерар Женет), *воведен читател* (Волфганг Изер), *идеален читател*...

Како што истакнува Еко, со своите „инференцијални прошетки“ низ текстот, читателот создава своевидна „енциклопедиска компетенција“ којашто му овозможува да ги пополнува „белините“ на текстот, да го претвори во кохерентност сето она што претставува распрснатост и преклопување низ текстот. Идеалниот читател е оној којшто по своја волја циркулира низ текстот и, следејќи ја синтагмата, настојува да ја долови парадигмата на истиот. Се

чини дека не постои литературно дело кое не го бара влогот на идеалниот читател, сметајќи на неговата компетентност за да може да се реализира како литературен феномен.

Компетентниот читател честопати се поистоветува со некоја критичарска инстанца којашто, низ херменевтичкиот пристап кој станал делумно или целосно и професионална определба, се оддава на суптилни анализи на делото. Но, ваквиот идеален читател не треба секогаш да се поврзува со силна литературна формација. Понекогаш суптилни анализи можат да дојдат од најнеочекувани читателски инстанци, оние коишто не се определени од професионални наобразби, туку од интуитивни и емоционални допири со литертурната материја. Идеален читател е оној којшто успева да ги распознае различните гласови тогаш кога текстот е полифон, да ги раздвои слоевите тогаш кога текстот е многуслоен. А за тоа не му е секогаш нужно да ја познава теоријата од Аристотел наваму – доволно му е да се обиде да чита со срцето, или можеби со душата, како што тоа го препорачува Мајката на нараторот низ сите дела на балканската сага на Луан Старова.

И ете, на Луан Старова му се случи Елен Лејбовиц – читателка која во неговите дела преведени на француски јазик ја внесе сета своја душа како начин на *поврзување на суштествата*, сето свое срце како *храм* во кој може да се најде човекот, односно човечкото, или најпрецизно, човечното.

Елен Лејбовиц своето прво писмо му го упатува на Старова на 15 октомври 1999 година, во моментот кога тој се подготвува да го напушти

Париз по успешното завршување на неговиот дипломатски мандат во Франција. Ненавикнат на епистоларна дисциплина, Старова ќе го одложи одговорот за неколку месеци подоцна, иако е веднаш заведен од убавината на ова писмо. Во него Елен укажува на двојната природа на делото на Старова со којашто тешко може да се справи кога сака своето воодушевување да го сподели со другите: навидум станува збор за банални, прости теми – кози и книги, *но отаде материјалната, социјалната или политичката реалност, плени начинот на кој вие го оживувате овој свет на кози и книги. Оваа состојба тешко би можела да се дефинира доколку нема свои корени во длабините на душата.* Елен Лејбовиц, всушност, се вдаде во истражување на длабините на душата, индивидуална, на Луан, но и колективна, семејна и балканска, од којашто избликнал еден ваков зачудувачки убав текст што ја натерал и лично, преку писмо, да му се обрати на авторот, иако тоа не била нејзина дотогашна практика. А Луан Старова, интиутивно, претчувствувајќи го експлораторскиот потенцијал на оваа читателка, решава да и одговори, а со тоа и да се отвори за дијалог и размена на мислења. Тој има потреба од гласот на Другиот, од перспективата на некој којшто приоѓа однадвор и гледа со поинакви очи, затоа што тоа му овозможува да открие аспекти на своето писателско битисување за коишто самиот нема свест. Идеалната читателка каква што е Елен Лејбовиц се обидува да ја допре потсвеста на литературната балканска сага на Старова, и ретроактивно, постманифестум, да му открие на писателот „длабини“

чијашто природа и самиот не ја познавал. Затоа оваа преписка со Елен Лејбовиц добива облик на испреплетена критика и автокритика: во делот на критиката, предадени се луцидните анализи на Лејбовиц во врска со прочитаните делови од книгите на Старова (од забелешки за фрагменти во коишто би можело да се даде поинаков, посоодветен превод на еден збор, до подолги согледби во врска со одделни филозофски категории како што е јазикот, или идеолошки феномени, како што е сталинизмот); во делот на автокритиката, Старова се обидува да и го (до)објасни на својата читателка своето дело, своите мотиви, определби, метафори, опсесии коишто го водат во создавањето на својата балканска фреска, истовремено индивидуална, семејна, колективна. Не често Старова е вчудоневиден и затечен во начинот на којшто Елен Лејбовиц го дисекцира неговото дело, обидувајќи се, во херменевтички манир, да дојде до есенцијалноста, до суштината на одредени аспекти на тоа дело. Таа му открива димензии коишто тој во ниту еден момент не ги почувствувал како свесно вградени во неговото писмо, а коишто, најверојатно, работеле низ неговата свест, низ подземните струи на интуитивната креативна моќ, онаа којашто, според уверувањата на Бергсон, е пресудна во создавањето на уметничкото дело. *Бев импресиониран како Елен Лејбовиц успеваше да навлезе длабоко, во суштината на текстовите, (напати јас немоќен да се самоспознаам во нив) и да ги поврзе со актуелноста, реалноста, да ги насети моите идни планови. Нејзиното читање беше поливалентно, јси-*

хоаналитички, проникнувачко. Елен Лејбовиц, всушност, низ својата рецепција, му овозможува на Старова да оствари и самиот рецепција на сопственото дело.

Воодушевува начинот на којшто Лејбовиц, преку критичката интерпретација на делата на Старова, застанува на линијата на многуте значајни теоретичарски и книжевни имиња коишто се занимавале со анализа на неговите остварувања. Во *Времето на козите* таа согледува една вистинска филозофска сказна (како што тоа го прави и Едгар Морен), филозофско-литературен жанр којшто својата апотеоза ја доживува во Волтеровите остварувања. *Кога Рабле и Волтер сакале да и се потсмеат на војната, тие ги измислиле, првиот историјата на пикрошолската војна, а вториот војната на Кандид, но, ниту во едниот ниту во другиот случај не можат да се земат за толку сериозни сцените на масакрите. Навистина, јас си помислив дека на ист начин можела да се исмее сталинистичката идеологија така што вие сте ги замислиле нивните егзекутори кои со толку голема ступидност се нафрлаат на козјиот свет.*

Очигледно дека позади „фантазмагоричниот лик“ на Лејбовиц се крие една жена со значителна ерудитивна формација, со проникнувачка моќ во анализите и со способност за асоцијативно поврзување, што се гледа од бројните цитати и реферирања што таа ги упатува до Старова. Таа не се двоуми да се впушти и во филозофско интерпретирање на тишината, категорија којашто во делото на Старова добива поетска димензија. Притоа, кај

него може да се согледаат две поетики поврзани со тишината: „поетика на неискажаното“ и „поетика на неискажливото“. Во првиот случај молчењето е комуникација низ отсуството на зборот, тоа е една стратегија за преживување – зборот е одвишен, тој не се изговора затоа што во тишината само најблиските си се разбираат и си се штитат, таа е нивната светост и нивниот свет. Во вториот случај тишината прозборува, но низ еден друг јазик, друг дискурс, оној на алегоријата или иронијата – она што се покажало неискажливо на ниво на директен говор, поради преживеани трауми, си бара своја артикулација преку усвојување на симболична поетска слика и говор со преносна смисла – масакрот на козите како алегорија за погромот врз жртвите на тоталитарните режими. Во овие „мемоари на тишината“ како што ги нарекува Старова своите книги од балканската сага, тишината за неговите родители била *највисок облик на мудрост, лек за многу болки, таа никогаш не ги изневерувaше. Тие најчесто зборувaа со јазикот на тишината, кој требаше да се учи со поголем напор отколку друг јазик. Мајка ми тишината ја сметаше за облик на светост*.

Уште на самиот почеток на преписката, Елен Лејбовиц му поставува на Луан Старова неколку основни правила на играта: ниту еден од нив нема да чувствува обврска задолжително да одговори на секое писмо што ќе му биде испратено и, ниту еден од нив нема да се обиде да воспостави личен контакт преку вистинско запознавање. Потпишувајќи го ваквиот пакт на дијалогизам, Луан Старова се

обврзува да не трага по реалниот идентитет на Елен како што се нејзиниот лик, боја на гласот, социјален статус, професија, постојано место на живеење (таа често пати му пишува од различни адреси или се јавува преку електронската пошта на нејзините пријатели), а тој може на неа да и зборува за сопствениот тековен живот онолку колку што самиот ќе процени дека е доволно. *Нејзините повици на индиферентност во преписката, уште посилно ме поттикнуваа да и пишувам. Трагајќи по неа, јас како да се дооткривав низ неа, низ нејзините писма*. Овој превез на енигма што го префрла Елен Лејбовиц над нивната кореспонденција, таа мистериозност во контактот со Другиот, и дава на преписката еден интензитет на непосредност низ конвенциите на љубезноста, толку карактеристични за француската културна традиција. Обраќањето е директно, токму затоа што оној Другиот, соговорникот, е конструкција врз којашто се рефлектира имагинарниот свет на оној којшто говори. Се чини дека во овој момент Лејбовиц е во посуперiорна, можеби и попривилегирана позиција: таа има можност да го толкува авторот и низ делата на неговата сага коишто се очигледно автобиографски детерминирани, да понира во неговата колективна меморија, да шета низ лавиринтот на местата и времињата што тој ги евоцира. Луан, пак, ја има пред себе читателката-фантом, толку присутна, а сепак толку отсутна, онаа којашто во недостаток на прецизни физички контури се претвора во чиста духовност, во една инспирација да се пишува и да се бара поттик за пишување.

По интензивна двегодишна преписка, во третата година од допишувањето, писмата на Лејбовиц стануваат сè поретки и сè пократки. Таа повеќе не се впушта во продлабочени анализи туку изнесува лапидарни констатации за дневнополитички настани. Старова чувствува дека Лејбовиц, онака како што ненадејно влезе во неговиот живот, така и ќе излезе – со едно писмо за дефинитивно збогување. Плашејќи се дека ќе ја загуби како соговорник, како свое алтер его низ коешто му е овозможено да се запознае пред сè себеси, тој и се извинува на Лејбовиц за исвесниот епистоларен „милитантизам“, за неговото настојување да ја одржи врската којашто му дава сила да истрае во неговите литературни потфати.

Фаталното последно писмо стигнува на 24 декември 2002 година, ноќ спроти католички Божиќ, тогаш кога земното и небесното се обединуваат во извесен мистицизам на постоењето. Лејбовиц му пишува на Старова со еден тон којшто е истовремено молитвен, молбен но и императив: *Од ова место каде што се наоѓам и во кое никогаш не ќе можете да ми се придружите, јас посакувам светлоста на оваа ноќ на Божиќ да ви донесе спокој и радост.*

Не луѓе се за мојот молк и не барајте ги причините за него. Јас самата не Ви пишувам, ова писмо го диктирам, при што нешто чудно ме обврзува посебно да мислам на Вас. Ми се чини дека гледам еден ангел кој, откако ги собра големите крилја, пријателски се наведна над вашето рамо за да Ви ја осветлува страницата на која Вие продолжувате да ја пишувате вашата балканска сага.

Елен Лејбовиц засекогаш исчезна од животот на Луан Старова како физичка даденост, но продолжи да зрачи како духовност која и понатаму му ги осветлува страниците на писателот, исто како што тоа го прави оној ангел што таа му го остава во аманет во своето последно писмо. Зарем тој ангел што благонаклоно се наведнува над писателската рака не е самата Елен Лејбовиц? Таа и по нејзиното исчезнување, коешто е најверојатно и дефинитивно како овоземско постоење, се обврзува да биде музата којашто ќе го посетува писателот во часовите на најдлабока креативна енергија.

Ова единствено искуство на размена на творечки енергии ќе биде преточено во епистоларниот роман *Во потрага по Елен Лејбовиц* што Луан Старова го објавува во 2008 година (Матица). Пишувањето на овој роман тој го чувствува како нужност којашто треба да му овозможи, барем делумно, одговор на некои прашања:

Која беше Елен Лејбовиц?

Каде е таа денес?

Дали е жива?

Таа живее во мене со времето што ми го посвети, а јас доцна, по пет години, откако таа стави неочекувано крај на нашата преписка, дури во оваа книга започнав вистински да го разбирам нејзиното некогаш толку силно присуство. Да откривам едно изгубено време во времето што ми претстои.

Како што Старова својот роман *Татковите книги* го нарекува „мемоари на тишината“, така романот *Потрага по Елен Лејбовиц* може да се нарече „антологија на рецепцијата“.

*

* *

Како што веќе укажавме, постои една мошне широка рецептивна гама, условена истовремено од теоријата на литературата и од теоријата на културата. Кога фокусот е врз оној којшто го продуцира текстот, рецепцијата може да се однесува на поединец (на еден автор како самостоен ентитет) или на некој колективитет (литературата на еден народ, литературата на една епоха). Кога фокусот е врз восприемачот, тогаш повторно имаме чин на индивидуална рецепција (читател–поединец) и колективна (широка публика и медијатизација). Кога се третира француската рецепција на книжевната балканска сага на Луан Старова, се наложува парадигмата на прагматичноста. Старова, свесен за мутиплицитната валенција на книжевната рецепција, гради своја иманентна стратегија кон францускиот читател, кон неговиот јазик, култура и цивилизација. И самиот „француски ученик“, тој е предаден во текот на целиот живот на еден вид франкофилија што ја наследува од своите родители кои го изучувале францускиот јазик уште кон крајот на отоманскиот период. Најзначајниот дел од своето книжевно дело, посебно својата балканска сага, Луан Старова ја пишува во периодот од 1992 до 2011 година. Тоа е период во којшто ја завршува кариерата како редовен професор по француска книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје и ја продолжува, но ја завршува и својата дипломатска кариера. Тоа е, исто така, и период во којшто Старова ќе се соочи

со балканската, односно со југословенската трагедија, но и со создавањето на независна Република Македонија.

Својот книжевен капацитет и култура, познавањето на западно-европската реалност, посебно низ француската компонента, низ европската вмешаност во „балканските работи“, Луан Старова ќе ги вложи во создавањето на својата книжевна сага. Оттаму е разбирлива неговата насоченост кон францускиот комплексен, образован и инвентивен читател. Свесен за значењето на интеракцијата помеѓу авторот и читателот, во случајов на францускиот читател (имајќи ја во сопствен прилог брилијантната трансмисија кон францускиот јазик и култура благодарение на извонредните преводи на Патрик Крисман), Старова се чини како да го има пред себе, во прв ред, францускиот читател, тогаш кога ја пишува балканската сага. Впрочем и најзадлабочените проникнувања во сагата (првичната рецептивна компонента) доаѓаат најмногу од француската книжевна критика која вели дека *балканската сага се вбројува меѓу големите европски романи* (J.-M.-M., *Les anguilles fabuleuses*, Livres-Hébdo, од 8 мај 2009) и се смета за *книжевно дело коешто ја обележува литературата* (P-R. L., *Une saga balkanique des migrations,* Le Monde, 10 јули 2009). Меѓутоа, најзначајната потврда на авторовата стратегија, односно интеракцијата што ја воспоставува со читателот доаѓа од преписката со читателката Елен Лејбовиц во текот на повеќе од две години. Непозната читателка ќе трага по вистината за Балканот во текот на трагичните настани коишто ги осознава низ рецепцијата на медиумските прикази,

како и читањето на книгите на Старова, во кои тој *го раскажува Балканот*!

На својата француска компонента, како предизвик во придобивањето на комплексниот француски читател, Старова смета и во објавениот роман (засега на македонски, но преведен и на француски јазик) *Љубовта на генералот*. Во него тој ја третира проблематиката од Големата војна и присуството на француската армија на Источниот фронт, мошне блиска и значајна за француските читатели. Останувајќи доследен на базичниот принцип на својата балканска сага, да трага по историјата на едно балканско семејство на двесеттиот век (земајќи го сопственото како можно), Старова доаѓа до значајни „премолчувани“ настани од животот на својот татко во периодот на и по Големата војна, кога тој одржувал, како негов преведувач, посебна врска со Командантот на француската територија на Пограделц, генералот Едуар Огист Иполит Мортје. За ваквата „француска врска“ на своето семејство, Луан дознава многу доцна, пред смртта на својот татко, кога овој за прв пат ќе му проговори на француски јазик. Таа недоволно расветлена димензија од животот на Таткото, му наложува на Старова широк истражувачки зафат во којшто низ две перспективи ќе го разгледува присуството на француските војници на балканските простори во текот на Првата светска војна: историска, низ документираноста на нивните активности и движења и романсиерска, низ оживотворување на нивните емотивни врски со локалното население. Луан Старова се надева дека таквите т.н. „француски антени“ ќе го привлечат вниманието на француската публика која ќе има можност

балканските теми на писателот да ги осознае во нивната врска со француските војници на Балканот.

Врз матрицата на своите француски интелектуални пријателства, кои се создавани во текот на половина век, во кои влегува и неговата мисија како амбасадор, е напишан и неговиот, за сега последен објавен роман од балканската сага, *Нови амбасади*. И овде станува збор за роман со широка интеракциска рецептивна матрица.

Својот априорен предизвик на француската рецепција, авторот ќе го наложи и во својот роман, засега во ракопис, *Балканвавилон*, еден вид „балканска верзија“ на романот *Бувар и Пекише* на Гистав Флобер. Овој метафоричен роман, Флобер го реализира како своевиден обид да се исмее подемот на егзактноста, не само како научен туку и како животен концепт, во периодот на позитивизмот. Двајцата автодидакти Бувар и Пекише се впуштаат во еден идеалистички обид да го исчистат секојдневниот живот од тиранијата на претераната научност. Токму врз таквата интертекстуална предлошка, низ една идеја којашто кај Луан Старова тлее речиси триесетина години, авторот го создава својот *Балканвавилон*. Во него повторно се присутни двата „балкански лика“ од сагата, Таткото и К(лимент) К(амилски), кои ги бранат своите јазици со тоа што се обидуваат да изведат нивно прочистување, во случајот од „опасните отоманизми“ (од видот башибузук, шашма и сл), со цел да ги спасат своите потомци. Со текот на работата, тие сфаќаат дека со „чистењето на јазиците“ ниту од далеку не ја постигнуваат целта. Напротив, на тој начин тие го

откриваат мобилниот принцип на заговорот за „етничкото чистење“ кој го беше зафатил Балканот. Ја напуштаат нивната работа, свесни дека со таквата мисија ќе им наштетат и на самите нивни јазици, и на потомството, бидејќи ниту еден јазик не е чист, како што нема ниту една мононационална земја.

Гулемон*, укажувајќи на личната библиотека како на еден од значајните фактори при рецепцијата на едно уметничко дело, истакнува дека *секое читање е компаративно читање, ставање во сооднос на една книга со други книги*. Односно, како што постои дијалогизам и интертекстуалност во самиот текст како еден од начините на неговото книжевно постоење, *така има дијалогизам и интертекстуалност во самата практика на читање*. Читањето, тоа е истовремено можност за изблик на веќе прочитаната лектира, на веќе одживеаната библиотека, можност за активирање на сеќавањето за веќе прочитаните четива и за веќе осознаените културни даденост. Нема наивно и невино читање, исто како што нема наивно и невино пишување. Свесен на овој феномен, Старова знае дека секогаш во книжевното уметничко писмо треба да се најде вистинската мера во пласирањето на предизвиците на рецептивната „интрига“ која е насочена кон другиот, кон читателот. Тоа ни дава за право да заклучиме со следниве согледби за рецепцијата кои се оние на самиот Луан Старова:

Татко веруваше и тој тоа ни го пренесе на нас, неговите чеда, да веруваме во заднишивото

---

* Jean-Marie Goulemont, “De la lecture comme production de sens”, in *Pratiques de la lecture*, éd. Payot-Rivages, 1985.

на блискаша поврзаност на авторот и на читателот. Така ние го проширувавме нашето семејство во егзил. Тоа стануваше големо, привлечно за многумина непознати, откако започнав со своите книги од балканската сага да ја ширам вистината за татковите книги. Со текот на годините започнав да верувам дека во книгата може да се внесе дури и инстинктот на една сонувана тајна која, ако се запише на вистински начин, води до идеалниот читател. Татко внесен во тајните на источното писмо често ја повторуваше арапската поговорка дека рајот можеби се наоѓа на страниците од некоја книга! Само со непрекинатото прелистување на непознатите страници може да се откријат рајските линии во ракописот, толку чести во источните ракописи прошарани со живописните минијатури.

Книгите во мојот живот беа најсилните мостови на старите и нови пријателства. Патот на пишувањето ми стануваше мисија во можното враќање од егзил.

Да се надевме дека Луан Старова, низ пишувањето, но и низ широката читателска поддршка на испишаното од него, сепак, успеа да се врати од егзилот.

Елисавета Поповска

VI

ИЗБОР ПРИЛОЗИ ОД ФРАНЦУСКИ АВТОРИ ЗА БАЛКАНСКАТА САГА

Едгар Морен

БАЛКАНСКИТЕ ИДЕИ ВО СЕМЕЈНАТА САГА НА ЛУАН СТАРОВА

(по повод романот *Времето на Козите*)

Франција восхитено и со емоции го откри писателот Луан Старова, исклучителен и единствен романсиер којшто е длабоко вкоренет и цврсто засидрен во балканскиот свет за кој мошне поетично ги искажува своите искуства. Јас не сум книжевен критичар, но би сакал да се искажам за некои од главните теми кои произлегуваат од тоа искуство, со обид да му се осветли патот на читателот низ понуденото дело.

Првата тема го претставува искуството кое очигледно потекнува од периодот пред комунизмот, но кое ќе добие типично препознатлив облик под титоизмот. Тука е и наследството присутно уште од отоманската епоха, изразено во чувството што го имаат луѓето од Ориентот кога власта ја доживуваат како некаква зла коб која се најавува од многу, многу далеку, од недостижните височини, дури од Бога, власт која ја поднесуваат и против која се немоќни. Но постои и нешто повеќе отколку самоволните одлуки на власта, тоа што сказната постојано ни го сугерира, но без никогаш да ни го каже, дека грешките и лудоста на режимот, најпрвин не се во самата диктатура, туку во тоа што беше исходиште од оваа диктатура, а тоа е апстракцијата или идеолошката аберација.

Нема во таа книга свирепи, омразени ликови како во западните романи. Постои логиката на идејата според која козарите треба да се претворат во пролетери. И таа логика ќе доведе до пасивен отпор на козарите, а потоа до нивниот транспорт односно депортација во градот и на крајот до физичка ликвидација на козите. На самиот завршеток на книгата еден митски, нестварен пролетер постанува водач на вистинските жители на кои им било неопходно млекото од козите, на кои им биле неопходни, и нужни, вистинските козари.

Ленин говореше дека фактите се тврдоглави, но идеите се всушност уште потврдоглави од фактите, идеите често успеваат да ја уништат стварноста и да триумфираат над фактите.

Другата тема, која избива од оваа книга и очигледно се однесува на козите, е всушност антрополошка тема; повторно постојано се сугерира, но никогаш експлицитно не се кажува, колку е сложен односот помеѓу човечките и козјите суштества во живиот свет, а всушност се сведува на простиот след: без кози нема млеко, без млеко ќе настапи глад.

Но занимливо е дека козите на Балканот се присутни уште од памтивек, пред Византиското и Отоманското Царство, но токму козите на нашиот писател, за првпат по илјадалетија ќе станат жртви на чиста идеолошка апстракција, жртви на козоморство, на „козоцид“. Но козите не умираат. Тие, како што се случува во романот на Луан Старова, нема да најдат митолошки спас, туку некои и покрај забраната, ќе бидат толерирани во некои делови на поранешна Југославија. Треба да се истакне дека

војната во Босна предизвика нови крвави ликвидации на козите. Но, сепак, има преживеани. Возбудува фактот дека француската меѓународна асоцијација UCRADEC се грижи за повторно населување на козите на Балканот, со модерна технологија на одгледување, и тоа, поконкретно во Босна, Бугарија, Турција... односно на Балканот, во нивната „избрана и ветена земја“! А јас верувам дека главната идеја што се ослободува од оваа книга е:

„Да ги сакаме козите, да ги спасиме нашите кози, нашите пријателки, нашите хранителки.“

Третата тема на искуства, кои извираат од оваа книга, посебно значајна за западноевропските луѓе, се состои во тоа што овој роман овозможува да се види едно лице на Балканот кое за западниот човек останало слабо познато или воопшто непознато, зашто за овој човек Балканот одамна е синоним на судири, братоубиствена омраза, на трајни злосторства.

Авторот докажува дека постои и друго лице на Балканот, лице кое се појавува во времето на мирот и кое се негувало со векови; тоа е мирољубивото лице на соживотот, почитувањето на другиот, лицето на пријателството меѓу луѓето од различно етничко потекло. На Балканот постои и голема култура, една друга култура на луѓе кои успешно црпеле од западноевропската култура исто колку од исламската, пренесена преку Отоманците. Таа голема култура совршено ја претставува таткото, нашиот јунак, интелектуалец, ерудит и мудрец. Но се јавува и исконската трагична составка на Балканот, каде што било можно да се воспостави соживотот: тука можело најдоброто да се претвори во најлошо, и Балканот

во повеќе наврати ќе се најде во лоши историски делби, преполни со тешки последици.

Во 1908 година се случи Младотурската револуција која, во зачетокот, беше националистичка турска револуција. Тоа беше отоманско движење кое поаѓаше од идејата дека правото на отомански граѓански статус треба да им биде даден на сите народи на Царството. Меѓутоа, оваа револуција се случи мошне доцна, зашто западните империјализми веќе започнаа да ја распарчуваат Отоманската Империја, а жестоките српски, грчки и бугарски национализми ќе ја предизвикаат Балканската војна од 1912 година и оваа војна ќе ја предизвика реакцијата на веќе започнатиот турски национализам, кој ќе доведе до депортации, кои во наше време се нарекуваат етнички чистења, и кои некогаш завршуваа и со масакр на населенија.

Во 1918 година се појави и Југославија, всушност, микрокосмос на сите народи кои живееле под Отоманската Империја, како и на некои народи кои беа во составот на Австро-унгарската Империја. Оваа Југославија е двапати разбивана: првиот пат однадвор, поради хитлеровската инвазија, вториот пат неодамна, за жал, поради внатрешни центрифугални удари. Така започна првата војна во Европа по Втората светска војна, тоа беше војната помеѓу Србија и Хрватска. Престана да постои земјата Југославија, која сама по себе беше микрокосмос и во себе го содржеше плуралитетот што успеваше во текот на векови да го одржи соживотот, а знаеме

колкупати тој бил загрозуван, изложуван на опасности повторно да биде уништен.

И еве ја денес Македонија која го претставува истиот балкански микрокосмос, макар што е помалку разнолик. Но Македонија и натаму во својата природа ја содржи плуралноста и јас мислам дека сите ние, нејзините пријатели, треба да ѝ се придружиме во зачувувањето на овој плуралитет, бидејќи добро знаеме колку тој е загрозен и колку закани го демнат.

И еве во тој свет во мало пишува Луан Старова, совршен претставник на балканскиот соживот и на отвореноста, човек кој во целиот свој живот го инкарнира балканското братство и соживот без каква и да е етничка затвореност, противставувајќи се на секакви ексцеси на идеолошката апстракција, како и на секаква етничка и религиозна тврдокорност.

Луан Старова е наследник на својот татко за кого покажува должна љубов и оправдан восхит. И јас ги споделував истите чувства. Мојот татко не беше ниту ерудит ниту мудрец како Луановиот, но беше отворен кон другите, без предрасуди, секогаш спремен за нови пријателства со туѓинци, си имаше своја мудрост и тоа е причина повеќе што од срце го поздравувам Луан, не само како голем писател, туку и како свој балкански брат.

(Во Сенатот на Франција, 2 октомври 1997.)

Едгар Морен

БРЕГОТ НА НАДЕЖТА

(Романот *Брег̄от̄ на ег̄зилот̄*)

Брег̄от̄ на ег̄зилот̄ е најубавата, најрасцутената од книгите на семејната сага на која се посветил Луан Старова.

Во овој текст се навраќаат како лајтмотив сите тегоби на едно албанско семејство, преобратено во ислам пред два века под Отоманската Империја, кое ќе се спаси од окупаторскиот италијански фашизам за време на Втората светска војна, минувајќи го тајно Охридското Езеро за да се најде во тогаш југословенска Македонија и потоа да се засидри во Скопје, на брегот на реката Вардар, при крајот на нацистичката доминација, потоа во периодот на комунистичкиот титоизам – најпрвин во хиперсталинистичкиот, а потоа во негова разблажена варијанта – до распадот на Југославија.

Луан, кој како дете ги доживувал мрачните времиња на егзилот, го пишувал својот текст со погледот на дете, измешан со вербата на возрасен, со хумор на мудрец, успевајќи во исто време да не насмее и возбуди до солзи.

Во сите негови книги, и посебно во оваа, доминира ликот на таткото. Таткото ја носи во себе балканската историја почнувајќи од крајот на Отоманската Империја. Како правник и филозоф, студирал коранско право во Истанбул, тој ќе се провлече низ фашизмот, нацизмот и сталинизмот, за на крајот да биде и социјалистички судија во Скопје. Во текот на своите преселби ќе го носи со себе најдобриот дел книги од својата библиотека, не пре-

станувајќи да живее во книгите, да ги проучува и да размислува за нив без престанок. Тоа е ликот на еден автентичен татко, кој повеќе не постои кај нас, кормиларот на семејната судбина, човекот со големо искуство и остроумност, кој ги предизвикува почитта, восхитот и љубовта на својата жена и деца. Овој татко е опсесивно бранет со жар и почит во делото на Луан Старова.

Мајката е секогаш присутна (ваквата мајка кај нас ретко постои), ангел чувар на семејното огниште, чувар на клучевите на куќите кои биле напуштани од егзил во егзил, и кои ја чуваат семејната меморија. Семејното огниште останало на другата страна на една граница, полоша од еден Берлински ѕид, која разделувала семејства во текот на децении.

И тука е, постојано интензивно и поетски присутно езерото, ова Охридско Езеро, кое истовремено ги соединувало и разделувало Албанија и Југославија, и над езерото, во македонскиот дел, манастирот кој го чува христијанското минато на семејството и кое чудно го носи презимето на авторот на овој предговор – Едгар На(х)ум Морен.

Оваа ведра книга, во исто време, во својата интимна текстура, сведочи и за балканската трагедија. Луан Старова ни зборува не само како албански бегалец, екс-Југословен, македонски државјанин; туку тој ни зборува и како балкански човек, живеејќи и носејќи ги во себе судбините на толку култури кои биле поврзани, мешани, разделени, противставени. „Падот на Отоманската Империја, балканските војни и светските судири ги измешаа повеќе од кога било народите, религиите, азбуките,

етниите“, и исто така ги наведуваа на меѓусебно уништување... Овој балкански човек ја содржи во себе не само балканската трагедија, но исто така и трагедијата на сталинистичкиот комунизам, кој му наложи ступидно на селското население и на козарите да се трансформираат во пролетери, односно работничка класа. На непослушните ќе им бидат масакрирани козите (да се чита *Времето на козите*), а авторот ќе го зачува споменот на презирот, на кодоштвото, на лицемерството, на огромната глупост...

Луан Старова ја изнесува тезата на својот татко кој во јаничарството го гледаше клучот на балканската иднина. Јаничарите биле христијански деца кои биле земани од нивните семејства, исламизирани и воспитувани според турските обичаи за на крајот да станат дел на елитни воени трупи и функционери на Отоманската Империја. За таткото декултуризацијата/рекултуризацијата на духовите беше едно од доминантните обележја на балканската историја и тој ја пренесува својата визија, како и во случајот со СССР каде што Сталин, Грузиец кој првин бил внесен во монашкиот живот, станува главниот јаничар на советската империја.

Идеологијата која беше толку задушувачка во оваа историја е потскриена во оваа книга, но отскриена од вистинскиот живот. И таа се реституира низ едно писмо, толку поетично во својата едноставност, кај што кај зрелиот човек се враќаат повторуваните сеќавања како лајтмотив на битните моменти живеени од семејството.

Во оваа книга, западноевропскиот читател ќе открие дека Балканот не претставува само земји на верски и етнички судири, туку исто така и земји на култури иригирани од Ориентот и Оксидентот, Северот и Југот; каде што, низ страшните упади на историјата, семејството, таткото, мајката, браќата и сестрите, верните пријатели овозможуваат да се живее благородно и праведно. Ти благодарам за ова убаво сведоштво, мој драг балкански брате.

(Објавено како предговор на *Le rivage de l'exil*, édition de l'Aube, 2003; préface d' Edgar Morin.)

Морис Друон

ПРИДОНЕС ВО ЕВРОПСКИТЕ ЛИТЕРАТУРИ

Дојден сум овде да поздравам еден пријател. Во текот на својата дипломатска мисија во Франција тој стана мој пријател. И би сакал, првин, да го нагласам ова пријателство. Би сакал потоа да изнесам неколку лични сведоштва за него со кои се здобив при неговото учество во Академијата на амбасадорите, односно во жирито на дипломати акредитирани во Париз со книжевна вокација. Ова жири, единствено во светот (првиот добитник на наградата бил Антоан де Сент-Егзипери, постхумно) е сочинето од дваесетина акредитирани амбасадори во Париз кои вршат избор и доделуваат годишна награда за најдобро дело на домашен автор од областа на француската историја. За мене тоа е едно од нај-

сериозните жирија во светот и дипломатите се натпреваруваат во изборот и пишувањето на мошне задлабочени рецензии кои низ гласање просудуваат за награденото дело. Токму за ова жири го препорачав и беше примен Луан Старова зашто во него открив дипломат ерудит, кој совршено го владее нашиот јазик. Ние имаме исто така и еден заеднички спомен од времето на неговата мисија во Франција при нашето заедничко ангажирање во процесот за прием на Република Македонија во Меѓународната организација на Франкофонијата, односно заедницата на народи кои ја споделуваат употребата на францускиот јазик. Благодарение на Луан Старова, тоа можеше да се стори...

Но јас сум овде дојден, пред сè, да поздравам еден писател од голема вредност кој ја претставува ерудитската и творечка книжевна мисла на својата земја. Три негови романи се објавени од нашиот престижен издавач Фајар. Неговиот прв роман, *Времето на козите*, претставува чудесна и жестока романескна алегорија на едно општество под ударите на еден тоталитарен режим со придружните аберации. Сликањето на режимот е жестоко, но тоа е предадено мудро, низ сведоштва за маките и истрајбата на балканскиот човек.

Второто дело објавено на француски јазик, *Татковите книги,* ја изнесува историјата на една семејна библиотека. Овој Балканец, ова балканско семејство, постојано растргнувано, овој татко на семејството, кој ќе го доживее падот на отоманската, австроунгарската и на крајот сталинистич-

ката империја, постојано во егзил, со силна ерудиција, последно прибежиште ќе најде во својата библиотека, во распоредот на своите книги според неговиот ментален ред. Библиотеката истовремено ќе биде и храм, монумент и би рекол речиси подземно скривалиште, кое ќе го заштитува од сите ментални напади кои биле диригирани од диктаторите. Ова дело претставува и акт на семејна љубов, на синовска љубов која ќе го трогне секого.

И еве сега Фајар во Париз ја објавува и третата книга на Луан Старова, *Атеистички музеј*, во која авторот изнесува трагичен запис на неколкуте пеколни дена од едно патување во пролетта на 1979 година во Албанија на Енвер Хоџа, кога сакал да ја види својата родна земја, тогаш сè уште под јаремот на сталинистичката ортодоксија. Тогаш ќе следува обидот за демонтажа на духот на еден човек со хумана и отворена култура, кој немал негативен однос кон културата на религијата и верувањето туку го претпочитал значењето на верскиот феномен во историјата на цивилизациите.

Авторот на книгата, при престојот во родната земја, ќе го соочат и со пеколното демолирање на верските објекти. Ова во книгата е опишано извонредно и доживеано. Авторот ќе се соочи со морничав притисок и закана: дали ќе излезе жив од земјата! Сето тоа ќе му се случи зашто на своите во родната земја ќе се обиде да им даде на знаење дека ги замениле трите религии (католичката, православната и муслиманската), својствени на албанскиот

народ, кои во долг период се толерантни и добро поставени една кон друга, со сталинистичкиот марксизам, кој ќе завладее како еден нов вид религија, бришејќи ги другите. Оваа идеја која е драматична до степен на загрозување на животот и слободата на нараторот, повторувам, ова силно минување низ пеколот, пеколот на духот, е силно предадено во романот.

Ние во еден долг период се прашувавме зошто марксизмот завладеал толку моќно и во еден толку долг временски период така широко на планетата, успевајќи да им се наложи на толку многу народи во светот. Тоа ќе се случи најнапред во Русија каде што на филозофијата на марксизмот ќе ѝ се внесе мистична содржина. И така, на еден природно мистичен народ, каков што е рускиот, ќе му се накалеми нова доза мистицизам врз теоријата која се повикуваше на материјализмот и која, на крајот на краиштата, произлегуваше директно од позитивизмот.

И ете, зошто оваа книга на Луан Старова е од посебен интерес. Таа проектира мошне прецизно јасна светлина, јасно фокусирана врз една позиција која предизвика толку многу човечки жртви, толку многу страдања и депортации, како и толку доброволно или принудно ропство на сателитските народи. Ете зошто е од посебно значење книгата на Луан Старова.

И кога ќе се направи сето тоа, драг пријателе, може да се биде задоволен од себе. Вие со тоа ѝ давате неоспорен придонес на литературата и совре-

мената мисла. Вие придонесувате во голема мера за местото на литературата во вашата и во европската заедница. И за ова би сакал да ви се заблагодарам.

(Реч на постојаниот секретар на Француската академија академикот Морис Друон, при претставувањето на балканската сага во XVI – париски арондисман, на 18. X 1999 г.)

Антоан Жерал

БАЛКАНСКАТА САГА: ОРИГИНАЛЕН ПРИЛОГ ПОМЕЃУ ИМАГИНАРНОТО И ВИСТИНАТА

Вие, драг Луан Старова, зазедовте место во еден тек на една славна традиција за која Французите најрадо сонуваат: тоа е традицијата на дипломати-писатели.

Ние често кај нас сакаме да ги истакнуваме имињата на Шатобријан или Стендал во XIX век, потоа на Пол Моран, на Сен-Џон Перс, на Клодел, кои се поблиски до нашето време. Од овие пет цитирани автори, на последниов, како што ви е познато, јас најчесто му пристапувам. Од него до вас, јас, првин забележувам две флагрантни разлики: Клодел ѝ припаѓа на последната генерација дипломати кои можеа да си дозволат повеќе слободно време за пишување. А вие можете да сметате само на ноќите за пишување на вашите книги. Втора разлика: Клодел не ги поднесуваше професорите. А вие, вие толку многу ги почитувате што ја напу-

штате дипломатијата за да се вратите на професурата. Можеби би требало да ја споменам и третата разлика, која е уште позначајна зашто таа повикува на размисла за смислата на вашето дело на творец. Клодел ни нагласува во *Професионално одсуството*:

„Зар ви е чудно дека во овие услови (на миграција и постојан егзил), господинот би престанал реалноста да ја разбира докрај сериозно.“

А, Луан Старова, реалностите ги сметаше за крајно сериозни: комплесната реалност, толку често мачна, реалноста на балканскиот лавиринт; не помалку комплексната и вознемирувачката реалност што ја доживувал вашиот татко, вашата мајка во текот на нивниот преселнички живот од еден на друг брег; реалноста со која што сте се соочиле вие самиот, во која страдавте и која не престанавте да ја декриптирате, за да придонесете што подобро да ве разбереме.

Тоа значи, листајќи ги повторно овие денови страниците на книгите на Пол Клодел и Луан Старова, дека јас дојдов и до третиот контраст кој можеби наведува на погрешен пат.

И едниот, како и другиот, жестоко се борите со егзистенцијата, но кога ќе стапи времето на пишување, заземате дистанца во однос на неа и таа за вас станува суровина за градење мит.

Клодел, со луда страст, диво доживеана, ги создава книгите *Пладневна делба* и *Сатенски чевел*. А вие од една национална, семејна и лична судбина, означена од апсурдни и стравични состојби, создавате единствена трилогија.

Ние ја чувствуваме тежината на вистинската трагедија, но во исто време и вашата раскажувачка уметност придонесува од миг во миг, макар со различен интензитет да се одвива повеќеслојна и мачна алегорија.

Но, ќе запрам и на вашето посебно обележје. Но не би рекол до вашите тајни на создавањето на книгите, зашто вашиот начин на творење се противставува на извештаченото. Кажувањето на Бифон дека „стилот е човекот“, може да се примени и на вас со голема јасност: Тој што ве чита верува дека ве слуша и речиси ве гледа, зашто е голема вашата грижа за добронамерна транспарентност. Но на придружен начин, како што им се случува на големите писатели, еден друг, повеќе од вас самите, влегува на сцена.

И овде, наспроти презирот кон секаков академски ритуал, одговорен сум за смелоста: наместо да се држам на дитирамби и признанија на восхит со кои е преплавено моето срце, би сакал да му ги доверам на професорот по француска и компаративна книжевност каков што сте вие, реакциите на граматичарот каков што јас настојувам да бидам, внимателен по вокација, но и строг кон изразот.

Тоа што ме фрапира, навлегувајќи во триптихонот, објавен од страна на Фајар, е сензибилнодистинктивниот начин со кој, тука и таму, се соочувате помеѓу имагинарното и вистината.

Во *Времето на козите*, уште од насловот, ние сме обземени од волшебноста на алегоријата која, со текот на раскажувањето, станува сè поопресивна. Сликата на безизлезниот лавиринт во кој исчезнува козарот со козите е јасен амблем на жестоката суд-

бина на земјата под владеењето на интегризмот на сталинистичкиот комунизам.

Во книгата се провлекува необично неименување на реалното низ превезот на имагинарното кое постојано се згуснува: освен козарот Чанга сите човечки ликови се стопени, сомелени до анонимност.

Со *Татковите книги*, речиси сè се менува во континуитет. Таткото е сеприсутен. Безбројното стадо од книги ги заменува козите. Но тука не се работи само за алегориска супституција: се работи за згустена, натежната, опсесивно предочувана реалност. Од друга страна, многубројните историски и географски репери се прецизно означени. Тоа што опстанува и дури се нагласува, е поетскиот свет од постојаното литаниско враќање кон мотивите: „Мојот татко“ – „Татковите книги“..., кои дејствуваат повеќе не како митови, туку како симболи на една татковина – на единствената зачувана и спасена татковина од вашиот Татко.

Едно друго обележје сепак придонесува да се задржи впечатокот на мистерија и закана: личностите кои ги сретнуваат вашиот татко и вашата мајка никогаш не се именувани. Дури и најблискиот пријател на „мојот татко“ има право само на иницијали: „пријателот К.К. “.

Дали се работи за слободен избор или за непредвидливоста на инспирацијата, јас не би можел да речам. *Атеистичкиот музеј* може да се ситуира во спојот на митот и животот, на полпат помеѓу двете претходни книги: помалку како мит и алегорија отколку во *Татковите книги*.

Навидум авторот ни ја претставува мисијата која ќе го води од слободната и отворена Македонија каде што тој живее, до различни места во Албанија, неговата родна земја, која ја напуштил пред триесет и осум години и која, речиси оттогаш останува под сталинистичко ропство. Но, од етапа во етапа, мисијата се претвора во кошмар и станува дијаболична. Сликата на стапица која изгледа како беизлезен лавиринт во кој нараторот постојано се губи, како да ја придружува судбината на Чанга. Но со таа разлика што овој пат херојот успева да избега од пеколот.

Како и во претходните книги, личностите и тука се безимени. Нивниот грозоморен митски статус е означен со удвоените иницијали: А.А., Ц.Ц., Х.Х. (најопасниот), J.J., О.О. Без малку, целата азбука!

Другото одбивање да се именува е уште понеобично: сите места се именувани. Освен едно (или две кои се само едно): Езерото, најубавото, најсиното, најпрозирното на целата земја и Манастирот, симбол на сите надежи. И така Езерото и Манастирот на соништата Свети Наум. Но уметникот претпочита секогаш да им остане поверен на симболите и на параболите, отколку на предметите и на настаните...

И на крајот, дозволете ми, во оваа пригода да поздравам една драгоцена алијанса, на Луан Старова, професор-амбасадор и романсиер-поет, на кого му должиме толку многу суптилна среќа.

(Академикот Антоан Жерал, на промоцијата на првите три објавени книги од балканската сага на 18 октомври 1999 г.)

Ерик Ноло

СЕМЕЈНИТЕ РОМАНИ НА ЛУАН СТАРОВА

(Времето на козите, Татковите книги, Атеистички музеј, Фајар, Париз)

Со појавата на француски јазик на третиот роман, *Атеистички музеј*, писателот Луан Старова ги положи темелите на една монументална романескна целост која би требало да опфати повеќе од десетина тома (човек е во искушение делото да си го претстави како катедрала од мастило и хартија, меѓутоа со оглед на тоа дека авторот потекнува од една повеќенационална средина, замислената претстава на спомната градба би требало да се поврзе колку за католички и православни култни места толку и за џамија). Овој писател ни ја дава убавата можност за откривање на една од најмалку познатите книжевности на Стариот континент, како и на Македонија, која остана настрана од војната во поранешна Југославија, така и за откривање на еден од најамбициозните потфати книжевно да се предаде периодот од последните пет века на толку мачната историја на балканските граници.

Бидејќи распоредот на книгите во библиотеката претставува една од битните теми на делата на Луан Старова, треба веднаш да се наведе дека неговите книги би можело со право да се вредат помеѓу романите на Исмаил Кадаре и Данило Киш. Зашто, ако овој писател со истата леснина како и Исмаил Кадаре се ориентира во лавиринтот на балканското

време и простор, тој со Данило Киш ја споделува величината на највозбудливиот омаж, посветен на најпотресниот лик на Таткото: во романот *Градина, пепел* на Киш, незаборавниот Едуард Сам настојува да го состави универзалниот железнички возен ред, додека таткото на Старова сака исто така да оствари еден колку огромен, толку и химеричен проект:

„Мојата мајка тврдеше дека тој ќе се доверил дека во текот на целиот живот настојувал да го воспостави најдобриот распоред за читање на неговите книги, за тој да му ги открие сам од себе, речиси на волшебен начин, вистинските решенија, да му ги открие одговорите на загадочните прашања на егзистенцијата (...). Мајка ми исто така раскажуваше дека тој, насетувајќи го скорешниот крај, во повеќе наврати го менуваше распоредот на своите книги во библиотеката, сакајќи со тоа да нè предупреди за проблемите со кои би можеле да бидеме соочени во иднина, кога него ќе го нема“.

Како да зависело откривањето на клучниот егзистенцијален збор само од интуицијата на еден единствен читател во светот: еве нешто со што би бил восхитен Борхес и несомнено би се израдувал и Умберто Еко.

Колку поради уверувањата кои го вдахнуваат, толку и поради сомневањата кои постојано го прогонуваат, главата на семејството се наложува како главна личност на оваа сага чии рамки се пространството на европскиот југоисток – од Рим до Истанбул преку Тирана и Скопје. Што се однесува до уверувањата, најбитното од сите ни се открива преку

една страница од првата книга на циклусот – романот *Времето на козите*:

„Што се однесува до мојот татко, тој длабоко во себе гледаше на него на исти начин како и на другите идеологии, односно како на обична фасада на вистинскиот живот...“

Замислата била инспирирана од ступидниот план кој се зачнал во главите на југословенските раководители, непосредно по крајот на Втората светска војна, сите козари да ги претворат во класа на новите пролетери и законски да ги принудат да ги напуштат родните планински предели и да се населат во град. Во споредба со тие „идеолошки манијаци“, хумористот кој своевремено предлагал градовите да се преселат на село, претставува врв на разумот! Поаѓајќи од оваа трагикомична анегдота, Луан Старова развива една потресна алегорија – селаните одбиваат да се разделат од своите кози, така што еден цел кварт на главниот град се претвора во огромно трло (во што актуелната власт веднаш открива „бела контрареволуција“). Книгата асоцира на новелата *Козата на господиноt Сеген*. Новелата на Алфонс Доде, впрочем, е повод за една бравурозна изватка во која водачот на козарите им ја дава на своите другари козари да ја прочитаат:

„Козарите биле запрепастени. Развојот на настаните ќе ги доведе до солзи најчувствителните. Други, пак, ја изразувале својата неверица барајќи од козоводачот Чанга, макар што сите биле неписмени, да им го покаже точното место во текстот каде што пишувало дека волкот се подготвувал да ја нападне козичката.“

Што се однесува до сомнението, таткото во себе непрестајно размислуваше на различни начини за тоа што ќе биде негова животна одлука: да ги напушти урнатините на Отоманското Царство и да се врати во својата татковина Албанија, да „статира“ меѓу високите функционери на новата, Ататуркова власт (основачот на модерна Турција лично се појавува повеќе пати во сите три книги), за на крајот да се најде во Македонија, без сомнение бегајќи со семејството од наслутениот режим на Енвер Хоџа, но првенствено поради тоа што не можел да се одлучи кој пат да го фати помеѓу Истокот и Западот.

Зар постои подобра геополитичка дефиниција на Македонија како земја на еквидистанца помеѓу Рим и Истанбул? Одлуката долго време созревала во текот на долгите и тивки прошетки по стариот Бизант *(„Татко доаѓаше тука, крај морскиот брег, на Босфор, да им се исповеда на брановите, да им ги доверува своите размислувања, да се препушта на волјата на своите пориви. Но тука, на дното на Златниот Рог, под длабоката зеленосинкава вода, сè беше клето, немо, неподвижно, небаре и самото небо се беше урнало во морето без да ги открие своите тајни, кои и натаму ќе почиваат на дното“.)* Тоа е капитална сцена која ќе се повторува во другата книга од семејната сага *Татковините книги* и која ќе се дополнува во текот на времето со сè пошироки значења како и со нови убавини, било да се работи за сеќавања достојни на големиот Ахмет Хамди Танпинар *(„Ги следеше модрикавите облаци кои ги исцртуваа крилјата на гулабите додека ги надвишуваа високите мина-*

рињa нa џaмиште. Во дaлечинaтa одзвонувaше мелaнхоличниот звук нa мaндолинaтa, небaре довикувајќи го другиот брег, кaде што се извишувaше белaтa мaсa нa пaлaтaтa Долмa-бaхче, зaземајќи го присвојувaчки нaјголемиот дел нa босфорскиот брег. Тукa беше нaјгусто сплетено отомaнскотo времe. Тукa, кaде што Тaткo ги следеше последните пaрaди, звуците и фaнфaрите нa последните мaршеви, последните воздишки нa султaните, везирите, пaшите зa времето кое си минувaше.“), било за некоја метафора за царствата во залез *(... „морските звезди кои се мачaт во смртен грч дa ги испрaвaт крaците зa повторно дa личaт нa звезди пред дa згaснaт...“).*

Старова со романот *Атеистички музеј* повторно ја менува својата постапка, сега е прозна фактура и нагласено „кадареовска“, надоврзувајќи се на *Времето на козите* и романот од фрагменти *Татковите книги*. Застрашувачко продирање во срцето на мракот кој владее над Албанија во времето на владеењето на „Црвениот султан“, како што го нарекуваа Енвер Хоџа, при што авторот останува тврдоглаво верен на својата почетна намера: да се откријат во ткаежот на балканските времиња неколку црвени нишки кои ќе овозможат подобро да се согледа целата шара. Овој пат не се козите водичи на патот низ вековите, туку јаничарите, тие елитни војници кои господарите на Цариград всушност ги регрутирале од закрилата на народите кои ги поробиле и кои потоа, станувале најжестоки прогонувачи на своите некогашни сонародници. Според Луан Старова, јаничарскиот дух и натаму ќе го

опседува Балканот, од што нема да биде изземен ниту некогашниот Советски Сојуз:

„Откако ги проучи феномените кои произлегуваат од јаничарството и неговите погубни механизми по загрозената личност, тој страдуваше за ширењето на синдромот на личноста на Сталин. Како вистински јаничар тој беше во состојба да ја жртвува својата мала татковина и својот идентитет на Грузинец за идеолошката татковина на советскиот комунизам. Сталин можел да опстане само со губењето на својата душа (...) И можно е, без ризик, да се претпостави дека таа практика ќе се шири и распространува како зараза, и која ќе се одржи на овој погоден терен поради балканскиот менталитет.“

Тука е и величествената интуиција која ја должиме на романот *Времето на козите* која ни претставува еден од највпечатливите портрети воопшто, на оние кои се најодговорни за југословенската трагедија:

„Страдуваше дека овде ќе се појави некој цар-јаничар на кого, во бескраен след, со ново прекројување на светот ќе му се укаже можноста за демонстрација и афирмација на своето его. Неговите истражувања на балканските империи ќе го доведат до заклучокот дека секој пат кога на чело на државата ќе се најде еден таков јаничар, сакајќи да ја докаже величината на својата менлива душа, секогаш ќе биде подготвен да ја одржува илузијата на победата по цена на поразите кои ќе им ги нанесе на другите, но заборавајќи ги сопствените претрпени порази.“

Еве теми за размислување за секоја власт. Овој осврт на делото кое целосно ги исполни сите очекувања, како и на оние кои треба уште да се исполнат (веќе со нетрпеливост ги очекуваме *Брегот на егзилот, Патот на јагулите, Времето на јаничарите* и други) би бил нецелосен кога би пропуштиле да наведеме дека трите објавени романи на кои се осврнавме се проникнати со вистински излив на љубов кон читањето и кон книгите како такви. Зарем авторовиот татко и неговиот алтер его – налик на балканските Бувар и Пекише – со желба сè да прочитаат, во пријателството не стигнале до тоа гда ја делат работата поднесувајќи си еден на друг извештај за тоа што прочитале во текот на денот?“ Конечно, не е мала заслугата на авторот, што со своите текстови успеал Албанија и Македонија да ги врати во нивниот природен простор – во тој Медитеран кој, според него, непрестајно се колеба „помеѓу светлината и црното сонце“.

Eric Naulleau, Roman de familles, QuantaraN^{o} 33 automne 1999, Paris)

Ерик Ноло

БРЕГОТ НА ЕГЗИЛОТ

Луан Старова ни остана во сеќавање во Париз не само како успешен, прв амбасадор на Република Македонија во Франција, туку и како голем писател, би нагласил на една *друга Европа*. Но тоа што

денес посебно го предизвикува нашето внимание е фактот што токму во таа *друѓа Европа*, во Европската унија се остварува еден голем и широк романескен потфат, можеби еден од најамбициозните последниве десетина години. Тоа е романескната сага на писателот Луан Старова, чиј четврти том на француски јазик *Брегот на егзилот (Le Rivage de l'exil*) денес се промовира во Париз. Овие романи предизвикуваа широк интерес во Европа, небаре се покажа вистински леден врв ("eizberg") се покажува на површина. Ретко во европските литератури се сретнува пишување со толку широк здив во преточувањето на историска проблематика.

Луан Старова покажува супериорно во своите романи дека неговата литература станува европска, пред тоа да им се случи на институциите од неговата земја. Импресионира во неговата романескна уметност – како негативните состојби кои го опкружуваат се преточуваат во позитивни квалитети, успевајќи да ги дедраматизира напнатите односи меѓу луѓето. Тешко е да се создаде хармонизирана и кохерентна поетика во такви комплексни и непредвидливи односи какви што владеат на Балканот... Посебен успех на овој автор е што успева во својата поетика да го трансформира егзилот во литература со повеќеслојни конотации. Тој успева пасажите на егзилот да ги преточи во прекрасни наративни фигури, трагајќи по изблиците на мудроста низ потрагата по излези од стапиците на страдањето во потрага по интегралната човечност...

Фундаментот врз кој почива балканската сага на Старова, а кој е очигледен и во романот *Брегот на егзилот,* го претставува ликот на таткото. И овде тој останува верен на ставот дека вистинскиот поредок во светот може да се открие во библиотеката, метафора од борхесовска провениенција. Тој успева и во оваа книга од балканската сага да оствари уште еден потфат кога е во прашање трансформацијата на негативните состојби во позитивни вредности...

И покрај меѓуетничките тензии во Македонија, како и воопшто на Балканот, значајно е да се одбележи дека, на пример, книгата на Старова *Тајковите книги* е преведена на француски од албански и од македонски јазик од страна на Клеман д'Исартеги, јазици на кои ја пишувал авторот. Наспроти драматичните тензии во животот, во романите на балканската сага на Луан Старова доминира духот на помирувањето. Тоа е уште една вредност на хармоничност на неговата раскажувачка поетика. Во неговата поетика кохабитираат двата јазика на кои пишува, далеку од секаква националистичка исклучителност, како облик на понудено хармонично братство. Ова е редок пример во европските литератури што се должи на еден голем автор.

(Реч на промоцијата на романот *Брегот на егзилот* во Париз, на XVI арондисман на 30 септември 2003 г.)

Жан Ложје

ЕДНА АЛЕГОРИЧНА САГА

Замислена во десетина тома – три веќе се објавени на француски јазик во издание на *Фајар*, современата сага на Луан Старова, поранешен амбасадор на Република Македонија во Франција, се открива со своето бујно богатство и нè пренесува во срцевината на комплексноста на европскиот Балкан, означен од авторот како „балкански лавиринт“. Конструирана околу амблемската фигура на еден татко од албанско потекло кој ги завршил своите студии во Турција, доживувајќи го падот на Отоманската Империја пред да ги запознае нацистичкиот, а потоа и сталинистичкиот режим, и бдеечкото присуство на една мајка, и таа од албанско потекло, жртва како и нејзиниот сопруг на политичките промени со сукцесивните етапи на егзилот, за на крајот обајцата да се населат во Македонија; делото ни покажува како секојпат ќе се најдат во положба едниот да го спасува другиот, потоа не само децата, туку и книгите. Каква чудесна поема за универзалната хуманост! Тоа што лично најмногу ме фрапира од почетокот до крајот на овој романескен триптих е духот на толерантност кој зрачи од него.

Оваа толерантност, ми се чини, неразделива од културата која ќе ја наследи авторот и кому му беше при срце да ја збогатува, но култура со една впечатлива, речиси библиска случајност и на уништувачкото што го имаат сите идеологии – vanitas

vanitatum – од кои човештвото периодично толку многу страда, особено во дваесеттиот век. Оваа прагматична и дистанцирана историја како човековиот апсурд, излачува од страниците на книгите хумор, кој сите ги преплавува, нагласувајќи ги најтрагичните ситуации. Алегоријата на првиот том со наслов *Времето на козите* ни нуди најуверлив доказ за тоа.

Луан Старова ни признава во вториот том дека не успеал да разбере во текот на повеќе години зошто татко му во својата библиотека покрај свети книги, собирал и книги за козите! Првиот том ни го открива клучот. Преполна со нежност и жестока ирониja, ние ќе се најдеме пред кафкијанска сатира за човечката глупост која ги изопачува сите политички власти, од мигот кога запаѓаат во екстремното верување дека тие имаат монопол на Вистината. Ние дознаваме како сталинистичката идеологија, која се зајакнуваше по Втората светска војна, повикуваше на индустријализација по секоја цена. И, за тоа да се реализира, партијата, нареди, веднаш по војната, сите козари од планините да се преселат во Скопје, македонскиот главен град, убедена дека се направени пионерските чекори во создавањето на новата работничка класа. Но, во програмата не беше предвидено одбивањето козарите да ги напуштат нивните животни и нивното успешно приспособување со гладното градско население, за голема жал на партиските идеолози. Загрижена најмногу како да ги прехрани своите чеда, како и сите други мајки во главниот град, мајка му на нараторот, ќе го убеди својот сопруг да купи козиче, кое поради претпазливост ќе го добие името Сталинка, за неколку

месеци подоцна да биде прекрстено во Слободанка, за да не ги остави незадоволни полициските власти, задолжени да го извршат пописот на козите пред нивното ликвидирање. Масакрот на козите најпосле ќе се програмира на највисокото раководно место на земјата, како и смртта на козоводецот Чанга, кој со својата голема харизматичност како водач на големото стадо и на козарите сè повеќе ќе ѝ пречи на власта. Помеѓу таткото на нараторот и козарот Чанга, помеѓу моќниот и мудар интелектуалец и необразованиот човек, но богат со мудрост црпена непосредно од самиот живот, ќе бликне пријателство кое ни нуди една парабола за секогаш можното заедничко разбирање помеѓу луѓето. Оваа мудра медитација свое природно продолжение има во втората книга од триптихот *Татковите книги*.

Ова дело, за разлика од претходното, не е конструирано во поглавја, туку во теми или подобро речено, од сеќавања избликнати од меморијата или тишината која следува по исчезнувањето на саканите суштества. Би требало, за да го согледаме тоа подобро, практично да ја цитираме секоја страница и несомнено, како што тоа го чини Луан Старова во текот на годините, да се издвојат и да се читаат сите книги кои му биле мили на неговиот татко. *„Меѓу нив,* ни вели синот*, имаше граматики, речници на различни јазици кои требаше да ги учи или кои требаше да ги усоврши, јазици на народи со кои му се чинеше дека судбината го беше поврзала со неговиот мајчин јазик.“* Можеби, сонуваше тој, ќе успее тука да го открие Аријадниниот конец, кој можеби ќе го ослободеше од мистеријата на лави-

ринтот. *„Тој имаше,* продолжува Луан Старова*, идентичен пристап кон Светите книги. Така, меѓу неговите книги може да се најдат неколку калиграфски испишани верзии на Кораноп, едно старо издание на Библијата, еден примерок на Талмудот.“*

Но сепак и покрај оваа јазична потрага, тој ќе го советува својот син – *„да го изучува кој било јазик и да му се посвети нему отколку на повеќе, за да разбере дека сите јазици почиваат врз ист корен.“* Но ако Луан Старова, убеден од овие совети се определи за францускиот јазик, овие таткови размисли ќе го доведат подоцна во состојба да се прашува на кој јазик неговиот татко „мечтаел, зборувал, сонувал, постоел.“ Одговорите се наложувале сами по себе; „во зависност“, ни вели тој „од откривањето на тајните во своите книги.“ Така, тој ќе дознае дека во времето кога неговиот татко ќе ја напушти Албанија за да оди во Истанбул и таму да ги започне своите студии, Ататурк, творецот на падот на Отоманската Империја, постепено ќе го укинува старото арапско писмо за да го замени со латинската азбука. Затоа неговиот татко, мошне вешт во калиграфското пишување, ќе биде принуден да пишува одлево надесно и ќе престане да пишува оддесно налево, според арапската калиграфија. На крајот, во доцните години на животот, мошне невешто ќе пишува на кирилската азбука.

Макар што авторот на книгата ќе се најде во посета на својата родна земја во една културна мисија, мошне ретка од тој вид во времето на заладените односи помеѓу Албанија и Југославија, тој

ќе се најде неочекувано во низа мачни ситуации. Во последниот бастион на сталинизмот беше јасно дека синот на некогаш пребеганиот емигрант ќе се соочи со многубројни опасности. Во врска со *Времето на козите* јас пишував за кафкијанската сатира на оваа книга. Меѓутоа овде владее подмолната атмосфера на еден безимен процес. Се влегува таму, речиси скршен, поради државниот постулат, потоа извишен до светата вистина на една догма: атеизмот поради истата логика станува, карикатурално, религија.

Авторот не можеше, се разбира, да ги замисли, макар што беше подготвен за тоа, сите ексцеси на пропагандата. Како толерантен човек, тој мислеше дека е за почит *„тој што верува во Бога“*, како *„и тој што не верува“*. Можеби поради фактот, како што тој пишува во предговорот, што „не бил вкоренет во ниту една религија“ и *„обично беше неодреден агностичар; што можеше да се смета за рамнодушност кон каква било религиозна припадност.“* Владееше рамнодушност кон органската омраза на нарачаните убијци на режимот кон интелектуалците. „Ги читавме вашите книги,“ ќе му рече неочекувано, со сомнителен тон, неговиот водич кој ќе го следи како сенка. Во случајот се работеше за еден есеј за „Космополитските идеи во песните на Гијом Аполинер“ и за докторска дисертација пишувана на француски јазик, под наслов „Делото на француски јазик на полиграфот Фаик Коница и неговите врски со Гијом Аполинер“.

Два наслова кои беа доволни за да ја стават во погон инквизициската машина на предвидениот пат на авторот пред да пристигне: секаква космополит-

ска мисла е сметана за опасна и албанскиот полиграф Фаик Коница, згора на тоа, да ти бил прогласен за „државен непријател број еден“ од сталинистичка Албанија. Може да се замисли во каков змијарник се нашил авторот. Му преостануваше, ако сакаше да се врати жив и здрав во Македонија, да не подлегне на последните стапици кои му беа поставени од неумоливата и подмолна дијалектика на водичите. Не успевајќи да му најдат грев, тие ќе се послужат со подалечен роднина како последен обид да го компромитираат, но залудно. Потресно четиво на границите на кошмар макар што понекогаш завршува ибиескно, како што на пример на една необична индустриска изложба, дамна свенат цвет на покојна тешка индустрија, проследена со една слика на бетонски бункери што не завршува, пред да стигне во крајната точка, фамозниот „Атеистички музеј“, на кој, ако му се верува на водичот, може му да позавиди целиот свет! Таквите гадости ги плодат соништата на лековерноста на народите.

Зрак надеж, наспроти сè, го осветлува целото дело. Без сомнение, таа ќе му помогне на авторот во опасното патување. Секогаш во присет ќе му идат неколкуте збора на мудрост и љубов кои непрекинато ќе го храбрат. Така, авторот ќе се сеќава на одговорот на прашање поставено на неговиот татко:

„Душата, чедо мое, е добро на сите, душата е тоа што ги поврзува луѓето меѓу нив“.

Друг ден ќе се сети на еден одговор на својата мајка:

„Нашиот храм, сине, е нашето срце“.

Тоа е храмот семејство, создаден и зачуван и во најсилните бури на времето, којшто алегориската сага на Луан Старова го пресоздава.

Ерик Фај

ЛУАН СТАРОВА – БАЛКАНСКИ ДОН КИХОТ

Зарем на Балканот не стивнуваат бурите на историјата? Редовно балканските книжевности ни овозможуваат да откриеме вистински бисери. Временски, последниот таков бисер е романот преведен од македонски *Времето на козите* од Луан Старова што го објавува книгоиздателството Фајар. Читателите на Исмаил Кадаре, на Борислав Пекиќ или на Бранимир Шчепановиќ ќе го пронајдат овде истото покривно прозорче отворено кон митовите, истото значење на фабулата што е омилена во балканските литератури.

Што се случува во *Времето на козите*? Во текстот грижливо се избегнува да се спомнуваат дати или места, зашто сè е видено од чудесното забележување на едно дете, со присуството и отсуството на реперите на детството. Овој импресионистички текст чини повторно да оживее еден настан од повоена Македонија, пред заканите на гладот. Новата титоистичка власт сакаше да создаде работничка класа достојна на своето име и ги принудува козарите и нивните семејства да слезат од планините за да се фиксираат во главниот град и од нив да се направи работничка класа. Но што да се прави со

козите? И еве еден ден пристигнуваат козарите: градот бил преплавен од вистинска бела маса. Целиот град меекал. Слегле козарите од планините со нивните стада! Наспроти властите кои биле за нивно елиминирање, козите, со текот на времето, низ приказот на апсурдот и хуморот во книгата, ќе станат доказ дека човекот не се менува со декрети. *„Ние не ќе направиме ниту чекор во социјализмот без нашите кози“*, се заканува големиот козар Чанга. И благодарение на козите, Скопје ќе преживее зашто децата ќе се спасат од гладта пиејќи го спасувачкото козјо млеко кое ќе стане „еликсир на солидарноста“, и ќе ги брише социјалните граници.

И така козите, без да бидат свесни за тоа, нè враќаат во античка Грција и Лациум на Виргилиј, ни ја откриваат борбата помеѓу вечниот човек и авторитарната власт, до фарсата од рангот на Кралот Иби. Козите оттогаш ќе бидат насекаде и ќе го претставуваат исходот на овој отпор. Дури една коза ќе влезе на сцената при изведбата на операта Кармен...

Посебноста и дарбата на Старова е во тоа што тој успева да ја извлече сказната од самата реалност, без да смета на имагинарното во ниту еден момент. Поставувањето на паралела помеѓу законитостите на природата и на човековата историја е едно од правилата на овој спокоен и дискретен автор, амбасадор на Македонија во Париз од 1994 година. Роден во Погрaдец во 1941 година, овој македонски државјанин од албанско потекло, го претставува ликот на таткото, една фина рефлексија за минатото и сегашноста на регионот. *„Тој стравуваше дека противречностите на Отоманската Империја, која ја познаваше и разбираше мошне добро, да не*

продолжат во новите времиња во облици на тоталитаризам. Тој, значи, справуваше во нов облик некој да не го посее јаничарското семе меѓу балканските народи кои толку многу ги сакаше", вели тој за својот татко, кој го доживеал падот на три империи: отоманската, нацистичката и на крајот сталинистичката.

Ерудит, бранител на книгите со кои тој ја пренесувал својата љубов на семејството, овој татко се обидува да го разбере животот минувајќи ги ноќите во својата библиотека. Овој балкански Дон Кихот се справува со ветерниците што сам ги изградил, кога гладот ќе му се заканува на неговото опкружување. Оваа личност ја остварува синтезата помеѓу Ориентот и Оксидентот; тој е губитник, но мудар губитник во основата на една немирна епоха...

Во традицијата на балканските класици Луан Старова успева овде да оствари еден мајсторски потфат а несомнено ни резервира и други бисери од овој жанр: *Времето на козите* е само една книга од една трилогија, која, пак, се вклопува во еден уште пообемен циклус. Оние што сакаат да ја запознаат балканската стварност треба да го читаат овој писател франкофил (преведувач на Сартр, Кено и други) кој владее со повеќе јазици од регионот, ги пишува своите книги најпрвин на македонски а потоа и во албанска верзија. И извонредниот превод на Клеман д'Исартеги, друг полиглот и познавач на Балканот, ни помага без сомнение да ги откриеме клучевите на овој роман.

Figaro, 19.juin 1997

БАЛКАНСКАТА САГА

Често, кога се сака да се открие еден автор, не се знае од која негова книга да се започне. Има дивергентни мислења. За некои автори, јас сметам дека најчесто една книга се наложува. Така е и во случајот на Луан Старова со книгата *Татковите книги* која претставува врата низ која се влегува во неговото книжевно дело. Ќе видиме зошто! Би сакал да истакнам дека за оваа книга тешко би можело да се рече дека е роман. Повеќе би сакал да останам на одредницата – книга.

Татковите книги се појавува во Македонија во времето кога таа станува независна. Друг симболичен момент е тоа што истовремено родната земја на авторот, Албанија, пристапува кон еден демократски режим и опозицијата победува на првите слободни парламентарни избори. Тоа е времето кога се распаѓа Југославија. Во тоа време започнува да изнурнува делото на овој автор. Се разбира, тоа не е негово прво дело. Меѓутоа, почнувајќи од 1992 година, се појавуваат дела со зачудувачка кохерентна романескна структура.

Татковите книги е еден вид пролог или романсиран вовед во еден романескен циклус, кој откако ќе процути во авторот постојано ќе се шири со еден голем тек и на француски јазик. Клучот со кој се служи авторот за да се влезе во материјата на оваа романескна епопеја е библиотеката и личноста која

ги чита книгите, таткото. Но пред појавата на *Татковите книги* на француски јазик беше објавен романот *Времето на козите*. Треба да се истакне дека сите теми кои ќе бидат развиени во десетината и повеќе предвидени романи на балканската сага се наоѓаат во *Татковите книги*, во татковата библиотека. Судбината на семејството е запишана во библиотеката и кога таткото на нараторот се соочува со проблем на семејството, тој се повлекува во библиотеката. Таа ќе биде изворот од кој ќе бликнат романите на Луан Старова. *Времето на козите* е повеќепати најавена во *Татковите книги*. Да цитирам само една речница:

„Долго време јас не успевав да разберам зошто тој собираше книги за кози!“

Таткото, ќе видиме подоцна, во текот на времето, како трага по разни полица на големата библиотека од која зрачи Балканот, зрачи неговата судбина.

Би можело да се рече дека таткото и синот инкарнираат историја од еден век на Балканот. Таткото е амблемска личност на сите видови немири кои ќе доведат до распарчување на Југославија, до еден нов демократски поредок на Балканот. Таткото за неговата адвокатска професија бил школуван во Цариград непосредно пред падот на Отоманската Империја, во периодот кога овде владеело исламското право (шарија), за потоа, во времето на револуцијата на Ататурк, во лаицизирана Турција, да го студира новото право по углед на европското. Потоа следува неговото враќање на Балканот, по инвазијата на италијанските фашистички трупи ќе се најде во Албанија, каде што ќе работи како судија и адво-

кат. И на крајот, во Македонија, по Втората светска војна каде што ја продолжува кариерата. Нараторот го нарекува гсоцијалистички судија“, кога тој одново се конфронтира со нов правен систем, различен од тој што го студирал. Тоа е еден од највознемирувачките аспекти на неговата егзистенцијална и професионална еволуција, но згора на тоа, во животот беше означен и од повеќе азбуки: арапската османица, латиницата, кирилицата...

Во 1994 година авторот ги објавува новите книги на својата „балканска сага“ – *Балкански клуч* и *Пресадена земја*, кои заедно се објавени на француски под наслов *Брегот на егзилот* (*Le rivage de l'exil)*. Да го спомнеме и романот *Патот на јагулите* кој ќе се појави подоцна и на француски јазик и ќе се надоврзе на темата на егзилот и границите, кои се во срцето на семејството на авторот, поделено со еден дел во Албанија, а со друг во Македонија.

Конфронтирањето со проколнатите граници не престанува и во наредниот роман на романескната сага *Атеистички музеј* којшто битно е насочен кон патувањето на писателот во Албанија во 1979 година, посебно во северниот дел. Патувањето симболично се случува во времето кога во земјата се прославуваше 100-годишнината од раѓањето на Сталин. Авторот со соочува со изгубените илузии во родната земја, која неговиот татко нема никогаш повеќе да ја види.

Тоа е албанскиот дел во неговото дело, на кој повторно ќе наврати во *Патот на јагулите*, кој посебно ме импресионира зашто оваа книга нај-

добро го инкарнира начинот на кој пишува авторот, поставувајќи ја секогаш во паралела историјата на луѓето со митовите. Така тој ја става во паралела судбината на јагулите, кои не можат поради изградените брани на реките, изградени од луѓето во сталинистичката епоха, да го продолжат патот и да ја завршат нивната судбина во срцето на Атланскиот Океан, на дното на Саргаското Море, метафора за балканската немоќ да се минат некои граници поради идеолошки причини во одредени периоди...

Да запреме на една програмирана книга која своето исходиште го има во „не-романот“ *Татковиште книги*: *Времето на јаничариште*. Темата на јаничарството е постојано присутна во балканската сага на авторот. Темата на јаничарството е еден вид клето наследство од Отоманската Империја, кое во изменет облик ќе трае на Балканот и по завршувањето на Империјата и ќе ја одржува својата сенка врз светот на балканските народи. Се очекува балканското, но и пошироко јаничарството авторот во иднина да го третира во овој посебно замислен роман.

Еден од идните романи во балканската сага на авторот кој ќе биде од посебен интерес ќе биде романот *Балканвавилон*, во кој според идејата на авторот, народите, наводно, за да се ослободат од една поранешна доминација, се обидуваат да го остварат менталното чистење на нивната историја. Според книгата *Балканвавилон* двете личности, присутни во *Татковиште книги*, таткото и извесниот К.К., налик на главните истоимени ликови од романот на Густав Флобер, *Бувар и Пекуше*, ќе се решат нивните мајчини јазици (албанскиот и македонски-

от) да ги исчистат од „погубните“, „опасни“ отомански зборови за другите балкански народи. Авторот низ хумор и гротески, ќе настојува да ги дедраматизира балканските мрачни ситуации и митови на етничките и другите чистења во критичните години на братоубиствените војни на просторите од поранешна Југославија. Всушност *Тајковите книги* претставува рефлексија за Отоманската Империја и за сенката што таа ја има кон крајот на XX век, осумдесет години по нејзиниот крај на целиот полуостров.

(Реч на промоцијата на балканската сага во Галеријата „Лис“ во Париз на 27 ноември 1998 г.)

Ерик Фај

БРЕГОТ НА ЕГЗИЛОТ

Охридското Езеро, извишено на седумстотини метри надморска височина, во подножјето на планината Галичица, се шири во едно од најидиличните опкружувања на Балканскиот Полуостров. Езерото е еден од најстарите резервоари на светот со слатка вода, покрај Бајкалското Езеро и езерото Титикака, тоа е меморија на планетата, за него денес може да се зборува како за „музеј на живи фосили“: не помалку од двесте ендемични фосили живеат во него, меѓу кои и пастрмките *летница* и *белвица*, еден вид уникатен полжав, се верува дека е стар триесет милиони години, но исто така и сунѓери што не се среќаваат на друго место во светот. Уште

повисоко според надморската височина, е едно друго езеро, Преспанското Езеро, што го снабдува Охридското Езеро со половина од својата вода која се инфилтрира низ варовникот на планината и се појавува повторно, во изворите на Свети Наум или во дното на големото езеро, долго триесетина километри. Езерото во 1979 беше вброено во светското наследство од страна на УНЕСКО. Импозантно и величествено, тоа се оцртува како сино око во кое се гледа одразот на преселните птици. Тоа е езеро со најголема длабочина регистрирана на Балканот: со максимум од 288 метри. Таквото езеро го привлекуваше човечкото око низ историјата: на Римјаните кои овде го изградија патот Виа Егнатиа и го основаа градот Лихнидос, на Византијците, на православните, кои направија од Охрид доминантно место во својата сфера на влијание. Тито, долго време потоа, овде изгради резиденција за да медитира пред водите. Во Струга, на северниот брег, водата истекува формирајќи го Црн Дрим кој се влева во Јадранското Море.

Старото име на Струга е Енхалон и значи јагула. Од 1961 година, кон крајот на август, во овој мал град се одржуваат Струшките вечери на поезијата: на мост на истекот од езерото, каде што се формира Црн Дрим, се читаат песни од поети од светот, таму каде што јагулите-женки го почнуваат своето патување кон Средоземното Море потоа кон Саргаското Море, кога се ближи времето на затворање на животниот циклус.

Сè би се одвивало добро во овие идилични рамки ако езерото, откако поминало толку милениуми без пречки, не се најдеше изложено на бурите

на историјата на XX век. Ликот на таткото, околу кого се артикулира *Патот на јагулите*, е од номадска природа. По студиите по правни науки во Цариград, тој се враќа во родниот крај, во Пограделц, на албанскиот брег на Охридското Езеро. Таму основал семејство и таму во 1941 година, се раѓа Луан Старова. Фашизмот пристигнат од Италија, станува заканувачки, семејството бега од Пограделц по наговор на таткото: една ноќ, со чун, преку езерото. Првата етапа на егзилот беше Струга од каде што таткото сакаше своите да ги одведе во Америка. Оттогаш ја добива целосно својата смисла симболиката на водата, со едно езеро синоним на чистотата, појавено многу време пред човекот, со својата разбранувана вода која, откако ќе го напушти својот вечен резервоар, не знае граници. Амбар на животот, Охридското Езеро како база за заминување на јагулите во исто време нивна цел, врз основа на вечното *враќање*; езерото учествува во циклусот на генерациите и неговите струи го вртат тркалото на времето. Во екот на војната, таткото во проучувањето на јагулите во Струга го наоѓа оправдувањето на своите мечти за емиграција, но од Балканот на XX век, трансформиран во лавиринт од конфликтите и појавата на непреминливи граници, веќе не се емигрира, човек се врти во круг, се загубува, и семејството ветено за Америка, запира во Скопје, главен град на Македонија, на брегот на една река, Вардар.

Кога еден писател ќе почне да зборува толку многу за животните, тоа е затоа што, нијансата на секој посебен збор нешто крие. Писателот сака да ни зборува за друга работа, како Орвел со својата фамозна фарма, како Лафонтен во своите басни.

Метафизичка метафора, политичка метафора, *Патот на јагулите* престанува да биде итинерер на индивидуи за да стане итинерер на човештвото, со свои избори, свои колебања, со свои грешки. Новиот човек, сталинист, појавен во регионот на крајот на Втората светска војна, се чувствува посилен од природата. Бидејќи тој човек го претпочита идеалниот живот, тоа се „Советите плус електрицитетот“ и тој човек посакува да стави брана на текот на Дрим со хидраулични централи. Додека идеологиите им го прекинуваат патот на луѓето, браните се закануваат на патот на јагулите, а според тоа и на циклусот на животот. Ако прагматичната природа знаела секогаш да си отвори пат, догматичниот човек, пак, сака да си ги испланира грешките што очекува да ги направи. За среќа, на страниците на Луан Старова, не е изгубена сета надеж, и животинската раса е овде, како што тоа беше случај во *Времето на козите*, за да го врати залутаниот човек на вистинскиот пат.

Случајност или духовно среќавање? Албанскиот брег на Охридското Езеро ја инспирира повеста на слободата на еден друг балкански писател, Исмаил Кадаре, со наслов на книга сам по себе субверзивен*: Летот на последниот преселник.* Сместен во Поградец, град во кој диктаторот сакаше да престојува секое лето, новелата на Кадаре прикажува еден голем албански поет јадосан од режимот, чија последна слобода, поради немање можност да одлета или да отплови, поради неможноста да ги види своите дела широко распространети, се состои во неговото вљубување за последен пат и покрај одми-

натите години. Без сомневање, тој стар поет, Лазгуш Порадеци, би му се радувал на тонот на *Патот на јагулиште*, ода на слободата испеана близу една најсурова граница на студената војна. А со оглед на тоа дека во овој роман станува збор за едно езеро и за браните што го загрозуваат животот, може да се помисли на една друга книга, *Збогум на Матиора*, од Сибирецот Валентин Распутин во кој една руска селска заедница, во советската епоха, мора да го напушти своето родно огниште, зашто во името на индустријализацијата и на одлуката донесена многу далеку одовде, нивниот крај ќе биде потопен. Кај Старова, јагулите доведени во опасност имаат заеднички белег со селаните кај Распутин, прогонети од своето огниште: стравувањето да се видат во олтарот на прогресот, жртвувани се душата и вредностите на едно место во кое се живеело. Во овој почеток на XXI век, Луан Старова кој, евоцирајќи ги опасностите пројавени во 1940 или во 1950 година, праќа еден уште поалармантен апел, укажувајќи ни на актуелните еколошки штети. Охридското Езеро е како око, кое од гробот го гледа криминалецот Каин. Внимание, им велат јагулите на луѓето, сталинизмот и неговото слепило залудно се повлекоа, вие продолжувате да правите грешки, вашите активности му се закануваат на целото езеро ако набргу не се измените.

Таа борба за почитување на животот таткото ја води сам, а потоа и со други личности: еден руски прогоненик, Игор Лозински, и неговиот соработник Цветан Горски. Од тој момент, романот на Луан

Старова станува повест на пријателството кое во време на војна, потоа на диктатура, зближува тројца „балкански Донкихотовци“ кои заеднички се пасионираат за судбината на охридските јагули. Ваквиот тип на визионери кои ги антиципираат грешките на човекот, им се противставуваат и се стремат да ги коригираат, останuваат, да позајмиме еден наслов од Лермонтов, „Херои на нашето време“. Меѓутоа, и денес може да се види во Струга музејот што го оформи трпеливо Игор Лозински – личност што постоеше вистински под името Николај Незлобински.

Со оглед на тоа што прави мостови кон другите книги на Луан Старова, *Патот на јагулите* може исто така да се смета за еден вид музеј. Во книгата се задржани извесни одгласи, или повторни теми, понекогаш проширени, во остатокот на оваа сага на балканскиот XX век што го конституира делото на овој исклучителен автор. Впрочем, читајќи ги страниците на овој роман, одвреме-навреме ќе се запрашаме дали не сме нашле меѓу страниците на некој друг „старовски“ роман како *Атеистички музеј, Татковите книги, Времето на козите* или *Брегот на егзилот* што прави од *Патот на јагулите* зачудувачка притока од реминисценции.

(Ерик Фај, поговор кон романот *Патот на јагулите* / Eric Faye, *Postface du Chemin des anguilles*, Editions des Syrtes, Paris, 2009, pp. 279–283.)

Лоран Ковач

Колку е возбудливо да се влезе во интимноста која Луан Старова моќно ја одржува со самиот себе, прикован во минатото со тие што го опкружувале и постојано се присутни како постојано доаѓање во светот. Книга блага, книга на солзи радосници, книга медитација која го става авторот во средиштето на настаните.

Книгата мудро продира во сè и ги оживува како демијург елементите на универзумот, ги доближува најблиските со најдалечните; книгата е неопходен принцип на манифестацијата на сè што живее, на сè што почива во неподвижноста. Како што човековото суштество е во исто време мисла и анималност – и целосно може да живее само така – така и книгата ги обединува материјата и идејата.

Во ова речиси онирично евоцирање на татковата библиотека ќе се роди сликата за таткото, самиот татко, за мајката, нивното сопружништво, суштество двојно инкарнирано во едно единство, на семејството со сите патувања низ векот, од ова тело болно пресечено во кабинетите на власта со бездушни граници.

Враќајќи се кон центарот, кон Скопје, ние ќе се најдеме пред пејзажот на денешна Македонија со култура, со култури произлезени од слоевите на историјата која се навестувала со борби, но и со трудот на народите, на граѓаните, врз нив самите,

целосно еволуирајќи кон ново битие чија суштина со секој ден нема да се знае каква ќе биде утре.

(Laurand Kovacs, Le Livre de mémoire de Luan Starova, La Croix, 9 janvier 1999.)

Лоран Ковач

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ

Живеејќи отсекогаш во тесна блискост со големите француски писатели чии дела ќе им ги открива на своите студенти во Скопје, пред да стане амбасадор на својата земја во Париз, Луан Старова ќе ја наследи и традицијата на убавото пишување: настојчивост и строгост во функција на смислата од каде што ќе се роди, како искра меѓу два силекса светлината. Оваа традиција е сепак млада, со оглед на изминатата историја на Македонија и нејзиниот изблик е од понов датум. Тоа нема да биде пречка македонската литература да придонесе, со еден голем број поетски и прозни дела, често обете во исто време, да се збогати светското наследство; пеејќи за чудесата на обичните денови, за страдањата од војните – да се сетиме на *Црвениот коњ* на Ташко Георгиевски – кој се справува со диктатурата од првите денови на комунизмот, може повторно да се чита храбриот Живко Чинго чиј роман *Големата вода* останува незаборавен по острата критика.

Но не помалу жестоко, но сепак нежно и со доза на хумор, *Времето на козите* ги разоткрива

идеолошките одлуки против природата, во еден вид пасторала во срцето на градот. *Времето на козите* како едноставна модерна сказна каде што ступидната бирократија е најпосле поразена од навалата на белите кози кои ќе го преплават Скопје. На заканите и принудата ќе одговори тивката решеност на оние кои со векови ги хранеле предците на оние кои сакаат да ги уништат. Алегоријата е везена со мајсторство, колку со вибрантниот и воздржан стил толку и со умешноста на митот на отпорот против криминалниот диктат.

(Laurand Kovacs, Le temps des chèvres, La Croix, 11 janvier, 1998.)

Лоран Ковач

ИЗГУБЕНИ ИЛУЗИИ

„Гробот на мојот татко ми се појави како широко отворена книга, прелистувана од рацете на времето.“

Луан Старова се враќа од едно долго и мачно патување од родната земја Албанија. Всушност, со еден вид политички „прекршок“, тој се враќа од егзил. Тој што толку многу се надеваше дека со ова патување ќе ги запознае луѓето од својата земја и во еден дел своите блиски современици, ќе заврши преполн со горчина да моли и премолува пред татковиот гроб.

Времињата се промениле. Албанија на Енвер Хоџа повеќе не е Албанија: маскарадата, измамата,

тиранијата, теророт, насилството вршено врз половината на населението од страна на другата, заканата и општата несигурност ги замениле семејните доблести; 700 000 бункери на 3 милиони жители и на 29 000 квадратни километри ги уништија пејзажите на земјата.

Враќањето од морничавото патување постепено ги ослободува од авторот мачните спомени. Тој постепено разбира дека неговиот живот ќе заврши во оваа југословенска Македонија која ја гледал од другиот брег на езерото. Овој друг „брег на езерото“, ќе се најде на спротивниот правец и кога ќе се најде меѓу своите во македонската земја, двата брега ќе се мешаат, создавајќи само еден кој го брише лавиринтот во кој му се чинело дека талкал во потрага по својата судбина.

Дали беше свесен за опасноста на која се препушташе, на смртната закана што ја насетуваше во оваа потрага преполна со стапици и горчливи разочарувања, за на крајот да се ослободи од сомневањето кое го парализираше, од сепак одржуваната надеж во себе која го копкаше еден ден да го открие местото каде што бие срцето на неговите.

Оваа работа врз самиот себе, оваа реидентификација ќе се одвива бавно, но среќно; таа ќе биде речиси завршена со самото нејзино почнување. Срцето на семејството, неговото срце бие таму каде што дишел неговиот татко, таму каде што воздивнувала неговата мајка. Идеалната куќа била градена книга над книга, збор по збор, поглед по поглед на неговиот татко. Луан Старова за тоа зборува со среќата на една едноставна и убедлива експресивност,

со дискретна емоција, со благо течење, далеку од каква било патетика. Исто така, култот кој го негува кон својата мајка се раѓа од оваа добрина, од оваа нежност, од ова ослободување на авторитетот кој таа тивко го наложуваше и покрај големите страдања што ги имала во целиот тек на својот живот, од воздишките преку кои го одржуваше запален огнот на својот дом. Битието на таткото се прелева во битието на мајката за да се изгради најпосле домот на Луан Старова.

(La Croix, 21 octobre 1999, p. 20.)

Патрик Крисман

БАЛКАНСКАТА САГА НА ЛУАН СТАРОВА

Овој автор и пријател на кого му се восхитувам, веројатно не ја познава доволно јапонската литература, а ми се чини дека уште помалку ја проучувал Империјата на Залезот на Сонцето. Според моето уверување, Луан Старова, земено генерално, но и со нему својствениот начин на кој ни ја пресоздава атмосферата и ги предава настаните на минатото кои му припаѓале нему и на неговото семејство, со овие обележја се доближува до искуството од јапонската литература.

Првото карактеристично обележје – оригиналноста на неговата инспирација – би сакал да го илустрирам со два примера, кои ми се чинат поевокативни отколку долгите коментари кои ги црпев од неговиот роман *Времето на козите*.

Како што веројатно ви е познато, авторот во оваа книга ги раскажува почетоците и крајот на еден настан од посебно значење, бруталната промена на еден режим, на една држава од која подоцна ќе биде создадена сегашната Република Македонија. Што чини Луан Старова за да го постави читателот во овој контекст? Тој не се потпира врз сувопарното и хронолошко претставување на историјата и, уште помалку, на некаков драматичен и таговен патос. Не, тој го имал генијот, да го избере детското око и под прекривката на наивноста, кревкоста, кои не спречуваат, но кои дури и наложуваат, работите да се толкуваат на сосем друго ниво од тоа што првично сме го претпоставувале. Тој нè соочува со мрачната слика на епохата во која живее, успевајќи да избегне два, би рекле, подводни гребена: да се живее прелистувајќи ги неговите страници во еден систематски критичен и горчлив дух, од една страна, да се западне во стапицата на една научно-политичка реконституција која само би го заморила читателот, од друга страна.

Јас ќе го извлечам другиот пример од инспирацијата на авторот од неговата книга поврзани новели *Балкански клуч* (односно *Брегот на егзилот* во француското издание). Определувајќи се првата новела да ја посвети на една проста врска со клучеви, вардена постојано и дополнувана од мајката по сите напуштани куќи на семејството, исчезнати во брановите на историјата и обновата на генерациите, авторот го поставува читателот во посебна положба да разбере дека овој најупотребуван предмет ќе биде инструмент со чие посредство, дел по

дел, ќе се отвора хаотичната сага на неговото семејство. Да, еден клуч, и ништо повеќе, ќе биде доволен за да биде пренесен читателот од една во друга земја, од една куќа во друга, од една цивилизација во друга, од една концепција на животот во друга. Би можело да се наведат и многу други примери за тоа во што се состои оригиналноста на инспирацијата на Луан Старова.

Да минеме сега на втората карактеристика својствена за ова дело на авторот: воздржаноста од која не се ослободува во ниту еден момент. Да започнеме повторно со романот *Времето на козите*. Како што истакнав претходно, во алегоријата се изнесуваат, од аголот на детскиот поглед, политичките, економските и социјалните немири кои биле наложени одгоре и однадвор. Далеку од тоа, да се впушти, овде најмалку во историски конјунктурен опис, Луан Старова одлучува својата фреска да ја создава околу еден настан, кој е мошне оригинален по себе, но и најподатлив за да се насликаат догматизмот и човечката глупост преку масакрот организиран врз едно козјо стадо. Доволно е само да се сетиме дека авторот ги пишувал овие редови во моментот кога новонастаната политичка реалност во Република Македонија, одново вознемирена во периодот на транзицијата, беше тотално поволна да му го отвори полето за една апсолутна критика, да го наведе да се ангажира во една поостварлива полемика зашто еден од главните виновници за несреќата со козите беше жив, со други зборови, да предизвика пресметки со виновниците и напади ad hominem, дотолку повеќе што со тоа би предиз-

викал поширок прием на своето дело. Но ништо од тоа! Со самовладеење достојно за восхит се затвора уште еднаш во свежата и наивна рамка на детската визија, односно во еден пристап во кој полемиката толку блиска на возрасните е невозможна. Кажувајќи го тоа што имал да го каже, авторот се задоволува да им остави на читателите тотално голем простор за да ја декриптираат алегоријата, за да проникнат на различни степени во неа и за, на крајот на краиштата, да го разбере тоа во што читателот може да проникне.

Второто обележје на извонредната воздржаност на авторот е јасноста со која тој се противставува на неправдата. Зарем може да има подобар пример во односот кој го има кон својот сопствен татко? Овој голем ерудит, кој ги открил битните документи за осветлување на отоманскиот период на земјата ќе биде во еден период политички, професионално и социјално маргинализиран. Тој нема да го добие заслуженото според извршените работи. Што ќе биде кога најпосле ќе добие орден на трудот од последен ред! Но зар е важен редот, пишува авторот, кога најважното е во фактот што најпосле неговиот труд ќе биде вреднуван макар и на најнеблагодарниот начин и таткото ќе може, ставајќи го медалот на градите да мине низ централниот плоштад во Скопје, да доживее пријатни импресии бидејќи со овој гест во негов прилог најпосле ќе доживее да биде дел од заедницата на оваа земја, во која пред децении го донесоа брановите на историјата. Било легитимно авторот да го користи случајот за да ја изрази својата горчина. Но тоа нема да биде крајното што ќе се случи...

Би се задржал на третото обележје на книжевната постапка на Луан Старова. Би сакал да зборувам за неговата импресионистичка техника која јас ја именувам „јапонизам“. Бев навистина мошне фрапиран, уште од првиот прочит на делото на Луан Старова, од сличноста што би можела да се насети помеѓу неговиот пристап на реалноста и начинот на кој постапуваат јапонските писатели: во сукцесијата на малите допири како врз клавијатурата на пијано, со неколку збора да создаде атмосфера, да фиксира животен кадар, да ги претстави главните црти на еден карактер итн.

Рамка на животот, ех, си велам јас! Пренесете се на употребените зборови-клучеви за да ја опише посебната грижа на својата мајка во одгледувањето на цвеќињата и зеленчукот во нејзината градина и вие ќе забележите како тој восхитувачки го утврдува светот кој ќе ве пречека, но притоа сепак се ограничува на еден моќен опис во кој се фокусираат сите настојби и пориви на семејниот универзум.

Во прозата на Луан Старова би можела да се открие истата техника на уметноста на пејзажот: со палета на единствена доминантна боја – „синевината“ или модрината, потоа аудитивната сензација (гласот на ветрот) и една мошне сподвижна компонента мошне типична (нафрлањето на брановите, кои во охридскиот крај го имаат типичното име „далга“) ве пренесува во еден од чудесните и најубави распореди на води во светот положени како во една кутија на драгоцености опкружена од прекрасните планини.

Истото може да се рече и за ликовите. Замислете необична слика: на вилицата од черепот на еден

римски војник пломбиран заб од денешен стамотолог што ќе му овозможи на читателот да го разбере фантастичниот карактер на историчарот или на минијатурното ремек-дело на такт и на психолошка анализа, со неколку линии посветени на пирамидата од книги грижливо наредени една врз друга, завршувајќи со најмалата, еден речник со којшто Луан Старова ја споделува целата визија на светот на една интелектуалка пред насетената смрт и која сака за последен пат, постхумно, да ја продолжи лекцијата на своите студенти и со литературата да им го отвори патот отаде овој свет.

Во вториот дел на моето искажување би се задржал на есенцијалните теми на делото на Луан Старова кое, според мое мислење, би можело да се резимира во четири фундаментално различни неделиво проникнати обележја:

1. Балканската стапица, плод на постојано заканувачки времиња и нерешливото прашање на границите во регионот. 2. Потрагата по идентитетот во сите негови облици: етнички, интелектуални, социјални, идеолошки или религиозни. 3. Силното чувство за непостојаноста на појавите, на сите составки на светот во Балканот. 4. Супериорната вредност на практичниот ум, кој успева не само да се избегнат катастрофите, да се совладуваат, во еден брутален свет, често циничен и бездруго обесхрабрувачки, за да се најде малиот излез за надежта и подобрата иднина.

Како што веќе навестив, темата на балканската стапица е, несомнено, првата од не помалку морничавите појави врз кои авторот не престанува

да медитира. По зрела рефлексија, се чини веродостојно да се потврди дека две главни составки придонесуваат да се реализира стапицата: темпоралната компонента, односно самото време, и просторната составка, односно проблематиката на границите во овој немирен дел на светот.

Зошто времето придонесува, првин, балканскиот човек да запаѓа во стапица? Според разумот во Балканот времето не тече како другаде за луѓето. Овде времето постојано се заканува, времето е немилосрдно, времето ги нагризува луѓето, времето ја смалува нивната волја и ги ништи нивните напори. Накусо, се работи за противничко време на човекот, време непријател на човекот, време богато со пресврти и драми од кое човекот страда. Да се потсетиме на зборовите на големиот Черчил дека на Балканот луѓето создавале повеќе историја отколку што можеле да ја асимилираат...

Меѓутоа непријателството на времето не е единствениот конститутивен елемент на стапицата: homo balcanikus паѓа во стапица исто така и поради постоењето на затворените граници. Се создава вистински балкански sид, застрашувачки да се гледа, а незамисливо да се мине. Делото обилува со примери кои ја илустрираат оваа идеја. Ќе се задржам на најтипичниот според моето мислење. Меѓу најубавите страници посветени на темата на границите на Луан Старова е неговото раскажување за потресното патување на неговата мајка во Албанија. Престара за да се смета за опасна за режимот, дамата добива дозвола да стапне во родната земја по повеќе од четврт век. Но тоа што ќе го открие во Албанија

на диктаторот Енвер Хоџа во 70-тите години е толку страшно и неочекувано што таа се одлучува да се врати пред истекот на визата. И на враќање таа станува свесна за вистинските стравични димензии на ѕидот кој ја разделува од делот на нејзиното семејство кога ќе се најде зад затворената врата на граничната караула. Авторот оваа караула со стравичниот ѕид ја опишува со вообичаените мали допири врз клавијатурата. Тоа е мамутска порта со безброј брави, сета површина е со заковани шајки. Како и секогаш, авторот оваа драматична глетка ја предава со неговата вообичаена воздржаност, ги навестува психолошките последици, ги остава врз луѓето од едната и другата страна на бариерата.

„Но, овде сѐ изгледаше дека е дефинитивно. Овие клети балкански линии на делба, против кои никој не може ништо, а колку тоа се чинеше просто и нормално. Би можело да се рече дека насекаде имаше граници, кои и овде го јадеа времето на луѓето.“

Еве една од клучните идеи на авторот. Но би требало да се истакне дека секако е во право. Тоа впрочем и јас како туѓинец сум го чувствувал при моите престои во маѓепсаниот Балкан.

Но, сега, да запреме на втората тема на нашиот автор – потрагата по идентитетот. Но, веднаш да нагласам дека овде, всушност, не се работи само за етнички или национален идентитет. Не, оваа потрага е бескрајно покомплексна, поглобална. Овој идентитет исто така ги опфаќа и интелектуалната, социјалната, религиската, идеолшката компонента и се комбинира со другите за да ја оформи личноста на

една индивидуа или група од индивидуи. Во серија примери, ќе се обидам, да покажам до кој степен е комплициран демаршот во потрагата по вистинскиот идентитет кога е тој балкански.

За да се појде во потрага по својот идентитет, тоа подразбира да се биде начисто со својот национален идентитет. Ако вообичаено оваа постапка е нормално изводлива, истото не би можело да се рече за Балканот поради постојаноста на феноменот на јаничарството, кој постои колку во менталитетот на луѓето толку и во политичкиот живот и тоа низ сите периоди на различните доминации, почнувајќи од древните периоди и меѓу сите народи кои живееле на Полуостровот. А сега, еден цитат за да се илустрира ова кажување:

„Тој го гледаше својот народ жртвуван во македонската фаланга, во римската преторијанска гарда, во јаничарите на Отоманската Империја. Тој веруваше дека секој народ на Балканот е означен од јаничарскиот феномен. Затоа, би било илузорно да се смета дека кој било балкански идентитет е апсолутно едноделен.“

И како што нагласив, постои еден период откога јаничарството ќе истрајува не само во својата плуриетничка форма туку и во својот политички аспект, како што тоа впрочем се гледа од следниов цитат:

„Тој совршено ја насетуваше јаничарската душа на Сталин и цената на верноста која можеа да му ја платат наивните на Балканот. За него, Сталин остана најголемиот јаничар во светот.“

Размислувајќи за изнесеното, би можело да се замисли, колку е тешко, но и деликатно, дури и опасно да се појде во потрага по својата вистинска татковина. Затоа не треба да не чуди што авторот настојува да ја најде својата татковина и другаде, освен во својата земја: поради миграциите и преселбите предизвикани од натрапничката историја, татковината ќе постои, за семејството на авторот, во светот на природата, генерално, и во неспоредливата убавина на Охридското Езеро, посебно.

И со посредство на восхитувачкото Езеро со кое авторот се чувствува толку приврзан кон луѓето кои ги населуваат неговите брегови, потоа на околните предели кои го опкружуваат овој чудесен воден свет од води со маќепсна убавина, чекори сè поблиску и поблиску до Република Македонија чиј суверенитет се шири на поголемиот дел од водите. Но, во суштина, нели е тоа сопственото чекорење на многумина од нас? Лично ми се чини дека толку трепетната врска која ме поврзува со мојата татковина Франција, се состои во голема мера во мојата приврзаност кон планинскиот венец на Пиринеите, чиј меланхоличен спомен ме следи во миговите на интензивната среќа што ја чувствувам далеку од нив, потоа фасцинацијата што ја врши врз мене Гарона, која, од централните Пиринеи до Атланскиот Океан, открива цела низа пејзажи од култури, архитектури, обичаи, модели на мисла кои се разликуваат и овозможуваат, ширејќи го постојано интелектуалниот хоризонт, да пружаат задоволство и да се почувствува огромната љубов за најголемиот ентитет кој ја опфаќа малата иницијална татковина во која сме родени или што сме ја избрале за наша.

Како и да се земе, овој прв стадиум на потрагата, се покажува во својата тешкотија, поедноставен отколку потрагата по интелектуалниот идентитет. Зошто? Затоа што Балканот, уште во древните времиња, бил крстопат помеѓу Истокот и Западот. Ова се покажува на магистрален начин во начинот на кој авторот Старова води сметка за вечното двоумење и што претставува едно од фундаменталните обележја на личноста на својот татко, главна фигура на балканската сага.

Овој ерудит, факултетски образован во Цариград и добар познавач на Египет, на крајот ќе остане на Балканот, гравитационен центар на различни цивилизации, понекогаш противставени, ќе се зближи со К.К. и ќе стане неговиот најдобар пријател, кој се формирал врз фонд на тотално различни идеи, зашто бил формиран на Запад генерално, а на Сорбона, посебно. Во еден цитат подобро ќе согледаме отколку во долги коментари, ќе разбереме колку големи биле распнувањата на овие два антагонистички поставени света и што ќе придонесе таткото на нараторот конечно да си остане во своето место на Балканот:

„Татко, уште во својата младост, ќе се најде реално во два наврата, противставен на крстопатот на балканскиот лавиринт: еднаш на источниот, другпат пред западниот. Двоумејќи се да го направи конечниот чекор, тој конечно ќе остане таму каштто бил, на Балканот...“

И потрагата по социјалниот идентитет не е лесна. Да се задржиме на уште еден доказен пример, кога таткото на авторот решава, по завршува-

њето на своите студии по отоманско право, да се врати во својот роден град Поградец. Што ќе покаже пред насобраните граѓани? Толпата насобрана на вообичаено место на брегот на Охридското Езеро ќе очекува да види вратен патник со злато облечен и со надворешни симболи на својата муслиманска вера. Но што ќе можат да видат? Куфери преполни со книги пред пукнување во вистинската смисла на зборот, книги од секаков вид. Но разочарувањето мигум го заменува радоста на повторното видување, оти секој ќе разбере дека овој патник не бил како што го замислуваа, дури беше станал туѓ за луѓето од родното место.

Меѓутоа полошо ќе биде кога ќе запреме на потрагата по религиските и идеолошкиот идентитет, зашто обата во најголемиот дел ќе бидат мошне присутни на Балканот. Играта на конверзиите и на повикувањето на политичка или доктринална верност ќе придонесе homo balkanikus да се соочи со низа тешкотии при откривањето кој е вистински тој и што ќе се случи тогаш? Авторовиот татко, секогаш во сомнение, не може да се одлучи да избере и не сака, можеби, да избира. Затоа, тој амалгамизира, не само колекционирајќи ги Светите Книги на различните религии, но згора на тоа редејќи среде овие сакрални книга, цела литература произлезена од тогашната комунистичка партија (извештаи од конгреси, пропагандни брошури, наредби итн...), сето тоа во очигледен напор да ја трансцендира реалноста за да стигне до вишите сфери на универзалната мудрост.

Самиот автор пишува за ова искуство. Но во оваа пригода, би се ограничил на еден од највозбуд-

ливите пасажи во неговото дело, а тоа е поглавјето кога опшува како, испратен во манастирот Свети Наум на Охридското Езеро на еден семинар на „надежните кадри“ за атеистичката марксистичка пропаганда, скришум медитирал, макар од муслиманска традиција, пред фреските и иконите на светците и ќе се најде целосно конфронтиран со плуралноста на изворите од кои црпи балканската душа. И што произлегува од тоа? Ех! Макар што не би можел да разбере кога од него толку многу се бара, тоа да го сторат „новите апостоли“ со кои веќе титоизмот настојуваше да биде на дистанца. Но тој тогаш уште не ја чувствува посебната тежина на својата откорнатичка судбина, друг клучен збор за декриптирање во душевните состојби на семејниот круг. Но подобро да го наведеме цитатот:

„Во просторствата на хармонија и чудесија, таму каде што Езерото го допира небото од каде што се раѓа вечната синевина, лесно е да се допре животот со смртта.

Јас овде го наслушувам внимателно гласот на судбината.“

Да запреме на третата битна тема во делото на Старова, по сознанието за балканската стапица и мачната потрага по идентитетот, на исто така силното чувство за непостојаноста на феномените на Балканот.

Што значи првата синтагма – непостојаноста на феномените на Балканот, директно поврзана со техниката на јапонизмот на авторот? И јас при преведувањето за јапонскиот еквивалент на француски јазик сфатив дека најточно одговара македонскиот

збор „минливост“? Чувството на непостојаност на феномените произлегува од изострената свест за сè што нè опкружува. Тоа се применува и на материјалниот аспект на објектите и суштествата, на неизвесностите на историјата или уште подобро на трансформациите кои се одразуваат врз суштината на поединци и на групи поединци. Би било подобро да се претстават примери кои ја илустрираат секоја од овие категории за непостојаноста.

Што се однесува првин до материјалната непостојаност, квинтесенцијата на феноменот е претставена со водите на Вардар, кои заземаат едно од најзначајните места во оваа балканска сага. Водите на реката течат без престан; тие течат постојано кон блиското Егејското Море и капат во душата на таткото на нараторот, со силната желба да оди уште подалеку, но тоа не им пречи, на прозорците од семејната куќа, да го замислуваат патувањето по водите кои течат, при што таткото чувствува дека се стишува волјата да се појде, за на крајот да се засидри таму каде што замислуваше да биде само една етапа. Авторот пишува:

„Во новата куќа, издигната уште за време на отоманската епоха, со чардак и градина, со ниши и стари греди, со облици на арабески, реката која течеше кон блиското море во нас ја задржуваше надежта за новото поаѓање.“

Историската непостојаност најдобро би можела да се разбере според самата себе со помош на два примера кои следуваат подолу. Првиот пример се однесува на откривањето на битолските кадиски сиџили (од XV до XIX век, б.м.), битни документи

за да се открие отоманската историја во овој невралгичен регион на Европа. Таткото на авторот, кој го открива ова ракописно азно е свесен за неоценливата вредност на својот потфат, но не е помалку убеден дека нема вечно да ја одразува историската реалност па оттаму следните линии:

„Длабоко вникнат во отоманската епоха, од петстотини години, чии тајни ги осозна од старите записи на неколку заборавени текстови пред распадот на Империјата, го откри клучот на заборавените списи кои сведочеа за исчезнатите времиња. Следејќи ја меморијата на балканските народи, тој беше свесен дека во постотоманската епоха на Балканот ќе се случат големи битки во докажувањето на специфичностите на идентитетите.“

Друг пример за непостојаноста на феномените од историски агол се претставени со неизвесностите на борбата помеѓу марксизмот, како нова религија, и другиот феномен, односно сè што му претходело за да ги води душите. Цитатот е долг. Но тој е карактеристичен за „воздржаноста“ од која авторот не се оттргнува и која ќе го следи текот на настаните, избрани да нè водат да размислуваме. Следува опис на радикалната промена, наложена одгоре кон надвор, на сите вредности на едно општество во сите светлини, истовремено изострено и наивно во однос на перцепцијата на млад човек:

„Се плашеше еден ден оваа игра на верскиот сон на Балканот да не стане единственото прибежиште на луѓето, причина за стогодишни верски судири. Татко ми беше длабоко, длабоко загрижен

за судбината на Балканот. Тој го немаше Дамокловото перо на вистината, како што Ататурк го имаше Дамокловиот меч на победата...“

Веќе истакнав дека непостојаноста на феномените го опфаќа и третото лице: егзистенцијалната непостојаност. Ова би го илустрирал со уште два примера, едниот ја покажува комедијата што суштеството си ја приредува на самото себе, другиот ја покажува комедијата чии протагонисти се поединецот и поширокаата група (членови на клан или социјална мрежа).

Во новелата „Балкан-Експрес“ ќе го извлечам првиот пример. Приклештен од неисполнетата желба да патува, но прикован во своето место поради политичкиот режим кој максимално ги ограничува патувањата на своите граѓани во странство, таткото ја игра комедијата на заминувањето.

Тој доаѓа на скопската железничка станица, го чека меѓународниот воз, загрижен е за доцнењето на возот, дури ќе влезе низ вратата на еден вагон и ќе излезе незабележано од другата, и упорно ја одржува илузијата на патувањето кога е возот запрен на станицата. Во текот на времето и отворањето на Југославија кон светот, тој продолжува со стариот обичај на божемното патување, макар што тоа е сега непотребно, но се задоволува да го гледа заминувањето на возовите, кога повеќе ништо не го спречува да патува.

„Кога татко не одеше повеќе до железничката станица, до својот Балкан-експрес, за да ги испрати барем своите мисли со него до последната точка на неговиот надеван и незбиднат нов

егзил, знаевме дека го обзема голема тага, која се пренесуваше и на нас, неговите деца.

Разбиравме дека тагата ќе исчезне и ќе се разблажи, само кога татко ќе може да продолжи да патува со Балкан-експресот на неговите мисли, но сега и тие запираа. Поради тоа можеби и бевме најтажното балканско семејство...“

Вториот пример, кој покажува обележја на двосмилени односи, дури маскирани, кои поединецот ги одржува со поширокиот круг на своите, треба да биде позајмен дел од тестаментот (односно „аманетот“) со кој таткото на нараторот ја задолжува мајката да го оствари: гледајќи како кругот на потомците се проширува, тој бара од својата сопруга никогаш да не ја напушта семејната куќа, последната кота на вкоренувањето, но му се чини дека најуспешно се противставува на противставениот предизвик од постојаноста на непостојаноста на феномените, при што најголема и конечна вредност се книгите, кои остануваат битна референца.

„Што му преостануваше на татко ми како последен аманет од Отоманското Царство пред неговото заминување од Цариград? Падот на Отоманското Царство не завршуваше само во Цариград, во времето што се разрешуваше пред неговите очи. Тој беше сигурен дека отоманското време уште долги, долги години ќе остане неразрешено на Балканот...“

Би се согласил со вас дека сето тоа не е радосно што е уште полошо, комбинацијата на сите овие елементи понекогаш прави впечаток дека ликовите се, неизоставно, повикани да се расправаат во

хаос. Треба ли да се заклучи дека делата на Старова се плод на еден, пред сѐ, песимистички дух и на прво место загрижен да сведочи за несреќата што лудоста, гордоста или догматизмот на луѓето, и особено на нивните владетели им ја причинуваат на енормен број лица?

Не! Авторот умее да се здобие со довербата на читателот, упорно стремејќи се кон својата цел која се состои во демаскирање на опачините на духот на извесни луѓе, умее понекогаш и да го насмее, убаво да го насмее; тој знае исто така да го наведе да медитира за смислата на животот задржувајќи ја секогаш идејата дека надежта постои и само едно решение, макар што помалку катастрофално, на прв план ќе им помогне на своите ликови, ако не успеат да го совладаат злото, барем да го напуштат декорот на земјата нудејќи му на своето опкружување лекција за моќта на душата што би требало да се наложи во секојдневниот живот.

Постојаното обележје на неговата толку карактеристична воздржаност се гледа во тоа што авторот се служи со својата палета сведена само на неколку потези:

– Постои еден мудар однос кон апсурдот кој повеќе прави да се смееме отколку да плачеме. Тоа нѐ наведува на еден комичен пасаж од романот *Времето на козите* во кој авторот го претставува пописот на козите со формулари наменети за луѓето.

– Постојаното потсетување на идејата дека спасот по малку се должи на грешни генијалци од интелектуалните редови, со кои историјата на XX век, изобилува за разлика од поголемиот број прости

луѓе, надарени со добра нарав, суштества со солидна практична и прагматична интелигенција, луѓе чие возвишено страдање станува клуч кој ги отвора вратите, навидум засекогаш заклучени.

И кај Луан Старова, симболот, квинтесенцијата на личностите од овој ков е отелотворен во ликот на мајката, свесно и константно жртвувана за преживувањето на семејството. Претставете си ги, за да ги разберете подобро, неверојатните усилби на оваа мајка не само да ги нахрани своите чеда, но уште и она што ќе им го принесе, благодарение на ингениозноста со која таа го меси тестото, секогаш во устите на нејзините чеда да има вкус на друга храна, наспроти тоа што би можела да го овозможи малата плата на еден голем интелектуалец, таткото на семејството. И еден друг пример на спас на семејството кој се должи на мајката, на оваа жена со конкретен дух и, значи, совршено оддалечена од политичките настани, во времето на караницата помеѓу Тито и Сталин. Благодарение на квалитетите на добра домаќинка на домот на оваа дама, за сламка ќе бидат избегнати незамисливите маки на семејството до кои би ги довел имобилизмот на таткото интелектуалец, постојано загрижен како да им угоди на сите за подобро да биде прифатен од другите, и неговата хронична неодлучност, плод на поривот за постојаното заминување: семејството се спасува од препадот на тајната полиција единствено поради тоа што мајка му на нараторот го тргнала портретот на Сталин од вообичаеното место со единствена намера да го исчисти од насобраната прашина...

– Третото и последно проседе е: егзалтација на семејната љубов, на семејната солидарност, тоа

што јас би го нарекол „гласот на срцето“. И во овој случај мајката ја игра главната улога. Оваа мајка, скржава на зборови но која, сè разбира, страда во молк, но која е секогаш готова да им помогне на другите (семејството, блиските, соседите), оваа мајка чија благородна душа најпосле од неа ќе направи, без на тоа некогаш да помислила – гласница (héraut). Внимавајте, таа не е херој (héros) на толку очекувана политичка промена, колку пророк на тоа што би прилегало да се мисли за да се избегнат кризите, мачењата меѓу модерните релативно нови држави на овој Балкански Полуостров со толку богато, чудесно историско минато, но исто така тешко да се поднесе.

И еве, уште два примера според мене, најзначајни. Првиот се однесува на контрастот помеѓу, од една страна, страста за книгите на таткото и малиот круг пријатели, сите интелектуалци и сите напојувани од два извора на противречна инспирација; и, од друга страна, ексклузивниот интерес на мајката за редовно читање на еден единствен документ, еден каталог од времето меѓу двете војни на една голема италијанска стоковна куќа. Со губењето на каталогот и невиното писмо испратено од нејзините загрижени деца за да ја усреќат нивната мајка, ќе се случи неочекувано семејството да дознае дека границите се отворени и дека Југославија ќе ја започне својата необична и незаменлива игра на приближување час кон Истокот час кон Западот и дека судбината на секој ќе појде во добар правец.

Вториот пример се однесува на патувањето на мајката во родната Албанија, по разделувањето со

своите пред четврт век. Мајката, која прв пат, ќе му се противстави на својот маж кој сакал да ја убеди да не го презема ова патување, ќе биде шокирана од тоа што ќе го види на другата страна од границата, решена да го скрати престојот според одобрената виза, и тоа наспроти јасното сознание во какви тешкотии ќе ги навлече блиските и самата да се најде во неволите предизвикани во родната земја. Згора на тоа, во оваа пригода, оваа блага, тивка и конкретна мајка ќе умее да се наложи извлекувајќи од своето срце една вистина која ќе обезоружи секаква критика. Таа, всушност, на војничето на границата, вчудовидено што ја гледа како заминува предвреме, ќе му го упати восхитувачкиот одговор, кој исто така треба да наведе на мисла за овие немирни времиња на Европа и за постојаните преселувања на своите народи:

„Татковината ми е таму каде што се моите деца.“

Дозволете ми на крајот, во заклучокот на ова предолго излагање да признаам дека овој константен обид да останам на конкретен терен одигра голема улога во моето определување да го преведувам Луан Старова. Благодарение нему, туѓинецот кој живее на Балканот што јас многу го сакам и во кој минав повеќе од петнаесет години од мојот професионален живот, кога ви зборувам, резистира на искушението да се оддалечи од еден толку комплексен свет, со често огромни тензии, со впечаток на судирање со sид на неразбирања, тогаш кога се настојува, но според моќта на нашите различни менталитети, да се направи најдоброто за да се помогне и придонесе да се гледа појасно, кога

гледам дека сум обземен од чувството на безизлезност (се наоѓам во „ќорсокак“), кога имам впечаток дека сум пред заклучена врата, да си повторувам дека книгите на мојот пријател се тука, како што биле за него порано делата од богатата библиотека на неговиот татко, за да ми помогнат да го отклучам „катанецот“ (catena), за да си помогнам да ја отворам вратата која ќе овозможи да комуницирам со источните и со западните делови на заедничкиот европски континент, односно да придонесам така што секој од нас во Европа, да дише не само со едниот туку со двата бели дроба и за да може, разбирајќи го подобро својот сосед да чекори со доверба кон една заедничка посвеветла иднина.

(Реч на промоцијата на балканската сага во Францускиот културен центар во Скопје на 19 мај 2000 г.)

Патрик Крисман

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ

Ако силните немири кои ги опфатија југословенските простори по дезинтеграцијата на титоистичката Федерација, за среќа, ја поштедија Македонија, нејзиниот најјужен дел, воедно најсиромашен и најприврзан за древните традиции, не значи дека оваа држава, голема колку нашата Бретања, вгнездена во срцето на Балканскиот Полуостров, веќе еден милениум споделувајќи ја вознемирената судбина на овој

регион, пред да се открие преминот на векот и до најблиската сегашност, нема да мине низ трагедии, уште постравични од кои страдале нејзините соседи.

Францускиот читател ќе може отсега да открие една од најнепознатите, но истовремено и најкрволочните драми кои се случиле на македонска почва, благодарение на многу убавата книга на Луан Старова, првиот амбасадор на својата земја во Париз: обидот да се уништи традиционалната цивилизација, изведен на невиден, но систематски начин, најпрвин од една власт сталинистички насочена, па потоа заробеничка на една логика која ја должи на локалниот супстрат – масакрот на козите изведен со наредба на новите комунистички власти по војната.

Да се нареди колење на козите во регион со планински релјеф, со каменита и сиромашна почва, со остра клима каква што ја има Македонија, всушност, значеше да се лиши речиси целото население од сочната храна – до денешни дни и натаму главно составено од земјоделци и сточари – како и да се загрози нивниот опстанок. Тоа значеше, без да се каже, да не им се даде друг избор освен масовниот рурален егзодус. Тоа значеше и збогување со еден древен начин на живот кој беше толку многу радикално противставен на урбаната цивилизација чии соништа беа да се остварат во југоисточниот дел на нашиот континент обележјата на марксистичко-ленинистичката догма.

Започнат под империјата на принудата, овој процес набргу ќе продолжи во безбројни егзекуции, со невидени човечки драми во овие предели. Изнесувањето на генезата, потоа одвивањето на оваа

историска епизода можеше да доведе до пресметки, одмазди, обвинувања, дотолку повеќе што главниот протагонист на драмата беше жив. Заслугата на авторот е дотолку поголема што решително ќе наложи една спротивна постапка: со елеганција на која се надоврзува воздржаност, тој ќе заземе став да ја претстави драмата низ оптиката на смешна и трогателна верба која би можела да биде својствена само на деца како набљудувачи, напати наивни, напати разиграни, напати застрашени пред сукцесивните процеси на пиесата која се игра пред нивните очи.

Нека читателот, сепак, не се залажува од ведрината која се добива од читањето на ова дело: ако алегоријата, претставена од еден од најоригиналните и најзначајни писатели на современата литература во Македонија, мошне богата но често непозната на Запад, претставува според повеќе обележја силна лекција на надеж, ова дело сепак не постои само како трагичен сказ, како рефлексија преточена низ мали импресионистички допири како на клавијатура, но опстанува со својата голема длабочина наспроти опасната суета на идеологиите кои сакаат да направат еден нов човек, низ спасувачко посредство помеѓу непостојаноста на феномените, генерално, и, посебно на посебната нестабилност која владее на Балканот.

Така значи, делото на мојот голем пријател Луан Старова, не ни овозможува да откриеме само една капитална епизода од историјата на современото македонско општество, туку тоа ни го открива исто така клучот кој ќе ни помогне подобро да ги дешифрираме реакциите на овие соседи на југоис-

точна Европа, кои ни се истовремено толку блиски, но и толку мистериозни. Јас верувам дека тука се работи за една дополнителна и задолжителна причина убаво да се слуша, уште повнимателно овој глас – ох! колку талентиран, умерен и мудар, кој се извишува од средиштето на Балканскиот Полуостров, од дното од тоа што беше до вчера барутана на Европа, од срцето од тоа што останува, денес сè уште, едно од најневралгичните и најзакрвавени места на планетата.

(Напишано во Мавровo, 8 април 1996 г. Поговор во француското издание на *Времето на козите.*)

Роже-Луј Жино

БАЛКАНСКАТА ТРИЛОГИЈА

I

Трите романи *(Татковите книги, Времето на козите* и *Атеистички музеј)* ни ги толкуваат мистериите на Балканот од гледна точка на авторот и членовите на неговото семејство. Сведоци на судбината на народите на југосточна Европа, тие ја раскажуваат самата оваа историја кога сведочат за нивните сопствени животи. Ние овде ќе го најдеме истиот демарш, споредлив на оној на еден Толстој или на еден Васили Гросман: да се пишува за еден цел народ и за една епоха на историјата притоа да се пишува за себеси.

Сè започнува со *Татковиите книги*, роман објавен на македонски, во 1992, и на албански, во 1995 година. Во еден топол изблик на синовска почит, Луан Старова го предава портретот на еден човек обземен од љубовта кон книгите, кој го живеел и го „сублимирал“ крајот и падот на отоманската, нацистичката и на крајот сталинистичката империја. Овој учен библиофил ги симболизира самиот и величината и страдањата на својот народ. Како што вели францускиот издавач *Фајар* за Старова:

„Личноста на татко̀то ги инкарнира на импресивен начин историјата на една цела епоха, епохата на падо̀т на Отоманската Империја, појава̀та на Ата̀турк, појава̀та на еден свет, со драми кои не се завршени до денешни дни.“

За големиот француски издавач Фајар, овој роман „чини да се мисли често на делата на Панаит Истрати и неговиот пријател Никос Казанзакис“. Далеку од секаков догматизам, како автентичен романсиер, Луан Старова го повлекува читателот во своите сочни сказови, анимирани од хуморот на блиските, особено таткото и мајката. На алегоријата овде ѝ претходи страсна и грозничава „потрага по изгубеното време“.

Оваа толку привлечна личност на таткото, ние повторно ќе ја најдеме во романот *Времето на козите*, епопеја на селскиот отпор кон апсурдната марксистичка диктатура во Македонија и повторно овој татко чиј дух го следи на патувањето во Албанија нараторот на романот *Атеистички музеј*. Сказ за едно невозможно враќање од родната земја, лишена од душата под имбецилната власт на Енвер Хоџа.

Времето на козите (1993) нè води во Скопје, главниот град на Република Македонија, интегрирана по војната во составот на младата федерација на Социјалистичка Југославија. Еве го толкувањето на насловот на книгата: Раководителите на државата и на Комунистичката партија на Јосип Броз Тито настојуваат да ги интегрираат сточарите и козарите во „работничката класа“ и да ги населат во градовите! Меѓутоа, козарите од македонските планини ги водат со себе своите стада кози во главниот град: млекото од овие кози често ќе спасува животи; тие стануваат дел од семејствата; никако не станува збор да бидат напуштени. Замислете ги проблемите коишто неочекуваната бела инвазија ќе им ги наметне на градските власти!

Тоа што ќе се случи во „Времето на козите“ точно по војната, Старова го изразува силно, со сочната моќ својствена на големите писатели на Централна Европа. Земјата тогаш минуваше низ мачни искушенија: следеа монтирани процеси во името на класната борба, се множеа идеолошки и верски прогонства, придружени од страшен „лов на вештерки“.

Целосно сликајќи ја оваа реалност, романсиерот го оживува своето сеќавање, при што надвладува споменот на неговите родители, на една куќа преполна со книги, на градот Скопје, со мешано население и со сета сакана, пријатна и трагична мистерија на Балканот. Се приврзуваме за ликот на таткото кој, дипломец на цариградскиот универзитет, ја напуштил можната кариера во администрацијата и покрај препораките на Ататурк. Со незначителен интерес за пишувањето, тој се посветуваше,

без надеж дека нешто ќе заработи на старите, нечитливи отомански списи.

II

Романот *Атеистички музеј* (објавен на француски јазик во 1999) ја заокружува трилогијата, по убавиот прием на *Татковините книги* и *Времето на козите.* Нараторот, роден во Албанија, земја и на неговата мајка, својот живот ќе го минува во Македонија каде што ќе бидат засидрени неговите спомени. Како член на една официјална културна делегација, тој ќе ја посети Албанија во 1979 година, тогаш потчинета на сталинистичката диктатура на Енвер Хоџа. Тој го открива во Скадар Атеистичкиот музеј „*еден анти-храм во кој почиваат, заробени, црковни звона на катедрали откорнати од меморијата на многубројни генерации, фрески со ослепени или изгребани лица на светци, свети книги половина изгорени, кои потсетуваат на колективното злосторство на сите облици на надеж“.* Патникот го прикажува овде и тажното патување на својата мајка во родната Албанија и враќањето на својот татко кога го напуштал Цариград враќајќи се на Балканот. Овие слики го чинат единството на трилогијата.

Меѓу задлабочените рефлексии кои изобилуваат во овој роман, постои една која заслужува целосно внимание, а таа се однесува на жртвената вокација својствена за народите на Балканот.

„Мојата мисла се ослободува, талка, кон времињата на предците во потрага по легендите кои сведочат за долгата жртвена традиција на Балканот. Всушност, во овие пространства, склоноста за жртвување останува непроменета во текот на вековите.“

Така, авторот прави алузија на легендите на балканските народи означени со истата бесчувствителност кон жртвувањето. Тој истакнува:

„Само во оваа балканска реалност, и никаде другаде, можел да се вкорени митот за Сизиф“.

Франсис Вибрандс

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ – КНИГА БОГАТА СО ЗНАЧЕЊА

Козата Амалтеја, според една верзија на античка легенда, била доилка на малиот Зевс на планината Ида; од нејзините рогови бликало млеко-амбросија. Козите за кои во романот се раскажуваат необични настани се заложнички на една историја многу поприземна, според која, по стравичните настани од Втората светска војна, се живее во времето на надежите родени од победата кои ќе завршат во трагедија при што името на Сталин ќе означи ужас. Во книгата се раскажува, на сериозен начин и со ирониј, како се сакало да се фабрикува дел од историјата во името на една идеологија (сталинистичкиот комунизам), која на крајот ќе заврши со третирање на луѓето и животните како предмети.

Дејствието на романот се случува во малата република Македонија која се здобива со својата автономија. Тој ни раскажува како непресметливата амбиција на новите господари ќе се обиде да ги трансформира одушевено, но и со насилство сиромашните овчари во пролетери. Но овие луѓе, не повеќе отколку козите поврзани со нив во текот на вековите, не дозволуваат да бидат лесно метаморфозирани. Лукавствата на историскиот резон влегуваат во судир со носителите на традицијата на „времето на козите“. Оваа сказна е богата со значења; таа не раскажува само за минатото на еден потчинет регион, повеќе отколку за други, пред неизвесностите на историјата и на „непостојаноста на феномените“. Уметноста на писателот (амбасадор на младата Република Македонија во Франција, преведувач на француската книжевност, квалитетен поет) успеа да ни го стори почувствителен и поприврлечен овој регион на Балканот. Книжевноста, кога успева да ги помеша сказната и реалноста, медитацијата и историјата генерално, останува сè уште најдобриот начин кој ни овозможува да ја разбереме сегашноста.

Франсис Вибрандс

ТАТКОВИТЕ КНИГИ

Со вториот роман, објавен на француски јазик, *Татковите книги* (по *Времето на козите*, 1997 година), на една сага која ќе содржи повеќе од десет книги, Луан Старова ги открива во извесна

смисла тајните на својата инспирација. Истовремено реални објекти, материјални траги на еден живот, книгите во татковата библиотека кои сè уште ги задржале врз своите страници остатоците од пепелот на пушените цигари, при силната концентрација во читањето на книгите, се исто така симбол, во вистинска смисла на тоа што се поврзува со животот, кога таткото со сета моќ на интелигенцијата се противставувал на неизвесните удари на историјата. Во ниту еден друг предел на Европа историјата не била толку многу впишана во пејзажите, луѓето, духовите отколку на Балканот, означен од војните, егзодусите, најсмртоносните идеологии на векот, од падот на Отоманската Империја па сè до онаа на комунизмот, минувајќи преку нацизмот. Ниту земјотресите нема да го поштедат овој регион. Следењето на перегринацијата ни овозможува да откриеме конфесии, јазици, татковини, народи, територии во потрага по еден невозможен идентитет. Книгите зборуваат, како неподвижни сведоци за премините во времето, за бурните настани и за надежите. Да се отвораат книги, значи да се влезе во невидлива комуникација не само со тие што ги пишуваат, но исто така и со тие што ги избираат, ги читаат, се надеваат отворајќи ги да најдат одговори за нивните прашања. Книгата на Луан Старова спаѓа меѓу нив: продирајќи во архивите на библиотеката на неговиот татко, ние понираме во историјата, како „меланхолични трагачи“ на неизвесните одговори на поставените прашања.

(Francis Wybrands, Les livres de mon père, Etudes, t. 390 N^{o} 5 mai 1999.)

Франсис Вибрандс

ФАТАЛНОСТА НА ЕГЗИЛОТ

Проклетството на егзилот натежнува како фаталност врз некои народи. Со промената на идеологиите, минатото и сегашноста се менуваат во трагичниот ток на историјата која отсекогаш одново почнува. Во оваа нова книга на Луан Старова, објавена на француски јазик (по *Времето на козите* и *Тајковите книги*) ја откриваме хрониката на семејниот егзил поставена овој пат од перспективата на *враќањето*: враќањето во родната земја, митски претставена во симбол на егзилираното семејство.

Авторот ја изнесува мачната епизода на своето патување во родната Албанија, што коинцидира со мрачниот период на веќе застарениот сталинизам, кога режимот на Енвер Хоџа сакал да ги отфрли трите конфесии (католичката, православната и муслиманската, б.м.), кои со векови коегзистирале помеѓу себе без судири. Ова осудување на смрт на секоја вера ќе најде свој гротескен израз во создавањето на музејот на атеизмот поради што скадарскиот музеј ќе претставува најкарикатурален пример. Нараторот ќе се најде имплициран во една фарса со пеколен вид.

Сонот на авторот за *враќањето* се судира со уништувачката реалност на една идеологија која меле човечки животи извршувајќи ја ансестралната пулсација за саможртвување која продолжува до

наши дни во овие балкански предели. Но претстои соочувањето со реалноста: вистинското *враќање* е невозможно. Само егзодусот продолжува...

(Поговор кон: *Le musée de l'athéisme*, Fayard, 1999.)

Жозет Расл

ИЗБЛИК ОД СРЦЕТО
(кон *Времето на козите*)

Кога едно утро, непосредно по Втората светска војна, погледите се судрија со една „бела, необична и подвижна маса, која вистински го исполнуваше плоштадот", граѓаните на главниот град на новата Република Македонија, Скопје, најпрвин изненадени од овој упад на козите и козарите, ги пречекуваа како спасители. Но набргу „еуфоријата ќе се сврти во трагедија, кога власта ќе одлучи да се екстерминираат животните."

Макар што во средиштето на дејствието, нема повеќе кози во романот на Луан Старова отколку носорози во истоимената пиеса на Јонеско, романот *Времето на козите* претставува парабола, метафора чија смисла постојано нè одминува. Тешко е да се разбере скриената смисла на оваа инвазија на козите и улогата на козоводецот наречен Чанга. Кој е, најнапред, овој козар? Традиционално симбол на селото, тој овде станува божја фигура за изгладнетото, теро-

ризирано население од војната, живеејќи во најголема материјална и политичка беда, тој е нивен лидер, но и ѓаволот којшто треба да биде убиен од страна на власта.

Но, што претставуваат, всушност, тој и козите? Комунизмот? Сигурно, не. Контрареволуција? Што сака да рече Чанга кога тврди дека „без нив (козите) тие не се целосно тие самите?“. И кого го претставува таткото на нараторот, научник откорнатик, кој решително застанува на страната на козарот и кого ќе го научи да чита. Козарот ќе го храбри да ја заврши својата книга за *Историјата на балканските империи* во која козите ќе имаат посебно место.

Дали тие го отелотворуваат доброто? Тешко би можело да се рече на која страна се наоѓало доброто зашто во двата кампа, можеле да се најдат предавници и луѓе на отпорот. Но ако сепак овој роман содржи некаков морал, можеби тој е следниот: ирационалното не знае каде е доброто и лошото, најдоброто и најлошото, и којзнае дали можеби не е подобро така.

Во целата книга се насетува една закана. Истата закана која е присутна во романот *Пустината на Татарите* од Дино Бузати, но која може да се најде и во други дела, како и во секој автократски режим. *Времето на козите* е книга на амбигвитетот par excellence, книга на прашања...

(Missive, N^{o} 209/ mars 1999.)

Жозет Расл

МУЗЕЈОТ НА АТЕИЗМОТ

Луан Старова ни ја предлага својата трета книга на француски јазик од автобиографски карактер во која се мешаат потрагата по смислата на балканската историја, егзилот како земја, митот на враќањето како сведоштво за изгубените илузии и, посебно, прашањето за значењето на верата во една триконфесионална земја како што е Албанија, каде што сталинистичкиот катехизам го има местото на државна религија.

Една фигура, чие исчезнување означено уште на почетокот на книгата, воопшто не го намалува симболичното присуство, кое ги исполнува страниците на романот, а тоа е: таткото. И неговата хетероклитна библиотека, во која има марксистички книги, записи на Сталин, свети книги на трите монотеистички религии, меѓу другите, претставува сличен авторитет на карпата на Гибралтар, кога и при најсилните бури нема да изостане пристапот кон бреговите на разумот од страна на нараторот. Зашто тој решил да го мине Рубикон, и да ја испише својата тетратка на враќање од родната Албанија. Тој ќе биде дел од една македонска делегација испратена во Албанија да избере една театарска пиеса за да биде играна во Скопје...

Да се види родната земја, да се стави крај на егзилот... Но дали е вистинската мотивација на неговото враќање? Таткото, чувар на книгите, на меморијата, трагач по значења, за него самиот е енигма

еден ракопис што го дешифрира и во кој трага по одговори на своите прашања. Но синот, тоа може да се насети, го разбира текот на времето на свој начин:

„Јас го преземам делот на незапишаните вистини за семејството“.

Дали враќањето во скаменетата земја на Енвер Хоџа ќе му ја осмисли потрагата?

Патувањето започнува со протоколарниот контакт на границите. Но малку по малку, нараторот се судира со апсурдот на земјата на „социјалистичкиот реализам“. Конфронтиран со приврзаниците на сталинистичкиот режим, кои не престанувале да ја фалат нивната „дијалектика“ и да ја оправдуваат Албанија која е единствената земја што останала верна на сталинистичката чистота, тој ќе се откаже од првичната мисија и покрај опасностите на кои ќе се изложи. Особено кога пораките на татковите книги ќе допираат до неговиот глас! Тој започнува со остра критика против Сталин, кого што дури и самиот СССР ќе го обвини за неговите злосторства против мислата и човековиот род. Секој остро ги изнесува своите ставови, своите теоретски алатки, своите лукавства, својата позиција наспроти догмите... Зашто претстои да се посети Атеистичкиот музеј, живиот доказ за смртта на Бога во атеистичката земја...

Претставен како кулминација на мислата на режимот на Хоџа, овој музеј има заслуга да го претстави ужасот на фарсата и една земја зафатана од својата „егзистенцијална метастаза“. Исцрпуван, претрпувајќи силни вербални напади „благо измачуван“ од официјалните придружници на делегацијата, авторот отворено го изнесува ужасот за време

на една халуцинантна дебата со џелатот на разумот и верата.

И кога ќе се обиде да укаже на бесмислата на музејот „предворје на Апокалипсата, тоталитарен храм“, тој ќе ги навлече грмотевиците на фанатиците на атеизмот. И стапицата, чија цел е да совлада секаков логичен отпор, се стеснува околу него... За да се заштити од губењето на разумот, нараторот се присетува на заштитничката фигура на таткото, неговите книги, неговите патувања кон пределите со натежната историја.

Таткото од библиотеката го придружува низ текот на неговите перегринации: тој ја инкарнира противставеноста на Сталин, еклектичен мислител и учителот на секаквите мисли на Енвер Хоџа. Во Атеистичкиот музеј, каде што е конзервирана уникатната мисла, нараторот ќе разбере дека:

„Со уништувањето на верата на луѓето, се уништува критичкиот дух.“

Искрена книга... Опсервациите, дедукциите, спомените се ткаени според извесна циркуларност на дискурсот, полифонија создадена од повторувања и амплификации, која не престанува да ја доведува во прашање перспективата на смислата која се одлива во историјата на оваа земја со три религии и каде што се помешани урнатините на три империи. Ова сведоштво се чита како палимпсест на Истокот, чии седименти не престануваат да го извишуваат итинерерот на авторот, неговото трпеливо градење на идентитетот на една земја каде што небото често им се забранувало на луѓето.

(Missives, mars 2000, p. 6.)

Леон Сомвил

МЕТАФОРА ЗА ТОТАЛИТАРНАТА ИДЕОЛОГИЈА

(читајќи го романот *Атеистички музеј*)

Тоталитарните режими, особено во периодот на сталинизмот, владееја со ужасни, стравични методи во потчинувањето и обесправувањето на човекот. По распадот оставија зад себе хаос, за на крајот да се најдат пред трибуналите на историјата. За сведочење се повикани, во прв ред, големи творци од рангот на Солженицин. Меѓутоа, штом се посочи варварството, посебната задача на меморијата е да се бори против заборавот на жртвите имајќи свои иманентни и природни начини на одржување.

Но кога насилството е предизвикано од државата, секогаш ќе се најдат одлични причини за неговото одржување. За да се заштити од надворешни опасности, Француската револуција ќе го воведе Теророт. Религиската репресија во земјите на „социјалистичкиот лагер“ започнала штом власта го означи Ватикан како непријател чие влијание требало да се смали, додека националните цркви како институции да бидат подредени на целите на режимите. Последново решение, како најрадикално, беше мошне рано прифатено во Албанија. Кон крајот на четриесеттите години ќе следуваат низа судски процеси и егзекуции во редовите на свештенството, што ќе доведе на крајот Енвер Хоџа, во 1967 година, да ја прогласи Албанија за прва атеистичка земја во светот за што поопстојно сведочи и книгата на Стефан

Куртуа *Црната книга на комунизмот*. (Stéphane Courtois, *Le livre noir du communisme*).

Постои време за сведочење, но постои и едно друго време за пишување на историјата. Писателот Шарл Пеги се чудеше што Драјфусовата афера, чиј тек го беше доживеал, стана предмет на ерудитите. Нивното пишување за аферата беше неприфатливо за читателите.

Што се однесува до Луан Старова, тој суптилно владее со раскажувањето и историското сведоштво. Но сепак, да не го противставиме пребрзо романсиерот на историчарот. При изборот на гледиштето кое поживо ни ја реституира реалноста на фактите и нивната примарна вредност се поставува прашањето: дали би било поупатно да се потпреме на актерот или на сведокот. Во романот *Атеистички музеј*, укинувањето на трите традиционални конфесии (исламот, православјето и католицизмот) е прикажано истовремено како лична драма, но и како маченишт во на еден народ.

Кој зборува? Денешниот читател го поставува ова прашање, пред секое друго, зашто авторот веќе се претстави на западноевропската читателска публика со двете претходни дела: *Времето на козите* и *Татковите книги.* Дали се работи за историја на едно семејство или за семеен роман? Автобиографија или рекомпозиција на алегориските фигури на една родителска тријада? Искушението станува големо за читателот: дали да се впушти во имагинацијата на еден автор, како и во перипетиите кого го водат во 1979 година во сталинистичка Албанија, на возраст од триесет и шест години, во составот на

една културна делегација од Македонија? Искушението е дотолку посилно што синот е свесен дека не ја почитувал мудрата порака од растреперените усни на татка си пред починувањето: нема *враќање* од егзил! И оваа трансгресија ќе ја зајакне неговата неодолива импулсивност, речиси истата онаа која ќе ја мотивира неговата мајка да го преземе фаталното патување во родната земја и која ќе биде принудена да го скрати. Каква филигранска имагинација се исцртува низ превезот на настаните. Во ерата на сомневањето и плуралното читање, ништо конечно не се знае...

И така, обземен од мајкините и татковите завети, синот се препушта во невидена авантура во непријателски настроената родна земја. Преку претставниците на озлогласениот режим, во секој миг, кога албанските собеседници се обидуваат да го понижат (или да го придобијат) во сугестивното присуство на нивните ликови, тој ќе открива извори на моќ да се противставува. Оттука ќе се наложи постојаниот контрапункт, на ниво на наративните содржини, помеѓу инспирираните реминисценции на семејната „сага“ и на инцидентите кои ќе му се случат во текот на четиридневната посета на оваа земја којашто авторот, не одвојувајќи се од мајчината прегратка, ќе ја напушти на двегодишна возраст, за време на италијанската окупација. Но, не е помала уште една заслуга на авторот, радо би рекле писателот (текстот обилува со волшепства), успешно и наизменично да се проигрува со неизбришливите емоции од детството, како со провоцираната индигнација на тоталитарната отуѓеност на извесен политички режим.

Со поглед упатен кон родната куќа во Пограде̄ц, која станала седиште на партиската власт, на брегот на Охридското Езеро, тој ја заборава сегашноста, за да се препушти да го завлече „егзалтирачката фуга на меморијата.“ Навидум запрен, текот на раскажувањето потем им се препушта на настани кои се ткаат околу средишната тема на егзилот, во контекстот на тоа што авторот го нарекува „балканска судбина“ на едно семејство чии членови се распрснати низ Европа, па сѐ до Америка.

Враќањето од изгубениот рај на детството содржи една евидентна прустовска резонанца, само лесна варијација нѐ дели од *Потрагата по изгубеното време*: ако враќањето е опишано како невозможно, тогаш *„враќањето“* (од враќањето) нему му успева! Но да ја разбереме како што треба намерата на нараторот кога тој го форсира овој парадоксален предлог. Ако ги осуетил стратегиите на албанската тајна полиција и ако поради неа нема да го оствари враќањето, ќе му преостане на крајот од полза неговото искуство („таа аскеза...“) во делото кое ќе замисли да го напише подоцна и тоа не друго, сигурно погодувате, туку романот *Атеистичкиот музеј*. Под такви услови, нема „враќање“ од меморијата, во едно неостварено враќање! На авторот ќе му бидат потребни дополнителни петнаесет години за да го оствари ова внатрешно патување, за да се врати кон тоа што жестоко го обележало, одржано во инстинктот на спасувањето, задржано по првите налети на заборавот:

„Нека останат спомените длабоко вкопани во мене, дури до заборав, сѐ додека ферментира-

њето на животот не одлучи да ги исфрли на површина, сè до мигот на оваа книга...“

Натаму, демаскирањето на идеологијата од страна на авторот е на преден план, во однос на личната авантура и трауматизмите кои следуваат. Тематиката на „враќањето“, се пренесува низ повеќе мотиви: на моменти таа се поврзува со доживеаната историја, а во други, со елементите на меморијата. Во прво време, во темата на враќањето во родната земја, субјектот разбира дека ќе треба да се брани од акциите на еден антисубјект, наративен интервент, означен од платените егзекутори на тајната полиција. (*„Дури и во мислите, не стануваше збор за повлекување или да се избегне стапицата којашто се профилираше...)“*

Авторот во текот на целата книга иронично ќе ги означи со иницијали „антисубјектите“: кои престанале да егзистираат како лица за да постанат егзекутори на гнасни дела. Нивната мисија се состоела во тоа да го одведат субјектот до *„жртвениот механизам каде што секој постанува жртва на принудната конверзија, диктирана од сталинистичката идеологија.“*

„Сите овие бедни и анонимни егзекутори, чии имиња се сведени на иницијали: А.А., Ц.Ц., З.З., Ц.Ц., О.О., како и многу други, сè до исцрпувањето на азбуката, – сите овие недопирливи суштества, сретнати или не, сведочат за последната мрачна епизода на стара традиција на жртвувањето што на Балканот не престанала до наши дни.“

Поразот на антисубјектот ќе се оствари дури на крајот. Така се реализира едно од главните бара-

ња на романескната уметност: да се одржи читателот во исчекување, во сомневање, во неизвеност кои на крајот ќе бидат завршени. Читателот ќе биде предупреден уште од првите страници на книгата:

„Победата или поразот никогаш не му се нудат на човекот во чиста состојба, како што впрочем животот постојано сведочи.“

На истиот начин на кој нараторот се повикува на татковиот пример, кога неговите противници се советуваат со „Централата“, таму каде што заседава грозниот Минотаур на нашето време. Од една страна, меморијата на таткото, а од друга, директивите кои се добиваат во секој момент по телефон за да се совлада отпорот на побунетиот, да се натера да остане во Албанија, потчинувајќи се на Партијата и Водачот. Протагонистите се приврзани на низа својствени вредности на еден клан *(„Сè додека нашиот татко беше уште во живот, семејство за нас беше истовремено и држава, и нација, и вера.“)* и припаѓаат на идеологијата која го одржуваше култот на една неверојатна монструозна хипостаза на божеството: Сталин. Нараторот би ризикувал да ја преземе обичната улога на симболичниот татко, доколку прогресивно не заземал критички став кон тој што ќе го именува како *„голем губитник во сите победи и во сите порази со кои е обележана историјата на Балканот“*, но затоа ќе биде во можност да ја нијансира својата мисла во друг момент: *„Но, во секој од своите порази, неговата душа ќе биде победничка.“*

Како што е изнесено во почетокот, настаните во романот, починувањето на таткото, го ослобо-

дува главниот лик на нараторот од зависноста која би го лишила од финалниот триумф над противникот (тоталитарната идеологија) која го примора „големиот губитник“ на егзил и на еден повлечен живот. Впрочем, избраниот наслов на книгата *Атеистички музеј* целосно и антитезно одговара на првиот том од трилогијата: *Татковите книги*. Атеистичкиот музеј го претставува епицентарот на силниот ментален потрес кој е во состојба да избрише секаква трага на цивилизираниот живот; библиотеката е ненадоместливо наследство на вечната и трајна уметност. Токму од оваа опозиција делото го извлекува најголемото политичко значење.

Композицијата на романот во своите два дела одговара на сосема прецизната намера на авторот: на посетата на Атеистичкиот музеј да му даде привилегирано место. (*Еве ме... Најпосле сум пред прагот на Атеистичкиот музеј во Скадар...*). Нараторот дента на посетата на Атеистичкиот музеј беше со борбено настроен дух и не престана да одговара на провокациите на своите собеседници, особено на А.А., еден вид „сфинга“, предзнак на зла судба, чија задача е да го одрече неговиот „буржоаски космополитизам“, еден од најголемите гревови според владејачката идеологија. Од тој момент, оружјето на „перење мозок“ е свртено против тие што први го употребувале против него. Ставена во 1976 година во Уставот под одговорност на државата „атеистичката пропаганда“ ќе биде аргументирано оспорена. А.А. излегува од својата „флегма“, збунет од наво-

дите на својот собеседник, за кого „револуционерниот месијанизам“ претставува изродена норма на една филозофија на која ѝ изминало времето *(Маркс и Енгелс беа само доблесни филозофи на еден изминат век.)* А рускиот атеизам? Најдобро може да се разбере кај ликовите на Достоевски. А Интернационалата? Во неа, бездруго, има библиски, куранскиот и талмудски претскажувања. А Атеистичкиот музеј? Замена за една верска илузија која најмногу би го интересирала Фројд. А религијата како опиум на народот? Идеја преземена од Фоербах и другите.

Со такви ставови, нараторот добро знае на какви опасности се изложува и не му е тешко да разбере зошто постојано е прогонуван до безизлез; треба да се спречи по секоја цена да ја мине границата. Но човеков нема ништо со овие јаничари чиј татко пишува за нивната историја, но синот-наратор до крајот си останува на своето. (*„А што се однесува до мене, јас одненадеж ја почувствував потребата во оваа проклета балканска крчма да одам докрај во разговорот, небаре најден во ринг во кој се разменуваат идеи како смртоносни удари“.)*

Таму каде што дијалектиката не успева (А.А. губи во вербалниот двобој), останува ризикот да го победи физичкото насилство: со изолирање од телефонската врска, со организираната врева за да се спречи неговиот сон, со служење на неподнослива храна и последната нискост: приморуваат еден негов близок родина да им се придружи во стапицата што му ја поставуваат на исцрпениот наратор пред да ја

мине границата кон Македонија. Дали ќе ги земе двата златника пришиени во платно што сака да му ги подаде роднината?

(„Таа ми ги подаваше златниците, но во нејзините очи читав : Не земај ги!“)

И овде Централата нема да мирува. Непријателот успева да се спаси и да им се врати на своите!

Паскал велеше дека може да им се верува само на мртвите сведоци! Местото што му се отстапува во романот на иронијата, како и на смиреniот крај (читајте ја рецептата за „питата“ која мајката му ја спрема на истоштениот повратник), можеби, на прв поглед не се упатни за такви цитати. Радо би се зборувало за победата на силите на животот врз инстинктот, смртта, за реваншот на свеста врз идеологијата, на духот врз бруталната сила. Подобро е да се шири полето на интерпретацијата отколку да се огради во граници. Но сепак, ако читањето е субјективно, а сказот креација на јазикот, историјата (претекст на сказот) се вкоренува во тоа што било живеано, траело близу педесетина години од страна на албанскиот народ. Останува само еден човек кој платил голема цена за да го избори своето право да пишува:

„Ако излегов од овој атеистички музеј скршен, но жив, тоа беше само затоа еден ден да сведочам за неговото трагично постоење.“

(Стожер, септември–октомври 2001 г.)

Ален Боске

КОЗИТЕ НА ЛУАН СТАРОВА

Навикнавме, по вообичаената инерција на духот, да ја третираме книжевноста на југословенската федерација како целост, небаре врските меѓу Мирослав Крлежа, Иво Андриќ, Миодраг Булатовиќ и Васко Попа, на пример, се нераздвојни. Меѓутоа, од времето на распадот на земјата и војната во Босна, многу појасно ги разликуваме менталитетите, јазиците, различните корени на овој балкански регион, кој е денес духовно разделен. Книжевноста на Република Македонија ни беше позната од преводите на Влада Урошевиќ, поет од европски димензии. Нашите познавања се збогатуваат со откривањето на Луан Старова, оригинален и привлечен романсиер, автор на една книга која не личи на ниту една друга: *Времето на козите*.

Нараторот зазема страна да остане во сенката на една интрига, чии два главни лика се, од една страна, неговиот татко, учен човек, либерал, разумен и, од друга, Чанга, човек од сортата на Мерлин кој станува народен симбол. Се случува во времето на сталинистичката диктатура и, потоа, во последниот дел на романот, следува периодот на титоистичката диктатура, несомнено многу поподнослива и, во секој случај, ослободена од секојдневниот терор. Според решението од највисоко место, треба да се трансформираат планинците и селаните,

овчарите и земјоделците, во попродуктивни граѓани. Волјата и заканите не се доволни: зарем е можно да се игнорираат прадедовските обичаи, еден модел на живеење којшто Отоманската Империја не успеа да го промени, скалата на вредности која се заснова како на вроденото искуство така и врз неразделно поврзаното суеверие?

Намерата на луѓето не била на страната на законите на природата. Но козите, во регионот, беа не само многубројни, туку во извесна смисла тие беа и дел на семејствата. Во моментот на планирањето на иднината, во кабинетите на Партијата, козите слегуваат во главниот град: оваа бела пацифистичка инвазија ги вознемирува и шармира духовите. Како таа да не била предвидена од резонот на апаратските бирократи кои ќе се покажат мошне вешти со нивните први реакции. Умерените предлагаат мирољубив договор со козарите. Други се за остри санкции. Екстремистите одбиваат секаква расправа: секаков немир на пролетерската свест е однапред осуден.

И козите и луѓето се вознемирени и се во потрага по излез. Подготвени се за жртвување, за незамислив отпор. Според стратегијата на градските раководители, треба првин да се започне да се работи со граѓаните. Така се започнува со попис на козите; со тоа ќе биде означен процесот на трансформација на селаните во граѓани. До овде читателот се наоѓаше во присуство на едно речиси реалистичко четиво со изострена иронија. Но одеднаш сè се разбранува во бурлеска. Гоголь не е далеку.

Лукавствата на власта остануваа без ефект и се пристапува кон финалното решение: екстерминација на козите. Тогаш во прв план се појавува гордиот маг Чанга. Еден ден, сите кози исчезнале. Тие го следеле Чанга на пат кон ридот среде градот, со познатата тврдина. Започнува да извира млеко на планината од непознат извор. Легендата му го отстапува местото на митот. Спасителот станува волшебник, или дури полубог. Којзнае: од местото каде што се наоѓа, не е исклучено да може да ја метаморфозира земјата. Оваа книга е пишувана како литанија, во која епизодите се мешаат една со друга. Во романот сатирата се поврзува со параболата и сказот овозможува повеќе симболички интерпретации. Луан Старова мошно снажно владее со иронијата и магијата.

(Magazine littéraire, N^{o} 354, mai 1997.)

Лоран Ребо

СПАСЕНИ ОД КОЗИТЕ

(читајќи го романот *Времето на козите*)

Еве една балканска верзија на „Козата на господинот Сеген“, со советскиот тоталитаризам во улогата на волкот...

Некаде помеѓу Албанија, Турција, Грција и Србија, не знаат повеќе на кој господар да му се покорат. Во оваа балканска барутана каде што се мешаат Оксидентот и Ориентот, означени со придо-

бивките на исламското или христијанското, отоманското, римското присуство, означени со вревата на еден или друг национализам, животот на луѓето и нивните семејства се чини зависен од неизвесноста и кризите. За среќа, тука се козите.

Ги има насекаде и отсекогаш, би можело да се рече. Блиски до семејствата, задоволни со малку, хранителки, со љубопитен поглед, козите ги заштитувале луѓето од глад, осаменост и од нивните сопствени глупости. Се разбира, ако ги оставале да живеат...

Меѓутоа, токму комунистичките режими кои ќе им бидат наложени на народите на Балканот кон крајот на Втората светска војна, ќе ја изразат нивната омраза кон козите. Тие сакаа да ги соберат сите козари од планините за да ги трансформираат во работничка класа.

Козарите слегуваат со козите во градовите. Со нив ќе преживеат во одделни делови на градот. Благодарејќи на козите тие ќе се осмелат да им се противстават на партиските комунистички власти, на нивните заповеди да ги напуштат козите. Следува убава битка, полна со хумор, братство и храброст до мугри...

Овој восхитувачки роман му го должиме на големиот писател од Македонија, Луан Старова. Романот се чита за една ноќ...

(Coopération, 28/29 juillet 1997.)

Никола Ковач

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ: ФИКЦИЈА НА ТОТАЛИТАРИЗМОТ

Во перспективата на идеолошкиот фанатизам, која води кон заслепено насилство и кон масакр на невините, се сместува и романот на Луан Старова *Времето на козите*. Приказна за една привидна едноставност на тема којашто е по малку пасторална, романот на Старова, со тоа сепак, не е лишен од длабоки проникнувања во историските темнини на Балканот и во институционалните заблуди на државите кои не престануваат да се уништуваат во меѓусебните конфликти.

Времето на козите раскажува, со еден дескриптивен и хронолошки распоред, за уништувањето на козите во бивша Југославија, во педесеттите години – продирајќи во времето за да ја означи насоката на егзодусите и за да ги опфати што поблиску душевниот немир на распаднатите семејства и промашените животи. Наредбата да се уништат козите во селата, што ја наметна социјалистичкиот режим за да се обезбеди индустриска работна рака, доведува до забрзана пауперизација на селата, без притоа да се создадат услови за посакуваната индустријализација. Масакрот на козите, политичка одлука и алегорија, ја резимира постојаната борба што човекот залудно ја води, со векови, за да се спречат уништувачките сили на „синдромот на ликвидациите“, на кои ниеден народ на Балканот, како што

забележува авторот, не успеал да им избега. Без разлика дали потекнуваат од прастара опсесија, од идеолошко замрачување на умот или од племенскиот антагонизам, уништувањето и ликвидацијата се впишуваат во долгата традиција на омразата, на непријателствата, и на хаосот кои владеат во овој регион.

Романот на Старова, на тој начин, ги открива апсурдностите на тоталитарниот режим, преку акциите или преку крвавите последици. Тоталитарната идеја е, всушност неурамнотежена мисла: реалноста и разумот тука им се потчинети на арбитрарната волја и на утописките проекти. Козите не престануваат да се уништуваат, со цел козарите и сточарите да можат да станат „индустриска работна сила (...), добро позната под името работничка класа.“ (цитирано според: Л. Старова, *Le Temps des chèvres*, Fayard, 1997, p. 204).

Ако политиката, во спроведувањето на своите програми, се нафрла против жртвените јарци, дисидентите, „непријателите на народот“, или против „платениците од странство“ тогаш тоталитарниот режим не се двоуми пред масовните уништувања: од Шоа до Гулаг, убиствената волја и омразата на другиот се издигнуваат до степен на неоспорен принцип на една брза и жестока правда. Жртвувањето на козите на Старова е едно тажно сведоштво за тоа: една лажна логика, противречна на смислата и на реалноста на фактите, завршува со трагедија. Метафората на жртвувањето ја презема судбината на

Балканот каде насилството и бесмисленият волунтаризам ја заменуваат мудроста на народите.

Времето на козите го опишува, исто така, постојаниот судир помеѓу „непостојаноста на нештата“ и нивниот минлив и недофатлив карактер, и репресивниот логос на тоталитарниот режим: секогаш кога одново се наложуваат животот и неговата спонтана логика, механизмите на угнетувањето се активираат и настојуваат да ги сведат големите движења на една банална и едноставна шема, небаре животот треба да им се потчини само на стриктните правила. Историјата на козите е, всушност, персонификација на слободата и на автономијата која на Балканот не ретко се свртуваше во ужас. Силата која вреди повеќе од правото е само предвесник на големите убиства на воените времиња и во минатото и во денешното време.

Наспроти нашето време на легализирано насилство, политичкиот роман би бил последното ограничување на слободата и на автентичноста на еден поразен свет, обележан со деструктивни митологии. Имплицитната критика на идеологиите е, значи, најдрагоцениот влог на политичкиот роман и претставува оправдување на неговата уметничка и општествена мисија.

(Фрагмент од книгата на Никола Кова, *Le roman politique* Fiction du totalitarisme Edition Michalon, Paris, 2002, p. 187–189.)

Филип Делаво

ТАТКОВИТЕ КНИГИ

По објавувањето на необичниот и прекрасен роман *Времето на козите*, кој на еден куриозен начин го означува стапувањето на комунизмот на Балканот, втората книга на Луан Старова која се објави во Франција, *Татковите книги*, ни го нуди портретот на таткото како *читач на книги* (*liseur de livres*).

Наспроти нашиот нестабилен свет, постојано под закани на уништување и насилство, на Балканот, кој по сè изгледа останува регион усвитен од проклетството, се извишува една добро втемелена вонвременска градба и реална татковина отаде границите и јазиците, *библиотеката* која треба да се разбере како *збир од книги наредени според извесен распоред*, кој тешко би можело да се воспостави доколку се одвои само една книга! Зашто една библиотека, посебно татковата, поместена помеѓу Оксидентот и Ориентот, и како покривно прозорче, нуди мал редуциран свет, минијатурен свет, универзум во деминутив кој сведочи за историјата на овој регион во светот и згора на тоа, и за кризата на *значењето* кое се граничи со последната тајна каде што се разрешуваат сите јазици: во тишината, вистинската, сакралната татковина на живите.

Што би претставувала библиотека без утврден распоред на книгите? Луан Старова веднаш нуди одговор, повторувајќи со внатрешен немир: лави-

ринт. Обратно, библиотеката со утврден распоред на книгите е како продолжение на еден карактер, портрет конституиран од алузии и од примери, која е вкоренета во семејната традиција, ги дефинира обичаите на луѓето, ги зачувува архивите на еден тек, ритамот на годините и миговите на скрупулозните татковци – репери re(père).

Всушност, како што тоа го покажува авторот на примерот на својот татко – но тоа е и лекцијата на Монтењ – човекот е исто така врската која ја одржува со книгите, резултат на обновено и промислено lectio. Го откриваме човекот во функција на своите книги, како ги чита и препрочитува, како ги собира и класира, едни ги распоредува, а други ги отфрла. Според вертикалната хиерархија, на врвот од библиотеката ги поставува светите книги Библијата, Коранот и Талмудот, како врв на врвовите што треба да се заслужи да се стигне, напредувајќи трпеливо и прифаќајќи постепено да се трансформира.

Оваа низа на записи на маргините на времето – книгата е составена од кратки поглавја, некои како белевчиња, – повикува подобро да се разбере историјата на Балканот низ миграциите, минувањето на границите во текот на војните и постојаните опасности. Се работи за историја претставена како детонатор на големата Историја која се шири, се заканува да ја наруши и лабавата рамнотежа која ја постигнува ова семејство насобрано околу библиотеката и неуморната внесеност на таткото, вистин-

скиот столб кој се соочува со постојаните пориви и тајни желби за патувања и откривања на непознатото.

Тука е и убавата и дискретна фигура на мајката, се разбира и сопруга, но исто така и придружничка на големиот читач, секогаш во служба на книгите, но и како тивок гениј на семејството кој умее како да се активира и да молчи, како да ги одбрани своите во опасни времиња, на пример, тоа ќе се случи со знаењето на италијанскиот јазик. Еве ова ни го кажува авторот со сериозен тон, кој повеќе има карактер на хроника, повеќе во смислата што ја има во делата на Јурсенар, отколку роман на чиста фикција. Луан Старова пишува за да сведочи и за да потсетува пред последната катастрофа да ги разнесе реликвиите, последните архиви, бледите траги на збиднатото на патиштата.

Татковите книги е втората книга објавена на француски јазик, книга на еден романескен циклус, кој покажува блиско книжевно сродство со Никос Казанцакис, Панаит Истрати... Наредната книга, трета од романескниот циклус, *Атеистички музеј* треба да се појави наесен. Ќе треба да го проследиме со истото љубопитство како и двете претходни: тоа што бараме да го разбереме, со толку анксиозност, во историјата на Балканот, Луан Старова, истакнувајќи ја човештината, ни помага да го откриеме, дискретно, тоа што веќе го истакнавме дека едно такво дело останува дотолку повеќе актуелно.

ТАТКОВИТЕ КНИГИ

„Крајот на книгата е можеби крај на времето“
(Едмон Жабес)

...Или почеток на едно друго време ...
(Глорија Монтенегро)

Луан Старова ги доживеал новите граници во својата лична историја: југословенските, албанските и македонските. Во романот *Татковите книги* ја објаснува својата сопствена филозофија низ една чудна сказна доживеана на маргините на завршената Втора светска војна.

Книгата ја изнесува и одисејата на едно семејство на Балканот, доживеана низ една библиотека. Од сите страни во библиотеката: книги кои се раѓаат, живеат и умираат. Доминантниот лик во книгата, таткото, дојден од Цариград, со куфери, ја оформува својата трајна библиотека која се наложува и еволуира, надвладувајќи во семејниот живот, обезбедувајќи го издржувањето и образованието на шесте деца. Некаде библиотеката ги проголтува, изгубени во една книга, социјалистичките купони за снабдување намирници без кои ќе настапи глад во куќата. Но библиотеката го проголтува и татковото време...

Но, згора на сево ова, книгите се и предмет на потрага во балканските лавиринти. Во нив се крие надежта на излезот од една порта на спасот во многуте војни.

Војните секогаш означуваат нови мачни граници зашто тие ги разделуваат семејствата, градините и улиците и, што е најлошо, означуваат крај на обичаите. Во грижата за детаљот, авторот ни оживува фатално патешествие, но во атмосфера на семејно единство каде што може да се сонува заедно. Симболичните предмети ја обединуваат волјата на сите и повикуваат на ред со самото нивно присуство. Во нашиот универзум на компулзивна консумација, тешко е да се замисли значењето и улогата на еден поранешен каталог, како што ќе се случи со еден каталог на една италијанска стоковна куќа кој го добива мајката на патувањето во Италија со својот сопруг. Други предмети сведочат за пресечените корени какви што се сукцесивните врски клучеви на куќите напуштени засекогаш...

Драгоцен роман во еден универзум на војна, редови поезија и приврзаност, читателот е поштеден од ужасот, но ја разбира балканската драма, без да почуствува бес или омраза, но само фаталност.

Требаше да се живее низ очите на својот татко за да се напише овој роман; идентификацијата со таткото е тотална. Првото лице е заменето со „ние“. Ние, таа прогенитура пред патријархот. Овој живее на крстопатот на Ориентот и Оксидентот, помеѓу придобивките на Отоманската Империја и директното влијание на Ататурк...

Се работи за дуалитетот на еден човек кој живеел во драмата на принудниот егзил и зазема дистанца на историчар за да го разврзе јазолот. Но таткото е исто така антиномија на емигрант. Покорувајќи се на инстинктот на преживувањето на семејството и со среќата на зачуваниот идентитет,

тој се справува со сите ризици на војната за која беше сигурен дека нема да пламне. Секогаш предупредуван од својата сопатничка која ќе му рече на војникот на границата од својата родна земја дека „за мене татковината се наоѓа таму каде што се моите деца“.

Мојот „гватемалицитет“ ме поврзува со мојот татко, кој се борел за да биде разбран среде границите и со моите универзитетски сонародници кои заминуваа на миниранот терен на националниот универзитет Сан Карлос за време на вооруженот судир; повеќемина загинаа во војната, осиромашувајќи нè со нивното заминување...

(Глорија Монтенегро, Амбасадор на Гватемала во Париз, 1997 г.)

Кристоф Шикле

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ

Југославија, пролет 1945 година. Тито и неговите партизани ја преземаат власта. Во оваа епоха, овој комунистички водач, самопрогласен маршал, се замислува како мал Сталин на Балканот. Во пролетта 1948 година „големиот маршал “, го екскомуницира „малиот маршал“. Тито, сам не можеше да се спротивстави на Москва, која се затвораше во својот свет и на Вашинтон кој ја наметнуваше својата доминација почнувајќи од Грција во текот на граѓанската војна.

Требаше да минат 50 години за југословенскиот режим на крајот да се ослободи од последните сталинистички остатоци. Но, во меѓувреме различните народи на Федерацијата можеа да ги доживеат радостите на тоталитаризмот. Раскинот Тито–Сталин во 1948 година ќе го направи слеп еден дел „од другата европска левица“. Од социјалдемократите до троцкистите, сите ќе му ласкаат на „малиот маршал“, обидувајќи се да му се спротивстават на „малиот отец на народите“ и измислувајќи еден вид псевдо самоуправување, мошне далеку од реализациите на анархистичка Шпанија или унгарските работнички совети.

Накусо, критиката на Тито не беше лесна и експлозијата на сегашна Југославија ќе ги помеша картите и со тоа ќе ја отежне историската, реалната рефлексија. Анатемите лансирани од Хрватите, Србите и другите, како и од Албанците во егзил, ќе потсетуваат на старите соработници на Италијанците, Германците или Бугарите. Требаше да се почека на публикациите на Милован Ѓилас, потоа на филмот на Емир Кустурица „Татко на службено патување“, па донекаде да се добие пореална слика за епохата. Луан Старова, граѓанин на Република Македонија, роден во Албанија на почетокот на Втората светска војна, раскажува во својот роман за овој немирен и малку познат период: југословенска Македонија од 1945–1948. Политичката и меѓуетничката толеранција добива неочекувана форма кај стадата кози!

Денес сè уште, грчките граѓани имаат обичај да го поставуваат прашањето:

„Кои се трите рани на Грција?“

Одговорот паѓа како сатар:

„Козите, адвокатите и политичарите.“

Луан Старова потекнува од едно албанско интелектуално семејство, уште од времето на Отоманската Империја. Тој ќе биде југословенски, потоа македонски дипломат (имплозијата на Федерацијата обврзува). Во романот *Времето на козите* тој им ја припишува на македонските сталинисти од периодот 45–48 конечната осуда и елиминација на козичките.

За авторот, козата е најнапред производител на спасоносно млеко за сите деца на една земја во текот на четирите години од фашистичката окупација. Синоним на животот, толерантната коза ќе го дари своето млеко на дечињата од Скопје: Македонци, Албанци, Роми..., но исто така и на комунистите, анти-комунистите и особено на луѓето „без татковина“. Козите постануваат симбол на руралната слобода која беше одземена од Урал до Јадранското Море по напуштањето на НЕП во СССР до воспоставувањето на колхозите на Балканот. Овој рог на изобилството и на слободата можеше само да ги зачуди, но потоа и да ги иритира одговорните локални политички раководители. Претстоеше, по секоја цена, ослободување од козите прогласени за „антисоцијален елемент“. Козите ќе ја доживеат истата судбина како и сите противници, другите дисиденти. Скопското козиче ќе го има лицето на морнарите од Кронштад, на Бухарин, на Троцки, на Костов, на Димитров, на Велушиотис, но и на сите вљубеници во слободата во овој предел на јужниот Балкан.

Оваа идеја на селската и планинската чиста доброта би требало да биде противставена на тоталитарната градска власт. И така романот започнува со среќното и славеничко влегување на козите во Скопје и со нивната окупација на урбаниот простор. Треба да се зажали што преостанатиот дел на романот не ја содржи истата хумористична вена.

Старова исто така ги меша своите козји алегории со сопствената автобиографија и така се појавува сликата на татко му, кој напуштајќи ја родната Албанија, се населува во Скопје за малку по малку да стапи во служба на козите и нивниот „маршал“, големиот козар Чанга...

На крајот, да го одбележиме многу добриот превод на големиот специјалист за Балканот кој се крие под псевдонимот Клеман де Исартеги (вистинското име Патрик Крисман, б.м.) и кој пријатно го збогатува овој роман.

(Tageblatt N^{o} 19/septembre 1997, Luxembourg.)

Жак Гошрон

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ

Писателот ја познава земјата на козите и во албанскиот и во македонскиот дел, но го познава и периодот на бурните историски и социјални настани по војната, кога на власт стапува Комунистичката партија. Прашањето на стапувањето во индустриската ера ќе постави бројни проблеми, како на пример, во

прв ред, откорнувањето на сиромашните селани и нивното упатување кон мануфактурата и индустријата. Брзата урбанизација ќе се одвива со значајни социјални промени. Луан Старова, и самиот дете на осиромашено семејство, како што самиот раскажува, брзо ќе се искачи, во условите на „народната демократија“, по социјалната скала, првин како студент, потоа како професор на Универзитетот во Скопје, па како писател и дипломат.

Во овој контекст романот ќе се здобие со појдовен елан, почнувајќи од еден трагичен настан, пристигнувањето на илјадници кози со нивните козари набрзина урбанизирани, на централниот плоштад на градот Скопје. Може да се замислат предизвиканите проблеми, контроверзите, тешкотиите на власта со новонастанатата ситуација. Текот на дејствието во романот е поддржан со неколку хумористични пасажи.

Фигурата на таткото, ерудит и добар познавач на балканската историја, придонесува да мине романескното во имагинарно и во атмосфера на уверливо раскажување. Особено кога целосно ќе се наложи козарот Чанга, чија сирова добра смисла и приврзаност за селскиот живот ќе придонесат тој да се здобие со амблематски ореол. Тој е, помалку на фантастично ниво, а повеќе го изразува триумфот на слободниот селанец против одлуките на политичката власт и тешките услови на градскиот живот. Тој е херој на безусловната љубов кон животните, бунтовник којшто ќе исчезне со козите во утробата на еден недофатлив рид. Така расказот станува басна, се делокализира, и ако така може да се

рече, станува дел од големата дебата за тешкотиите на модерниот живот и неговите болни контрасти.

(Europe, revue litéraire mensuelle, novembre-décembre, 1997.)

Алексис Лорка

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ: МУДРОСТ И ФАНТАЗИЈА

Непосредно по војната, во Македонија, една од републиките на новата социјалистичка федерација Југославија, по принудната колективизација, високите раководители на државата водат силна кампања за индустријализација на земјата. Тие бараат од козарите да ги напуштат нивните живеалишта во планинските пределu за да работат во град.

Така младиот наратор, кој води потекло од едно балканско откорнатичко семејство, гледа како еден ден во градот слегуваат маса селани од планинските предели... и нивните кози. На секретарот на Партијата, кој бара начини да се ослободи од оваа бела наезда, Чанга, портпаролот на козарите, му прогрмува: „Ние нема да зачекориме ниту стапка во социјализмот без нашите кози!“ Козјото млеко претставува базичен елемент на жителите на Балканот, вечни жртви на историјата. Истото искуство на страдање ги собира околу козите овие селани од различни етникуми и конфесии. Се разбира, ова ќе наиде на лош прием кај месната власт, решена да ја совлада „белата контрареволуција“...

Мудрост и фантазија, едноставност и длабочина, хумор и рефлексивност: овој роман обединува илјада нијанси на успешна алегорија. Оваа сочна козја ода беше номинирана за најдобар странски роман во Франција за 1997 година.

(Lire, été 1997.)

Клодин Хелфт

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ ВО СЕНАТОТ НА ФРАНЦИЈА

„Реката претставуваше
постојан повик
кон другаде, поттик
да ја продолжиме нашата скитија
кон непознати
предели.“

Времето на козите

... Пределот на истекот на реката од Охридското Езеро кај Струга е крај на соништа на коишто поетите фатално се предаваат. Името „Дрим“ зарем не е повик на сонување во себе на еден друг јазик?

*
* *

Се случуваше во еден од првите париски октомвриски денови кога во Сенатот на Франција, сенаторот Робер Бадентер водеше една „посебно исклу-

чителна“ сесија: поезијата овде се соочуваше со големите проблеми на човештвото, за што нашето внимание го обземаше Едгар Морен; неговата анализа, неговата мудра елоквенција, му оддаваше заслужено признание на последното дело на Луан Старова, објавено на француски јазик – *Времето на козите*.

Оваа книга беше одбележана од париските медиуми за храбриот и оригинален симболизам во својата содржина. Бројни беа македонските и француските пријатели. Големиот актер-уметник Жан Негрони, близок актер на Жерар Филип, му го позајми својот глас на текстот. Можеше да се забележат видни личности од кинематографијата, театарот и телевизијата во Париз, неколку славни писатели меѓу кои Морис Друон, постојан секретар на Француската академија, поетот Адонис и други...

Со години Луан Старова беше меѓу главните организатори на славните Струшки вечери на поезијата. Оваа година, кон крајот на август, на отворањето на Вечерите во големиот театар во Струга, беше и тој во својство на постојан претставник на својата земја во УНЕСКО, во придружба на генералниот директор на УНЕСКО Фредерико Мајор, човекот со висока и елегантна фигура (овде присутен како челник на светската организација, но и самиот поет), и Адонис, лауреатот на Струшките вечери на поезијата, потоа градоначалникот на Струга, како и многу поети од целиот свет...

Златниот венец на поетска Струга, доделуван секоја година на еден голем поет во светот, денес претставува институција во меѓународниот свет на поезијата. Оваа институција ќе ја извишат славни

поетски имиња, меѓу кои да наведеме само неколкумина: Ежен Гилвик, Рафаел Алберти, Леополд Седар Сенгор, Јосип Бродски, Еуџенио Монтале, Јанис Рицос, Јехуда Амихаи и други.

Во август беше славен Адонис: тој е еден од маркантните поети на XX век, еден од писателите кој се заземаше за своите браќа, под услов ова братство да ги мине границите; светот е неговата татковина, човештвото неговото срце, неговиот пат е животот; граѓанин на зборови, поет на мирот, поет кој му се предава целосно на својот арапски јазик.

Еве како тој се изрази во чудесната катедрална црква Света Софија во Охрид:

„Поезијата е врска со силно значење на зборот, на сопственото јас населено од другиот: поезијата не создава само врска помеѓу суштествата, туку таа го осветлува патот и пред нив го отвора бескрајниот хоризонт.“ (…)

(фрагмент)

(L. Arche, N^{o} 480, janvier 1998.)

Жан Домек

СВЕДОШТВО НА ЕДЕН КОЗОПИСЕЦ

„Во 1632, Галилеј побарал од инженерите да ни го откријат вистинскиот систем на светот.“ Така, универзалната Божица, природата, станува машина. Човекот ќе стори лудории. Козата, мајка на светот, ќерка на сонцето, доилка на Зевс, симбол на при-

мордијалната супстанција, отелотворување на плодноста на природата, ќе биде прогонувана и казнувана. Во Франција, во напорите за одржување на водите и горите, со декрети на Колбер во 1669 година, ќе се предложат во серија забрани против вековните обичаи. Тие ќе целат кон исклучување на козите „од сите места каде што надежните дрвја треба да бидат зачувани од отровните заби на козите.“

Во целиот тек на „Векот на просветителството“ (Siècle des Lumières), во името на прогресот на агрономијата „просветените“ земјопоседници поставуваат огради и се здобиваат со нови комунални поседи. Зар кутрата козичка нема да биде прогонувана во XIX век од империјалната, кралската и републиканската администрација поради нејзините „растечки уништувачки апетити“?

Во XX век, во нивниот бес да се пресметаат со природата поради „индустридолатријата“, капиталистичкиот, фашистичкиот и комунистичкиот систем ќе настојуваат дефинитивно да ја победат козата, зашто таа претставува продолжување на традицијата и носталгијата. Капитализмот во темните работилници; фашизмот, со декрет на Мусолини во 1923 година, ќе се обиде во Италија да ги обесхрабри козарите наложувајќи зголемен данок за секоја коза. А што се однесува до комунизмот, податоците говорат најдобро: во Полска, во која имало 831.000 кози во 1948 година, во 1971 нема да има повеќе од 104.000 кози. Покачувањето на животниот стандард ќе го намали интересот за козите, оти било вообичаено да се поврзуваат со сиромаштијата и земјоделскиот опскурантизам...

Восхитувачкиот, возбудливиот и волшебниот роман *Времето на козите* на Луан Старова, ни раскажува за македонскиот отпор по наредбата за уништување на козите во периодот на социјалистичката власт на Тито, воспоставена во 1945 година. Всушност, целта на режимот била да ги трансформира селаните во нова работничка класа на пролетери кои ќе го вложат својот труд за создавањето на најавениот индустриски рај кој ќе овозможи најпосле „новиот човек“ да биде „господар и поседувач на природата“!

Раскажувањето за оваа трагедија сугерира да се насети голема надеж. Бунтот на козарите, групирани во различни делови на Скопје, го повлекува и населението. Луѓето си спомнуваат дека „козата го открила кафето, покажала како треба да се поткаструуваат ластарите во лозјата; ако се спореди тежината на козата со онаа на кравата, козата дава осум до десет пати повеќе млеко отколку кравата; својствата на козјото млеко се блиски до оние на мајчиното, а тоа значи дека козите ги спасуваат животите на бебињата. Придонесуваат за доброто здравје на возрасните и на старците“.

Таков е романот *Времето на козите*, кој го најавува XXI век, помирувајќи ги човекот и природата со посредство на козата. Само отпорот на козите, на козарите и вљубениците во козата, можат вистински да ја докрајчат суетата на имбецилните и деструктивни идеологии.

(Жан Домек, козји писател на 7 јуни 1999 г.)

Livres Hébdo, 15 mai 2009:

ФАБУЛОЗНИТЕ ЈАГУЛИ

Меѓу Албанија и Македонија, фашизмот и сталинизмот, едно семејство како и јагулите го бара патот низ реките до далечните мориња. Роден во Албанија (во 1941 г.) уште како мал Луан Старова пребегнува со семејството во Македонија, потоа професор по француска книжевност, ја преставувал својата земја како амбасадор на Југославија во Тунис, која потоа станала фикција. Потоа станува прв амбасадор во Франција на Македонија, земја со немалку немирна меморија и неизвесни траги. Авторот има со што да стане, каков и што е, мајстор на фикцијата и на раскажувањето.

Оваа библиотека се појавува како лик во семејниот роман на Луана Старова. Неговиот татко, именуван како Таткото во романот, отсекогаш ја носи со себе својата библиотека, слика на предците уште од далечниот Цариград. Додека Албанија ќе се најде под ударот на фашизмот, виа Италија и сталинзмот ќе се пресметува со југословенскиот отпор, Таткото и семејството ќе најдат засолниште на македонскиот брег на Охридското Езеро. И ова езеро – Езерото, во романот – исто така се потврдува како лик не помалку впечатлив од библиотеката.

Низ Езерото минуваат, всушност, јагулите на пат низ малите и големите реки кои се влеваат во далечните мориња чии имиња предизвикуваат соништа. Таткото, внесен во своите книги и во своите

географски карти, постојано само мисли како да го најде и да го следи патот на јагулите кога во истовреме шепата на тоталитаризмот ги покрива Македонија и Албанија.

Мајката, напротив, би сакала семејството да остане вкоренето во родната земја. Додека децата ја доживуваат радоста и страста поради сите овие можности: тоа овозможува во текот на пишувањето, да се спасат од сивилото и од заканите на историјата која е по малку легендарна и по малку митска.

Таткото во своите опсесии го поддржува еден руски емигрант спасен од сталинизмот и еден негов тукашен соработник. Триото на неодоливите „балкански Дон Кихотовци“ ја збогатува книгата со извишеност и химеричност. Миграцијата на јагулите продолжува наспроти гигантските работи, заканите кои притискаат врз езерото и лошиот однос кон природата. Не успевајќи да мигрираат, Таткото и неговото семејство на посебен начин го откриваат патот на слободата.

Во овој автобиографски роман, Луан Старова го продолжува градењето на една *„балканска сага“*, *која веќе е дел на големите европски романи*. Не мора да се читани другите томови, ниту да бидат читани во некој редослед, за да се цени посебно *Патот на јагулите*. Ништо не пречи потоа да се откријат *Времето на козите* (Фајар, 1997), *Татковите книги* (Фајар 1998), *Музејот на атеизмот* (Фајар 1999) и *Брегот на егзилот* (Л`Об, 2003).

J.-M.M.

БАЛКАНСКА САГА ЗА МИГРАЦИИТЕ

Патот на јагулата како метафора на егзилот

Научници истражувачи специјалисти за *Anguillia anguillia* и *Anguillia rostrata* се поделени во мислењето дали јагулата е пелагиски вид кој живее во длабоките морињa или не. На овие научни дебати се надоврзува енигматичниот феномен на размножувањето, којшто ја води оваа необична риба до Саргаското Море минувајќи низ патишта со семожни опасности. Не може да се најде подобра слика за да се означи во еден роман кој би можел да го носи поднасловот *„Сага на една миграција низ Балканот, од Албанија во Македонија.“*

Како да се именува тоа што уште од почетокот на романот го наложува своето присуство? Езерото, симбол, ентитет, географско место со силно присуство како лик? Никогаш поинаку именувано освен како Езерото, во реалноста, Охридското Езеро, со својот албански брег, градот Поградец во кој е роден Луан Старова и во кој централниот лик во романот, наречен Татко, се враќа со своето семејство по завршените студии во Цариград, цврсто решен *„да навлезе во тајните на историјата на Отоманската Империја на Балканот.“*

„Генот на заминувањата“

Драмата се одигрува помеѓу Езерото и Таткото. Јагулите, го напуштаат Езерото, го минуваат патот

низ големите реки и стигнуваат до океанот; за Татково, кој бега од фашизмот дојден од Италија ќе нема спас *„освен верно да го следи патот на јагулите“* и неговите деца ќе се соочат со истата „проблематика на излезот од порочниот балкански круг“.

И мајката на Таткото, од турско потекло, и таа ќе го има *„генот на заминувањето“*, кој се спротивставува на *„антигенот за останување во родното место“* на својот маж.

Меѓутоа, Таткото го запознава Игор Лозински, биолог кој, за да се *„спаси од сталинизмот“*, ја напуштил Русија со својот асистент Горски. Овие тројца *„балкански Дон-Кихотовци“* ќе ги поврзе заедничкиот интерес за јагулите. Набљудувајќи ги овие патнички кои заминуваат од Езерото на пат кон Атлантикот преку Медитеранот, Таткото е обземен од мислата *„за милионите луѓе обземени од сонот да заминат кон новите брегови на спасот“*, најден во виорот на војната, потоа во нејзиниот крај со нови граници, кога емиграцијата ќе биде невозможна. Тој заедно со семејството ќе се најде во некаков вид затвор во границите на Балканот, како и самите јагули, запрени на нивниот пат пред изградените брани на хидрауличните централи. *„Додека идеологиите го пресечуваа патот на луѓето, браните се заканувааа на патот на јагулите, како и нивниот животен циклус.“*

Постојат дела кои ја обележуваат книжевноста, и кои, згора на тоа, се неопходни. Таков е случајот на овој роман со тристрана вредност. Литературна – со своите романескни вредности, односно дејството и реакциите на ликовите кога раскажува-

њето има колку психолошки толку и акционен тек; историската вредност на романот се должи на опфатот на епохата и драматичните епизоди чии последици не ја загубиле својата актуелност во регионот. Според третото обележје во кое романот има универзален карактер, бидејќи иако дејствието се случува во ограничен географски простор, сите мигранти без цел и без надеж за отворени патишта го имаат животот на ликовите на Луан Старова.

(Pierre-Robert Leclercq, Le Monde, 10 juillet 2009.)

Жаклин Деренс

ПАТОТ НА ЈАГУЛИТЕ

Романот *Патот на јагулите* би можел да го има насловот *Историја на Балканот* видена од аголот на падот на империите, книга која главниот лик сонува да ја напише. Овој лик на Таткото, како и во сите книги од Луан Старова, кој ја продолжува балканската сага, продолжува да доминира и во овој петти роман објавен во Франција. Тој беше човек сонувач кој живееше повеќе во својата библиотека отколку во надворешниот свет, тој го води своето семејство по патиштата на егзилот за време на судирите кои го загрозувале спокојот на луѓето на Балканот, со постојано менливи граници, со преселби на луѓе и народи, под знакот на победите и поразите на различни армии. Неговиот сон е повторно да ја открие родната земја, како и јагулите

кои се препуштаат на необичниот и мистериозен пат до Саргаското Море, за потем да се вратат во нивните родни води на Балканот. Ова патување, од перото на Старова, роден во Албанија, потоа според волјата на историјата е југословенски, а потоа и македонски граѓанин, добива книжевна и поетска слика за човековата судбина.

Дали треба, како Таткото или јагулите кои се потчинуваат на еден мистериозен поредок, да посакаат по секоја цена да се вратат во родната земја? Или, уште подобро како Мајката, која ги чува во посебна врска клучевите од сукцесивно населуваните куќи, за да завршат во еден предел за да го живеат животот каде што ги испратила судбината? Не е лесно да се одговори на ова прашање кога си Балканец како што се членовите на семејството на нараторот и кога конфликтите ги приморуваат да живеат на двата брега на Охридското Езеро разделени со граница. Само патот на јагулите овозможува да се минат границите што секогаш ги воспоставува новата империја. Последната, сталинистичката империја во своите најлуди соништа оди подалеку од претходната: ја напаѓа Природата и сака да го промени текот на реките.

Оваа закана ја формира интригата на романот и поглавјата, читателот останува со задржан здив следејќи го патот на јагулите за да дознае дали тие конечно ќе бидат „жртви на култот на прогресот“. Дали реката ќе биде жртва на просветителите на Партијата, како што добро именуваниот Јагулче Дримски тоа најдобро го потврдува: *„Сега јас ќе покажам како и каде ќе тече реката.“* И текот на

реката ќе се промени. Тогаш што ќе прават јагулите за да го најдат нивниот вечен пат?

За среќа тројцата „Дон Кихотовци“ ќе направат сè што било можно за да се спасат јагулите. Еден руски биолог, емигриран крај бреговите на Езерото, кој се спријателува со Таткото и соработникот на рускиот научник кој всушност со потресно предоаје пред надлежните високи власти ќе се обиде да ги спаси јагулите и нивниот мистериозен пат започнат уште во праисконските времиња.

„Која може да биде причината за овој мистериозен поредок кој се пренесува на сите јагули?“ се прашува рускиот научник за да заклучи дека сигналот кој ги собира сите јагули на планетата е „истата сила која ги носи кон последната средба на животот и смртта. Ова е моќно и чудесно единство, но единство до кое, без никакво сомнение, човекот не би можел никогаш да дојде.“

Меѓутоа, главната порака не можела да се смета за песимистичка, напротив, од оваа профинето структурирана проза се ослободува мудрост која ја поттикнува надежта на човекот. Луѓето можат да ги кренат границите, да ги совладаат противниците кои ја загрозуваат природата во името на прогресот, но секогаш ќе има разумни кои ќе се осмелат да речат:

„Би можело ли некогаш да се случи да градиме врз систем кој сме го уништиле! Дали би можело никогаш да не се случи ние, сиромашките луѓе разделени од Европа пред векови, со минато со прекини, да го спасиме чудесниот континуитет на животот кој бил одржуван со милиони години.“

Во бестиариумот на Луан Старова, мистериозната јагула не е далеку од козата-хранителка и секоја еволуирајќи во својот елемент, во водата и на земјата, ги упатува луѓето, сакале или не, да ги насочат нивните закони или чекори кон длабоките вистини кои го осмислуваат животот.

(Le Courrier des Balkans, 2 juin 2009.)

Анри-Ноел Желинан

ПАТОТ НА ЈАГУЛИТЕ

Чудесна алегорија помеѓу митската потрага, почнувајќи од праисконските времиња и јагулите, за да се открие патот на животот, како и на народите на Балканот, во потрага на големиот излез кој води кон светот на слободата.

Низ семејната скитија, авторот раскажува историја на цел еден народ, потчинуван во текот на вековите, под тешкиот и разурнувачки притисок на империите кои се менувале, според иста шема: величина, слепа моќ поврзана со деспотизам и на крајот пад.

Авантурата личи на вечно започнување, се чини, без да се потпира врз извлечени лекции од негативните искуства од минатото.

Оваа автентична судбина изгубена во сукцесивните трагични настани на XX век, е, исто така, химна на незапирливата љубов на родната земја, чии корени остануваат живи, во длабините на битието, без оглед на поврзаноста за новиот пристан.

Нема сила која би можела да го уништи ова архаично чувство на припадност на една земја и на еден народ, кој како јагулите, трага по враќањето на изворите за да стигне таму и да умре, исполнувајќи го циклусот на животот.

Лајтмотив на прости зборови, праведни, по должина на целиот овој човечки тек, кој се пробива и се лизга како водата, извор на вечниот живот.

(Прилог на: S.A.R.L. Librairie de l' Université, Poitiers.)

Бернар Валеро

ГОВОР НА СРЦЕТО

Јас сум, а тоа не му се случува често на еден амбасадор, мошне импресиониран, да му се обратам на овој престижен собир во Македонската академија на науките и уметностите. Ми беше побарано да зборувам за Луан Старова, а тоа е како да се бара да зборувам за Стендал или за Албер Ками. Меѓутоа, јас сум само скромен амбасадор. Значи, јас ќе ви зборувам за Луан, но тоа нема да произлезе од културата или науката, туку едноставно од срцето...

Но денес, во името на мојата земја Франција, би сакал да му ја изразам најтоплата благодарност зашто тој со своето книжевно дело, со својата балканска сага, со својата мисија како прв амбасадор на својата земја во Франција, успеа да ги освои срцата на моите сонародници. Тој успеа, од една страна, да придонесе Французите што подобро да го запознаат

овој регион на Балканот, а од друга страна, јас би сакал да нагласам два парадокси кои произлегуваат од читањето на делото на Луан Старова.

Првиот парадокс е, кога се читаат неговите дела, вие господин Старделов, претседателе на Академијата, тоа добро го нагласивте, јас посебно мислам на романите *Времето на козите* и *Патот на јагулите*, денес во светот има многу малку луѓе, кои би можеле да зборуваат, посебно да пишуваат и кои би можеле да ги споделат со својот голем талент вредностите на Европа. Тоа е првиот парадокс, односно било да се работи за личност од Македонија или од Балканот која успева да пренесе европски вредности.

Јас исто така мислам на чудесниот показ на апсурдноста на границите на Балканот во романот *Патот на јагулите*. Импресионира и чудесната лекција на скромност во претставувањето на човековата судбина во романот *Времето на козите*. И, се разбира, јас би можел да наведам многу други примери, но само за да нагласам дека како Европеец, како Французин, јас многу Ви благодарам.

И вториот парадокс кој би сакал да го нагласам е од сосем личен карактер. Има во животот на Луан Старова една личност која силно го обележала а тоа е неговиот Татко. Тој бил близок со еден француски генерал, Едуар Иполит Огист Мортје (Eduard Hyppolite Auguste Mortier), командант на територијата на Поградец, на брегот на Охридското Езеро, за време на Првата светска војна, кога во годините од 1916 до 1919, странските сили на овие територии ќе водат ужасни битки.

И парадоксот е во тоа што еден Французин, дојден овде, на овие земји и благодарение на еден чудесен и универзален писател каков што е Луан

Старова, открива една татковина на сопствената историја, во почетокот на XX век, недалеку од Корча. И, ако Луан, Вашиот татко бил во пријателски врски со еден француски генерал од почетокот на XX век, вие бевте посебно поврзани со еден француски дипломат од крајот на XX век, а тоа е вашиот колега Патрик Крисман, кој обратно од Вас, беше првиот амбасадор на Франција во Македонија.

Патрик Крисман го преведува делото на Старова на француски јазик. Поранешен амбасадор во Македонија и во Албанија, тој е сега амбасадор на Франција во Монголија. И еве со години како вие заедно споделувате чудесна творечка мисија. Тоа покажува до кој степен вредностите на верноста на пријателството имаат голема смисла.

Јас би сакал да Ви нагласам, претседателе на Академијата, а Вие тоа исто така го предочивте, дека Луан Старова со својата балканска сага која ја пишува со години вистински нѐ зближува. Денес светот ова дело го открива низ бројните преводи. Тоа дело е извор на енергија, инспирација и креативност и посебно на човечност. Тоа покажува дека Македонија не е сама.

И јас би сакал на крајот во името на мојата земја која ја претставувам да Ви речам, Луан: Франција Ви вели Merci! Ја би сакал да речам дека Вашата мисија не е осаменичка и јас мислам дека сета сага што досега ја напишавте и продолжувате да ја пишувате веќе со години, има некој кој има одиграно значајна улога покрај Вас и јас би сакал и нејзе да ѝ се заблагодарам. Тоа е госпоѓата Гзиме Старова.

(Бернар Валеро, амбасадор на Франција, на промоцијата на *Патот на јагулите* во МАНУ, на ...)

LA SAGA BALKANIQUE DE LUAN STAROVA

(Résumé)

La vie et l'oeuvre créatrice de Luan Starova ont d'emblée emprunté le chemin de l'exil au moment où, en barque et à la faveur d'une nuit de 1943, il a, en compagnie de sa famille, franchi la frontière divisant le lac d'Ochrid entre l`Albanie et la Macédoine pour, au terme d'une traversée de quelques heures, gagner la ville de Struga, située sur la rive opposée à celle de son pays natal.

Pour être au coeur même du quatrième tome de la saga balkanique de Starova intitulé *Le rivage de l'exil* et dont la traduction française a été publiée en 2003 aux Editions de l'Aube, cet exil n'en figure pas moins aussi dans plusieurs romans de l'auteur, notamment *Les livres de mon Père*, *Le Temps des chèvres* et *Le Musée de l'Athéisme* sortis respectivement chez Fayard en 1997, 1998, 1999. Il devient ainsi loisible d'avancer que, de son premier roman – *Kufijtë e pranverës (Les Frontières du printemps*) paru en albanais, à Pristina (Kossovo) en 1971 – à l'ultime volume de sa saga balkanique de quinze tomes, dont onze sont déjà à la disposition du lecteur, Starova reste avant tout guidé par une idée maîtresse: relever un étrange défi, assumer une périlleuse mission, à savoir se lancer à la recherche du chemin permettant à l'auteur et aux siens d'effectuer ce RETOUR D'EXIL

auquel ils n'ont cessé d'aspirer. Pour inexistant qu'il s'avère au bout du compte, ce chemin n'en réserve pas moins d'étonnantes surprises, il est vrai des surprises de nature à faire même parfois douter de l'impossibilité de mener à bon port cette quête opiniâtre. Ainsi en va-t-il, par exemple, de la citoyenneté d'honneur décernée en 2003 à Luan Starova par la ville de Pogradec, qui l` a vu naître, dont sa famille, irréconciliablement brouillée avec le fascisme, avait été chassée soixante années plus tôt et qui, désormais affranchie d'un autre joug – celui du régime stalinien d'Enver Hoxha – s'est empressée de mettre à l'honneur ce fils devenu célèbre et dont sa ville natale est maintenant fière de la renommée internationale.

Cette notion d'exil, qui constitue le thème essentiel de la création de Starova est un sujet complexe et, pour ainsi dire, composé de plusieurs strates à la fois imbriquées et superposées. De fait, Starova accepte non seulement les contradictions auxquelles il se trouve confronté comme peu d'écrivains balkaniques ont tendance à le faire, mais s'applique encore et surtout à les réconcilier, démarche qui le singularise aussi de manière éclatante parmi ses pairs, puisque ces derniers tendent normalement à monter en épingle dans leurs ouvrages les antagonismes inhérents à l'apparition de situations contradictoires. Il n'est jusqu'au domaine linguistique où l'auteur ne veille à rester fidèle à la ligne de conduite qu'il s'est tracée: en persistant à écrire alternativement dans les idiomes fort éloignés que sont l'albanais et le macédonien, Starova vise à réconcilier les sensibilités différentes intrinsèquement liées à sa langue maternelle et à celle de son éducation. C'est donc à juste titre qu'Edgar Morin continue à voir dans la vie et l'oeuvre

de Starova *"le représentant de la convivialité et de l'ouverture balkaniques, l'homme qui, toute sa vie, a incarné la fraternité balkanique sans une seule refermeture ethnique".*

La première pierre de l'imposant opus littéraire de Luan Starova, "cette cathédrale de papier et d'encre", a été posée sous l'effet du hasard: résidant à Struga, "sur le rivage de l'exil", et ayant hérité du fonds de livres considérable amassé par son père, le fils-narrateur remarqua, en feuilletant des ouvrages, les nombreuses traces de cendre qui s'étaient accumulées sur les feuillets au fil des lectures passionnées de son père, lequel, une cigarette à la main et totalement absorbé par ses recherches érudites, omettait de faire usage du cendrier disposé devant lui.

C'est ainsi que, bien des années après le décès de son père, Starova acquit, en pénétrant toujours plus avant dans les arcanes de la bibliothèque paternelle, la conviction qu'il était de son devoir de conter l'histoire du "temple portable" que son père avait, volume après volume, méticuleusement érigé tout au long de son exil. C'est en suivant ces taches de cendre que le fils-narrateur a décidé de partir en quête de l'itinéraire que le destin avait assigné à son père aux fins de revisiter les endroits clef qui avaient jalonné le si long exil de sa famille balkanique, mais sans négliger pour autant de restituer l'histoire de la présence de chaque livre au fil de la découverte des pérégrinations entreprises par les siens pour trouver une issue aux situations barbares où les avait plongés la succession de soubresauts tragiques ayant affecté les Balkans tout au long du XXème siécle.

On comprend donc pourquoi Yves Bonnefoy a pu écrire: *"cette saga de Starova, qui commence avec les livres de son père, sonne comme une prise de conscience d'une figure symbolique, celle de la bibliothèque elle-même, avec les livres sur les chèvres, sur les anguilles, sur les janissaires et autres phénomènes, une bibliothèque qui se transforme alors en mythe, en bibliothèque des mythes, mythes pénibles, mais riches en espoir pour ces Balkans que nous aimons et que l'auteur s'évertue à nous faire encore aimer davantage sur un fond d'incertitudes et de réactivation de tentations historiques lourdes de conséquences. Ce sont tous ces éléments combinés qui font de la création de Starova une oeuvre monumentale dans un contexte qui reste grave et en des heures qui s'avéreront peut-être décisives pour les Balkans".*

Les livres de mon père (1992), premier livre de la chronique balkanique de Starova, écrit simultanément en albanais et en macédonien, a été traduit en français à partir des deux langues par le traducteur de l'ensemble de la saga, l'Ambassadeur Patrick Chrismant (sous le pseudonyme de Clément d'Içartéguy), et de là publié dans de nombreux autres pays, dont les USA et la Turquie.

Dans le second livre de la saga, *Le temps des chèvres*, le fils-narrateur, parti à la recherche de la genèse de la bibliothèque paternelle et des raisons en son sein de la présence d'ouvrages consacrés aux caprins, découvre une nouvelle étape de l'exil de la famille à l'époque du totalitarisme prévalant dans l'après-guerre à Skopje, capitale de la Macédoine, alors membre de la Fédération yougoslave, le narrateur est confronté à la fin du paradis de son enfance du fait que le régime avait opté, dans sa volonté forcenée de créer un homme

nouveau en transformant une paysannerie au mode de vie traditionnel en un parangon de classe ouvrière, opté pour le massacre des chèvres qui avaient jusqu'alors joué un rôle clef dans une société toujours profondément ancrée dans sa ruralité.

Bien qu'écrit voici longtemps (1992), ce livre, qui met à nu le mécanisme provocateur du mal totalitaire et dénonce tout le jeu des inerties qui mèneront plus tard aux guerres fratricides des Balkans (Bosnie, Herzégovine, Kossovo, etc...) reste toujours d'actualité et a d'ailleurs été déjà publié dans une quinzaine de langues. Il est vrai que dans cet ouvrage où, selon Alain Bosquet, *"la satire s'allie à la parabole, où la fable admet plusieurs interprétations symboliques et où l'on manie avec intensité la malice et la magie, l'allégorie est fille de la maestria au point qu'il n'est pas exagéré d'avancer que Gogol n'est pas loin"*.

Le troisième tome de la saga de Luan Starova, *Le musée de l'athéisme*, retrace le face à face du fils-narrateur, toujours hanté par le mythe du retour d'exil, avec le pays qui l'a vu naître, l'Albanie, où le destin le conduit en 1979, alors même qu'on y fêtait le centenaire de la naissance de Staline!

La visite de l'auteur, venu sélectionner une pièce pour le théâtre albanais de Skopje, se transforme, dès que le fils-narrateur prend ses distances avec le diktat staliniste de ses hôtes, en un cauchemar dont le dernier acte de cette "farce tragique" se jouera au Musée de l'athéisme de la ville de Scutari.

Nul n'ignore que Maurice Druon se posait fréquemment la question de savoir *"pourquoi le marxisme avait pu avoir une telle diffusion et pourquoi il avait pu*

s'imposer si fortement à tant de peuples". Le secrétaire perpétuel de l'Académie française en était arrivé à la conclusion qu'il en était allé ainsi parce que *"l'on avait mis dans cette philosophie, et au premier chef en Russie, un contenu mystique et parce qu'un peuple, comme le peuple russe, avait mis une charge de mysticisme sur une théorie qui voulait être matérialiste, qui l'était et qui descendait finalement tout droit du positivisme"*.

Maurice Druon ne pouvait, il va de soi, que professer un intérêt particulier pour ce livre de Starova puisqu'il *"projetait une lumière très précise, très focalisée, sur une attitude qui avait coûté tant de vies humaines, tant de souffrances, tant de déportations et, finalement, tant d'esclavage volontaire aux peuples satellites"*.

Maurice Druon en était ainsi venu à considérer le livre en question comme *"un apport incontestable à la littérature et à la pensée contemporaines, une oeuvre contribuant grandement à la place littéraire de la Macédoine dans l'ensemble européen"*.

Le rivage de l'exil, quatrième livre de la saga balkanique de Luan Starova, constitue, selon Edgar Morin, le plus beau, le plus épanoui des livres de cet auteur. Ce livre de tendresse contient en effet, dans sa texture intime, la tragédie des Balkans. Et Morin d'ajouter que, *"si cette histoire peut sembler tragique – et elle l'est – Luan Starova n'en réussit pas moins, avec ses yeux d'enfant, le tour de force de nous inclure dans cette famille étonnante, pleine de ressources et d'humour, qui témoigne de l'étonnante vitalité de l'espèce humaine!"*

Le cinquième roman de la saga est *Le chemin des anguilles*, traduit en français toujours par Patrick Chrismant (Clément d'Içartéguy) et publié en 2009 par les éditions des Syrtes.

"Livres Hebdo" avaient, dans leur livraison du 15 mai 2009, noté d'emblée que *"dans ce roman autobiographique, Luan Starova poursuivait l'édification d'une saga balkanique qui faisait déjà partie des grands romans européens"*. Le même jugement a été porté par Pierre-Robert Leclercq dans un article publié dans "Le Monde" du 9 juillet 2009 sous le titre "Une saga balkanique des migrations". On pouvait notamment y lire: *"il est des livres qui marquent la littérature et qui, de surcroît, sont indispensables. C'est le cas de ce roman à trois facettes. Littéraire par sa qualité romanesque, c'est-à-dire par l'enchaînement des faits et par la réaction des personnages quand le récit se fait autant psychologique que d'aventures; historique par son cadre, où revivent une époque et des épisodes dramatiques dont les conséquences sont toujours d'actualité; de caractère universel enfin car, si la toile de fond est un espace géographique bien délimité, tous les migrants sans but et sans espoir de chemins ouverts vivent l'existence des personnages de Luan Starova"*.

Par la subjectivité des métaphores, ce livre s'avère de fait être un message adressé à l'Europe qui déploie des efforts en vue de la sauvegarde du lac d'Ochrid, patrie ultime et définitive de Starova. Mais ce roman s'insère également bien dans l'itinéraire de l'exil de l'auteur. Livre allégorique, mais livre évocateur aussi d'une histoire séculaire et tragique, cet ouvrage porte en effet témoignage de deux peuples au destin constamment déchiré et "il finit ainsi par devenir le vivant symbole de ces familles déracinées aux espérances toujours contrariées".

Dans l'avant-propos de ce roman, Predrag Matvejevic ne remarquait-il pas d'ailleurs que *Le chemin des anguilles* représentait, dans les littératures européennes contemporaines, *"l'une des meilleures contributions à l'étude du mythe des frontières balkaniques et de l'absurdité de leur existence, si bien que le symbole de la migration des anguilles, connue dès l'Antiquité, allait désormais occuper grâce à cet ouvrage une place importante dans l'histoire des frontières"*.

L'auteur consacre entièrement le sixième tome de sa chronique – *La forteresse de cendres* – au personnage central de la saga, à savoir son père, auteur d'une découverte appelée à faire date, celle des minutes ou sigilles de Bitola, archives des cadis de la ville ottomane de Monastir, qui s'étalent du XVIe au XIXe siècles et qui s'avèrent d'une importance fondamentale pour décrypter l'identité des Balkaniques convertis à l'islam.

Le livre retrace également la genèse du diplôme de cadi obtenu par le père de l'auteur, qui l'aidera à sauver sa famille et à lui faire traverser indemne plusieurs régimes balkaniques (le nouveau régime turc, le régime monarchique albanais et le régime communiste de Macédoine). *La forteresse de cendres*, centrée sur le père de l'auteur et sa bibliothèque, éclaire la complexité balkanique peut-être mieux que ne le font des ouvrages documentaires. Comparant cette oeuvre au roman d'Umberto Eco *Le nom de la rose*, Léon Somville a souligné que dans *Les livres de mon père et La forteresse de cendres*, Luan Starova *"nous avait ménagé une surprise finale: la découverte du ressort bibliophilique"*. Le critique a, en effet, été particulièrement frappé par le fait que le père de l'auteur n'avait pas recherché la

gloire avec ses découvertes, dont les droits de traduction lui furent d'ailleurs subtilisés par d'autres, mais juste la lumière lui permettant de sortir du labyrinthe de l'exil balkanique, de sauver sa famille et d'assurer un avenir heureux à sa progéniture. C'est le sens qu'il convient d'ailleurs de donner au fait que le père de l'auteur ait finit par considérer ces milliers de fiches "comme autant de feuilles de l'arbre de sa vie".

Le roman *Everhe – Livre sur une mère* – septième tome de la saga balkanique de Luan Starova est consacré à *"la belle, l'admirable et discrète figure de la mère, épouse certes, mais aussi acolyte du grand liseur, servante elle-même des livres, génie silencieux du foyer qui s'active et se tait, qui sait défendre les siens parce qu'elle connaît les langues telles l'italien, le grec et le français"*.

Il y a dans ce livre tout de douceur et de larmes radieuses, une forte charge émotive. Cet ouvrage a, par ailleurs, le mérite d'élever la femme albanaise et balkanique au-dessus de toutes les contradictions qu'elle rencontre dans l'histoire de la péninsule, tout en la rendant proche et acceptable pour tous les lecteurs, à quel qu'endroit qu'ils se trouvent et quelles que soient leur appartenance ethnique et/ou religieuse. Dans ce livre, qui rehausse le niveau de sa saga et qui constitue un défi de plus pour ses anciens et nouveaux lecteurs, Luan Starova démontre qu'il écrit pour témoigner et consigner, avant qu'une dernière catastrophe ne vienne disperser les reliques, les dernières archives, les traces volatiles d'une encre trop ancienne sur des parchemins en voie de désintégration.

L'amour du Général, huitième roman de la saga, revient sur la vie du père de l'auteur pendant la première guerre mondiale. Le fils-narrateur y part à la

recherche des relations que son père a, en 1917, entretenues avec le commandant français de la zone de Pogradec, le futur général Édouard Auguste Hippolyte Mortier. Cette quête commence – oh! paradoxe – le jour même de la mort de son père qui, après soixante-deux ans d'exil, choisit de s'adresser à son fils pour la première fois en français et d'esquisser alors ce que fut son passé sous l'occupation française de la ville de Pogradec.

Chronologiquement, il s'agissait là pour Starova de relever un défi puisqu'il lui incombait d'explorer le passé de son père à un moment antérieur à la période qu'il avait déjà développée dans le roman "La forteresse de cendres". Les enjeux, qui étaient d'importance, lui firent surmonter la difficulté. Starova estimait en effet de son devoir de révéler au public un épisode important, mais peu connu de la Grande Guerre, à savoir comment les généraux français combattant en Albanie – le général Maurice Sarrail, commandant de l'armée d'Orient et fondateur de la République de Korça, le général Henri Décoins, le général Raymond Lespinasse, le major Jacques Bourcart ainsi et surtout que le futur général Mortier – n'avaient pas hésité à contrevenir aux instructions du Quai d'Orsay et du ministère de la Guerre pour s'ériger en protecteurs de la population albanaise et pour faire pièce au destin tragique auquel les Albanais étaient alors confrontés. Comme devait en effet le souligner le major Jacques Bourcart, futur membre de l'Académie française, les Albanais s'étaient non seulement révélés être *"de précieux collaborateurs pendant les dures offensives menées à cette époque, mais avaient encore conquis le coeur de tous les Français qui les avaient connus"*.

C'est dans le cadre de "ce complot des généraux français", que l'auteur s'est appliqué à cerner le rôle

particulier ainsi que les tenants et aboutissants de la personnalité du futur général Édouard Mortier, notamment au prisme des liens qu'il réussit à nouer avec le personnage principal de la saga, le père de l'auteur, dont l'officier se mua en protecteur et en sauveur du temps où il travaillait dans l'administration franco-albanaise de Pogradec en qualité de traducteur et d'inspecteur des premières écoles en langue albanaise jamais créées et créées, qui plus est, par un occupant étranger!

L'auteur fait ainsi revivre ces protagonistes – aujourd'hui tombés dans l'oubli – de la véritable mission civilisatrice entreprise en pleine guerre mondiale par ces militaires français, qui ne se contentèrent pas de fonder un État (la République de Korça) pour éviter le dépècement de la nation albanaise, mais qui oeuvrèrent aussi puissamment à introduire les valeurs occidentales par le biais du développement de l'instruction publique (fondation du lycée français de Korça et de dizaines d'écoles primaires notamment) et à engager un combat opiniâtre contre des traditions particulièrement néfastes (efforts déployés pour mettre un terme au cercle vicieux des vengeances familiales séculaires).

Ce roman, qui traite également de la relation sentimentale puis du mariage du général Mortier avec l'Albanaise chrétienne Athéna Sotir Lazar, a pour sa majeure partie été écrit en France, pendant le séjour de l'auteur à la villa des écrivains européens du Mont-Noir en tant que lauréat du prix "Marguerite Yourcenar". L'ouvrage repose aussi sur les recherches accomplies à Paris par Luan Starova lors d'un séjour d'études de trois mois effectué en qualité d'invité de la Bibliothèque nationale de France François Mitterrand.

L'auteur a complété sa saga balkanique par le biais de deux ouvrages retraçant son périple diplomatique (*Ambassades* et *Nouvelles Ambassades*). Dans le premier livre, ou neuvième tome de sa saga, Starova traite de sa mission d'Ambassadeur de la République fédérative socialiste de Yougoslavie en Tunisie et près le siège de l'Organisation de libération de la Palestine, reconnue par la Yougoslavie en tant qu'État. Le second volume, ou 10e livre de la chronique, rend compte pour sa part d'une autre mission diplomatique de l'auteur, celle de premier Ambassadeur à Paris de la République de Macédoine qui avait depuis peu accédé à l'indépendance.

Pour ne pas compter déjà moins de dix volumes, la saga de Luan Starova n'en est pas appelée à prendre fin pour autant. Le fait est remarquable si l'on se souvient des éloges que l'auteur a d'ores et déjà recueillis et qui auraient pu l'inciter à déposer la plume. Voici, à titre d'exemple, l'appréciation portée par l'ancien Garde des sceaux, sénateur et écrivain Robert Badinter, à l'occasion d'une présentation de la saga balkanique de Luan Starova au Sénat de la République française:

"Chacun sait que le talent littéraire n'est pas incompatible avec les plus hautes fonctions diplomatiques. Il n'est qu'à se référer à la littérature française du XXème siècle pour pouvoir vérifier ce constat. Luan Starova, premier Ambassadeur de la République de Macédoine en France, auteur d'une oeuvre magistrale que nous avons le privilège d'avoir fort bien traduite en français grâce à une autre plume diplomatique, celle de l'Ambassadeur Patrick Chrismant, premier représentant de la République française à Skopje, en constitue l'une des expressions saisissantes".

Comme il a été mentionné ci-dessus, Luan Starova n'a guère l'intention d'interrompre sa saga. Il avoue avoir même déjà quelques romans en chantier, dont les plus avancés sont *Balkanbabel* et *Le temps des janissaires*. *Balkanbabel* ou *La langue maternelle*, 11 ième roman prévu de la saga, s'avère être une sorte de variante balkanique du roman *Bouvard et Pécuchet* de Flaubert. Dans cet ouvrage, le père de l'auteur et son ami Clément Kamilski s'adonnent à corps perdu à la mission utopique de libérer leurs langues respectives (l'albanais et le macédonien) "d'ottomanismes" soi-disant "dangereux pour l'avenir de leur progéniture" (cf. à titre d'exemple le terme "bachibouzouk"). Les deux protagonistes finiront néanmoins par constater que, s'ils réussissaient à mener à son terme la tâche qu'ils se sont assigné, ils se priveraient alors de pans entiers de leurs idiomes, voire courraient le risque de ne plus posséder de langue maternelle du tout. Ce roman se veut, évidemment, une métaphore globale dénonçant les conséquences des épurations ethniques opérées dans les Balkans et qui ont culminé lors des conflits fratricides ayant ensanglanté l'ancienne Yougoslavie.

Le temps des janissaires devrait être le douzième opus de Luan Starova. Il est le fruit de recherches menées pendant des décennies par un auteur, qui a d'ailleurs abordé le thème du janissariat dans presque tous les autres tomes de sa saga balkanique. Mais Starova s'applique, cette fois-ci, à traiter cette métaphore globale touchant aux métamorphoses de l'identité balkanique dans un contexte aussi actuel que moderne et universel.

Les critiques littéraires européens qui se sont penchés sur la saga balkanique de Starova et sur sa traduction en de multiples langues étrangères ont généralement

noté que les ouvrages en question pouvaient trouver leur juste place entre les romans d'Ismaïl Kadaré et de Danilo Kis. Si Starova s'oriente en effet avec la même facilité que le premier de ces éminents écrivains dans les labyrinthes de l'espace et du temps balkaniques, il n'en partage pas moins avec le second le plus émouvant hommage qu'il soit donné à un fils de rendre au personnage du père. Comment ne pas dresser un parallèle, il est vrai, entre, par exemple, l'inoubliable Édouard Sam qui, dans *Le cirque de famille*, s'efforçait de rédiger un indicateur universel des chemins de fer et le père de Luan Starova qui, pressentant sa fin prochaine, ne cessait de réaménager le classement de ses livres aux fins de parfaire, quand qu'il ne serait plus, le degré d'adéquation entre l'emplacement matériel des ouvrages dans sa bibliothèque et l'importance relative de leur contenu, à un moment donné, pour le salut de la famille?

L'oeuvre littéraire de Luan Starova lui a valu de devenir membre de l'Académie macédonienne des sciences et des arts et membres d'honneur de l'Académie des sciences d'Albanie. Quant à l'action diplomatique que Starova a menée, notamment en tant que premier Ambassadeur de la République de Macédoine à Paris, avec accréditation simultanée en Espagne, au Portugal, en Andorre et près l'Unesco, elle lui a non seulement valu honneurs et distinctions (il est, à titre d'exemple, commandeur de l'Ordre français des Arts et Lettres), mais encore offert la possibilité de confronter, et à de multiples reprises, la culture des peuples d'Orient et de ceux d'Occident ce qui, combiné à sa longue expérience de brillant universitaire, lui a permis au bout du compte d'intégrer l'identité balkanique dans sa production romanesque.

СОДРЖИНА

НАМЕСТО ПРЕДГОВОР ……. 5

I

МОЈАТА БАЛКАНСКА САГА …… 9

II

ПОТРАГА ПО ЕЛЕН ЛЕЈБОВИЦ
епистоларен роман ……. 53

III

ПИСМО ПО ЧИТАЊЕТО НА ЕПИСТОЛАРНИОТ РОМАН *ПОТРАГА ПО ЕЛЕН ЛЕЈБОВИЦ*
Јелена Лужина …… 503

IV

ЕЛПИДА – ЧИТАТЕЛКА НА *ТАТКОВИТЕ КНИГИ* ……. 525

V

ФРАНЦУСКАТА РЕЦЕПЦИЈА НА БАЛКАНСКАТА САГА
Елисавета Поповска ……... 545

VI

ИЗБОР ПРИЛОЗИ ОД ФРАНЦУСКИ АВТОРИ ЗА БАЛКАНСКАТА САГА …….. 641

ФРАНЦУСКАТА РЕЦЕПЦИЈА НА БАЛКАНСКАТА САГА
(La saga balkanique de Luan Starova) ……. 771